Роберт М. Пирсиг

ЗЕН И УМЕТНОСТА НА ПОПРАВАЊЕ МОТОРИ



РОБЕРТ М. ПИРСИГ

ЗЕН И УМЕТНОСТА НА ПОПРАВАЊЕ МОТОРИ

Испитување на вредностите

На моето семејство

Белешка на писателот

Приказната што следи се базира врз вистински настани. Иако многу нешта се изменети од литературни причини, во основа се треба да се смета за факт. Сепак, оваа книга на ниту еден начин не би смеела да се поврзува со огромното поле информации кои се однесуваат на изворното учење на Зен будизмот. Таа не содржи ниту многу податоци за мотори.

А што е добро Федар,
и што не е добро –
треба ли тоа некого да го прашаме
за да ни каже?

ПРВ ДЕЛ

1

Можам да видам на часовникот, не кревајќи ја раката од левата рачка на моторот, дека е осум и пол наутро. Ветерот, дури и при сто километри на час, е топол и влажен. Кога е вака топло и спарно во осум и пол, се прашувам какво ли ќе биде после пладне.

Во ветерот има остри мириси од мочуриштето крај патот. Се наоѓаме на подрачјето на Централните низини кои се полни со барски ловишта на диви патки, од Минеаполис на северозапад кон Дакотите. Се возиме по стариот бетонски пат со две ленти на кој веќе нема многу сообраќај, откако паралелно со него пред неколку години изградија автопат со четири ленти. Додека минуваме покрај некое мочуриште, воздухот одеднаш станува постуден. Потоа, кога веќе го минуваме, тој одеднаш повторно станува топол.

Среќен сум што повторно се возам низ овие предели. Тоа е еден вид недојдија, позната по тоа што во неа нема ништо, и токму тоа ја прави некако привлечна. На вакви стари патишта исчезнуваат сите тензии. Потскокнуваме по оштетеното патче помеѓу трските и пространите ливади, потоа повторно трски и барска трева. Од време на време се појавува отворена водна површина, па ако внимателно гледаш можеш да видиш диви патки на работ на мочуриштето. И желки…Ене и еден црвенокрилест кос.

Го удирам Крис по коленото и му го покажувам.

- Што е? – вика тој.

- Кос!

Тој кажува нешто но јас не го слушам. – Што велиш? – се дерам.

Ми го потегнува шлемот и ми се дере: - Имам видено многу такви, тате!

- О! – се дерам повторно. Потоа климнувам со главата. Кога имаш единаесет години не си особено воодушевен од црвенокрилест кос.

За тоа мораш да бидеш постар. За мене сето ова е помешано со спомени кои тој ги нема. Студени утра некогаш одамна, кога барската трева се жолтееше а трските се бранувааа на северозападниот ветар. Тогаш остриот мирис се креваше од блатото што го газевме со високите чизми додека заземавме позиција пред излегувањето на сонцето и отварањето на сезоната на ловот на диви патки. Или зиме, кога

барите беа замрзнати и мртви, па морав да одам по мразот и снегот помеѓу трските не гледајќи ништо освен сиво небо и мртви нешта и студенило. Косовите тогаш беа заминати. Но сега во јули тие се вратени и се е многу живо и секоја стапка од тие бари брмчи и крека, цела заедница составена од милиони живи суштества кои го живеат својот живот во некој вид блага постојаност.
Кога го минуваш одморот на мотор, нештата ги гледаш на еден потполно поинаков начин. Во автомобил секогаш си во некаква кутија, а бидејќи на тоа си навикнат, не ни сфаќаш дека сето она што го гледаш низ автомобилскиот прозорец е само уште една телевизиска слика. Ти си пасивен набљудувач и сето тоа здодевно поминува покрај тебе во некоја рамка.
На мотор не постои рамка. Целосно си во контакт со се. Се наоѓаш среде сцената, не само како набљудувач, а чувството на присутност е страшно впечатливо. Тој бетон што јури десетина сантиметри под твоите нозе е нешто стварно, истата материја по која одиш, таа е тука, толку заматена што не можеш да се фокусираш на неа, но можеш да ја спуштиш ногата и да ја допреш кога и да посакаш, и сето тоа заедно, целото искуство, никогаш не се губи од непосредната свест.
Крис и јас, заедно со некои пријатели кои возат пред нас, патуваме во Монтана а можеби дури и подалеку. Плановите ни се намерно неодредени, повеќе ни е до тоа да патуваме отколку некаде да стигнеме. Го минуваме одморот, тоа е се. Помили ни се споредните патишта. Асфалтираните локални патишта се најдобри, државните патишта веднаш после нив. Автопатиштата се најлоши. Сакаме добро да се забавуваме, но за нас акцентот паѓа повеќе на “добро” отколку на “забавуваме”, а кога ќе ја направите оваа разлика во акцентирањето се менува и целиот пристап. Планинските патишта со многу кривини се долги кога се во прашање секундите, но во нив многу повеќе се ужива кога е човек на мотор па влетува во кривини а не потскокнува од една страна на кутијата на друга. Патиштата со малку сообраќај се и попријатни и посигурни. Патиштата на кои нема ресторани и самопослуги се подобри, тоа се патишта каде грмушките и ливадите и овоштарниците и пасиштата ви се речиси до рамениците, каде децата ви мавтаат додека минувате, каде луѓето гледаат од балконите да видат кој ли минува, каде кога ќе запрете да прашате за правецот или за некаква друга информација одговорот ви изледа подолг отколку што сакате а не пократок, каде луѓето ве прашуваат од каде сте и колку време возите.
Поминаа неколку години откако жена ми и јас и нашите пријатели за прв пат почнавме да возиме по ваквите патишта. Понекогаш по нив возевме заради

промена или за да го скратиме патот до некој главен автопат, секој пат пејсажите беа извонредни па ги напуштавме со чувство на олеснување и уживање. Правевме така многу пати додека најпосле не го сфативме она што беше очигледно: тие патишта се навистина различни од главните патишта. Целиот ритам на живот и менталитетот на луѓето кои живеат долж нив се различни. Тие никаде не одат. Тие не се презафатени за да бидат љубезни. Тукашноста и сегашноста на нештата - тие знаат се за нив. Другите, оние кои пред многу години заминале во градовите и нивните загубени потомци, тие заборавиле се. Ова откритие беше нешто навистина големо.

Се прашував зошто ни требаше толку време да се освестиме. Го гледавме сето тоа истовремено не гледајќи го. Или подобро кажано, бевме навикнати да не го гледаме. Занесени од мислата дека вистинскиот живот се одвива во големиот град и дека сето тоа е само досадна провинција. Тоа беше загадочно. Вистината ви чука на вратата, а вие велите “Оди си, јас ја барам вистината”, и така таа заминува. Загадочно.

Но кога еднаш веќе го спознавме тоа, веќе ништо не можеше да не одвои од тие патишта, викенди, вечери и празници. Станавме вистински љубители на споредните патишта минати на мотори и откривме дека долж нив се наоѓаат нешта кои можеш да ги научиш додека патуваш.

Научивме на пример како да ги воочиме добрите патишта на картата. Доколку линијата е крива, тоа е добро. Таа ги претставува ридовите. Ако се работи за главен пат кој оди од мал град во поголем, тоа е лошо. Најдобриот секогаш поврзува една недојдија со друга, и има и спореден кој е уште побрз. Доколку одите североисточно од некој голем град, никогаш нема да стигнете далеку во истиот правец. Излегувате од градот и почнувате да вртите на север, потоа на исток, па повторно на север, и наскоро се наоѓате на спореден пат со кој се служат само мештаните.

Главната вештина е во тоа да не се загубиш. Со оглед на тоа што со патиштата се служат само мештаните кои ги познаваат по нивниот изглед, никој не се жали заради тоа што на раскрсниците нема патокази. Дури и ако ги има, тоа се обично мали знакчиња невпечатливо скриени зад грмушките, и тоа е се. Оние кои ги поставуваат знаците на локалните патишта ретко ви кажуваат нешто по два пати. Ако го пропуштите оној знак во грмушките тоа е ваш проблем, а не нивен. Освен тоа, откривате дека авто-картите се често пати погрешни кога се работи за локални патишта. И од време на време откривате дека вашиот “локален пат” ве води на

некој пат со две ленти, потоа на едноставна стаза, па на некое пасиште и застанува, или пак ве води во дворот на некој фармер.
Така ние најчесто пловиме по слепо нагаѓање и по заклучоците кои ги донесуваме следејќи ги знаците на кои наидуваме. Во еден од џебовите чувам компас за облачни денови кога сонцето не го покажува правецот, а картата ја имам прицврстено на посебен носач на резервоарот за гориво на која водам сметка за изминатите километри од последната крстосница и така знам што треба да се бара. Во придружба на овие алатки и отсуството на притисок од типот "некаде да се стигне" добро се снаоѓаме и веќе речиси цела Америка е само наша.
За време на викендите, за празникот на трудот или празникот на паднатите борци патуваме со километри по тие патишта без да видиме ниту едно друго возило, потоа минуваме на автопатот и ги гледаме автомобилите нанижани "браник до браник" се до хоризонтот. Во нив намќорести лица. Детски плач на задните седишта. Постојано се обидувам да пронајдам некој начин да им кажам нешто, но тие се намќорести, и изгледаат како да брзаат, па не го правам тоа…
Сум ги видел овие мочуришта илјада пати, па сепак секогаш ми се како нови. Би било погрешно да се наречат благи. Би можеле да ги наречете и сурови и бездушни, во нив има од се по нешто, но нивната стварносност го надминува секое половично поимање. Ете! Големо јато црвенокрилести косови излетува од гнездото во трските, преплашено од нашата бучава. Го удирам Крис по коленото по вторпат…потоа ми текнува дека тој веќе ги има видено.
- Што е? – се дере тој повторно.
- Ништо.
- Добро, што е?
- Само проверувам дали си уште тука – викам јас, и не велиме ништо повеќе.

Освен ако не сте љубители на викање, на мотор не водите некои посебни разговори. Наместо тоа, го минувате времето свесни за нештата и размислувајќи за нив. За пејсажите и звуците, за временските прилики и нештата кои ги помните, за моторот и пределот во кој се наоѓате, размислувате за нештата на долго и на широко без брзање и без чувство дека губите време.
Би сакал да го искористам времето пред нас за да проговорам за некои нешта кои ми паднаа на памет. Најчесто сме во големо брзање па немаме многу прилики за разговор. Од тоа произлегува некоја бескрајна секојдневна плиткост, едноличност поради која човек со години подоцна се чуди каде истекло сето тоа време и жали

што веќе го нема. Сега кога навистина имаме малку време, и сме свесни за тоа, би сакал да го искористам за да проговорам малку подлабоко за некои нешта кои ми се чинат значајни.
На ум ми е некаква шатакуа – тоа е единственото име што можам да го смислам – слична на патувачките шатакуа претстави под шатори кои некогаш патувале низ Америка, оваа Америка во која се наоѓаме сега, чија цел била да поучат и да забават, да го поткренат духот и да ја доближат културата и просветата до ушите и мислите на слушателите. Нив денес ги имаат потиснато подинамичните радио, филм и телевизија, но мене ми се чини дека таа промена во целина не претставува некој напредок. Можеби поради тие промени струјата на националната свест сега побргу се движи, можеби е и поширока, но изгледа дека е поплитка. Старите корита не можат да ја држат, и нејзината потрага по нови уште повеќе ја зголемува збрката и разорувањето долж нејзините брегови. Во оваа цхаутауљуа јас не би сакал да издлабам некои нови корита на свеста, туку едноставно да ги продлабочам старите во кои се насобрало блато со остатоци на мисли кои мувлосале, и со излитени зборови кои веќе премногу пати се повторувани. “Што има ново?” е интересно и се пошироко вечно прашање, но прашање кое, ако доследно се следи, доведува само до бескрајна парада на тривијалност и мода, блато на утрешнината. Наместо тоа би сакал да се позанимавам со прашањето “Што е најдобро?”, прашање кое повеќе оди во длабочина отколку во широчина, прашање чии одговори настојуваат да го поттурнат блатото низводно. Има периоди во историјата на човештвото кога коритата на мислата биле предлабоки па не била можна никаква промена, и никогаш не се случувало ништо ново, а она “најдоброто” било прашање на догма, но денес ситуацијата не е таква. Се чини дека сега струјата на нашата заедничка свест пробива свои брегови, губејќи го средишниот правец и смисла, поплавувајќи низини, раздвојувајќи и изолирајќи висорамнини, без никаква посебна цел освен залудното покажување на сопствената внатрешна моќ. Изгледа на ова корито му треба продлабочување.

Далеку пред другите возачи, Џон Сатерленд и неговата сопруга Силвија свртеа од патот на еден уреден простор за пикник. Време е да се одморат нозете. Додека го свртувам моторот кон нив, Силвија го симнува шлемот и ја растресува косата, а Џон го крева својот БМЊ на потпирач. Нема разговор. Сме биле заедно на толку многу излети што веќе на прв поглед знаеме како се чувствуваме. Токму сега сме само тивки и гледаме околу себе.

Клупите за пикник се празни во овој дел од денот. Го имаме целото место за себе. Џон поминува преку тревата до една црпка од лиено железо и почнува да црпе вода за пиење. Крис лунsа меѓу дрвјата зад еден тревнат рид до потокот. Јас само се sурам околу.
После неколку мига Силвија седнува на дрвената клупа и ги истегнува нозете, кревајќи ги полека една по друга без да го крене погледот. Долгите молчења кај неа предизвикуваат потиштеност, па почнувам разговор околу тоа. Таа го крева погледот а потоа повторно го спушта.
- Тоа е поради сите оние луѓе во автомобилите што поминуваа во спротивен правец – вели. – Првиот изгледаше многу тажно. Следниот изгледаше потполно исто, па следниот па следниот, сите беа исти.
- Само се возеле во град на работа.
Таа добро забележува, но во тоа нема ништо неприродно. –Знаеш, работа, повторувам. – Понеделник наутро. Полузаспани. Кој оди на работа во понеделник наутро насмеан?
- Но изгледаа толку загубено – вели таа. – Како сите да беа мртви. Како погребна поворка. Потоа повторно ги спушта обете нозе и ги остава така.
Ја разбирам, но логички тоа не води никаде. Човек работи за да живее, а тие тоа и го прават. – Јас ги набљудував мочуриштата – велам.
Малку потоа таа го крева погледот и прашува: - Што виде?
Имаше цело јато црвенокрилести косови. Нагло се вивнаа кога поминавме покрај нив.
- О!
Бев среќен што ги гледам повторно. Тие ги поврзуваат нештата, мислите и слично. Разбираш?
Таа размислува за момент, а потоа се смее на темно зелената позадина од дрвја. Го разбира необичниот јазик кој нема никаква врска со тоа што го говорите. Ќерка.
- Да – вели - убави се.
- Внимавај на нив – велам јас.
- Добро.
Се појавува Џон и ја проверува опремата на моторот. Затегнува некои јажиња а потоа ги отвара бисаѓите и почнува да прекопува по нив. Става некои предмети на земја – Ако некогаш ти затреба некакво јаже, само повели – вели тој. – Боже, мислам дека имам пет пати повеќе предмети отколку што ми се потребни.
- Се уште не – одговарам јас.

- Ќибрит? – вели тој и понатаму дрдорејќи. – Маст за изгореници, чешли, врвки за чевли…врвки за чевли? Зошто ни требаат врвки за чевли?
- Немој пак за тоа – вели Силвија. Тие се погледнуваат со смешно вкочанети лица па обајцата го свртуваат погледот на мене.
- Врвките за чевли можат да пукнат секој миг – велам јас свечено. Тие се смешкаат, но не еден на друг.
Наскоро се појавува Крис и време е да се појде. Додека се подготвува и се качува, тие тргнуваат и Силвија ни мавта. Повторно сме на патот, и јас гледам како тие го зголемуваат растојанието меѓу нас.

Шатакуата која ја имам на ум беше создадена поради нив двајцата пред многу месеци и можеби, иако тоа не го знам, е поврзана со некој на прв поглед невоочлив несклад помеѓу нив.

Претпоставувам дека нескладот е обична работа во секој брак, но во нивниот случај тоа изгледа потрагично. Барем што се однесува до мене.

Нема меѓу нив судир на личности; тоа е нешто друго, за што не треба да биде обвинет ниту еден од нив, но ниту таа ниту тој немаат никакво решение за тој несклад, а го немам ни јас, туку само некои идеи.

Идеите беа инспирирани од она што изгледаше како незначителна разлика во мислењето помеѓу Џон и мене во врска со едно неважно прашање: колку човек треба да го оддржува својот мотор. Мене ми се чини дека е природно и нормално да се служам со она малку алат и упатства што се испорачуваат со секој мотор, и самиот да го штелувам и поправам. Џон не се согласува со тоа. Нему му е подраго да му препушти на упатен механичар да се грижи за тие нешта, за тие да бидат добро направени. Ниту едно од тие гледишта не е необично, и таа незначителна разлика не би се зголемила во толкава мерка да не минувавме толку многу време возејќи се заедно или седејќи по попатните крчми пиејќи пиво и разговарајќи за се што би ни паднало на ум. А на ум обично ни паѓаше она за што сме размислувале половина час или четириесет и пет минути по нашиот последен разговор. Кога се работи за патиштата или времето или луѓето или старите спомени или за било што што го пишува во весниците, разговорот се развива природно и пријатно. Но кога во мислите ми е работата на моторот и кога таа ќе се замеша во разговорот, тогаш тој престанува. Разговорот веќе не се движи напред. Се случува молк и прекин на поврзаноста. Тоа е како кога помеѓу двајца стари пријатели, католик и протестант,

кои седат пиејќи пиво и уживајќи во животот, одеднаш ќе искрсне темата за спречување на бременоста. Големо замрзнување.

И, секако, кога ќе откриете нешто како ова, тоа е како да откриете заб од кој паднала пломба. Од тоа не можете да се ослободите. Морате да го испитувате, да го допирате оддалеку, да го наведувате разговорот, да мислите за тоа, не затоа што тоа е можеби непријатно туку затоа што ви се врти низ главата и не сака од таму да излезе. И колку повеќе ја испитувам и ја туркам таа тема за одржувањето на моторот, толку тој повеќе се лути, и секако поради тоа јас сакам да инсистирам уште повеќе. Не го прават тоа намерно за да го лутам, туку затоа што таа лутина изгледа како знак на нешто подлабоко, нешто под површината што не може да се забележи веднаш.

Кога разговарате за спречувањето бременост, се запнува и се смрзнува затоа што тука не се работи за препирка во врска со тоа дали ќе се родат помалку или повеќе деца. Тоа е само на површината. Под тоа лежи судир на вербата, вербата во искуството на општественото планирање и вербата во власта на Бог онаква каква што ни ја открива учењето на католичката црква. Можете да ја докажувате практичноста на планираното раѓање на деца додека не се уморите слушајќи се самите себеси, но тоа нема да доведе до ништо, затоа што вашиот противник не ја признава претпоставката дека она што е општествено практично е добро самото по себе. Добротата за него има други извори кои тој ги цени подеднакво или повеќе отколку општествената практичност.

Така е и со Џон. Јас би можел да му проповедам за практичната вредност и полза од одржувањето на моторот додека не го загубам гласот, а тоа воопшто да не допре до него. По две реченици на оваа тема неговиот поглед станува стаклест па ја менува темата на разговорот или едноставно гледа на страна. Не сака ни да слуша за тоа.

Силвија потполно се согласува со него. Всушност, таа е дури и поостра. - Тоа е нешто сосема друго - вели таа кога е благонаклоно расположена. - Тоа се глупости - вели кога не е. Тие сакаат да не го разбираат тоа. Да не слушаат за тоа. И колку повеќе сакам да проникнам во она заради што јас уживам во механичарската работа а заради што тие ја мразат, толку нештата ми стануваат понедофатливи. Основната причина на таа во почетокот незначителна разлика во мислењето изгледа дека допира многу, многу подлабоко.

Нивната неспособност веднаш ја исклучувам. Обајцата се доволно бистри. Секој од нив би можел да научи како се штелува мотор за час и половина кога во

тоа би ја вложил својата волја и енергија, а заштедата на пари и грижа и време би им го исплатила и преплатила вложениот труд. И тие тоа го знаат. Или можеби не го знаат. Не знам. Никогаш не ги соочувам со прашањето. Подобро е да се мине преку тоа.

Но се сеќавам на еден врел ден, пред некој бар во гратчето Севиџ, Минесота, кога за малку не избувнав. Минавме во барот околу еден час и кога излеговме моторите беа толку жешки што едвај можевме да се качиме на нив. Јас го палам моторот и сум подготвен да тргнам, а Џон упорно ја притиска ножната педала. Го чувствувам мирисот на бензин како да сме во близина на рафинерија, па тоа и му го кажувам, мислејќи дека е доволно за тој да сфати дека моторот му се задушил.

- Да, и мене ми мириса - вели тој, и продолжува да притиска. И така тој притиска и притиска и потскокнува и притиска, а јас не знам што би кажал повеќе. По едно време се заморува и лицето му се капе во пот и не може повеќе да притиска, па му предлагам да ги извади свеќичките и да дозволи тие да се исушат а цилиндрите да се излуфтираат додека ние испиеме по уште едно пиво.

О боже сочувај! Тој не сака да се впушта во тоа.

- Во што?

- О, вадење алат и така натаму. Нема причина да не пали. Моторот е потполно нов а јас во целост се држам до упатствата. Погледни, го повлеков саухот до крај како што пишува.

- Саухот до крај?

- Па така пишува во упатството.

- Тоа важи кога моторот е студен!

- Но, бевме внатре барем половина час - вели тој.

Тоа некако ме потресе. - Денес е жежок ден, Џон - велам јас. На моторите им треба многу повеќе време за да се оладат отколку кога денот е кочан.

Тој се чешка по главата. - Но, зошто тоа не е напишано во упатството? - Потоа го смалува саухот и на вториот притисок моторот пали. - Мислам дека се работело за тоа - вели радосно.

Веќе следниот ден возевме во близина на истиот предел и тоа се случи повторно. Овој пат решив да не кажам ниту еден збор, па кога жена му ме тераше да пријдам и да му помогнам, одмавнав со главата. И реков дека тој ќе ја презира мојата помош се додека навистина не почувствува дека му е потребна, па се засолнавме во сенка и седевме и чекавме.

Забележав дека е извонредно пристоен кон Силвија додека притиска, што значеше дека е бесен, а таа гледаше кон нас со израз "О, боже!" во очите. Да ме прашаше, јас за секунда би му пришол за да видам што е, но не сакаше. Минаа веројатно петнаесетина минути пред да запали.

Подоцна повторно пиевме пиво над езерото Минетонка и сите зборуваа но тој молчеше и можев да видам дека страшно се јаде одвнатре. После сето тоа време. Веројатно барајќи малку оддушка, тој рече - Знаеш…кога не сака вака да запали, тоа…тогаш навистина се претворам во чудовиште. Целиот збеснувам поради тоа. - Од тоа изгледа му олесна, па додаде: - Го имаа само овој единствен мотор, знаеш? Овој шкарт. И не знаеја што да прават со него, дали да го вратат во фабриката или да го продадат во старо железо или што знам јас..и потоа во последниот час ме забележаа како доаѓам. Со илјада осумстотини долари во џебот. И знаеа дека тоа е крај на нивните неволји.

Со некаков певлив глас го повторив својот говор за одржувањето на моторот и тој се обидуваше да слуша. Тој понекогаш навистина се обидува. Но тогаш повторно се појави тој sид и тој отиде до барот по уште еден пијалок за сите нас и разговорот заврши.

Тој не е тврдоглав, ниту ограничен, не е мрзлив, не е глупав. Само што не постои едноставно објаснување. И така тоа остана во воздухот, некој вид мистерија од која човек крева раце бидејќи нема смисла само да се врти во круг барајќи одговор кој не постои.

Ми се случувало и мене да бидам тежок во некои разговори, но дозволував некој нешто да ми докаже. Поголемиот број моторџии на долги стази знаат како се штелува мотор за тој добро да работи. Сопствениците на автомобили обично не чепкаат во моторот, но секој град, колку и да е мал, има сервис со скапи кревалки, специјален алат и опрема за откривање на дефектот што еден просечен сопственик на автомобил не може да ги има. Освен тоа, автомобилскиот мотор е многу посложен и непристапен отколку оној на моторот, па тоа и има некаква смисла. Но се обложувам дека за моторот на Џон, за BMW P 60, не постои ниту еден механичар од тука до Солт Лејк Сити. Ако му прегорат платинките или свеќичките, тој е готов. Знам дека со себе нема резервни платинки. Тој не ни знае што се тоа платинки. Ако моторот го остави во западниот дел на Јужна Дакота или во Монтана, не знам што ќе прави. Ќе го продаде на Индијанците, можеби. Знам што прави сега. Внимателно настојува воопшто да не мисли на тоа. Моторите BMW се познати по тоа што не создаваат механички проблеми, и тој смета на тоа.

Можев да мислам дека тоа е само негов чуден став кон моторите, но подоцна открив дека тој став се пренесува и на други нешта…Чекајќи ги да појдеме, едно утро забележав дека им капе чешмата во кујната и се сетив дека таа капеше и последен пат кога бев тука, всушност дека таа капеше отсекогаш. Му го споменав тоа на Џон и тој ми рече дека се обидел да го ја поправи ставајќи нов прстен, но дека тоа не помогнало. Тоа беше се што ми кажа. Од тоа можеше да се заклучи дека по ова прашање се е завршено. Ако се обидеш да ја поправиш чешмата и од тоа поправање нема полза, тоа значи дека ти е судено да живееш со чешма која капе.

Тоа ме наведе да се запрашам дали тоа им оди на нерви, тоа кап-кап-кап, од седмица во седмица, од година во година, но на нив не можев да забележам никаква лутина или грижа поради тоа, па заклучив дека ним едноставно не им е грижа за чешмите кои капат. На некои луѓе едноставно не им е грижа.

Не се сеќавам поради што еден ден го променив тој заклучок…поради некое претчувство, некоја проникливост, можеби поради незабележливата промена во расположението на Силвија кога капењето стануваше особено гласно а таа се обидуваше да разговара. Нејзиниот глас е многу нежен. И еден ден кога се обидуваше да зборува низ тоа капење, влегоа децата и ја прекинаа, па се истури на нив. Се чинеше дека нејзиниот бес кон децата не би бил ни оддалеку толку голем да не капеше чешмата кога таа се обидуваше да разговара. Се разбесни поради помешаното капење и детското викање. Страшно ме погоди фактот што таа не ја обвинува чешмата, и тоа што намерно не ја обвинува чешмата. Таа потполно заборавила на неа! Ја потиснуваше лутината кон чешмата, а таа проклета чешма што капе се подготвуваше да ја убије! Но поради некои причини, таа на тоа не му придаваше важност.

Зошто некој би ја потиснувал лутината кон една чешма која капе? - се прашував. Потоа тоа се вклопи во проблемот на одржувањето на моторите, и во мојата глава се запали една од оние сијалички па помислив: А-ааа!

Не се работи за одржувањето на моторот, за чешмата. Тие не ја поднесуваат техниката. И тогаш различните нешта почнаа да си го наоѓаат своето место, и јас знаев во што е работата. Лутината на Силвија кон некој пријател кој мисли дека компјутерското програмирање е "креативно". Па сите нивни цртежи и слики и фотографии без ништо техничко во нив. Секако, таа нема да биде бесна кон онаа чешма, си помислив. Човек секогаш го потиснува моменталниот гнев кон нешто што длабоко и трајно го мрази. Така, Џон се откажува секој пат кога ќе искрсне

разговор за поправање на мотори, дури и кога е очигледно дека поради тоа страда. Тоа е поради техниката. Сигурно, и секако, очигледно. Кога ќе го видиш тоа се е толку едноставно. Пред се, тие се качуваат на моторите за да избегаат од техниката, во природа на свеж воздух и сонце. Кога јас повторно ќе ги соочам со неа, токму во часот и на местото каде што мислат дека конечно избегале од неа, тоа нив обајцата едноставно ги смрзнува и тоа е ужасно. Ете зошто разговорот се прекинува и замрзнува кога и да се спомене таа тема.

И други нешта се вклопуваат во ова. Тие понекогаш говорат со толку малку и мачно одбрани зборови за "тоа" или за "сето тоа", како на пример во реченицата: - Од тоа едноставно не можеш да побегнеш. - А ако јас запрашам: - Од што? - одговорот може да биде: - Од сето тоа - или: - Од организираниот тек на нештата - или дури: - Од системот. - Силвија еднаш бранејќи се ми рече: - Но, ти знаеш како да излезеш на крај со тоа - што толку ме вомјази што ми беше непријатно да прашам што е "тоа", па останав малку збунет. Мислев дека се работи за нешто потаинствено отколку што е техниката. Но сега гледам дека "тоа" е воглавно, ако не и целосно, техниката. Но и тоа не е вистинскиот збор. Тоа "тоа" е некој вид сила која ја бутка техниката напред, нешто неодредено но нечовечко, механичко, безживотно, некое слепо чудовиште, некоја смртна сила. Нешто одвратно од што тие бегаат но знаат дека не можат да побегнат. Јас тука за тоа говорам некако прецрно, но еве за што се работи без возвишениот и строго одреден начин на говор. Некаде постојат луѓе кои тоа го разбираат и бегаат од него, но тоа се технолозите и тие говорат на нечовечки јазик кога го опишуваат она што го прават. Сето тоа се делови и врски на нешта за кои никогаш не сте чуле и кои за вас немаат никаква смисла без оглед на тоа колку пати ќе чуете за нив. А нивните производи, нивното чудовиште ја проголтува земјата и им ги загадува воздухот и езерата, и нема начин да му се зададе противудар, а едвај и да може некако од него да се избега.

Не е тешко да се стигне до тоа стојалиште. Минете низ подрачје со тешка индустрија во некој голем град и веднаш ќе ја пронајдете сета таа техника. Пред неа има високи огради од бодликава жица, заклучени влезови, натписи ЗАБРАНЕТ ВЛЕЗ, а над тоа, низ пеплосаниот воздух, гледате грди чудни облици од метал и цигла и не им ја знаете смислата и никогаш нема да им ги видите господарите. Не знаете за што служат, ниту зошто се тука, никој тоа не ви го кажува, и така ви останува само да се чувствувате отуѓени, странци, како да не припаѓате тука. Оној кој тоа го поседува и разбира, тој не сака да бидете во близина. Од сета таа техника

вие како да сте станале туѓинци во сопствената земја. Самата нејзина форма, појава и таинственост говорат: - Губи се. - Знаете дека за сето тоа некаде постои некакво објаснување и дека тоа без сомнение на некој индиректен начин му служи на човештвото, но тоа не го гледате. Вие гледате знаци ЗАБРАНЕТ ВЛЕЗ и НЕ ПРИОЃАЈ и гледате дека ништо не им служи на луѓето туку дека малецки луѓе, како мравки, им служат на тие чудни несфатливи облици. И помислувате: дури и да сум дел од тоа, дури и да не сум странец, би бил само уште една мравка која им служи на тие облици. Така конечно се раѓа непријателство и мислам дека на крајот на краиштата тоа има врска со инаку необјаснивото однесување на Џон и Силвија. Се што се однесува до вентилите, осовината, одвртувачот, е дел од тој дехуманизирачки свет, и тие не сакаат да размислуваат за тоа. Тие не сакаат да бидат вовлечени во тоа.

Ако е така, во тоа не се осамени. Нема сомнение дека тие ги следеле своите природни чувства и дека не се обиделе никого да имитираат. Но и многумина други ги следат своите природни чувства и не се обидуваат никого да имитираат, а природните чувства на многумина се слични токму во тоа, па така кога ги гледате во целина, како што тоа го прават новинарите, добивате впечаток за еден масовно движење, антитехнолошко масовно движење, цело политичко антитехнолошко лево будење кое привидно извира од никаде, со паролите: "Доста ни е од техника. Носете ја на друго место. Тргнете ја оттука". Тој впечаток сепак го смирува тенката пајажина на логиката која нагласува дека без фабрики нема вработени и животен стандард. Но има човечки сили кои се посилни од логиката. Секогаш ги имало, па ако доволно закрепнат во својата омраза кон техниката, таа пајажина може да пукне.

За борците против техниката, против системот, се измислени калапи и модели како "битник" и "хипи", а тие ќе траат и понатаму. Но поединците не можат да се преобратат во маса со едноставно ковање масовни термини. Џон и Силвија не спаѓаат во таа маса, ниту пак во неа спаѓа поголемиот број од оние кое се однесуваат како нив. Се чини дека тие токму и се противат на тоа да станат припадници на маса. И чувствуваат дека техниката е во тесна врска со силите кои настојуваат нив да ги претворат во припадници на масата и затоа не ја сакаат. Засега тоа е воглавно пасивен отпор, бегање во селски предели секогаш кога тоа е можно и слично на тоа, но тој не мора секогаш да биде толку пасивен.

Јас со нив не се согласувам во однос на одржувањето на моторите, но не затоа што немам разбирање за нивните чувства кога се работи за техниката. Јас

само мислам дека нивното бегство од техниката и омразата кон неа е самопоразителна. Затоа што Буда, Главата Божја, подеднакво удобно престојува и во чиповите на компјутерот и во запчаниците на преносот на некој мотор, како што престојува и на врвот на планината или во ливчињата на некој цвет. Да се мисли поинаку значи да се омаловажува Буда - што значи да се омаловажуваш себе самиот. Ете за тоа сакам да говорам во оваа шатакуа.

Сега излеговме од мочуриштето, но воздухот е се уште толку влажен што можеш да гледаш право горе во жолтиот сончев диск како на небото да има чад или магла. Но сега сме во зелен предел. Фармерските куќички се чисти и бели и свежи. И нема ниту чад ниту смог.

2

Патот завива и завива…застануваме да се одмориме и да ручаме, да размениме неколку зборови, и повторно тргнуваме. Почетокот на попладневниот замор го надокнадува возбудата на првиот ден па се движиме еднолично, ниту брзо ниту бавно.

Не следни бочен југозападен ветар, и моторот се наведнува во правец на дувањето на ветерот, навидум сам од себе, за да му го поништи делувањето. Подоцна на тој пат се чувствуваше нешто необично, свест за нешто, како некој да ве набљудува или следи. Но пред нас нема никакви автомобили, а во ретровизорот се само Џон и Силвија, далеку зад нас.

Се уште не сме навлегле во Дакотите, но широките полиња покажуваат дека сме им се поблиску. Некои од нив се модри од цветовите на ленот кои се лелеаваат во долги бранови како површината на океанот. Има повеќе ридови отколку претходно, и тие сега го надвишуваат сето останато освен небото, кое изгледа пошироко. Зградите на фармите во далечината се толку мали што едвај ги гледаме. Земјата почува да се отвара.

Нема одредено место ниту остра црта каде завршува Централната низина која ве затекнува неподготвени кога испловувате од вознемиреното и незаштитено пристаниште, па забележувате дека брановите веќе пораснале, а кога ќе се свртите гледате дека нема веќе копно на хоризонтот. Тука стеблата се поретки и одеднаш станувам свесен дека не се самоници. Донесени се тука и засадени околу куќите и меѓу полињата по пороите за да штитат од ветер. Но онаму каде што се посадени

нема грмушки, нема млади изданоци - само трева, понекогаш со диво цвеќе и пиреј, но најмногу трева. Ова се пасишта. Се наоѓаме во прерија.

Чувствувам дека ниту еден од нас не е потплно свесен за тоа како изгледаат четири дена во ваква прерија во јули. Спомените од патувањата со автомобил низ нив се секогаш спомени за рамноста и големата празнина која допира до каде што допира погледот, крајната едноличност и здодевност додека возите час по час без никаде да стигнете, прашувајќи се колку ќе трае сето тоа без кривина на патот, без промена на земјата која се протега и протега до хоризонтот.

Џон беше загрижен дека Силвија нема да ја издржи таа неудобност, па се подготвуваше да ја прати со авион во Билингс, Монтана, но јас и Силвија му го сменивме мислењето. Јас тврдев дека телесните неудобности се важни само кога си со лоша волја. Тогаш се фаќаш за било што што е неудобно и тоа го сметаш за причина. Но кога си со добра волја, тогаш телесните неудобности не значат многу. И кога размислував за карактерот на Силвија и нејзините чувства, не можев да замислам дека таа би се жалела.

Исто така, кога би стигнала во Карпестите планини со авион би и било како да ги гледа планините попатно, како убави кулиси. Но ако до нив стигне после неколку дена напорно патување преку прериите, ќе ги гледа поинаку, како некоја цел, како ветена земја. Ако Џон и јас и Крис стигнеме со тоа чувство, а Силвија со впечатокот дека планините се "прекрасни" и "убави", меѓу нас би имало повеќе несогласување отколку што во нас би го предизвикала жештината и едноличноста на Дакотите. Во секој случај, јас сакам да разговарам со неа, а мислам и на себе.

Во мислите додека ги набљудувам тие полиња, и велам: - Гледаш ли?…Гледаш ли? - и мислам дека таа гледа. Се надевам дека подоцна во тие прерии ќе забележува и чувствува нешто за што сум престанал да разговарам со другите; нешто што постои во нив затоа што ништо друго не постои, а може да се забележи затоа што се друго е отсутно. Таа понекогаш изгледа толку потиштена од едноличноста и досадата на својот градски живот, па помислив дека во оваа бескрајна трева и ветер ќе види нешто што понекогаш се јавува откако ќе се прифати едноличноста и досадата. Тоа е тука, само не му го знам името.

Сега на хоризонтот гледам нешто што мислам дека другите не го гледаат. Далеку на југозапад - може да се види само од врвот на овој рид - небото е со темен раб. Се подготвува бура. Тоа можеби малку ме загрижуваше. Намерно го исклучувам тоа од мислите, но цело време знаем дека со оваа влажност и ветер

доаѓањето на бурата е многу веројатно. Лошо е тоа, токму првиот ден, но како што кажав порано, кога си на мотор си вклучен во пејсажот, не си само набљудувач, а бурите се неизбежен дел од пејсажот.

Ког би се работело само за грмотевици и испрекинати налети на ветер, можеби тоа и би можело да се избегне, но ова е нешто друго. Таа долга темна пруга без ниту еден облак пред себе претставува студен фронт. Студените фронтови се жестоки, а кога доаѓаат од југозапад најчесто и се такви. Често ги следи торнадо. Кога доаѓаат најдобро е да се скриеш во некаква дупка и да чекаш да минат. Не траат долго а студениот воздух зад нив е пријатен за возење.

Најлоши се топлите фронтови. Тие можат да траат со денови. Се сеќавам кога Крис и јас пред неколку години појдовме на излет во Канада, минавме околу 230 километри и навлеговме во топол фронт за со кој многумина не предупредуваа но ние тоа не го разбравме. Се што доживеавме беше глупаво и тажно.

Имавме мал мотор од шест и пол коњски сили, преоптеретени со багаж, ослободени од здравиот разум. Моторот можеше да постигне само 80 километри на час под полн гас против умерен челен ветар. Не беше тоа мотор за вакви патувања. Првата ноќ стигнавме до некое езеро во Северен Вудс и прележавме под шаторите додека надвор беснееше бура со дожд која траеше цела ноќ. Заборавив да ископам ров околу шаторот, па во околу два наутро внатре проби вода која ни ги намокри обете вреќи за спиење. Следното утро бевме мокри и нерасположни и ненаспани, но јас мислев дека ќе го избегнеме дождот штом ќе тргнеме. Немавме среќа. Околу десет часот небото беше толку тмурно што сите автомобили имаа запалени светла. А потоа навистина наврна.

Носевме наметки кои претходната ноќ служеа како шатор. Сега се шириа како едра и не успоруваа на брзина од 50 километри на час под полн гас. На патот имаше пет сантиметри вода. Секаде околу нас блескаа молњи. Се сеќавам на лицето на некоја жена која зачудено не гледаше низ прозорецот на автомобилот во минување, прашувајќи се што ли правиме на мотор на такво време. Сигурно и јас не би знаел да и кажам.

Брзината падна на четириесет и пет, потоа на триесет и пет. Моторот потоа почна да потклекнува, да кашла, да прска и пука, се додека не наидовме, возејќи едвај десет на час, на некоја трошна бензинска станица покрај исечените шуми и свртевме.

Во тоа време, како сега на Џон, не ми беше многу до тоа да научам за одржувањето на моторите. Се сеќавам како ја држев наметката над глава за да го

скријам резервоарот од дождот и го тресев моторот меѓу нозете. Изгледаше како бензинот во него да се пени. Ги гледав свеќичките, платниките, карбураторот и педалата додека не папсав од умор.

Влеговме во станицата, која воедно беше и некаква пивница и ресторан, и добивме за јадење загорен бифтек. Потоа излегов и повторно пробав. Крис стално нешто прашуваше и тоа почна да ме лути затоа што не сфаќаше колку е сериозна работата. Најпосле видов дека нема полза, кренав раце, и мојата лутина на него исчезна. Му објаснив колку што можев повнимателно дека се е готово. Дека нема да одиме на никаков излет со мотор на тој празник. Крис ме советуваше да го проверам бензинот на пример, што јас веќе го имав сторено, и да најдам механичар. Но механичар немаше. Само исечени борови и грмушки и дожд.

Седев со него во тревата покрај патот, скршен, и се sуревво стеблата и џбуновите. Стрпливо одговарав на сите прашања на Крис кој со текот на времето стануваа се поретки и поретки. Тогаш најпосле Крис сфати дека навистина нема да биде ништо од нашиот излет на мотор, па почна да плаче. Тогаш имаше осум години, ми се чини.

Стопиравме за да се вратиме во градот, најмивме приколка, ја споивме со нашиот автомобил, се вративме и го зедовме моторот, па го одвлековме во град и тргнавме од почеток со автомобил. Не беше исто. И навистина не уживавме многу.

Две недели по празникот, една вечер после работа, го извадив карбураторот да видам што не е в ред, но не можев ништо да најдам. За да ја исчистам маснотијата пред повторно да го наместам, го отворив цревото на резервоарот за да пуштам малку бензин. Не истече ни капка. Резервоарот беше празен. Не можев да верувам. И сега едвај можам да поверувам во тоа.

Стотина пати се имам гризено и прекорувано заради таа глупост и се сомневам дека тоа некогаш навистина ќе си го простам. Тоа што го видов како се пени очигледно беше бензинот во помошниот резервоар кој не го бев уклучил. Него не го проверив внимателно бидејќи претпоставив дека дождот го предизвикал дефектот на моторот. Тогаш се уште не разбирав колку се лесноумни таквите брзи претпоставки. Сега сме на мотор од дваесет и осум коњи и јас многу сериозно го оддржувам.

Наеднаш Џон ме престигнува и со спуштена дланка ми дава знак да застанам. Забавуваме и бараме место каде ќе скршнеме покрај насипот на патот. Бетонираниот раб е остар а чакалот мек и овој маневар воопшто не ми се допаѓа.

Крис прашува: - Зошто запираме?

- Мислам дека требаше да свртиме онаму - вели Џон.

Гледам назад и не гледам ништо. - Не видов никаков знак - велам јас.

Џон климнува со главата. - Беше голем колку амбарска врата.

- Навистина?

И тој и Силвија потврдуваат.

Тој се наведнува, ја проучува мојата мапа и ми покажува каде била раскрсницата и веднаш по неа надвозникот на автопатот. - Овој автопат веќе го поминавме - вели тој. Гледам дека е во право. Незгодно. - Дали ќе се вратиме или ќе продолжиме? - прашувам.

Тој размислува за тоа. - Но, мислам дека нема вистинска причина да се враќаме. В ред. Одиме понатаму. Ќе стигнеме таму на овој или на оној начин.

И сега следејќи ги јас размислувам: Зошто ми се случи тоа? Едвај го забележав и автопатот. А сега тукушто заборавив да им го споменам невремето. Нештата како да не течат како што треба.

Линијата облаци што носат невреме сега е поширока, но не се движи толку бргу колку што мислев. Тоа не е баш добро. Кога невремето доаѓа бргу, бргу и поминува. Но кога доаѓа вака споро може да трае прилично долго.

Со заби ја симнувам ракавицата, ја спуштам раката и го допирам страничниот алуминиумски браник на моторот. Температурата е во ред. Прежежок е за да го држам со рака, но не толку жежок за да се изгорам. Тука нема проблем.

Кај ваквите мотори со воздушно ладење, крајната прегреаност може да биде причина за "зарибување". На овој мотор тоа му се има случено еднаш…всушност, три пати. Јас од време на време го проверувам како што се проверува болен човек кој имал срцев удар, иако се чини дека е излечен.

Кога моторот зарибува, клиповите се прошируваат, стануваа преголеми за шуплината на цилиндерот, се заглавуваат, понекогаш се растопуваат, го блокираат моторот и задното тркало, па целиот мотор почнува да занесува. Кога прв пат зариба, главата ми тргна накај предното тркало, а сопатникот скоро падна врз мене. При брзина од околу педесет моторот повторно се ослободи и почна да јури, но јас свртев и застанав да видам што е. Се што можеше да ми рече сопатникот беше - Зошто го стори тоа?

Слегнав со рамењата, бидејќи бев во недоумица како и тој, па стоев и се зурев додека крај нас свиреа автомобили. Моторот беше толку жежок што околу него воздухот трепереше и можевме да го почувствуваме зрачењето на топлината. Кога го допрев со навлажнет прст, застенка како врела печка, па се одвезовме до дома,

полека, во придружба на некој нов звук, чукање кое значеше дека клиповите веќе не пасуваат и дека е потребен генерален ремонт.
Го однесов моторот во една работилница бидејќи мислев дека тоа не е толку важно за самиот да морам да се плеткам, да ги направам сите оние сложени поединости и можеби да нарачувам резервни делови и посебни алати и да губам толку време, кога сето тоа за мене може да го направи некој друг многу побргу - така некако се однесува и Џон.
Работилницата нудеше поинаква глетка отколку оние кои ги памтев. Механичарите кои некогаш ми изгледаа како искусни стари војници сега изгледаа како деца. Радиото трештеше со сета своја сила а тие наоколу се смееја и разговараа и се правеа дека не ме забележуваат. Кога еден од нив конечно ми пријде едвај го наслушна чукањето на клиповите и рече: - О да, клацкалките.
- Клацкалките? - Уште тогаш требаше да знам што се подготвува. Две седмици подоцна им платив 140 долари, внимателно го возев моторот со различни ниски брзини за да го разработам и по скоро две илјади километри додадов гас. Кога брзината порасна на 130 повторно се заглави, на педесет се ослободи, исто како и порано. Кога им го вратив ме нападнаа дека не сум го разработил добро но по многу препирки се согласија да го погледнат. Повторно го разглобија и овој пат одлучија самите да го испробаат на патот при голема брзина.
Овој пат им зариба ним.
После третата генерална поправка, два месеца потоа, му ги имаа променето цилиндрите, му вградија поголеми вбризгувачи во карбураторот, го наместија да работи со најмало можно загревање и ми рекоа: - Не возете бргу. Беше целиот масен и не сакаше да запали. Открив дека свеќичките не му се споени, ги споив и запалив, и сега навистина чув како чукаат клацкалките. Не ги имаа наместено како што треба. Им го кажав тоа, па дојде чиракот со клуч за регулирање на штрафовите, го стави накриво и за миг почна да ги врти обата алуминиумски капака и обата ги оштети.
- Се надевам дека имаме уште од овие во магацинот - рече.
Јас климнав со главата.
Го извлече чеканот и браварскиот нож и почна да удира по нив за да ги олабави. Ножот го проби алуминиумскиот капак и јас видов како тој со тој нож удира право во главата на моторот. При следниот удар потполно го промаши ножот и со чеканот силно удри по главата, одбивајќи се од две разладни ребра.

- Ве молам престанете - реков љубезно, чувствувајќи се како сред кошмар. - Само дајте ми нови капаци па ќе го земам онаков каков што е.
Излегов оттаму колку што можев побргу, со чукање на клацкалките, со скршени капаци, со масен мотор, а на патот чувствував грозно треперење секогаш кога ќе прејдев дваесет на час. На работ на патот видов дека недостасуваат два од четирите носачи на моторот и дека третиот нема завртка. Целиот мотор висеше само на една завртка. Немаше штрафови ниту на осовинскиот притегнувач на ланците, што значи дека во секој случај беше безнадежно да се обидувам да ги наместам клацкалките. Кошмар.
Причината на блокирањето ја открив една седмица по тоа, чекајќи кога повторно ќе се случи тоа. Се работеше за тенка игла вредна 25 центи во внатрешниот систем за подмачкување која се беше искривила и спречуваше маслото да допре во главата на моторот при поголеми брзини.
Прашањето зошто ми се враќа одново и одново и станува главна причина за тоа зошто сакам да ја одржам оваа шатакуа. Зошто го искасапија така? Тие не беа луѓе кои бегаат од техниката, како Џон и Силвија. Напротив, беа токму врзани за техниката. Се зафаќаа за работа а ја извршуваа како шимпанза. Не внесуваа ништо лично. За тоа немаше видлива причина. И се обидов повторно да се замислам во таа работилница, во тоа кошмарно место, не би ли се сетил што би можело да биде причината.
Радиото беше причината. Навистина не можеш прибрано да мислиш во врска со тоа што го работиш и истовремено да слушаш радио. Можеби тие не мислат дека нивната работа има каква и да било врска со тешко размислување, тоа е само одвртување штрафови. Ако можеш да одвртуваш штрафови додека слушаш радио, тогаш ти е попријатно.
Нивната брзина беше второто решение. Тие навистина во брзина ги расфрлаа нештата околу нив, не гледајќи каде ги расфрлаат. На тој начин повеќе се заработува - ако не застанеш и не помислиш дека за тоа или обично треба повеќе време, или дека на крајот излегува полошо.
Но ми се чинеше дека главното решение лежи во изразите на нивните лица. Тешко е да се објаснат. Добродушни, пријателски, безгрижни и - исклучени. Беа како гледачи. Имав чувство дека заталкале таму и како некој да им тутнал клуч во рака. Тука немаше поистоветување со работата. Не се велеше: - Јас сум механичар. Во пет поладне или кога ќе исполнат осум часа работа, знаевте дека се ќе се прекине и дека веќе никој нема да помисли на својата работа. Веќе се обидуваа да не

мислат на својата работа и кога работат. На свој начин го постигнуваа истото што го постигнуваа и Џон и Силвија, живеејќи со техниката без да имаат никаква врска со неа. Или, подобро кажано, со неа имаа некаква врска, но духот им беше вон неа, одвоен, далечен. Беа вплеткани во неа, но не толку за да се грижат за неа.
Не само што тие механичари не ја пронајдоа онаа свиткана игла, туку очигледно претходно ја беше искривил некој механичар, погрешно ставајќи го бочниот капак. Се сеќавам дека претходниот сопственик ми рече дека некој механичар му кажал дека капакот тешко се става. Тоа беше причината. Прирачникот за работилници предупредува во врска со тоа, но нему како и на другите веројатно премногу им се брзаше или не му беше гајле.
Додека работев, размислував за истиот недостаток на грижа во прирачниците за дигитални компјутери кои ги уредувам. Пишувањето и уредувањето технички прирачници претставува моја работа останатите единаесет месеци во годината. Знаев дека се полни со грешки, двосмислености, пропусти и толку потполно нејасни информации што мораш да ги прочиташ шест пати за од нив да извлечеш некаква смисла. Но по прв пат ми падна на ум сличноста на тие прирачници со однесувањето како набљудувач што го видов во работилницата. Тоа беа прирачници кои наликуваа на набљудувачи. Во основа тие беа такви. Во секој ред е опфатена идејата дека "Тоа е машина, издвоена во времето и просторот од сето останато во космосот. Таа нема врска со вас, вие немате врска со неа, освен кога притискате одредени прекинувачи, кога ја одржувате висината на напонот, проверувате дали греши..." и така натаму Така е тоа. Механичарите во својот став кон моторот навистина не заземаа поинаков став од прирачникот кон моторот, или од ставот кој јас го имав кога го донесов на поправка. Сите ние бевме набљудувачи. И јас сфатив дека не постои прирачник кој се занимава со вистинската работа околу одржувањето на моторите, најважниот од сите облици. Грижата за она што го работите се смета или за неважна или за разбирлива сама по себе.
Мислам дека на овој излет би морале тоа да го имаме предвид, малку да го проучиме, да видиме дали можеме во таа чудна одделеност на она што човекот е и она што човекот го прави да откриеме некои траги на она што по ѓаволите е тргнато наопаку во ова дваесетто столетие. Не сакам да брзам со тоа. И тоа е отровен став на дваесеттиот век. Кога сакате нешто да забрзате, тоа значи дека веќе не ви е до тоа и дека сакате да преминете на други работи. Јас сакам до тоа да дојдам полека, но внимателно и темелно, со истиот став за кој се сеќавам дека

беше присутен непосредно пред да ја пронајдам онаа свиткана игла. Неа всушност и ја пронајде тој став, ништо друго.

Одеднаш забележувам дека земјата тука веќе поминала во евклидовска рамнина. Никаде нема рид, никаде височинка. Тоа значи дека сме влегле во долината на Црвената река. Наскоро ќе бидеме во Дакотите.

3

Кога излеговме од долината на Црвената река облаците кои носат бура веќе беа насекаде и речиси над нас.

Џон и јас ја разгледавме ситуацијата во Брекенбриџ и одлучивме да продолжиме се додека не бидеме приморани да застанеме.

Тоа би морало да биде наскоро. Сонцето исчезна, дува студен ветар, а околу нас расте sид од сивило во различни нијанси.

Изгледа дека е голем и надмоќен. Преријата овде е голема, но големината на таа сива маса над неа подготвена да се спушти е застрашувачка. Сега патуваме зависни од нејзината милост и немилост. Кога и каде ќе настапи, тоа е вон нашето влијание. Се што можеме е да набљудуваме како се приближува се повеќе и повеќе.

На местото каде на земјата се спушта најтемното сивило, тука е градот кој претходно го видовме, некои мали градби и резервоар за вода – но сега се исчезнати. Наскоро и нас ќе не зафати. Не гледам никакви градови пред нас, ќе мора да побрзаме за да стигнеме некаде.

Се возам до Џон и мавтам со раката напред во смисла на "побргу". Тој потврдува со главата и додава гас. Го пуштам малку напред, потоа ја постигнувам неговата брзина. Моторот прекрасно реагира - сто дваесет...сто четириесет...сто педесет...сега навистина го чувствуваме ветерот па ја спуштам главата за да го намалам отпорот...сто шеесет. Стрелката на брзинометарот танцува напред-назад, но броилото на вртежите покажува постојано девет илјади...околу сто седумдесет километри на час...и ја одржуваме таа брзина...јуриме. Сега е пребргу за да можеме да го задржуваме погледот на насипот крај патот...Ја поддавам раката и го вртам прекинувачот за рефлекторите, заради сигурност. Но тоа е потребно и онака. Станува многу темно.

Зуиме низ отворената низина, ниту еден автомобил, едвај понекое дрво, но патот е рамен и чист и звукот на моторот "набиен", тоа е звук на голем број вртежи кој ви кажува дека се е в ред. Станува се потемно и потемно.

Секавици и грмотевици, едно по друго. Бррр-ууум! Тоа ме стресува, а Крис се вовлекува со главата во мојот грб. Неколку капки дожд како предупредување...при оваа брзина тие се како игли. Втора секавица со грмотевица и се е блескаво...а потоа во сјајот на идната секавица онаа куќа на фармата...онаа воденица...о боже, тој е тука!...го намалувам гасот...ова е неговиот пат...оградата и дрвјата...а брзината паѓа на сто дваесет, потоа на сто десет, потоа на сто и тука ја задржувам.

- Зошто забавуваме? - вика Крис.
- Пребргу е!
- Не, не е!

Јас потврдувам дека е.

Куќата и резервоарот за вода минаа крај нас и сега се појавува мал одводен канал и раскрсница која води до хоризонтот. Да...така е, мислам. Точно така.

- Тие се далеку пред нас! - се дере Крис. - Побрзај!

Одмавнувам со главата од една на друга страна.

- Зошто не сакаш? - вика тој.
- Не е сигурно!
- Нив ги нема!
- Ќе чекаат.
- Побрзај!

- Не. - Одмавнувам со главата. Тоа е некакво претчувство. Кога си на мотор, му веруваш па стануваме на сто.

Почнува вистински дожд, но пред нас гледам светла на некој град...знаев дека ќе биде таму.

Кога стигнавме ги најдовме Џон и Силвија под првото стебло како не чекаат.

- Што ви се случи?
- Забавивме.
- Тоа го знаеме. Нешто не е в ред?
- Не. Бегаме од овој дожд.

Џон вели дека има некој мотел на другиот крај на градот, но јас му велам дека има подобар ако свртиме десно кај дрворедот и тополите неколку улици подоле.

Вртиме кај тополите и минуваме неколку улици. Се појавува мал мотел. На рецепција Џон гледа околу себе и вели: - Ова е добар мотел. Дали си бил некогаш тука?

- Не се сеќавам - велам јас.

- Па како тогаш знаеше за него?

- Интуиција.

Тој ја гледа Силвија и ја затресува главата.

Силвија молчешкум набљудува некое време. Забележува дека рацете ми се несигурни додека се запишувам во книгата на гости. - Ужасно си блед - вели таа. Те вознемири онаа грмотевица?

- Не.

- Изгледаш како да си видел сениште.

Џон и Крис ме гледаат па им вртам грб и поаѓам кон вратата. Дождот се уште лее, но ние претрчуваме до собите. Опремата на моторите е заштитена, па чекаме додека не помине бурата пред да ја земеме.

Кога мина дождот, небото стана малку посветло. Но од дворот на мотелот, низ тополите гледам дека еден друг мрак, ноќен, се подготвува да надојде. Одиме во град пешки, вечераме, а на враќање дневниот замор навистина ме совладува. Се одмарам, речиси без движења, на металните столици во дворот на мотелот, полека пиејќи шише виски кое Џон го беше донел со некои додатоци од фрижидерот во мотелот. Вискито тече низ грлото полека и пријатно. Студениот ноќен ветар шушти во лисјето на тополите крај патот.

Крис се прашува што ќе правиме понатаму. Ништо не го заморува тоа момче. Новото и необичноста на околината на мотелот го возбудуваат па сака да пееме како што тоа го прават на логорување.

- Не сме ти ние некои пејачи - вели Џон.

- Тогаш да кажуваме приказни - вели Крис. Потоа се замислува. - Знаете ли некоја добра приказна за духови? Сите деца во нашата колиба ноќе кажуваа приказни за духови.

- Кажи ни ти некоја - вели Џон.

И тој раскажува. Некако се смешни. Некои од нив ги немам чуено од негова возраст. Тоа му го кажувам, а Крис сака да чуе некоја од мене, но јас не можам да се сетам на ниту една.

После неколку мига тој вели: - Веруваш ли во духови?

- Не верувам - велам јас.

- Зошто не?

- Затоа што се не-на-уч-ни.

Џон се смее на мојот изговор. - Тие немаат материја - продолжувам - па оттаму немаат енергија, и затоа, во согласност со законите на науката, не постојат, освен во мислите на луѓето.

Виските, уморот и ветерот во лисјата почнуваат да се мешаат во мојот мозок. - Секако - додавам - ниту законите на науката не содржат материја ниту имаат енергија па оттаму не постојат освен во мислите на луѓето. Најдобро е да се биде потполно научен во целата таа работа па да не се верува ниту во духовите ниту во законите на науката. На тој начин си сигурен. Така не ти остануваат многу нешта во кои би верувал, но и тоа е научно.

- Јас не знам за што зборуваш - вели Крис.

- Јас сум божем духовит.

- На Крис му е непријатно кога говорам вака, но не би рекол дека тоа го навредува.

- Едно од момчињата во кампот на Младинското христијанско друштво вели дека верува во духови.

- Тој се шегувал со тебе.

- Не, не се шегуваше. Рече дека кога некого нема да го закопаат како што треба, неговиот дух се враќа да ги плаши луѓето. Тој навистина верува во тоа.

- Тој само се шегувал со тебе - повторувам.

- Како се вика тој? - прашува Силвија?

- Том Белата Мечка.

Џон и јас разменуваме погледи одеднаш сфаќајќи ја истата работа.

- Ооооо, Индијанец - вели тој.

Јас не се смејам. - Мислам дека ќе повлечам нешто од она што го кажав - велам јас. - Јас мислев на европските духови.

- Во што е разликата?

Џон се тресе од смеа. - Сега те начека - вели.

Јас малку размислувам па велам: - Па, Индијанците понекогаш гледаат на работите малку поинаку, и не тврдам дека тоа е потполно погрешно. Науката не е дел од индијанската традиција.

Том Белата Мечка рекол дека мајка му и татко му му рекле да не верува во такви нешта. Но рекол дека баба му му шепнала дека тоа е сепак вистина, и затоа тој верува во духови.

Тој ме гледа предизвикувачки. Понекогаш навистина сака нешто да дознае. Оној кој е духовит не е особено добар татко. - Секако - си противречам самиот на себе - и јас верувам во духови.

Сега Џон и Силвија ме гледаат љубопитно. Гледам дека нема лесно да се извлечам, па се подготвувам за долго објаснување.

- Потполно е природно - почнувам - за незнајко да се смета секој Европеец или Индијанец кој верува во духови. Научниот поглед на свет ги доведува сите други гледишта до точка во која тие во однос на него изгледаат примитивно, па така денес човекот кој говори за духови или сеништа се смета за незнајко или можеби за луд. Потполно е невозможно да се замисли свет каде би можеле да постојат духови.

Џон потврдно ниша со главата и јас продолжувам.

- Мое мислење е дека умот на современиот човек не е толку надмоќен. Коефициентите на интелигенција не се разликуваат во толку голема мера. Тие Индијанци и луѓето од средниот век биле исто толку интелигентни колку и ние, но контекстот во кој размислувале бил потполно поинаков. Внатре тој контекст на мислење духовите и сенштата се сосема стварни како и атомите, честичките, фотоните и кванти за современиот човек. Во таа смисла јас верувам во духови. И современиот човек има свои духови и сеништа, знаете.

- Кои?

- О, законите на физиката и логиката...нумеричкиот систем...принципот на алгебарска супституција. Тоа се духови. Работата е што ние толку веруваме во нив што тие ни изгледаат стварни.

- Мене тие ми изгледаат стварни. - вели Џон.

- Јас не го разбирам тоа - вели Крис.

Затоа продолжувам. - На пример, ми изгледа сосема природно да претпоставиме дека гравитацијата и законот за гравитацијата постоеле и пред Исак Њутн. Би било лудо да се помисли дека до седумнаесетиот век не постоела гравитација.

- Секако.

- Па тогаш, кога почнал тој закон? Дали постоел отсекогаш?

Џон се мурти, размислувајќи за она на што целам.

- Јас ве наведувам на тоа - велам - дека законот за гравитација постоел и пред почетокот на земјата, пред да бидат создадени сонцето и ѕвездите, пред првобитниот настанок на се.

- Сигурно.

- Лежејќи таму, без сопствена маса, без сопствена енергија, не пребивајќи во ничиј мозок, бидејќи тогаш никого и немало, во ниту еден простор, бидејќи немало ниту простор, не пребивајќи никаде - дали тогаш постоел законот за гравитација?

Сега Џон не изгледа онака сигурно.

- Но доколку законот за гравитација постоел - велам јас - верувајте ми дека тогаш не знам каква треба да биде некоја работа за да не постои. Ми се чини дека законот за гравитација поминал на сите можни испити на непостоењето. Не можете да измислите ниту едно својство на непостоењето кое гравитацијата не го имала. Ниту едно научно својство на постоењето кое го имала. Па сепак "здравиот разум" ни зборува да веруваме дека постоела.

Џон вели: - Мислам дека морам да поразмислам за тоа.

- Но, предвидувам дека ако доволно долго мислиш за тоа ќе се видиш себеси како се вртиш и вртиш и вртиш додека најпосле не стигнеш до единствениот можен, разумен, интелигентен заклучок. Законот за гравитацијата и самата гравитација не постоеле пред Исак Њутн. Ниту еден друг заклучок нема смисла.

- А тоа значи - велам јас пред некој да може да ме прекине - а тоа значи дека законот за гравитацијата не постои никаде освен во човечките глави! Тој е сениште! Ние сме многу нестрпливи и занесени кога ги уништуваме сеништата на другите народи, но истовремено сме незнајковци и варвари и суеверни кога се работи за нашите.

- Зошто тогаш сите веруваат во законот за гравитацијата?

- Масовна хипноза. Позната во својот ортодоксен облик како "образование".

- Сакаш да кажеш дека учителот ги хипнотизира децата за тие да поверуваат во законот за гравитацијата?

- Сигурно.

- Тоа е смешно.

- Си слушнал за важноста на гледањето во очи во класот? Тоа го нагласуваат сите наставници. Ниту еден наставник не го објаснува тоа.

Џон тресе со главата и ми налева уште една чашка. Потоа ја става раката на устата и шеговито и вели на Силвија: - Знаеш, тој најчесто изгледа толку нормално.

Јас се спротивставувам: - Тоа е првата нормална работа која ја изговорив последниве денови. Остатокот од времето изигрувам лудило на дваесетиот век, токму како и вие. Како на пример да не привлекувам внимание врз себе.

- Но јас ќе ти повторам - велам. - Ние веруваме дека бестелесните зборови на сер Исак Њутн лежеле сред едно големо ништо милијарди години пред тој да се роди и дека тој магично ги открил тие зборови. Тие постоеле секогаш, дури и кога не се применувале врз ништо. Постапно настанал светот и тогаш тие биле применети врз него. Всушност, токму тие зборови го обликувале светот. Тоа е смешно, Џон.

- Проблемот, продолжувам - противречноста на која запнуваат сите научници, лежи во разумот. Разумот нема ниту материја ниту енергија, но тие не можат да избегаат од неговата надмоќ која е присутна во се што прават. Логиката постои во разумот. Бројките постојат само во разумот. Јас не се вознемирувам кога научниците ќе речат дека и сеништата постојат во разумот. Мене ме лути она само. И науката постои само во нашиот разум, но тоа не ни изгледа како нешто лошо.

Тие само ме гледаат па продолжувам: - Природните закони се човечки пронајдоци, исто како и духовите. Законите на логиката и математиката се исто така човечки пронајдоци, како и духовите. Сето тоа заедно претставува човечки пронајдок, вклучувајќи ја и идејата дека тоа не е човечки пронајдок. Светот нема никакво друго постоење вон човечката имагинација. Тој сиот е едно сениште, и во старо време го сметале за сениште целиот овој блажен свет во кој живееме. Со него владеат сеништа. Го гледаме она што го гледаме затоа што тие сеништа тоа ни го покажуваат, сеништата на Мојсије и Христос, и Буда и Платон, и Декарт, и Русо и Џеферсон и Линколн, и така натаму и така натаму. Исак Њутн е многу добар дух. Еден од најдобрите. Вашиот здрав разум не е ништо друго туку само гласови на илјадници и илјадници такви духови од минатото. Се повеќе и повеќе духови. Духови кои се обидувааат да го пронајдат своето место меѓу живите.

Џон изгледа премногу задлабочен во своите мисли за да може да проговори. Но Силвија е возбудена. - Од каде ти се сите тие идеи? - прашува.

Се подготвувам да и одговорам, но потоа се откажувам. Чувствувам дека веќе сум стигнал до границта, можеби и сум ја поминал, и време е да престанам со тоа.

Малку подоцна Џон вели: - Убаво ќе биде повторно да се видат планините.

- Да, ќе биде убаво - се согласувам. - Последната чашка во име на тоа. Ја испиваме и одиме во собите.

Гледам дека Крис ги мие забите и го пуштам со ветување дека ќе се тушира наутро. Се повикувам на првенството на постариот и го земам креветот до

прозорецот. Бидејќи светлата се изгаснати тој ми вели: - А сега раскажи ми приказна за духови.

- Веќе ти раскажав, таму надвор.
- Мислам на вистинска приказна за духови.
- Тоа беше највистинитата приказна за духови која ја имам чуено. Ти знаеш на што мислам. Оние други приказни.

Се обидувам да се сетам на некои вообичаени приказни. - Некогаш ги знаев, додека бев момче, Крис, но сите сум ги заборавил - велам. - Време е за спиење. Сите мораме рано да станеме.

Освен ветерот што удира по прозорците на мотелот, се е тивко. Мислата за тој ветер што дува кон нас преку пространите полиња на преријата ме смирува, и јас чувствувам дека паѓам во сон.

Ветерот расте па паѓа, потоа расте и воздувнува, па повторно паѓа…од толку далеку.

- Дали некогаш си запознал некој дух? - прашува Крис.

Јас сум напола заспан. - Крис - велам - еднаш познавав еден човек кој сиот свој живот го помина не правејќи ништо друго туку само прогонувајќи некој дух, и тоа беше само губење време. И затоа спиј.

Предоцна ја увидувам својата грешка.

- Дали го најде?
- Да, го најде, Крис.

Постојано се надевам дека Крис едноставно ќе го слуша ветерот и ќе престане со прашања.

- Што направи тогаш?
- Добро го натепа.
- И што потоа?
- Потоа и самиот стана дух. - Некако помислив дека тоа ќе го натера Крис да спие, но наместо тоа јас се будам.
- Како му е името?
- Не го познаваш.
- Но, како се вика?
- Не е важно.
- Сепак, како се вика?
- Со оглед на тоа што не е важно, Крис, неговото име е Федар. Знаеш, тоа не е име.

- Дали го виде додека возеше низ бурата?
- Зошто го велиш тоа?
- Силвија рече дека помислила оти си видел дух.
- Тоа само така се вели.
- Тато?
- Ова нека ти биде последно прашање Крис, или ќе се налутам.
- Сакав само да ти кажам дека ти зборуваш како никој друг.
- Да, Крис, јас тоа го знам - велам. - Во тоа е проблемот. А сега на спиење.
- Лека ноќ, тате.
- Лека ноќ.

Половина час подоцна тој длабоко дише во сон, ветерот и понатаму е силен како и порано, а јас сум потполно буден. Таму, низ прозорецот во мракот - тој студен ветер што го сече патот и удира во дрвјата, треперливото лисје кое создава дамки на месечината…без сомнение Федар го гледаше сето тоа. Немам претстава што правеше тука. Веројатно никогаш нема да дознаам зошто помина по овој пат. Но тој е тука, не наведе на овој чуден пат, цело време е со нас. Не можеме да избегаме.

Би сакал да можам да кажам дека не знам зошто е тој тука, но се плашам дека сега морам да признаам дека знам. Тие идеи, нештата кои ги зборував во врска со науката и духовите, дури и онаа идеја од попладнево во врска со грижата и техниката - тие не се мои. Не сум имал нови идеи со години. Од него ги имам украдено. А тој го гледаше тоа. Ете зошто е тука.

По ова признание се надевам дека ќе ми дозволи малку да поспијам.

Сиротиот Крис. - Знаеш ли приказна за духови? - прашуваше. Можев да му раскажам една, но веќе и помислата на неа е ужасна.

Навистина морам да заспијам.

4

Секоја шатакуа треба некаде да содржи попис на нештата вредни за помнење, за тие да можат да се чуваат на сигурно место во случај на идна потреба и инспирација. Поединости. И сега, додека другите р'чат пропуштајќи ја оваа прекрасна светлина на утринското сонце…па…некако да го исполнам времето…

Ова е мојот попис на вредни нешта што морате да ги понесете на ваков излет со мотори низ Дакотите.

Буден сум од мугри. Крис се уште тврдо спие во другиот кревет. Почнав да се превртувам за да поспијам повеќе, но чув како пее петелот и се сетив дека сме тука за време на празници па спиењето нема смисла. Го слушам Џон низ преградата како сече дрвја…освен ако тоа не е Силвија…не, прегласно е. Проклета моторна пила, звучи како…

Толку ми здодеа да заборавам разни нешта при вакви излети, што го направив овој попис кој дома го чувам на посебно место за посебна проверка пред поаѓање. Поголемиот број од предметите се познати, не се потребни никакви објаснувања. Некои пак се необични за возење со мотор па за нив е потребно некое објаснување. Некои од нив се необични во секој поглед, за нив е потребно долго објаснување. Пописот се дели на четири дела: Облека, Лични предмети, Прибор за готвење и логорување, Опрема за моторот.

Првиот дел, Облеката, е едноставен:

1. Два пара долна облека
2. Зимска долна облека.
3. По една кошула и едни пантолани за секој од нас.

Употребувам војнички работни одела. Тие се ефтини, цврсти, на нив не се гледа нечистотија. Порано имав ставка под името "пристојна облека" но Џон под тоа напиша "смокинг". Јас мислев на нешто што човек би го облекол вон бензинска станица.

4. По еден џемпер и блуза за секого.
5. Ракавици.

Најдобри се кожните ракавици без постава бидејќи ги спречуваат изгорениците од сонце, ја впиваат потта и ги разладуваат рацете. Кога се возите еден или два часа ваквите детали не се важни, но кога од ден на ден се возите по цел ден тие стануваат многу битни.

6. Чизми за возење мотор.
7. Опрема за дожд.
8. Шлем и штитник за сонце.
9. Маска. Од неа добивам клаустрофобија па ја употребувам само при дожд, кој при големи брзини го боцка лицето како игла.
10. Заштитни наочари. Не ми се допаѓа ветробранот бидејќи и тој го затвора возачот. Ова се некакви британски наочари од дебело стакло и добри се. Затоа што ветерот се провлекува зад наочарите за сонце. А пластичните наочари се оштетуваат па го искривуваат видот.

Следи списокот на Личните предмети:
Чешли. Чековна книшка. Џебен нож. Потсетник. Молив. Цигари и ќибрит. Џебна лампа. Сапун и пластична кутија за сапун. Четка и паста за заби. Ножици. Аспирин против главоболка. Средство против комарци. Дезодоранс (после жежок ден минат на мотор би требало да бидете свесни дека ви е потребен без тоа да ви го кажат вашите најдобри пријатели). Маст против изгореници (на мотор не ги забележувате изгорениците од сонце додека не застанете, а тогаш е предоцна. Намачкајте се однапред). Завои. Тоалетна хартија. Бањарка (нејзе можете да ја ставите во пластична кутија за да не ви ги мокри другите предмети). Крпа.
Книги. Не познавам ниту еден друг моторџија кој носи со себе книги. Тие зафаќаат многу место, но јас сепак имам три, со неколку листови хартија во нив за пишување. Тоа се:
а) Механичарски прирачник за овој мотор.
б) Општ водич за отстранување дефекти кој ги содржи сите технички податоци кои никако не можам да ги запомнам. Тоа е Чилтоновиот водич за мотори кој го напишал О. К. Рич а го продава издавачката куќа Сирс од Робук.
Примерок од Торовиот Валден…за кој Крис никогаш нема чуено, а не е здодевен и кога се чита по стоти пат. Настојувам секогаш да изберам книга која е далеку над неговата возраст и да ја читам како темел за прашања и одговори, многу порадо отколку да ја читам без прекинувања. Читам реченица или две, го чекам да почне со вообичаената канонада прашања, одговарам на нив, па повторно читам нова реченица или две. Тоа е најдобриот начин да се читаат класиците. Тие мораат да бидат пишувани на таков начин. Понекогаш минувавме цела вечер во читање и разговор, за на крај да откриеме дека сме минале само две-три страници. На тој начин се читало пред еден век…кога цхаутаљуи-те биле популарни. Ако не сте се обиделе, не можете да замислите колку е забавен тој начин на читање.

Гледам дека Крис спие потполно опуштено, без неговата нормална напнатност. Мислам дека се уште нема да го будам.

Во опремата за логорување спаѓаат:
1. Две вреќи за спиење.
2. Две наметки (пончоа) и една простирка. Тие се претвораат во шатор и го штитат багажот од дожд додека патувате.
3. Јаже.

4. Специјална геодетска карта на подрачјето каде се надеваме дека малку ќе планинариме.
5. Мачета.
6. Компас.
7. Чутура за вода. Не можев никаде да ја пронајдам кога поаѓавме. Веројатно децата ја имаат некаде загубено.
8. Два војнички прибора за јадење со нож, вилушка и лажица.
9. Шпорет на плин и кантичка со плин на расклопување со средна големина. Се уште не сум го употребил. Кога врне или кога се наоѓате над појасот на шумите, дрвото за огрев станува вистински проблем.
10. Неколку алуминиумски кутии со капак на завртка. За сланина, сол, путер, брашно, шеќер. Ги купивме во некоја продавница за планинарска опрема пред неколку години.
11. Прашок за перење.
12. Два ранца со алуминиумски држачи.

Опрема за моторот. Стандардна кутија со алат која ја добивате заедно со моторот а се наоѓа под седиштето. На тоа му се додава и следното:
Голем клуч со подвижен отвор. Механичарски чекан. Челичен нож. Бургија. Две шипки за симнување гуми. Прибор за крпење гуми. Пумпа за велосипед. Спреј од молибден дисулфид за синџирот (Тој има извонредно својство на навлегување внатре секој запчаник каде што е најпотребен, а одличните својства на молибденот дисулфид како подмачкувач се добро познати. Сепак, ако еднаш се исуши, треба да му се додаде доброто старо моторно масло САЕ-30). Одвивач под притисок. Шилеста турпија. ЛИСНАТА МЕРКА. Испитувач на напонот.
Резервни делови:
Свеќички. Челични жици за гасот, квачилото и кочницата. Платинки, осигурувачи, сијалици за предните и задните светла, карики, запчест ремен, обична жица. Резервен синџир (тоа е стариот синџир кој го имам заменето кога веќе не вредеше за ништо, но е доволно добар за да стигне до првата продавница за резервни делови ако сегашниот пукне).
И тоа е отприлика се. Нема врвки за чевли.
Веројатно би било нормално човек да се запраша во колку приколки може да го собере сето ова. Но сето тоа навистина не е толку гломазно колку што изгледа.

Се плашам дека останатите ќе го преспијат целиот ден ако им го дозволам тоа. Надвор небото е блескаво и чисто, грев е да се пропушти.
Најпосле му приоѓам на Крис и го тресам. Очите нагло му се отвараат, потоа седнува исправен како шајка, не сфаќајќи ништо.
- Време е за туширање - велам.
Излегувам надвор. Воздухот ме освежува. Всушност - Боже! - надвор е студено. Чукам на вратата на Сатерлендови.
- Дааaа - сонливиот глас на Џон минува низ вратата. - Хммммм. Дааaа.
Чувството е есенско. Моторите се покриени со роса. Денес не врне. Но е студено! Темепратурата веројатно е пет степени.
Додека чекам, го проверувам нивото на масло во моторот, и гумите, носачите и напнатоста на синџирот. Тој е малку опуштен, па ја вадам кутијата со алатот и го стегнувам. Навистина станувам нестрплив да тргнеме.

Се грижам за тоа Крис да се облече топло, подготвени сме и веќе сме на патот и навистина е студено. За неколку минути ветерот ја истиснува сета топлина од топлата облека и јас треперам во грчеви.

Штом сонцето ќе се искачи малку повисоко, ќе затопли. Околу половина час вакво време и ќе бидеме во Елендал на појадок. Денес мораме да минеме многу километри по овие рамни патишта.

Да не е вака ѓаволски студено, возењето навистина би било прекрасно. Тукушто излезеното сонце под мал агол осветлува нешто што изгледа како покривач од мраз над тие полиња, но мислам дека тоа е само роса, блеска и е помалку маглива. Утринските сенки се насекаде, се изгледа помалку рамно отколку вчера. И сето тоа е наше. Изгледа уште никој вистински не се разбудил. На мојот часовник е шест и триесет. Старата ракавица над него изгледа како посипана со синџак, но мислам дека се тоа само траги од вчерашниот потоп. Добрите стари износени ракавици. Сега се толку груби од студенилото што едвам ги исправувам прстите.

Вчера зборував за грижата, јас се грижам за овие износени стари возачки ракавици. Им се смеам додека со мене летаат низ ветрето, бидејќи се тука веќе со години и се веќе толку стари и толку уморни и толку трули што во нив има нешто смешно. Со текот на времето се наполнија со масло и пот и нечистотија и смачкани инсекти и кога сега ги ставам на рамна маса тие не се слегнуваат ни кога се студени. Имаат своја сопствена приказна. Чинеа само три долари и толку пати се крпени што веќе е невозможно повторно да се крпат, но јас вложувам многу време

и труд тоа сепак да го сторам бидејќи не можам да замислам дека било каков нов пар ракавици би можел да го заземе нивното место. Тоа е непрактично, но практичноста не е единствената важна работа кај ракавиците или кај било што друго.

И на моторот му припаѓаат дел од истите чувства. Со поминати над 50.000 километри тој полека станува скапаница, иако на патиштата можат да се видат и постари од него. Но како што се зголемува километражата, а мислам дека повеќето моторџии би се сложиле со тоа, почнувате кон сопствениот мотор да негувате посебни чувства кои се упатени кон тој еден единствен мотор и само кон него. Еден пријател, кој поседува мотор од истата марка, модел, па дури и истата година на производство, ми го донесе неговиот на поправка, а кога подоцна го изнесов на пробно возење не можев да верувам дека излегол од истата фабрика пред толку години. Можеше да се види дека тој многу одамна го пронашол сопствениот облик на чувствителност, и од, и звук, потполно различен од мојот. Не полош, туку различен.

Тоа можеби би можеле да го наречете карактер. Секоја машина има свој посебен карактер кој веројатно би можел да се дефинира како интуитивен збир на сето она што го знаете и што го чувствувате за него. Тој табиет постојано се менува, обично на полошо, но понекогаш неочекувано и на подобро, и токму тој табиет е реалниот објект кого го одржувате кај моторот. Новите мотори ги запознавате како туѓинци со пријатна надворешност и, во зависност од тоа како постапувате кон нив, тие бргу дегенерираат во неспособни па дури и сакати дрдорковци, или пак се претвораат во здрави, добродушни, долготрајни пријатели. Овој, наспроти крвничката постапка на оние божемни механичари, изгледа дека оздраве па како што минува времето бара се помалку и помалку поправки.

Еве го! Елендејл!

Резервоарот за вода, шумичките и зградите во нив на утринското сонце. Веќе и се бев покорил не треската која ме тресеше речиси постојано во текот на целото возење. Часовникот покажува седум и петнаесет.

Неколку минути подоцна се паркираме покрај некои стари згради од цигла. Се вртам кон Џон и Силвија кои застануваат зад нас. - Тоа се вика студ! - велам.

Тие само се sурат со стаклен поглед.

- Се вкочанивте, нели? - велам. Нема одговор.

Чекам додека потполно не слезат од моторите, потоа забележувам дека Џон се обидува да го одврзе сиот свој багаж. Се мачи со јазолот. Се откажува и сите тргнуваме кон ресторанот.
Повторно се обидувам. Одам наназад пред нив кон ресторанот, чувствувајќи се малку несигурно од возењето, ги тријам рацете и се смејам. - Силвија! Кажи нешто. - Ниту насмевка.
Мислам дека навистина замрзнале.
Нарачуваат појадок не кревајќи го погледот.
Појадокот е при крај и јас конечно велам: - Што ќе правиме понатаму?
Џон вели полека и промислено: - Ние не си одиме одовде додека не затопли. - Неговиот глас личи на глас на шериф во самрак, што ме тера да верувам дека нема место за преговори.
И така Џон и Силвија и Крис седат и се затоплуваат во предворјето на хотелот до ресторанот, а јас излегувам да се прошетам.
Претпоставувам дека ми се лутат што ги натерав да станат толку рано и да се возат по тој студ. Кога минувате толку време со некого, на виделина излегува дури и најмалата разлика во темпераментот. Помнам, сега кога размислувам за тоа, дека со нив никогаш не се имам возено пред еден или два часот попладне, иако за возење мене ми е најдрага муграта или раното утро.
Градот е чист и свеж и не личи на оној во кој се разбудивме утринава. Некои луѓе се на улицата и ги отвораат продавниците велејќи "Добро утро" и разговарајќи за тоа колку е студено. Два термометра во сенка покажуваат 6 и 8 степени. Еден на сонце покажува 19.
После неколку блокови куќи главната улица минува во две лоши, калливи стази, продолжува покрај две големи бараки од брановиден лим полн со земјоделски машини и алати, потоа завршува во поле. Некој човек стои во полето и ме гледа со сомнеж, веројатно прашувајќи се што правам тука додека sиркам во бараките. Се враќам по улицата, пронаоѓам една студена клупа и се sурам во моторот. Нема што да се прави.
И мене ми беше студено, в ред, но не толку многу. Како воопшто Џон и Силвија ја преживуваат зимата во Минесота? Им се чудам. Тука боде очи некоја несовмесност, речиси премногу очигледна за да може да се оддржи. Иако не поднесуваат телесни непријатности, иако не ја поднесуваат техниката, тие се приморани да прават некои отстапки. Зависат од техниката а истовремено ја осудуваат. Сигурен сум дека тие тоа го знаат и тоа всушност ја зголемува нивната

одбојност кон сето тоа. Тие не настапуваат со логички тврдења, туку само со изјави за фактичката состојба. Но сега во градот пристигнуваат тројца фармери, вртат зад аголот во тој ептен нов мал камион. Се обложувам дека со нив работите стојат потполно поинаку. Тие ќе се фалат со тој камион и со својот трактор и со онаа нова машина за перење алишта, и ќе имаат при себе алат за да можат да ги поправат ако се расипат, и ќе знаат да се служат со алатот. Тие ја ценат техниката. А ним им е најмалку потребна. Кога веќе утре би престанала да работи сета техника на овој свет, тие луѓе би знаеле да се извлечат. Би им било тешко, но би преживеале. Џон и Силвија и Крис и јас би биле мртви за една седмица. Ова осудување на техниката претставува неблагодарност, ете што е.
Сепак, тоа е слепа улица. Ако некој е неблагодарен и вие му го кажете тоа, в ред, сте го нарекле така. Но со тоа ништо не сте решиле.
По половина час темометарот покрај хотелската врата покажува 11 степени. Ги наоѓам во главната хотелска трпезарија која е празна, изгледаат загрижено. Сепак, по изразот на лицата, ми изгледа дека расположението им е поправено, и Џон оптимистички вели: - Ќе облечам се што имаме, тогаш се ќе биде в ред.
Излегува до моторот а на враќање вели: - Страшно мразам да го распакувам сето она, но не сакам да ми се повтори возење како ова последново. Вели дека во машкиот тоалет е кочан студено, па со оглед на тоа дека во трпезаријата нема никој друг освен нас, минува зад масата на која седиме, на која седам јас и разговарам со Силвија, па погледнувам на таа страна и го гледам Џон сиот обложен во еден пар бледо сина долга долна облека. Си се смее самиот на себе од уво до уво, толку глупаво изгледа. Ги набљудувам неговите наочари кои лежат на масата па и велам на Силвија:
- Знаеш, миг пред ова седевме тука и разговаравме со Кларк Кент…гледаш, тука му се наочарите…а сега одеднаш…Силвија, мислиш ли ти?…
Џон урла: - СУПЕРМЕН!
Потоа се лизга во лакираниот под во предворјето како лизгач, кочи и се враќа лизгајќи. Па ја крева едната рака над главата и клекнува како да се подготвува да полета. - Подготвен сум, поаѓам! - Тажно тресе со главата. - По ѓаволите, не би сакал да го пробивам овој прекрасен таван, но мојот рентгенски поглед ми вели дека некој е во опасност. - Крис пука од смеење.
- Сите ќе настрадаме ако не се облечеш - вели Силвија.
Џон се смее. - Егзибиционист, а? Манијакот од Елендејл! - Уште малку парадира наоколу, потоа почнува да ја навлекува облеката над таа долна облека и вели: - О

не, о не, тие нема тоа да го сторат. Супермен и полицијата се согласуваат. Тие знаат кој е на страната на законот и редот и правдата и пристојноста и чесноста.
Се уште беше студено кога јуревме по главниот пат, но не како порано. Минуваме низ неколку градови и постапно, речиси незабележително, сонцето грее се посилно, а со него се загрева и моето расположение. Уморот сега потполно исчезна, а сонцето и ветерот се пријатни. Почнувам да уживам и тоа само поради сончевата топлина, патот, зелената прериjска обработлива земја и ударите на ветерот. Наскоро нема ништо друго освен прекрасна топлина и ветер и брзина и сонце на пустиот пат. Последните траги на утринската треска исчезнуваат на топлиот воздух. Само ветер и повеќе сонце и порамен пат.
Толку е зелено ова лето и толку е свежо.
Има бели и жолти маргаритки во тревата пред една стара ограда од жица, па ливада со неколку крави и далечно далечно благо возвишување со нешто златесто на себе. Тешко е да се распознае што е тоа. Не е ни важно.
Кога наидуваме на благо качување на патот, зуењето на моторот станува подлабоко. Го минуваме врвот на качувањето, гледаме нови земјени пространства пред нас, патот се спушта а длабоката бучава на моторот повторно исчезнува.
Прерија. Мирна и студена.
Подоцна кога запираме очите на Силвија и се полни со солзи од ветерот, па ги протегнува рацете и вели: "Толку е убаво. Толку е пусто".
Му покажувам на Крис како да ја постеле блузата на земја и да ја употреби кошулата наместо перница. Нему воопшто не му се спие, но јас му велам сепак да легне затоа што му е потребен одмор. Си ја раскопчувам блузата за да впие повеќе топлина. Џон го вади фотоапаратот.
Малку потоа вели: - Ова е најтешката работа на светот за фотографирање. Ви треба леќа од 360 степени или нешто слично. Гледате се, а кога ќе погледнете во апаратот се се губи. Штом ќе се стави рамка, исчезнува.
Јас велам: - Тоа е она што не го гледаш кога си во автомобил, претпоставувам.
Силвија вели: - Еднаш, кога имав околу десет години, застанавме вака покрај патот и јас потрошив пола филм фотографирајќи ја околината. А кога ги развив сликите, заплакав. На нив немаше ништо.

- Кога ќе тргнеме? - прашува Крис.
- Каде ти се брза? - го прашувам.
- Само би сакал да тргнеме.
- Пред нас нема ништо што би би било подобро од ова овде.

Тој тивко го симнува погледот муртејќи се. - Дали ќе спиеме под шатори вечерва? - прашува. Сатерледнови ме гледаат со разбирање.

- Под шатори ли? - повторува тој.
- Ќе видиме подоцна - велам јас.
- Зошто подоцна?
- Затоа што сега не знам.
- Зошто сега не знаеш?
- Ете, затоа што сега не знам зошто всушност не знам.

Џон ми покажува дека се е в ред.

- Ова не е најдоброто подрачје за логорување - велам јас. Нема засолништа и нема вода. - Но одеднаш додавам: - В ред, вечерва ќе спиеме под ведро небо. - Околу тоа имаме разговарано и претходно.

И така поаѓаме низ пустиот пат. Не сакам да ги присвојувам овие прерии, ниту да ги фотографирам, ниту да ги менувам, ниту да застанам, дури ни да продолжам понатаму. Само да јурам низ пустиот пат.

5

Прериската низина исчезнува и почнува изразита брановидност на земјиштето. Оградите се поретки, а зеленилото стана побледо…сето тоа значи дека се приближуваме кон висорамнините.

Застануваме во Хаг за бензин и прашуваме дали може да се помине Мисури помеѓу Бизмарк и Мобридџ. Службеникот не знае за никаков премин. Сега е топло, и Џон и Силвија одат некаде за да ја слечат топлата долна облека. Моторот добива ново масло и подмачкан синџир. Крис го следи сето она што го правам, но со некое нетрпение. Тоа не е добар знак.

- Ме болат очите - вели.
- Од што?
- Од ветерот.
- Ќе побараме наочари за тебе.

Сите одиме во некое кафанче на кафе и пецива. Се е различно освен нас, па подраго ни е да гледаме околу себе отколку да разговараме, фаќајќи само исечоци од она што го зборуваат другите луѓе кои меѓусебно веројатно се познаваат па не гледаат нас бидејќи ние сме нови. Потоа, малку подоле по улицата, наоѓам термометар кој може да се стави во кутијата за алат и некои пластични наочари за Крис.

Продавачот исто така не знае за никаков пократок пат околу Мисури, Џон и јас ја проучуваме картата. Се надевав дека ќе најдеме некој неофицијален траект или мост или било што на потег од сто педесет километри, но очигледно нема ништо од тоа бидејќи нема зошто да се минува на другата страна. Сиот простор е индијански резерват. Се одлучуваме да продолжиме на југ до Мобриџ и да ја минеме реката таму.
Патот кон југ е очаен. Оштетен, тесен, нерамен бетонски пат со грозен ветер в лице, јуриме кон сонцето додека во спротивен правец доаѓаат приколки. Овие брановидни ритчиња ги забрзуваат кога тие возат низбрдо а ги забавуваат при качувањето, затоа ни пречат да гледаме далеку напред и престигнувањето е вистинско кинење нерви. Првата ме уплаши затоа што не ја очекував. Сега се држам цврсто и вкочането ги чекам. Нема опасност. Само бран кој те удира. Жежок е и сув.
Во Херејд Џон исчезнува за да се напие нешто, додека Силвија и Крис и јас пронаоѓаме мала ладовина во паркот и се обидуваме да се одмориме. Немаме мир. Се има случено некаква промена, а не знам точно каква. Во овој град улиците се широки, многу пошироки отколку што би требало да бидат, а некоја бледа прашина лебди во воздухот. Празните градилишта тука и таму помеѓу зградите се обраснати со пиреј. Лимот на зградите е трошен а резервоарот за вода личи на оние од другите градови но е позабележителен. Се е подотраено и изгледа механички, како да е некако случајно тука поставено. Постепено сфаќам за што се работи. Никому веќе не му е до тоа да внимава на просторот. Земјата веќе не е вредна. Се наоѓаме во град на Западот.
Ручаме хамбургери и слатко млеко во еден ресторан на А/В во Мобридџ, се пробиваме низ густиот сообраќај на главната улица и одеднаш, во подножјето на ридот, се појавува реката Мисури. Сета таа вода која се бранува е чудна, опкружена со тревнати ридови кои добиваат сосема малку вода. Се вртам и фрлам поглед на Крис, но на него не се гледа дека тоа нешто особено го интересира.
Се спуштаме низ ридот со изгасени мотори, влетуваме на мостот и го минуваме, гледајќи ја реката помеѓу столбчињата кои ритмично одминуваат, и веќе сме на другата страна.
Се искачуваме на еден долг, долг рид и влегуваме во сосема друг пејсаж. Оградите сега навистина ги нема. Нема грмушки, нема дрвја. Ридовите се толку големи што моторот на Џон изгледа како мравка која се движи пред нас по

зелените падини. Над падините површинските карпи на врвовите на стрмнините заканувачки се надвисуваат над нас.
Се изгледа природно уредно. Кога тоа би била напуштена земја би изгледала изморено, искинато, со купишта стари бетонски темели, со парчиња боен лим и жици, со пиреј кој би растел секаде каде што лединаta била допрена заради некои мали обиди за нејзино искористување. Нема тука ништо од сето тоа. Никогаш одржуван, пределот никогаш не бил ни нагрден. Едноставно е онаков каков што веројатно отсекогаш и бил. Индијански резерват.
Од онаа страна на овие карпи не постои добронамерен механичар за мотори и јас се прашувам дали сме подготвени за тоа. Ако било што ни се расипе, навистина ќе бидеме во неволја.
Ја проверувам температурата на моторот со рака. Моторот за утеха е студен. Го стегам квачилото и го гасам моторот за да чујам како звучи. Слушам нешто необично и повторно го правам истото. Минува некој миг пред да сфатам дека тој звук воопшто не доаѓа од моторот. Тоа е ехо од карпите пред нас кое се задржува по гасењето. Смешно. Го повторувам тоа три-четири пати. Крис се чуди и се прашува што не е в ред и јас му велам да го слуша ехото. Никаков коментар од негова страна.
Овој стар мотор во такви прилики звучи како во него да лета и бучи цел куп ситни метални пари. Звучи грозно, но тоа е нормално потчукнување на вентилот. Кога еднаш ќе се навикнете на тој звук и ќе научите да го очекувате, вие автоматски слушајќи ја забележувате секоја разлика. Ако не слушнете таква разлика, тогаш е добро.
Еднаш се обидов на Џон да му го свртам вниманието на тој звук, но тоа беше безнадежно. Се што успеа да чуе беше врева и се што успеа да види беше моторот и јас со масниот алат в раце, ништо повеќе. Безуспешно.
Тој навистина не сфати што се случува, а не беше доволно заинтересиран за самиот да открие. Него не го интересира толку многу што значат нештата, туку повеќе она што тие се. Начинот на кој тој ги гледа нештата е прилично значаен. Ми требаше долго време да ја воочам таа разлика, а за оваа шатакуа е важно таа разлика и да ја објаснам.
Бев толку збунет од неговото одбивање воопшто и да размислува за некаква механичарска тема, што постојано барав начин како да го воведам во сето тоа, но не знаев од каде да почнам.

Мојот план беше да почекам додека нешто не се расипе на неговиот мотор па јас да му помогнам нему околу поправката и на тој начин да го воведам во тоа, но и тој обид ми пропадна токму затоа што не ја разбрав оваа разлика во неговиот начин на гледање на работите.
Почнале да му се олабавуваат рачките на управувачот. Не е страшно, рече, се чувствува само малку при силно притиснување. Го предупредив да не го употребува неговиот универзален клуч за затегнување на штрафовите. Се согласи да се послужи со моите клучеви.
Кога го донесе моторот, ги извадив клучевите и тогаш забележав дека никакво стегнување нема да го спречи олабавувањето на рачките, бидејќи се беа излижале основните плочки.

- Мораш да им ставиш подлога - реков.
- Што значи тоа?
- Тоа значи дека треба да намоташ метална лента околу рачката под основната плочка и тоа ќе ти овозможи повторно да ја стегнеш. Таквите постапки се познати кај сите видови машини.

- О - рече тој. Почна да се интересира. - Добро. Каде можам да го купам тоа?
- Имам такви ленти тука - реков восхитено држејќи лименка пиво во раката.
Тој во првиот момент не разбра. Потоа рече: - Што, лименка?

- Секако - реков. Тоа е најдобрата подлога на светот.

Мислев дека тоа е многу мудро од моја страна. Ќе му заштедам труд, да не оди бог- знае-каде по материјал. Ќе му заштедам време. Ќе му заштедам пари.
Но на мое изненадување тој во тоа не виде ниту малку мудрост. Всушност, стана забележително непријатен по тоа прашање. Наскоро почна да се извлекува и да наоѓа секакви оправдувања па, пред да го сфатам неговиот вистински став, одлучивме да не ги поправаме рачките.
Колку што знам тие рачки се се уште лабави. И сега верувам дека тој тогаш се навреди. Јас бев доволно дрзок да му предложам неговиот нов БМЊ од илјада осумстотини долари, гордост на полувековното германско механичарско совршенство, да биде поправен со парче стара пивска лименка!
Ацх, ду лиебер!
Од тогаш малку разговаравме за одржувањето на моторот. Воопшто не, кога подобро ќе размислам.
Би сакал да кажам, за да го објаснам ова, дека алуминиумот од лименките за пиво е мек и леплив, совршен за употреба. Алуминиумот не оксидира на влажно време -

или поточно, секогаш бива обложен со тенок слој на оксид кој ја спречува понатамошната оксидација. Совршено.
Со други зборови, секој вистински германски механичар, со половина столетие мехничарска прецизност зад себе, би заклучил дека ова решение е совршено за нашиот проблем.
За миг помислив дека можам тајно да дојдам до работната маса, да исечам една лента од пивската лименка, да ја избришам бојата од неа, и да се вратам велејќи му дека имаме среќа, дека е тоа последната, специјално увезена од Германија. Тоа би успеало. Специјална лента од приватната резерва на баронот Алфред Круп кој морал да ја продаде со големо жалење. Тогаш тој би подетинил од радост. Фантазирањето за лентата од приватните резерви на Круп ми беше пријатно некое време, но потоа се расплина и видов дека е целата проткаена со осветољубивост. На нејзино место порасна она старо чувство за кое зборував претходно, чувство дека во прашање е нешто покрупно од она што се гледа на површината. Ако доволно долго ги следите тие несогласувања, понекогаш тие се претвораат во големи откритија. Јас едноставно чувствував дека тука се работи за нешто поголемо отколку што можам да прифатам без да размислувам за тоа, па и се вратив на мојата навика, обидот да ги анализирам причините и последиците и да видам што довело до еден таков безизлезен раскол помеѓу Џоновиот однос кон онаа прекрасна лента и мојот. Тој се појавува постојано при механичарската работа. Застој. Само седите и се sурите и размислувате, и на слепо барате нови податоци, и се оддалечувате и повторно се приближувате и после некое време почнуваат да се појавуваат фактори кои не сте ги зеле предвид.
Најпрвин во неодреден облик, а потоа со поостри контури се појави објаснувањето дека јас таа лента ја гледам на некаков интелектуален, рационален, церебрален начин, во чии рамките се важни единствено научните својства на металот. Џон постапи непосредно и интуитивно. Јас на лентата и пристапив во смисла на нејзината скриена форма. Тој и пристапи во смисла на нејзиниот моментален изглед. Мене ми беше важно што таа значи, нему што таа е. Така стигнав до оваа разлака. А кога ви е важно што е таа лента, во овој случај, тоа е поразно. Кому му е пријатно да помисли дека оној прекрасен прецизен мотор е поправен со некакви бедни отпадоци?
Мислам дека заборавив да споменам дека Џон е музичар, тапанар и дека работи со многу групи во градот и од тоа прилично добро заработува. Претпоставувам дека тој за се мисли како што мисли за удирањето на тапани - што значи дека

всушност воопшто не мисли за тоа. Тој само го прави тоа. Тој само се занимава со тоа. Тој реагираше на поправањето на неговиот мотор со пивска лименка како што би реагирал доколку некој му го нарушува ритамот додека свири. Тоа за него беше само едно вознемирување, и толку. Не сакаше да има работа со тоа.
Отпрвин таа разлика изгледаше сосема безначајно, а потоа растеше…и растеше…и растеше…додека не почнав да согледувам зошто не ја забележав. Некои нешта ви се измолкнуваат затоа што се толку мали што не ги гледате. Но некои нешта не ги гледате затоа што се огромни. Обајцата ја гледавме истата работа, го гледавме истото нешто, само што тој набљудуваше, гледаше, разговараше и мислеше низ потполно различна димензија.
Нему навистина му е до техниката. Само што таа друга димензија го збунува и одбива. Таа едноставно не му дава да мине. Тој се обидува без никакви рационални подготовки и се залетува, се залетува, се залетува и после толку многу залетувања се откажува фрлајќи клетва на целата работа. Тој не сака или не може да верува дека на овој свет постои нешто на кое не му се приоѓа непосредно и интуитивно.
Тоа е неговата димензија. Интуитивна димензија. Јас страшно се ограничив цело ова време говорејќи за тие механички нешта. Се се тоа делови и односи и анализи и синтези и дефинирања кои всушност не се тука. Сето тоа е некаде на друго место, само мислиме дека е тука, а всушност се наоѓа на милион километри од тука. Се работи всушност за следново. Тој е во онаа димензионална разлика која се наоѓа во темелите на културните промени на шеесетите и која се уште трае како процес на преобликување на светогледот на целата наша нација. Последицата е "судирот на генерациите". Оттука изникнаа имињата "битник" и "хипи". Сега станува очигледно дека таа димензија не е мода која ќе мине за година или две. Таа ќе потрае затоа што претставува многу сериозен и важен начин на гледање на работите, кој изгледа неспоив со разумот и редот и одговорноста, но кој всушност не е. Сега стигнавме до суштината на нештата.

Нозете ми се толку крути што ме болат. Ги симнувам една по една и го вртам стапалото најпрвин лево па десно додека не успеам да ја истегнам целата нога. Тоа помага, но тогаш другите мускули се заморуваат од држењето на ногата на страна.

Пред нас стои судир на гледањето на стварноста. Светот кој го гледате токму тука, токму сега, тоа е стварноста, без оглед на она што научниците велат дека таа би

можела да биде. Џон го гледа светот на тој начин. Но и светот онака како што го прикажувааат научните откритија е исто така стварност, без оглед на тоа во каков облик се јавува, и луѓето кои ја споделуваат Џоновата димензија морат да сторат нешто повеќе од едноставното непризнавање на тој факт, доколку сакаат да го задржат своето гледање на стварноста. Џон ќе го открие тоа ако му прегорат платинките.
Заради тоа тој всушност се лутеше оној ден кога не можеше да го запали моторот. Тоа беше насилно влегување во неговата стварност. Тоа едноставно проби дупка во целиот негов прекрасен начин на поимање на нештата и тој не сакаше да се соочи со тоа затоа што му се чинеше дека тоа го загрозува сиот негов животен стил. На некој начин тој го доживуваше истиот вид нетрпеливост која понекогаш луѓето од науката ја чувствуваат кон апстрактната уметност, или која барем некогаш ја почувствувале. Таа не се вклопува во нивниот животен стил.
Всушност, тука имате две стварности, едната на непосреден уметнички впечаток, а другата на скриено научно толкување, и тие не се поклопуваат ниту пак имаат некаква меѓусебна врска. Тоа е прилично сложена ситуација. Би можеле да кажеме дека тука има некаков мал проблем.

На една чистинка долж долгиот пуст пат гледаме осамена продавница со мешовита стока. Внатре, во задниот дел, наоѓаме место за седење на некои превртени сандаци и тука пиеме пиво од лименка.
Чувствувам замор и болка во грбот. Го поместувам сандакот до еден столб и се потпирам на него.
По изразот на лицето на Крис гледам дека запаѓа во нешто навистина лошо. Минавме долг напорен ден. Уште во Минесота и реков на Силвија дека вториот или третиот ден можеме да очекуваме да не зафати малодушност, и таа сега е тука. Минесота - кога ли беше тоа?
Некоја жена, жестоко пијана, купува пиво за мажот кој стои и чека надвор во автомобилот. Не може да се одлучи која марка пиво да купи, и жената на сопственикот почнува да се лути чекајќи ја. Таа се уште не може да се одлучи, но тогаш не здогледува нас, ни мавта и не прашува дали моторите се наши. Потоа сака да се провози на еден од нив. Јас се повлекувам и му го препуштам проблемот на Џон.
Тој љубезно одбива, но таа навалува и повторно навалува нудејќи му долар за возењето. Јас на таа сметка правам шеги, но тие не се смешни туку уште повеќе го

зголемуваат мачниот впечаток. Излегуваме и се повторно враќаме во кафените ридови и жештината.
Кога конечно пристигнуваме во Лемон сме навистина преморени. Во еден бар слушаме дека постои место за кампирање нешто појужно. Џон сака да кампира во паркот сред Лемон, што на Крис му се чини чудно и силно го лути.
Сега сум поуморен отколку што се сеќавам дека сум бил веќе подолго време. Другите исто така. Но се влечеме низ супермаркетот, купуваме производи кои ни паѓаат под рака и со мака ги пакуваме на моторите. Сонцето веќе толку потонало што ни снемува виделина. За еден час ќе падне ноќ. Како да не се движиме. Се прашувам, дали намерно одолговлекуваме, или што?

- Ајде, Крис, одиме - велам.
- Немој да викаш на мене. Јас сум подготвен.

Се возиме по споредeн пат од Лемон, исцрпени, и ни се чини дека тоа трае долго, но не може да биде предолго затоа што сонцето е се уште над хоризонтот. Кампот е пуст. Добро е. Но остана уште помалку од половина час сонце а сила веќе нема. Сега е најтешко.

Се обидувам да ги распакувам работите што е можно побргу но од исцрпеноста сум толку глупав што се распоредувам долж патот не сфаќајќи дека тоа е лошо место. Потоа забележувам дека е премногу ветровито. Ова е ветар кој доаѓа од висорамнината. Тука теренот е полупустински, се е изгорено и исушено освен езерото, еден вид голем резервоар под нас. Ветерот дува преку тоа езеро и удира по нас со остри удари. Веќе е студено. Дваесетина чекори од патот има некои ситни борови па му велам на Крис да ги пренесе работите таму.
Тој не го прави тоа. Исчезнува долу кон резервоарот. Јас самиот ја пренесувам опремата.
Додека ги пренесувам работите, забележувам дека Силвија навистина се обидува да подготви се што треба за готвење, но и таа е уморна исто како и јас.
Сонцето заоѓа.
Џон собрал гранки но тие се толку дебели а ветерот толку силен што е тешко да се запалат. Треба да се исцепкаат. Се враќам меѓу боровите, во темнината се обидувам да ја најдам мачетата, но толку е мрачно што не можам да ја пронајдам. Потребна ми е џепна ламба. Ја барам, но премрачно е да ја пронајдам и неа.
Се враќам, го палам моторот и го приближувам за со рефлекторите да ја осветлам опремата и да ја пронајдам џепната ламба. Пребарувам се, предмет по предмет, за

да ја најдам џепната ламба. Ми треба долго време да сфатам дека не ми е потребна џепната ламба, туку мачетата која ми боде очи. Додека да се вратам Џон веќе го запалил огнот. Се служам со мачетата да расечам неколку поголеми парчиња дрво.
Се појавува Крис. Кај него е џепната ламба!
- Кога ќе јадеме? - се жали.
- Подготвуваме вечера колку што е можно побргу - му велам. Остави ја ламбата тука.
Тој повторно исчезнува и ја носи ламбата со себе.
Ветерот дува толку силно во оганот што тој се крева доволно високо за на него да ги печеме парчињата месо. Се обидуваме да направиме заветрина користејќи големи камења од патот, но е претемно за да гледаме што правиме. Ги приближуваме обата мотора и целата сцена ја осветлуваме со вкрстени светла. Чудна светлина. Честички пепел излетувајќи од оганот одеднаш стануваат блескаво бели, потоа исчезнуваат на ветерот.
БУУУУМ! Силна експлозија зад нас. Потоа го слушам Крис како ѓаволесто се смее. Силвија е вознемирена.
- Најдов некои петарди - вели Крис.
На време го смирувам бесот, па студено му велам: - Време е за јадење.
- Потребен ми е ќибрит - вели тој.
- Седи и јади.
- Прво дај ми ќибрит.
- Седи и јади.
Тој седнува и јас се обидувам да го јадам месото сечејќи го со војнички нож, но тоа е претврдо па го вадам својот ловечки нож наместо него. Светлото од моторот е вперено директно во мене, така што ножот, кога го спуштам во тавата, е во потполна сенка, па не можам да видам на што го набодувам.
Крис вели дека ниту тој не може да го сече своето месо и јас му го поддавам својот нож. Додека се наведнува кон мене, сето свое јадење го истура на церадата.
Никој не вели ниту збор.
Не сум лут за истуреното, лут сум поради тоа што церадата сега ќе биде масна се до крајот на излетот.
- Има ли уште? - прашува тој.
- Јади го тоа - велам јас. - Само падна на церадата.
- Премногу е нечисто - вели тој.

- Но, тоа е се што имаме.

Не заплиснува бран нерасположение. Сега само сакам да појдам на спиење. Но тој е лут и очекувам дека ќе ни се случи еден од неговите испади. Го чекам тој момент и тој наскоро доаѓа.

- Не ми е вкусно - вели.
- Да, тврдо е, Крис.
- Не ми се допаѓа ништо од сето ова. Не ми се допаѓа целово ова кампирање.
- Тоа беше твоја идеја - вели Силвија. - Ти сакаше да се кампува.

Не смееше тоа да го каже, но тоа таа не можеше да го знае. Кога еднаш ќе загризеш на неговата мамка, тој ќе ти фрли уште една, па уште една, па уште една додека најпосле не го удриш, а тоа е всушност она што тој навистина го посакува.

- Баш ми е гајле - вели тој.
- Па би требало да ти биде - вели таа.
- Не ми е гајле.

Блиску сме до моментот на експлозија. Силвија и Џон ме гледаат, но јас сум и понатаму мирен. Ми е жал заради сето тоа но во овој миг не можам да им помогнам. Секој мој збор може само да ја влоши ситуацијата.

- Не сум гладен - вели Крис.

Никој не одговара.

- Ме боли желудникот - вели тој.

Експлозијата е избегната кога Крис се врти и исчезнува во темнината.

Завршуваме со јадењето. И помагам на Силвија да раскрене, а потоа некое време седиме околу жарта. Ги гасиме светлата на моторите и ги штедиме акумулаторите, а таа светлна и онака е грда. Ветерот малку опадна и од оганот се шири малку светлина. По неколку мига очите ми се навикнуваат на неа. Храната и лутината ја разбркаа поспаноста. Крис не се враќа.

- Мислиш дека тоа е казнување од негова страна? - прашува Силвија
- Да - велам јас - иако тоа не е вистинскиот збор. - Малку размислувам па додавам: - Тоа е термин од детската психологија - таа работа воопшто не ми се допаѓа. Да речеме дека тој едноставно се однесува како вистинска свиња.

Џон малку се насмевнува.

- Сепак - велам - вечерата беше добра. Жал ми е што се однесуваше така.
- О, не е важно - вели Џон. - Мене ми е само жал што нема ништо да јаде.
- Нема да му штети.
- Зарем не мислиш дека може да се загуби?

- Не, ако се загуби ќе се дере.

Сега кога го нема Крис а ние немаме што да правиме станувам свесен за просторот околу нас. Ниту еден звук. Осамена прерија.

Силвија вели: - Веруваш ли дека навистина го боли желудникот?

- Да, велам помалку догматски. Жал ми е што гледам дека разговорот продолжува, но тие заслужуваат подобро објаснување од она што им го давам. Веројатно чувствуваат дека тука има повеќе од она што го слушнаа. - Сигурен сум дека го боли - велам најпосле. - Прегледан е пет-шест пати. Еднаш се чувствуваше толку лошо што помисливме дека е слепото црево…Се сеќавам, бевме горе на север за празниците. Само што бев завршил една инженерска понуда вредна пет милиони долари за која се отепав од работа. Тоа е еден цел свет за себе. Ни време ни трпение, а шест стотини страници кои треба да бидат направени за една седмица. Бев спремен да убијам неколкумина, па помисливме дека е најдобро да се отиде некое време во шума. Едвај можам да се сетам каде бевме. Главата и понатаму ми се матеше од податоците од понудата, а Крис постојано врескаше. Не можевме ни да го допреме, додека најпосле не стана јасно дека морам да го зграпчам и да го однесам во болница. Никогаш нема да дознаам каде беше тоа, но се сеќавам дека не пронајдоа ништо.

- Ништо?

- Ништо.

- Зарем баш ништо не најдоа? - прашува Силвија.

- Оваа пролет поставија дијагноза според која се работи за почетни симптоми на душевна болест.

- Што? - вели Џон.

Премрачно е за да ги видам Силвија или Џон, па дури и контурите на планините. Се обидувам да ги наслушнам звуците во далечината, но не слушам ништо. Не знам што би одговорил па не велам ништо.

Кога добро ќе се загледам можам да ги насетам ѕвездите над нас, но поради оганот пред нас тешко е да се видат. Ноќта насекаде околу нас е густа и темна. Цигарата ми догорела до прстите и јас ја гасам.

- Не го знаев тоа - вели гласот на Силвија. Сите траги на лутина исчезнаа. - Се прашувавме зошто со себе го зема него наместо жена ти - вели она. - Драго ми е што ни кажа.

Џон трупа некои недогорени гламни во оганот.

Силвија вели: - Во што е причината според тебе?

Џоновиот глас чкрипи, како да сака да и каже да престане со тоа, но јас одговарам:
- Не знам. Причините и последиците како да не се согласуваат. Причините и последиците се резултат на мислите. Јас би рекол дека душевната болест доаѓа пред мислата. - Тие не го разбираат ова, сигурен сум. Дури ни јас не го разбирам, но сум премногу уморен за да размислувам за тоа па кревам раце.

- Што мислат психијатрите? - прашува Џон.
- Ништо. Престанав со тоа.
- Си престанал?
- Да.
- Добро ли е тоа?
- Не знам. Не можам да се сетам на ниту една разумна причина поради која би рекол дека тоа не е добро. Тоа е едноставно мој душевен застој. Размислувам за тоа и за сите добри причини па предвидувам ден за преглед, дури и го вртам телефонскиот број, а потоа настапува тој застој како кога некој ја треснува вратата.
- Тоа не е в ред.
- Никој и не мисли дека е. Мислам дека сепак не можам тоа да го растегнувам во недоглед.
- Но зошто? - прашува Силвија.
- Не знам зошто…се работи за тоа дека…не знам…тие не се љубезни….И самиот се изненадувам од тој збор…Коренот му е ист како и во зборот љубов…тие навистина не можат да бидат љубезни кон него затоа што не го љубат…Тоа е она што всушност го чувствувам.

Стар збор, толку древен што е скоро излитен. Колку ли се променил низ вековите! Денес секој може да биде "љубезен". Од секого и се очекува тоа да биде. А порано тоа било врзано за чувствата, за љубовта. Сега тоа најчесто е изглумено однесување, како учителот на првиот училишен ден. Што всушност знаат за љубезноста оние кои не љубат?

Одеднаш во мислите ми се јавува…меин Кинд - моето дете…"Њер реитет со спат дурцх Нацт унд Њинд? Ес ист дер Ватер мит сеинем Кинд".

Чудно се чувствувам заради тоа.

- За што размислуваш? - прашува Силивја.
- За една стара песна, ја напишал Гете. Стара е најмалку двесте години. Еднаш одамна морав да ја научам. Не знам зошто токму сега ми навира, освен…- Чудното чувство повторно се враќа.
- Како гласи? - прашува Силвија.

Се обидувам да се сетам. - Некој човек јава долж морскиот брег во ноќта, спроти ветрот. Тоа е татко кој во неговите прегратки цврсто го држи својот син. Тој го прашува синот зошто е блед, а синот му одговара: "Тате, зар не го гледаш сеништево?". Таткото се обидува да го разубеди момчето па му вели дека тој гледа само перче магла долж брегот и го слуша само шумолењето на лисјата на ветерот, но синот и понатаму вели дека е тоа сениште, а таткото го бодина коњот се пожестоко и пожестоко низ ноќта.
- Како завршува?
- Несреќно…со смртта на детето. Сеништето победува.
Ветерот ја растерува светлината од жарта и ја гледам Силвија како се џари во мене.
- Но тоа била друга земја и друго време - велам. - Тука животот е крај а сеништата немаат значење. Јас верувам во тоа. Верувам и во сето ова - велам гледајќи наоколу по темната прерија - иако уште не сум сигурен што значи сето тоа…Во ништо не сум сигурен во последно време. Можеби поради тоа толку зборувам.
Жарта полека замира. Ние ги пушиме последните цигари. Крис е некаде сам во темнината но јас нема да го барам. Џон внимателно молчи и Силвија молчи, и одеднаш сите сме разделени, само во своите лични вселени, и меѓу нас нема комуникација. Го гасиме огнот и заминуваме на спиење меѓу боровите.
Откривам дека ова мало прибежиште меѓу боровите каде ги ставив вреќите за спиење е истовремено и засолниште од ветерот за милиони комарци од резервоарот со вода. Средството против комарци воопшто не ги спречува. Се завлекувам длабоко во вреќата за спиење и оставам само мало дупче за дишење. Речиси сум заспал кога се појавува Крис.
- Онаму има страшно голем песочен рид - вели тој чкрипејќи додека гази по боровите иглички.
- Да, велам јас. - Ајде спиј.
- Би требало да го видиш. Сакаш ли утре да го видиш?
- Нема да имаме време.
- Може ли да си играм таму утре наутро?
- Можеш.
Тој создава бескрајна бучава додека се соблекува и се сместува во вреќата за спиење. Се вовлекува. Потоа се превртува. Се смирува, па повторно се превртува, сега уште понемирно. Потоа вели: - Тате?
- Што е?
- Како било кога ти си бил момче?

- Спиј, Крис! - Постојат граници до кои човек може да слуша.
Подоцна слушам звучно подголтнување што ми кажува дека тој плаче, па не можам да заспијам иако сум исцрпен. Тука можеби би помогнал некој утешен збор. Тој се трудеше да биде љубезен. но поради некоја причина зборовите ме напуштаа. Утешните зборови се кажуваат повеќе меѓу туѓинци, во болници, а не помеѓу роднини. Тенки емоционални завои од тој тип нему не му се потребни ниту пак тој ги бара…Но не знам што му треба, ниту пак што бара.
Постепено над хоризонтот, над боровите изгрева полната месечина, и според нејзиниот спор и трпелив лак преку небото во полусон ги мерам часовите. Преголем замор. Месечината и чудните сништа и зуење на комарците и необичните исечоци од сеќавања се мешаат во некој нестварен загубен пејсаж на месечината, а тука налегнала магла и јас јавам на коњ и Крис е со мене и коњот скока преку малиот поток кој тече низ песокта кон океанот. Па се прекинува…Па повторно се јавува.
А од маглата изнурнува контура на некоја човечка фигура. Исчезнува кога ќе погледнам во неа директно, но повторно се појавува во моето видно поле кога ќе го свртам погледот. Се подготвувам нешто да кажам, да ја повикам таа фигура, да ја препознаам, но не правам ништо од тоа знаејќи дека доколку направам било каков гест или дејство со кое ќе покажам дека сум ја препознал на таа фигура би и доделил атрибут на реалност кој таа не смее да го има. Но таа фигура ја препознавам дури и ако не го сакам тоа. Тоа е Федар.
Зол дух. Безумен. Од светот во кој нема ни живот ни смрт.
Фигурата бледнее и јас го смирувам стравот…полека…не го забрзувај…само пушти го да потоне…немој да веруваш во неа, немој ниту да не веруваш…но косата на тилот полека ми се крева…тој го повикува Крис, нели?…Да?…

6

На мојот часовник е 9. Веќе е претопло за спиење. Сонцето е високо на небото. Воздухот е чист и сув.
Станувам со потечени очи а зглобовите ме болат од тврдата почва.
Устата ми веќе е сува и испукана, а лицето и рацете испокасани од комарци. Некои вчерашни изгореници ме печат.
Зад боровите изгорената трева и грутчиња земја и песок толку блескаат што е тешко во нив да се гледа. Жештината, мирот и голите ридови и чистото небо создаваат чувство на голем и интензивен простор.

Нема ни трага од влага на небото. Денес ќе биде пеколно топло.
Низ боровите излегувам на чистинка песок сред малку трева и долго гледам, замислено…

Решив денешната шатакуа да почне да го истражува светот на Федар. Порано имав намера едноставно да изнесам некои негови идеи кои се однесуваат на техниката и човечката вредност, а не се однесуваат на него лично, но начинот на мислење и сеќавање од минатата ноќ покажа дека не треба да се оди по тој пат. Тој да се изостави, тоа би значело да се бега од нешто од што не смее да се бега.
Во првото сивило на утрото се сетив на она што ми го кажа Крис за бабата на неговиот пријател Индијанец и нешто ми стана јасно. Таа рекла дека духот се јавува кога некој не е закопан како што треба. Тоа е вистина. Тој никогаш не беше закопан како што треба, и тоа е изворот на проблемите.
Малку подоцна се вртам и гледам дека Џон станал и ме гледа не сфаќајќи ништо. Тој се уште не е потполно буден, па сега бесцелно чекори во круг за да му се разбистри главата. Наскоро и Силвија станува а левото око и е сосема надуено.
Почнувам да ги собирам предметите и да ги пакувам на моторот. Џон го прави истото.
Кога завршуваме со тоа, палиме оган додека Силвија отвара конзерви со сланина и јајца и вади леб за појадок.
Кога јадењето е подготвено, одам до Крис за да го разбудам. Не сака да стане. Повторно го будам. Тој вели дека не сака. Го зграпчувам дното на вреќата за спиење, жестоко го повлекувам како да е чаршаф, и тој е веќе вон неа, трепка и гледа во боровите иглички. Му треба малку време да сфати што се случило, додека јас ја пакувам вреќата.
Тој доаѓа на појадок со навредено лице, јаде само едно залче, вели дека не е гладен, дека го боли желудникот. Јас го покажувам езерото под нас, толку чудно во оваа полупустина, но тој не покажува дека тоа го интересира. Ги повторува своите поплаки. Се правам дека не го слушам а Џон и Силвија исто така не се обѕрнуваат. Драго ми е што знаат каква му е состојбата. Инаку тоа би можело да предизвика вистински конфликт.
Го завршуваме појадокот во тишина, и јас сум необично мирен. Можеби причина за тоа е и одлуката во врска со Федар. Но ние сме истовремено веројатно триесетина метри над езерото, гледајќи преку него во некој вид западна пространост. Голи ридови, никаде никого, никаков звук, а има нешто во таквите

места што ви го бодри духот и ве наведува на помислата дека веројатно се ќе биде подобро.
Додека го товарам остатокот од опремата на багажникот, изненадено гледам дека задната гума прилично се истенчила. Тоа веројатно е резултат на брзината и товарот и вчерашната жештина на патот. Синџирот е исто така лабав па го вадам алатот за да го затегнам и тогаш почнувам со гласни поплаки.
- Што ти е? - вели Џон.
- Се излижале навоите на потиснувачот на синџирот.
Го извлекувам штрафот на потиснувачот и му испитувам навоите. - Згрешив кога еднаш се обидував да ги затегнам без да ја олабавам матицата на осовината. Штрафот е добар. - Му го покажувам. - Изгледа дека се излижале внатрешните навои на рамката.
Џон долго зури во тркалото. - Мислиш дека тоа можеш да го поправиш во градот?
- О, да секако. Можеш со тоа да возиш вечно. Само поради него е тешко да се затегне синџирот.
Тој внимателно набљудува додека ја симнувам завртката од задната осовина, тропкам по неа со чекан од страна додека не го наместам синџирот како што треба, потоа ја затегнувам завртката на осовината со сета сила за осовината да не ми се лизне напред. Тука, за разлика од автомобилот, завртката на осовината не влијае врз налегнувањето на лежиштата.
- Како знаеше да го направиш тоа? - прашува тој.
- Едноставно мораш да се досетиш.
- Јас не би знаел од каде да почнам - вели тој.
Размислувам во себе: Во тоа е проблемот, точно, каде да се почне. За да стигнеш до него мораш да се враќаш и враќаш, и колку што повеќе се враќаш толку гледаш дека мораш уште повеќе да се вратиш, додека она што ти изгледало како ситен комуникациски проблем не стане големо филозофско истражување. Поради тоа, претпоставувам, следи оваа чауткава.
Го враќам алатот во кутијата, го затварам капакот од страна и мислам во себе: Тој е сепак доволно вреден за да се стигне до него.
На патот сувиот воздух повторно ја лади слабата пот од занимавањето со синџирот и јас се чувствувам добро некое време. Но, откако потта се исуши станува жешко. Температурата мора да е околу триесет степени.
На патот нема сообраќај, и ние само јуриме понатаму. Денес се патува.

Сега ќе почнам да исполнувам некои обврски наведувајќи дека постоеше некој човек, кого веќе го нема, а кој имаше нешто да каже, но никој не му веруваше или всушност никој не го разбираше. Заборавен е. Заради причини кои ќе станат очигледни би сакал да остане заборавен, но нема друг избор освен неговиот случај да биде повторно отворен.
Не ја знам целата негова приказна. Никој никогаш нема да ја знае, освен самиот Федар, а тој веќе не може да зборува. Но од неговите ракописи и од она што другите го имаат кажано и од скршениците на моето сеќавање би морала да биде формирана некоја приближна слика на она за што тој зборуваше. Со оглед на тоа што основната идеја на оваа шатакуа е земена од него, нема да има вистински застранувања, смо понекое проширување за шатакуата да биде поразбирлива отколку што била пред да се изложи на чист, апстрактен начин. Смислата на проширувањето не е во неговата одбрана, уште помалку во неговата пофалба. Смислата е во тоа тој да биде закопан - засекогаш.
Додека минувавме низ некое мочурливо земјиште во Минесота зборував за "формите" на техниката, "смртната сила" од која како да бегаат Сатерлендови. Сега би сакал да тргнам во спротивен правец од Сатерлендови, кон таа сила и во нејзиното средиште. Правејќи го тоа ќе влегуваме во светот на Федар, единствениот свет кој некогаш го познавал, во кој сето разбирање е во врска со внатрешната форма.
Светот на внатрешната форма е необична тема за расправа бидејќи тоа всушност е самиот начин на кој се води расправата. За нештата расправате во смисла на нивниот непосреден изглед или за нив расправате во смисла на нивната внатрешна форма, а кога се обидувате да расправате за тие начини на расправање се вплеткувате во нешто што би можело да се нарече проблем на стојалиште. Нема стојалиште од кое би можеле за нив да расправате, освен самите тие начини.
Порано расправав за неговиот свет на внатрешната форма, или барем за нејзиниот аспект наречен техника, од надворешен аспект. Сега мислам дека би било вистинско време да се разговара за светот на внатрешната форма од неговиот сопствен аспект. Сакам да зборувам за внатрешната форма на самиот свет на внатрешната форма.
За да го сторам тоа потребна ми е пред се една дихотомија, но пред да можам со неа чесно да се послужам морам да се вратам назад и да кажам што е тоа и што тоа значи, а тоа е долга приказна за себе. И дел од тој проблем на враќањето назад. Но токму сега сакам да ја употребам дихотомијата а ќе ја објаснам подоцна.

Сакам да го поделам човечкото поимање на два вида - на класично поимање и на романтично поимање. Во смисла на крајната вистина ваквата дихотомија не значи многу но е потполно оправдана кога некој се служи со класичниот начин да открие или да создаде свет на внатрешна форма. Изразите класично и романтично, онака како што ги употребуваше Федар, го означуваат следново:
Класичното поимање го гледа светот првенствено како внатрешна форма.
Романтичното поимање го гледа првенствено во смисла на неговиот непосреден изглед. Ако на некој романтичар му покажеш машина или технички цртеж или електронска шема, малку е веројатно дека тој ќе покаже некакво интересирање за тоа. Тоа не го привлекува бидејќи стварноста која тој ја гледа лежи на површината. Досаден и сложен попис на имиња, линии и бројки. Ништо интересно. Но ако тој ист нацрт или шема му ги покажеш на некој класичен ум, или му дадеш некој опис, тој можеби ќе ги погледне а потоа ќе остане восхитен, бидејќи внатре линиите и скиците и симболите гледа страшно богатство на внатрешна форма.
Романтичниот начин е пред се полн со фантазија и е креативен, заснован на инспирација и интуиција. Преовладуваат чувствата над фактите. "Уметноста" е често романтична кога се поставува како спротивност на "Науката". Таа не го следи разумот ниту законите. Таа ги следи чувствата, интуицијата и естетската совест. Во културите на северна Европа романтичниот начин често се поврзува со женственоста, но тоа поврзување во никој случај не е неопходно.
Класичниот начин, напротив, го следи разумот и законите - кои самите по себе се внатрешни форми на мислите и однесувањето. Во европските култури тоа е првенствено мажевниот начин, па подрачјата на природните науки, правото и медицината токму затоа не им се привлечни на жените. Иако возењето на мотор е романтично, одржувањето на моторот е чисто класично. Нечистотијата, маснотијата, потребното познавање на внатрешната форма, сето тоа на моторот му дава толку негативни романтични својства што жените никогаш не му се приближуваат.
Иако површинската грдост често се наоѓа во класичниот начин на поимање, таа не му е инхерентна. Постои класична естетика која романтичарите често не ја гледаат поради нејзината суптилност. Класичниот стил е директен, неразубавен, бесчувствителен, економичен и внимателно дозиран. Неговата смисла не е во тоа да предизвикува чувства, туку да извлекува ред од хаосот и непознатото да го направи познато. Тоа не е естетски слободен и природен стил. Тој е естетски

ограничен. Се е под контрола. Неговата вредност се мери во смисла на вештината со која таа контрола се одржува.
За еден романтичар тој класичен начин често пати изгледа досаден, неспретен и грд, како и самото механичарско одржување. Се се состои од делови и парчиња и состојки и врски. Не можеш ништо да знаеш додека се не помине десетина пати низ компјутер. Се мора да се мери и испитува. Мачно. Тешко. Бескрајно сиво. Смртоносна присила.
Сепак во класичниот начин се јавува по нешто од романтичното. Нешто површно, ирационално, сомнително, на кое не може да му се верува, заинтересирано првенствено за задоволства. Плитко. Небитно. Нешто паразитско што не може или не сака да ја носи сопствената тежина. Му претставува товар на општеството. Сега веќе овие борбени линии би требало да звучат донекаде познато.
Тоа е извор на конфликт. Луѓето се склони да мислат и да чувствуваат само на еден или на друг начин, и оттаму се склони погрешно да го разберат или да го потценат сето она што спаѓа во другиот начин. Но никој не сака да се откаже од вистината онаква каква што самиот ја гледа, и колку што знам, никој жив на светот не знае како да ги помири овие вистини и начини на поимање. Не постои точка во која би се соединиле тие гледања на стварноста.
И така во последно време гледаме како се продлабочува големиот јаз помеѓу класичната и романтичната противкултура - два света кои се повеќе се отуѓуваат и меѓусебно се мразат а сите се прашуваат дали засекогаш ќе биде така, куќа која се свртела против самата себе. Никој не го сака тоа, и покрај она што би можеле да го мислат антагонистите од другата димензија.
Во овој контекст е значајно она што Федар го мислеше и говореше. Но тоа никој не го слушна во она време и сите почнаа да сметаат дека тој е настран, потоа непожелен, потоа помалку луд, а потоа потполно душевно болен. Нема сомневање дека тој бил пореметен, но мноштвото негови ракописи од тоа време покажуваат дека до душевната болест го довело токму тоа непријателско мислење за него. Необичното однесување клони кон тоа да предизвика отуѓување кај другите, што пак клони кон тоа да го продлабочи необичното однесување, што пак повторно предивзикува оутѓување, и така тоа се врти во круг додека не достигне некоја кулминација. Во случајот на Федар тоа беше полициското апсење по судски налог и трајното отстранување од општеството.

Гледам дека се наоѓаме пред левото завртување на сојузниот пат број 12 и Џон запира да наполни бензин. Јас застанувам крај него.
Термометарот покрај вратата на бензинската станица покажува 33 степени. - Денес повторно ќе биде тешко - велам.
Откако ги полниме резервоарите минуваме улица и одиме на кафе во некој ресторан. Секако, Крис е гладен.
Му велам дека чекав на тоа. Му велам дека мора да јаде со нас останатите или воопшто да не јаде. Без лутина. Трезно. Тој сака да приговара но сфаќа што го чека. Го фаќам погледот на Силвија кој е полн со олеснување. Очигледно мислеше дека ова ќе биде траен проблем.
Откако го испиваме кафето и излегуваме надвор жештината е толку ужасна што се качуваме на моторите колку што е можно побргу. Повторно се јавува она моментално ладење, но исчезнува. Испржената трева и песокот толку блескаат на сонцето што морам да мижам. Овој сојузен пат број 12 е стар и лош. Оштетен бетон закрпен со асфалт кој е нерамен. Знаците предупредуваат на идни свиоци.
Од обете страни на патот има дотраени засолништа и бараки кои се собирале низ годините. Сообраќајот сега е густ. Јас сум сепак среќен што размислувам за рационалниот, аналитичен, класичен свет на Федар.
Неговиот вид рационалност се користел од дамнина за човек да избега од досадата и тегобноста на неговата непосредна околина. Нејзе човек тешко ја гледа затоа што некогаш служела за човек да се оддалечи од сето тоа, а потоа тоа бегство било толку успешно што сега романтичарите се обидуваат да избегаат од "сето тоа". Она што го прави неговиот свет тежок за разбирање не е неговата необичност, туку неговата обичност. И она што го познаваш може да те заслепи. Неговиот начин на гледање на работите создава некој вид опис кој би можел да се нарече "аналитички". Тоа е второ име за класичното стојалиште од кое за нештата се расправа во смисла на нивната внатрешна форма. Тој целиот беше класична личност. А за подетално да го опишам неговиот аналитички пристап, ќе го свртам назад кон него самиот - ќе ја анализирам самата анализа. Тоа најпрвин ќе го направам преку еден опширен пример кој се однесува на него, а потоа ќе го расчленам за да се види што е тој всушност. Моторот е совршен за таа цел, затоа што самиот мотор го измислиле класични умови. Значи внимавајте:
Заради исполнување на целта на една класична рационална анализа моторот може да се подели во однос на неговите составни делови и во однос на неговата функција.

Ако се дели во однос на неговите составни делови, најосновната поделба би била онаа на погонски механизам и работен механизам.
Погонскиот механизам може да се подели на мотор и преносен систем. Најпрво ќе го разгледаме моторот.
Моторот се состои од куќиште кое содржи погонски склоп, од систем гориво-воздух, систем за палење, систем за довод на горивото и систем за подмачкување.
Погонскиот склоп се состои од цилиндер, клипови, коленасто вратило, спојни шипки и замаец.
Ситемот гориво-воздух, како дел од моторот, се состои од овие делови: резервоар и филтер за бензин, прочистувач на воздух, карбуратор, вентили и испусни цевки.
Системот за палење се состои од алтернатор, исправувач, акумулатор, високонапонски навој и свеќички.
Системот за довод на гориво се состои од ребраста осовина, синџир, клацкалица и разводник.
Системот за подмачкување се состои од пумпа за масло и црево за пренос на масло низ целото куќиште.
Помошниот механизам кој го следи погонскиот механизам се состои од шасија, вклучувајќи потпирачи за нозете, седиште и браници; од склоп за управување, преден и заден амортизер, тркала, контролни команди и кабли, светла и сирени, како и покажувач на брзина и километража.
Тоа е моторот кога ќе се подели во однос на неговите составни делови. За да се знае за што служат тие составни делови, потребна е поделба во однос на функциите:
Моторот може да се подели на нормални работни функции и специјални функции под контрола на операторот.
Нормалните работни функции можат да се поделат на функции за време на вбризгување, функции за време на компресија, функции за време на експанзија и функции за време на исфрлување.
И така натаму. Би можел да продолжам за тоа како се одвива секоја поединечна функција во секој од четирите такта, па да поминам на функциите под контрола на операторот, и тоа би бил многу груб опис на внатрешната форма на моторот. Би бил краток и основен, какви што се обично описите од тој вид. Речиси секој од споменатите составни делови би можел да се дели понатаму во недоглед.
Прочитав цела книга за платинките кои се само мал но важен дел од разводникот. Постојат и други типови на машини кои се разликуваат од едноцилиндричниот

Отов мотор кој е тука опишан: двотактни мотори, многуцилиндрични мотори, дизел мотори, Ванкел мотори - но овој пример е доволен.
Овој опис ќе го покрие она што кога се говори за моторот во смисла на составните делови, и она како кога се говори за моторот во смисла на неговата функција. Би била неопходна и анализата "каде" во форма на илустрација, исто така и анализата "зошто" во форма на машински принципи кои довеле до ова посебно обликување на деловите. Но нашата цел не е исцрпно да го анализираме моторот. Тој само треба да ни послужи како почетна точка, пример за еден начин на поимањето на нештата кој самиот ќе стане предмет на анализа.
Сигурно нема ништо чудно во овој опис кога тој ќе се чуе за прв пат. Звучи како нешто од учебник за почетници, или можеби како прва лекција од некое предавање - увод во тој занает. Она што е необично во тоа се гледа кога тоа ќе престане да биде начин на расправање и кога ќе стане предмет на расправа. Тогаш мора да бидат истакнати неколку нешта.
Она што најпрвин се забележува во тој опис е нешто што е толку очигледно што мора да биде ставено под контрола, во спротивно може да ја надгласи секоја друга забелешка. Имено: тоа е човек да умре од досада. Бла-бла, бла-бла, бла, карбуратор, пренос, компресија, бла-бла, цилиндри, свеќички, вбризгување, бла-бла-бла, и така натаму и така натаму. Тоа е романтичното лице на класичниот начин. Досадно, неспретно и грдо. Ретко кој романтичар стигнува подалеку од оваа точка.
Но ако можете да ја побиете таа најочигледна забелешка, тогаш можат да се забележат некои други нешта кои на почетокот ги немало.
Прво, речиси е невозможно да го разберете вака опишаниот мотор, освен ако веќе не знаете како работи. Непосредните површински впечатоци кои се важни за основното поимање веќе не постојат. Останува само внатрешната форма.
Второ, недостасува набљудувач. Описот не кажува дека морате да ја отстраните главата на цилиндерот ако сакате да го видите клипот. "Вас" ве нема никаде во целата таа слика. Дури и "оператор" е некој вид безличен робот кој механички изведува некои функции на машината. Не постојат стварни субјекти во овој опис. Постојат само објекти кои се независни од било кој набљудувач.
Трето, зборовите "добро" и "лошо" се отсутни во целост, исто како и нивните синоними. Никаде не се изнесени никакви вредносни судови, само факти.
Четврто, тука се движи некој нож. Изразито смртоносен нож; интелектуален скалпер кој е толку брз и толку остар што понекогаш не го гледате додека се

движи. Добивате впечаток дека сите тие делови се токму таму и дека нивното набројување се одвива истовремено со нивното постоење. Но тие можат да бидат набројани и сосема понаку и сосема поинаку да се сложат зависно од начинот на кој се движи тој нож.
На пример, механизмот за довод на горивото кој ја вклучува ребрастата осовина, синџирот, клацкалиците и разводникот постои само поради необичниот рез на тој аналитички нож. Ако појдете во продавница за резервни делови за мотори и побарате механизам за довод на гориво, тие нема да имаат претстава за што зборувате. Тие не го разложуваат моторот на тој начин. Не постојат два производителa кои го разложуваат моторот на потполно ист начин, а на секој механичар му е познат проблемот кога ви е потребен дел кој не можете да го купите а не можете да го пронајдете затоа што производителот го смета за дел од нешто друго.
Важно е да се види и да се знае што е тој нож и да не се биде заслепен од помислата дека моторите или било што друго се такви какви што се само затоа што тој нож случајно така ги исекол. Важно е човек да се концентрира на самиот нож. Подоцна ќе посакам да ви кажам како вештината на креативната и делотворната употреба на ножот може да доведе до разврска на класичниот и романтичниот раскол.
Федар беше мајстор на тој нож, и го употребуваше спретно и со чувство на моќ. Со еден единствен удар на аналитичката мисла го раздроби целиот свет на делови по свој избор, ги ситнеше деловите и деловите на тие делови, се поситно и поситно додека не ги сведе на она што тој сакаше тие да бидат. Дури и посебната употреба на поимите "класично" и "романтично" се примери за неговото ракување со тој нож.
Но доколку целата работа се сведува на неа, на таа аналитичка вештина, јас со задоволство тука би престанал да говорам за него. Сепак, важно е да не престанам да говорам за него поради тоа што тој таа вештина ја употреби на толку чуден а истовремено и толку значаен начин. Никој тоа никогаш не го виде, мислам дека дури ни тој самиот не го виде, и можеби тоа е само моја заблуда, но ножот со кој тој се служеше помалку личеше на нож на убиец а повеќе на нож на слаб хирург. Можеби тука и нема некоја разлика. Но тој виде дека се случува нешто болно и немоќно и почна да сече длабоко, се подлабоко и подлабоко за да допре до коренот на нештата. Тој бараше нешто. Тоа е важно. Тој нешто бараше, а го користеше ножот бидејќи тоа беше единствената алатка која ја имаше. Но тој толку

многу се внесе во тоа, и отиде толку далеку, што на крајот самиот стана своја вистинска жртва.

7

Насекаде жештина. Не можам повеќе да ја игнорирам. Воздухот е како печка што е толку загреана што очите под наочарите ми се студени во споредба со остатокот од лицето. Рацете ми се студени, но на ракавиците се гледаат големи дамки пот опкружени со бели ленти исушена сол.

На патот пред нас една чавка клука некаква мрша и полека полетува додека и се приближуваме. Се чини дека на патот има и некаков гуштер, сув и слепен за асфалтот.

На хоризонтот се појавува слика на згради кои помалку треперат. Гледам на картата и заклучувам дека тоа би морал да биде Боуман. Помислувам на студената вода и клима уредите.

На улиците и плочниците на Боуман не гледаме речиси никого, иако мноштвото паркирани автомобили покажува дека има луѓе. Сите се во своите домови. Вртиме на паркиралиштето на аголот и ги оставаме моторите така за да можеме веднаш да излеземе кога ќе бидеме подготвени да тргнеме. Еден единствен постар човек кој носи шешир со широк раб не набљудува додека ги качуваме моторите на потпирачите и ги симнуваме шлемовите и наочарите.

- Дали ви е доволно жешко? - не прашува. Лицето му е безизразно.

Џон одмавнува со главта и вели: - Многу!

Изразот на лицето во сенката на шеширот се приближува до насмевка.

- Колкава е температурата? - прашува Џон.

- Пред малку беше триесет и девет - вели тој. - Веројатно сега е четириесет.

Не прашува дали доаѓаме оддалеку и ние му кажуваме а тој климнува во знак на одобрување. - Тоа е долг пат - вели. Потоа не прашува за моторите.

Пивото и клима уредите не викаат, но ние не го прекинуваме разговорот. Едноставно стоиме на сонце на четириесетина степени и разговараме со тој човек. Тој е сточар, во пензија, вели дека наоколу има прилично многу ранчеви и дека пред неколку години имал мотор од марката Хендерсон. Драго ми е што сака да разговара за својот Хендерсон на сонце на температура од четириесетина степени. Разговараме за него уште некое време, додека Џон и Силвија и Крис стануваат се понестрпливи, и кога најпосле се простуваме од него тој вели дека му е драго што се запознал со нас и ние чувствуваме дека тој искрено го вели тоа иако лицето и

понатаму му е безизразно. Заминува од нас со некоја бавна достоинственост, на сонце, на четириесетина степени.
Во ресторанот се обидувам да го продолжам разговорот, но тоа никого не го интересира. Џон и Силвија изгледаат како да се навистина вон тоа. Тие само седат и го вдишуваат климатизираниот воздух без ниту едно движење. Келнерката доаѓа за да нарачаме и тоа малку ги разбудува, но се уште не се подготвени да нарачаат па таа повторно заминува.
- Јас не си одам од тука - вели Силвија.
Ми се враќа сликата на стариот човек со шеширот. - Замисли како било тука пред климатизацијата - велам јас.
- Замислувам - вели таа.
- На толку жежок пат и со слаба задна гума каква што е мојата, не би смееле да возиме над сто - велам јас.
Никој не вели ништо.
За разлика од нив, Крис изгледа како да е вратен во неговата нормална состојба, немирен е и набљудува се. Кога храната пристигнува, за миг ја јаде и потоа, додека ние се уште ја јадеме првата половина, сака уште. Добива додаток и го чекаме додека не заврши со јадењето.
Возиме на патот а жештината станува сурова. Наочарите веќе не се доволни за оваа спарина. Потребна е маска за заварување.
Висорамнините минуваат во измиени и истенчени ридови. Се е светло бело и изгорено. Никаде ниту страк трева. Само ретки стебленца пиреј и камења и песок. Црнината на патот е олеснување за погледот, па гледам во неа и набљудувам како нејасната површина минува под потпирачот за нозе. Освен тоа, гледам дека левата испусна цевка станала помодра отколку порано. Плукам на површината на ракавицата, ја допирам цевката и забележувам дека плунката црцори. Не е добро. Сега е важно само да се продолжи со тоа и човек да не се бори во мислите…контрола на духот…

Сега би говорел за Федаровиот нож. Тоа ќе помогне да се сфатат некои работи за кои разговаравме.
Примената на тој нож, делењето на светот на состојки и градењето на оваа структура - тоа е нешто што секој го прави. Цело време сме свесни за безброј нешта околу нас - тие променливи облици, тие ридови кои горат, звукот на моторот, чувствувањето на гасот, секој камен и пиреј и ограда и отпадок крај патот - свесни

сме за тие нешта, но тие не ни оставаат впечаток освен ако не одразуваат нешто што сме однапред подготвени да го забележиме. Невозможно е да се забележат сите тие нешта и истите да се запаметат, бидејќи во тој случај мозокот би ни бил толку полн со некорисни детали што не би биле способни да мислиме. Од целата таа свесност мораме да бираме, и она што ќе го избереме и што ќе го наречеме свесна свесност никогаш не е исто што и свесноста, бидејќи таа се менува при постапката на избирање. Ние земаме ракатка песок од бескрајниот пејсаж на свесноста околу нас, и таа ракатка песок ја нарекуваме свет.
Кога еднаш ја имаме таа ракатка песок, тој свет за кој сме свесни, врз него почнува да работи процесот на расчленување. Тоа е ножот. Го расчленуваме песокот на делови. Ова и она. Тука и таму. Црно и бело. Сега и тогаш. Расчленувањето е поделба на вселената на свеста на делови.
Таа ракатка песок на почетокот изгледа еднолично, но колку подолго се набљудува толку се чини поразлична. Секое зрнце песок е различно. Не постојат две еднакви. Некои зрнца се слични на еден начин, други се слични на друг, па песокот можеме да го расчлениме во посебни купчиња врз основа на таа сличност и несличност. Нијансите боја во различни купчиња…големините во различни купчиња…формите на зрнца во различни купчиња…степените на темност на различни купчиња…и така натаму, и така натаму. Можеби би помислиле дека процесот на субподелба и класификација некаде завршува, но тој не завршува. Тој едноставно оди и понатаму и понатаму.
Класичното поимање се занимава со купчињата, основата за нивното делење и нивното меѓусебно поврзување. Романтичното поимање се концентрира врз ракатката песок пред да почне делбата. Обата начина на набљудување на светот се исправни, иако се меѓусебно непомирливи.
Она што е непоходно потребно во овој момент е таков начин на гледање на светот кој не врши насилие над ниту едно од овие две поимања, туку ги здружува во едно. Таквото поимање нема да ја отфрли ниту поделбата на песокот ниту испитувањето на неподелениот песок. Наместо тоа, таквото поимање ќе се обиде да го насочи вниманието врз бескрајниот пејсаж од кој е земен песокот. Ете тоа е она што сакаше да го постигне Федар, тој слаб хирург.
За да се сфати она што тој се обидуваше да го направи, потребно е да се види дел од пејсажот, кој е неделив од него, тој мора да се разбере, а тоа е човекот сред пејсажот што го дели песокот на купчиња. Да се види пејсажот а да не се види тој

човек значи пејсажот воопшто да не се види. Да се отфрли оној дел од Буда кој ја врши анализата на моторот, значи потполно да се промаши Буда.
Постои вечно прашање кое прашува кој дел од моторот е Буда, кое зрнце песок во кое купче е Буда. Оној кој го поставува тоа прашање очигледно гледа во погрешна насока, бидејќи Буда е насекаде. Но истоветно постапува и оној кој гледа во точната насока, бидејќи Буда е насекаде. Многу е веќе кажано за Буда кој постои независно од било каква аналитичка мисла - некое ќе речат дури и премногу, па така ќе го доведат под сомневање секој обид на тоа нешто да се додаде. Но за Буда кој постои внатре аналитичката мисла, и на неа и дава правец, за него очигледно не е ништо кажано, и за тоа постојат историски разлози. Но историјата и понатаму се случува, и се чини дека не би било штетно а можеби дури и би било од полза на нашето историско наследство да му се придодаде малку разговор на оваа тема.
Кога аналитичката мисла, ножот, се применува во однос на искуството, при тој процес нешто се убива. Тоа е добро познато, барем во уметноста. Искуството го довело Марк Твен до заклучокот според кој, откако го совладал аналитичкото знаење потребно за пловење по Мисисипи, открил дека реката ја загубила својата убавина. Нешто навистина умира. Но - тоа во уметноста помалку се забележува - нешто исто така секогаш бива и создадено. И наместо да се занимаваме со она што умрело, важно е истовремено да се согледа што е создадено и тој процес да се набљудува како некој вид непрекинатост на умирања и раѓања кој не е ниту добар ниту лош, туку само траен.

Минуваме низ град кој се вика Мармат но Џон не застанува ни да здивне па така продолжуваме. Се поголема жега, земјата е се поодбивна, минуваме преку граница и влегуваме во Монтана. На тоа ни укажува знак покрај патот.
Силвија мавта со рацете горе-долу и јас притискам на сирената наместо одговор, но кога го здогледувам знакот моето расположение не е воопшто славеничко. Информацијата од знакот во мене предизвикува изненадувачка внатрешна напнатост која за нив не постои. Тие никако не можат да знаат дека сме сега во земјата каде живееше тој.

Сиот овој досегашен разговор за класичното и романтичното поимање мора да изгледа како чуден заобиколен пат до неговиот опис, но тој заобиколен пат е единствен по кој се стигнува до Федар. Кога би се опишал неговиот физички изглед

или кога би се дале податоци за неговиот живот би се останало на она лажливото, на површностите. И директното стигнување до него би значело предизвикување несреќа.
Тој беше душевно болен. А кога директно гледате во некого кој е душевно болен во него го гледате само одразот на своето знаење дека тој е душевно болен, што значи дека воопшто не го гледате. За да го видите морате да го видите она што тој го видел, а кога се обидувате да го видите виденијето на душевниот болен заобиколниот пат е единствената стаза која води до него. Во спротивно вашите мислења го блокираат патот. Постои само еден пристап до него за кој гледам дека е прооден, а имаме уште многу за одење.
Се впуштив во сета оваа работа со анализите и дефинициите и хиерархиите не поради нив самите туку за да положам темели за разбирање на правецот во кој тргна Федар.
Пред некоја вечер му реков на Крис дека Федар го минал сиот свој живот прогонувајќи некакво сениште. Тоа е вистина. Сеништето кое го прогонувал лежи во основата на сета технологија, сета модерна наука, сета западна мисла. Тоа е сеништето на рационалноста. Му реков на Крис дека тој го пронашол тоа сениште и дека кога го нашол добро го натепал. Мислам дека тоа во преносна смисла е вистина. Нештата кои ќе ги изнесам на светлината на денот во текот на нашето напредување се само некои нешта кои тој ги открил. Сега времињата се такви што најпосле и другите можат да ја разберат нивната вредност. Во тие времиња никој не би го видел сеништето кое Федар го прогонувал, но мислам дека сега се поголем број луѓе го гледа или барем го насетува во тешки моменти, тоа сениште кое себеси се нарекува рационалност, но неговата појава е некохерентна и без значење, а како негов резултат најобичните секојдневни постапки изгледаат помалку лудо поради својата неповрзаност со било што друго. Тоа е сеништето на нормалните секојдневни претпоставки кое тврди дека конечната смисла на животот, т.е. самото одржување на животот, не е можно, но дека тоа е сепак неговата конечна смисла, оттаму големите умови очајно се борат да ги излечат болестите за луѓето да живеат подолго, а само лудите прашуваат зошто. Човекот живее подолго за да живее подолго. Друга смисла нема. Тоа го вели сеништето.

Во Бејкер, каде застануваме, термометарот покажува 42 степена во сенка. Кога ги симнав ракавиците резервоарот со бензин беше толку жежок што не можев да го допрам. Моторот испушта лоши звуци заради преголемото загревање. Многу

лошо. И задната гума е прилично истенчена и јас под раката можам да почувствувам дека е речиси исто толку жешка колку и резервоарот.
- Ќе мораме малку да забавиме - велам.
- Што?
- Мислам дека не смеам да возам над осумдесет - велам.
Џон ја гледа Силвија и таа го гледа него. Тие веќе нешто коментирале во врска со мојата бавност. Ми изгледаат како да им е преку глава од неа.
- Само би сакале да стигнеме бргу - вели Џон, па обајцата фрлаат поглед кон ресторанот.
И синџирот е жежок и сув. Во десната торба барам спреј за подмачкување, го наоѓам, го палам моторот и го подмачкувам синџирот додека моторот работи. Синџирот е толку жежок што спрејот испарува за миг. Потоа налевам малку масло, го пуштам моторот да работи една минута па го гасам. Крис стрпливо чека, потоа ме следи до ресторанот.
- Ми се чини дека рече дека големата неволја настапува вториот ден - вели Силвија додека се приближуваме до сепарето каде седат.
- Вториот или третиот - одговарам.
- Или петиот или шестиот?
- Можеби.
Таа и Џон повторно се гледаат со неодамнешниот израз на лицата. Како да велат: - Некој е прекуброен. - Можеби би сакале да побрзаат напред и да ме пречекаат во некој град. Јас самиот би им го предложил тоа, но знам дека доколку почнат да возат многу побргу од мене нема да ме чекаат во никаков град. Ќе ме чекаат покрај патот.
- Не ми е јасно како овдешните луѓе го поднесуваат ова - вели Силвија.
- Но, ова е сурова земја - велам јас со трошка лутина. - Тие знаат дека е таква пред да пристигнат тука, па се подготвени на тоа.
Па додавам: - Ако некој се жали, тој со тоа само им го отежнува поднесувањето на другите. Тие се жилави. Знаат како може човек да издржи.
Џон и Силвија не говорат премногу, па Џон набрзина ја пие неговата кока-кола и тргнува кон шанкот за да "дрмне" нешто посилно. Јас излегувам надвор и го проверувам багажот и гледам дека еден нов ремен е слабо стегнат, па ги разврзувам лабавите јажиња и повторно ги врзувам.
Крис покажува на термометарот изложен на сонце и гледаме дека живата се кренала високо над 50 степени.

Пред излегувањето од градот повторно сум испотен. Периодот на разладување не трае ниту пола минута.
Жештината едноставно не меле. Дури и со наочари за сонце морам да мижам. Нема ништо освен песок кој гори и толку светло небо што е тешко некаде да се гледа. Едноставно насекаде е вжештено до белило. Вистински пекол.
Џон јури напред се побргу и побргу. Јас кревам раце од тоа да го следам и забавувам на деведесет. Освен ако не си го барате, на оваа жештина нема да возите сто и четириесет на час. Само уште тоа ни треба, да ни пукне гума.
Претпоставувам дека го сфатија она што им го кажав како некој прекор, иако не ми беше тоа намерата. И мене не ми е удобно на оваа жега, но нема смисла човек за тоа да се расправа. Додека јас цел ден размислував и говорев за Федар, тие веројатно размислуваа колку е грозно сето ова. Тоа е она што всушност ги исцрпува. Размислувањето.

Некои нешта можат да се кажат за Федар како за индивидуа:
Беше познавач на логиката, класичниот систем кој ги опишува правилата и постапките на систематското мислење кое помага во структурирањето и меѓусебното поврзување на аналитичкото знаење. Беше толку брз во тоа што неговиот коефицијент на интелигенција по тестот Стенфорд-Бинет, кој во основа ја мереше вештината на аналитичкото манипулирање, изнесуваше 170, а таа бројка се јавува само кај еден од педесет илјади луѓе.
Беше систематичен, но кога би се рекло дека размислуваше и работеше како машина тоа би значело да не се разбере природата на неговото размислување. Тоа не беше слично на клиповите и запчаниците и тркалата кои се движат како едно, масивни и координирани. Наместо тоа на памет ми паѓа ласерскиот зрак: сноп светлина со огромна енергија со толкава концентрација што доколку би бил испратен на месечината од Земјата би можел да се види неговиот одраз. Федар не се обидуваше да ја искористи својата генијалност за општото просветлување. Беше во потрага по една специфична цел, нишанеше во неа и ја погоди. И тоа беше се. Општото расветлување на таа цел која тој ја беше погодил изгледа сега чека на мене.
Пропорционално со неговата интелигенција, тој беше екстремно осамен. Не се памети дека имал блиски пријатели. Патуваше секогаш сам. Секогаш. Дури и во друштво со други луѓе беше сосема сам. Понекогаш луѓето го чувствуваа тоа и

сметаа дека со тоа тој ги отрфла, па не го сакаа, но нему не му беше важно тоа што луѓето не го сакаат.
Се чини дека неговата жена и неговото семејство страдаа најмногу. Жена му велеше дека оние кои се обидувале да ги пречекорат неговите граници наидувале на празнина. Јас мислам дека тие копнееја по некоја љубов која тој никогаш не ја покажуваше.
Никој всушност не го познаваше. Тој очигледно сакаше тоа да биде така, па така и беше. Можеби неговата осаменост беше резултат на неговата интелигенција. Можеби таа беше причината. Но тие двете беа секогаш заедно. Таинствена осаменичка интелигенција.
Тоа сепак не е доволно, бидејќи тоа и сликата на ласерскиот зрак не наведуваат на помислата дека тој бил потполно студен и бесчуствителен, а тоа не е вистина. Тој беше занесен ловец во своето прогонување на она што самиот го нарече сениште на рационалноста.
Во овој момент станува особено жив еден исечок од една сцена во планините каде сонцето веќе половина час беше зад планините, а раниот самрак ги претвори дрвјата и карпите во речиси поцрнети сенки со модра и сива и кафена боја. Федар беше тука веќе трет ден без храна. Храна немаше но тој длабоко размислуваше и спознаваше и не сакаше да замине. Не беше далеку од местото каде знаеше дека постои пат, па не се грижеше.
Во самракот кој се спушташе виде дека нешто се движи на патот, а личеше на пес кој му се приближува, на голем овчарски пес или на животно слично на ескимски пес, и тој се прашуваше што довело еден ваков пес на тоа мрачно место во тоа доба на ноќта. Нему пците му беа драги, но ова животно се движеше на таков начин што го вкочани. Се чинеше дека го гледа, дека го испитува. Федар долго време ѕyреше во очите на тоа животно, и во еден миг почувствува некој вид препознавање. Тогаш песот исчезна.
Многу подоцна сфати дека тоа беше шумски волк, и сеќавањето на тоа доживување долго тлееше во него. Мислам дека тоа беше така затоа што тој во него го виде сопствениот лик.
Фотографијата може да покаже физички лик на кој времето е статично, а огледалото може да покаже физички лик во кој времето е динамично, но мислам дека она што тој го виде во планината беше потполно друг вид на лик кој не беше ниту физички ниту пак воопшто постоеше во времето. Сепак, тоа беше некој вид

лик и затоа тој почувствува некакво препознавање. Тоа сега ми се јавува мошне живо бидејќи сношти повторно го видов како лик на самиот Федар.
Исто како и оној шумски волк во планината и тој поседуваше некоја животинска храброст. Одеше по својот пат не водејќи сметка за последиците, а тоа понекогаш ги вчудовидува луѓето исто како што ме вчудовидува мене сега додека слушам за тоа. Но таа храброст не извираше од некаква идеалистичка идеја за саможртва, туку единствено од интензитетот на неговото прогонство, и во тоа немаше ништо благородно.
Јас мислам дека причина на неговото прогонување на сеништето на рационалноста беше тоа што тој сакаше да се освети бидејќи чувствуваше дека и самиот е обликуван по нејзин терк. Сакаше да се ослободи од сопствениот лик. Сакаше да го уништи сеништето бидејќи тоа сениште беше самиот тој, па оттаму сакаше да се ослободи од врските со сопствениот идентитет. На некој чуден начин тоа ослободување беше постигнато.
Оваа приказна за него веројатно изгледа вонземна, но нејзиниот највонземски дел допрва следи. Ова е мојот однос кон него. Тој до сега беше потиснуван и замаглуван, но наспроти се мора да биде изнесен.
Прв пат го открив преку следење на некоја чудна низа случувања од пред многу години. Еден петок отидов во канцеларија и завршив многу работа пред видендот и бев многу среќен поради тоа, па подоцна истиот ден отидов на некоја забава каде, откако предолго и прегласно разговарав со сите и откако испив премногу, влегов во некоја споредна соба малку да прилегнам.
Кога се разбудив, видов дека сум ја преспал целата ноќ, бидејќи веќе во собата влегуваше дневна светлина, па помислив:"Боже, не знам ниту како се вика домаќинот!", и се прашував до какви ли неволји може да доведе тој факт. Собата ми изгледаше како онаа соба во која легнав да спијам, но кога влегов во неа беше мрачно а јас освен тоа бев пијан како клен.
Станав и забележав дека облеката ми е променета. Тоа не беше облеката која ја носев претходната ноќ. Излегов низ вратата, но на мое изненадување излезот не водеше во други соби од куќата туку во еден долг ходник.
Додека чекорев низ ходникот ми се чинеше дека сите гледаат во мене. Три пати ме застануваат непознати и ме прашуваа како се чувствувам. Мислејќи дека ме прашуваат за моето пијанство одговорив дека не чувствувам ниту мамурлук, што едниот од нив го натера на смеа, но потоа бргу се совлада.

Во собата на дното на ходникот видов маса околу која нешто се случуваше. Седнав крај неа надевајќи се дека ќе останам незабележан додека не сфатам за што се работи. Но веднаш дојде некоја жена облечена во бело и ме праша дали го знам нејзиното име. И го прочитав името од бецот на блузата. Таа не го забележа тоа, и изгледаше изненадена, потоа брзајќи замина.
Кога се врати со неа беше некој човек ој гледаше право во мене. Седна крај мене и ме праша дали го знам неговото име. Му го кажав подеднакво изненаден што го знам колку и тие.
- Прерано е за ова - рече.
- Местово изгледа како некоја болница - реков.
Тие потврдија.
- Како дојдов тука? - прашав, мислејќи на забавата. Мажот не рече ништо а жената погледна во подот. Не ми беше објаснето ништо.
Ми беше потребно повеќе од една седмица за да изведам заклучок од случувањата околу мене дека се пред моето будење било некој сон а сето потоа стварност. Не постоеше никаква основа за разликување на сонот од јавето освен се поголемото трупање на нови случувања кои понекогаш сведочеа против она пијанство. Искрснаа некои детали, како заклучената врата зад која не можев да се сетам дека некогаш сум погледнал. И парче хартија од судот кое ми велеше дека некоја личност е прогласена за душевно болна. Дали под тоа ме подразбираа мене?
Најпосле ми беше објаснето: - Вие сега имате нова личност. - Но таа изјава не беше никакво објаснување. Ме збуни повеќе отколку било што друго, бидејќи јас воопшто не бев свесен за некаква своја "стара" личност. Да ми речеа "Вие сега сте нова личност", ќе ми беше многу појасно. Тоа би се вклопило во приказната. Но тие направија грешка размислувајќи за личноста како за некој вид имот, како за одело кое човек го носи. Но што друго постои освен личноста? Малку коски и месо. Збир на административни податоци, можеби, но никако некоја личност. Коски и месо и административни податоци, тоа е облека носена од некоја личност, а не обратно. Но која беше таа стара личност која тие ја познаваа и за која претпоставуваа дека сум нејзино продолжување?
Тоа беше моето прво насетување на постоењето на Федар, пред многу години. Идниот ден и седмици и години дознав многу повеќе.
Беше мртов. Уништен по судски налог, со спроведување на високонапонска наизменична струја низ неговиот мозок. Приближно 800 милиампери во траење од

0.5 до 1.5 секунди и така дваесет и осум пати по ред, во процес кој стручно се нарекува "бришење со електрошокови". Една цела личност е ликвидирана без трага, со помош на еден технички совршен процес кој од тогаш го одредуваше нашиот однос. Никогаш не сум ја сретнал таа личност. Никогаш и нема да ја сретнам.
Па сепак некои чудни записи од неговата меморија одеднаш се поврзуваат со овој пат и пустинските ровови и вжештениот песок околу нас и се јавува некое необично поклопување и затоа знам дека тој сето ова го имал видено. Тој бил тука, инаку јас тоа не би го знаел. Мора да е така. И гледајќи ги тие нагли стопувања на виденото и сеќавајќи се на некои чудни исечоци од мисли чие потекло не го знам, се чувствувам како видовит, како медиум кој прима пораки од некој друг свет. Тоа е така. Ги гледам нештата со свои очи, но истовремено ги гледам со негови очи. Некогаш тие биле негови.
Тие ОЧИ! Тоа е ужасот во сето тоа. Тие раце во ракавици кои сега ги гледам, кои управуваат со моторот на патот, тие некогаш биле негови! И ако можете да го замислите чуството кое се раѓа притоа, тогаш можете да разберете што значи вистински страв - страв кој се раѓа од знаењето дека не можете да избегате, никогаш и никаде.

Се наоѓаме во кањон со ниски страни. Наскоро покрај патот се појавува паркинг кого го очекував. Неколку клупи, мала зграда и малку закржлавени дрвја со цевки за поливање. Џон, Боже сочувај, е на излезот од другата страна, подготвен да тргне по патот.
Го игнорирам тој факт и застанувам покрај зградата. Крис скока од моторот па го креваме на потпирач. Жештина избива од моторот како тој да гори, испуштајќи бранови кои го извитоперуваат изгледот на сето она што е наоколу. Под око забележувам дека вториот мотор се враќа. Кога ни се приближуваат, обајцата луто ме погледнуваат.
Силвија вели: - Ние сме баш…лути!
Јас ги кревам рамениците и одам до чешмата.
- Џон вели: - Каде е сета онаа издржливост за која ни раскажуваше?
Го погледнувам и сфаќам дека е навистина лут. - Се плашам дека тоа сте го сфатиле пресериозно - велам и потоа се вртам. Почнувам да пијам вода и сета е лигава, како сапуница. Сепак ја пијам.

Џон влегува во зградата за да ја потопи кошулата во вода. Го проверувам маслото. Капакот на филтерот за масло е толку жежок што ме пече и преку ракавици. Моторот не загубил многу масло. Задната гума е се полоша но може уште да служи. Синџирот е доволно затегнат но малку е исушен, па повторно го подмачкувам за да бидам сигурен. Најважните завртки се добро стегнати.
Џон целиот накиснат се приближува и вели: - Овој пат ти оди напред, а ние ќе возиме зад тебе.
- Нема да возам бргу - велам.
- В ред - вели тој. - Некако ќе стигнеме.
И така поаѓам напред и тоа полека. Патот низ кањонот е нешто подолг од оној дел од патот кој веќе го минавме, како што и очекував, но почнува да завива низбрдо. Изненадување.
Патот малку завива, потоа отстапува од правецот по кој би требало да одиме, потоа се враќа. Наскоро малку се качува, потоа се качува уште повеќе. Се нишаме под агол кон тесните провалии, потоа малку повеќе и секој пат се повеќе.
Се појавуваат некои грмушки. Потоа ситни дрвја. Патот и понатаму се качува низ трева, потоа меѓу оградени ливади.
Над нас се појавува мал облак. Можеби ќе врне? Можеби. Ливадите мораат да добиваат дожд. А на овие има и цвеќе. Чудно е како сето тоа се изменило. На картата не постои ништо што би го означило тоа. И свеста за сеќавањето исто така исчезнала. Федар веројатно не поминал по овој пат. Но друг пат не постои. Чудно. И понатаму се качуваме.
Сонцето се навалува кон облакот, кој сега толку пораснал што го допира хоризонтот над нас под кој се назираат борови, а студениот ветер се спушта од тие дрвја носејќи мирис на смола. Ливадското цвеќе се ниша на ветерот а моторот малку се навалува и одеднаш ни е студено.
Го гледам Крис и тој се смее. И јас се насмевнувам.
На патот потоа почнува да паѓа дожд со мирис на земја кој се крева од прашината која предолго чекала, а онаа крај патот се дамкосува од првите капки дожд.
Сето тоа е толку ново. И тоа ни е толку потребно, нов дожд. Облеката ми е мокра, наочарите се испрскани, ме полазуваат студени морници и се чувствувам одлично.
Облакот минува под сонцето па боровата шума и малата ливада повторно блескаат, искрејќи на местата каде сончевата светлост паѓа врз капките дожд.
Стигнуваме на врвот на качувањето повторно суви но освежени, застануваме свртени кој огромната долина и реката под нас.

- Мислам дека стигнавме - вели Џон.
Силвија и Крис талкаат по ливадата помеѓу цвеќињата под боровите низ кои можат да ја видат другата страна на долината, далеку под нас.
Сега сум како доселеник кој ја здогледал ветената земја.

ВТОР ДЕЛ

8

Сега е околу десет часот наутро и јас седам покрај моторот на студениот раб на плочникот, во сенка зад хотелот кого го пронајдовме во градот Мајлс Сити, Монтана. Силвија и Крис се во пералната каде ја однесовме нашата облека. Џон замина за да пронајде штитник за својот шлем. Му се чини дека видел еден во продавницата за мотори при нашето вчерашно влегување во градот. А јас се подготвувам малку подобро да го проверам моторот.

Сега се чувствуваме добро. Тука стигнавме претпладне и добро се наспавме. Беше паметно што застанавме. Толку бевме оглупавеле од исцрпеност што не ни знаевме колку сме уморни. Кога Џон се обиде да земе соби, не можеше да се сети како се викам. Рецепционерката не праша дали се наши оние "фамозни, фантастични мотори" пред хотелот, а ние толку жестоко се насмеавме што таа се зачуди што е толку смешно. Тоа беше само изнасилена смеа од преголем умор. Бевме пресреќни што ги оставивме паркирани и што за промена чекориме.
А бањањето! Во убава стара емајлирана када од лиено железо што се опчекорила на лавовски шепи сред мермерниот под, чекајќи само на нас. Водата беше толу блага што помислив дека никогаш нема да го симнам сапунот од себе. После тоа се прошетавме по главните улици и се чувствувавме како едно семејство…
Овој мотор сум го проверувал толку многу пати што тоа е веќе ритуал. Веќе не морам да размислувам како се прави тоа. Само од око проверувам дали има нешто необично. Моторот почнува полека да бучи како да е олабавена некоја клацкалка, но би можело да се работи и за нешто полошо, па затоа сакам да го наштелувам за да видам дали тој звук ќе продолжи и понатаму. Местењето на клацкалките мора да се прави кога моторот е студен, што значи дека на него морате да работите наутро на она место каде ќе го паркирате одвечер, и затоа сега седам во сенката на работ на плочникот зад хотелот во Мајлс сити, Монтана. Во моментов воздухот е студен во сенка и таков можеби ќе биде уште еден час додека сонцето не се пробие низ крошните, а тоа е добро кога се поправа мотор. Важно е овие мотори да не ги поправате стоејќи директно на сонце или доцна во текот на денот кога мозокот веќе почнува да ви се мати, бидејќи и покрај тоа што можеби сте го правеле истото веќе стотина пати сепак морате да бидете будни и да внимавате на некои нешта.

Не може секој да разбере колку е целосно рационален процесот на ваквото одржување на моторот. Луѓето мислат дека се работи за некој вид "финта" или некој вид "склоност кон мотори". Тие имаат право, но "финтата" речиси целосно претставува мисловен процес, а повеќето проблеми се резултат на она што првите радиоаматери го нарекувале "краток спој помеѓу две слушалки во ушите", на пропустот наречен правилна употреба на главата. Моторот функционира во целосен склад со законите на здравиот разум, и проучувањето на уметноста на одржување на моторот е всушност минијатурно проучување на уметноста на самата рационалност. Вчера реков дека Федар го прогонуваше сеништето на рационалноста и дека тоа го доведе до неговата душевна пореметеност, но за да се сфати тоа битно е човек да се држи до секојдневните примери на рационалноста, за да не се загуби во генерализации кои никој друг не може да ги разбере. Разговорот за рационалноста може да предизвика голема збрка ако во него не се вклучат и нештата со кои се занимава рационалноста.
Сега се наоѓаме пред класично-романтичната брана, каде на едната страна го гледаме моторот онаков каков што ни се појавува во првиот момент - и тоа е значаен начин на гледање на моторот - а на другата страна можеме да почнеме да го гледаме онака како што го гледа еден механичар, во смисла на неговата скриена форма - што е исто така значаен начин на гледање на нештата. Овој алат на пример - клучов - во себе има одредена романтичка убавина, но неговата намена е секогаш и исклучиво класична. Тој служи за да ја менува скриената форма на моторот.
Порцеланот на оваа прва свеќичка е прилично потемнет. Тоа е и класично и романтички грдо бидејќи значи дека цилиндерот добива премногу гориво а премалку воздух. Молекулите на јаглерод во бензинот не добиваат доволно кислород за да се спојат со него, па едноставно се собираат на свеќичката. Кога пристигнавме во градот вчера моторот работеше малку пресилно во празен од, што е знак за истата работа.
За да проверам дали тоа се случува само во еден цилиндар, го проверувам и другиот. Обата се еднакви. Го вадам џепниот нож, го земам стапот што лежи во дупка во земјата и му го острам едниот крај за да ги исчистам свеќичките, прашувајќи се што би можело да го предизвикува тоа замастување. Тоа не би смеело да има врска со клиповите или вентилите. А карбураторот ретко се расипува. Главните млазеви се прејаки, што предизвикува замастување при големи брзини, но свеќичките претходно беа многу почисти иако цевчињата за

вбризгување се истите. Загатка. Секогаш сте опкружени со загатки. Но ако се обидете да ги решите сите, никогаш нема да го поправите моторот. Не постои непосреден одговор, па тоа едноставно го оставам како нерешено прашање. Првката клацкалка добро легнува, не е потребно никакво стегање, па минувам на другата. Има уште доволно време пред сонцето на ги надвиши оние дрвја…Секогаш кога го работам ова се чувствувам како во црква…Мерното ливче е некој вид икона и јас со него вршам посветен обред. Тоа припаѓа на збирката која се вика "прецизни мерни инструменти" што во класична смисла има длабоко значење.

Кај моторите таа прецизност не се одржува заради некаква романтична или перфекционистичка причина. Едноставно се работи за тоа дека големата топлинска сила и експлозивен притисок внатре овој мотор можат да бидат контролирани само со помош на прецизноста што ја овозможуваат овие инструменти. Секоја експлозија ја бутка спојката врз коленестото вратило со површински притисок од неколку тони по квадратен сантиметар. Доколку спојот на шипката и коленестото вратило е прецизен, експлозивната сила ќе се пренесе лесно и металот лесно ќе го издржи тоа. Но ако спојот е лабав и тоа за само неколку илјадити делови од сантиметарот, силата ќе се пренесе нагло, како удар на чекан, па површината на шипката, лежиштето и коленестото вратило набргу ќе се излижат, создавајќи бучава која во почетокот звучи како да се олабавени клацкалките. Поради тоа сега ја вршам оваа проверка. Ако шипката е лабава и ако се обидам да возам низ планините без да ја поправам, наскоро бучавата ќе стане се погласна и погласна додека шипката потполно не се одвои, додека не удри во коленестото вратило и не го уништи моторот. Понекогаш скршената шипка пробива кратер и го истура сето масло на патот. Тогаш она што ви преостанува е да почнете да пешачите.

Но сето тоа може да се пречи со штелување со прецизност од илјадити делови од сантиметарот а кое ви го овозможуваат прецизните мерни инструменти и нивната класична убавина - не она што вие го гледате, туку она што тие го означуваат - а таа се состои во она што тие можат да го направат во рамките на контролата на скриената форма.

Втората клацкалка е в ред. Минувам на уличната страна на моторот и почнувам да се занимавам со вториот цилиндар.

Прецизните инструменти се предвидени за преку нив да се стигне до идејата, до димензионалната прецизност, чие совршенство е невозможно. Не постои совршено обликуван дел од моторот ниту пак некогаш ќе постои, но кога на тоа

совршенство ќе му се приближите онолку колку што до него можат да ве доведат овие инструменти, тогаш се случуваат значајни нешта, и вие почнувате да летате преку полињата носени од сила која би била нарекувана волшебна кога не би била, во секој поглед, толку рационална. Разбирањето на таа рационалност на интелектуалната идеја е од темелна важност. Џон го набљудува моторот и при тоа гледа челик во различни форми, чувствува одбивност кон нив и го отфрла сето тоа. Сега ги набљудувам тие челични облици и во нив гледам идеи. Тој мисли дека работам врз делови, а јас всушност работам врз концепти.
За тие концепти говорев вчера кога реков дека моторот може да се подели во однос на своите составни делови и во однос на своите функции. Кога го реков тоа јас всушност создадов низа од кутивчиња со следниот распоред:

МОТОР

СОСТАВНИ ДЕЛОВИ ФУНКЦИИ

ПОГОНСКИ МЕХАНИЗАМ РАБОТЕН МЕХАНИЗАМ

Гледате дека секогаш кога ќе извршам понатамошна поделба се јавуваат се повеќе кутивчиња кои се темелат врз тие поделби се додека не добијам голема пирамида од кутивчиња. На крај гледате дека додека го разградував моторот на се поситни и поситни делови, истовремено градев една структура.
Таа структура на концепти формално се нарекува хиерархија и таа од древни времиња претставува темелна структура на сето знаење на Западот. Кралствата, царствата, црквите, војските, сите тие се структурирани според хиерархиски принцип. Денешното деловно работење е структурирано според истиот принцип. Истоветно се структурирани и референците и содржините во книгите, механичките конструкции, компјутерските програми, сите природонаучни и технички науки - и тоа во толку голема мерка што хиерархијата во некои области (како на пример коло-ред-класа-род-врста во биологијата) е кренатa на ниво на нешто свето. Кутивчето "мотор" ги содржи кутивчиња "составни делови" и "функции". Кутивчето "составни делови" ги содржи кутивчињата "погонски механизам" и "работен механизам", и така натаму. Постојат и многу други видови структури кои се создаваат како резултат на други агенси, како што е агенсот е причина на кој создава долга низа структури во форма на "А е причина за Б, што пак е причина на

В, што пак го причинува Г" и така натаму. Функционалниот опис на моторот ја користи таа структура. Агенсите постои, е еднакво на, вклучува, создаваат други структури. Тие структури обично се меѓусебно поврзани со толку сложени и толку големи шеми и патишта што никој жив не може да разбере повеќе од еден мал нивен дел во текот на целиот свој живот. Заедничкото име на овие меѓусебно поврзани структури е систем, а хиерархијата на содржината и структурата на каузалноста се само негови подвидови. Моторот е еден таков систем. Реален систем.

Да се зборува за некои административни и општествени институции како за "систем" значи да се зборува вистината, бидејќи тие организации се темелат на истите структурални концептуални односи како и моторот. Тие се потпираат на структурални односи дури и кога ќе загубат секаква друга смисла и цел. Луѓето доаѓаат во фабриката и вршат потполно бесмислени должности од осум наутро до пет попладне без да приговараат бидејќи структурата тоа го бара. Не постои таков никаквец, таков подлец кој сака тие да живеат бесмислен живот, туку самата структура, самиот систем го бара тоа, а никој не сака да се зафати со страшната задача да ја менува структурата само затоа што таа е бесмислена.

Но да се сруши една фабрика или да се нападне една влада, или да се избегнува поправањето на моторот затоа што тука се работи за систем, значи да се нападнат последиците наместо причините; и се додека се напаѓаат само последиците, не е можна никаква промена, Првиот систем, реалниот систем, тоа е нашето сегашно градење на самата систематска мисла, самата рационалност, па ако фабриката е срушена а рационалноста која ја произвела е нечепната, таа рационалност едноставно ќе произведе друга фабрика. Ако некоја револуција систематски ја уништи владата, но не го допре систематскиот модел на мислата кој ја создал таа влада, тогаш образецот ќе се повтори во следната влада. Толку многу се говори за системот. А толку малку се разбира.

Ете тоа е всушност моторот, систем од концепти изработен од челик. Во него нема ниту еден дел, ниту една форма кои не изглегле од нечиј ум…клацкалката број три е исто така в ред. Останува уште една. Дај боже да е до неа…Забележав дека на луѓето кои никогаш не работеле со челик им е тешко да го разберат ова - дека моторот е пред се општествена појава. Тие го поврзуваат металот со дадените форми - со цевките, шипките, тркалата, алатот, деловите - кое се постојани и кои тешко можат да се нарушат, и за нив мислат како да се пред се физички. Но човекот кој работи во леарница или ковачница, кој бруси или заварува, не го

замислува "челикот" во ниту еден облик. Челикот може да биде обликуван како што сакате ако сте доволно вешти, или во секој друг облик освен во оној кој го посакувате ако не сте вешти. Облиците, како оваа клацкалка, го претставуваат она до што доаѓате, она што му го давате на челикот. Челикот нема ниту малку повеќе облик од овој куп нечистотија на моторот. Сите овие облици излегле од нечиј ум. Тоа е важно да се сфати. Челик? По ѓаволите, дури и челикот излегол од нечиј ум. Во природата нема челик. Тоа би можел да ви го каже било кој од бронзеното доба. Природата содржи само потенцијал за челик. Друго нема. Но што е тоа "потенцијал"? И тој се наоѓа во нечиј ум!...Сеништа.
Федар всушност говореше за тоа кога рече дека се се наоѓа во умот. Тоа звучи лудо доколку само потскокнете и го кажете тоа без да го поврзете со нешто посебно, како што е моторот. Но кога тоа ќе го поврзете со нешто посебно и реално, тој призвук на лудило ќе почне да исчезува и вие согледувате дека тој можеби кажувал нешто значајно.
Четвртата клацкалка е лабава, а на тоа и се надевав. Ја стегам. Го проверувам редоследот на палење и гледам дека е се уште в ред, а и платинките не се пробиени па ги оставам на мира, ги враќам свекичките на место и го палам моторот.
Времата од клацкалката исчезна, но тоа не значи многу додека маслото е студено. Го пуштам да работи додека го собирам алатот, потоа го јавнувам и се возам кон продавницата за мотори за која вчера ни кажа некој моторџија на улица, надевајќи се дека имаат алки за синџир и нова гума за потпирачот за нозе. Изгледа дека Крис има немирни стопала. Неговите потпирачи постојано се кинат.
Минувам неколку улични блокови а времата од клацкалките се уште не се појавува. Почнува да звучи добро, мислам дека времата исчезнала. Сепак нема да донесувам никакви заклучоци додека не минеме барем педесет километри. Но дотогаш и токму сега сонцето е јасно, воздухот е свеж, мојата глава е бистра, целиот ден е пред нас, веќе сме речиси во планините, ова е убав ден за живеење. Тоа е поради овој редок воздух. Секогаш се чувствувате вака кога почнувате да се качувате на поголеми височини.
Височини! Ете зошто моторот се замастува. Секако, мора да е до тоа. Се наоѓаме на 750 метри надморска височина. ќе биде подобро да се префрлиме на стандардни цевчиња за вбризгување. Потребни се само неколку минути за да се вградат. И малку да го смалам гасот при празен од. Ќе се качуваме многу повеќе отколку до сега.

Под некои дрвја со голема сенка ја пронаоѓам продавницата за мотори на Бил, но не и него. Еден минувач вели дека "можеби отишол некаде на рибарење" оставајќи ја продавницата ширум отворена. Ние навистина се наоѓаме на Запад. Никој не би оставил отворена продавница во Чикаго или Њујорк.
Внатре гледам дека Бил е мехничар од школата на "фотографското помнење". Се е распослано наоколу. Клучеви, одвивачи, стари делови, стари мотори, нови делови, нови мотори, трговски прирачници, внатрешни цевки, се е толку густо и толку натрупано и нафрлано што не можете да ги видите тезгите под предметите. Јас не би можел да работам во вакви услови, но тоа е само затоа што не сум механичар со фотографско помнење. Бил веројатно може да се сврти и да го допре со рака кое било парче алат во таа збрка и притоа да не размислува за тоа каде е тој дел. Сум гледал такви механичари. Човек полудува додека ги гледа, но тие подеднакво добро ја вршат својата работа, понекогаш и подобро. Но, потргнете им еден алат десет сантиметри на лево, и тој ќе загуби три дена додека да го пронајде.
Бил пристигнува и заради нешто се насмевнува. Секако, тој ги има цевчињата за мојот мотор и точно знае каде се. Сепак морам да причекам малку. Мора да ја заврши работата зад куќата со некои делови од марката Харли. Одам со него зад куќата под стреата и гледам дека тој продава цел Харли во делови, освен рамката која купецот веќе ја има. Сето тоа го продава за 125 долари. Цената не е воопшто лоша.
Враќајќи се коментирам: - Овој ќе дознае нешто за моторите пред да го состави сето она.
Бил се смее. - Тоа е и најдобриот начин да се научи.
Има цевчиња за вбризгување и гума за потпирач но нема алки за синџир. Ја местам гумата и цевчињата, го намалувам доводот и се враќам во хотелот.
Силвија и Џон и Крис се симнуваат со багажот. Нивните лица покажуваат дека и тие се во добро расположение исто како и јас. Се спуштаме по главната улица, наоѓаме некој ресторан и нарачуваме бифтеци за ручек.
- Ова е прекрасен град - вели Џон - навистина прекрасен. Изненаден сум што вакви места се уште постојат. Утринава го минав целиот. Имаат вистински чизми, токи за појас со сребрен долар, облека Левис, Стетсонси, се што е потребно…и тоа вистинска стока. А не она што ни го нуди трговската комора…Малку подолу во еден бар утринава почнаа да разговараат со мене како тука да сум го минал целиот живот.

Нарачуваме една рунда пиво. По коњската потковица на ѕидот гледам дека се наоѓаме на подрачјето на пивото од марката Олимпија, па нарачувам такво.
- Веројатно помислија дека сум од некој ранч, или нешто слично - продолжува Џон.
- И тој старец цело време говореше како на несреќните синови нема да им даде ниту скршена пара, и во тоа навистина уживав. Ранчот ќе го остави на ќерките, бидејќи тие несреќни синови го трошат кај Сузи секој цент кој ќе го добијат. - Џон пука од смеење. - Жал му е што воопшто ги одгледал, и така натаму. Мислев дека сето тоа исчезнало пред триесет години, но тука тоа се уште трае.
Пристигнува келнерката носејќи ги бифтеците и веднаш почнуваме да ги сечеме. Работата на моторот ми отвори апетит.
- Уште нешто што би морало да те интересира - вели Џон. - Во барот говореа за Боземан каде што одиме ние. Ми рекоа дека гувернерот на Монтана имал список на педесет радикални универзитетски професори во Боземан кои имал намера да ги отпушти. Потоа погинал во авионска несреќа.
- Тоа беше одамна - одговарам јас. Овие бифтеци се навистина добри.
- Не знаев дека имале многу радикали во оваа држава.
- Имаат тие секакви видови луѓе во оваа држава - велам јас. - Но тука се работеше само за политика со десна ориентација.
Џон додава уште малку сол. Па вели: - Некој уводничар на еден весник од Вашингтон минал оттука и вчера пишувал за истото, затоа сите говореа за тоа. Тоа го потврди и ректорот на универзитетот.
- Дали го објавиле списокот?
- Не знам. Дали познаваше некого од нив?
- Ако имале педесет имиња - велам - моето морало да биде едно од нив.
Обајцата ме гледаат прилично изненадено. Јас за тоа, всушност, и не знам многу. Тоа беше тој, се разбира, и заради тоа со некое чувство на дволичност објаснувам дека "радикалот" од градот Галатин Каунти, Монтана, е малку поинаков од радикалот од било кое друго место.
- Тое е универзитет - велам - од каде била протерана сопругата на претседателот на САД бидејќи била "премногу контроверзна".
- Која?
- Еленор Рузвелт.
- О боже, се смее Џон - тоа било весело.
Тие потајно сакаат да слушнат нешто, но тешко е да се каже било што друго. Тогаш се сетив на една работа: - Во така ситуација вистинскиот радикал всушност има

совршено лесна работа. Може да направи речиси се што сака без никакви последици, бидејќи неговите противници веќе сами направиле будали од себеси. Заради нив тој ќе остави добар впечаток без оглед на тоа што ќе каже.
На излезот од градот минувам покрај парк кој не сум го забележал минатата ноќ. Нешто во моето сеќавање се поклопи со него, слика на набљудување на врвовите на некои дрвја. Тој спиел на клупата во тој парк една ноќ на минување кон Боземан. Заради тоа вчера не ја бев препознал онаа шума. Тој низ неа минал ноќе, на својот пат кон универзитетот во Боземан.

9

Се возиме по долината на реката Јелоустоун, среде Монтана. Долината се менува од западните грмушки жалфија до северозападните житни полиња и обратно, во зависност од тоа дали почвата се наводнува од реката. Понекогаш се качуваме преку стрмните ридови што не водат до наводнуваното подрачје, но обично се наоѓаме до самата река. Минуваме крај споменикот кој говори нешто во врска со Луис и Кларк. Еден од нив минал по овој пат скршнувајќи кај Нортвест Песиџ.
Тоа звучи убаво. Се вклопува во шатакуата. И ние навистина се наоѓаме на некој вид премин. Минуваме и понатаму низ полињата и пустините и денот полека одминува.
Сега сакам повторно да го прогонувам она исто сениште кое го прогонуваше и Федар - самата рационалност, тоа нејасно, сложено, класично сениште на скриената форма.
Утринава говорев за хиерархијата на мислата - за системот. Сега ќе говорам за методите на пронаоѓањето пат низ таквите хиерархии - за логиката.
Постојат два вида логика кои се во употреба, индуктивна и дедуктивна. Индуктивното изведување започнува со набљудување на моторот и стигнува до општи заклучоци. На пример, ако моторот наиде на дупка на патот и се расипе, па потоа наиде на втора дупка и повторно се расипе, потоа мине долго парче прав пат без да се расипе за да наиде на четврта дупка и моторот повторно се расипе, човек логично може да заклучи дека дупките се тие кои го предизвикуваат дефектот. Тоа е индукција: размислување од поединечните искуства кон општите вистини.
Дедуктивното изведување е обратно. Тоа започнува со општото знаење и предвидува поединечни забележувања. Доколку, на пример, после читањето на хиерархија од факти во врска со моторот механичарот знае дека сирената на моторот се напојува со електрицитет само од акумулаторот, тогаш тој логично

може да тврди дека сирената нема да работи доколку акумулаторот е празен. Тоа е дедукција.
Решенијата на проблемите кои се премногу сложени за обичниот здрав разум се постигнува со долга низа од мешовити индуктивни и дедуктивни изведувања кои се колебаат напред-назад помеѓу набљудуваниот мотор и духовната хиерархија на моторот која се наоѓа во прирачниците. Точната програма на тоа преплетување е формализирана во вид на научен метод.
Всушност, никогаш не сум сретнал толку сложен проблем на одржување на мотор кој би барал целосна употреба на формален научен метод. Проблемите на поправањето не се толку тешки. Кога размислувам за формалниот научен метод понекогаш во мислите ми се јавува слика на едно страшно чудовиште, огромен булдожер кој е бавен, упорен, вреден, но непобедлив. Тоа трае два пати подогло, пет пати подолго, можеби десет пати подолго отколку неформалната техника на некој механичар, но вие знаете дека на крај ќе успеете. Не постои ниту еден поединечен дефект кој може да му се спротивстави на ова. А кога ќе налетате на некој тврдокорен дефект, кога се обидувате со сите средства, го цедите мозокот а ништо не постигнувате, тогаш знаете дека тој пат Природата решила да биде тврдоглава, па велите: - В ред, Природо, доста е со пристојности - и посегнувате по формалниот научен метод.
За таа цел водите работилнички дневник. Се се запишува, формално, така што во секое време знаете каде сте, каде сте биле, каде одите и што сакате да постигнете. Во научната работа и електронската технологија тоа е неопходно бидејќи во спротивно проблемите стануваат толку сложени што почнувате да се губите во нив и се збунувате и го заборавате она што го знаете и она што не го знаете и морате да се предадете. При одржувањето на моторот нештата не се толку сложени, но кога ќе почне збрката добро е таа да се спречи со настојувањето се да биде формално и точно. Понекогаш и самиот чин на запишување на проблемот ви ја разбиструва главата и притоа полесно воочувате во што е работата.
Логичките искази кои влегуваат во дневникот се делат на шест категории: 1. опис на проблемот, 2. препоставки за причините на проблемот, 3. експерименти предвидени за испитување на секоја претпоставка, 4. предвидени резултати на експериментот, 5. забележани резултати на експериментот и 6. заклучоци изведени од резултатите на експериментот. Ова не се разликува од формалниот распоред содржан во бројни универзитетски и лабораториски тетратки, но негова

цел во овој случај не е само правилното користење на времето. Негова цел е точното водење на мислата која ќе заталка доколу записите не се исправни. Вистинската смисла на научниот метод е тоа Природата да не ве наведе на помислата дека знаете нешто што всушност не го знаете. Нема таков механичар, ниту пак научник, ниту пак техничар кој, 'изгорен' од горенаведеното, не е инстинктивно внимателен. Тоа е вистинската причина зошто научните и технолошките податоци звучат толку досадно и внимателно. Ако станете невнимателни или научната информација ја облечете во романтично руво, украсувајќи ја од време на време, природата наскоро од вас ќе направи будала. Впрочем таа тоа го чини прилично често дури и кога за тоа не и давате повод. Човек мора да биде крајно внимателен и строго логичен кога има работа со Природата: еден логички пропуст и целата научна градба се руши. Еден погрешен заклучок за моторот и можете бескрајно да се вртите во место.

Во Првиот дел на формалниот научен метод, то ест при описот на проблемот, главната вештина се состои во тоа да не се наведе нешто повеќе од она што човек е апсолутно сигурен дека го знае. Многу е подобро да се настапи со исказот: "Да се реши проблемот: Зошто моторот не работи?" иако тоа звучи глупаво но поточно отколку да се настапи со исказот "Да се реши проблемот: Што не е во ред со електриката?" доколку не сте апсолутно сигурни дека проблемот лежи токму во електриката. Вие можете да го речете следново: "Да се реши проблемот: Што е неисправно на овој мотор", а потоа како прв исказ во Вториот дел да внесете: "Претпоставка број еден: Проблемот лежи во електриката". Замислете ги сите претпоставки на кои можете да се сетите, потоа испланирајте експерименти преку кои ќе испитате кои од нив се вистинити а кои лажни.

Овој внимателен пристап на почетокот ве чува од главните застранувања кои би можеле да ви одземат една седмица залуден труд или потполно да ве закочат. Научните прашања често пати имаат привидно глупав изглед токму од тие причини. Тие се поставуваат за да ги спречат подоцнежните глупави грешки.

Третиот дел, оној дел од формалниот научен метод кој се нарекува изведување на експеримент, романтичарите понекогаш го сметаат за засебна наука, бидејќи тоа е единствениот дел со големо количество видлива површина. Тие гледаат многу епрувети и чудна опрема и луѓе кои трчкаат наоколу и нешто откриваат. Тие не го гледаат експериментот како дел од еден поголем мисловен процес и затоа често пати ги мешаат експериментите со демонстрациите кои изгледаат слично. Човекот кој управува со псевдо-научната престава на страв и ужас со помош на опрема

вредна педесет илјади долари не прави ништо научно доколку знае однапред какви ќе бидат резултатите од неговите напори. Од друга страна, механичарот кој ја вклучува сирената за да види дали е исправен акумулаторот неформално изведува вистински научен експеримент. Тој испитува една претпоставка поставувајќи и прашање на природата. Телевизискиот научник кој тажно мрмори: "Експериментот не успеа, не успеавме да го постигнеме она на што се надевавме" во најголемиот број случаи е жртва на лошиот автор на текстот. Експериментот никогаш не е промашен само затоа што не ги дал очекуваните резултати. Експериментот е промашување само тогаш кога нема да успее адекватно да ја испита односната претпоставка, кога податоците кои ги произведува не докажуваат ништо, на ниту еден начин.

На овој степен вештината се состои во тоа да се прават експерименти кои ја испитуваат само односната претпоставка, ништо повеќе, ништо помалку. Ако сирената затруби и механичарот заклучи дека целиот електричен систем е исправен, тој е во голема неволја. Донел нелогичен заклучок. Трубењето на сирената му говори само дека акумулаторот и сирената се исправни. За добро да го испланира експериментот тој мора да мисли многу строго во смисла на тоа што е чија непосредна причина. Тоа го знаете од хиерархијата. Сирената не го движи моторот. Не го движи ниту акумулаторот, освен на многу посреден начин. Местото на кое електричниот систем непосредно го предизвикува палењето на мотрот се наоѓа во свеќичките, па ако се концентрирате тука, на она што се случува во електричниот систем, вие никогаш нема да знаете дали дефектот е електричен или не.

За добро да го испита проблемот, механичарот ја вади свеќичката и ја положува на моторот така што лежиштето околу свеќичката да биде заземјено, ја притиска ножната педала и гледа дали во процепот на свеќичката ќе се појави модра искра. Ако нема искра тој може да заклучи две нешта: а) постои електричен дефект или б) неговиот експеримент не е в ред. Ако е искусен ќе се обиде уште неколку пати, проверувајќи ги каблите, настојувајќи да се сети на сите можни начини за добивање искра во свеќичката. Потоа, ако на ниту еден начин не добие искра, тој конечно заклучува дека а) електричен дефект навистина постои и експериментот е завршен. Тој докажал дека неговата претпоставка е точна.

Во последната категорија, во заклучоците, вештината се состои во тоа да не се запишува повеќе отколку што докажал експериментот. Не е докажано дека моторот ќе запали доколку механичарот го поправи електричниот систем. Можеби

има уште нешто што е расипано. Но со сигурност се знае дека моторот нема да тргне додека не проработи електричниот систем, па механичарот го постаува следното формално прашање: - Да се реши проблемот: Што е неисправно во електричниот систем?
Тогаш внесува претпоставки за тој случај и ги испитува. Поставувајќи вистински прашања и бирајќи вистински експерименти и извлекувајќи вистински заклучоци механичарот се пробива низ редовите на хиерархијата на моторот додека не ја пронајде точната, специфичната причина/причини за неисправноста на моторот, па потоа ги менува за тие понатаму да не предизвикуваат неисправност.
Неупатениот посматрач ќе гледа само физичка работа и често ќе мисли дека физичката работа е воглавно се што прави механичарот. Всушност, физичката работа е најмалиот и најлесниот дел од сето она што го прави механичарот. Најголем дел од неговата работа е внимателното набљудување и точното размислување. Заради тоа механичарите понекогаш изгледаат толку тивки и повлечени кога изведуваат експерименти. Не им е драго кога разговарате со нив бидејќи се концентрираат на сликите во мислите, на хиерархиите, и всушност воопшто не ве гледаат ниту вас ниту физичкиот мотор. Тие се служат со експериментот како со дел од програмата за проширување на сопствената хиерархија на познавањето на неисправниот мотор и неа ја споредуваат со исправната хиерархија во своите мисли. Тие ја набљудуваат скриената форма.

Автомобилот со приколка кој ни доаѓа в пресрет претекнува некого и се мачи да се врати на својата лента. Му давам знак со светлото за да проверам дали не гледа. Насипот до патот е тесен и нерамен. Ако свртиме кон него ќе се превртиме. Кочам, свирам, блиндирам. Господе Боже, него го фаќа паника и вози на нашата лента. Се држам строго до работ. Еве го, ДОАЃА! Во последен миг се враќа на својата страна и не промашува за неколку сантиметри.
Една картонска кутија потскокнува и се превртува на патот пред нас, и ние долго ја набљудуваме додека не стигнеме до неа. Очигледно паднала од нечиј камион. Сега надоаѓа стресот. Да бевме во автомобил, тоа би бил директен судар. Или превртување во бездна.

Свртуваме кон некој град кој би можел да биде сред Ајова. Насекаде има високо жито, а во воздухот се чувствува силен мирис на ѓубриво. Се засолнуваме во една голема старинска куќа со високи тавани. За со пивото овој пат ги нарачувам сите видови грицки кои ги имаат, па така јадеме задоцнет ручек составен од

кикирики, пуканки, пореци, пржен компир, чадена риба со многу ситни ковчиња, феферонки, колбаси, пржена свинска кожа и некаков бисквит од сусам со посебен вкус кој не можам да го идентификувам.

Силвија вели: - Се уште се чувствувам лошо. Таа помислила дека онаа картонска кутија била нашиот мотор кој се превртува и превртува на патот.

10

Повторно сме во долината и небото е пак ограничено со клисури од обете страни на реката, но сега тие се меѓусебно поблиски а поблиску се и до нас. Долината се стеснува колку што повеќе му се приближуваме на изворишето на реката.

Истовремено се наоѓаме на некој вид извориште на нашата расправа, каде човек конечно може да почне да говори за Федаровото отцепување од главната рационална мисла во прогонувањето на сеништето на самата рационалност.

Постои еден исечок кој го беше прочитал и повторил во себе толку пати што тој преживеа нечепнат. Започнува вака:

"Во храмот на науката постојат многу пребивалишта…и навистина се различни оние кои во нив живеат и мотивите кои тука ги довеле.

Многумина се зафаќаат со наука заради радосното чувство на надмоќна умствена сила; науката е нивниот посебен спорт каде бараат возбудливо искуство и задоволување на амбицијата; во храмот можат да се најдат и мнозина кои ги жртвувале сопствените умствени плодови на тој олтар заради чиста полза. Кога ангелот господов би дошол и би ги протерал од храмот сите оние кои припаѓаат на овие две категории, храмот би останал забележително испразнет, но во него би имало уште луѓе од сегашноста и минатото …Да беа категориите кои тукушто ги изгонивме единствените во храмот, храмот не би постоел како што не може да постои шума во која растат само ползавци…оние на кои ангелот им се смилувал…се помалку чудни, некомуникативни, осамени луѓе, навистина помалку слични едните на другите отколку онаа војска изгонети.

Што ги довело во храмот…тоа не може да биде одговорено со еден едноставен одговор…бегството од секојдневниот живот, од неговата мачна суровост и безнадежна досада, од прангите на сопствените полетни желби. Истенчениот табиет кој копнее по бегство од сопствената бучна околина во тишината на високите планини, каде окото слободно го опфаќа просторот низ се

уште чистиот воздух и каде нежно ги исцртува спокојните контури кои очигледно се создадени за вечни времиња."

Ова е исечок од говорот кој во 1918 година го одржал младиот германски научник по име Алберт Ајнштајн.

Федар ја заврши првата година на универзитетот кога имаше петнаесет години. Неговото подрачје беше биохемијата, и тој имаше намера да специјализира во делот каде се преплетува органскиот и неорганскиот свет, денес познат како молекуларна биологија. Тој за тоа не мислеше како за кариера и негово лично напредување. Беше многу млад и тоа му беше некој вид благородна идеалистичка цел.

Состојбата на духот кој на човека му овозможува да работи работа од таков вид е сроден со состојбата на духот на еден верски занесеник или на еден љубовник. Секојдневниот напор не се раѓа од некоја свесна намера или програма, туку доаѓа директно од срцето.

Доколку Федар влезеше во науката заради амбиција или полза, можеби никогаш не ќе му се случеше да поставува прашања за природата на некоја научна претпоставка како таа да посебен ентитет. Но тој ги поставуваше, и беше незадоволен од одговорите.

Формулирањето претпоставки е најтаинствената од сите категории на научниот метод. Од каде доаѓаат тие, тоа никој не го знае. Човек едноставно седи некаде, се занимава со својата работа, и одеднаш - бум! - разбира нешто што пред тоа не го разбирал. Додека не се испита, претпоставката не е вистинита. Бидејќи испитувањето не е нејзиниот извор. Нејзинот извор лежи на друго место.

Ајнштајн рекол:

"Човек се обидува да создаде за себе, на начин кој најмногу му одговара, поедноставена и сфатлива слика на светот. Потоа се обидува до извесна мерка да го замени тој свој космос за светот на искуството, и така да го совлада…Тој од тој космос и неговото градење го создава стожерот на својот емоционален живот не би ли на тој начин го пронашол својот мир и задоволство кое не може да го најде во тесниот вртлог на сопственото искуство…Најзначајната задача…е да се стигне до оние сеопшти основни закони од кои може да се изгради тој космос со чиста дедукција. Не постојат логични патишта до тие закони; само интуицијата, која почива на сострадалничко разбирање на искуството, може да стигне до нив…" Интуиција? Сострадалништво? Чудни зборови за потеклото на научните сознанија.

Некој помал ум од Ајнштајн би можел да каже: - Тие научни сознанија доаѓаат од природата. Природата е таа која ги формулира претпоставките. - Но Ајнштајн сфатил дека природата не го прави тоа. Природата дава само емпириски податоци. Помалиот ум тогаш би можел да рече: - Па добро, човекот е тој кој ги формулира претпоставките. - Но Ајнштајн би го порекнал и тоа. – Ниту еден човек - ќе рече тој - кој навистина навлегол во материјата, нема да одрече дека во пракса појавниот свет го одредува теориското систем, наспроти фактот дека не постои теориски мост помеѓу појавите и нивните теориски начела.
Федаровиот слом се случи тогаш кога, како резултат на лабораториското искуство, тој почна да се занимава со претпоставките како тие да се засебни ентитети. При својата лабораториска работа тој многу пати забележа дека она што можеби се чини како најтежок дел на научната работа, формулирањето претпоставки, беа без споредба нејзин најлесен дел. Постапката на нивното формално запишување на хартија, во точен и јасен облик, изгледаше како да ги сугерира. Додека ја испитуваше претпоставката број еден со метод на експеримент, на ум со сета сила му паѓаа другите претпоставки, и додека ги испитуваше тие претпоставки, во неговите мисли пристигнуваа нови, и додека ги испитуваше нив, се поголем број од нив му паѓаа на ум се додека не стана болно очигледно дека нивниот број, додека тој непрекинато ги испитуваше претпоставките и ги отфрлаше или потврдуваше, воопшто не се смалува. Нивниот број, колку што тој подолго ги испитуваше, всушност се зголемуваше.
Најпрвин тоа му беше забавно. Измисли закон, со намера да го пародира Паркинсовиот закон, кој гласеше "Бројот на рационалните претпоставки кои можат да објаснат ја било која појава е бесконечен". Му беше мило што секогаш располагаше со доволен број претпоставки. Дури и кога неговата експериментална работа се чинеше безизлезно совршена во секој замислив поглед, тој знаеше дека ако само седне и доволно долго размисли за тоа, порано или подоцна ќе се појави уште некоја претпоставка. И секогаш се појавуваше. Само неколку месеци откако го состави тој закон почна да се сомнева во неговата шеговитост или полезност. Ако е вистинит, тој закон не е само благо развигорче во научното умување. Законот е потполно нихилистички. Тој е катастрофално логичен противдоказ на општата валидност на сиот научен метод!
Ако целта на научниот метод е да бира од мноштвото претпоставки, па доколку бројот на претпоставките расте побргу отколку што нив може да ги обработи научниот метод, тогаш резултатите на ниту еден експеримент не се конечни и

тогаш е јасно дека никогаш не можат да се испитаат сите претпоставки. Ако сите претпоставки не можат да бидат испитани, целиот научен метод потфрла во својата цел на спротивставување доказни сознанија.

За тоа Ајнштајн рекол - Еволуцијата покажала дека во секој даден миг, од сите толкувања кои можат да се замислат, едно единствено секогаш се покажало како надмоќно над сите останати - и на тоа останал. Но за Федар тоа беше неверојатно слаб одговор. Изразот "во секој даден миг" навистина го потресе. Дали Ајнштајн навистина сакал да тврди дека вистината е функција на времето? Да се тврди тоа би значело да се поништи најтемелниот предуслов на целата наука.

Но постои јасна приказна, тоа е целата историја на науката, која се базира на постојано нови и променливи објаснувања на стари факти. Временските распони на трајноста изгледаат сосем случајни, но во нив не може да забележи никаков ред. Некои научни вистини изгледаат како да траат со столетија, некои помалку од една година. Научната вистина никогаш не била догма, која важи за вечни времиња, туку привремен квантитативен ентитет кој може да се проучува како било што друго.

Ги проучуваше научните вистини, потоа уште повеќе се вознемири заради привидната причина на нивната привременост. Се чинеше дека временскиот распон на научните вистини е обратно пропорционален со интензитетот на научните напори. Така се чини дека научните вистини на дваесетиот век имаат многу пократок животен век отколку вистините од минатиот век бидејќи сега научната активност е многу поголема. Ако во идното столетие научната активност се зголеми за десет пати, тогаш веројатноста на животот на некоја научна вистина може да се очекува дека ќе падне на една десетина од денешната вредност. Животниот век на постоечките вистини се скратува заради мноштвото претпоставки, оттаму и пократкиот временски распон на вистината. А причината за порастот на бројот на претпоставките во последните десетлетија се чини дека не лежи на друго место освен во самиот научен метод. Колку повеќе барате, толку повеќе наоѓате. Наместо да бирате една вистина од мноштвото, вие го зголемувате мноштвото. Тоа логички значи ова - додека се обидувате да и се приближите на непроменливата вистина со примена на научен метод, вие всушност воопшто не и се приближувате. Вие се оддалечувате од неа! Таа промена се создава заради вашата примена на научниот метод!

Она што Федар го забележа во неговиот случај е појава која е длабоко карактеристична за историјата на науката, која со години се става под тепихот. Се

чини дека предвидените резултати на научното истражување и стварните резултати на научното истражување се дијаметрално спротивставени, но изгледа дека никој не му обраќа внимание на овој факт. Целта на научниот метод е одбирањето на единствена вистина помеѓу многу претпоставени вистини. Науката се занимава со тоа, повеќе отколку со било што друго. Но историски гледано, науката го работи токму спротивното. Преку множење и множење на факти, податоци, теории и претпоставки, самата наука го води човештвото од едноставните апсолутни вистини кон многустраните, неодредените, релативните вистини. Главната причина за општествениот хаос, неодредливоста на мислата и вредноста која рационалното познание би морало да ја отстрани, не е никој друг туку самата наука. И она што Федар го виде пред толку години во самотијата на својата лабораториска работа, денес се гледа насекаде во технолошкиот свет. Научно произведена противнаука - хаос.

Сега е можно да се погледне малку наназад и да се види зошто е важно да се говори за тој човек во однос на сето она што досега е речено во врска со поделбата на класична и на романтична стварност и за непомирливоста на тие две стварности. За разлика од мноштвото романтичари кои се вознемируваат поради хаотичните промени што науката и техниката ги предизвикуваат во врска со човечкиот дух, Федар, со својот научно воспитан класичен разум, беше способен да направи многу повеќе отколку да ги крши прстите од очај или да бега, или само да ја осудува општата состојба без да понуди никакви решенија.

Како што кажав, тој на крајот понуди бројни решенија но проблемот беше толку длабок и толку страшен и толку сложен што никој всушност не ја сфати тежината на она што тој го решаваше, па така никој не успеа да го разбере или погрешно го разбра она што тој го говореше.

Причината за нашите современи кризи, знаеше да рече, е генетскиот недостаток внатре природата на самиот разум. И додека не се расчисти тој генетски недостаток, кризите и понатаму ќе траат. Нашите современи облици на рационалност не го водат општеството напред во подобар свет. Тие го одвлекуваат се подалеку и подалеку од тој подобар свет. Од ренесансата тие облици задоволувале. Се до оној момент кога потребата за храна, облека и живеалиште ќе претставува главна грижа, тие и понатаму ќе задоволуваат. Но сега кога кај голема маса луѓе тие потреби веќе не се примарни и не доаѓаат пред сето останато, целата структура на разумот која ја имаме наследено од древни времиња не е веќе соодветна. Почнуваме да ја набљудуваме и да ја гледаме онаква каква што таа

навистина е - емоционално шуплива, естетски бесмислена и длабоко празна. Во таква состојба е таа денес, и како таква ќе потрае уште долго време.
Ја воочувам трајната и жестока општествена криза чија длабочина никој навистина не ја разбира, а и да не споменуваме дека никој не го знае решението. Гледам луѓе како Џон и Силвија кои живеат загубени и отутѓени од целата рационална структура на цивилизираниот живот, кои бараат решенија вон таа структура, но не наоѓаат ниту едно кое трајно би ги задоволило. А потоа го гледам Федар и неговите издвоени осаменички апстракции во лабораторијата - тој беше загрижен заради истата криза но тргнуваше од друго стојалиште, движејќи се во спротивна насока - па сега се обидувам сето тоа да го обединам. Тоа е толку големо што понекогаш ми се чини дека заталкувам.
Изгледа дека никој со кого Федар разговарал на оваа тема не бил загрижен заради појавата која него толку го мачела. Изгледа дека говореле: "Ние знаеме дека научниот метод е добар, зошто да истражуваме понатаму?". Федар не го разбираше таквиот став, не знаеше што да преземе, и со оглед на тоа што не се занимаваше со наука од лични или полезни причини, тоа едноставно потполно го закочи. Тоа беше како додека го набљудувате оној ведар планински пејсаж што го опиша Ајнштајн помеѓу планините да се појави пукнатина, јаз на чиста ништост. И полека, и тегобно, за да го објасни тој јаз, тој мораше да допушти дека тие планини, кои изгледаа како создадени за вечни времиња, се можеби нешто друго…можеби само производ на неговата фантазија. Тоа го закочи.
И така Федар, кој во својата петнаесета година ја заврши првата година на природни науки, во седумнаесетата беше исфрлен од универзитетот заради неполагање испити. Како службени причини беа наведени незрелоста и негрижата при учењето.
Никој не можеше да стори ништо против тоа; никој не можеше тоа да го спречи или исправи. Универзитетот веќе не можеше да го задржи а притоа да не се одрече потполно од востановените стандарди.
Замелушен, Федар започна да чекори по долга серија споредни патишта кои го однесоа во една далечна умствена орбита, но на крајот се врати по овој пат по кој ние сега одиме, на вратата на самиот универзитет. Утре ќе се обидам да тргнам по тој пат.

Во Лаурел застануваме да преноќиме, конечно свртени во правец на планините. Вечерниот ветер сега е студен. Тој се спушта озгора, од кај снегот. Иако сонцето по

се изгледа исчезнало зад планините уште пред еден час, на небото зад планинскиот гребен има уште доволно светлина.
Силвија и Џон и Крис и јас чекориме по долгата главна улица додека се стемнува и ја чувствуваме присутноста на планините иако разговараме за други нешта. Јас сум среќен што сум тука, а истовремено сум и помалку тажен што сум тука. Понекогаш е подобро да патувате отколку да стигнете.

11

Се будам и размислувам за тоа дали знам дека сме во близина на планините поради спомените или поради нешто што е во воздухот. Се наоѓаме во убава стара хотелска соба обложена со дрво. Сонцето блеска на темното дрво низ прозорските ролетни, и иако ролетните се спуштени јас сепак чувствувам дека сме блиску до планините. Во оваа просторија има планински воздух. Студен е и влажен и речиси мирисен. После еден длабок здив подготвен сум за втор и по него за уште еден, и по секое длабоко вдишување се чувствувам се поподготвен, до моментот кога скокам од креветот и ги кревам ролетните и ја пуштам сета таа сончева светлина внатре - блескава, студена, светла, остра и јасна светлина.
Во мене расте потребата да му пријдам на Крис и да го протресам, да го разбудам и да му го покажам сето ова, но заради некоја нежност или можеби заради некое почитување му дозволувам уште малку сон, па така со машинката за бричење и со сапунот заминувам во заедничкото купатило на другиот крај од долгиот ходник обложен со истото темно дрво, додека подните штици чкрипат по целиот пат. Во купатилото врелата вода чади и цивка во цевките, најпрвин претопла за бричење, но пријатна по мешањето со студена вода.
Низ прозорецот зад огледалото гледам дека од задната страна има некаков трем, па по бричењето излегувам и стојам на него. Се наоѓа на ниво на крошните од дрвјата кои го опкружуваат хотелот и изгледаат како да му одговараат на овој утрински воздух на истиот начин на кој му одговарам и јас. Гранките и лисјата се нишаат и на најмалото ветре како токму тоа од нив и да се очекува, како сето ова време да се чекало само на тоа.
Крис наскоро станува и Силвија излегува од својата соба и вели дека таа и Џон веќе појадувале и дека тој заминал некаде, но дека таа ќе појде со Крис и со мене и ќе не почека додека појадуваме.

Утринава сме заљубени во се и разговараме за добри нешта долж целиот пат по со сонце осветлената улица до ресторанот. Јајцата и топлите пецива и кафето се како од рајот. Силвија и Крис топло разговараат за неговото училиште и пријателите и интимни нешта и додека ги слушам гледам низ големиот прозорец на ресторанот во излогот на продавницата од спротива. Толку е поинакво сега од онаа самечка ноќ во Јужна Дакота. Зад тие згради се планините и снежните полиња.
Силвија вели дека Џон разговарал со некого во градот за некој втор пат за Боземан, појужно низ Јелоустоун парк.
- Појужно? - велам. - Мислиш на Ред Лоџ?
- Да, претпоставувам.
Ми се враќа сеќавањето на снежните полиња во јуни. - Тој пат се издигнува високо над појасот со шума.
- Дали е тоа лошо? - прашува Силвија.
- Ќе биде студено. - Среде снежните полиња во моите мисли се појавуваат мотори и ние на нив. - Но, величествено.
Се среќаваме со Џон и се е договорено. Наскоро, по еден железнички подвозник, се возиме по закривена црна лента низ полињата кон планините пред нас. По овој пат Федар минувал цело време, и одблесоците на неговите спомени се насекаде. Високиот темен синџир на Абсарок се крева непосредно пред нас.
Следиме некој поток до неговиот извор. Водата во него претходно, пред помалку од еден час, веројатно била снег. Потокот и патот минуваат низ зелени и каменести полиња кои секој пат се малку повисоки отколку претходно. Се е толку интензивно на ова сонце. Мрачни сенки, светла светлина. Темно сино небо. Сонцето блеска и кога сме под него е жешко, но штом минуваме под дрвјата долж патот одеднаш станува студено.
Си играме трки со едно мало сино порше на патот, го престигнуваме и свириме, потоа тоа не престигнува и свири и така неколку пати низ полињата темно сивило и светло зелена трева и планински грмушки. Сето тоа е запаметено.
Тој го користеше овој пат за да стигне во височините, потоа скршнуваше од патот на четири-пет дена, потоа повторно слегуваше по храна и се враќаше, бидејќи овие планини му беа потребни во скоро физио-логичка смисла. Низата на неговите апстракции стана толку долга и толку сложена што таа мораше да биде опкружена со оваа тишина и со овој простор за тие во неа да создадат некаков ред. Тоа би било како да пропаднат часови и часови градење поради најмал упад на некоја друга мисла или друга должност. Тоа не личеше на размислувањето на другите

луѓе, дури ни тогаш, пред неговата болест. Тоа беше на ниво каде се се движи и менува, каде утврдените вредности и вистини исчезнуваат и не постои ништо освен сопствениот дух кој човека го тера напред. Неговиот ран неуспех го ослободи од сите обврски да размислува по утврдените шеми и неговите мисли веќе беа независни до еден таков степен кој им е познат на мал број луѓе. Тој почувствува дека институциите како што се училиштата, црквите, владите и политичките организации од секаков вид настојуваат да ја насочат мислата кон некоја цел која се разликува од вистината, за да ги сочуваат нивните сопствени функци, со што истовремено би се вовел надзор над поединците во служба на тие функции. Успеа да види дека неговиот ран неуспех претставува среќно бегство, случаен спас од стапицата која му беше поставена, и беше постојано на штрек пред стапиците на утврдените вистини во текот на целиот свој понатамошен живот. Меѓутоа, тој не ги гледаше тие нешта и на почетокот не размислуваше на тој начин, туку подоцна. Тука веќе значително застранив од патот. Сето ова се случи многу подоцна.
Првите вистини кои Федар почна да ги прогонува беа маргиналните вистини; веќе не челните вистини на науката, оние кон кои е насочена дисциплината, туку оној вид вистини кои ги гледате со крајчето, со бочната страна на окото. Во текот на некоја лабораториска работа кога целата постапка ќе ви се поремети, кога се се одвива погрешно или неодредено или така сложено и со неочекувани резултати што не можете да го видите ни почетокот ни крајот, тогаш нештата почнувате да ги набљудувате странично. Тој термин тој подоцна го употреби за да го опише оној пораст на знаењето кое не се движи напред како стрела во лет, туку се шири бочно, како стрела која во текот на летот се задебелува, или како стрелец кој открива дека, и покрај тоа што го погодил центарот на метата и ја зел наградата, неговата глава се наоѓа на перница и дека низ прозорецот се појавува сонце.
Страничното знаење е она знаење кое доаѓа од потполно неочекуван правец, од правец кој и не се сфаќа како таков се додека тоа знаење на човека не му се наметне самото. Страничните вистини укажуваат на лажноста на аксиомите и постулатите кои лежат во темелот на човековиот псотоечки систем за доаѓање до вистината.
Според сето ова, тој само талкаше. Во реалноста тој само талкаше. Талкање е она што човек го прави кога се занимава со страничните вистини. Тој не можеше да се држи до ниту еден познат метод на постапување кој би му овозможил да ја открие причината, бидејќи токму тие методи и тие постапки беа она што е заебано. И затоа талкаше. Тоа беше се што можеше да го прави.

Талкањето го одведе во војска, која го прати во Кореја. Во неговото паметење постои исечок, слика на некој sид виден од кормилото на некој брод, како блескаво сјае, како небесна порта во маглата кон пристаништето. Овој исечок мора многу да му значеше и тој многу пати размислуваше за него, бидејќи иако не се сложува со ништо друго, тој е толку силен и впечатлив што и јас самиот сум му се навратил неколку пати. Изгледа дека тоа е симбол на нешто важно, на некоја пресвртница.

Неговите писма од Кореја се радикално различни од неговите претходни писанија, илустрирајќи ја токму истата пресвртница. Тие едноставно пукаат од емоции. Тој пишува страници и страници за најситните детали на нештата кои ги гледа: за пазарите, продавниците со лизгачки стаклени врати, за покривите со ќерамиди, за патиштата, колибите со сламени покриви, за се. Понекогаш полн со диво воодушевување, понекогаш потиштен, понекогаш лут, понекогаш дури и чешит, беше како некој човек или некое живо суштество кое го нашло излезот од кафезот за кој воопшто не знаел дека е околу него, па диво талка по околината визуелно голтајќи се на што ќе фрли око.

Подоцна се спријатели со некои корејски работници кои по малку говореа англиски но сакаа да научат повеќе за да се вработат како преведувачи. Со нив го минуваше времето после работа, а тие за возврат го водеа на долги излети за време на видкендот низ планините за да му ги покажат нивните куќи и пријатели и да му го растолкуваат начинот на живот и на мислење на една друга култура.

Тој седи покрај пешачката стаза на прекрасниот ветровит рид над Жолтото море. Оризот на терасите под патот е зрел и кафен. Неговите пријатели го набљудуваат морето и ги гледаат островите далеку од брегот. Јадат сува храна и разговараат помеѓу себе и со него, расправаат за идеограмите и нивниот однос кон светот. Тој спомнува колку е чудесно што се во вселената може да се опише со дваесет и шест пишани букви со кои тие се занимаваат во моментот. Неговите пријатели потврдуваат со главите и се смеат и ја јадат конзервираната храна и истовремено негираат на пријатен начин.

Него го збунуваат потврдувањата со глава и негативните одговори па ја повторува својата изјава. Повторно климнувања со глава кои значат "да" и одговори кои значат "не". Тоа е крај на исечокот, но за него, како и за sидот, често размислуваше. Последниот моќен исечок од тој дел од светот потекнува од внатрешноста на некој транспортен брод. Тој се враќа дома. Кабината е празна и неупотребена. Тој е сам на постела од платно за едрење кое е растегнато на железна рамка, како

гимнастичка мрежа. Има по пет такви постели во секој ред, и тие редови ја исполнуваат целата празна бродска просторија.
Ова е првата просторија на кормилото на бродот и платното во соседните рамки се крева и се спушта, следено со чувство на мачнина во неговиот желудник. Тој размислува за тие нешта и за подмолната бучава по челичните плочи секаде околу него и забележува дека освен тие звуци не постојат никакви други докази дека целата таа просторија се крева високо во воздухот а потоа без престанок нурнува надолу. Се прашува дали заради тоа му е тешко да се сосредоточи на книгата пред себе, но забележува дека тоа не е причината, туку книгата е едноставно тешка. Тоа е текст за источната филозофија и тоа е најтешката книга што било кога ја читал. Драго му е што е сам и што му е досадно во таа празна просторија, инаку никогаш не би ја прочитал.
Во книгата пишува дека постои теориска компонента на човековото постоење кое е првенствено западно (а тоа одговара на Федаровото лабораториско минато) и естетска компонента на човековото постоење кое е појасно видливо на Исток (и тоа одговара на Федаровото корејско минато) и дека се чини дека тие две компоненти никогаш не се допираат. Овие изрази "теориски" и "естетски" одговараат на она што Федар подоцна го нарече класични и романтични облици на стварност и тие веројатно ги беа вообличиле тие термини во неговиот дух повеќе отколку што беше свесен за тоа. Разликата е во тоа што класичната стварност е првенствено теориска, но таа има и своја сопствена естетика. Романтичната стварност е првенствено естетска, но има и своја теорија. Теорискиот и естетскиот раскол постои помеѓу компонентите на единствениот свет. Класичниот и романтичниот раскол постои помеѓу два одделни света. Филозофската книга која се вика Средба на Истокот и Западот, од Ф. С. К. Нортроп предлага подобро запознавање со "неиздиференцираниот естетски континуум" од кој потекнува теориската компонента.
Федар тоа не го разбра, но кога стигна во Сиетл и беше отпуштен од војска, цели две седмици седеше во својата хотелска соба и јадеше крупни вашингтонски јаболка и размислуваше и јадеше уште повеќе јаболка и уште повеќе размислуваше а потоа како резултат на сите тие исечоци и разислувања се врати на универзитетот да студира филозофија. Неговото странично талкање беше завршено. Тој сега почна активно да тежнее кон нешто.

Наеднаш на нас навалува бран студен воздух со мирис на бор, наскоро уште еден, па уште еден, и додека се приближуваме на Ред Лоџ, јас целиот се тресам.
Во Ред Лоџ патот скоро допира до подножјето на планината. Темната заканувачка маса како да ги надвисува покривите на зградите од обете страни на главната улица. Ги паркираме моторите и го одврзуваме багажот за да облечеме топла облека. Минуваме покрај продавница за скии и влегуваме во ресторан каде на ѕидовите гледаме големи фотографии од патот по кој ќе се качуваме. И качуваме, и качуваме, преку еден од највисоките асфалтни патишта на светот. Тоа ми причинува некаква тескобност, но гледам дека е без причина па настојувам да се отарасам од неа разговарајќи со другите за патот. Не може да се заталка. Нема никакви опасности за моторите. Само сеќавање на места каде можете да фрлите камен кој ќе пропаѓа стотина метри пред да се смири и некакво поврзување на тој камен со моторот и возачот.
Откако го испиваме кафето ја облекуваме дебелата облека, повторно се пакуваме и наскоро ја совладуваме првата кривина од многуте на падините на планината. Асфалтираната лента е многу поширока и посигурна отколку што е во моето сеќавање. Кога сте на мотор секогаш имате вишок простор. Џон и Сивлија минуваат низ остра кривина пред нас и се враќаат гледајќи не од висина и смеејќи се. Набргу и ние ја минуваме таа кривина па повторно им гледаме в грб. Уште една кривина зад нив и повторно се среќаваме, смеејќи се. Толку е тешко кога претходно размислувате за тоа, а толку е лесно кога го правите.

Говорев за Федаровото странично талкање, кое заврши со запишувањето на студиите по филозофија. Тој филозофијата ја сметаше за врв на сета научна хиерархија. Меѓу филозофите тоа верување е толку проширено што е речиси излитено, но за него тоа беше откритие. Откри дека физиката и хемијата за кои некогаш сметаше дека го претставуваат сиот научен свет се само гранки на филозофијата која е многу поширока и многу поопшта. Прашањата кои тој ги поставуваше за безбројноста на претпоставките не беа прашања за природните науки бидејќи тоа не се прашања со кои тие се занимаваат. Природната наука не може да го проучува научниот метод а да не дојде во безизлезна ситуација која ја уништува валидноста на нејзините одговори. Прашањата кои тој ги поставуваше беа на повисоко ниво од нивото до кое досега науката. И така Федар во филозофијата го најде природното продолжување на прашањата коишто најпрвин

го беа довеле на полето на природните науки. Што значи сето тоа? Што е смислата на сето ова?

Застануваме на паркингот крај патот, фотографираме за спомен за да можеме да покажуваме дека сме биле тука, а потоа поаѓаме по едно патче кое не води до работ на клисурата. Некој мотор на патот речиси право под нас би бил слабо видлив од оваа височина. Се замотуваме уште подобро против студот и продолжуваме со качувањето.
Дрвјата со широк лист потполно исчезнаа. Останаа само ниските борови. Многу од нив се свиткани и закржлавени.
Наскоро исчезнуваат и тие закржлавени борови и ние се наоѓаме на планински пасишта. Никаде дрвја, само трева полна со ситни розови и модри и бели точкички со светли бои. Полско цвеќе, насекаде! Тоа и тревата и мовта и лишаите се се што може да преживее тука. Пристигнавме во височините, над појасот на шумите.
Гледам преку рамо за да фрлам последен поглед во бездната. Како да гледам во дното на океанот. Луѓето минуваат цел живот на оние помали надморски восичини без притоа да се свесни дека постојат вакви високи предели.
Патот врти навнатре, подалеку од бездната и заоѓа во снежни полиња.
Моторот жестоко грми поради недостаток на кислород и се заканува дека ќе се изгаси, но не се гаси. Наскоро се наоѓаме помеѓу ѕидови од стар снег, така изгледа снегот во рана пролет после топењето. Малечки потоци вода течат насекаде низ мовестата кал, а потоа пониско во еднонеделната трева засипана со ситно полско цвеќе, со мали розови и модри и жолти и бели цвеќиња кои изгледаат како да никнуваат, блескави како сонце, од црните сенки. Насекаде е така! Игличките обоена светлост ме гаѓаат од позадината на тмурното и мрачно зеленило. Небото сега е темно и студено. Освен онаму каде удира сонце. На сончевата страна мојата рака и нога и блуза се жешки, но другата страна, која е сега во длабока сенка, е студена.
Снежните полиња се се поголеми. Бреговите стануваат високи во просек по еден метар, потоа два метра, потоа четири метра. Се возиме низ тесни снежни улици, како снежни тунели. Потоа тунелот повторно се отвара кон темното небо и кога изнурнуваме гледаме дека сме стигнале на врвот.
Од онаа страна е една друга земја. Планинските езера и борови и снежните полиња се доле. Над и преку нив до каде што ни допира окото се протегаат планински синџири покриени со снег. Висорамнина.

Запираме и се паркираме на еден паркинг каде некои туристи чкрапаат со фотоапаратите и гледаат во околниот пејсаж и едни во други. Од задниот дел на моторот ја симнувам кутијата со алатот и ја отворам ширум на седлото, потоа го земам штрафцигерот, го палам моторот и со штрафцигерот го штелувам карбуратот се додека звукот при празен од не се промени од навистина грозно чукање во поднослив чукање. Изненаден сум колку грмеше и плукаше и се тресеше за време на ова качување, и ги даваше сите можни знаци дека ќе изгаси но не се изгаси. Сега повторно не го штелувам како што треба, од љубопитност како ќе се однесува на висина од три илјади три стотини метри. Оставам посилен довод на бензин отколку што треба и сето тоа страшно чука, но наскоро ќе се спуштиме кон Јелоустоун парк, па ако го смалам доводот сега подоцна ќе стане недоволен, а тоа е опасно бидејќи моторот се прегрејува.
Звукот е прилично жесток додека се спуштаме од врвот во втора брзина, но потоа, кога се симнуваме, бучавата се смалува. Повторно шума. Се движиме помеѓу карпи и езера и шуми, совладувајќи прекрасни кривини на патот.

Сега сакам да зборувам за еден друг вид мисловна висорамнина, која на некој начин, барем што се однесува до мене, изгледа паралелна или предизвикува слични чувства како оваа, а неа ќе ја наречам висорамнина на духот.
Ако за сето човечко знаење, за се што е познато, се верува дека претставува голема хиерархиска структура, тогаш висорамнината на духот во една најопшта и најапстрактна смисла се наоѓа на највисоките катови на оваа структура Малкумина патуваат тука. Не постои вистинска полза од тоа да се талка низ неа, но исто како и оваа висорамнина на материјалниот свет околу нас и таа има своја строга убавина па на некои луѓе им се чини дека заради неа е вредно да се поднесат сите тешкотии на патувањето.
Кога е на висорамнината на духот, човек мора да се прилагоди на реткиот воздух на неизвесноста и на огромноста на поставените прашања, и на предложените одговори на тие прашања. Така се оди се понатаму и понатаму, очигледно многу подалеку отколку што може да досегне духот, па човек се колеба да се приближи од страв дека ќе се загуби и дека никогаш нема да го пронајде излезот.
Што е вистината и како да ја препознаете кога до неа ќе стигнете?…Како ние всушност знаеме било што? Постои ли "јас", "душа" која знае или таа душа ја сочинуваат само клетки кои управуваат со сетилата?…Дали стварноста во основа се

менува или е утврдена и постојана?…Кога ќе се каже дека нешто значи нешто, што се подразбира под тоа?
Многу патишта низ тие високи планински синџири биле пробиени и заборавени од памтивек, и иако одговорите донесени од тие патишта се здобивале со трајност и општост, цивилизациите бирале различни патишта па имаме многу различни одговори на исти прашања, и сите тие можат да се сметаат за вистинити во сопствениот контекст. Дури и внатре една единствена цивилизација непрекинато се затвораат старите патишта и се отвараат нови.
Понекогаш се тврди дека не постои вистински напредок; дека цивилизацијата која убива мноштво луѓе во масовни војни, која ги загадува копната и океаните со се поголемо количество отпад, која го уништува достоинството на поединците потчинувајќи го на присилна механизирана егзистенција, тешко може да се нарече напредок во споредба со едноставното ловечко и собирачко и земјоделско живеење во праисториско време. Но тој приговор, иако е романтички привлечен, не важи. Првобитните племиња му давале многу помалку слобода на поединецот отколку современото општество. Древните војни се водени со далеку помало морално оправдување отколку модерните војни. Технологијата која произведува отпадоци може да најде и наоѓа начини за да се ослободи од нив без еколошки последици. А сликите на првобитниот човек во школските книги понекогаш ги прескокнуваат тегобите на неговиот примитивен живот - мачењето, болеста, гладот, тешката работа за гол опстанок. Патот од таа агонија на голата егзистенција до современиот живот може трезвено да се опише само како напредок кон подобро, а единствен фактор на тој напредок е секако самиот разум.
Може да се види како неформалните и формалните процеси на претпоставката, експериментот и заклучокот од столетие во столетие, повторувани со нов материјал, изградиле таква мисловна хиерархија која ги исклучила поголемиот број непријатели на првобитниот човек. Романтичната осуда на рационалноста донекаде потекнува токму од делотворноста на таа рационалност кога е во прашање подобрувањето на примитивните услови во кои живеел човекот. Тоа е толку моќен, доминантен елемент на цивилизираниот човек што тој го исклучува сето останато и сега доминира и врз самиот човек. Тоа е изворот на поплаките. Федар талкаше низ таа висорамнина, најпрвин бесцелно, следејќи го секое патче, секоја стаза по која некој веќе минал, свртувајќи се повремено за да види дека очигледно напредува, но не гледајќи ништо пред себе што би му кажало по кој пат да оди.

Низ прашањата за стварноста и познанието, големи како планина, минале големи личности на цивилизацијата, од кои некои, како Сократ и Аристотел и Њутн и Ајнштајн се познати речиси секому, но повеќето од нив му беа непознати. За нивните имиња тој никогаш претходно не беше чул. Го воодушевија нивните мисли и целиот начин на кои тие размислуваа. Внимателно ги следеше нивните патишта додека тие не станеа студени, потоа ги напушташе. Во тоа време неговата работа едвај ги следеше академските стандарди, но не затоа што тој не работеше или не мислеше. Тој мислеше пренапорно, а колку што понапорно размислувате на таа висорамнина на духот толку поспоро чекорите. Федар читаше повеќе на научен отколку на литературен начин, испитувајќи ја секоја реченица на која ќе наидеше, запишувајќи ги сомневањата и прашањата кои треба подоцна да се разрешат, и јас сум среќен што имам полни торби со такви белешки.

Најмногу зачудува фактот што во нив е содржано речиси сето она што тој со години подоцна го говореше. Човек се разочарува кога гледа како во тоа време тој бил потполно несвесен за значењето на она што го говорел. Тоа е како да гледате некој кој ги пофаќа, едно по едно, сите парчиња на сложувалката чие решение го знаете, па сакате да му кажете: - Внимавај, ова треба да се стави тука, а ова таму - но не можете да му го кажете тоа. И така тој слепо талка, собирајќи парчиња од сложувалката и прашувајќи се што да прави со нив, а вие си ја гризете устата кога тој ќе сврти од правецот на погрешниот пат а со олеснување воздивнувате кога повторно ќе му се врати, иако тој самиот е обесхрабрен. - Не се грижи, сакате да му кажете. - Продолжи!

Но тој е толку ужасен ученик што успева да мине само заради љубезноста на своите наставници. Тој секогаш има предрасуди за сите филозофи кои ги проучува. Секогаш ги вовлекува и наметнува своите погледи на градивото кое го проучува. Никогаш не е праведен. Секогаш е пристрасен. Тој сака секој филозоф да оди по одреден пат, и кога тоа не е така, се разгневува.

Зачуван е еден исечок од сеќавањето на него како тој седи во соба пред мугри со славната Критика на чистиот ум од Емануел Кант, проучувајќи ја како што еден шахист ги проучува велемајсторските отварања, обидувајќи се да ја проучи во согласност со сопствените судови и вештина, трагајќи по контрадикции и несовмесности.

Федар е чудна личност кога би го споредиле со Американците од дваесетиот век кои го опкружуваат, но кога го гледаме како го проучува Кант, тогаш е помалку чуден. Тој кон германскиот филозоф од осумнаесетиот век негува почитување кое

не извира од согласувањето со него, туку од почитувањето на Кантовата восхитувачка логичка тврдина изградена околу неговите стојалишта. Кант е секогаш величествено методичен, истраен, правилен и внимателен додека ја искачува таа голема мисловна планина разлачувајќи што е во, а што вон умот. Тоа е, за денешните планинари, еден од највисоките врвови воопшто, и сега сакам да ја зголемам таа Кантова слика и да покажам како тој размислувал и што мислеше Федар за него, за да дадам појасна слика за тоа како изгледа висорамнината на духот и истовремено да го трасирам патот за разбирање на Федаровите мисли. Федаровото решение на целиот проблем околу класичното и романтичното мислење за прв пат се јави на таа висорамнина на духот, па ако не се разбере односот на оваа висорамнина кон остатокот на егзистенцијата ќе се потцени или погрешно ќе се разбере значењето и важноста на пониските нивоа на она што тој го говореше.

За да може да го следи Кант, човек мора по нешто да знае и за она со што се занимавал шкотскиот филозоф Дејвид Хјум. Хјум однапред се согласил со тоа дека, ако строго се држи до правилата на логичката индукција и дедукција во одредувањето на вистинската природа на светот од искуството, човек мора да дојде до одредени заклучоци. Неговото умување ги следело насоките кои произлегле од одговорот на ова прашање: Да претпоставиме дека некое дете се раѓа лишено од сите сетила; тоа е без сетило за вид, слух, допир, мирис, без сетило за вкус - лишено е од се. Не постои никаков начин да прими било каква дразба од надворешниот свет. И да претпоставиме дека тоа дете се храни интравенозно и се негува на други начини и во таков облик на живеење се оддржува осумнаесет години. Тогаш се поставува прашањето: Има ли тоа осумнаесетогодишно човечко суштество мисли во главата? Ако има, од каде доаѓаат тие мисли? Како тоа ги стекнува?

Хјум би одговорил дека тој осумнаесетогодишник нема никакви мисли, и давајќи го тој одговор би се дефинирал себеси како емпирист, човек кој верува дека сето знаење се стекнува исклучиво преку сетилата. Научниот метод на експериментирање е внимателно контролиран емпиризам. Денешниот здрав разум е емпиризам, со оглед на тоа што големо мнозинство би се сложило со Хјум, иако во други култури и во други времиња повеќемина можеби би имале различно мислење.

Првиот проблем на емпиризмот, ако се верува во емпиризмот, се однесува на природата на "материјата". Доколку сето наше знаење доаѓа од сетилните

податоци, што е всушност таа материја која ни ги праќа сетилните податоци? Ако се обидувате да замислите што е таа материја, исклучувајќи го она што го чувствуваме, ќе видите дека не мислите на ништо.

Со оглед на тоа што сето знаење до нас доаѓа минувајќи низ сетилните впечатоци и со оглед на тоа што не постои сетилен впечаток за самата материја, логично следи дека не постои знаење за материјата. Таа е само нешто што го замислуваме. Таа во целост се наоѓа во нашиот дух. Идејата дека вон нас постои нешто што од себе праќа својства кои ги забележуваме спаѓа меѓу поимите на здравиот разум, слично на здраворазумскиот детски поим дека земјата е рамна и дека паралелните правци никогаш не се сретнуваат.

Второ, ако некој почне со претпоставка дека сето наше знаење до нас стигнува низ сетилата, тогаш тој мора да се запраша: Од кој сетилен податок потекнува нашето знаење за каузалноста? Со други зборови, која е научната емпириска основа на самата каузалност?

Хјумовиот одговор гласи: Не постои таква. Не постои никаков доказ за каузалност во нашата сетилност. Како и материјата, тоа е само нешто што го замислуваме кога нешто зачестено се повторува. Каузалноста нема вистинско постоење во светот кој го набљудуваме. Ако некој се држи до претпоставката дека сето наше знаење до нас стигнува преку сетилата, вели Хјум, тогаш тој логично мора да заклучи дека и "Природата" и "Природните закони" се творби на нашата фантазија.

Таа идеја, дека целиот свет се наоѓа внатре нечиј дух, би морала да се отфрли како апсурдна, доколку и Хјум истата ја беше отфрлил како шпекулација. Но тој од неа направи херметично затворен сад.

Беше потребно да се отфрлат заклучоците на Хјум, но за жал тој до нив имаше стигнато на таков начин што беше невозможно тие да се отфрлат без да се напушти емпирискиот разум и без повлекување во некаков негов средновековен претходник. Но Кант нема да го стори тоа. “Токму Хјум беше тој”, вели Кант, "кој ме разбуди од мојата догматска дремка", што беше повод тој да го напише она што денес се смета за еден од најголемите филозофски трактати кој некогаш биле напишани, Критиката на чистиот ум, кој е често предмет на еден цел универзитетски курс.

Кант настојува да го спаси емпиризмот од последиците на неговата сопствена самопоразувачка логика. Тој отпрвин тргнува долж патот кој го трасираше Хјум. "Дека сето наше знаење почнува со искуството, тука нема никакво сомневање", вели тој, но наскоро свртува од тој пат порекнувајќи дека сите компоненти на

знаењето минуваат низ сетилата во мигот кога се примаат сетилните податоци. "Но иако сето знаење почнува со искуството, од тоа не следи дека тоа се раѓа од искуството".
Во првиот миг тоа изгледа како тропање глупости, но не е така. Како резултат на таа разлика Кант ја заобиколува провалијата на солипсизмот кон која води Хјум и продолжува по сопствен потполн нов и различен пат.
Кант вели дека постојат аспекти на стварноста кои преку сетилата непосредно допираат до нас. Нив тој ги нарекува а прирори.
Пример за а прирори знаење е "време". Вие не го гледате времето. Ниту пак го слушате, ниту го мирисате, ниту го вкусувате, ниту го допирате. Тоа не е присутно во текот на примањето на сетилните податоци. Времето е она што Кант го нарекува "интуиција", што умот мора да го приложи додека ги прима сетилните податоци. Истото важи и за просторот. Ако не ги примениме поимите простор и време на впечатоците кои ги примаме, светот е неразбирлив, само калеидоскопски збир на бои и облици и шумови и мириси и болка и вкус без значење. Ние ги чувствуваме предметите на одреден начин поради нашата примена на а прирори интуициите како што се простор и време, но тие предмети ги создаваме од нашата фантазија, како што би тврдел еден чист филозофски идеалист. Облиците простор и време се применуваат на податоците додека истите се примаат од предметите кои нив ги произведуваат. Поимите од типот а приори потекнуваат од човековата природа, па така ниту тие се предизвикани од предметите кои ги чувствуваме, ниту пак тие ги создаваат тие предмети, туку вршат некој вид разлачувачка функција во однос на сетилните податоци кои ги примаме. Кога ќе трепнеме со очите, на пример, сетилниот податок ни вели дека светот исчезнал. Но тоа се разлачува и не допира до нашата свет затоа што во умот имаме а приори поим дека светот е непрекинат. Она за што размислуваме како за стварност е непрекината синтеза на елементи од уврдената хиерархија на а приори поими и трајно променливи сетилни податоци.
Сега да застанеме и да ги примениме некои од поимите кои Кант ги поврзал со оваа чудна машина, тоа суштество кое не води низ времето и просторот. Да го погледнеме сега нашиот однос кон него, како што ни го открива Кант.
Хјум рекол, всушност, дека се што јас знам за овој мотор до мене доаѓа низ сетилата. Мора да биде така. Друг пат нема. Доколку јас речам дека моторот е составен од метал и други супстанции, тој прашува: Што е метал? Ако одговорам дека металот е тврд и блескав и студен на допир и дека се витка без да се скрши под ударите на потврда материја, Хјум ќе рече дека сето тоа се гледа, слуша и

допира. Нема супстанца. Кажи ми што е метал вон тоа што го чувствуваш. Тогаш, се разбира, јас сум во неволја.
Но ако не постои супстанца, што можеме да кажеме за сетилните податоци кои ги примаме? Ако ја навалам главата налево и погледнам доле на управувачот и предното тркало и држачот на резервоарот, добивам еден образец на сетилни податоци. Ако ја наведнам главата надесно, добивам втор не многу различен образец на сетилни податоци. Тие два погледа се различни. Аглите на рамнините и закривеноста на металот се различни. Сончевата светлина поинаку ги осветлува. Ако не постои логична основа за супстанцата, тогаш не постои логичка основа за заклучокот дека овие два погледа ги произвел ист мотор.
Сега сме навистина интелектуално парализирани. Нашиот ум, кој би требало да ги прави нештата поразбирливи, изгледа дека ги прави понеразбирливи, а кога умот работи на штета на сопствената смисла тогаш нешто мора да биде променето во самиот ум.
Кант ни прискокнува на помош. Тој вели дека фактот според кој не постои начин на непосредно чувствување на "моторот", независно од боите и облиците кои тој ги произведува, не е доказ дека дека моторот не постои. Ние во нашиот ум имаме а прирори мотор кој поседува непрекинатост во времето и просторот и е способен да го менува изгледот додека некој мрда со главата - оттаму сетилните податоци кои тој некој ги добива не се во контрадикција со таквиот мотор.
Хјумовиот мотор, оној кој нема никаква смисла, ќе се појави ако нашиот поранешен претпоставен болен, оној без сетила, биде одеднаш, само за секунда, изложен на сетилните податоци на моторот, а потоа повторно лишен од сетилата. Сега тој, мислам, во умот ќе го има Хјумовиот мотор, што не му пружа никаков можен доказ за таквите поими како што е каузалитетот.
Но, како што вели Кант, ние не сме таа личност. Ние во мислите имаме еден многу реален а прирори мотор во чие постоење немаме причина да се сомневаме, чија стварност може да биде потврдена во секое време.
Тој а прирори мотор во нашите мисли е изграден во текот на многу години од големи количества сетилни податоци и тој трајно се менува кога во игра влегуваат нови сетилни податоци. Некои промени кои му се случуваат на овој а прирори мотор кого го возам се многу брзи и минливи, како на пример неговиот однос кон патот. Јас тоа го забележувам и го поправам цело време додека ги совладуваме овие свиоци и искачувања на патот. Штом информацијата нема веќе ниакква вредност јас ја заборавам затоа што пристигнуваат нови кои треба да се преземат.

Другите промени во овој а прирори поим се поспори: исчезнувањето на гумата од тркалото. Олабавувањето на запчаниците. Промената на просторот помеѓу педалите. Некои други аспекти на промената на моторот се толку бавни што изгледаат постојани - бојата, лежиштата на тркалата, контролните кабли - но и тие трајно се менуваат. На крајот на краиштата, ако човек размислува во рамки на навистина големи количества време, дури и железната шасија полека се менува под влијание на тресењето на патот и на топлинските промени и силите на внатрешните напрегања заеднички за сите метали.
Тоа е сложена машина, тој а приори мотор. Ако доволно долго мислите на него, ќе видите дека тој е главната работа. Сетилните податоци го потврдуваат, но тие сетилни податоци не се моторот. Моторот за кој јас верувам на а приори начин дека се наоѓа вон мене е сличен на парите за кои верувам дека ги имам во банка. Кога би отишол во банка и би побарал да ги видам моите пари, тие би ме погледнале малку зачудено. Тие ги немаат 'моите пари' во некаква фиока од каде би можеле да ги извлечат и да ми ги покажат. "Моите пари" не се ништо друго туку само некакви источно-западни и северно-јужни подрачја во некој железен оксид кој лежи на парче лента во некоја лимена компјутерска кутија. Но јас сум задоволен бидејќи верувам дека банката, доколку ми затребаат предмети за кои ми требаат пари, ќе пронајде начин, со помош на својот систем на меници, нив и да ги добијам. Слично на тоа, иако моите сетилни податоци никогаш немаат пружено ништо што би можело да се нарече "супстанца", јас сум задоволен што постои можност внатре сетилните податоци да се постигнуваат нешта за кои се претпоставува дека ги создава супстанцата, и дека сетилните податоци и понатаму ќе се согласуваат со а приори моторот во моите мисли. Јас поради практичност велам дека супстанцата го гради моторот на кој се возам. Добар дел од Кантовата Критика на чистиот ум се занимава со тоа како се стекнува ова а приори знаење и како истото се употребува.
Своето тврдење дека нашите а приори мисли се независни од сетилните податоци и дека тие го разлачуваат она што го гледаме, Кант го нарекол "коперниканска револуција". Притоа ја имал на ум изјавата на Коперник дека Земјата се движи околу сонцето. Ништо не се променило како последица на таа револуција, но сепак се се променило. Или, да го изразиме тоа со зборовите на Кант, објективниот свет кој ги создава нашите сетилни податоци не се променил, но нашиот а приори поим за тој свет се променил од корен. Последиците се страшни. Токму прифаќањето на

Коперниканската револуција ја отсликува разликата помеѓу современиот човек и неговиот средовековен претходник.
Коперник го сторил следново: го зел постоечкиот а прирори поим на Земјата, сфаќањето дека таа е рамна и неподвижна во просторот, и поставил алтернативен а приори поим на Земјата, то ест, дека таа е во вид на топка и дека се движи околу сонцето; и покажал дека тие два а приори поими се согласуваат со постоечките сетилни податоци.
Кант почувствувал дека ја сторил истата работа во метафизиката. Ако претпоставите дека а приори поимите во нашата глава се независни од она што го гледаме и дека тие всушност го разлачуваат она што го гледаме, тоа значи дека вие го земате стариот аристотеловски концепт за човекот-научник како за пасивен набљудувач, "табула раза", и целосно го извртувате. Кант и милиони негови следбеници тврдат дека последицата на таа промена е во тоа што преку него вие доаѓате до едно многу поприфатливо разбирање за тоа како ги спознаваме работите.
Во овој пример се впуштив во детали, делумно заради тоа да ја покажам таа висорманина одблиску, но повеќе заради тоа да се подготвам за она што подоцна го стори Федар. И тој изврши коперниканска замена и како резултат на таа замена дојде до разврска на проблемот на двата разделени светови на класичното и романтичното поимање. Ми се чини дека како резултат на ова сега е повторно возможно да се добие поприфатливо толкување за тоа што е смислата на овој свет.
Кантовата метафизика отпрвин го беше возбудила Федра, но подоцна тоа возбудување спласна и тој не знаеше точно поради што. Размислуваше за тоа и поверува дека можеби е во прашање неговото источно искуство. Пред тоа имаше чувство како да избегал од затворот на интелектот, а сега повторно се најде во еден, уште полош затвор. Ја прочита Кантовата естетика со разочарување и лутина. Идеите за "убавото" му беа сами по себе грди, и таа грдост беше толку длабока и сеопфатна што тој не знаеше од каде би требало да почне да ја напаѓа или да се обиде да ја заобиколи. Изгледаше дека таа е вткаена во целото ткиво на Кантовиот свет, толку длабоко што од неа немаше спас. Не беше тоа само грдоста на осумнаесетиот век, или "техничка" грдост. Неа ја покажуваа сите филозофи кои ги беше читал. Целиот универзитет баздеше на истата грдост. Таа беше насекаде, во училниците, во учебниците. Беше и во него, а тој не знаеше ниту како ниту зошто. Самиот ум беше грд и нему му се чинеше дека не постои начин да се биде слободен.

12

Во Кук Сити Џон и Силвија изгледаат и се однесуваат посреќно отколку што сум ги видел изминативе години, и ние загризуваме во сендвичите со топло говедско и ги голтаме во големи залаци. Јас сум среќен што ја гледам и што ја слушам сета таа нивна воодушевеност од висорамнината, но не говорам многу за тоа туку само јадам.
Низ прозорецот гледам огромни борови од другата страна на патот. Многу автомобили минуваат под нив на патот кон паркот. Сега се наоѓаме далеку под појасот на шумите. Тука е потопло, но небото е покриено со случајни ниски облаци кои се подготвени да излијат дожд.
Кога би пишувал романи наместо да држам чаутагви, би се обидел да "развијам" карактери, на Џон и Силвија и Крис, со сцени полни со дејствие кои исто така би откривале "внатрешни значења" на Зен-от и можеби на уметноста и можеби на одржувањето на моторот. Тоа би бил вистински роман, но поради некои причини не се чувствувам способен за тоа. Тие се пријатели, не се карактери, и како што рече Силвија еднаш: - Не сакам да бидам објект! - Толку многу знаеме едни за други што едноставно не навлегувам во нив. Ништо негативно, но навистина небитно за шатакуата. Така би требало да биде меѓу пријатели.
Истовремено мислам дека од шатакуата можете да разберете зошто постојано морам да изгледам толку повлечен и оддалечен од нив. Понекогаш тие поставуваат прашања кои изгледаат како да бараат изјава за она за што по ѓаволите постојано размислувам, но кога би дрдорел за тоа што навистина ми е на ум, на пример за а приори претпоставките за непрекинатоста на моторот од секунда во секунда, и доколку тоа би го сторил не придонесувајќи кон целата градба на шатакуата, тие би биле само збунети и би се прашувале што не е в ред. Мене навистина ме интересира таа непрекинатост и начинот на кој за неа разговараме и мислиме и затоа сум склон кон тоа да се повлечам и да се опуштам за време на ручекот, што создава впечаток на оддалечување. Тоа е проблемот. Тоа е проблемот на нашето време. Денес обемот на човечкото знаење е толку голем што сите ние сме специјалисти а оддалеченоста помеѓу специјалностите стана толку голема што оној кој сака слободно да талка помеѓу нив мора да се откаже од блискоста на луѓето околу себе. И секојдневното дрдорење за време на ручекот е специјалност самото по себе.

Изгледа дека Крис подобро ја разира мојата отуѓеност отколку тие, можеби затоа што е повеќе навикнат на неа и затоа што неговиот однос кон мене е таков што таа мора да го интересира. На неговото лице понекогаш гледам траги на загриженост, или барем немир, па се прашувам зошто, а потоа откривам дека јас сум лут. Да не го гледам тој негов израз, можеби не би го знаел тоа. Понекогаш трча и скока наоколу, па се чудам на тоа и откривам дека тоа е поради тоа што јас сум добро расположен. Сега гледам дека е помалку нервозен кога одговара на прашање кое Џон очигледно ми го беше упатил мене. Се работи за човекот кај кого ќе појдеме на гости утре, за Де Веси.

Не сум баш сигурен како гласеше прашањето, но додавам: "Тој е сликар. Предава сликарство на тамошниот факултет, апстрактен импресионист".

Ме прашуваат од каде го познавам и јас морам да одговорам дека не се сеќавам па изгледа како да го избегнувам одговорот. Но навистина не се сеќавам на ништо во врска со него освен на некои исечоци. Тој и неговата жена веројатно беа пријатели на Федаровите пријатели, оттаму ги познаваше.

Тие се прашуваат што би можел да има заедничко еден писател на инженерски прирачници како мене со некој апстрактен сликар, и јас повторно морам да кажам дека не знам. Во мислите низ исечоците барам одговор, но него го нема.

Нивните лични карактеристики сигурно беа различни. Додека фотографиите на Федаровото лице во тој период покажуваат отуѓување и насилност - еден член на неговиот оддел на шега тој изглед го нарече "субверзивен" - некои фотографии на Де Веси од истиот период покажуваат лице кое е сосема пасивно, речиси ведро, само со некаков благ прашален израз.

Паметам некој филм за еден шпиун во Првата светска војна кој го проучувал однесувањето на еден заробен германски офицер (кој му бил потполно сличен) стоејќи зад огледало низ кое можело да се гледа од другата страна. Го проучувал со месеци се додека не бил во можност да го имитира секое негово движење и нијанса во говорот. Потоа глумел бегалец за да се вовлече во генерал-штабот на германската војска. Се сеќавам на напнатоста и возбудувањето додека тој се наоѓаше пред својот прв обид, средбата со старите пријатели на офицерот, обидот да дознае дали тие ќе ја откријат неговата измама. Мене сега ме обземаат слични чувства за Де Веси кој природно ќе претпостави дека јас сум истата личност која тој некогаш ја познаваше.

Моторите се оросени поради лесната магла. Ја вадам пластичната наметка од бочниот сандак и ја прицврстувам за шлемот. Наскоро ќе стигнеме во Јелоустоун парк.
Патот пред нас е замаглен. Изгледа како облак да се спуштил во долината, која воопшто не е долина туку само планински премин.

Не знам колку добро Де Веси го познаваше него, и кои заеднички спомени ќе ги очекува од мене. Сум го минал ова и со други и обично успевав некако да ги пребродам непријатните мигови. Како награда за тоа секој пат следеше проширување на знаењето за Федар што многу помогна на понатамошното обликување на неговата личност, што во текот на годините донесе мноштво податоци кои ги изнесувам тука.
Од малиот број исечоци што ги паметам, Федар многу го ценеше Де Веси бидејќи не го разбираше. Кога Федар не успеваше нешто да разбере, тоа во него будеше страшно интересирање, а однесувањето на Де Веси беше многу необично. Изгледаше целосно збркано. Федар ќе кажеше нешто што сметаше дека е многу забавно, а Де Веси зачудено ќе го погледнеше или пак ќе го сфатеше сериозно. Друг пат Федар ќе кажеше нешто многу сериозно а Де Веси ќе се изнасмееше како некој да му ја кажал најдобрата шега што било кога ја чул.
На пример, во паметењето постои исечок за една маса во трпезаријата со одлепен фурнир на работ кого Федар повторно го залепи. Во текот на стврднувањето на лепилото тој фурнирот го заврсти на тој начин што масата ја заврза со јажиња од сите страни.
Де Веси го виде јажето и се прашуваше зошто е направено сето тоа.
- Тоа е мојата најнова скулптура - рече Федар. - Зарем не ви се чини како во тоа да има нешто?
Наместо да се насмее, Де Веси го погледна со чудење, долго ја проучуваше масата и најпосле рече: - Каде сте го научиле сето тоа?
Во првиот миг Федар помисли дека тој ја продолжува шегата, но Де Веси беше сериозен.
Друг пат Федар беше лут поради некои слаби студенти. На пат кон дома тој зборуваше со Де Веси за тоа под некои дрвја, а Де Веси се чудеше зошто тој ова го зема толку при срце.
- И јас се прашував - рече Федар со несигурен глас и додаде: - Мислам дека тоа е можеби поради тоа што секој професор е повеќе склон кон студентите кои му се

нему слични. Ако во вашиот начин на пишување се истакнува накитениот стил, тогаш на тој стил му придавате поголема важност доколку го сретнете кај некој студент. Ако употребувате крупни зборови, ќе ви бидат драги токму оние студенти кои пишуваат со крупни зборови.
- Секако. Што има лошо во тоа? - рече Де Веси.
- Па ете, постои мал проблем - рече Федар - бидејќи сите студенти кои ми се најдраги, оние со кои навистина ме врзува некое чувство на поистоветување, сите тие паднаа на испитите!
Де Веси тогаш го обзема слатка смеа и тоа малку го навреди Федар. Тој во проблемот гледаше некаква научна појава која можеше да му понуди клуч за нови познанија, а Де Веси само се смееше.
Во почетокот мислеше дека Де Веси се смее на неговото ненамерно исмевање на самиот себе. Но тоа не се совпаѓаше со неговата личност бидејќи Де Веси воопшто не сакаше да исмева. Подоцна увиде дека тука се работеше за најискрена смеа. Најдобрите студенти секогаш паѓаат. Секој добар професор го знае тоа. Тоа беше еден вид смеа која ја намалува напнатоста што ја предизвикуваат невозможните ситуации и Федар можеше да ја користи бидејќи во тоа време нештата ги сфаќаше премногу сериозно.
Тие загадочни одговори на Де Веси го наведоа Федар на помислата дека Де Веси има пристап во големите пространства на скриеното разбирање. Де Веси секогаш изгледаше како нешто да крие. Тој нешто криеше од него, а Федар не можеше да сфати што е тоа.
Потоа доаѓа еден силен исечок од сеќавањата, оној ден кога откри дека можеби и Де Веси има некакво слично загадочно чувство кон него.
Прекинувачот за светло во работната соба на Де Веси се расипа и тој го замоли Федар да види во што е работата. Имаше помалку збунета, помалку загадочна насмевка на лицето, како насмевката што ја има уметничкиот мецена кога разговара со некој сликар. Меценатa е збунет што открива колку малку знае, но се смешка очекувајќи дека ќе научи нешто повеќе. За разлика од Сатерлендови, кои ја мразат техниката, Де Веси беше толку далеку од неа што во неа не наѕираше никаква опасност. Де Веси всушност беше технички незнајко, мецена во техниката. Не разбираше ништо во врска со неа, но знаеше што му се допаѓа и постојано уживаше во тоа да научи нешто ново.
Тој претпоставуваше дека дефектот е во жицата блиску до сијалицата, бидејќи снемало светлина во моментот кога го притиснал прекинувачот. Дефектот не беше

во прекинувачот, бидејќи во тој случај ќе требаше да мине некое време пред тоа да се забележи во сијалицата. Федар воопшто не расправаше околу тоа, туку отиде во продавницата за техничка стока преку патот, купи прекинувач и за неколку минути го вгради. Секако, светлината веднаш заблеска, предизвикувајќи чудење и непријатност кај Де Веси. - Како знаевте дека дефектот е во прекинувачот? - праша.
- Затоа што работеше на прекини кога го протресов прекинувачот.
- Но, зарем истото не би можело да го предизвика и тресењето на жицата?
- Не.
Федаровото надмоќно држење го разлути Де Веси и тој почна да се расправа. - Како го знаете сето тоа? - рече.
- Тоа е очигледно.
- Па зошто тогаш јас не го видов?
- Човек мора да е малку упатен.
- Тогаш тоа не е очигледно, зарем не?
Де Веси секогаш се расправаше поаѓајќи од едно толку чудно гледиште што беше невозможно да му се одговори. Тоа гледиште го наведе Федар на помислата дека Де Веси нешто крие од него. Дури на крајот на својот престој во Боземан тој помисли дека сфатил, на својот аналитички и методичен начин, кое е тоа гледиште.

На влезот во паркот застануваме и му плаќаме на еден човек со голема шапка. Тој ни возвраќа со еднодневна пропусница. Пред нас гледам еден постар турист кој не снима, потоа се смее. Од неговите кратки пантолани се спуштаат бели нозе во дебели чорапи и чевли. Неговата жена која гледа со одобрување има исти такви нозе. Им мафтам на минување и тие нас ни одмавнуваат. Тој миг ќе биде зачуван на филмската лента уште многу години.
Федар го презираше овој парк не знаејќи точно поради што, можеби затоа што не го беше открил самиот, но најверојатно не поради тоа. Поради нешто друго. Го лутеше тоа што фармерите се однесуваа како туристички водичи. Однесувањето на туристите како да се во зоолошка градина во Бронкс, Њујорк, му се гадеше уште повеќе. Толку голема разлика во споредба со планинскиот крај наоколу. Паркот изгледаше како голем музеј со козметички обработени експонати кои се тука за да создаваат илузија на реалноста, но добро оградени со синџири за децата да не ги оштетат. Луѓето влегуваа во паркот и стануваа пристојни и прекрасни и љубезни меѓу себе бидејќи на тоа ги тераше атмосферата на паркот. Иако цело време

живееше на стотина километри оддалеченост од него, го беше посетил само еднаш или два пати.
Но ова е веќе пореметување на хронологијата. Недостасуваат околу десет години. Тој не скокна од Еманuел Кант во Боземан, Монтана. Во текот на тие десет години живееше во Индија студирајќи ориентална филозофија на Универзитетот Хинду во Бенарес.
Колку што ми е познато, тој тука не дозна никакви скриени тајни. Ништо посебно не се случуваше, освен некои контакти. Слушаше филозофи, посетуваше свештеници, впиваше и размислуваше, уште повеќе впиваше и размислуваше и тоа беше се. Се што се гледа од неговите писма се сведува на ужасна збрка и спротивставености и несовмесности и отстапувања и исчекорувања од сите правила што тој ги беше формулирал за нештата кои ги набљудуваше. Дојде во Индија како емпиричар и си замина како емпиричар, ниту малку помудар од она што беше кога пристигна. Сепак, беше изложен на многу нешта и притоа акумулираше некој вид скриена претстава која подоцна се појавуваше заедно со многу други скриени претстави.
Некои од тие скриени нешта би требало тука да ги објаснам бидејќи тие подоцна ќе станат значајни. Стана свесен дека доктринарните разлики помеѓу хиндуизмот и будизмот и таоизмот не се ни оддалеку толку важни колку што се доктринарните разлики помеѓу христијанството и исламот и јудаизмот. Поради првите никогаш не се воделе војни, бидејќи за вербалните прикази на стварноста никогаш не се сметало дека ја претставуваат самата стварност.
Во сите источни религии голема важност и се дава на санскритската доктрина Тат твам аси, "Ти си тоа", која вели дека вие сте сето она што мислите дека сте и дека тоа е неделиво од сето она што мислите дека го гледате. Да се разбере во целост тоа отсуство на деливост значи да се стане просветлен.
Логиката препоставува одвоеност на субјектот од објектот; логиката значи не е крајната мудрост. Привидноста на одвоеноста на субјектот од објектот најдобро се отстранува со елиминација на телесната, душевната и емоционалната активност. Постојат многу дисциплини кои се занимаваат со ова. Една од најважните е санскритската дхзана, која на кинески погрешно се изговара како чан, што пак повторно на јапонски погрешно се изговара како зен. Федар никогаш не се впушташе во медитирање бидејќи тоа за него немаше смисла. Во текот на времето кое го мина во Индија "смислата" секогаш претставуваше логична конзистенција, и

тој не можеше да пронајде чесен начин да го напушти ова верување. Тоа, мислам, беше за пофалба.
Но еден ден, кога професорот во училницата со занес по можеби педесети пат го толкуваше привидниот карактер на светот, Федар ја крена раката и студено запраша дали тој верува дека и атомските бомби кои паднале на Хирошима и Нагасаки биле исто така привидни. Професорот се насмеа и одговори потврдно. Тоа беше крај на разговорот.
Се врати на својот среден запад, стекна практична диплома по новинарство, се ожени, живееше во Невада и Ново Мексико, се занимаваше со различни работи, работеше како новинар, автор на научни статии и пишувач на рекламни индустриски текстови. Стана татко на две деца, купи фарма и коњ за јавање и два автомобила и почна да се гои. Неговото прогонување на она што го нарековме сениште на разумот престана. Да се разбере ова е мошне значајно. Тој едноставно се откажа.
Со оглед на тоа што се откажа, површината на животот му беше пријатна. Работеше до разумни граници, убаво се согласуваше со луѓето, и освен повремените загледувања во внатрешната празнина која се насетува во некои кратки раскази што ги беше напишал во тоа време, неговите денови течеа сосема вообичаено.
Не се знае точно што го натера да дојде тука горе во овие планини. Изгледа дека ни неговата жена не го знаеше тоа, но јас би рекол дека тоа можеби беше едно од оние внатрешни чувства на промашеност и надеж дека ова на некој начин повторно ќе го врати на вистинскиот пат. Стана многу позрел, како напуштањето на неговите внатрешни цели да беа причина за неговото побрзо стареење.
Излегуваме од паркот кај Гардинер каде изгледа дека не паѓа многу дожд, бидејќи на планинските стрмнини во квечерината гледаме само трева и грмушки. Се одлучуваме тука да преноќиме.
Градот се наоѓа на високите стрмнини од обете страни на мостот преку реката која брза преку мазните и чисти форми. Преку мостот светлата на мотелот каде престојуваме се веќе запалени, но и на вештачкото светло кое доаѓа низ прозорците можам да видам дека секоја куќичка е педантно опкружена со насадени цвеќиња, па затоа внимателно чекорам да не газам врз него.
Забележувам и нешто во врска со куќите, и веднаш му го покажувам тоа на Крис. Прозорците се двојни и лизгачки. Вратите благо се затвораат и не тропаат. Сите рамки се совршено поставени. Во сето тоа нема ништо излишно, тоа е само добро направено и, нешто ми вели, сето тоа го направил еден човек.

Враќајќи се во мотелот од ресторанот забележуваме една постара двојка како седи во малиот двор пред рецепцијата уживајќи во вечерното ветре. Мажот потврдува дека сите куќички ги направил тој самиот и дека му е многу мило што тоа некој го забележал, а неговата жена, која тоа го слуша, не повикува да седнеме крај нив. Разговараме без потреба да брзаме. Ова е најстариот влез во паркот. Со него луѓето се служеле и пред да бидат измислени автомобилите. Тие говорат за промените кои настапиле со текот на годините, додавајќи нова димензија на она што го гледаме околу себе, и сето тоа се слева во едно прекрасно нешто - тој град, таа двојка и годините кои минале. Силвија ја става раката на Џоновата. Јас сум свесен за шумолењето на реката која брза под нас и за благиот мирис на ноќното ветре. Жената, која ги познава сите мириси, вели дека тоа е козја крв, и ние замолкнуваме некое време и јас пријатно задремувам. Крис речиси беше заспан кога одлучивме да починеме.

13

Џон и Силвија јадат топли пецива и пијат кафе за појадок, уште ги држи синоќешното расположение, а јас тешко ја голтам храната.

Денес би требало да стигнеме до училиштето, местото каде се случи страшниот судар на нештата, и јас веќе чувствувам извесна напнатост.

Се сеќавам дека еднаш прочитав за некои археолошки ископувања на Блискиот исток и дознав како се чувствува археологот кога за прв пат по илјадници години ги отвара заборавените гробови. И јас сега се чувствувам како некој археолог.

Грмушките од жалфија во кањонот кон Ливингствон сега се слични на грмушките жалфија што ги гледате по цел пат, од тука до Ново Мексико.

Денешното сонце е исто како и вчерашното, само што е потопло и поблаго сега кога повторно се наоѓаме на помали височини.

Нема ништо необично.

Само тоа археолошко чувство дека смиреноста на околината само ги прикрива нештата. Ова е место населено со духови.

Навистина не сакам да одам таму. Во секој миг би можел да се свртам и да се вратам.

Тоа е само од напнатоста, препоставувам.

Се согласува со еден исечок на сеќавањето во кој во текот на многу утра напнатоста беше толку силна што тој повраќаше се што имаше во него пред да влезе во првата училница. Му се гадеше да излезе пред полна соба студенти и да говори. Тоа беше

потполно насилство над неговиот осамен, издвоен начин на живот, па чувствуваше силна трема пред настап, само што таа никогаш не се одразуваше на него како таква, туку повеќе како ужаен интензитет на сето она што тој го правеше.
Студентите и раскажуваа на неговата жена дека тоа беше нешто како електрицитет во воздухот. Во мигот кога влегуваше во училницата, сите очи се насочуваа кон него и го следеа додека и приоѓаше на катедрата. Сите разговори запираа до шепот и продолжуваа како шепот, иако често минуваа неколку минути пред да почне предавањето. Во текот на часот очите не се одвојуваа од него.
Почна многу да се говори за него, како за контроверзна личност. Поголемиот број студенти ги избегнуваа неговите предавања, бегаа од нив како од чума. Премногу се имаа изнаслушано за него.
Тоа училиште беше она што благо можеше да се нарече "предавачки факултет". На предавачкиот факултет предавате и предавате и предавате без слободно време за истражување, за размислување, за учество во настаните вон училиштето. Само предавате и предавате и предавате додека духот не ви отапе и не ви исчезне креативната моќ и не станете автомат кој говори исти глупави нешта по сто пати на бескрајните таласи невини студенти кои не можат да разберат зошто сте толку глупав, кои губат почитување кон вас и го шират тоа непочитување во јавноста. Причината заради која предавате и предавате и предавате лежи во тоа што тоа е многу лукав начин на одржување на училиштето со мали трошоци што пружа лажен привид на вистинско образование.
Сепак, и покрај тоа, тој училиштето го нарекуваше со име кое немаше многу смисла, всушност звучеше помалку смешно од аспект на неговата вистинска природа. Но името имаше големо значење за него, и тој упорно се држеше до него и сметаше дека откако замина тоа остана длабоко врежано во неколку мозоци, доволно длабоко за да не може да се избрише. Го нарекуваше "Црква на умот", и многу недоумици ќе престанеа доколку луѓето околу него разбреа што значи тоа.
Во државата Монтана во тоа време цветаше ултра-десничарската политика слична на онаа која владееше во Далас, Тексас, непосредно пред убиството на претседателот Кенеди. На еден професор познат низ цела Америка му беше забрането да држи говор во кругот на универзитетот во Мисули, Монтана, со образложение дека тоа би "предизвикало немири". На професорите им беше речено дека сите изјави за јавноста пред да бидат обелоденети мораат да минат низ одделот за информирање на јавноста.

Академските стандарди беа уништени. Законодавството претходно им беше забранило на училиштата да одбијат запишување на било кој студент постар од дваесет и една година, без оглед на тоа дали тој завршил некое средно училиште или не. Сега законодавството изгласа закон со кој факултетот се казнува со казна од осум илјади долари за секој студент кој нема да положи, со други зборови тоа беше наредба дека секој студент мора да положи.
Новоизбраниот гувернер настојуваше да го избрка деканот, како поради лични, така и поради политички причини. Деканот не само што беше личен непријател, беше и демократ, а гувернерот не беше обичен републиканец. Шефот на неговата предизборна кампања воедно беше секретар на друштвото "Џон Бирч" во државата Монтана. Тоа беше истиот гувернер кој го беше составил пописот од педесет субверзивни елементи за кој слушнавме пред неколку дена.
Како дел од таа крвна освета, на универзитетот му беа смалени дотациите. Деканот учествуваше со необично голем дел во намалувањето на катедрата за англиски јазик, чиј член беше Федар, и чии членови беа прилично гласни кога се работеше за прашањата на академската слобода.
Федар тогаш му пиша на регионалното здружение за службено признавање на училиштата за да види дали тие можат да го спречат кршењето на условите за постоење квалитетно образование. Освен тоа приватно допишување, јавно се залагаше за поведување истрага за целокупната ситуација во школството.
Тогаш некои студенти во една од групите на кои им предаваше Федар одеднаш зајадливо запрашаа дали неговите напори околу тоа училиштето да не биде службено признаено значи дека тој настојува да им го оневозможи нивното образование.
Федар негираше.
На тоа еден студент, очигледно приврзаник на гувернерот, луто рече дека власта ќе се погрижи училиштето да не го загуби својот авторитет.
Федар запраша како.
Студентот одговори дека ќе биде поставена полиција за да го спречи тоа.
Федар малку размислуваше, потоа сфати колку длабоко погрешно е сфаќањето на авторитетот на училиштето од страна на студентот.
Таа ноќ, за утрешното предавање тој напиша одбрана на она што го прави. Тоа беше предавање за "Црквата на умот" кое, спротивно на неговите вообичаени белешки, беше многу долго и многу внимателно обработено.

Тоа започнува со наведување на една новинска статија за тоа како на некоја црквена зграда во внатрешноста виси електрична реклама за пиво токму над главниот влез. Зградата била продадена и претворена во пивница. Не е тешко да се погоди дека на ова место во училницата се слушна смеа. Универзитетот беше добро познат по пијанките и некако одговараше на таа слика. Во статијата пишуваше дека многу луѓе поради тоа се пожалиле на црковните власти. Тоа била католичка црква, и свештеникот кој бил одреден да одговара на критиките прилично се разгневил. За него тоа било знак дека луѓето всушност не знаат што е тоа црква. Зарем тие мислеле дека циглите и штиците и стаклото ја чинат црквата? Или обликот на покривот? Тоа бил пример на чист материјализам скриен во рувото на побожноста на кој црквата му се спротивставува. Градбата за која станува збор не е света. Таа е обесветена. И тука престанува се. Рекламата за пиво стои на влезот во пивницата, не на влезот во црквата, и оние кои не ја гледаат разликата само откриваат нешто за себе.

Федар рече дека истата збрка владее во сфаќањето на универзитетот и дека е затоа тешко да се разбере службеното непризнавање на универзитетот. Вистинскиот Универзитет не е материјален објект. Тоа не е збир на згради кои можат да се бранат со полиција. Објасни дека, кога некој факултет ќе го загуби својот авторитет, никој не доаѓа да го затвори. Нема законски казни, нема глоби, нема казни затвор. Предавањата не се прекинуваат. Се продолжува како и до тогаш. Студентите го добиваат истото образование кои би го добиле и тогаш кога училиштето не би го загубило својот кредибилитет. Она што се случува, рече Федар, е едноставо службено објавување на состојбата која и претходно постоела. Тоа е слично на екскомуникација. Би се случило следново: вистинскиот универзитет, на кого ниту едно законодавство не може да му заповеда, и кое никогаш не може да се поистовети со никаква градба од тули, штици и стакло, едноставно би изјавил дека тоа место веќе не е "свето". Вистинскиот универзитет би исчезнал, а она што би останало би биле тулите и книгите и материјалната појавност.

Ова сфаќање мора да им беше чудно на студентите, и можам да замислам колку долго чекаше за тоа да се слегне, и како можеби потоа го очекуваше прашањето: "Што мислите вие, што е тоа вистински универзитет?"

Неговите белешки, како одговор на тоа прашање, го содржат следново: Вистинскиот универзитет, рече, нема одредена локација. Тој нема имот, не исплатува лични доходи, не прима материјални средства. Вистинскиот универзитет

е состојба на духот. Тој е големо наследство на рационалната мисла кое е регенерирано низ вековите со посредство на луѓе кои традиционално ја носат титулата професор, но дури ни тој услов не е дел од вистинскиот универзитет. Вистинскиот универзитет не е ништо друго освен продолжен орган на самиот разум.
Освен оваа состојба на духот - "разумот", постои и правно лице кое за жал се означува со истото име, но претставува нешто сосема друго. Тоа е непроизводствена институција, со одредена адреса. Поседува имот, во состојба е да плаќа, да прима пари и да одговара на сите законски притисоци кои се јавуваат во текот на процесот.
Но овој втор универзитет, правното лице, не може да подучува, тој не создава ново знаење и не вреднува идеи. Тоа воопшто и не е вистински универзитет. Тоа е само една црковна зграда, земјиште, локација каде се создадени соодветни услови за постоење на вистинска црква.
Забуната се создава постојано кај оние луѓе кои не можат да ја согледаат таа разлика, рече, и кои мислат дека контролата врз црковните згради имплицира контрола врз црквата. Таквите луѓе професорите ги гледаат како службеници на вториот универзитет кои мораат да го напуштат разумот кога тоа ќе им се каже и без приговори да примаат наредби, исто онака како што тоа го прават службениците во другите организации.
Тие го гледаат вториот универзитет, но првиот не успеваат да го видат.
Се сеќавам кога за прв пат го прочитав ова и забележав колкава аналитичка сила е употребена тука. Тој го одбегнал разделувањето на Универзитетот на гранки и катедри и занимавањето со таквиот вид анализа. Тој исто така ја избегнал традиционалната поделба на студенти, професори и администрација. Кога универзитетот се дели на било каков начин, тогаш се добиваат многу непотребни податоци кои не можат да ви кажат ништо повеќе отколку она што обично се наоѓа во службените универзитетски извештаи. Но Федар него го разложил на "црква" и "локација", и кога таквото разделување еднаш ќе биде направено, истата онаа матна и прилично несфатлива институција одеднаш се разгледува со одреден степен на јасност кој пред тоа не бил достапен. Врз основа на таа делба тој пружил објаснувања за многу загадочни но нормални аспекти на универзитетскиот живот.
По овие објаснувања тој се врати на аналогијата на религиозната црква. Граѓаните кои градат таква црква и плаќаат за неа веројатно имаат на ум дека тоа го прават за својата заедница. Една добра проповед на членовите на заедницата може да им

пружи душевен мир за следната седмица. Неделното училиште ќе им помогне на децата да бидат воспитани на вистинскиот начин. Свештеникот кој држи проповед и управува со неделното училиште ги разбира тие цели и обично работи во согласност со нив, но тој исто така знае дека неговата основна задача не е да служи на заедницата. Неговата основна задача е пред се да му служи на Бога. Обично околу ова нема конфликт, но понекогаш конфликт се јавува кога членовите на црковниот одбор ќе се спротивстават на проповедите на свештеникот и ќе му се заканат со намалување на неговата плата. Тоа се случува.

Во таквите ситуации вистинскиот свештеник мора да се однесува како да не ги чул заканите. Неговата основна задача не е да им служи на членовите на заедницата, туку секогаш на Бога.

Основната задача на Црквата на умот, зборуваше Федар, секогаш е старата Сократова цел - вистината, во нејзините трајно променливи облици, онаква кава што се открива во процесот на рационалноста. Сето останато му е подредено на ова. Обично таа цел не е во спротивност со локалната цел на подобрување на граѓанството, но понекогаш се појавуваат некои конфликти, како и во случајот на самиот Сократ. Тие искрснуваат кога членовите на одборот или претставниците на власта, кои вложиле многу време и пари во локацијата, заземат гледиште кое е спротивно на професорските предавања или изјавите за јавност. Тие тогаш можат да се потпрат на администрацијата, заканувајќи се дека ќе ги намалат финансиските фондови доколку професорите не го говорат она што тие сакаат да го чујат. И ова се случува.

Вистинските црковни луѓе во таквата ситуација мора да се однесуваат како да не ги чуле овие закани. Нивната основна задача никогаш не е служењето на заедницата. Нивната основна задача е служење, со посредство на умот, на целта на вистината. Тоа го подразбираше под Црква на умот. Никој не се сомневаше дека тоа беше концепт кој тој длабоко го чувствуваше. Го сметаа за некој вид бељаџија, но никогаш не го спречуваа во тоа да прави бељи. Од гневот на сите околу него делумно го спасуваше неговото отсуство на желба да им помогне на било каков начин на непријателите на училиштето, но делумно и завидната свесност дека сето негово предизвикување проблеми на крајот на краиштата произлегува од мандатот од кој и тие самите никогаш не се ослободиле: мандатот да се зборува рационалната вистина.

Белешките од предавањата ги објаснуваат речиси сите причини за таквото негово однесување, но едно нешто останува необјаснето - неговата фанатична жестина.

Човек може да верува во вистината и во процесот на нејзиното откривање, и во отпорот кон државната власт, но зошто поради тоа од ден на ден некој би согорувал во себе?

Психолошките објаснувања кои ми беа дадени ми се чинат несоодветни. Актерската трема не може да поднесе таков вид на напор од месец во месец. Ниту едно друго објаснување не звучи уверливо, на пример она дека тој се обидувал да се искупи заради претходниот неуспех. Нема докази дека тој за своето исфрлање од универзитетот размислувал како за неуспех, туку само како за загатка. Објаснувањето до кое јас дојдов произлегува од јазот помеѓу неговото отсуство на верба во научниот ум во лабораторијата и неговата фанатична вера изразена преку предавањето за Црквата на умот. Размислував за овој јаз еден ден и одеднаш ми светна дека во тоа воопшто и нема разлика. Отсуството на верба во умот беше причината зошто тој така фанатично му се беше посветил.

Никогаш нема да му се посветите на нешто во што имате потполна доверба. Никој не вика фанатично дека сонцето и утре ќе изгрее. Секој знае дека тоа и утре ќе изгрее. Кога луѓето фанатично и се посветуваат на некоја политичка или религиска доктрина или на било каков вид догми или цели, тоа е секогаш затоа што овие догми или цели се под знакот на сомневањето.

Во овој случај се работи за борбеност на езуитите на кои тој донекаде и личеше. Историски нивната фанатичност не изникнала од силата на католичката црква, туку од нејзината слабост пред реформацијата. Федаровото отсуство на верба во умот направи од него таков фанатичен учител. Тоа има смисла. И тоа добива уште повеќе смисла кога ќе се земат предвид настаните кои следеа.

Токму затоа тој веројатно чувствуваше некое длабоко сродство со бројните слаби студенти од последните редови во неговата училница. Погледите полни со презир во нивните очи ги одразуваа истите чувства кои тој ги имаше кон целиот рационален, интелектуален процес. Единствената разлика беше во тоа што тие чувствуваа презир затоа што не го разбираа. Тој го презираше затоа што го разбираше. Со оглед на тоа што не го разбираа, ним не им преостануваше ништо друго туку да паднат и цел живот со горчина да се сеќаваат на тоа искуство. Од друга страна тој фанатично чувствуваше дека е должен да направи нешто во врска со тоа. Заради тоа неговото предавање за Црквата на умот беше толку добро подготвено. Им говореше дека мораат да веруваат во умот бидејќи ништо друго не преостанува. Но тој самиот не ја имаше таа верба.

Треба постојано да се има предвид дека сето ова се случуваше во педесетите години а не во седумдесетите. Во тоа време битниците и раните хипици галамеа за "системот" и ограниченият интелектуализам кој тој го подржува, но речиси никој не помислуваше дека целата градба ќе биде доведена во прашање. И така Федар фанатично бранеше една институција, Црквата на умот, во која никој, сигурно никој во Боземан, Монтана, немаше причини да се сомнева. Како некој предреформаторски Лојола. Некое борбено уверување дека сонцето ќе изгрее и утре, и тогаш кога никој не беше загрижен. Сите му се чудеа само нему.
Но сега, кога помеѓу нас и него лежи најбурното десетлетие на овој век, десетлетие во кое умот беше напаѓан и навредуван вон сите очекувања на педесетите, мислам дека со помош на оваа шатакуа која почива врз неговите откритија можеме малку подобро да разбереме за што говореше тој...за сеопштото решение...само кога тоа би било вистинито...но од него е загубен толку голем дел што тоа не можеме да го знаеме.
Можеби заради тоа се чувствувам како археолог. И можеби заради тоа сум толку напнат. Имам само делови од сеќавања, и кршеници од нешта кои луѓето ми ги кажуваат, и се прашувам додека се приближуваме, нели е подобро некои гробови да останат затворени.
Одеднаш ми паѓа на памет дека Крис седи зад мене, и се прашувам колку знае тој, колку се сеќава.
Стигнуваме до раскрсница каде патот од паркот се слева во главниот автопат исток-запад, застануваме и свртуваме на него. Од таму минуваме преку еден низок премин и влегуваме во самиот Боцеман. Патот сега се качува, води на запад, и јас одеднаш се радувам на она што ме очекува.

14

Се симнуваме од преминот на малата зелена рамнина. Непосредно пред нас, на југ, се гледаат планини обраснати со борова шума кои на врвовите се уште имаат лански снег. Во сите други насоки се појавуваат пониски планини, подалечни, но исто толку јасни и остри. Оваа слика, како од разгледница, неодредено се поклопува со сеќавањето. А главниот автопат веројатно не ни постоел во тоа време.

Реченицата "Подобро е да се патува отколку да се стигне" повторно ми се враќа во мислите и останува тука. Досега патувавме а сега ќе стигнеме. За мене настапува

период на потиштеност кога ќе ја достигнам привременатa цел како оваа и кога морам одново да се насочам кон некоја друга цел. За ден-два Џон и Силвија ќе мораат да се вратат, а на мене и на Крис ни останува да одлучиме што понатаму. Се ќе мора да се смени.

Главната градска улица ми изгледа некако матно позната, но сега се чувствувам како турист и гледам дека натписите на продавниците стојат тука поради мене, туристот, а не поради луѓето кои живеат тука. Ова навистина не е мал град. Луѓето се движат пребрзо и премногу независно едни од други. Тоа е едно од оние места со по петнаесет до триесет илјади жители, па не е ниту вистинско гратче, ниту пак е вистински град - всушност не е ништо.

Ручаме во ресторан полн со стакло и алуминиум кој не буди никакви спомени. Изгледа како да е отворен после неговиот престој тука и покажува ист степен на недостаток на оригиналност кој веќе го забележавме на главната улица.

Му приоѓам на телефонскиот именик и го барам бројот на Роберт Де Веси, но не го наоѓам. Се јавувам на информации, но таму никогаш не чуле за него и не можат да ми го дадат бројот. Не ми се верува. Дали тие постоеја само во неговата фантазија? Одговорот на телефонистката предизвикува чувство на паника кое трае неколку мигови: но тогаш се присеќавам на нивните одговори на моето писмо во кое им јавувам дека доаѓаме и се смирувам. Измислените луѓе не праќаат писма по пошта.

Џон ми советува да се јавам во одделот за уметност или на некои пријатели. Пушам некое време и пијам кафе, па кога повторно се опуштам го правам тоа и дознавам како се стигнува до кај нив. Не е техниката тоа што заплашува. Она што плаши е тоа што таа го создава во меѓучовечките односи, на пример помеѓу оние кои се јавуваат на службата за информации и оние кои одговараат.

Од градот до планините преку долината има веројатно околу петнаесет километри, и ние ја минуваме таа оддалеченост по калливи патишта низ бујна зелена висока детелина зрела за косење, која изгледа толку густа што би било тешко да се оди низ неа. Полињата се протегаат од обете страни и лесно се издигаат кон подножјето на планините каде одеднаш се крева темното зеленило на боровите. Тоа ќе биде местото каде живеат Де Весови. Местото каде се среќаваат светлото

зеленило и темното зеленило. Ветерот е полн со мириси на светлозеленото тукушто покосено сено и стока. Во еден миг минуваме низ студениот воздушен sид, каде мириса на боровина, но потоа повторно се враќаме на топло. Сончевата светлина и ливадите и планината која се издига наблизу.

Штом стигнавме до боровите, на патот почнува дебел слој чакал. Успоруваме до прва брзина и до петнаесет километри на час, и јас ги спуштам обете нозе од папучицата за да можам да го кренам моторот ако се зарие во песокот и почне да тоне. Патот закривува и нагло влегува меѓу боровите и многу стрмниот и тесен кањон во планината, и еве не токму покрај патот големи сиви куќи со голема апстрактна железна скулптура прицврстена на една страна, а под неа седи, навалена со грбот на куќата, жива слика и прилика на самиот Де Веси кој опкружен со друштво држи лимена со пиво во раката и ни мавта со неа. Како излезен директно од старите фотографии.

Јас сум толку зафатен со држењето на моторот што не можам да одвојам раце од управувачот, па наместо тоа му мавтам со нога. Живата слика на самиот Де Веси се смешка додека ние застануваме.

- Не пронајдовте - вели тој. Опуштена насмевка. Среќни очи.
- Многу време мина - велам јас. И јас се чувствувам среќно, иако ми е чудно што одеднаш гледам дека сликата се движи и зборува.

Се симнуваме од моторите и ја соблекуваме патната опрема и јас гледам дека отворениот трем на кој стојат тој и неговите гости е се уште недовршен и непокриен. Де Веси гледа од тремот кој се наоѓа само малку над патот од наша страна, но стрмнината на кањонот е толку голема што на другата страна почвата е пет метри пониска и подалеку од куќата, меѓу дрвјата и високата трева каде еден коњ, делумно скриен од дрвјата, пасе не кревајќи ја главата. Сега мораме да ги истегнеме вратовите за да го видиме небото. Не опкружува темнозелена шума која ја гледавме додека и се приближувавме.

- Ова е навистина прекрасно - вели Силвија.
Живата слика на Де Веси се смее одозгора. - Фала - вели тој - драго ми е што ви се допаѓа. Неговиот глас е многу спокоен, крајно опуштен. Иако тоа е автентична

прилика на самиот Де Веси, забележувам дека тоа е воедно потполно нова личност која во меѓувреме се менувала, и сфаќам дека ќе морам одново да го запознавам.

Се качуваме на тремот. Помеѓу подните даски има шуплини, како да се работи за решетка. Низ нив можам да ја видам почвата. Со глас и насмевка кои како да велат "не сум баш сигурен како се прави ова", Де Веси не запознава едни со други, но неговите зборови влегуваат на едно уво а излегуваат на друго. Никогаш не можам да запаметам имиња. Негови гости се еден предавач на уметност од факултетот, кој носи наочари со релјефна рамка, и неговата жена, која се смешка самоуверено. Веројатно се нови.

Разговараме некое време, Де Веси воглавно им објаснува кој сум јас, а потоа, од онаа страна каде што тремот се губи зад аголот на куќата, одеднаш се појавува Џени Де Веси со послужавник полн со пива во конзерви. И таа е сликарка и, одеднаш станувам свесен за тоа, брзо ја сфаќа ситуацијата, и веќе пријателски се смешка кога ја грабнувам конзервата со пиво наместо нејзината рака, па вели: - Тукушто пристигнаа некои соседи со куп пастрмки за вечера. Толку сум среќна. - Се обидувам да се сетам што би било соодветно да се каже, но само климнувам со главата.

Седнуваме, јас на сонце од каде е тешко да се разликуваат што се случува на другата страна на тремот во сенка.

Де Веси ме гледа, изгледа како да се подготвува да каже нешто во врска со мојот изглед, кој без сомневање многу се разликува од она што тој го памети, но нешто го одвраќа од тоа и тој се врти кон Џон и го прашува какво било патувањето.

Џон објаснува дека било многу добро, нешто на што тој и Силвија се надевале со години.

Силвија се придружува на тоа. - Доста е да се биде на чист воздух во овие пространства - вели таа.
- Во Монтана има пространства - вели Де Веси, помалку тажно. Тој и Џон и предавачот по уметност се впуштаат во разговор за разликите помеѓу Монтана и Минесота, само заради запознавање.

Коњот мирно пасе под нас, а веднаш зад него искри водата во потокот. Разговорот минува на земјата на Де Веси овде во кањонот, на тоа колку долго живее тука и какво е уметничкото образование на факултетот. Џон е навистина надарен за случајни разговори како овој, за разлика од мене, па затоа само слушам.

После некое време топлината од сонцето станува толку голема што го слекувам џемперот и ја раскопчувам кошулата. Ги вадам и наочарите за сонце и ги ставам за да го избегнам трепкањето. Така е подобро, но тоа толку ми ја смалува видливоста што едвај ги разликувам лицата во сенка, па се чувствувам некако одвоен од се, освен од сонцето и од сонцето осветлените стрмнини на кањонот. Размислувам во себе за распакувањето на багажот но одлучувам да не го споменувам. Тие знаат дека останувате но всушност подсвесно допуштаат прво да се направат почетните нешта. Прво се опуштаме, потоа се распакуваме. Зошто да се брза. Пивото и сонцето почнуваат да ја загреваат мојата глава како таа да е мека пирошка. Многу пријатно.

Не знам колку подоцна, ја слушам Џоновата забелешка за "филмскиот глумец меѓу нас" и сфаќам дека говори за мене и моите наочари за сонце. Погледнувам преку наочарите кон нив во сенката, и сфаќам дека Де Веси и Џон и предавачот по уметност ми се смешкаат. Веројатно сум им потребен во разговорот, нешто за проблемите на патувањето.
- Тие сакаат да знаат што се случува ако нешто се расипе од механиката - вели Џон.
Им раскажувам цела приказна за тоа кога јас и Крис бевме зафатени од дождовната бура, кога се угаси моторот, што е добра приказна, но по малку без поента. Тоа го сфаќам додека ја раскажувам како одговор на нивното прашање. Последната реченица за тоа како всушност немаше бензин го донесува очекуваното мумлање.
- А јас дури и му реков да провери - вели Крис.
Де Веси и Џени забележуваат колку пораснал Крис. Тој станува самосвесен и по малку ликува. Го прашуваат за мајка му и неговиот брат, а ние обајцата одговараме на тие прашања најдобро што можеме.

Жештината на крај станува неиздржлива, па ја поместувам столицата во сенка. Она чувство како да си пирошка исчезнува во наглото студенило и после неколку

минути морам да се запетлам. Џени го забележува тоа и вели: - Штом зајде сонцето зад оние врвови, тука станува навистина студено.

Оддалеченоста помеѓу сонцето и врвовите е мала. Проценувам дека преостанува помалку од половина час директно сонце, иако е само средина на попладнето. Џон прашува за планините зиме, па тој и Де Веси и предавачот по уметност разговараат за тоа и за пешачењето со стапови во планините. Јас би можел вечно да седам тука.

Силвија и Џени и жената на предавачот по уметност разговараат за куќата и набргу Џени ги повикува внатре.

Моите мисли се враќат на забелешката за тоа колку бргу расте Крис и одеднаш настапува она мрачно чувство. Јас само индиректно сум чул за времето кога Крис живеел тука, но ним им се чини како тој едвај и да бил отсутен. Ние живееме во потполно различни временски структури.

Разговорот минува на новостите во сликарството и музиката и театарот, и јас се изненадувам колку добро Џон учествува во разговорот. Мене во основа не ме интересира што се случува на тие полиња, а тој тоа веројатно го знае и поради тоа никогаш не зборува со мене за тоа. Токму обратното од случајот со одржувањето на моторите. Се прашувам дали моите очи се сега стаклени како што се неговите кога јас зборувам за клиповите и вентилите.

Но она што им е заедничко ним, нему и на Де Веси, тоа сме всушност Крис и јас, и тука се развива нешто смешно, почнувајќи со онаа забелешка за филмскиот глумец. Џоновиот добродушен сакразам на сметка на неговиот стар пријател во пиењето и возењето со мотор малку му го расипува расположението на Де Веси кој поради тоа се изразува за мене со глас полн со почитување. Тоа веројатно само од себе го засилува Џоновиот сарказам и тоа обајцата го чувствуваат па некако се тргаат од мене и започнуваат разговор за нешто за што се согласуваат но повторно се враќаат на мене и нелагодноста расте па потоа повторно ме заобиколуваат и се фаќаат за друга забавна тема.

- Во секој случај - вели Џон - овој човек ни говореше дека ќе се разочараме кога ќе стигнеме тука, но ние уште не можеме да го препознаеме тоа "разочарување".

Јас се смеам. Не сакав така да се чувствува. И Де Веси се смее. Но тогаш Џон се врти кон мене и вели: - Боже, ти мора да си бил навистина луд, сакам да кажам навистина мрднат кога си го напуштил ова место. Не е ни важно каков е факултетот.

Гледам дека Де Веси го гледа зачудено. Потоа ме гледа мене и јас одмавнувам со раката. Се случува некој вид застој, но јас не знам како да го заобиколам. - Ова е прекрасно место - велам тивко.

Де Веси вели во одбрана: - Доколку останете некое време, би ја виделе и другата страна на ова. - Предавачот клима со главата како да се согласува со тоа.

Застојот сега повлекува молк. Него е невозможно човек да го исполни. Она што Џон го рече не е нељубезно. Тој е пољубезен од било кој друг. Јас го знам тоа и тој го знае, но Де Веси не го знае тоа, дека тие двајцата се обраќаат на личност која денес не претставува многу. Тоа е само припадник на среден сталеж и средно доба кој добро се снаоѓа. Се грижи воглавно за Крис, но вон тоа не е ништо особено.

Но Де Веси и јас знаеме, а Сатерлендови не знаат, дека постоеше некој, човек кој некогаш живеел овде, кој креативно согоруваше заради некакви идеи кои никогаш пред тоа никој не ги беше чул, но тогаш се случи нешто необјасниво и погрешно, а ни Де Веси ни јас не знаеме како и зошто. Причината на застојот, непријатното чувство, лежи во тоа што Де Веси мисли дека таа личност е сега тука. И нема начин на кој можам да го разуверам.

Во еден миг, високо горе на врвот, сончевата светлост се разлева по дрвјата и до нас стигнува благо треперење. Светлосниот круг се шири, опфаќа се со ненадеен сјај, па ненадејно паѓа и врз мене.

- Тој виде премногу - велам, размислувајќи и понатаму за застојот во разговорот, но Де Веси изгледа збунет а Џон воопшто не сфаќа, и јас предоцна увидувам дека тука постои нон сељуитур. Во далечината некоја осамена птица пее со тажен глас.

Сонцето одеднаш зајде зад планините и сега целиот кањон е во матна сенка.

Во себе размислувам за непожелноста на мојата постапка. Не смеете да кажувате такви реченици. Од болницата излегувате свесни дека не го смеете тоа.

Се појавува Џини со Силвија и ни предлага да се распакуваме. Ние се согласуваме на тоа, и таа не води во нашите соби. Гледам дека на мојот кревет лежи дебел покривач против ноќното студенило. Прекрасна соба.

Со три одења до моторот и назад пренесов се. Потоа заминувам во собата на Крис да видам дали треба нешто да помогнам, но тој е весел и веќе одраснат и не му треба помош.

Го гледам. - Како ти се допаѓа тука?
Тој вели: - Прекрасно е, но воопшто не личи на она што го зборуваше минатата ноќ.
- Кога?
- Пред да заспиеме. Во куќичката.
Јас не знам за што зборува.
Тој додава: - Рече дека тука е самотно.
- Зошто би го рекол тоа?
- Тоа јас не го знам. - Моето прашање му е непријатно, па се откажувам од него. Веројатно сонувал.
Кога се симнавме во дневната соба во кујната веќе се чувствуваше мирис на пржена пастрмка. Во едниот агол од собата Де Веси се приближил до огништето држејќи ќибрит и малку весници. Го гледаме неколку мига.
- Цело лето го потпалуваме ова огниште - вели тој.
Јас одговарам: - Изненаден сум што е толку студено.
Крис вели дека и нему му е студено. Го праќам горе да го донесе својот и мојот џемпер.
- Тоа е поради ноќниот ветар - вели Де Веси. - Вее низ кањонот, се спушта одозгора каде е навистина студено.
Огнот нагло се распламтува а потоа замира па потоа повторно се распламтува поради невоедначеното струење во оџакот. Веројатно е ветровито, помислувам, и гледам низ големите прозорци кои пополнуваат цел еден ѕид од дневната соба. Од

другата страна на кањонот, низ полумракот го гледам острото свиткување на дрвјата.
- Но тоа е точно - вели Де Веси. - Вие знаете колку е студено горе. Некогаш таму го минувавте сето свое време.
- Тоа ме потсетува на некои нешта - велам јас.
Сега во мислите ми се враќа еден издвоен исечок: ноќните ветрови околу логорскиот оган, помал отколку што е овој пред нас, засолнати меѓу карпите од силниот ветар бидејќи дрвја нема. Крај оганот лежи приборот за готвење и шаторските крила кои служат за подобра заштита од ветерот, и пљоска полна со вода собрана од растопениот снег. Водата мораше да се собари претходно, бидејќи над појасот на шумите снегот не се топи откако ќе зајде сонцето.
Де Веси вели: - Многу сте се промениле. - Испитувачки ме набљудува. Неговиот израз на лицето како да прашува дали е тоа забранета тема или не, и тој од тоа набљудување заклучува дека е. Па додава: - Мислам дека сите сме се промениле.
Јас возвраќам: - Воопшто не сум истата личност - и се чини дека тоа малку го смирува. Да е свесен за буквалната смисла на мојата реченица, таа би го вознемирила уште повеќе. - Многу нешта се случија - велам - и се појавија некои нешта поради кои стана важно човек да се обиде малку да ги расплетка, барем во мојот ум, и тоа е делумно причината за моето доаѓање тука.
Тој ме гледа, очекува уште нешто, но во тој момент професорот по уметност и неговата жена приоѓаат на огништето па го прекинуваме разговорот.
- По ветерот би се рекло дека вечерва ќе има бура - вели професорот.
- Не би рекол - вели Де Веси.
Крис се враќа со џемперите и прашува дали има духови горе во кањонот.
Де Веси го гледа со насмевка. - Не, но има волци - вели.
Крис размислува за тоа и прашува: - што прават тие?
Де Веси вели: - Им создаваат маки на сточарите. - Потоа се мурти. - Колат млади телиња и јагнињa.
- Напаѓат ли луѓе?
- Тоа се уште не сум го чул - вели Де Веси и потоа, гледајќи дека Крис е разочаран, вели: - Но би можеле.
За вечера со пастрмката од потокот пиеме бургундец. Седиме секој сам по столиците и канабињата во дневната соба. Една страна од собата е цела во прозорци кои гледаат на кањонот, но сега надвор е мрачно и стаклото ја одразува светлината од огништето. Жарта од оганот добро оди со внатрешната жар од

виното и пастрмката и никој не започнува разговор, само се слушаат мрморливи пофалби.
Силвија му дошепнува на Џон да ги погледне големите садови и бокали во собата.
- Веќе ги видов - вели Џон. - Фантастично.
- Петар Вулкас ги има направено - вели Силвија.
- Навистина?
- Му беше студент на господинот Де Веси.
- О, жити господ! За малку да превртам еден од тие бокали.
Де Веси се смее.
После тоа Џон неколку пати промрморува, гледа околу себе и објавува: - Тоа е тоа...токму тоа ни требаше...Сега повторно можеме да се вратиме на следните осум години на авенијата Колфакс, број 2649.
Силвија тажно вели: Да не зборуваме сега за тоа.
Џон ме гледа некое време. - Мислам дека човек кој има пријатели кои можат некому да му пружат ваква вечер не може да биде сосема лош. - Потоа сериозно климнува со главата. - Ќе морам да го порекнам сето она што го мислев за тебе.
- Баш се? - прашувам јас.
- Во секој случај барем нешто.
Де Веси и продавачот се смешкаат и така минува дел од онаа претходна нелагодност.
После вечерата пристигнуваат Џек и Вила Барснес. Нови живи слики. Џек е забележан во гробните исечоци како добар човек кој пишува и предава англиски на факултетот. После нив доаѓа еден вајар од северна Монтана кој одгледува овци за да преживее. Според начинот на кој Де Веси ме запознава со него гледам дека не сум можел да го познавам од порано.
Де Веси вели дека се обидува да го убеди вајарот да дојде на универзитетот, а јас велам: - Јас ќе се обидам да го убедам во спротивното - па седнувам до него, но разговорот е доста мачен бидејќи вајарот е претерано сериозен и сомничав, очигледно поради тоа што јас не сум уметник. Се однесува како да сум инспектор кој настојува да извлече нешто од него, и дури кога открива дека и јас често пати се занимавам со заварување почнува да ме смета за човек кој е во ред. Одржувањето на мотори отвара чудни врати. Тој вели дека заварува заради некои слични причини заради кои заварувам и јас. Откако ќе ја совладате вештината, заварувањето ви дава страшно чувство на моќ и власт над металот. Можете да правите што сакате. Тој вади неколку фотографии на премети кои ги заварувал, тоа

се прекрасни птици и животни со брановидни метални површини кои не личат на ништо друго.
Подоцна се преместувам и разговарам со Џек и Вил. Џек заминува на место шеф на одделот по англиски јазик во Боис, Ајдахо. Негов однос кон овдешниот оддел изгледа воздржан, но е негативен. Како да се сеќавам дека тој е книжевник кој предава англиски, повеќе отколку систематичен учен кој предава англиски. Постоеше траен судар на одделот по тоа прашање кое беше делумно потикнато, или барем забрзано, со растот на Федаровите невообичаени идеи за кои никој друг и никогаш не беше чул, а Џек го подржуваше Федар, иако не беше сигурен дека знае за што говори тој, бидејќи увиде дека тука се работи за нешто со помош на што еден книжевник би можел подобро да работи отколку со лингвистичка анализа. Тоа е стариот судар. Како судар помеѓу уметноста и историјата на уметноста. Еден создава уметност, а другиот говори за тоа како е таа создадена, а изгледа дека говорот за тоа како таа е создадена никогаш не одговара на начинот на кој е создадена.
Де Веси донесува некои упатства за составување на скара и сака да ги проценам како професионален технички писател. Минал цело попладне обидувајќи се да го состави, па сега сака тие упатства јас во целост да ги растолкувам.
Но додека ги читам ми изгледаат како исправни и никако не можам да најдам некаква грешка во нив. Тоа не сакам да го кажам, се рабира, па заради тоа се обидувам да се фатам за нешто. Не можете всушност да кажете дали некои упатства се добри се додека не ги проверите на апаратот или постапката која ја опишуваат, но забележувам дека постои таков прелом на страниците кои оневозможуваат читање без превртување на листот напред-назад помеѓу текстот и сликата - тоа секогаш е лоша работа. Се нафрлам на тоа многу жестоко и Де Веси ме охрабрува во тоа. Крис го зема упатството за да види за што се работи.
Но додека се нафрлам на тоа и опишувам некои незгоди кои се случуваат поради погрешното сфаќање што може да го предизвика вкрстеното упатување во книгите, чувствувам дека тоа не е причината заради која што на Де Веси му било отежнато разбирањето. Него го оневозможило само само недостатокот на јасност и непрекинатост. Тој не може да ги разбере работите кога тие се појавуваат во грди, испрекинати, нејасни реченици кои се вообичаени во техничкиот стил на пишување. Науката работи со делови, парчиња, исечоци и ронки. тој вушност од мене очекувам да го надокнадам недостатокот на уметничка непрекинатост, нешто

до кое не држи ниту еден инженер. Всушност се работи за класично-романтичен судар, како и сегаш кога се работи за техниката.
Но Крис во меѓувреме ги зема упаствата и ги пресвиткува на начин кој мене не ми текна, така што сликата да оди непосредно со текстот. Го погледнува тоа по втор, па по трет пат и се чувствувам како јунак од цртан филм кој тукушто го пречекорил работ на бездната но се уште не паѓа бидејќи не е свесен за својата ситуација. Климнувам со главата, настапува тишина, тогаш станувам свесен за својата положба, потоа одекнува долга смеа додека го тепам Крис по главата паѓајќи од врвот до дното на кањонот. Кога смеата малку стивнува, велам: - Но, во секој случај...- но потоа повторно се слуша смеа.
- Сакав да кажам - конечно се уфрлам - дека дома имам упатства кои отвараат неочекувани видици за подобрување на пишувањето во врска со техниката. Тие започнуваат вака: - Составувањето на јапонскиот велосипед бара голем душевен мир.
Тоа предизвикува уште поголема смеа, но во очите на Силвија и Џени и вајарот се гледа одобрување.
- Тоа се добри упатства - вели вајарот. И Џини потврдно кимнува со главата.
- Заради тоа ги имам сочувано - велам јас. - Најпрвин се смеев поради сите оние велосипеди што ги составив и секако поради ненамерното омаловажување на јапонските производи. Но во таа реченица има многу мудрости.
Џон ме гледа со разбирање. Јас него го гледам со подеднакво разбирање. Обајцата се смееме. Тој вели: - Професорот сега ќе ја растолкува сета работа.
- Душевниот мир не е неважна работа, навистина - толкувам јас. - Во неа лежи се. Го создава доброто одржување на апаратот, го расипува лошото одржување на апаратот. Она што го нарекуваме работна способност на моторот е само објективизација на душевниот мир. На крајот тоа е секогаш испит на вашата сталоженост. Ако не сте ведри кога започнувате да составувате некој апарат и ако останете во такво расположение додека работите, многу е голема веројатноста дека своите лични проблеми ќе ги вградите во таа направа.
Тие само ме гледаат размислувајќи за тоа.
- Ова е невообичаен пристап - велам понатаму - но се заснова на вообичаен разум. Материјалниот објект кого го набљудуваме, велосипедот или скарата, не може да има ни право ни криво. Молекулите се молекули. Тие немаат никакви морални врски кои би ги спојувале освен оние кои им ги даваат луѓето. Испитот на моторот е задоволство кое тој ви го пружа. Друг пат нема. Ако моторот предизвикува

спокојност, тогаш тој е исправен. Ако ве вознемирува, тој е неисправен се додека не се промени или моторот или вашиот дух. Она што е мерило на вашиот дух е секогаш мерило на моторот. Друго мерило нема.
Де Веси прашува: - Што се случува ако моторот е неисправен а јас сепак се чувствувам спокојно?
Смеа.
Јас одговарам: - Тоа е контрадикторно. Ако навистина не ви е важно, вие нема ни да знаете дека тој е неисправен. Тоа нема да ви падне на памет. Самиот факт што велите дека е неисправен претставува облик на загриженост.
Потоа додавам: - Повообичаен е случајот кога човек чувствува немир дури и кога тој е исправен, а јас мислам дека тука се работи токму за тоа. Ако сте загрижени, тогаш машината не е в ред. Тоа значи дека не е доволно внимателно проверена. Во секоја индустрија машината која не е проверена се смета за "расипана" и не смее да се употреби дури и ако совршено работи. Вашата загриженост за скарата се сведува на истото. Не сте го исполниле последниот услов за постигнување душевен мир, бидејќи чувствувате дека овие упатства се премногу сложени и дека можеби нема точно да ги разберете.
Де Веси прашува: - Во ред, како би ги измениле за да го постигнам овој душевен мир?
- Тоа би барало многу повеќе проучување отколку што досега беше изложено. Целата работа е многу длабока. Овие упатства за скарата започнуваат и завршуваат исклучиво со самиот апарат. Но оној вид пристап за кој јас размислувам не е толку ограничен. Ваквите упатства не лутат затоа што тие дозволуваат само еден на составување на оваа скара - нивниот начин. И таа претпоставка укинува секаква креативност. Всушност постојат стотици начини за составување скара, но кога упатствата ве тераат да се држите само до еден начин, не покажувајќи ви ја суштината на проблемот, тогаш станува тешко да ги следите без да западнете во грешки. Тогаш го губите чувството за работата. И не само тоа; мала е веројатноста дека тие ви укажуваат на најдобриот начин.
- Но упатствата се од фабриката - вели Џон.
- Јас сум исто така од фабриката - велам, и знам како се прават ваквите упатства. Одите во погонот за производство со магнетофон во раката и шефот ве испраќа кај работникот кој му е најмалку потребен, кај најголемиот забушант кого го има, и она што тој ќе ви го каже - тоа се упаства. Друг работник можеби би ви рекол нешто потполно различно и веројатно подобро, но тој е зафатен.

Сите изгледаат изненадено.
- Тоа и го мислев - вели Де Веси.
- Тоа е стандард - велам јас. - Ниту еден писател не може да го промени тоа. Техниката претпоставува дека постои само еден исправен начин за нешто да се направи, а никогаш не е така. А кога ќе претпоставите дека постои само еден исправен начин за нешто да се направи, се подразбира дека упатствата ќе почнат и ќе завршат исклучиво со скарата. Но кога би морале да се одлучите помеѓу безбројните начини за негово составување, тогаш би морале да го разгледате односот на апаратот кон вас, односот на апаратот и вашиот однос кон остатокот од светот, бидејќи изборот помеѓу многуте можности, таа уметност на работењето подеднакво зависи како од вашиот ум и дух, така и од материјалот од кој е направен апаратот. Токму заради тоа е потребен душевен мир.
Па продолжувам: - Всушност, оваа идеја и не е толку необична. Погледнете некој неискусен или лош занаетчија и споредете го неговото однесување со однесувањето на стручњакот за кого знаете дека одлично ја врши својата работа, па ќе ја видите разликата. Стручњакот никогаш не се држи до ниту еден ред во упатствата. Тој ги донесува своите одлуки во текот на работата. Заради тоа тој е внимателен и сосредоточен на она што го прави. Неговите движења и машината се во некаков склад. Тој не се држи до никакви пишувани упатства бидејќи природата на материјалот со кого ракува ги одредува неговите мисли и движења, кои пак истовремено ја менуваат природата на материјалот со кој ракува. Материјалот и неговите мисли се менуваат заедно, во низа од промени, додека неговиот дух не се смири во исто време кога и материјалот ќе стане исправен.
- Тоа звучи како уметност - вели предавачот.
- Па, тоа и е уметност - велам јас. - Овој развод на уметноста и техниката е потполно неприроден. Само, тој трае веќе толку долго време што човек мора да биде археолог за да дознае кога се случило тоа раздвојување. Составувањето на скарата е всушност одамна загубена гранка на вајарството, толку оддалечена од своите корени заради вековните погрешни интелектуални свртувања, што и самото поврзување на овие два поима звучи апсурдно.
Тие не се сигурни дали се шегувам или не.
- Сакате да кажете - прашува Де Веси - дека јас, кога ја составував оваа скара, всушност создавав скулптура?
- Секако.

Тој размислува некое време и се смее се повеќе и повеќе. - Ех, да знаев - вели. Следи смеа.
Крис вели дека не разбира за што зборувам.
- Тоа е в ред Крис - вели Џек Барснес - Ние тоа не го разбираме. - Нова смеа.
- Мислам дека сепак ќе се држам до обичната скулптура - вели вајарот.
- Јас пак мислам дека ќе му останам верен на сликарството - вели Де Веси.
- Јас мислам дека ќе им останам верен на тапаните - вели Џон.
Крис прашува: - На што ќе останеш верен ти?
- На своите револвери, момче, на своите револвери - му велам. - Тоа е закон на Дивиот запад.
Сите гласно се смеат на оваа забелешка, и ми се чини дека ми простуваат за говорот. Кога имате во главата некои шатакуи, крајно е тешко да се избегне со нив да ги малтретирате невините луѓе.
Разговорот се распаѓа на групи, и јас остатокот од вечерта го минувам разговарајќи со Џек и Вил за состојбата на катедрата за англиски јазик.
По завршувањето на забавата, откога Сатерландови и Крис отидоа на спиење, Де Веси сепак се потсети на моето предавање: - Беше интересно, она што го рековте за упатствата за склопувањето на скарата.
Џени додава, подеднакво сериозно: - Звучеше како долго да сте размислувале околу тоа.
- Размислувам веќе дваесет години за поимите кои лежат под тоа - велам.
Зад столицата пред мене искрите полетуваат во оџакот влечени од ветрот кој е сега посилен отколку порано.
Додавам, речиси за себе: - Гледате каде одите и каде сте и сето тоа нема смисла, но потоа се вртите и погледнувате наназад, каде сте биле, и ви изгледа дека од под површината изнурнува некаква шема. Па ако истата таа шема ја проектирате во иднината, тогаш понекогаш можете нешто и да постигнете.
И продолжувам: - Сиот оној разговор за техниката и уметноста е дел од еден систем кој изгледа изнурна од мојот живот. Тоа е трансцендирање на нешто што мислам дека и многумина други можеби се обидуваат да го трансцендираат.
- Што е тоа?
- Па, не се работи само за уметноста и техниката. Тоа е некакво несогласување помеѓу разумот и чувството. Она што не е во ред со техниката е тоа што таа ниту на еден начин не е вистински поврзана со духот и со срцето. И така, сосема случајно, таа создава слепи и грди нешта, што предизвикува омраза. Луѓето на тоа не му

посветувале посебно внимание во минатото, бидејќи секој имал големи грижи околу храната и облеката и живеалиштето, а технологијата токму тоа и го обезбедувала. Но сега, кога сите овие нешта се обезбедени, грдотијата се забележува се повеќе и повеќе и луѓето се прашуваат дали засекогаш ќе мора да го страдаме, и душевно и естетски, за да ги задоволиме материјалните потреби. Во последно време тоа е речиси национална криза - борба против загадување, антитехнолошки групи и начин на живот и сл.

И Де Веси и Џини го разбираат сето тоа па засега нема потреба да се објаснува; затоа додавам: - Од системот на мојот живот изнурна верувањето дека кризата ја предизвикува неадекватноста на постоечките облици на мисла, кои не се способни да излезат на крај со оваа состојба. Проблемите не можат да се решат со рационални средства, бидејќи и самата рационалност е извор на проблеми. Единствени кои излегуваат на крај со оваа ситуација се оние кои проблемите ги решаваат на личен план, напуштајќи ја "ограничената" рационалност до крајни граници, и кои се раководат само од чувствата. Како Џон и Силвија. И милиони други ним слични. А и тоа изгледа дека е погрешна насока. Сакам да го кажам следново: решението на проблемот не е во тоа да ја напуштите рационалноста, туку да ја проширите природата на рационалноста така што таа да стане способна да го пронајде решението.

- Ми се чини дека не разбирам што сакате да кажете со тоа - вели Џени.

- Па, прилично е едноставно. Слично е со проблемот со кој се соочил Исак Њутн кога сакал да ги реши проблемите на моменталните количества промени. Во негово време било неразумно да се помисли дека било што се менува во нулта временски интервал. Сепак, математички е речиси неизбежно да се работи со други нулти количества, како што се точките во просторот и времето, за кои никој не ни помислувал дека се неразумни, иако во тоа немало некоја битна разлика. Њутн всушност го рекол ова: "Ние ќе претпоставиме дека постои нешто што се вика моментална промена, па ќе видиме дали можеме да најдеме начин да одредиме што значи тоа во смисла на практична примена". Резултат на таа претпоставка е гранката на математиката позната под името инфинитезимално сметање, со која денес се служи секој инженер. Њутн пронашол нов облик на разум. Тој го проширил разумот за тој да може да решава бесконечно малечки промени, и јас мислам дека денес е потребно слично проширување на разумот за тој да ја разреши технолошката грдост. Неволјата е во тоа што проширувањето треба да се случи во самите корени, не во гранките, и поради тоа е тешко да се разбере. Ние

живееме во матни времиња, а мислам дека матните чувства ги создава неадекватноста на старите облици на мисла кои не можат да се носат со новите искуства. Сум чул дека единственото вистинско учење произлегува од соочувањето со проблем, кога наместо да ги проширувате гранките на она што веќе го знаете, морате да застанете и некое време да копате од страна, додека не наидете на нешто што ќе ви овозможи да ги проширите корените на она што веќе го знаете. Тоа му е познато секому. Мислам дека истата работа и се случува на целата цивилизација кога е во прашање ова потребно проширување.
Ако погледнете наназад во последните три илјади години, ќе помислите дека гледате системи и вериги на причини и последици кои ги создале нештата онакви какви што се. Но ако им се вратите на оригиналните извори, на литературана од било кој период, ќе видите дека овие причини никогаш не било очигледни во тоа време кога требало да делуваат. Во текот на периодите на коренити проширувања нештата делувале и матно и бесмислено, како и денес. Се смета дека целата ренесанса настанала како последица на тоа хаотично чувство предизвикано од Колумбовото откритие на новиот свет. Тоа едноставно ги згромило луѓето. Хаотичноста на тоа време е забележана насекаде. Во приземните погледи на Стариот и Новиот Завет немало ништо што можело да ја предвиди оваа ситуација. Сепак луѓето не можеле да го порекнат тоа чувство. Единствен начин тоа да се потисне било напуштањето на целокупното средовековно сфаќање и влез во ново проширување на разумот.
Колумбо станал таков стереотип од училишните книги што скоро и да било невозможно да го замислите како живо човечко суштество. Но ако навистина се обидете да го заборавите вашето сегашно знаење за последиците на неговото патување и да се ставите во негова кожа, тогаш можеби ќе сфатите дека денешното патување на Месечината мора да изгледа како пиење кафе кога ќе се спореди со на низ што тој минал. Истражувањето на Месечината не вклучува вистинско проширување намислата. Немаме причина да се сомневаме дека постоечките облици на мисла не се дораснати за еден таков потфат. Тоа е навистина само проширување на гранките на она што Колумбо веќе го има направено. Едно вистинско ново откритие, откритие кое денеска нам би ни изгледало онака како што новиот свет му изгледал на Колумбо, би морало да се движи во една потполно нова насока".
- Како на пример?

- На пример во подрачјето отаде разумот. Мислам дека денешниот разум е аналоген на рамноземскиот разум на средовековието. Но ако отидете предалку вон него се претпоставува дека ќе паднете, во лудило. Но луѓето многу се плашат од тоа. Мислам дека тој страв од лудилото може да се спореди со некогашниот страв на луѓето дека ќе паднат од работ на светот. Или со стравот од еретиците. Тука постои блиска аналогија. Но се случува секоја година вашата стара рамна земја на конвенционалниот разум да е се помалку и помалку способна да се носи со искуствата кои ги имаме и тоа создава едно многу проширено чувство на хаотичност. Како резултат на тоа имаме се повеќе и повеќе луѓе во ирационалното подрачје на мислата - окултизам, мистицизам, дроги и слично - бидејќи тие ја чувствуваат недораснатоста на класичниот разум да се носи со она што тие знаат дека се вистински искуства.
- Не сум баш сигурен што подразбирате под класичен разум.
- Го подразбирам аналитичкиот разум, дијалектичкиот разум. Разумот кој понекогаш на универзитетот се смета за почеток и крај на поимањето. Вие навистина никогаш не сте морале да го сфатите. Тој секогаш бил немоќен во однос на апстрактната уметност. Нефигуративната уметност е едно од коренските искуства за кои говорам. Некои луѓе се уште ја осудуваат бидејќи таа нема "смисла". Но всушност грешката не е во уметноста туку во таа "смисла" во класичниот разум кој неа не може да ја сфати. Луѓето постојано трагаат по грански проширувања на разумот кои ќе ги покрие новите случувања во уметноста, но одговорите не се во гранките, тие се во корените.
Од планинскиот врв бесно се спушта јак ветар. - Старите Грци - велам - кои биле пронаоѓачи на класичниот разум, не го користеле исклучиво за пророкување на иднината. Тие го слушале ветерот и според него ја пророкувале иднината. Тоа денес звучи лудо. Но зошто пронаоѓачите на разумот би звучеле ненормално?
Де Веси трепка. - Како можеле да ја пророкуваат иднината според ветерот?
- Не знам, можеби на истиот начин како што сликарот може да ја пророкува иднината на својата слика sурејќи се во платното. Целиот наш систем на знаење потекнува од нивните достигнувања. Останува уште да ги разбереме методите кои довеле до тие достигнувања.
Размислувам за миг, потоа велам: - Кога последен пат бев овде, дали говорев многу за Црквата на умот?
- Да, многу.
- дали некогаш говорев за човекот по име Федар?

- Не.
- Кој бил тој?
- Тој бил стар Грк. Говорник. Голем познавач на говорот во своето време. Тој бил еден од оние кои биле присутни кога се пронаоѓал разумот.
- Никогаш не сте говореле за тоа, мислам дека не.
- Тоа веројатно дошло подоцна. Говорниците во стара Грција биле првите учители во историјата на западниот свет. Платон ги оцрнил во своите дела за да ја сврти водата на својата воденица, а со оглед на тоа што она што го знаеме за нив речиси целосно е преземено од Платон, тие се единствени кои се осудувани низ целата историја а никогаш немале можност да ја изнесат својата страна на приказната. Црквата на умот за која ви говорев се темелеше на нивните гробови. Неа и денес ја подржуваат нивните гробови. И кога би копнале длабоко во нејзините темели, би им ги виделе духовите.
Гледам на часовникот. Минало два. - Тоа е долга приказна - велам.
- Би требало сето ова да го напишете - вели Џени.
Јас потврдно климнувам. - Размислувам за низа предавања во форма на есеи - за некаква шатакуа. Се обидував да ги составам во главата додека се возевме наваму...Поради тоа веројатно изгледам толку набиен со тие нешта. Сето тоа е толку големо и тешко. Како обид пешки да се мине низ овие планини.
Па објаснувам: - Неволјата е во тоа што есеите секогаш мора да звучат како да ги говори самиот Господ Бог, за вечени времиња, а никогаш не е така. Луѓето би морале да сфатат дека тоа никогаш не е ништо друго освен еден човек кој говори од едно место во времето и просторот и околностите. Никогаш тоа и не било ништо друго, никогаш, но со тоа не можете да се провлечете во некој есеј.
- Морате да го направите тоа - вели Џени. - Без обиди совршено да го изведете.
- Се согласувам - велам.
Де Веси прашува: - Дали тоа се надоврзува на она што го работевте во однос на "Квалитетот"?
- Директна последица - велам јас.
Се потсетувам на нешто и го гледам Де Веси. - Нели вие бевте тој што ме советуваше да кренам раце од таа идеја?
- Реков дека никој никогаш не успеал да го направи она што вие се обидувавте да го направите.
- Мислите дека тоа е можно?

- Не знам. Кој знае? - Неговиот израз на лицето е навистина загрижен. - Денес многумина се подготвени да слушаат. особено учениците. Тие навистина слушаат...не само она што ќе го кажете...ве слушаат вас. Во тоа се состои разликата.
Ветерот кој се спушта одозгора од снежните полиња долго фучи низ целата куќа. Станува гласен и силен, како да се надева дека ќе ја помести целата куќа, ќе не фрли сите нас во ништото, оставајќи го кањонот онаков каков што тој бил некогаш, но куќата се опира и ветерот повторно замира, поразен. Потоа се враќа, залажувајќи не со лесен и далечен, за потоа да замавне со тежок удар.
- Јас и понатаму го слушам ветерот - велам.
Па додавам: - Мислам дека Крис и јас, кога ќе си одат Сатерландови, би требало малку да попланинариме горе каде што се создава ветерот. Мислам дека е време малку подобро да го види тој предел.
- Можете да започнете токму тука", вели Де Веси- и да пешачите долж кањонот. Нема никаков пат цели сто дваесет километри.
- Тогаш ќе започнеме тука - велам.
На спратот ми е драго што повторно ја гледам дебелата креветска покривка. Ми стана сосема студено и ќе ми биде потребна. Бргу се свлекувам и длабоко се вовлекувам под покривката каде е топло, многу топло, и долго размислувам за снежните полиња и ветровите и за Кристофер Колумбо.

15

Веќе два дена Џон и Силвија и Крис и јас безделничиме и разговараме и се возиме нагоре во старото рударско гратче и назад, а потоа доаѓа време Џон и Силвија да се вратат дома. Сега се возиме од кањонот накај Боцеман, последен пат заедно. Пред нас Силвија се врти по трет пат, очигледно да види дали со нас е се в ред. Беше многу тивка последниве два дена. Нејзиниот поглед вчера ми изгледаше чуден, скоро исплашен. Таа премногу се крижи за Крис и за мене. Во еден бар во Боцеман пиеме пиво, и јас со Џон разговарам за патиштата по кои тие ќе се враќаат. Потоа разговараме за површни нешта, за тоа како било убаво и како повторно ќе се видиме, и одеднаш е многу тажно што мораме така да разговараме - како случајни познаници.
На улица Силвија повторно се врти кон мене и кон Крис, се колеба, па вели: - Ќе биде во ред. Нема зошто да се грижите.

- Секако - велам јас.
Повторно оној исплашен поглед.
Џон веќе го стартувал моторот и ја чека. - Верувам - велам.
Таа се врти, се качува на моторот и со Џон го набљудува сообраќајот од спротивната страна чекајќи прилика да тргнат. - Ќе се видиме - велам.
Таа повторно не гледа, овој пат безизразно. Џон користи прилика и се приклучува на сообраќајот на патот. Потоа Силвија мавта, како на филм. Крис и јас им мавтаме. Нивниот мотор исчезнува во густиот сообраќај на автомобили од други држави, а јас ги набљудувам прилично долго.
Го гледам Крис и тој ме гледа мене. Не вели ништо.
Го минуваме утрото седејќи на клупа во паркот со ознака САМО ЗА ПОСТАРИ ЛИЦА, потоа купуваме храна и на бензинската пумпа менуваме гума и карика на затегнувачот на синџирот. Кариката мора да се бруси за да пасува, па така чекаме и малку се шетаме, далеку од главната улица. Доаѓаме до некаква црква и седнуваме на тревникот пред неа. Крис легнува на тревата и со блузата ги покрива очите.
- Уморен си? - го прашувам.
- Не.
Помеѓу нас и работ на планината на север треперат бранови на топлина во воздухот. Еден инсект со прозирни крилја се спушта од жешкиот воздух на една тревка крај нозете на Крис. Го набљудувам како ги мрда крилцата и се чувствувам се помрзелив. Легнувам на грб за да заспијам, но не успевам. Наместо тоа ме обзема некое чувство на неспокој. Станувам.
- Ајде да се прошетаме. - велам
- Каде?
- Кон училиштето.
- Добро.
Пешачите под дрвјата кои фрлаат дебела сенка, по убаво уреденият плочник кој минува крај уредените куќи. Авениите предизвикуваат многу ситни неочекувани препознавања. Тешки спомени. Тој многупати одеше по овие улици. Предавања. Ги подготвуваше своите предавања на перипатетичен начин, користејќи ги овие улици како своја академија.
Тој беше донесен тука за да предава реторика, пишување, двете од трите основни знаења . Требаше да држи напредни курсеви за техничко пишување и некои вежби по англиски за прва година.

- Се сеќаваш ли на оваа улица? - го прашувам Крис.
Тој гледа наоколу и вели: - Тука се возевме со колата барајќи те тебе. - Покажува од другата страна на патот. - Се сеќавам на онаа куќа со смешен покрив...Кој ќе те здогледаше прв ќе добиеше пет центи. Тогаш ќе застаневме и ќе те пуштевме на задното седиште, а ти не зборуваше.
- Тогаш многу размислував.
- Тоа ни го кажа и мама.
Тој навистина многу размислуваше. Товарот на предавањата беше доволно тежок, но она што беше потешко беше тоа што тој, на својот точен аналитички начин сфаќаше дека предметот кој го предаваше е несомнено најнеточниот, најнеаналитичниот, најбезобличниот предел на целата Црква на умот. Заради тоа толку многу размислуваше. За еден методичен, лабораториски образован дух реториката е нешто без врска. Таа е огромно Сарагасово море на застојана логика. Она што од вас како предавач обично се очекува на часовите по реторика на првата година е да прочитате мал есеј или краток расказ, потоа да дискутирате на кој начин писателот направил некои ситни нешта за да постигне некои ситни резултати, и потоа да ги терате студентите да пишуваат слични мали есеи или кратки раскази за да се види дали тие можат да ги постигнат истите тие ситни нешта. Тој постојано се обидуваше и се обидуваше но без успех. Студентите ретко постигнуваа нешто како резултат на таа пресметана мимикрија, пишувајќи нешто што само оддалеку наликуваше на примерите кои тој им ги даваше. Почесто нивното пишување стануваше полошо. Изгледаше за секое правило кое тој најчесно се обидуваше да им го открие и на него да ги научи важеа толку многу исклучоци и контрадикции и услови и збрки што тој на крај посакуваше воопшто и да не се сретнел со тоа правило.
Секогаш ќе се најдеше некој студент кој ќе прашаше како да се примени правилото во некоја посебна, одредена ситуација. федар тогаш пред себе имаше избор или да се преправа и неискрено да објаснува како тоа се прави, или да го следи несебичнио пат и да го каже она што навистина го мисли. А тој навистина мислеше дека таквото правило му е прилепено на она што е напишано, откако пишувањето е завршено. Правилото било донесено пост хоц, после чинот, наместо пред него. И беше уверен дека сите писатели кои студентите мораа да ги проучуваат пишуваа без правила, пишувајќи го сето она што им звучело исправно, навраќајќи му се потоа за да видат дали тоа звучи и понатаму добро и менувајќи го она што не звучело добро. Имаше такви кои очигледно пишувале пресметано и со

предумисла, така изгледаат нивните производи. Но нему тоа му се чинеше бедно. Во тоа имаше малку сок, но како што во една прилика изјвила Гертруда Стајн, сокот не течеше. Но како можете да го подучувате она што не е смислено однапред? Тоа навидум беше невозможно. Тој едноставно го земаше текстот и го коментираше без претходно размислување и се надеваше дека студентите со тоа ќе добијат нешто. Но тоа не задоволуваше.

Еве ја пред нас. Додека и се приближуваме се јавува напнатост, истото чувство во желудникот.

- Се сеќаваш ли на таа зграда?
- Тука предаваше некогаш...зошто одиме таму?
- Не знам. Само сакав да ја видам.
- Изгледа дека нема многу луѓе во близина. Не може ни да има. Сега е летен распуст. Големи и чудни простории зад старите темнокафени цигли. Прекрасна градба, навистина. Единствена која изгледа дека вистински припаѓа тука. Стари камени скалила се до влезот. Скали излижани од милиони чекори
- Зошто влегуваме внатре?
- Пст. Не вели ништо повеќе сега.

Ја отварам тешката надворешна врата и излегувам. Внатре ме чекаат други скалила, излижани и дрвени. Тие чкрипат под нозете и мирисаат на стотина години метење и гланцање. Нема никаков звук.

Крис шепоти: - Зошто сме тука?

Јас само тресам со главата. Го слушам минувањето на автомобилите надвор.

Крис шепоти: - Не ми се допаѓа тука. Ова место ме плаши.

- Оди тогаш надвор – велам.
- Дојди и ти.
- Подоцна.
- Не, сега. – Тој ме гледа и сфаќа дека не се помрднувам. Неговиот поглед е толку уплашен што сум подготвен да го сменам мислењето, но тогаш изразот на неговото лице нагло се менува и тој се врти, трча по скалите и низ вратата, толку бргу што не можам да го следам.

Долу големата тешка врата се затвора и јас отстанувам потполно сам. Ги наслушнувам звуците...Чии?...Негови?...долго време наслушнувам...

Подните даски морничаво чкрипат додека чекорам низ ходникот, ги следи морничавата мисла дека всушност оној што чекори е тој. На ова место тој е

стварност, а јас сум сениште. Гледам дека неговата рака се спушта на кваката на вратата на една училница, потоа полека ја врти кваката, ја турка и ја отвара вратата. Внатре го чека една просторија, точно онаква каква што ја памети, како до сега да бил тука. Тој е тука сега. Свесен е за се што гледам. Се врие и трепери од спомени. Долгите темнозелени плочи од обете страни се излупени и треба да се поправат, такви се какви што беа отсекогаш. Кредата, никогаш цела, туку во ситни парчиња, е се уште тука. Зад плочата се прозорците и низ нив се гледаат планините кои тој ги набљудуваше, задлабочен во мислите, во деновите кога студентите пишуваа. Тој седеше покрај радијаторот со парче креда во раката и се sуреше низ прозорецот во планините, од време на време прекинуван од прашањата на некој студент: - Дали мораме...? – А тој се вртеше и одговараше било што и во тој миг се случуваше едно стопување кое пред тоа не постоеше. Тоа беше место каде го примаа – него лично. Не онаков каков што тој би можел или би морал да биде, туку него лично. Место кое примаше се - слушајќи. Тој му даде се. Тоа не беше една просторија, тоа беа илјадници простории, кои секојдневно се менуваа со бурите и снеговите и формите на облаците на планините, со секоја класа студенти, дури и со секој студент. Две предавања никогаш не личеа едно на друго, и она што го носеше следниот час за него беше тајна...

Веќе го имам загубено чувство за време кога слушам чекори во ходникот. Тие стануваат погласни, потоа престануваат пред влезот во училницата. Кваката се врти. Вратата се отвара. Една жена гледа внатре.

Нејзиното лице е агресивно, како да имала намера некого да фати. Изгледа како да е блиску до триесетата, не е убава. – Ми се причини дека видов некого – вел. – Мислев...- Изгледа збунето.

Влегува во просторијата и ми приоаѓа. Ме гледа повнимателно. Сега оној агресивен израз исчезнува, полека менувајќи се во чудење. Изгледа вчудовидено.

- О боже – вели. – Тоа сте вие?

Јас воопшто не ја препознавам. Воопшто.

Го изговара моето име и јас потврдувам: - Да, јас сум.

- Сте се вратиле.

Мрдам одречно со главата. – Само на неколку минути.

Таа и понатаму ме гледа, се до моментот кога тоа станува непријатно. Сега и таа станува свесна за тоа, па прашува: - Можам ли да седнам на кратко? – Срамежливиот начин на кој го прашува тоа ми покажува дека таа можеби била негова студентка.

Таа седнува на еден стол во првиот ред. Нејзината рака, на која нема венчален прстен, трепери. Јас навистина сум сениште.
Сега нејзе и станува непријатно. – Колку време останувате?...Не, тоа веќе ве прашав.
Јас дополнувам: - Престојувам неколку денови кај Боб Де Веси, па потоа продолжувам на запад. Морав да завршам нешто работа во градот па сакав да видам како изгледа училиштево.
О, вели, драго ми е што дојдовте...училиштето се има променето...сите се имаме променето..толку многу по вашето заминување...
Настапува уште една мачна пауза.

- Слушнавме дека сте биле во болница...
- Да - велам.

Повторно мачна тишина. Таа не продолжува, тоа значи дека веројатно знае. Уште малку се колеба, мисли што би кажала. Тоа станува тешко поднесливо.

- Што предавате? – прашува на крај.
- Не предавам веќе – велам. – Престанав.

Таа ме гледа со недоверба. – Сте престанале? – Се мурти и повторно ме гледа, како да проверува дали зборува со вистинската личност. – Вие не смеете тоа да го направите.

- Да, смеам.

Таа ја мрда главата и не верува: - Не вие!

- Да.
- Зашто?
- Сето тоа за мене сега е минато. Се занимавам со други нешта.

И понатаму се прашувам која ли е таа, а нејзиното лице изгледа подеднакво збунето. – Но тоа е... – Реченицата се прекинува. Таа се обидува повторно. – Вие сте потполно...но и таа реченица се прекинува.
Следниот збор е “луди”. Но обата пати таа се воздржа. Забележува нешто, се гризе за усната и изгледа загубено. Да можам би рекол нешто, но не знам од каде би почнал.
Се подготвувам да и кажам дека не ја познавам, но таа станува и вели: - Морам да одам. – Мислам дека сфаќа дека не ја познавам.
Се приближува до вратата, ме поздравува бргу и наместено, и додека ја затвара вратата чекорите и се оддалечуваат брзо, скоро трчајќи.

Надворешната врата на зградата се затвора и училницата е повторно тивка како и порано, освен некаква вртложна психичка струја која таа ја остави зад себе. Сега таа содржи траги од нејзината љубопитност, но исчезна она што дојдов да го видам.
Добро, помислувам станувајќи, драго ми е што ја посетив оваа просторија, но мислам дека веќе нема да сакам да ја видам. Подобро ќе поправам мотори, освен тоа некој ме чека.
На патот кон излезот отварам уште една врата, нагонски. Внатре на ѕидот гледам нешто од што ме полазуваат морници.
Тоа е некоја слика. Не се сеќавам ништо во врска со неа, но сега знам дека тој ја беше купил и ја беше закачил таму. И одеднаш знам дека тоа не е слика, тоа е репродукција на слика која ја беше нарачал од Њујорк, во врска со која Де Веси се муртеше бидејќи тоа беше репродукција а репродукцијата на уметноста не се уметност. Таа разлика во тоа време тој не ја знаеше. Но таа репродукција, Фенигеровата "Миноритска црква" го привлекуваше заради нешто неважно од аспект на нејзината уметничка содржина, некаква готичка катедрала составена од полуапстрактни линии и рамнини и бои и сенки, нешто што изгледа дека го одразуваше неговото сфаќање за Црквата на умот – затоа ја беше закачил тука.
Сето тоа сега се враќа во сеќавањето. Тоа беше неговата работна соба. Откритие. Ова е просторијата која ја барам!
Зачекорувам внатре, и почнува да се тркала лавина од спомени, ослободена под влијание на репродукцијата. Светлината на репродукцијата паѓа низ стеснетиот прозорец врз соседниот ѕид низ кој тој ја гледаше долината и отаде неа синџирот Медисон, низ кој набљудуваше како се приближуваат бурите, и додека сега тука низ овој прозорец пред мене ја набљудувам долината, сега...сето тоа почна, целото лудило, токму тука. Ова е клучното место!
А онаа врата води во работната соба на старата Сара. Сара! Сега се јавува тоа! Минуваше со својот бокал за залевање, застана крај вратата, одејќи од ходникот во својата соба, и рече: - Се надевам дека ги подучувате вашите студенти што е тоа квалитет. – Го изговори тоа со певлив глас на госпоѓа која ја одработува последната година пред пензионирање, и која се подготвува да ги залее своите цвеќиња. Тоа беше мигот кога се започна. Тоа беше јадрото на кристализацијата.
Јадро на кристализацијата. Сега ми се враќа силен исечок од сеќавањето. Лабораторија. Органска хемија. Работеше со крајно заситен раствор кога се случи нешто слично.

Заситен раствор е таков раствор во кој точката на заситување, после која супстанцата не се топи, е надмината. Тоа може да се случи затоа што точката на заситување расте ако се зголемува темепратурата на растворот. Кога ја растворате супстанцата на висока температура а потоа ја оладите, супстанцата понекогаш не кристализира бидејќи молекулите не знаат ако да го сторат тоа. Тие бараат нешто да ги придвижи, бареаат јадро на кристализацијата, или зрнце прашина или дури и неочекувано гребење или чукање по стаклото.
Тој тргна кон чешмата за да го олади растворот но не стигна до неа. Пред неговите очи, додека чекореше, во растворот се појави ѕвезда на кристална супстанца која одеднаш почна да расте во вид на зраци додека не го исполни целиот сад. Тој виде како тоа расте. Онаму каде до тогаш имаше само бистра течност, тука сега имаше толку цврста маса што доколку го свртеше садот од него не ќе паднеше ништо.
Му беше кажана една реченица “Се надевам дека ги подучувате вашите студенти што е тоа квалитет” и во текот на неколку месеци, растејќи толку бргу што буквално можевте да видите како расте, се создаде голема, сложена, високо структурирана маса на мисли, создадена како со некаква магија.
Не знам што и одговори кога таа му го рече тоа. Веројатно ништо. Таа многу пати минуваше зад неговиот стол секојдневно влегувајќи и излегувајќи од својата работна соба. Понекогаш застануваше кажувајќи збор-два, извинувајќи се што го прекинува, понекогаш со некаква новост, и тој беше навикнат на тоа како на дел од животот на работното место. Знам дека мина и втор пат и го праша: Дали вие навистина предавате за квалитетот овој семестар? а тој потврди со главата и погледна зад себе и рече: - Секако! – и таа продолжи. Во тоа време ги подготвуваше предавањата и поради нив беше во состојба на потполна потиштеност.
Го тиштеше тоа што учебникот беше еден од најрационалните учебници што беа достапни по предметот реторика, а сепак не изгледаше исправен. Тој дури имаше и пристап до авторите, кои беа членови на неговиот оддел. Прашуваше и слушаше и разговараше и се сложуваше со нивните одговори на некој рационален начин, но сепак не беше задоволен со нив.
Учебникот почнуваше со претпоставката дека, ако воопшто треба да се предава на универзитетско ниво, реториката не смее да се предава како мистична уметност туку како гранка на разумот. Затоа во него се нагласуваше совладувањето на рационалните основи на комуникацијата како средство за разбирање на

реториакта. Воведена е елементарната логика, изложена е теоријата на прашања и одговори, а потоа се премина на разбирање на начинот на кој се гради есеј.
Во текот на првата година Федар беше прилично задоволен со оваа рамка. Чувствуваше дека во неа има нешто погрешно, но дека таа погрешност не лежи во таа примена на разумот во реториката. Грешката беше во старото сениште од неговите сништа – во самата рационалност. Сфати дека тоа е истата онаа грешка која со години го мачеше и за која немаше решение. Тој едноставно чувствуваше дека ниту еден писател никогаш не учел да пишува по тој уреден, нумериран, објективен, методичен пристап. Но и тоа дека тука е понудена сета рационалност и дека не може да се стори ништо а да не се мине во ирационалност. Бидејќи ако во таа Црква на умот постои било што што тој мораше да го стори, тоа беше неговата должност да биде рационален, и тоа го присилуваше да ги пушти нештата да течат.
Неколку денови потоа, минувајќи повторно крај него, Сара застана и рече: - Толку ми е драго што предавате квалитет овој семестар. Речиси никој не го прави тоа.

- Па, јас го правам тоа – рече тој. – Мене тоа ми е навистина важно.
- Браво! - рече таа, и продолжи.

Им се врати на своите белешки, но не мина многу време кога мислите за нив му ги прекина сеќавањето на нејзината чудна забелешка. За што зборуваше таа по ѓаволите? Квалитет? Се разбира дека тој подучува квалитет. Кој не го подучува тоа? Продолжи со своите белешки.
Го тиштеше уште нешто – правилата на реториката кои мораа да бидат обработени и совладани. Беше тоа онаа старата приказна: за казна напиши го тој збор сто пати. Правилни зборови, правилна интерпункција, правилна граматика. Стотина тантара-пантара правила за тантара-пантара луѓе. Никој не можеше да го запомни сето тоа и да се концентрира врз она за што сакаше да пишува. Сето тоа спаѓаше во добро однесување, не потекнуваше од некакво чувство за љубезност или пристојност или човечност, туку водеше потекло од себичната желба некој да изгледа како господин или госпоѓа. Некогаш господата и госпоѓите се однесувале убаво на маса и говореле и пишувале граматички. Тоа бил критериумот според кој некој им припаѓал на повисоките слоеви.
Во Монтана, меѓутоа, не се држеше многу до тоа. Напротив, таквиот човек се сметаше за магаре од Исток. На катедрата се бараше минимално познавање на реториката но, како и другите професори, и тој внимаваше да не ги брани правилата на реториката повеќе отколку што тоа се “бараше”.

Наскоро мислите повторно му се прекинаа. Квалитет? Во тоа прашање имаше нешто што човека го дразни, дури и лути. Размислуваше за тоа, па размислуваше уште малку, потоа гледаше низ прозорецот, па потоа уште повеќе размислуваше за тоа. Квалитет?

Четири часа подоцна тој и понатаму седеше тука со нозете на прозорецот и се sуреше во нешто што сега стануваше темно небо. Зазвони телефонот, и тоа беше неговата жена која му се јавуваше за да види што се случило. И рече дека наскоро ќе биде дома, но потоа заборави на тоа и на сето останато. Дури во три часот наутро уморно си призна самиот на себе дека нема поим за тоа што е квалитет, ја зема торбата и замина дома.

Повеќето луѓе би го заборавиле квалитетот истиот миг, или едноставно би го оставиле да виси во воздухот бидејќи со него не се стигнува никаде, а тие имаат друга работа. Но тој беше толку очаен заради својата неспособност да го предава она во што верува, што воопшто не му значеше сето останато што требаше да го прави, и кога се разбуди следното утро квалитетот му sуреше в лице. Само три часа спиење. Беше толку уморен што знаеше дека тој ден нема да може да одржи предавање, а освен тоа и белешките не му беа завршени, па на огласната табла напиша: - Составете есеј од 350 збора како одговор на прашањето: Што е квалитет кога е во прашање мислата и судот? – Потоа седна крај радијаторот и самиот размислуваше за квалитетот додека тие пишуваа.

На крајот од часот изгледаше дека никој немаше завршено, па дозволи студентите да ги понесат составите дома. Тој предмет го имаа дури за два дена, па тоа му даваше време и самиот уште малку да размисли за темата. Во меѓувреме на минување сретнуваше некои од студентите и им климнуваше со глава, а за возврат добиваше лути исплашени погледи. Претпоставуваше дека и тие ги имаат истите маки како и тој.

Квалитет...знаете што е тоа, а сепак не знаете што е тоа. Тоа е контрадикторно. Сепак, некои нешта се подобри од другите, то ест, во нив има повеќе квалитет. Но кога се обидувате да кажете што е тоа квалитет, независно од нештата кои го поседуваат, се се руши! Нема за што да се зборува. Но ако не можете да кажете што е тоа квалитет, како тогаш знаете што е, или како знаете дека тој воопшто постои? Никој не знае што е тоа, тоа значи дека тој практично не постои. Но за сите практични цели тој навистина постои. Врз што инаку се темели степенувањето? Зошто инаку луѓето би плаќале цели богатства за некои нешта а другите би ги фрлале во канти за отпадоци? Очигледно некои нешта се подобри отколку

другите...но во што се состои тоа што е “подобро”?...И така се вртите наоколу, ги вртите умствените запчаници и никаде не наоѓате нешто за што би се фатиле. Што е по ѓаволите тоа квалитет? Што е тоа?

ТРЕТ ДЕЛ

16

Цела ноќ Крис и јас спиевме добро, утринава ги подготвивме ранците и сега веќе цел час чекориме угоре по планинската стрмнина. Тука, во дното на кањонот шумата е борова, со понекоја јасика со широк лист. Стрмните страни на кањонот се издигаат високо над нас од обете страни. Од време на време стазата излегува на сончева и тревната чистинка омеѓена со понекој поток, но набргу се враќа во длабоката ладовина на боровите. Стазата е послана со мек бодликав покривач од борови иглички. Многу е тивко.

Планините како овие и патниците во планините и случките што им се случуваат можат да се најдат не само во Зен литературата, туку и во приказните на сите поголеми религии. Алегоријата на материјалната планина како замена за душевната, која се издигнува помеѓу секоја душа и нејзината цел, е едноставна и природно се наметнува. Исто како и оние луѓе во долината зад нас, и исто како и сите останати кои целиот живот го минуваат стоејќи пред духовните планини не обидувајќи се да завлезат во нив, задоволувајќи се со тоа да ги слушаат другите кои завлегле во нив, и така да ги одбегнуваат тешкотиите. Некои патуваат низ планините во придружба на искусни водичи кои ги знаат најдобрите и најнеопасните патишта по кои се стигнува до одредиштето. Некои пак, неискусни и недоверливи, се обидуваат да пробијат сопствени патишта. Малкумина успеваат во тоа, но понекогаш некои од нив, заради чиста волја или среќа и божја милост успеваат. Кога еднаш ќе стигнат таму, тие стануваат посвесни отколку било кој друг дека не постои еден, ниту пак одреден број на патишта. Постојат онолку патишта колку што има поединечни души.

Сега би сакал да проговорам за Федаровото истражување на значењето на зборот Квалитет, за истражувањето кое тој го сметаше за пат низ планината на духот. Колку што можам да сфатам, во текот на тој пат постоеја две фази.

Во првата фаза тој не се обидуваше да даде строга, систематска дефиниција на она за што говореше. Беше тоа среќен, богат и креативен период. Го опфаќаше поголемиот дел од времето додека предаваше во училиштето во долината зад нас.

Другата фаза се случи како резултат на нормалната интелектуална критика на отсуството на дефиниција во врска со она што го говореше. Во оваа фаза тој создаде систематски, строги судови за тоа што е Квалитет, и изгради огромна хиерархиска структура на смилата за да ги поткрепи. Тој буквално мораше да ги раздели небото и земјата за да пристигне до тоа систематско разбирање, и кога го направи тоа почувствува дека го објаснил постоењето, и нашата свест за него, подобро отколку било кој друг пред него.

Ако тоа навистина беше нов пат низ планината, тој секако беше потребен. Повеќе од три столетија старите патишта на нашата хемисфера се многу разјадени и речиси избришани заради природната ерозија и менувањето на обликот на планината под влијание на научните вистини. Раните планинари востановиле стази кои биле на тврдо тло и биле толку пристапни што го мамеле секого, но денес сите тие патишта на Запад се речиси затворени поради нивната догматска нефлексибилност кога е во прашање соочувањето со промените. Доколку се сомневате во значењето на Исусовите или зборовите на Мојсеј, кај многумина ќе предизвикате непријателство, но факт е дека доколку Исус или Мојсеј се појават денес, непознати, со истите пораки кои ги искажувале пред многу столетија, нивното ментално здравје би било доведено во прашање. Не затоа што она што Мојсеј или Исус го рекле е невистинито или затоа што модерното општество е во заблуда, туку едноставно затоа што патиштата кои тие ги одбрале за да им ги пренесат пораките на другите ја загубиле применливоста и разумноста. “Горе на небесата” е безначајно во време кога совеста на вселенското доба прашува: Што е тоа “горе”? Но и покрај фактот дека старите патишта почнале, поради јазична строгост, да го губат секојдневното значење и да стануваат речиси затворени, тоа не значи дека планината веќе ја нема. Таа е тука, и ќе остане тука се додека постои свест.

Федаровиот втор метафизички период претставува потполен пад. И пред приклучувањето на електродите на неговата глава, тој го имаше загубено сето она што е опипливо: пари, имот, деца; со одлука на судот му беа одземени дури и неговите граѓански права. Она што му остана беше еден луд осаменички сон за Квалитетот, карта со означен пат низ планината за која жртвуваше се. Потоа, кога му ги приклучија електродите, го загуби и тоа.

Никогаш нема да дознаам што се имаше во неговата глава во тоа време, ниту пак некој друг ќе го дознае тоа. Сега постојат само исечоци: кршеници, расфрлани белешки кои можат да се спојат, но кои оставаат големи празнини.

Кога прв пат ги бев открил тие кршеници, се чувствував како некој селанец во близина на, да речеме Атина, кој понекогаш и без многу да се изненади ги ора камењата со некои чудни цртежи на себе. Знаев дека тоа се делови од некој поголем сеопшт нацрт кој постоеше во минатото, но тоа беше вон моето поимање. Отпрвин намерно ги одбегнував, не обрнував внимание на нив бидејќи знаев дека тие камења предизвикуваа некакви неволји од кои морав да се пазам. Но и тогаш сфаќав дека сето тоа е дел од една голема мисловна структура, и тоа во мене будеше љубопитност на некој таинствен начин.

Подоцна, кога стекнав повеќе доверба во сопствената имуност во однос на таквите проблеми, тие кршеници поцнаа да ме интересираат на еден појасен начин, тогаш почнав да ги сложувам исечоците, не водејќи сметка за нивниот облик, по оној редослед по кој ми се јавуваа. Голем број од тие безоблични судови ми беа дадени од моите пријатели. Сега ги има на илјадници, и иако во оваа чаутагва може да се смести само мал дел од нив, таа се темели врз нив.

Тоа е веројатно многу далеку од она што го мислеше тој. Кога се обидувам да го обновам целиот систем со дедукција од исечоците, присилен сум да правам грешки и да запишувам нелогичности, па молам тоа да ми се прости. Во многу случаи исечоците се многузначни; од нив можат да се извлечат неколку различни заклучоци. Ако нешто е погрешно, тогаш веројатноста дека грешката не лежи во она што тој го мислеше, туку во мојата реконструкција на истото е голема, и можеби подоцна ќе може да се направи некоја подобра реконструкција.

Се слуша трепет на крилја и една еребица исчезнува меѓу дрвјата.
- Ја виде ли? - вели Крис.
- Да - возвраќам.
- Што беше тоа?
- Еребица.
- Како знаеш?

- Тие додека летаат се нишаат напред-назад, вака. - велам. Не сум сигурен во ова, но добро звучи. - Исто така, тие многу се приближуваат до земјата.
- О, вели Крис и продолжуваме да се искачуваме. Сончевите зраци меѓу боровите создаваат впечаток дека се наоѓаме во катедрала.

Денес ќе започнам да го разгледувам првиот период од неговото патување во Квалитетот, неметафизичкиот период, и тоа ќе биде пријатно. Убаво е патувањето да ви започне пријатно, дури и кога знаете дека тоа нема да заврши на истиот начин. Служејќи се со неговите белешки за предавањата како со основен материјал, сакам да го реконструирам начинот на кој Квалитетот стана негов работен концепт во наставата по реторика. Другиот негов период, метафизичкиот, беше напорен и обременет со умување, но овој прв период во кој тој едноставно предаваше реторика беше во секој поглед темелен и практичен и веројатно заслужува да се оценува според сопствените заслуги, независно од вториот период. Тој воведуваше големи промени. Имаше тешкотии со студентите кои не знаеа да кажат ниту збор. Отпрвин мислеше дека се работи за мрзливост, но подоцна јасно се виде дека не е така. Тие едноставно не можеа да смислат што би кажале.

Една девојка со наочари со голем диоптер сакаше да напише состав од петстотини зборови за Соединетите Американски држави. Беше навикнат на чувството на тонење кое се јавува зад таквите реченици, па без омаловажување и предложи темата да ја сведе на самиот град Боземан.

Кога дојде време за предавање на ракописот, таа го немаше напишано составот и беше прилично збунета. Се обидуваше и се обидуваше но никако не можеше да се сети што да напише.

Тој веќе имаше зборувано со нејзините претходни професори во врска со неа, и тие го потврдија неговиот впечаток. Беше многу сериозна, совесна и работлива, но крајно глупава. Во неа немаше ниту една искра на креативност. Нејзините очи зад дебелите стакла беа очи на наемен работник. Не го лажеше, таа навистина не можеше да се сети на ништо што би можела да го напише и беше збунета од својата неспособност да го направи она што и е кажано.

Тоа едноставно го замрзна. Сега тој не можеше да се сети што би рекол. Настапи тишина, а потоа чуден одговор: - Стеснете ја темата на главната улица на Боземан.

Тоа беше внатрешен порив.

Таа покорно климна со главата и замина. Но пред следниот час се врати во вистински очај, овој пат плачејќи, во очај кој очигледно траеше долго. И понатаму не можеше да смисли што би напишала, и не можеше да разбере зошто, кога веќе не можеше ништо да смисли за цел Боземан, би била способна да мисли било што за само една улица.

Тој побесне. - Вие не гледате! - рече. Се сети дека самиот беше исфрлен од универзитетот бидејќи имаше премногу да каже. За секој факт постојат безброј претпоставки. Колку повеќе набљудувате толку повеќе гледате. Таа вушност не гледаше, а сепак не беше свесна за тоа.

И рече луто: - Сконцентрирајте се на фасадата на една зграда на главната улица во Боземан. Фасадата на операта. Започнете со крајната лева цигла во горниот ред. Нејзините очи, зад наочарите со дебели стакла, широко се отворија.

Следниот пат дојде со зачуден изглед и му предаде состав од петстотини зборови за фасадата на операта на главната улица во Боземан, Монтана. - Седев во кафанчето од спротива - рече - и почнав да пишувам за првата цигла, па за втората, а кај третата одеднаш ми тргна и не можев да престанам. Мислеа дека сум луда, постојано ме зафркаваа, но составот е тука. Не го разбирам тоа.

И тој не разбираше, но во текот на долгите прошетки низ градските улици размислуваше за тоа и заклучи дека нејзе очигледно ја спречуваше истиот вид блокада која го парализираше и него првиот ден од предавањата. Таа беше блокирана бидејки се обидуваше во својот состав да ги повтори оние нешта кои веќе ги беше чула, исто како што и тој првиот ден се обидуваше да ги повтори нештата кои однапред беше одлучил да ги каже. Не можеше да се сети што би напишала за Боземан затоа што не можеше да се присети на нешто што го беше чула а што би било вредно да се повтори. Беше чудно несвесна дека самата може да набљудува и непосредно самата нешто и да види без да внимава на она што е

веќе кажано. Концентрирањето на една цигла ја разби блокадата бидејќи стана очигледно дека таа мора нешто да види, изворно и непосредно.

Експериментираше и понатаму. Во една група од секој студент бараше цел час да пишуваат за задната страна на својот палец. Сите на почетокот од часот го набљудуваа со насмевка на лицето, но сите пишуваа и никој не се пожали дека "нема зборови".

Во друга група ја смени темата од палец на метална пара, и од секој студент доби писмени состави кои се пишуваат цел час. Во останатите групи беше исто. Некој праша: - Мора ли да се пишува за обете страни? - Кога еднаш увидеа дека и самите можат непосредно да гледаат, сфатија и дека нема граница на количеството кое можат да го кажат. Тоа исто така беше градење на самосвест, бидејќи сето она што го пишуваа, иако на прв поглед изгледаше тривијално, сепак беше нивно сопствено дело, а не имитација на туѓо. Групите во кои тој ја направи вежбата со паричката покажуваа поголемо интересирање и им беше помалку здодевно.

Како резултат на неговите експерименти тој заклучи дека имитирањето е вистинско зло кое треба да се уништи пред да започнат предавањата по вистинска реторика. Тоа имитирање изгледаше како надворешна присила. Малите деца го немаат тоа во себе. Изгледаше дека тоа се стекнува подоцна, веројатно како "последица на самото училиште".

Тоа се чинеше исправно, и колку што размислуваше за тоа толку му изгледаше поисправно. Доколку не го имитирате она што професорот го сака, добивате лоша оценка. Тука, на универзитетот тоа е многу попрефинето, од вас се бара да го имитирате професорот на таков начин што би го уверил тој професор дека не го имитирате, туку дека ја усвојувате суштината на науката и понатаму чекорите самостојно. Тоа ви носи десетки. Од друга страна оригиналноста може да ви донесе што било - од десетки до петки. Целиот систем на оценување ве предупредува да не бидете оригинални.

Расправаше околу тоа со професорот по психологија кој живееше во неговото соседство, човек со голема фантазија, и тој му рече: "Така е. Укинете го целиот систем на оценки и дипломи па ќе добиете вистинско образование".

Федар размислуваше околу тоа, и кога неколку недели подоцна една многу бистра студентка не знаеше да одбере тема за семинарска работа, тоа му беше се уште на ум, па и предложи да пишува за тоа. Нејзе отпрвин темата не и се допадна, но сепак се согласи.

По една недела на сите им зборуваше за тоа, а по две недели напиша совршен текст. Но, групата пред која го прочита не ја имаше предноста да размислува за темата две недели, па беше прилично непријателски расположена кон целата идеја на укинување на оценките и дипломите. Но тоа ниту малку не ја обесхрабри.

Нејзиниот глас го доби оној древен религиозен занес. Ги преколнуваше другите студенти да слушаат, да сфатата дека тоа е навистина праведно. - Не зборувам дека тоа е заради него - рече и се сврти кон Федро. - Тоа е заради вас.

Нејзиниот глас полн со преколнување и нејзиниот верски занес му оставија силен впечаток, засилени со фактот дека на приемниот испит таа влезе меѓу првите еден посто кандидати. Во текот на следниот квартал, додека предаваше "убедливо пишување" ја одбра таа тема како "образец", парче уверлив текст којшто самиот го напиша, од ден на ден, пред целата група и со помош на целата група.

Се послужи со образец за да одбегне разговори во рамки на начелата на композицијата во кои сите длабоко се сомневаа. чувствуваше дека изнесувајќи ги пред групата своите реченици онака како што се создавани, со сите грешки и пречки и бришења, ќе даде по чесна слика за тоа што е пишувањето отколку да го троши нивното време дрдорејќи за готовите студентски трудови или истакнувјќи готови литературни дела кои би можеле да се имитираат. Овој пат го разработи тврдењето дека целиот систем на оценки треба да биде напуштен, па за да стори нешто што навистина ќе ги вовлече студентите во она за што слушаат, не даде ниту една оценка во текот на целиот тој квартал.

Веднаш над врвовите на гребенот сега може да се види снег. Но тој е оддалечен неколку денови одење. Карпите под него се престрмни за директно качување, особено со тежок товар каков што носиме ние, а Крис е навистина премлад за било

какво занимавање со шајки и јажиња. Мораме да се префрлиме преку шумовитиот гребен на кого му се приближуваме, да влеземе во другиот кањон, да одиме низ него до крај и тогаш да се вратиме под остар агол кон гребенот. Три мачни денови до снегот. За четири дена би било лесно. Ако не се појавиме до деветиот ден де Веси ќе почне да не бара.

Застануваме за да се одмориме, седнуваме и се фаќаме за дрво за да не се превртиме наназад поради ранците. Малку подоцна ја пружам раката преку плешките, ја земам мачетата од врвот на мојот ранец, и му ја давам на Крис.

- Ги гледаш ли оние две јасики онаму? Рамни? На работ? - му ги покажувам. Исечи ги на отприлика пола метро над земја.
- Зошто?
- Ќе ни требааат подоцна како стапови за одење и како колчиња за шатор.

Крис ја зема мачетата, се обидува да стане но повторно седнува. - Исечи ги ти - вели.

Така јас ја земам мачетата, одам таму и ги сечам колчињата. Обете се исечени мазно со еден замав, освен крајното парче кора која ја кинам со задниот дел од дршката на мачетата. Горе на карпите ви требаат стапови за одржување рамнотежа, а боровите горе не се добри за стапови, ова се можеби последните јасики тука. Сепак малку ме загрижува што Крис одбива да работи. Тоа не е добар знак кога сте на планина.

Краток одмор и потоа продолжуваме. Ќе треба малку време да се навикнеме на овој товар. Се јавува негативна реакција на секаква тежина. Но, како што ке напредуваме тоа ќе станува поприродно...

Федаровото залагање за укинување на системот на оценки и дипломи предизвика најпрвин збунета или негативна реакција на сите, освен на неколку студенти, бидејќи на прв поглед изгледаше дека го уништува целиот универзитетски систем. Една студентка тоа јасно го искажа велејќи потполно невино: - Секако дека не можете да го укинете системот на оценки и дипломи. На крајот на краиштата тоа е причината заради која сме тука.

Таа кажуваше чиста вистина. Помислата дека повеќето студенти доаѓаат на универзитетот заради образование независно од оценките и дипломата е лицемерие кое сите избегнуваат да го искажат. Понекогаш некои студенти доаѓат заради наобразба, но трулата и механичка природа на таа институција наскоро ги преобраќа во луѓе со помалку идеализам.

Оној образец содржеше тврдење дека укинувањето на оценките и дипломите ќе го уништат тоа лицемерие. Наместо да се занимава со општите места, тој се занимаваше со поединечната кариера на замисленият студент кој помалку или повеќе е типичен претставник на една група студенти кои се решени да работат за оценка а не за знаењето кое таа оценка би морала да го претставува.

Таквиот студент, претпоставуваше образецот, би одел на предавања во првиот семестар, би ја добил првата задача и веројатно би ја извршил по навика. Можеби така би било и со третиот, па и со четвртиот семестар. Но најпосле новоста на таа постапка би станала вообичаена и, со оглед на тоа што академскиот живот не е неговиот единствен живот, притисокот на другите обврски или желби би создал такви услови во кои тој никако не би можел да ја исполни задачата.

Со оглед на тоа што не постојат оценки, за тоа не би му следела никаква казна. Следните лекции кои претпоставуваат дека студентот ја исполнил претходната задача сепак би биле потешки за разбирање, и таа тешкотија од своја страна би можела толку да го ослабе неговото интересирање што и следното градиво, кое би му било навистина тешко, би било исто така пропуштено. Повторно без казна.

Со текот на времето неговото се послабо и послабо сфаќање на она за што се предава би било причина за неговото се потешко следење на наставата. Најпосле тој би согледал дека не учи многу, и соочувајќи се со постојаниот притисок на надворешните обврски би престанал да студира, би почувствувал вина заради тоа и би престанал да доаѓа на предавања. И тогаш не би се применила казна.

Но што би се случило? Студентот, не обвинувајќи никого, самиот себеси би се исфрлил од универзитетот. Браво! Тоа би морало да се случи. Тој од почетокот не бил тука заради образование и навистина не му било местото тука. Заштедени се

големи пари и напори, а не постои сенка на неуспех и пропаст за да го прогонува додека е жив. Не се запалени никакви мостови.

Најголемиот проблем на студентот е неговиот ропски менталитет кој во него е вграден во текот на повеќе години милување и камшикување со оценки, тоа е менталитет на мазга која вели: - Ако не ме камшикуваш, нема да работам. - Не го камшикуваа. Тој не работеше. А колата на цивилизацијата, за чие што влечење тој е наводно образован, и без него и понтаму ќе чкрипи, само малку поспоро.

Но, тоа е трагедија само доколку се претпостави дека колата на цивилизацијата, "системот", го влечат мазги. Тоа е познато гледиште, од стојалиштето на професијата и "позицијата", но Црквата на умот нема таков став.

Црквата на умот смета дека на цивилизацијата, или на "општеството", или како веќе ќе го наречете тоа, најдобро им служат не мазги туку слободни луѓе. Смислата на укинувањето на оценките и на дипломите не е казнување на мазгите, ниту нивно уништување, туку создавање на услови во кои тие мазги можат да се претворат во слободни луѓе.

Тој претпоставен студент, се уште мазга, би се врткал наоколу некое време. Би стекнал некаков друг вид образование, подеднакво вреден во однос на оној кој го напуштил, во училиштето за таканаречени работнички професии. Наместо да троши пари и време како мазга од високиот сталеж, тој сега би добил работа како мазга од нискиот сталеж, можеби како механичар. Всушност неговиот вистински сталеж би се издигнал. Тој за разлика од порано сега би стопанисувал. Можеби тоа би го правел до крајот на животот. Можеби би го пронашол своето ниво. Но немојте да сметате на тоа.

По некое време, по шест месеци или можеби пет години, би почнала да се случува некаква промена. Тој би станувал се понезадоволен од некаква досадна секојдневна работа во работилницата. Неговата креативна интелигенција, угушена од премногу теорија и премногу оценки во училиштето, сега би се разбудила токму поради таа досада во работилницата. Илјада часови недостапни механички проблеми би го навеле да почне да се интересира за нацртите на машините. И самиот би посакал да проектира некоја машина. Би помислил дека тоа би можел

да го направи подобро од другите. Би се обидел да ремонтира неколку мотори, би го вкусил успехот, би тежел кон се поголеми успеси, но би почувствувал дека понатаму не може бидејќи нема теоријска подлога. Би открил дека, иако претходно би се чувствувал глупаво поради недостатокот на интерес за теориското знаење, сега постои една гранка на теориското знаење кое многу би го почитувал, имено правењето машини.

Така, тој би се вратил во нашето училиште без оценки и без дипломи, но со извесна разлика. Тој не би бил повеќе човек на кого целта му е знаењето. Нему не би му бил потребен надворешен мотив за да учи. Неговиот мотив би доаѓал одвнатре. Тој би бил слободен човек. Не би требало многу стеги за тој да се обликува. Всушност, ако неговите професори би се опуштиле, тој веројатно би ги обликувал нив, поставувајќи им тешки прашања. Би бил тука за нешто да научи, би плаќал за нешто да научи, и тие би морале да му го овозможат тоа.

Мотивацијата од таков вид, кога ќе се фати за нешто, е сурова сила, и во нашата институција без оценки и дипломи каде би се нашол студентот, тој не би застанал на бубање податоци од машинството. Во неговото подрачје на интерес би влегле и физиката и математиката, бидејќи тој би сфатил дека ти му се потребни. Внимание би се обратило и на металургијата и на електротехниката. Така, во процесот на интелектуалното созревање низ ваквото апстрактно учење, тој веројатно би завлегол во други теориски подрачја кои не се непосредно врзани за машините, но кои стануваат дел од новата, поширока цел. Таа поширока цел не би била имитирање на образованието на денешните универзитети, налицкано и прикриено со оценки и дипломи, кои пружаат привид дека нешто се случува, кога всушност ништо не се случува. Тоа би било нешто стварно.

Таков беше Федровиот модел, неговото непопуларно тврдење, и тој на него работеше целиот семестар, градејќи го и менувајќи го, борејќи се за него, бранејќи го. Целиот тој квартал семинарските работи на студентите им беа враќани со коментари но без оценки, иако оценките беа впишувани во еден нотес.

Како што реков претходно, отпрвин секој би бил по малку збунет. Поголемиот број луѓе веројатно мислеа дека тука се работи за некој идеалист кој мисли дека укинувањето на оценките ќе донесе поголема среќа и ќе ја поттикне

трудољубивоста, но очигледно е дека без оценки секој едноставно ќе легачи. Многу студенти кои во претходниот семестар имаа одлични оценки на почетокот беа дрски и бесни, но поради својата развиена дисциплина продолжија да работат како и до тогаш. Многу добрите студенти ги пропуштија неколкуте први задачи и станаа понедисциплинирани. Добрите и доволните студенти воопшто не се појавуваа на предавањата. Тогаш еден професор го праша што мисли да стори во врска со тоа отсуство на одзив.

Ќе чекам подолго отколку тие – рече Федар.

Неговата благост отпрвин делуваше загадочно, но потоа студентите станаа сомничави. Некои почнаа да поставуваат саркастични прашања. Тие добиваа мирни одговори и предавањата и семинарските работи продолжија како и до тогаш, само што немаше оценки.

Тогаш почна една очекувана појава. Во текот на третата или четвртата недела некои одлични студенти станаа нестрпливи пи почнаа да пишуваат извонредни текстови и да остануваат по предавањата поставувајќи прашања кои се однесуваа на начинот на работа. Многу добрите студенти почнаа тоа да го забележуваат и по малку да работат, враќајќи го квалитетот на своите семинарски работи на вообичаеното ниво. Добрите и доволните, како и недоволните, почнаа полека да се појавуваат на предавањата само за да видат што се случува.

По средината на семестарот се случи нешто што беше уште поочекувано. Одличните студенти се смирија и станаа активни учесници во сето она што се случуваше во училницата, покажувајќи таков пријателски став кој не може да се сретне во групите кои добиваат оценки. Тогаш многу добрите и добрите студенти ги фати паника, па предаваа семинарски работи кои изгледаа како да се плод на повеќечасовни напори. Доволните и недоволните студенти пишуваа задоволувачки семинарски работи.

Во последните недели на семестарот, кога вообичаено секој си ја знае својата оценка и седи дремејќи, Федар имаше толкава активност на предавањата што и другите професори го забележаа тоа. Многу добрите и добрите студенти им се придружија на одличните во заедничката пријателска расправа, па часот

изгледаше како успешна домашна забава. Само доволните и недоволните смрзнати седеа на столиците, обземени до крај со внатрешна паника.

Појавата на опуштање и пријателство му беа подоцна објаснети од самите студенти кои изјавија: - Многумина од нас се состануваа по наставата за да се обидат да смислат како би го срушиле овој систем. Се сложивме дека најдобриот начин е едноставно да замислиме дека нема да успееме, па да одиме напред и да правиме што можеме. Тогаш почнавме да се опуштаме. Инаку би полуделе!

Студентите додадоа и дека тоа не е толку лошо, кога на тоа ќе се навикнете, дека материјалот станува поинтересен, но повторија дека навикнувањето е тешко.

На крајот на семестарот од студентите е побарано да напишат есеј во кој би го оцениле тој систем. Во времето на пишувањето никој од нив не знаеше која оценка ќе ја има. Педесет и четири посто беа против системот. Триесет и седум посто го одобрија. Девет посто беа воздржани.

Според принципот “еден човек-еден глас” системот беше многу непопуларен. Поголемиот број студенти изрично сакаше да ги добие своите оценки во текот на семестарот. Но кога Федар ги обработи гласовите во согласност со оценките кои ги имаше во својто нотес – а оценките не отстапуваа од оние кои се предвидуваа во согласност со претходните успеси и резултати од приемните испити – тогаш приказната беше поинаква. Одличните студенти беа 2 спрема 1 во корист на системот. Многу добрите и добрите беа разделени напола. А доволните и недоволните беа едногласно против него!

Овој изненадувачки резултат ја потврди неговата дамнешна претпоставка: дека побистрите, сериозните студенти најмалку ги сакаат оценките, веројатно затоа што нив повеќе ги интересира материјалот кој се предава, додека глупавите или мрзливите студенти најмногу ги сакаат оценките, веројатно затоа што ним оценките им покажуваат дали напредуваат.

Како што рече Де Веси, од тука можете да одите сто дваесет километри на југ низ шума и снег и нема да наидете на пат, иако има патишта на исток и на запад.

Испланирав така, што ако на крајот на вториот ден работите стојат лошо, да бидеме блиску до пат по кој можеме бргу да се вратиме. Крис не го знае тоа, и ако му го кажам би го повредил неговото извидничко чувство за авантура, но по повеќе излети на планина, извидничките желби за авантури се смалуваат и се појавуваат поконкретните предности од смалување на ризикот. Оваа земја може да биде опасна. Направете само еден погрешен чекор од милион, повредете си го зглобот, и тогаш ќе видите колку сте всушност далеку од цивилизацијата.

Во овој кањон очигледно ректо некој се искачил волку високо. После еден час одење гледаме дека патчето речиси исчезнало.

Федар мислеше дека е добро оценките да се задржат, така пишува во неговите белешни, но тоа на системот не му даваше научна вредност. Во вистинскиот експеримент сите причини ги држите на контстантно ниво, освен една, и набљудувате какви последици предизвикува менувањето на таа една причина. Во училницата тоа не можете никогаш да го сторите. Знаењето на студентите, однесувањето на студентите, ставот на наставникот, сето тоа се менува заради различни причини кои не можат да се контролираат и кои се непознати. Во секој случај, и набљудувачот е еден од причините, и тој никогаш не може да ги оцени последиците на своето влијание, а да не ги менува. Поради тоа Федар не сакаше да извлекува некаков голем заклучок од сето тоа тоа, само продолжи да го прави она што го сакаше.

Преминот од ова на испитувањето на Квалитетот се случи заради ужасната страна на оценувањето која беше откриена откако оценките беа укинати. Оценките навистина ги покриваат неуспесите во наставата. Лошиот професор може да мине низ целиот семестар не оставајќи во мозоците на неговите студенти апсолутно ништо што е вредно да се памети, да подели оценки на неважни тестови, и да остави впечаток дека некои студенти научиле нешто а некои не. Но ако ги укинете оценките, студентите се присилени секој ден да се прашуваат што е тоа што всушност се учи. Прашањата од типот: што е тоа што се учи, што е целта на сето тоа, како предавањата и задачите ја постигнуваат поставената цел, стануваат злокобни. Укинувањето на оценките открива еден голем и ужасен вакуум.

Што се обидуваше да стори Федар? Колку што одеше понатаму, тоа прашање се наметнуваше се повеќе и повеќе. Одговорот кој изгледаше исправен кога почна, сега губеше смисла. Сакаше неговите студенти да станат креатори, самите да одлучуваат што е добро да се напише а што не, наместо постојано да го прашуваат него. Вистинската цел на укинувањето на оценките беше во тоа да ги примора да нурнат во себе, на единственото место каде секогаш ги чека вистинскиот одговор.

Но сега тоа немаше смисла. Ако веќе знаеја што е добро а што лошо, тогаш немаа причина воопшто да се запишуваат во таа група. Фактот дека тие беа тука како студенти подразбираше дека тие не знаат што е добро а што лошо. Во тоа се состоеше неговата професорска работа – да им каже што е добро а што лошо. Целата идеја за индивидуална креативност и израз во групата, во основа беше контрадикторна на целата идеја за Универзитет.

За многу студенти тоа укинување на оценките создаваше кафикајанска ситуација во која тие сфаќаа дека ќе бидат казнети затоа што нешто не прават, но никој не сака да им каже што би требало да прават. Гледаа во себе, но не гледаа ништо, гледаа во Федар но не гледаа ништо, па само беспомошно седеа, не знаејќи што да прават. Вакуумот беше убиствен. Една девојка доживеа нервен слом. Не смеете да ги укинувате оценките, да седите тука и да создавате бесцелен вакуум. На студените морате да им одредите некаква цел кој која ќе се стремат и така да го пополните тој вацуум. А тој не го правеше тоа.

Не можеше. На ниту еден начин не можеше да им каже кој која цел да се стремат а да не западне назад во авторитативното, дидактичко предавање. Но како можете на табла да ја напишете таинствената внатрешна цел на секоја креативна личност?

Следниот семестар ја отфрли целата идеја и му се врати на редовното оценување, обесхрабрен, разочаран, чувствувајќи дека беше во право, но дека се испадна некако погрешно. Кога во класот се јавуваше спонтаност и индивидуалност и вистинска оригиналност, тоа се случуваше и покрај наставата, а не поради неа. Ова изгледаше како да има смисла. Беше подготвен да поднесе оставка. Да предава глупав конформизам на непримерни студенти – тоа не беше она што сакаше да го прави.

Беше чул дека колеџот Рид во Орегон не пишува оценки се до дипломирањето, па за време на летниот распуст отиде таму, но му рекоа дека наставниците се поделени кога е во прашање вреднувањето на концептот и дека никој не е особено среќен поради тој систем. Остатокот од летниот распуст го мина во потиштеност и мрзоволност. Многу време мина со жената му под шатор во тие планини. Таа го прашуваше зошто цело време е толку молчалив, а тој не знаеше да и одговори. Едноставно запре. Чекаше. Чекаше на она јадро на кристализација на мислата која одеднаш ќе обедини се.

17

На Крис не му е арно. Некое време беше далеку пред мене, а сега седи под дрвото и се одмара. Не ме гледа и по тоа знам дека со него нешто не е в ред.
Седнувам крај него а неговиот израз на лицето е далечен. Лицето му е зацрвенето и гледам дека е исцрпен. Седиме и го слушаме ветерот во боровите.
Знам дека на крај ќе стане и ќе појде, но тој тоа не го знае и му е страв да и погледне в лице на можноста што тој страв го создава: дека воопшто нема да може да ја искачи планината. Се сеќавам на нешто што Федар го напиша за овие планини и му го кажувам тоа на Крис.
- Пред многу години - му велам - мајка ти и јас бевме на работ на појасот на шумите недалеку одовде и кампувавме крај езерото кое од едната страна е мочуришно.
Тој не го крева погледот но слуша.
- Некаде пред зори чувме како паѓаат камења и помисливме дека мора да е некое животно, само што животните обично не скитаат во тоа доба. Потоа чувме шлапкање по мочуриштето и навистина се разбудивме. Се извлеков од вреќата за спиење, го зедов револверот од блузата и клекнав зад дрвото...
Вниманието на Крис сега се оддалечува од неговите проблеми.
- Повторно се чу шлапкање - велам. - Помислив дека тоа се туристи на коњи од ранчовите, но сепак беше прерано. Повторно шлапкање! Потоа гласно галумпф! Тоа не е коњ. Пак галумпф! Па повторно ГАЛУМПФ! И види, во нејасната сива светлина на зората право кон мене низ мочуришната кал доаѓа најголемиот лос што го имав видено. Распонот на роговите му е поголем од еден фат. По мечката гризли најопасното животно во планините. Некои велат дека е и најубиственото.
Очите на Крис повторно светат.

- ГАЛУМПФ! Го натегнувам орозот на револверот размислувајќи дека калибарот 38 и не е нешто за еден лос. ГАЛУМПФ! Не ме виде! ГАЛУМПФ! Не можам да му се тргнам од патот. Мајка ти е во врекáта за спиење точно на неговиот пат. ГАЛУМПФ! Каков џин! ГАЛУМПФ! Само десет метри од нас! ГАЛУМПФ! Станувам и нишанам. ГАЛУМПФ!...ГАЛУМПФ!...ГАЛУМПФ!...Застанува ТРИ МЕТРИ ОД НАС, и ме гледа...Мушичката му лежи точно меѓу неговите очи...Не се мрдаме.
Ја вовлекувам раката во ранецот и вадам малку сирење.
- Што се случи тогаш? - прашува Крис.
- Чекај да исечам малку сирење.
Го вадам ловечкиот нож и го држам сирењето за амбалажата за да не го допрам. Сечам дебело парче и му го пружам.
Тој го зема. – Што се случи потоа?
Го гледам дури не загриза. - Лосот ме гледаше најмалку пет секунди. Потоа погледна долу кон мајка ти. Тогаш повторно ме погледна мене, па револверот кој практично лежеше на неговиот голем округол нос. А потоа се насмеа и полека замина.
- О! - вели Крис. Изгледа разочарано.
- Обично кога ќе се сретнете така тие напаѓаат - велам - но тој помисли дека е убаво утро и дека ние дојдовме први, па зошто тогаш да се создава гужва? Затоа се насмеа.
- Тие можат да се смеат?
- Не, но изгледаше токму така.
Го ставам на страна сирењето и додавам: - Подоцна истиот ден скокавме од едно купче камења на друго по една стрмнина. Токму се подготвував да скокнам на еден голем кафеав камен, кога одеднаш тој голем кафеав камен скокна во воздух и истрча во шумата. Тоа беше истиот оној лос...Мислам дека тој ден многу го изнервиравме.
Му помагам на Крис да стане. - Одеше малку пребргу - велам. - Сега планинската косина станува стрмна и мораме да одиме полека. Ако одиш бргу ќе се задишеш, а кога ќе се задишес почнува да ти се врти и тоа го слабее духот, па помислуваш: Нема да успеам. Затоа оди полека некое време.
- Ќе одам зад тебе - вели тој.
- Добро.
Сега одиме далеку од потокот што го следевме, низ шумската стрмина, под најмал можен агол.

На планина треба да се качувате со најмал можен напор и без желба. Стварноста од повисока природа би морала да ви ја одреди брзината. Доколку почнете да се вознемирувате, засилете го темпото. Ако останете без здив, успорете. На планина треба да се качувате во рамнотежа меѓу немирот и заморот. Потоа, кога веќе нема да мислите однапред, секој ваш чекор нема да биде средство кон некоја цел, туку единствен настан за себе. Овој лист има назабени рабови. Овој камен изгледа нестабилно. Од ова место снегот е помалку видлив, иако е поблиску. Тоа се нешта кои морате да ги забележите. Да се живее само за некоја идна цел е плитко. Планинските стрмини го поддржуваат животот, не ги подржува врвот. Тука нешто расте.
Секако, бев врвот не постојат ни страни. Врвот ги дефинира страните. И така одиме понатаму...пред нас е долг пат...без брзање...само чекор по чекор...со малку чаутагва за забава...Размислувањето е толку поинтересно од телевизорот што е вистинска срамота што поголем број луѓе не се занимаваат со него. Тие веројатно сметаат дека она што го мислат е небитно, но не е така.
Постои голем исечок во врска со Федаровото прво предавање откако ја зададе темата "што е Квалитетот во мислата и судот?". Му се чинеше дека ова прашање го мачи и го лути секого подеднакво како и него.
- Од каде ние можеме да знаеме што е тоа Квалитет? - велеа. Ваша должност е тоа да ни го кажете.
Тогаш им рече дека и самиот не може да се досети и дека навистина сака да знае што е. Им ја даде истата задача со надеж дека некој ќе се јави со добар одговор. Тоа беше искра. Извици на неодобрување ја потресоа просторијата. Пред да стивне бучавата еден професор ја отвори вратата за да види што се случува.
- Се е во ред - рече Федар. - Тукушто случајно наидовме на вистинското прашање и тешко се опоравуваме од вчудовидување. - Некои студенти изгледаа љубопитно, и галамата полека слегна.
Тој тогаш ја искористи приликата на кратко да се врати на својата тема "Гнилежот и распадот на Црквата на умот". Ако студентите беа бесни што некој се обидува да се послужи со нив во потрагата по вистината, рече, тоа е мерка на тој гнилеж. Се семта дека вие мора да ја глумите таа потрага по вистината, да ја имитирате. Вистинската потрага по вистината за вас е казна.
Вистина е, рече, дека искрено сака да знае што мислат тие, не како би можел тоа да го оцени, туку затоа што навистина сака тоа да го знае.
Го гледаа збунето.

- Цела ноќ мислев на ова - рече еден од нив.
- Јас речиси се расплакав, толку бев бесна - рече девојката до прозорецот.
- Требаше да не предупредите - рече трет.
- Како можев да ве предупредам - рече тој - кога немав поим како ќе реагирате?
Некои од збунетите студенти поцнаа да го гледат со први знаци на разведрување.
Тој не си игра со нив. Тој навистина сака да знае.
Многу необична личност.
Тогаш некој рече: - А што мислите вие?
- Не знам - одговори тој.
- Но што мислите?
Тој се замисли. - Мислам дека постои нешто што претставува Квалитет, но штом ќе се обидете да го дефинирате, нешто се расипува. Не можете да го дефинирате.
Мрморење во знак на одобрување.
- Продолжи - Зошто тоа е така, тоа не го знам. Мислев дека во вашите состави ќе пронајдам некаква идеја. Едноставно не знам.
Овој пат во училницата владееше тишина.
На следните предавања тој ден се уште постоеше малку од оној ист немир, но по неколку студенти од секоја група доброволно се јавија да одговараат што му покажа дека студентите од првата група за тоа расправале за време на одморот.
Неколку денови подоцна тој ја изработи својата дефиниција и ја напиша на табла за да се препишува за идните генерации. Дефиницијата гласеше: "Квалитетот е својство на мислењето и судот кое се спознава без размислување. Со оглед на тоа што дефиницијата се производи на строгото, формално размислување, Квалитетот не може да се дефинира".
Фактот што "дефиницијата" всушност се состоеше во одбивањето да се дефинира не предизвика расправа. Студентите не беа формално образовани во толку голема мерка за да видат дека неговата изјава во формална смисла е потполно ирационална. Ако нешто не можете да дефинирате, немате формален рационален начин да дознаете дека тоа постои. Ниту пак можете навистина некому да му кажете што е тоа. Не постои, всушност, формална разлика меѓу неспособноста за дефинирање и глупоста. Кога велам: Квалитетот не може да се дефинира, јас всушност велам: - Јас сум глупав кога е во прашање Квалитетот.
За среќа студентите тоа не го знаеја. Да ги имаа изнесено тие забелешки, тој тогаш не ќе можеше да им одговори.

Но потоа, под дефиницијата на таблата, тој напиша: - Но иако Квалитетот не може да се дефинира, вие знаете што е тоа Квалитет! - и бурата пак започна.
- О, не, не знаеме!
- О, да, знаете!
- О, не, не знаеме!
- О, да, знаете! - рече тој и извлече некаков материјал за тоа да им го докаже. Избра, како пример, два студентски состава. Првиот се состоеше од нафрлани и неповрзани идеи кои не водат никаде. Другиот беше величенствен текст - и самиот студент кој го беше напишал не знаеше како излегол толку добар. Федар ги прочита обата, потоа замоли да кренат рака оние кои мислат дека првиот состав е подобар. Се кренаа две раце. Потоа праша кому му се допаѓа вториот. Се подигнаа дваесет и осум раце.
- Што и да е тоа што го наведе мнозинството да крене рака за вториот состав, тоа јас го сметам за Квалитет. Вие значи знаете што е тоа.
Настана долга тишина исполнета со размислување, а тој дозволи таа да потрае. Ова беше интелектуално насилство, и тој го знаеше тоа. Бидејќи повеќе не ги подучуваше, туку ги индоктрираше. Беше поставил имагинарен поим, дефинираше дека е невозможно да се дефинира, потоа им рече на студентите дека тие знаат што е тоа, и им го докажа истото со техника која е логички збркана исто како и самиот поим. Можеше да мине со тоа бидејќи логичкото одбивање бараше повеќе талент отколку што имаше еден студент. Следните денови тој постојано ги предизвикуваше нивните реакции, но немаше ниту една. Продолжи да импровизира.
За да ја засили идејата дека тие веќе знаат што е тоа Квалитет, разви постапка според која читаше четири студентски состави во училницата и бараше од секој студент да ги подреди по квалитет на парче хартија. Тоа и го правеа. Тој потоа ги собираше хартивчињата, ги пребројуваше на табла, и го наоѓаше просекот на мислењето на целата група. Тогаш ги откриваше своите оценки, и тие секогаш беа блиски, ако не и идентични со просекот. Ако имаше разлики, тие настануваа само тогаш кога два состави беа приближно со еднаков квалитет.
Најпрвин студентите беа воодушевени од таа вежба, но како што минуваше времето, така им стануваше здодевно. Беше очигледно што подразбира под Квалитет. И тие очигледно знаеа што е Квалитет, па веќе не им беше интересно да слушат за тоа. Нивното прашање сега беше: "Во ред, знаеме што е Квалитет. Како го постигнуваме?".

Сега кога конечно дојдоа на ред стандардните учебници по реторика. Начелата кои беа изложени во нив не беа веќе правила против кои треба да се бунтуваме, ниту пак цел на самите себе, туку само постапки, трикови за добивање на нешто што навистина вреди и постои независно од постапката - Квалитетот. Она што почна како отпаднишство од традиционалната реторика се претвори во прекрасен увод во неа.
Ги издвои својствата на Квалитетот како што се единството, живописноста, силата, концизноста, чувствителноста, јаснотијата, акцентот, текот, напнатоста, јасноста, точноста, размерот, длабочината и така натаму, сите нив штуро ги дефинираше исто како и Квалитетот, но ги изложи преку истата техника на читање пред класот. Им покажа како својството на квалитет наречено единство, црвстото поврзување на дејството, може да се подобри со техника која се нарекува белешки под цртата кои упатуваат на веродостојни извори. Фуснотите и белешките под цртата се стандардни нешта кои се предаваат на прва година јазични студии, но сега тие имаа смисла како средства за подобрување на Квалитетот. Па доколку студентот наведе голем број извори или доколку само наведе бедно резиме обидувајќи се само на памет да ја исполни задачата, можеше да му се каже дека неговиот состав можеби ја исполнил задачата но очигледно не ја постигнал целта на Квалитетот, и затоа е безвреден.
Сега, на вечното студентско прашање "Како се прави ова?" кое толку го раздразнуваше што сакаше да поднесе оставка, можеше да одговори: - Воопшто не е важно како се прави тоа. Само нека биде добро. - Неупатениот студент можеше да праша: - Но како знаеме што е добро? - Но прашањето уште не ќе беше излезено од неговата уста, а тој ќе имаше сфатено дека одговорот е веќе даден. Обично некој друг студент би рекол: - Тоа едноставно се гледа. - Доколку првиот речеше: - Не, јас не гледам - би му одговориле: - Гледаш. Тој тоа и го докажа. - Студентот најпосле би бил целосно притиснат самиот да носи судови за Квалитетот. А токму тоа и ништо друго беше негово училиште за тоа како се пишува.
Академскиот систем го присилуваше Федар да го кажува она што не го мисли, иако знаеше дека тоа ги тера студентите да се прилагодат на вештачките облици кои го уништуваат нивното творештво. Студентите кои им се покоруваа на неговите правила потоа беа осудувани поради својата неспособност да бидат креативни или да создадат дело кое го одразува нивниот личен став за она што е добро.

Сега тоа беше завршено. Го пронајде излезот менувајќи го основното правило дека сите нешта кои се учат најпрвин мораат да бидат дефинирани. Не инсистираше на некаков принцип, ниту на некакво правила за добро пишување, ниту на некаква тероија - но укажуваше на нешто што е стварно, нешто на што не може да му се одрече стварноста. Вакуумот кој настана заради укинувањето на оценките одеднаш се исполни со позитивната цел на Квалитетот, и сето тоа се склопи во една целина. Вчудоневидените студенти минуваа крај неговата работна соба и велеа: - Некогаш го мразев англискиот. Сега трошам повеќе време на него отколку на било што друго. - Не само еден или двајца. Многумина. Целата замисла за Квалитетот беше прекрасна. Функционираше. Таа беше таинствена, индивидуална, внатрешна цел на секоја креативна личност, конечно ставена на табла.
Се вртам за да видам како се држи Крис. Неговото лице изгледа уморно.
Го прашувам: - Како се чувствуваш?
- Добро - вели тој, но гласот не му е уверлив.
- Можеме да застанеме каде било и да кампуваме - велам.
Тој ме прострелува со бесен поглед, па затоа не велам ништо повеќе. Наскоро гледам дека се обидувам да ме престигне на искачувањето. Веројатно со голем напор избива напред. Продолжуваме.
Федар стигна толку далеку со својата замисла за Квалитетот затоа што намерно одбиваше да гледа вон непосредното искуство на училницата. Реченицата на Кромвел "Никој не стигнува толку далеку како оној кој не знае каде оди" би можела да се примени и на овој случај. Тој не знаеше каде оди. Знаеше само дека тоа функционира.
Со текот на времето сепак почна да се прашува зошто тоа функционира, особено кога веќе знаеше дека методот е ирационален. Зошто еден ирационален метод би функционирал кога сите рационални методи се толку лоши? Го исполнуваше нагонско чувство, кое брзо растеше, дека она на што се спрепна не е некој мал трик. Тоа е нешто што оди многу подалеку. Колку подалеку, тоа не го знаеше.
Тоа беше почеток на кристализација за која говорев предмалку. Во тоа време другите говореа: - Зошто толку се возбудува поради "Квалитетот"? - Но тие го гледаа самиот збор и неговото значење во реториката. Не го согледуваа неговиот некогашен очај кој произлегуваше од апстрактните прашања на самото постоење кој поразен ги беше напуштил.
Било кој друг да прашаше "што е тоа Квалитет?", тоа би било само уште едно обично прашање. Но кога тој го поставуваше тоа прашање, заради неговото

минато, се шириле во бранови истовремено во сите правци, не во хиерархиска структура, туку во концентрична. Во средина стоеше Квалитетот и создаваше бранови. Додека тие бранови од мисли се шириа, сигурен сум дека очекуваше секој бран да стигне до некој брег на постоечките мисловни модели, така што имаше некој вид единствен однос кон сите тие мисловни структури. Но до брегот никогаш не се стигнуваше пред крајот, ако воопшто имаше крај. За него не постоеше ништо освен трајното ширење на кристализацијата. Сега ќе се обидам, најдобро што можам, да ги следам тие бранови на кристализација, втората фаза од неговото истражување на Квалитетот.

Сите движења на Крис пред мене изгледаат уморно и луто. Се спрепнува преку камењата, пушта гранките да го гребат наместо да ги трга на страна.

Жал ми е што го гледам тоа. Дел од вината може да се префрли на логорувањето со извидниците каде мина две недели непосредно пред нашето поаѓање. Според она што ми го кажа, таму од искуствата кои требало да ги добијат во природа направиле вистински натпревар. Некаков доказ на машкоста. Почнал во најниската група во која било навреда да се биде член. Потоа му било дозволено да мине низ огнено крштевање, низ цела низа од задачи, пливање, врзување јазли...спомена десетина од нив, но ги заборавив.

Момчињата, кога се на логорување, се поентузијастични и подобро соработуваат кога мораат да исполнуваат задачи за да се истакнат, сигурен сум во тоа, но најпосле таквиот вид на поттик нанесува зло. Секој напор кому трајната смисла му се состои од самофалба е осуден на пропаст. Ние сега плаќаме за тоа. Кога се обидуваш да се качиш на планина за да докажеш дека си пораснал, тоа е бедна победа. За да ја потврдиш победата, мораш постојано и постојано да се докажуваш на некој друг начин, па повторно и повторно и повторно, вечно посветен на тоа да ја поддржуваш таа лажна слика, опседнат од стравот дека таа слика не е вистинита и дека некој ќе ја открие. Не се прави така, никогаш.

Не стигна до планината. По третиот ден се откажа, исцрпен, и адџилакот продолжи без него. Пишуваше дека има телесна сила, но таа телесна сила не беше доволна. Имаше и интелектуални пориви, но ни тие не беа доволни. Не сметаше дека е дрзок, туку дека тргнува на аџилак за да го прошири своето искуство, сам да стекне некакво познание. Се обиде да ја искористи планината во свои цели, аџилакот исто така. Себеси се сметаше за утврден поим, не за аџилак или планина, затоа не беше подготвен. Претпоставуваше дека другите аџии, оние кои стигнале до планината, веројатно толку силно ја чувствувале светоста на планината што секој чекор им бил

дело на верата, дело на покорување на нејзината светост. Светоста на планината која ги обземаше нивните духови им овозможуваше да поднесат многу поголеми напори отколку што тој можеше да ги издржи, и покрај поголемата физичка сила. На неупатеното око качувањето заради себеистакнување и несебичното качување можат да изгледаат потполно еднакво. Обата вида искачувачи ја стават едната нога пред другата. Но каква разлика! Искачувачот кој сака да се истакне е сличен на ненаштиман инструмент. Тој ја спушта ногата еден миг прерано или еден миг предоцна. Тој лесно ќе пропушти прекрасен пад на светлината низ дрвјата. Тој продолжува и кога малаксаноста на неговите чекори покажува дека е уморен. Се одмара кога не е време за тоа. Гледа долж патот обидувајќи се да види што има пред него дури и кога знае што има пред него, бидејќи погледнал една секунда пред тоа. Оди пребргу или преспоро во однос на приликите, а кога зборува неговиот говор секогаш се однесува на некое друго место, на некои други нешта. Тој е, но не е тука. Го отфрла она што е тука, несреќен е поради тоа, сака да биде на крајот на патот, но кога ќе стигне таму ќе биде исто толку несреќен, бидејќи "таму" ќе стане "тука". Она што тој го бара, го сака, лежи околу него, но тој не го сака тоа затоа што тоа лежи околу него. Секој чекор му е напор, и телесен и душевен, бидејќи тој замислува дека целта е вон него, некаде далеку.
Тоа изгледа е маката на Крис во моментов.

18

Постои цела една гранка на филозофијата која се занимава со дефиниција на Квалитетот, позната како естетика. Нејзиното прашање: што се смета за убаво? води во далечното минато. Но кога Федар беше студент по филозофија, тој жестоко се спротивстави на целата таа гранка на знаењето. Тој речиси намерно падна на еден испит по естетика и напиша неколку текстови напаѓајќи го професорот и материјалот. Ги мразеше и ги критикуваше сите.

Не се работеше за некој посебен естетичар кој го предизвикуваше таквото негово однесување. Се работеше за сите нив заедно. Ниедно гледиште не го нервираше толку колку идејата дека Квалитетот мора да се подвргне на секое гледиште. Интелектуалниот процес го присилуваше Квалитетот на ропство, го проституираше. Мислам дека тоа беше изворот на неговиот гнев.

Во еден текст напиша: "Овие естетичари мислат дека нивниот предмет е некој вид пеперминт бомбона со која имаат право да ги засладуваат своите дебели усни; нешто што треба да се прождере; нешто што треба интелектуално да се расече, да се набоде на вилушка и да се зграби со лажица парче по парче со соодветни софистицирани забелешки, а мене од тоа ми се блуе. Тоа на што тие ги сладат своите усни е мрша која одамна ја убиле".

Сега, како прв чекор на процесот на кристализација, согледа дека целото поле наречено естетика се брише кога Квалитетот не се дефинира со дефиниција...дека се обезвреднува...се поништува. Одбивајќи да го дефинира Квалитетот тој потполно го исфрли овој термин од аналитичкиот процес. Ако не можете да го дефинирате Квалитетот, тогаш не постои начин да го подвргнете на било какво интелектуално правило. Естетичарите немаат што повеќе да кажат. Целото нивно поле, дефиницијата на Квалитетот, исчезнува.

Помислата на тоа го преплаши. Беше тоа слично на откритие на лек за рак. Нема веќе објаснување што е уметност. Нема веќе чудни критички школи на стручњаци кои рационално одредуваат каде одреден композитор успеал или промашил. Сите тие, секој поединечен сезнајко на крај ќе мора да замолчи. Ова не беше веќе само интересна идеја. Ова беше сон.

Мислам дека вушност никој не виде што сака тој. Најпрвин во него гледаа интелектуалец чии ставови ги содржат сите стапици на рационалната анализа на една наставна постапка. Не увиде дека неговата цел беше целосно спротивна на сето она на што беа навикнале. Тој не ја прошируваше рационалната анализа. Тој ја спречуваше. Го свртуваше методот на рационалноста против него самиот, свртувајќи ја против сопствениот род, во одбрана на еден ирационален поим, едно недефинирано битие наречено Квалитет.

Запиша: "1. Секој професор по англиски знае што е Квалитет. (Секој професор кој не го знае тоа би морал внимателно да го крие тој факт, бидејќи тоа сигурно би претставувало доказ на неспособност). 2. Секој професор кој мисли дека Квалитетот на пишувањето може и треба однапред да се дефинира, може и треба да пристапи кон тоа, и да го дефинира 3. Сите оние кои чувствуваат дека Квалитетот на пишувањето постои а не може да се дефинира, но дека Квалитетот

сепак треба да се предава, можат да имаат полза од тоа да се држат до методата на предавање на чист Квалитет на пишувањето, а притоа да не го дефинираат".

Потоа анализираше и опиша некои методи на споредување кои ги разви при својата работа.

Мислам дека тој навистина се надеваше дека некој ќе му се придружи, дека ќе го предизвика и ќе се обиде да го дефинира Квалитетот за него. Но никој не го стори тоа.

Па сепак, онаа мала забелешка во загради за невозможноста да се дефинира Квалитетот како доказ на неспособноста, предизвика муртење кај колегите од неговиот оддел. На крајот на краиштата, тој беше најмладиот член и од него навистина не се очекуваше да им одредува стандарди на своите постари колеги.

Го ценеа неговото право да го каже она што го мисли, и постарите членови се чини дека уживаа во неговата независност на мислата и го подржуваа на некој црковен начин. Но спротивно на верувањето на мнозина противници на академската слобода, црковното држење никогаш не му допушташе на ниту еден професор да дрдори се што ќе му падне на памет без никаква одговорност. Црковното држење едноставно претпоставува постоење на одговорност кон Богот на умот, а не кон идолите на политичката власт. Фактот дека тој ги навредуваше луѓето беше независна од вистинитоста или лажноста на она што тој го говореше, и затоа од етички аспект не можеше да биде згазен поради тоа. Но тие беа спремни да го згазат, етички и со задоволство, поради знаците дека говори безсмислици. Можеше да прави се што сака, се додека тоа е оправдано во рамките на разумот.

Но како по ѓаволите можете да го оправдате, во рамките на разумот, одбивањето нешто да дефинирате? Дефинициите се темели на разумот. Без нив не можете да умувате. Тој можеше некое време да им одолева на нападите со креативни дијалектички одбегнувања и навреди во врска со способноста и неспособноста, но порано или подоцна мораше да настапи со нешто постварно од тоа. Неговиот обид да настапи со нешто постварно го доведе до понатамошна кристализација вон традиционалните граници на реториката, во подрачјето на филозофијата.

Крис се врти и ме боде со измачениот поглед. Сега нема долго да потрае. Дури и пред поаѓањето постоеа знаци дека се подготвува вакво нешто. Кога Де Веси му кажа на еден сосед дека сум многу искусен планинар, Крис покажа големо воодушевување. Беше тоа голема работа во неговите очи. Тој наскоро ќе папса и тогаш мораме да застанеме за денес.

О-па! Почнува. Паѓа. Не станува. Тоа беше страшно уреден пад, не изгледаше ни малку случаен. Сега ме гледа со болка и бес, очекувајќи карање. Јас не го карам. Седнувам крај него и гледам дека е речиси поразен.

- Па - велам - можеме да застанеме тука, можеме да продолжиме напред, а можеме и да се вратиме. Што сакаш?
- Не ми е гајле - вели тој. - Не сакам...
- Не сакаш - што?
- Не ми е гајле - вели тој луто.
- Кога веќе не ти е гајле, тогаш ќе продолжиме напред - велам јас сакајќи да го уловам во стапица.
- Не ми се допаѓа овој излет - вели тој. - Не е забавно. Јас мислев дека ќе биде.
И јас се подналутувам. - Тоа е можеби вистина - одговарам - но страшно херојство е кога тоа ќе се каже.

Одеднаш забележувам блесок на страв во неговите очи, и тој станува.
Продолжуваме.
Небото над другата страна на кањонот се наоблачило, а ветерот во боровите околу нас станал студен и злокобен.
Студенилото барем го олеснува качувањето...

Говорев за првиот бран на кристализација вон реториката која произлезе од одбивањето на Федар да го дефинира Квалитетот. Мораше да одговори на прашањето: Ако не можеш да го дефинираш, што те наведува на помислата дека тој постои?
Одговори со стариот одговор кој припаѓа на филозофската школа која себеси се нарекува реализам. - Нешто постои - рече - ако светот не може без него нормално да функционира. Ако можеме да покажеме дека светот, во отсуство на Квалитетот, би функционирал абнормално, тогаш сме покажале дека Квалитетот постои, без

оглед дали е дефиниран или не. - Потоа почна да го одзема Квалитетот од описот на светот, онаков каков што го знаеме.

Првата жртва на таквото одземање, рече, би била уметноста. Ако во уметноста не можете да разликувате што е добро а што е лошо, уметноста исчезнува. Нема смисла на sидот да се става слика, кога и голиот sид изгледа подеднакво добро. Симфониите немаат смисла, кога и чкрипењето и зуењето на грамофонот звучат исто толку добро.

Поезијата би исчезнала, бидејќи таа ретко има смисла, а нема никаква практична вредност. И интересно, комедијата исто така би исчезнала. Никој не би ги разбирал шегите, бидејќи разликата меѓу духовитоста и недуховитоста е чист Квалитет. Потоа би исчезнале спортовите. Фудбал, бејзбол, сите видови игри. Резултатите не би биле мерила на ништо значајно, туку само празна статистика, како број на зрнца во купче песок. Кој би доаѓал да гледа? Кој би играл?

Потоа го одзема Квалитетот од пазарот и ги предвиди промените кои би настанале. Со оглед на тоа што Квалитетот на брашното не би бил од значење, во супермаркетите би имало само основни житарици како што се оризот, пченката, сојата, веројатно и некласифицирано месо, млеко за деца кои престанале да цицаат, витамини и минерали за надокнадување на недостатоците. Алкохолните пијалоци, чајот, кафето и тутунот би исчезнале. Исто така и филмовите, танцувањето, игрите и забавите. Сите би се служеле со јавните превозни средства. Сите би носеле војнички цокули.

Голем дел од нас би останале без работа, но тоа веројатно би било привремено, додека не се префрлиме на суштински неквалитетна работа. Применетата наука и технологија драстично би се измениле, но чистата наука, математиката, филозофијата и посебно логиката би останале неизменети.

Ова последново на Федар му се виде извонредно интересно. Отстранувањето на Квалитетот најмалку би влијаело врз чистите интелектуални дејности. Кога би се исфрлил Квалитетот, само рационалноста би останала непроменета. Тоа беше чудно. Зошто беше така?

Не го знаеше тоа, но знаеше дека со отстранувањето на Квалитетот од сликата на светот онаков каков што го познаваме би ја открил важноста на тој поим за кој не ни претпоставуваше дека постои во него. Светот може да функционира без Квалитетот, но животот би бил толку глупав што речиси и не би било вредно да се живее. Всушност, воопшто не би било вредно да се живее. Поимот вредно е квалитативен поим. Животот едноставно би претставувал живеење без никакви вредности без смисла.

Се сепна од далечината во која го одведе овој правец на размислување и одлучи дека со сигурност ќе го докаже своето тврдење. Со оглед на тоа што светот очигледно не може нормално да функционира кога ќе се отстрани Квалитетот, Квалитетот постои, без оглед дали е дефиниран или не.

Откако го повика тоа сениште на светот без Квалитет, набргу го привлече неговата сличност со неколку општествени состојби за кои веќе беше читал. Му паднаа на памет древната Спарта, комунистичка Русија и нејзините сателити. Комунистичка Кина, Храбриот нов свет на Алдос Хаксли и 1984 на Џорџ Орел. Исто така се сети на некои свои познаници кои би се заложиле за тој свет без Квалитет. На оние кои се обидуваа да го наведат да се откаже од пушење. Бараа рационални причини за неговото пушење, и кога тој не наведе ниту една причина, се однесуваа надмоќно, како да останал без чест или нешто слично. Тие мораа да имаат причини и планови и решенија за се. Спаѓаа во неговиот вид. Во видот кого сега го напаѓаше. И долго трагаше за соодветно име кое ќе го вклучи сето она што ги карактеризира, да добие некаков клуч за тој свет без Квалитет.

Пред се се работеше за интелектот, но интелигенцијата не беше она основното. Се работеше за некое темелно придржување кон устројството на светот, препоставката дека тој тече во склад со законите - со разумот - и дека човековиот напредок тече главно низ откривање на тие закони на разумот и нивното применување кога е во прашање задоволувањето на сопствените желби. Таа верба ги држеше работите на своето место. Тој за миг sирна во тој свет без Квалитет, па потоа sирна уште малку и по малку размислување најпосле во круг се врати таму каде што беше и порано.

Вкочанетост.

Така изгледа тоа. Тоа опфаќа се. Вкочанетост. Кога ќе го укинете Квалитетот добивате вкочанетост. Отсутноста на Квалитет е суштина на вкочанетоста.
Се сети на некои пријатели уметници со кои еднаш патуваше по САД. Беа црнци кои постојано се жалеа на непостоењето на Квалитет за што пишуваше сега. Вкочането. Тоа беше нивниот збор за таа состојба. Многу пред да ја превземат масовните медиуми и да и дадат национален белег, тие целата таа интелектуална работа ја нарекуваа вкочанета и не сакаа да имаат работа со неа. Во разговорите и ставовите помеѓу него и нив имаше фантастични изблици, бидејќи во тоа време тој беше совршен примерок на вкочанетоста за која тие зборуваа. Колку што повеќе се обидуваше да ги приклешти фаќајќи се за она што тие го говореа, толку тие стануваа понеодредени. Сега при овој Квалитет изгледаше дека тој ги вели истите нешта и дека говори неодредено како и тие, иако она за што говореше беше цврсто и јасно и темелно, како и кој било друг рационално дефиниран поим со кој се занимаваше.

Квалитет. За тоа зборуваа цело време. - човече, ќе сакаш ли само малку да ме ислушаш, те молам - велеше еден од нив - и да си ги задржиш за себе сите тие прекрасни наградни прашања? Ако цело време прашуваш што е тоа, не ти останува време да дознаеш. - Душа. Квалитет. Истата работа?

Бранот на кристализација брануваше и понатаму. Тој истовремено гледаше два света. На интелектуалната страна, на вкочанетата страна, сега сфаќаше дека Квалитетот е поим на расчленување. Она што секој интелектуален аналитичар го бара. Го земате вашиот аналитички нож, го ставате неговиот врв директно врз поимот Квалитет, само потчукнувате, не грубо, нежно, и целиот свет се распукнува, се сече, точно на два дела - хипи и вкочанет, класичен и романтичен, технолошки и хуманистички - и засекот е мазен. Нема збрка. Нема ситници кои би можеле да бидат на едната или на другата страна. Не само вешт прелом, туку многу добар прелом. Понекогаш најдобрите аналитичари, работејќи со најочигледните црти на расцепот, можат да чукнат по ножот и да не добијат ништо освен купишта ѓубре. А еве го Квалитетот, тенка, речиси незабележлива погрешна црта, црта на нелогичност во нашето поимање на космосот, вие потчукнувате по неа, а целиот космос се раздвојува, толку уредно што е речиси неверојатно. Посакуваше да е

жив Кант. Кант тоа би го ценел. Тој општ дијамантски секач. Тој би сфатил. Би го задржал Квалитетот без да го дефинира. Во тоа беше тајната.

Федар напиша, со некоја почетна свест дека е вмешан во некој чуден вид на интелектуално самоубиство..."Вкочанетоста може да биде концизно а сепак целосно дефинирана како неспособност да се согледа Квалитетот пред тој интелектуално да се дефинира, то ест, пред да се исече на зборови...Докажавме дека Квалитетот, иако недефиниран, постои. Неговото постоење може искуствено да се види во училницата, а може логички да се докаже покажувајќи дека без него не може да постои светот, онаков каков што го познаваме. Она што останува да се види, она што треба да се анализира, не е Квалитетот, туку онаа чудна навика на мислата наречена "вкочанетост" која понекогаш пречат да го видиме...

Така тој се обиде да го возврати нападот. Предметот на анализа, пациентот на хируршката маса, не беше веќе Квалитетот, туку самата анализа. Квалитетот беше здрав и во добра состојба. Меѓутоа со анализата се чинеше дека не е се во ред, нешто ја спречуваше да го види она што е очигледно.

Се вртам и гледам дека Крис многу заостанал. - Ајде! - викам.
Тој не одговара.
- Ајде де! - викам повторно.

Потоа гледам како паѓа на страна и седнува во тревата низбрдо. Го оставам ранецот и се симнувам кон него. Косината е толку стрмна што морам да ги заривам стопалата на страна. Го наоѓам како плаче.

- Го повредив зглобот - вели и не ме гледа.

Кога ентузијастичниот планинар мора да ја заштити сликата за себе, тој природно лаже, за да ја заштити таа слика. Но глетката е грозна и јас се срамам од самиот себе што допуштив тоа да се случи. Сега мојата намера да истраам ја нагризуваат неговите солзи и неговото внатрешно чувство на пораз минува на мене. Седнувам, останувам така неколку мигови и потоа, без да се откажам, го земам неговиот ранец и му велам: - Јас ќе ги носам ранците на смена. Ќе го однесам овој таму каде што е и мојот, а потоа ти застани и чекај со него за да не се загубиме. Тогаш јас ќе

го однесам понатаму и повторно ќе се вратам по твојот. На тој начин ти можеш добро да се одмориш. Ке биде поспоро, но ќе стигнеме.

Но тоа го направив пребргу. Во мојот глас уште има гадење и прекор, и тој тоа го слуша и се срами. Покажува дека е лут, но не вели ништо, од страв дека повторно ќе мора да го носи ранецот, само се мурти и се прави дека не ме гледа додека јас на смена ги носам ранците низбрдо. При тоа ми минува горчината и забележувам дека на овој начин не работам ниту малку повеќе. Има повеќе работа во смисла на достигнување на врвот на планината, но тоа е само номиналена цел. Во смисла на вистинската цел, броејќи ги пријатните минути, една по друга, излегува исто, всушност подобро. Полека се искачуваме нагоре и горчината минува.

Следниот час полека се качуваме кон местото каде мислам дека извира еден поток, ранците ги носам јас. Го праќам Крис долу да донесе вода во едно тенџере, и тој носи. На враќање вели: - Зошто застануваме тука? Да продолжиме понатаму.

- Ова е веројатно последниот поток што ќе го видиме за долго време, Крис, а и јас сум уморен.
- Зошто си толку уморен?
Се обидува да ме разбесни? Му поаѓа од рака.
- Уморен сум, Крис, бидејќи ги носам ранците. Ако ти се брза, земи го својот ранец и тргни напред. Јас ќе одам по тебе.
Тој ме гледа со нов трепет на страв, потоа седнува. - Јас не го сакам ова - вели, речиси во солзи. - Јас го мразам ова! Жал ми е што дојдов. Зошто дојдовме тука? - Повторно плаче, жестоко.
Одговарам: - И мене ми е жал за тебе. Подобро би било нешто да каснеш.
- Не сакам ништо. Ме боли желудникот.
- Како сакаш.

Се оддалечува од мене, кине една тревка и ја става во уста. Потоа го нурнува лицето во рацете. Јас подготвувам ручек за себе и малку се одмарам.

Кога се освестив, тој се уште плаче. Ниту еден од нас нема каде да оди. Нема друг излез освен да се соочиме со постоечката ситуација. Но јас навистина не знам каква е постоечката ситуација.

- Крис - велам на крај.
Тој не одговара.
- Крис - повторувам.
Тој не одговара.
- Крис - повторувам.
- Повторно без одговор. Најпосле вели, кавгаџиски: - Што е?
- Сакав да ти кажам дека мене нема што да ми докажуваш. Дали го разбираш тоа Крис?

На лицето му се појавува вистински бран на ужас. Силно ја трга главата на страна.

Велам: - Ти не разбираш што сакам да кажам со тоа, нели?
Тој продолжува да гледа на страна и не одговара. Ветерот јачи низ боровите.

Едноставно не знам. Едноставно не знам што му е. Сигурно не е само извидничкото самољубие. Штом некои ситници не се на своите места, за него настапува крајот на светот. Кога се обидува нешто да направи и тоа не му успева веднаш, станува бесен или почнува да плаче.

Се враќам на тревата и повторно се одморам. Можеби обајцата не поразува недостатокот на одговор. Не сакам да одам напред бидејќи ми изгледа дека таму напред не постои никаков одговор. Одговор нема ни од страна. Вртење на страна, очекувајќи дека нешто ќе се случи.

Подоцна го слушам како се превртува во вреќата за спиење. Му го поддавам мојот ловечки нож за со него да го размачка сирењето. - Мислам дека вака ќе сторам Крис: сите тешки предмети ќе ги ставам во мојот ранец а лесните во твојот. Така нема да морам постојано да се враќам по вториот ранец.
Тој се согласува со тоа и расположението му се поправа. Изгледа дека со ова нешто е решено.

Мојот ранец сега сигурно тежи дваесетина килограми, и по мало искачување рамнотежата е воспоставена, така што на секој чекор доаѓа по еден здив.

Стигнуваме до едно големо искачување и рамнотежата се менува на две вдишувања по чекор. На еден гребен бројката расте на четири вдишувања по чекор. Големи чекори, речиси исправени, висејќи за корените и гранките. Се чувствувам глупаво бидејќи морав да го предвидам ова. Стаповите од јасика сега добро ни доаѓаат, и Крис се интересира како да го користи својот. Ранците ви го поместуваат тежиштето а стаповите ви се добра сигурност против превртување. Ја спуштате едната нога, го спуштате стапот, се префрлате преку него, нагоре и вдишувате три пати, потоа ја спуштате другата нога, го спуштате стапот и се качувате погоре...

Не знам дали има уште нешто останато во мене од денешната шатакуа. Во ова доба, после пладне, во главата почнува да ми се мати...можеби можам да направам само еден преглед на она што се случуваше и да завршам за денес...

Многу одамна, кога само што бевме тргнале на ова чудно патување, зборував за тоа како изгледаат Џон и Силвија, како да бегаат од некаква таинствена смртоносна сила која според нив е отелотворена во техниката, и дека има многу луѓе слични на нив. Зборував малку и за тоа како некои луѓе кои работат со техниката исто така изгледаат како да ја избегнуваат. Скриената причина за овој проблем лежеше во тоа што тие ја гледаа техниката низ некоја "блескава димензија" која се однесува на непосредната површина на нештата, додека мене ме интересираше скриената форма. Го нарекох стилот на Џон романтичен, а сопствениот класичен. Во согласност со жаргонот на шеесетите години, неговиот стил беше "хипи", мојот "вкочанет". Потоа се свртивме кон овој вкочанет свет за да видиме што е тоа што го придвижува. Расправавме за податоците, класификациите, хиерархиите, причините и последиците, анализите, а некаде по пат стана збор и за купчето песок, за светот за кој сме свесни, а кој е исечок од бескрајното пространство на свесноста околу нас. Рековдека процесот на разлачување почнува да работи на тоа купче песок кое се расчленува на делови. Класичното, вкочанетото поимање се занимава со купчињата песок, со природата на зрнцата и основата за нивната класификација и нивното меѓусебно поврзување.

Федровото одбивање да го дефинира Квалитетот, во рамките на оваа аналогија, беше обид да се скршат оковите на класичното поимање со помош на методот на просејување на песокот, и пронаоѓање на точката на поврзување помеѓу

класичниот и романтичниот свет. Квалитетот, тој расцеп помеѓу она што е хипи и она што е вкочането, изгледа дека беше таа точка. Обата света се служат со тој поим. Обата знаат што е тоа. Само што романтичниот свет го остава на мира Квалитетот и го цени по она што тој е, а класичниот се обидува да го претвори во збирка на интелектуални градежни блокови за други цели. Сега, кога дефиницијата беше спречена, класичниот дух беше присилен да го види Квалитетот на начин како што го гледа романтичниот, неискривена од структурата на мислите.

Јас од сево ова правам голем проблем, од тие класично-романтички разлики, но Федар не го правеше тоа. Него навистина не го интересираше никаков вид на стопување на разликите помеѓу овие два света. Тој прогонуваше нешто друго - своето сопствено сениште. Тргнувајќи во потрага по ова сениште зачекори во пошироките значења на Квалитетот кои го влечеа се подалеку и подалеку, кон неговиот крај. Јас се разликувам од него по тоа што немам намера да одам до тој крај. Тој само мина низ својата територија и ја испита. Јас немам намера да останам и да го обработам своето земјиште за да видам дали на него може нешто да расте.

Мислам дека онаа состојка на поимот кој може да го раздели светот на хипи и вкочанет, класичен и романтичен, технолошки и хуманистички, може исто така да го соедини веќе расцепениот свет долж тие линии во едно. Вистинското разбирање на Квалитетот не му служи на системот, не го соборува ниту пак бега од него. Вистинското разбирање на Квалитетот го заробува системот, го скротува, и го тера да работи за нечија лична полза, додека тој некој останува целосно слободен да ја исполнува својата внатрешна судбина.

Сега кога сме високо на едната страна на кањонот можеме да гледаме назад и на другата страна. Таму е стрмно исто како и тука - темниот тепих на зеленкасто-црните борови се искачува се до високиот гребен. Можеме да го мериме напредувањето мерејќи го од око она што изгледа како хоризонтален агол кој води кон него.

Се надевам, фала му на бога, дека за денес е доста зборување за Квалитетот. Не е Квалитетот она што ми пречи, туку се работи за тоа што сиот класичен разговор за

него не е Квалитет. Квалитетот е само средишна точка околу која одново се распоредува големо количество интелектуална покуќнина.

Застануваме за да здивнеме и гледаме надоле. Изгледа дека Крис живна, но се прашувам дали можеби повторно се работи за некаков натпревар.
- Види колку далеку стигнавме - вели тој.
- Ни остана уште многу пат.

Потоа Крис вика за да го чуе сопственото ехо и фрла камења за да види каде ќе паднат. Почнува да се задлабочува во мислите, затоа го засилувам темпото, бргу дишам и се темпирам на еден и пол пат поголема брзина отколку порано. Тоа малку го отрезнува па продолжуваме со искачувањето.

Околу три часот попладне нозете почнуваат да ме издаваат и време е да застанеме. Не се чувствувам баш најдобро. Ако продолжите да одите со чувство на нозе кои треперат ќе почнете да ги истегнувате мускулите и утредента ќе настапи агонија.

Стигнуваме до едно рамно место, до планинската стрмнина. Му велам на Крис дека за денес е доста. Тој изгледа задоволен и весел, можеби на крајот на краиштата и тој научи нешто.

Подготвен сум да задремам, но над кањонот се свиле облаци и би се рекло дека секој момент ќе почне да паѓа дожд. Кањонот е толку полн со тие облаци што не можеме да го видиме дното, а едвај се гледа и гребенот на другата страна.

Широко ги отварам врќите за спиење, ги вадам шаторските крила и ги врзувам заедно. Земам јаже и го врзувам помеѓу две дрвја, потоа преку него ги префрлам крилата. Отсекувам неколку колчиња со мачетата, ги забивам во земја, потоа околу шаторот копам ров со тапата страна на мачетата за да истече дождовницата, ако ја има. Само што прибравме се под шаторот кога паднаа првите капки дожд.

Крис е воодушевен од дождот. Лежиме на грб на врќите за спиење, гледаме како паѓа дожд и го слушаме неговото потчукнување по шаторот. Шумата е во маглина и ние обајцата тонеме во мисли и гледаме како лисјата од грмушките треперат кога

на нив ќе паднат капки, додека ние малку потреперуваме кога ќе удри гром, но среќни сме што сме суви додека се околу нас е мокро.

Малку подоцна од ранецот вадам едно џепно издание на Торо, го отварам и морам да се напрегнам за малку да му читам на Крис на сивата дождовна светлина. Мислам дека веќе споменав дека тога го правевме и со други книги претходно, со потешки книги кои тој инаку не би ги разбрал. Јас читам една реченица, тој навалува со долга низа прашања за неа и потоа, кога ќе се задоволи со одговорите, ја читам следната реченица.

Го правиме тоа и со Торо некое време, но по половина час на мое изненадување и разочарување гледам дека Торо не не интересира. Крис е немирен и јас исто така. Јазичната структура не одговара на планинската шума во која се наоѓаме. Барем јас се чувствувам така. Книгата изгледа питома и затворена, нешто што никогаш не сум го помислил за Торо, но така е. Тој говори за поинакви прилики, за друго време, само ги открива злата на техниката но не и решенијата. Тој не ни говори нам. Безволно ја оставам книгата и обајцата замолчуваме замислени. Тука сме само Крис и јас и шумата и дождот. Никакви книги веќе не можат да не водат.

Тавите што ги оставивме пред шаторот почнуваат да се полнат со дождовница и подоцна, кога се собра многу вода, ги прелеваме во тенџере, уфрламе неколку коцки супа од кокошка и ја загреваме на мало плинско шпоретче. Како и секој вид храна или пијалок по напорното качување во планините, супата е вкусна.

Крис вели: - Подраго ми е кампувањето со тебе отколку со Сатерландови.
- Приликите се поинакви - велам јас.

Кога снема супа, вадам конзерва со свинско месо и грав и ја истурам во тенџерето. Потребно е долго време да се загрее, но нам не ни се брза.
- Добро мириса - вели Крис.
Дождот престана и само понекоја капка паѓа на шаторот.
- Мислам дека утре ќе биде сончево - велам.

Го подаваме еден на друг тенџерето со свинското и гравот, јадејќи од спротивни страни.

- Тато, за што размислуваш постојано? Ти размислуваш цело време.
- Оооо...за се.
- За што?
- За дождот, за непријатностите кои можат да се случат, и општо за нештата.
- За кои нешта?
- Па, за тоа како тебе ќе ти изгледа сето ова кога ќе пораснеш.
Него тоа го интересира. - Па, како ќе ми изгледа?

Но додека го прашува тоа во неговите очи се гледа искра на самољубие, па како последица на тоа одговорот е таинствен. - Не знам - велам - само размислувам за тоа.
- Мислиш ли дека утре ќе стигнеме на врвот на овој кањон?
- Па да, не сме далеку од врвот.
- Значи наутро.
- Се надевам.

Потоа заспива, а влажниот ноќен ветер се спушта од гребенот и меѓу боровите создава звуци на воздишка. Силуетите на врвовите на дрвјата нежно се вијат на ветерот. Се свиваат и потоа се враќаат, потоа со воздишка се свиваат и повторно се враќаат, немирни поради силите кои не се дел од нивната природа. Ветерот предизвикува треперење на едната страна на шаторот. Станувам и ја прицврстувам со шајка, потоа чекорам по влажната сунѓереста трева, па се вовлекувам назад во шаторот и чекам да ме фати сон.

19

Плаштот од сонцето осветлени борови иглички покрај моето лице полека ми кажува каде се наоѓам и ми помага да избркам еден сон.
Во сонот стоев во бело варосана соба и набљудував некаква стаклена врата. На другата страна беа Крис, мајка му и брат му. Крис ми мафташе од другата страна на вратата а брат му се смееше, но мајка му имаше солзи на очи. Тогаш видов дека насмевката на Крис е вкочанета и наместена и дека всушност отсликува длабок страв.

Тргнав кон вратата и насмевката му се разведри. Ми покажа да ја отворам. Сакав да ја отворам, но не го сторив тоа. Неговиот страв се врати, но јас само се свртев и заминав.
Тој сон и порано често ми се појавуваше. Неговото значење е очигледно и се поклопува со некои синоќешни мисли. Тој се обидува да стапи во врска со мене и се плаши дека никогаш нема да успее. Тука горе нештата стануваат појасни.
Пред шаторот игличките паднати на земја исфрлаат маглива пареа кон сонцето. Воздухот е влажен и студен, и додека Крис уште спие јас внимателно излегувам од шаторот, се исправувам и се протегнувам.
Нозете уште ми се вкочанети, и грбот, но не ме болат. Правам вежби за загревање неколку минути, за да ги размрдам, потоа трчам меѓу боровите. Сега се чувствувам подобро.
Утринава мирисот на боровина е тежок и влажен. Чучнувам и гледам доле во утринската магла под нас, во кањонот.
Подоцна се враќам кон шаторот од каде доаѓа врева која покажува дека Крис е буден, и sирнувајќи внатре го гледам како се sури околу себе без збор. Тој се буди полека, и ќе минат пет минути пред мозокот да му се загрее до онаа точка на која може да проговори. Сега само трепка кон светлината.
- Добро утро - велам.
Без одговор. Од блиските борови паѓаат неколку капки.
- Добро ли спиеше?
- Не.
- Тоа е лошо.
- Како си станал толку рано? - прашува.
- Не е рано.
- Колку е саат?
- Девет - велам.
- Се обложувам дека не сме заспале до три.
Три? Ако бил буден, денес ќе плати за тоа.
- Не, јас спиев - велам.
Тој чудно ме гледа. - Па ти не ми даваше да заспијам.
- Јас?
- Зборуваше.
- Додека спиев, сакаш да кажеш.
- Не, зборуваше за планината.

Тука има нешто чудно. - Јас не знам ништо за некаква планина, Крис.
- Цела ноќ зборуваше за неа. Рече дека од врвот на планината ќе видиме се. Рече дека таму ќе се сретнеш со мене.
Мислам дека сонувал. - Како е можно да се сретнам со тебе таму, кога сме веќе заедно?
- Не знам. Ти го рече тоа. - Изгледа вознемирено. - Зборуваше како да си пијан или така нешто.
Тој се уште спие. Подобро да го пуштам мирно да се разбуди. Но жеден сум, и се присетувам дека не ја понесов плъоската, мислејќи дека на патот ќе најдеме доволно вода. Глупост. Нема да појадуваме додека не го минеме гребенот и не се спуштиме доволно низ другата страна каде можеме да пронајдеме некаков извор.
- Подобро е да се подготвиме и да тргнеме - велам - ако сакаме да најдеме вода за појадок. Веќе е топло и веројатно ќе биде жешко денес попладне.
Шаторот лесно се склопува и драго ми е што гледам дека се е суво. Се подготвивме за половина час. Сега оваа земја, ако се изземе изгазената трева, изгледа како никој да не газел по неа.
Ни останува уште многу качување, но по пат откриваме дека ни е полесно отколку вчера. Стигнуваме на заобленият дел од гребенот и косината не е толку стрмна. Изгледа како тука боровите никогаш да не биле сечени. До шумската почва не допира ниту малку директна светлина, па нема воопшто ниски растенија. Само мек под од иглички, отворен и просторен и погоден за качување...

Време е да се почне со шатакуата и со вториот бран на кристализација, метафизичкиот бран.
Тој се појави како одговор на федровото диво вртkање околу Квалитетот кога професорите од катедрата по англиски во Боземан, извештачени во својата вкочанетост, му го поставија разумното прашање: - Дали тој ваш недефиниран "Квалитет" постои во нештата кои ги набљудуваме - прашаа. Или тој е субјективен, па постои само во набљудувачот. - Тоа беше едноставно, прилично здраво прашање, и не требаше да се брза со одговорот.
Ха! Не требаше да се брза со одговорот. Беше тоа последна понуда, прашање кое исфрла од колосек, нокаут, специјалитет на саботната вечер - нешто од што никогаш не можете да се опоравите.

Бидејќи ако Квалитетот постои во објектот, морате да објасните зошто научните инструменти не можат да го откријат. Морате да ги понудите инструментите кои ќе го откријат, или да се задоволите со објаснување дека инструментите не откриваат ништо затоа што целиот ваш поим на Квалитет, да се изразиме пристојно, е еден голем куп бесмислици.
Од друга страна, доколку Квалитетот е субјективен, ако постои само во набљудувачот, тогаш тој Квалитет околу кој кревате толкава прашина е само креативно име за она што вам ви се допаѓа.
Тоа што пред Федар го изнесоа професорите од катедрата по англиски на Државниот универзитет во Монтана, преставува древен логички сплет познат под името дилема. Дилемата, што на грчки значи "две претпоставки", се споредува со предната страна на разбеснетиот и задишан бик.
Ако ја прифати претпоставката дека Квалитетот е објективен, ќе го прободе едниот рог на дилемата. Ако ја прифати втората претпоставка, дека Квалитетот е субјективен, ќе го прободе вториот рог на дилемата. Без оглед дали Квалитетот е објективен или субјективен, тој ќе биде прободен без оглед на неговиот одговор. Забележа дека од неколку членови на наставниот кадар на лицето имаа некакви добродушни насмевки.
Но Федар, поради својата наобразба од областа на логиката, знаеше дека секоја дилема овозможува не две туку три класични побивања, а знаеше и уште некои кои не беа толку класични, па ги возвраќаше насмевките. Можеше да го зграпчи левиот рог и да ја побие идејата дека објективноста го вклучува научното познание. Или, можеше да го зграпчи десниот рог и да го побие тврдењето дека субјективноста го вклучува "сето она што ви се допаѓа". Или можеше да удри помеѓу роговите и да порекне дека субјективноста и објективноста се единствени избори. Можете да бидете сигурни дека ги проучи трите можности.
Освен овие три класични логички побивања постојат уште некои нелогички, "реторички" побивања. Федар беше реторичар па и тие му беа достапни.
Човек може да му фрли на бикот песок во очи. Тој тоа веќе го направи со својата изјава дека недостатокот на знаење за тоа што е Квалитетот значи неспособност. Логичкото правило дека способноста на говорникот ниту малку не влијаат на вистинитоста на она што се говори е старо, и така спомнувањето на неспособноста беше само фрлање песок. И најголемата будала на светот може да каже дека сонцето сјае, но заради тоа сонцето нема да се замрачи. Сократ, тој древен непријател на реторичкиот доказ, би го поткопал Федар велејќи: "Да, се согласувам

со твојата претпостаква дека сум неспособен кога е во прашање Квалитетот. Сега, те молам, покажи му на неспособниот старец што е тоа Квалитет. Во спротивно, како ќе напредувам?". На Федар му беше дозволено неколку минути да се врти наоколу, а потоа би го притиснале прашања кои би покажале дека ниту тој не знае што е Квалитетот, и дека, според сопствените мерила, е непособен.
Човек може да се обиде со песна да го успие бикот. Федар би им рекол на своите испитувачи дека одговорот на таа дилема е над неговите скромни можности на решавање, но дека фактот дека тој не може да го најде одговорот не е логичен доказ дека одговорот не може да се пронајде. Дали би сакале, со оглед на нивното поголемо искуство, да се обидат да му помогнат да го пронајде одговорот? Но би било предоцна за песни за заспивање од тој вид. Тие можеби едноставно би му одговориле: - Не, ние сме премногу вкочанети. И се додека не обезбедиш одговор, држи се до наставната програма за да не мораме да ги туркаме твоите збунети студенти кога следниот семестар ќе дојдат кај нас.
Третата реторичка алтернатива во врска со таа дилема и според мене најдобрата е човек да одбие да влезе во аренатa. Федар едноставно можеше да каже: - Обидот Квалитетот да се класифицира како субјективен или објективен е обид тој да се дефинира. А јас веќе реков дека тој не може да се дефинира - и останувам на тоа. Верувам дека Де Веси му советуваше да направи така во тој период.
Зошто не обрати внимание на тој совет и зошто одбра на таа дилема да одговори логички и дијалектички, наместо лесно да избега во мистицизам, тоа не го знам. Но можам да нагаѓам. Пред се мислам дека чувствуваше дека целата Црква на умот има неповратно стапнато во аренатa на логиката и дека човек кој себеси се иззема од една логичка расправа останува вон каква било академска анализа. Филозофскиот мистицизам, идејата дека вистината не може да се дефинира и дека таа може да се спознае само со нерационални средства, живее со нас од почетокот на историјата. Овој став е темел на проучувањето на Зен. Но тој не е академски предмет. Академијата, Црквата на умот, се занимава исклучиво со оние нешта кои можат да се дефинираат, и ако некој сака да биде мистик, неговото место е во манастир, а не на универзитет. Универзитетите се места каде нештата мораат да бидат јасни.
Мислам дека втората причина за неговата одлука да влезе во аренатa беше од себична природа. Тој за себе знаеше дека е многу остар логичар и дијалектичар, со тоа се гордееше и на оваа дилема гледаше како на предизвик на неговата вештина.

Сега мислам дека таа жичка на егоизам можеби беше почеток на сите негови неволји.

Гледам дека на некои две стотини метри над нас еден елен се движи низ боровите. Се обидувам да му го покажам на Крис, но додека тој го бара со поглед, еленот го снемува.

Првиот рог на Федровата дилема беше: Доколку квалитетот постои во објектот, зошто научните инструменти не можат да го откријат?
Тоа беше опасен рог. Од самиот почеток тој сфати колку е смртоносен. Да сакаше да претпостави дека тој е некаков супер-научник кој може да го види Квалитетот кој ниту еден друг научник не може да го открие, би докажал дека е или глупав или луд или обете. Во денешниот свет не минуваат идеите кои не се во склад со научните факти.
Се сеќаваше на тврдењето на Лок дека ниту еден објект, научен или каков било друг, не може да се спознае освен во рамките на своите квалитети. Изгледаше дека оваа непобитна вистина ја крие причината заради која научниците не можат да го откријат Квалитетот во нештата - Квалитетот е се што воопшто бараат. "Нештото" е интелектуален производ изведен од Квалитетот. Тој одговор, доколку е точен, секако го крши првиот рог на дилемата. Тој некое време силно го возбудуваше.
Но се покажа дека е лажен. Квалитетот кој тој и студентите го видоа во училницата е потполно различен од Квалитетот на бојата или топлината или цврстината што се набљудуваат во лабораторија. Сите физички својства се мерливи со инструменти. Неговиот Квалитет - "доблест", "вредност", "доброта" - не е физичко својство и не е мерлив. Пред него се испречи едно нејасно место во врска со поимот Квалитет. Се прашуваше зошто тоа мора да постои, во мислите забележа дека мора малку да копа по историските корени на Квалитетот, а потоа го заборави тоа. Тој рог на дилемата беше уште тука.
Го сврте вниманието кон другиот рог на дилемата, кој изгледаше полесен за кршење. Размислуваше: Значи Квалитетот е токму она што ви се допаѓа? Тоа го лутеше. Големите уметници од минатото - Рафаел, Бетовен, Микаланџело - тие само го создавале она што им се допаѓало на луѓето. Тие немале друга цел освен да ги дразнат сетилата во голема мерка. Така ли беше? Тоа го лутеше, а го лутеше најмногу поради тоа што тој не виде непосреден начин тоа логички да го пресече.

Затоа внимателно го проучуваше тој суд, на истиот мисловен начин на којшто секогаш ги проучуваше нештата пред да ги нападне.
Тогаш му светна. Извади нож и издлаби еден збор кој го предизвика тоа раздразнувачко делување на таа реченица. Тој збор беше "токму". Зошто "она што ви се допаѓа" би било "токму"? Што значи "токму" во овој случај? Кога вака ќе се издвои заради независно испитување, станува очигледно дека "токму" во овој случај навистина не значи ништо. Тоа е само пежоративен израз чиј логички придонес кон реченицата е еднаков на нула. Сега, кога тој збор ќе се отстрани, реченицата изгледа вака: - Квалитетот е она што ви се допаѓа - и нејзиното значење целосно се менува. Таа станува безопасна вистина.
Се чудеше зошто тој суд воопшто толку го лути. Му изгледаше толку природен. Зошто е толку природен. Зошто му требаше толку време да сфати дека тој всушност вели: - Она што го сакате е лошо, или барем небитно. – Што стоеше зад тоа тврдење дека она што ви се допаѓа е лошо, или барем неважно во споредба со другите нешта? Се чинеше дека тоа е квинтесенција на вкочанетоста против која се бореше. Малите деца ги учат да не го прават "токму она што им се допаѓа" туку...туку што...Па, секако! Она што им се допаѓа на другите. А на кои други? На родителите, учителите, шефовите, полицајците, судиите, службениците, кралевите, диктаторите. На сите власти. Кога си научен да го презираш "токму она што ти се допаѓа", тогаш стануваш многу попослушен роб отколку другите, секако - добар роб. Кога ќе научиш да не го правиш "токму она што ти се допаѓа", тогаш системот те сака.
Но да претпоставиме дека го правиш токму она што ти се допаѓа. Дали тоа значи дека ќе се предадеш на уживање во хероин, ограбување банки и силување на стари жени? Личноста која ти советува да не го правиш "токму она што ти се допаѓа", изнесува некои значајни претпоставки за она што им се допаѓа на луѓето. Изгледа дека не е свесен дека човек можеби нема да ограбува банки бидејќи тој размислувал за последиците и одлучил дека тоа не му се допаѓа. Тој не сфаќа дека банките постојат пред се затоа што тие се "токму она што им се допаѓа на луѓето", имено, даватели на заеми. Федар почна да се прашува како сета таа осуда на "она што ви се допаѓа" можела воопшто некогаш да делува како толку природна замерка.
Наскоро сфати дека во тоа има многу повеќе мистерија отколку што беше свесен за тоа. Кога луѓето велат: Немој да го правиш токму она што ти се допаѓа - тие не мислат само: "Покори се на власта". Тие истовремено мислат и на нешто друго.

Тоа "нешто друго" се раствори во големото подрачје на класичното научно верување кое тврди дека "она што ти се допаѓа" е неважно бидејќи се состои од самите ирационални чувства внатре тебе. Долго го проучуваше тоа тврдење и потоа го пресече на две помали групи кои ги нарече научен материјализам и класичен формализам. Рече дека овие два аспекта често пати се наоѓаат соединети во иста личност но дека логички се разделени.
Научниот материјализам, кој е повообичаен меѓу лаичките следбеници на науката отколку меѓу самите научници, тврди дека стварно е она што е составено од материја или енергија и што е мерливо со научни инструменти. Сето друго е нестварно, или барем без никаква важност. "Она што ви се допаѓа" може да биде факт и може да биде привидение. Допаѓањето не прави разлика меѓу овие две. Сета смисла на научниот метод лежи во тоа да направи точна разлика помеѓу лажното и вистинитото во природата, да ги исклучи субјективните, нестварните, имагинарните елементи од нечија работа за да се добие објективна, вистинска слика на стварноста. Кога велеше дека Квалитетот е субјективен, тој само велеше дека Квалитетот е имагинарен, и според тоа би можеле да го занемариме во кое било сериозно разгледување на стварноста.
Од друга страна тука е класичниот формализам кој упорно тврди дека она што не се разбира интелектуално, не се разбира воопшто. Квалитетот во тој случај е неважен бидејќи емоционалното разбирање не е придружено со интелектуални елементи на разумот.
За овие два главни извори на ознаката "токму" Федар чувствуваше дека оној првиот, научниот материјализам, е далеку полесно да се скрши на парчиња. Тој, а тоа го знаеше од своето претходно образование, е наивна наука. Прво се фати за него користејќи редуцтио ад абсурдум. Тој вид на доказ почива на вистината дека барем една од групите претпоставки е апсурдна, доколку се апсурдни и неизбежните заклучоци кои логички следат од тие претпоставки. Да го испитаме, рече, она што следи од претпоставката дека се што не е составено од маса или енергија е нестварно или неважно.
За почеток го зема бројот нула. Нула, бројот кој е изворно индијски, на Запад го пренеле Арапите во средниот век. Старите Грци и Римјаните не ги познавале нулите. Како така? Се чудеше. Дали природата толку лукаво ја скрила нулата што сите Грци и сите Римјани - милиони од нив - не можеле да го ја пронајдат? Човек нормално би помислил дека нулата се наоѓа на отворено, и е видлива за сите. Ја покажа апсурдноста на обидот нулата да се изведе од каков било облик на маса и

енергија, а потоа праша, реторички, дали тоа значи дека нулата е "ненаучна". Ако е така, дали тоа значи дека дигиталните компјутери, кои работат исклучиво во рамки на единиците и нулите, би морале да бидат ограничени само на единиците кога е во прашање научната работа? Не е тешко да се сфати апсурдноста на сето тоа. Продолжи со други научни поими, еден по еден, покажувајќи како тие воопшто не би можеле да постојат независно од субјективните сфаќања. Заврши со законот за гравитација, со примерот кој го бев изнел пред Џон и Силвија и Крис првата ноќ од нашиот излет. Ако субјективноста се исфрли како неважна, рече, тогаш целиот научен систем мора да се исфрли заедно со неа.

Но побивањето на научниот материјализам како да го одведе на полето на филозофскиот идеализам - Беркли, Хјум, Кант, Фихте, Шелинг, Хегел, Бредли, Босанке - сосема добро друштво, логично до последната буква, но толку тешко за правдање со јазикот на "здравиот разум" што сите тие му изгледаа повеќе како бреме отколку како помош во неговата одбрана на Квалитетот. Тврдењето дека сиот свет е од духовна природа може да звучи логично но секако не звучи реторички. Премногу е мачен и тежок за курсот по англиска литература на прва година. Премногу е "далекусежен".

На тој степен целиот субјективен рог на дилемата изгледаше како да не инспирира ниту малку повеќе отколку објективниот рог. А тврдењето на класичниот формализам, кога почна да ги испитува, уште повеќе ја влошија работата. Тоа беа крајно насилни тврдења дека не би смееле да се однесувате во согласност со непосредните емоционални пориви не земајќи ја предвид големата рационална слика.

На децата им се вели - немојте да го трошите сиот свој џепарлак на мастики (непосреден емоционален порив) затоа што подоцна ќе сакате да ги потрошите на нешто друго (големата слика). На возрасните им се вели: - Оваа фабрика за хартија може ужасно да загадува и покрај најголемото посветено внимание (непосредни емоции), но без неа ќе пропадне стопанството на целиот град (големата слика). Со зборовите на нашата стара дихотомија, еве што всушност е кажано: - Не ги базирајте своите одлуки на романтичната површинска привлечност без да ги земете предвид класичните скриени форми. - Тоа беше нешто со што тој донекаде се согласуваше.

Преку исказот "Квалитетот е токму она што ви се допаѓа" класичните формалисти мислеа дека тој субјективен, недефиниран Квалитет кој тој го предаваше е всушност романтична површинска привлечност. Со спроведување на анкета меѓу

студентите би можело да се одреди дали некој писмен состав има непосредна привлечност, во ред, но дали тоа е Квалитет? Дали Квалитет е нешто што "го гледате" или е нешто поскриено од тоа, така што е можно воопшто да не го видите непосредно, туку само по долг временски период?
Колку подолго го испитуваше ова тврдење толку му изгледаше пострашно. Му се чинеше дека може да ја ја спаси целата теза.
Беше толку кобна поради тоа што изгледаше дека одговара на едно прашање кое често се јавуваше во училницата а тој на него секогаш мораше да одговори по малку софистички. Еве го тоа прашање: Ако секој знае што е Квалитет, зошто постои толку несогласување околу него?
Неговиот софистички одговор беше: Иако чистиот Квалитет е ист за секого, предметите за кои луѓето велат дека содржат Квалитет се менуваат од човек до човек. Се додека не го дефинираше Квалитетот, кон тоа никој не можеше да приговори, но тој знаеше и знаеше дека студентите знаат дека во тоа нешто мириса на лага. Тој всушност не одговараше на прашањето.
Сега се јави едно споредно објаснување: Луѓето не се согласуваат околу Квалитетот затоа што некои од нив ги следат непосредните емоции додека други го применуваат своето пошироко знаење. Знаеше дека во секоја анкета меѓу професорите по англиски ова последно тврдење кое го поддржува нивниот авторитет би победило со големо мнозинство.
Но тоа тврдење рушеше се. Наместо еден единствен, едноличен Квалитет, сега се јавуваа два квалитета, еден романтичен, кој го имаа студентите, и еден класичен, поширок, кој го имаа наставниците. Еден хипи квалитет и еден вкочанет квалитет. Вкочанетоста не е недостаток на квалитет; тоа е класичен квалитет. Хипи всушност не е присуство на квалитет, тоа е само романтичен квалитет. Јазот меѓу хипи светот и светот на вкочанетоста што тој го откри уште беше тука, но изгледа дека Квалитетот не клонеше на ниту една страна на јазот, како што тој претходно претпоставуваше. Наместо тоа, и самиот Квалитет се расцепи на два вида, од секоја страна на линијата на расцепот по една. Неговиот едноставен, уреден, убав, недефиниран Квалитет почна да се усложнува.
Не му се допаѓаше патот по кој тргна сето тоа. Поимот на расцепување кој имаше намера да го соедини класичниот и романтичниот начин на гледање на нештата и самиот се расцепи на два дела и не можеше повеќе ништо да го соедини. И него го зафати аналитичката машина за мелење месо. Ножот за поделба на субјективно и

објективно го пресече Квалитетот на пола и го уби како работен поим. Ако сакаше да го спаси, не смееше да допушти да дојде под тој нож.
И навистина, Квалитетот за кој тој говореше не беше ниту класичен ниту романтичен. Тој лежеше подалеку од овие две. А жими бога, не беше ни субјективен ни објективен, лежеше подалеку и од тие категории. Всушност, целата таа дилема на субјективност и објективност, дух и материја, во однос на Квалитетот не беше фер. Односот дух-материја веќе со векови претставува интелектуален камен на сопнување. Тие само го спуштаа тој камен на врвот на Квалитетот за да го потопат. Како тој можеше да каже дали Квалитетот е дух или материја, кога не постоеше логичка јасност што е дух а што материја?
И така: Го отфрли левиот рог. Квалитетот не е објективен, рече. Тој не пребива во материјалниот свет. Потоа: го отфрли и десниот рог. Квалитетот не е субјективен, рече. Тој не пребива во чистиот дух.
И конечно: Федар, одејќи по патот кој по негово мислење никој пред него во историјата на западната мисла не се обидел да го изоди, мина среде роговите на дилемата субјективност-објективност и рече дека Квалитетот не е ниту дел од духот ниту дел од материјата. Тој е трето битие кое е независно од овие два.
Го чувме како по ходниците и скалилата на универзитетот сам со себе тивко и речиси без здив пее: - Свето, свето, свето...блажено тројство.
И постои слаб, слаб исечок од сеќавањето, веројатно погрешен, можеби нешто што само го замислувам, кој вели дека ја остава целата таа структура на мислата со недели така да почива, не развивајќи ја понатаму.

Крис вика: - Кога ќе стигнеме на врвот?
- Веројатно имаме уште многу - одговарам.
- Ќе можеме ли да гледаме на сите страни?
- Се надевам. Побарај го синото небо помеѓу дрвјата. Се додека не можеме да го видиме небото знаеме дека ни останува уште доста пат. Кога ќе се приближиме на врвот низ дрвјата ќе почне да се појавува светлина.
Дождот од претходната ноќ доволно го навлажни овој мек ќилим од иглички па тој е добар за газење. Понекогаш, кога е навистина суво, на ваква стрмнина игличките стануваат лизгави и морате во нив да попречно да ги забивате обувките, во спротивно ќе се лизнете.
Му велам на Крис: - Зарем не е прекрасно кога нема грмушки?
- Зошто нема? - прашува тој.

- Мислам дека во овие краишта никогаш не е сечено. Кога шумата ќе се остави на мира со векови стеблата ги гушат грмушките.
- Личи на парк - вели Крис. - Можеш да гледаш на сите страни. - Неговото расположение изгледа многу подобро отколку вчера. Мислам дека од сега тој ќе биде добар патник. Во тишината на шумата секој станува подобар.

Светот сега, според Федар, беше составен од три нешта: од дух, материја и квалитет. Фактот дека меѓу нив тој не воспостави никакви односи отпрвин не го загрижуваше. Ако во врска со односот меѓу духот и материјата се води битка веќе со векови а уште ништо не е решено, зошто тогаш тој, во рок од неколку недели, би пронашол такво готово решение за Квалитетот? И така пушти се да тече. Го стави тоа на некој вид духовна полица каде ги ставаше сите видови прашања на кои немаше непосреден одговор. Знаеше дека метафизичкото тројство на субјектот, објектот и Квалитетот порано или подоцна мора меѓусебно да се поврзе, но не брзаше со тоа. Беше толку задоволен што се наоѓа вон опасноста од оние рогови што се опушти и уживаше во тоа колку што можеше подолго.
Па сепак, најпосле го разгледа одблизу. Иако не постои логичка забелешка кон метафизичкото тројство, кон троглавата стварност, таквите тројства не се ниту обични ниту популарни. Метафизичарот нормално бара или монизам, како што е Бог, кој ја објаснува природата на светот како манифестација на еден единствен елемент, или бара дуализам, двојство на духот и материјата, кој го објаснува светот како резултат на два елемента, или пак го третира како плурализам, кој го објаснува како манифестација на бесконечен број на нешта. Но три е неспретен број. Веднаш сакате да знаете: Зошто три? Кој е односот меѓу нив? И како што се смалуваше потребата за опуштање така Федар стануваше љубопитен и во врска со тие односи.
Забележа дека, иако вообичаено Квалитетот се поврзува со објектите, понекогаш чувството на квалитет се случува без каков било објект. Тоа најпрвин го наведе да помисли дека Квалитетот можеби е целосно субјективен. Но тој Квалитетот не го сметаше ни за субјективно задоволство. Квалитетот ја намалува субјективноста. Квалитетот ве издвојува од вас самите, ве прави свесни за светот околу вас. Квалитетот се спротивставува на субјективноста.
Не знам колку мисли протекоа додека стигна до ова, но тој најпосле сфати дека Квалитетот не може независно да се врзе ниту за субјектот ниту за објектот, туку

дека може да се најде само во меѓусебните односи на тие две нешта. Тоа е точката во која се спојуваат субјектот и објектот.
Тоа звучеше како "топло" во детската игра.
Квалитетот не е нешто. Квалитетот е настан.
Потопло.
Тоа е настан при кој субјектот станува свесен за објектот.
Со оглед на тоа што без објектот не може да постои ниту субјектот - бидејќи објектите ја создаваат свеста на субјектот за него самиот - Квалитетот е настан при кој станува можна свесноста и на објектот и на субјектот.
Жешко.
Сега знаеше дека доаѓа.
Тоа значи дека Квалитетот не е само последица на судирот меѓу субјектот и објектот. Самото постоење на субјектот и објектот е изведено од настанот со Квалитетот. Настанот со Квалитетот е причина на субјектот и објектот, за кои потоа погрешно се претпоставува дека се причина на Квалитетот!
Сега ја стегаше за врат онаа проклета дилема. Дилемата цело време во себе ја имаше таа подла претпоставка, за која немаше логичко оправдување, дека Квалитетот е производ на субјектот и објектот. А не е! Го извади својот нож.
"Сонцето на Квалитетот", пишуваше, "не се движи околу субјектот и објектот на нашето постоење. Тоа не ги осветлува пасивно. Тоа не им е подложно на ниту еден начин. Тоа ги има создадено. Тие му се потчинети нему!".
Во тој миг, кога го напиша тоа, знаеше дека достигна некој врв на мислата кон кој подсвесно тежнееше во текот на долг временски период.

- Плаво небо! - вика Крис.
Ене го, високо над нас, тесно крпче синило мегу стеблата.
Чекориме побргу и парчињата синило стануваат се поголеми и поголеми и наскоро гледаме дека стеблата се проретчуваат до моментот кога при врвот пристигнуваме на ледина. На некои педесет метри од врвот јас велам: - Одиме! - и почнувам да трчам вложувајќи ги во тој напор сите резерви на сила кои ги бев чувал.
Давам се од себе, но Крис ме престигнува. Потоа се смее. Со тежок товар и при голема висина не поставуваме никакви рекорди, но сега едноставно јуриме по стрмнината колку што не носи силата и нозете.
Крис стигнува прв, додека јас се уште се пробивам меѓу дрвјата. Ги крева рацете и вели: - Победник!

Егоист.
На пристигнување толку тешко дишам што едвај можам да зборувам. Едноставно ги спуштаме ранците од грб и легнуваме потпирајќи се на некакви камења. Горниот слој на почвата е исушен од сонцето, но под него има кал од вчерашниот дожд. Под нас и со километри зад нас се пошумените планински стрмнини а пак рамнините зад нив лежат во долината Галатин.Во еден агол на таа долина е Боземан. Скакулец скока од еден камен и лета доле далеку од нас над дрвјата.
- Успеавме - вели Крис. Многу е среќен. Јас сум уште без здив и не можам да му одговорам. Ги собувам чевлите и чорапите кои се мокри од пот и ги ставам на камен да се исушат. Зјапам во нив замислено додека пареата од нив се крева кон сонцето.

20

Очигледно дека сум спиел. Сонцето пече. На мојот часовник е речиси пладне. Гледам преку камењата на кои сум се потпрел и гледам дека Крис спие од другата страна. Високо над него шумата престанува и голите сиви карпи водат меѓу остатоците од снегот. Можеме да се качуваме по сртот на овој гребен се до горе, но блиску до врвот би било опасно. Некое време го набљудувам тој планински врв. Што рече Крис дека му велев синоќа? "Ке те видам на врвот на планината"...не..."ќе се сретнеме на врвот на планината".

Како можам да се сретнам со него на врвот на планината кога сум веќе крај него? Во тоа има нешто многу чудно. Вели дека сум му рекол уште нешто, предминатата ноќ, дека тука е самотно. Тоа му противречи на она што го мислам. Јас мислам дека тука воопшто не е самотно.

Звукот на камен кој паѓа ми го одвлекува вниманието на другата страна на планината. Ништо не се движи. Се е мирно.

Се е во ред. Ваков одрон на ситни камења се слуша цело време.

Понекогаш и не се толку ситни. Лавините почнуваат со такво мало лизгање. Ако се наоѓате над нив или на страна интересно е да се гледаат. Но ако тие се над вас - тогаш ви нема спас. Можете само да ги гледате како доаѓаат.

Луѓето кажуваат чудни нешта во соништата, но зошто би му рекол дека ќе се сретнам со него? И зошто тој би помислил дека сум бил буден? Нешто навистина не е во ред, но јас не знам што. Прво почнувате да се чувствувате лошо, потоа се обидувате да откриете зошто се чувствувате така.

Слушам дека Крис се движи и се врти, и го гледам како гледа наоколу.

- Каде сме? - прашува.
- На врвот на гребенот.
- О - вели. Се смее.

Отварам пакет швајцарско сирење, феферонки и солени бисквити. Го сечам сирењето а потоа и феферонките на многу тенки делчиња. Тишината ти овозможува секоја работа да ја направиш на правилен начин.

- Да изградиме колиба тука - вели тој.
- Оооо - мрморам - па да се качуваме до неа секој ден?
- Секако - ме буцка. Тоа не би било тешко.
Вчера е веќе далечно минато во неговото паметење. Му подавам малку сирење и неколку бисквити.
- За што размислуваш постојано? - прашува.
- За илјаду нешта - одговарам.
- Кои се тие нешта?
- Поголемиот дел од нив не би имал никаква смисла за тебе.
- Како на пример?
- Како на пример зошто сум ти рекол дека ќе се сретнам со тебе на врвот на планината.
- О - вели, и го спушта погледот.
- Рече дека гласот ми бил пијан - му велам.
- Не, не пијан - вели тој, и понатаму со спуштен поглед. Начинот на кој гледа на страна ме наведува да се запрашам дали воопшто ја говори вистината.
- Туку каков?
Тој не одговара.
- Туку каков, Крис?

- Само различен.
- Каков?
- Па, овај, не знам! Го крева погледот кон мене и во очите му се гледа трага од страв. - Онаков каков што ти беше пред долго време - вели тој, па повторно го спушта погледот.
- Кога?
- Кога живеевме тука.

Успевам да задржам прибран израз на лицето, за тој да не ја види промената на изразот на него, потоа внимателно станувам и одам до оној камен и ги превртувам чорапите. Тие одамна се исушиле. Се враќам со нив и гледам дека неговиот поглед е се уште на мене. Безгрижно велам: - Не знаев дека звучел различно.
Тој не одговара.
Ги облекувам чорапите и ги навлекувам чорапите над нив.
- Жеден сум - вели Крис.
- Мислам дека нема да мораме премногу да се симнуваме за да најдеме вода - велам станувајќи. Гледам некое време во снегот, па велам: - Спремен си за поаѓање?
Тој потврдува и ги креваме ранците.
Додека чекориме долж сртот повторно слушаме рушење на карпи, многу погласно од она прво што пред малку го бев чул. Го кревам погледот да видам каде е тоа. Пак ништо.

- Што беше тоа? - прашува Крис.
- Одрон.
Обајцата застануваме за миг и слушаме. Крис прашува: - Има ли некој горе?
- Нема. Мислам дека карпите се олабавуваат поради топењето на снегот. Кога е навистина вака топло на почетокот на летото можеш да чуеш многу ситни одрони. Понекогаш и некој голем. Тоа е дел од трошењето на планините.
- Не знаев дека планините се трошат.
- Не се трошат за да исчезнат, само се лизгаат кон долините. Стануваат заоблени и благи. Овие планини се уште не се потрошени.

Секаде околу нас сега, освен над нас, планинските стрмнини се покриени со темно зеленило од шума. Во далечината шумата изгледа како кадифе.

Велам: - Ти сега ги гледаш овие планини, и тие изгледаат толку постојани и спокојни, но цело време се менуваат и промените не се секогаш смирени. Под нас, токму под ова место на кое сме сега, постојат сили кои можат да ја разнесат во парчиња целата оваа планина.

- Се случува ли тоа некогаш?
- Што?
- Дали е можно цела планина да биде распарчена?
- Да - велам. Тогаш се присеќавам: - "Недалеку оттука има деветнаесет луѓе кои лежат мртви под милиони тони камења. Сите се чудеа што беа само деветнаесет".
- Што се случило?
- Тоа беа туристи од исток кои застанале да преноќат во еден камп. Во текот на ноќта подземните сили се ослободиле, и кога следното утро спасувачите виделе што се случило само климнале со главата. Не се ни обиделе да ги ископаат. Се што можеле да направат било да копаат низ стотина метри карпа и да ги извлечат телата кои потоа повторно требало да се закопаат. Затоа ги оставиле таму. И сега се таму.

- Како знаеле дека ги има деветнаесет?
- Соседите и роднините од нивните родни места пријавиле дека ги нема.
Крис зјапа во врвот на планината пред нас.
- Дали на некој начин биле предупредени?
- Не знам.
- Мислиш дека имало некои знаци?
- Можеби.

Му приоѓаме на местото каде гребенот на кој се наоѓаме скршнува од патот навнатре. Гледам дека можеме да се спуштиме по тој пат и најпосле да пронајдеме вода.

Почнувам да се спуштам.
Уште неколку карпи се одронуваат над нас. Одеднаш ме обзема страв.

- Крис - велам.

. Што е?
- Знаеш ли што мислам?
- Не знам. Што?
- Мислам дека би биле многу мудри ако овој пат го оставиме на раат тој планински врв и се обидеме да го освоиме идното лето.
Тој молчи. Потоа вели: - Зошто?
- Имам некое лошо претчувство.
Тој долго не вели ништо. Најпосле вели: - Какво?
- О, само мислам дека горе би можела да не фати бура или одрон или нешто слично, па би биле во вистинска невоља.

Повторно молк. Го кревам погледот и гледам вистинско разочарување на неговото лице. Мислам дека знае дека нешто премолчувам. - Зошто не размислиш за тоа - велам - па кога ќе дојдеме до водата, по ручекот, можеме да одлучиме.
Продолжуваме со спуштањето. - Добро? - велам.
Тој конечно вели: - Добро - со некој необврзен глас.

Спуштањето сега е лесно, но гледам дека наскоро ќе биде пострмно. Тука е уште отворено и сончево но наскоро повторно ќе се најдеме меѓу дрвјата.

Не знам што да заклучам околу целата таа приказна со ноќниот говор освен дека не е добра. Ниту за еден од нас. Звучи како целиот напор на ова возење и логорување и цхаутауљуа и сите овие некогашни места лошо да влијаат врз мене и дека тоа се појавува ноќе. Сакам да се тргнам оттука што побргу.

Не верувам ни дека на Крис му е како некогаш. Јас овие денови многу лесно се уплашувам, и не ми е срам тоа да го признаам. Тој не се плашеше никогаш и од ништо. Никогаш. Тоа е разликата меѓу нас. Заради тоа јас сум жив а тој не. Ако тој е горе, како некое психичко постоење, некој дух, некој двојник, што не чека таму во кој знае како облик...тој долго ќе се начека. Многу долго.

Овие проклети висини стануваат маѓепсани по некое време. Јас сакам да бидам доле, што е можно пониско доле, далеку, далеку доле.

До океанот. Така е. Каде што брановите полека се движат, каде што има врева и каде што не можеш никаде да паднеш. Затоа што си веќе тука.

Сега повторно се наоѓаме меѓу дрвјата, и погледот на врвот на планината е задскриен со гранки и тоа ми е драго.

Исто така мислам дека по федровата стаза стигнавме онолку далеку колку што би сакал да одиме во оваа шатакуа. Сега сакам да ја напуштам неговата стаза. Го искажав должното почитување кон она што тој го мислеше и она што тој го рече и го напиша, а сега сакам на своја рака да развијам некои од идеите што тој ги занемари. Насловот на оваа шатакуа е "Зен и уметност на качувањето на планина", но на врвовите на планините нема мотори, а според мене има и малку зен. Зен е "дух на долината", не на планинскиот врв. Единствениот зен кого можете да го најдете на планинските врвови е оној зен кого со себе ќе го донесете горе. Бегаме оттука.

- Убаво е чувството кога се симнуваш, нели? - велам

Нема одговор.
Ќе има битка, се плашам.

Се искачувате на планинскиот врв и се што ќе добиете е една голема тешка камена плоча со куп правила на себе.

Тоа отприлика му се случи нему.

Мислеше дека е Месија, од бога даден.

Јас сум друго, момче мое. Работното време е предолго, а платата е страшно мала. Одиме. Одиме...

Набргу почнувам да забрзувам во некој вид двотактен луд галоп...га-дамп, га-дамп, га-дамп...додека не го слушнам Крис како се дере: - Еј, полека! - и се додека не го здогледам на двесте метри зад себе меѓу дрвјата.

И така успорувам, но по некое време забележувам дека тој намерно заостанува. Разочаран е, секако.

Претпоставувам дека во оваа шатакуа би требало во сумарна форма да го објаснам правецот по кој беше тргнал Федар, без вреднување на истиот, па потоа да преминам на моите нешта. Верувајте ми, кога на светот не се гледа како на тројство на духот, материјата и Квалитетот, тогаш уметноста на одржување на моторот и сите други уметности добиваат таква димензија на значење која никогаш до тогаш не ја имале. Злиот дух на техниката од кои бегаат Сатерлендови стануваат благонаклона смешна работа. А за да го покажам тоа ме чека долг забавен пат.
Но најпрвин, за на тој нов облик на сениште да му го покажам излезот, треба да го кажам следново:

Можеби тој би тргнал во правец кон кој јас сега се подготвувам да тргнам, кога овој втор бран на кристализација, метафизичкиот бран најпосле би стигнал онаму каде и јас би сакал да стигнам, во секојдневниот свет. Мислам дека метафизиката е добра ако го подобрува секојдневниот живот: инаку отарасете се од неа. Но за жал бранот не стигна таму. Мина во трет мистичен бран на кристализација од кој тој никогаш не се извлече.

Тој размислуваше за односот на Квалитетот кон духот и материјата и за Квалитетот утврди дека е во сродство со духот и материјата, дека тој е оној настан кој раѓа и дух и материја. Овој коперникански пресврт во односите на Квалитетот и објективниот свет може да звучи таинствено ако не се објасни внимателно, но тој не сакаше да изгледа таинствен. Тој едноставно сакаше да каже дека во еден остар временски рез, пред објектот воопшто и да може да се забележи, мора да постои некоја неинтелектуална свесност која тој ја нарече свесност за Квалитетот. Не можете да бидете свесни дека сте виделе стебло туку тоа можете да го постигнете само откако сте го виделе тоа стебло, а помеѓу мигот на гледање и мигот на свесност мора да измине некое време. Понекогаш за тоа изминато време мислиме дека е неважно. Но нема оправдување за мислењето дека овој временски период е неважен - колку и да е мал.

Минатото постои само во нашето сеќавање, иднината само во нашите намери. Сегашноста е нашата единствена стварност. Стеблото за кое сте интелектуално свесни, поради оној мал временски период, секогаш е во минатото и според тоа секогаш е нестварно. Секој интелектуално спознаен објект е секогаш во минатото и според тоа е нестварен. Стварноста е секогаш миг на гледање пред да се случи интелетуалниот процес. Друга стварност нема. Таа прединтелектуална стварност е она што Федар почувствува дека е исправно да го идентификува како Квалитет. Со оглед на тоа што сите нешта кои можат интелектуално да се идентификуваат мораат да изникнат од таа прединтелектуална стварност, Квалитетот е родител, извор на сите субјекти и објекти.

Тој почувствува дека интелектуалците обично имаат ужасни тешкотии да го видат тој Квалитет, токму затоа што се толку брзи и сигурни дека се се снима во интелектуален облик. Тој Квалитет најлесно го гледаат малите деца, необразованите луѓе и културно "заостанатите". Во нив има најмалку склоност кон интелектуалност која би доаѓала од културни извори, и се најмалку формално школувани да ја вбризгуваат во себе. Поради тоа, чувствуваше тој, вкочанетоста е една таква посебна интелектуална болест. чувствуваше дека тој е случајно имун во однос на неа, или барем донекаде навинат на неа поради својот неуспех во училиштето. Бидејќи после тоа тој не чувствуваше присилно поистоветување со интелектуалноста и можеше со наклоност да ги испитува антиинтелектуалните становишта.

Вкочанетите мозоци, говореше тој, поради своите предрасуди кон интелектуалноста, обично го сметаат Квалитетот, таа прединтелектуална стварност за неважна, само за чист премин помеѓу објективната стварност и нејзината субјективна перцепција. Со оглед на тоа што тие имаат однапред создадени идеи за нејзината неважност, тие не се обидуваат да откријат дали таа е воопшто различна од нивното интелектуално поимање на истата.

Таа е навистина различна, велеше тој. Кога еднаш ќе почнете да го наслушнувате звукот на тој Квалитет, да го гледате оној корејкски зид, таа неинтелектуална стварност во нејзината чиста форма, тогаш сакате да ја заборавите сета таа вербална збрка бидејќи конечно почнувате да увидувате дека секогаш се наоѓа на некое друго место.

Сега, наоружан со своето ново временски поврзано метафизичко тројство, тој потполно го спречи оној романтично-класичен распцеп на Квалитетот, кој се закануваше дека ќе го уништи. Сега тие не можат повеќе да го уништуваат Квалитетот. Тој може, доколку сака, да ги уништи нив. Романтичниот Квалитет секогаш се согласува со моменталните впечатоци. Вкочанетиот Квалитет секогаш вклучува сложени анализи кои се протегаат низ некој временски период. Романтичниот Квалитет е сегашноста, тукашноста на нештата. Класичниот Квалитет секогаш се занимава со нешто повеќе отколку што е самата сегашност. Односот на сегашноста кон минатото и иднината постојано се земаат предвид. Ако разберете дека и минатото и иднината се содржани во сегашноста, тогаш тоа е прекрасно, вие живеете токму за сегашноста. И доколку вашиот мотор работи, тогаш зошто би се секирале за него? Но доколку мислите дека сегашноста е само миг помеѓу минатото и иднината, само минлив момент, тогаш да се занемарат минатото и иднината заради сегашноста би претставувал навистина лош Квалитет. Моторот можеби сега работи, но кога последен пат било проверен нивото на маслото? Тоа од романтичен аспект можеби е барање на влакно во јајцето, но од класичен аспект тоа е здраворазумска постапка.

Сега имаме два различни вида Квалитет, но тие не го сечат Квалитетот на две. Тие се само два различни временски аспекти на Квалитетот, краток и долг. Најпрвин би била потребна метафизичка хиерархија која изгледа вака:

СТВАРНОСТ

СУБЈЕКТИВНА (МЕНТАЛНА)
ОБЈЕКТИВНА (ФИЗИЧКА)

КЛАСИЧНА (ИНТЕЛЕКТУАЛНА)
РОМАНТИЧНА (ЕМОЦИОНАЛНА)

КВАЛИТЕТОТ КОЈ ФЕДАР ТРЕБАШЕ ДА ГО ПРЕДАВА
КВАЛИТЕТОТ КОЈ ФЕДАР ГО ПРЕДАВАШЕ

Тоа што тој им го даде за возврат беше метафизичка хиерархија која изгледаше вака:

КВАЛИТЕТ (СТВАРНОСТ)

РОМАНТИЧЕН КВАЛИТЕТ
(ПРЕДИНТЕЛЕКТУАЛНА СТВАРНОСТ)

КЛАСИЧЕН КВАЛИТЕТ
(ИНТЕЛЕКТУАЛНА СТВАРНОСТ)

СУБЈЕКТИВНА
СТВАРНОСТ
(ДУХ)

ОБЈЕКТИВНА
СТВАРНОСТ
(МАТЕРИЈА)

Квалитетот кој тој го предаваше не беше само дел од стварноста, тој беше целата стварност.

Потоа во рамките на тоа тројство тој се обиде да одговори на прашањето: Зошто сите го гледаат Квалитетот на различен начин? На тоа прашање мораше да одговори во секој момент, особен пред тоа. Сега рече: - Квалитетот е безобличен, неправилен, неописив. Да му ги видите контурите и формите значи да го интелектуализирате. Квалитетот е независен од сите такви контури и форми. Имињата, контурите и формите што ние му ги даваме на Квалитетот само делумно зависат од Квалитетот. Тие исто така делумно зависат од а приори сликите кои сме ги натрупале во паметењето. Ние постојано се обидуваме во Квалитетот да пронајдеме нешто што е аналогно на нашите претходни искуства. Да не го правиме тоа не би биле способни да дејствуваме. И сопствениот јазик го градиме во рамки на тие аналогии. Во рамките на тие аналогии ја градиме и целата култура.

Причината зошто луѓето го гледаат Квалитетот различно, рече, лежи во тоа што нему му пристапуваат со различни множества аналогии. Даде лингвистички примери, покажувајќи дека нам индијските букви да, да и дха ни звучат исто затоа што за нив немаме аналогии кои би ни помогнале да станаме свесни за разликата меѓу нив. Слично на тоа, поголемиот број Индијци кои говорат хинду не можат да ја почувствуваат разликата помеѓу да и тхе, бидејќи тие ги немаат тие аналогии. Не е необично, рече тој, што индијанците гледаат сеништа. Но ним им е ужасно тешко да го видат законот на гравитација.

Ова објаснува, рече тој, зошто една група студенти по англиски првата година дава слични оценки за квалитетот на писмените состави. Сите тие имаат релативно слично образование и слично знаење. Но кога би се довела група на странски студенти, или кога, на пример, би се обработиле некои средновековни песни кои таа група никогаш претходно не ги чула, способноста на студентите истоветно да го вреднуваат квалитетот веројатно веќе не би се совпаѓала.

Во една смисла, рече тој, изборот на студентот на Квалитетот го дефинира него. Луѓето се разликуваат кога е во прашање Квалитетот, но не затоа што Квалитетот е различен, туку затоа што сите луѓе се различни во рамките на своето искуство. Заклучи дека двајца со истоветни а приори аналогии секој пат би го согледувале истиот Квалитет. Но, не постои начин на кој истото би се испитало, па тоа мораше да остане само негов заклучок.

Одговарајќи им на своите колеги во училиштето напиша: "Кое било филозофско објаснување на Квалитетот ќе биде лажно и вистинито токму затоа што е филозофско објаснување. Процесот на филозофско објаснување е аналитички процес, процес на разбивање на нешто на субјекти и објекти. Она што јас го подразбирам (и што секој друг би го подразбирал) под зборот "квалитет" не може да се разбие на субјекти и објекти. Не затоа што Квалитетот е толку таинствен, туку затоа што Квалитетот е толку едноставен, непосреден и директен.

Наједноставната интелектуална аналогија на чистиот Квалитет која луѓето околу нас можат да ја разберат е следнава: "Квалитетот е реакција на организмот на сопствената околина" (се послужи со овој пример бидејќи неговите главни оспорувачи изгледа ги гледаа нештата во рамки на теоријата на однесување,

заснована на дразбите и реакцијата). Една амеба, ставена во некаков сад, покрај капки разредена сулфурна киселина, ќе се оддалечи од киселината (така барем мислам). Кога би можела да зборува, не знаејќи ништо за сулфурната киселина, амебата би можела да каже: "Оваа околина има слаб квалитет". Кога би имала нервна структура, таа би можела да делува на многу посложен начин за да го надвладее слабиот квалитет на околината. Таа би барала аналогии, то ест, слики и симболи од своето поранешно искуство, за да ја дефинира незгодната природа на својата нова околина, и на тој начин да ја 'разбере'.

Во својата високо сложена органска состојба ние напредните организми одговараме на својата околина пронаоѓајќи многубројни чудесни аналогии. Ние ги откриваме небото и земјата, дрвјата, камењата и океаните, боговите, музиката, науката. Ние тие аналогии ги нарекуваме стварност. И тие се стварност. Ние ги хипнотизираме нашите деца во име на вистината, за да знаат дека тие се стварност. Секој оној кој не ги прифаќа тие аналогии го затвораме во лудница. Но она што не тера да измислуваме аналогии е Квалитетот. Квалитетот е постојан поттик што ни го наметнува околината, да го создаваме светот во кој живееме. И сето она што е во него. Секој негов и најмал дел.

И сега, земањето на она што не натерало да го создадеме светот, и неговото вклучување во светот што сме го создале, е очигледно невозможно. Ете поради што Квалитетот не може да се дефинира. Доколку го дефинираме, тогаш ќе дефинираме нешто што е помало од самиот Квалитет".

Се сеќавам на овој исечок поживо отколку на било кој друг, веројатно затоа што е најважен од сите. Кога го пишуваше почувствува моментален страв и веќе сакаше да го прецрта она: "Се во него. Секој негов најмал дел". Тука е лудилото. Мислам дека го виде. Но не можеше да види никаква логичка причина за прецртување на тие зборови, а за малодушност беше предоцна. Мина преку своето предупредување и ги остави тие зборови.

Го спушти пенкалото и тогаш...почувствува како нешто попушта. Како нешто во него да било премногу натегнато а одеднаш станало лабаво. Потоа беше предоцна.

Почна да увидува дека се помрднал од своето првобитно стојалиште. Не говореше повеќе за метафизичкото единство, туку за апсолутен монизам. Квалитетот беше извор и суштина на се.

Цела нова поплава од филозофски асоцијации му наврем во мислите. Хегел говореше така, со својот апсолутен дух. И апсолутниот дух беше независен, и од објективноста и од субјективноста.

Но Хегел рече дека апсолутниот дух е извор на се, но потоа од тоа "се" го исклучи романтичното искуство. Хегеловата апсолутност беше потполно класична, потполно рационална и потполно средена.

Квалитетот не беше таков.

Федар пометеше дека Хегела го сметаа за мост помеѓу западната и источната филозофија. Хиндуистичката Веданта, таоистичкиот Пат, па дури и Буда беа опишувани како апсолутен монизам сличен на Хегеловата филозофија. Федар во тоа време сепак се сомневаше дека мистичното Едно и метафизичкиот монизам се меѓузависни, со голед на тоа што мистичното Едно не следи никакви правила, а метафизичките монизми го прават тоа. Неговиот Квалитет беше метафизичко битие, а не мистично. Или можеби не? Каде е разликата?

Си одговори самиот на себе дека разликата е во дефиницијата. Метафизичките битија се дефинираат. Мистичното Едно не се дефинира. Оттаму, Квалитетот е мистичен. Не. Таа е вушност и едното и другото. Иако за неа се до сега размислуваше во чисто филозофски рамки, како за нешто метафизичко, за сето тоа време тој одбиваше да го дефинира. Оттаму, тој стана и мистичен. Неговото својство на недефинирливост го ослободи од правилат ана метафизиката.
Потоа, одеднаш, Федар и пријде на полицата со книги и извлече една мала, модра книга со картонска корица. Тој самиот на рака ја препиша таа книга, и самиот ја вкоричи пред многу години, кога не можеше да пронајде ниту еден примерок во продавниците. Беше тоа Тао-те-кинг, напишана пред 2400 години од Лао-це. Почна да ги чита редовите кои и пред тоа многу пати ги имаше прочитано, но овој пат ги проучуваше за да види дали може да се изврши одредена замена. Почна да ги чита и истовремено да ги интерпретира.

Прочита:
Квалитетот кој не може да се дефинира не е апсолутен Квалитет.
Па тоа и самиот го кажа.
Имињата кои не можат да се дадат не се апсолутни имиња.
Тој е извор на небото и земјата.
Кога се именува, тој е мајка на сите нешта...
Точно.
Квалитетот (романтичниот квалитет) и неговите манифестации (класичен квалитет), по својата природа се едно и исто. Му се даваат различни имиња (субјекти и објекти) кога ќе стане класично очигледен.
Романтичниот квалитет и класичниот квалитет можат заедно да се наречат "мистика".
Продирањето од таинственост во подлабока таинственост, тоа се вратата на тајните на целиот живот.
Квалитетот проникнува во се.
Неговата употреба е неисцрпна.
Неизмерна.
Како извор на сите нешта...
Сепак се чини дека останува кристално јасен, како вода.
Јас не знам чие дете е тој.
Сликата која постоела пред Бога.
...Непрестано, непрекинато постои, се чини. Обрати му се, и тој со леснотија ти служи.
Тој се гледа, но не може да се види...тој се слуша но не може да се чуе...тој се стега но не може да се допре...сето тоа се измолкнува на нашите анализи и потоа се стопува и станува едно.
Нема светлост при неговото излегување.
Без престан е и непрекинат
Тој не може да се дефинира
И се враќа повторно во царството на ништотноста
Затоа се вика облик на безобличното
Слика на ништотноста
Затоа се вика недофатлив
ќе го сретнеш и не му го гледаш ликот

Го следиш, и не му го гледаш тилот
Оној кој цврсто го држи древниот Квалитет
е способен да ги спознае оние прапочетоци
Кои ја претставуваат непрекинатоста на Квалитетот.

Федар читаше ред по ред, стих по стих, набљудуваше како се сложуваат, како се поклопуваат, како си стојат на своето место. Точно. Токму ова го мислеше. Ова го говореше цело време, само кукавички, механицистички. Во оваа книга немаше ништо неодредено или неточно. Таа беше одредена и точна до совршенство. Тоа беше она штој тој го говореше, само на различен јазик, со различни корени и извори.

Тој беше од друга долина и гледаше што има во таа долина, но не повеќе како приказна која ја раскажуваат странци туку како дел од долината од која дојде. Тој го гледаше сето тоа.
Тој ја откри шифрата.
читаше и понатаму. Ред по ред. Страница по страница. Ниту едно несогласување. Она за што тој цело време говореше како за Квалитет, тука тоа беше Тао, голема централна изворна сила на сите религии, источни и западни, минати и сегашни, на целото знаење, на се.

Потоа окото на неговиот дух погледна нагоре и ја опфати неговата слика и спозна каде се наоѓа и што гледа и...јас всушност не знам што се случи...но сега она лизгање што Федар го беше осетил порано, она внатрешно раздвојување на неговиот дух, одеднаш доби во замав, како што го добиваат карпите на врвот на планината. Пред да може да го спречи, натрупаната маса на свесност одеднаш почна да расте и да расте во лавина од мисли и свест која е вон неговата власт, и секој дополнителен раст на таа маса беше следен од сто пати поголемо количество, а тоа количество пак го придвижуваше сто пати поголемо количество, и тоа новото повторно беше сто пати поголемо; и така натаму, и се пошироко и се подлабоко; се додека не остана ништо повеќе.
Немаше ништо повеќе.
Се се скрши под него.

21

- Не си премногу храбар, нели? - вели Крис.
- Не сум - одговарам и со забите го тегнам парчето салама за да го одвојам месото од кожинката. - Но би се зачудил колку сум умен.

Сега сме прилично далеку од врвот, и тука измешаните борови и листести грмушки се многу повисоки и позатворени отколку на другата страна на кањонот на истата висина. Очигледно во овој кањон паѓа повеќе дожд. Пијам големо количество вода од садот што го наполни Крис во потокот, потоа го гледам. Според неговиот израз на лицето сфаќам дека се помирил со фактот дека се спуштаме, па нема потреба да му држам предавање или да се расправаме. Го завршуваме ручекот со ќесе бомбони, го измиваме тоа со уште една шоља вода и легнуваме на грб за да се одмориме. Планинската изворска вода има најдобар вкус на светот.

По некое време Крис вели: - Сега можам да носам и поголем товар.
- Сигурен си?
- Сигурно сум сигурен - вели тој, малку од високо.

Со благодарност преместувам дел од потешката опрема во неговиот ранец, потоа ги провлекуваме рацете низ држачите додека ранците се се уште на земја и стануваме. Ја чувствувам разликата во тежината. Човек може да смета на него кога тој е добро расположен.

Од тука се чини како полека да се спуштаме. Оваа падина очигледно била соголена, па на сите страни има грмушки повисоки од нашите глави и тоа го успорува одењето. Ќе мора да ја заобиколиме.

Во оваа шатакуа би сакал да се оддалечам од интелектуалните апстракции кои имаат крајно генерална природа, и да дадам некои цврсти, практични и секојдневни информации, но не сум сигурен како да го сторам тоа.

Има една работа кога се во прашање пионерите за која никој не зборува: сите тие, без исклучок, по својата природа создаваат неред. Се пробиваат напред гледајќи ја само својата благородна, далечна цел, и никогаш не го забележуваат ѓубрето и отпадоците што ги оставаат зад себе. Некој друг мора тоа да го исчисти, а тоа не е

ниту толку славна, ниту толку интересна работа. Човек мора некое време да се присилува себеси додека почне да го прави тоа. Потоа, кога еднаш веќе ќе западне во летаргично расположение, тоа и не е толку лошо.

Да се открие метафизичкиот однос на Квалитетот и на Буда на некој врв на личното искуство, тоа е ептен спектакуларно. И многу неважно. Кога оваа шатакуа би говорела само за тоа, јас би морал да бидам отпуштен. Она што е значајно, тоа е односот на таквото откритие кон сите долини на овој свет, и кон сите глупави и здодевни работи и еднолични години коишто во нив не очекуваат сите нас.

Силвија знаеше што зборува првиот ден кога ги гледаше сите оние луѓе што минуваа од спротивниот правец. Како го нарече таа тоа? "Погребна поворка". Нашата задача сега е да и се вратиме на таа поворка со поголемо разбирање.

Пред се морам да кажам дека не знам дали е вистинито Федровото тврдење дека Квалитетот е исто што и Тао. Не знам ниту еден начин за да го испитам тоа, бидејќи единственото нешто што тој го имаше направено е едноставна споредба на неговото разбирање на еден мистичен ентитет со друг. Тој сигурно мислел дека овие две нешта се едно и исто, но можеби не разбрал во потполност што е тоа Квалитет. Но, она што е поверојатно, тој можеби не разбрал што е тоа Тао. Тој сигурно не беше мудрец. Но во таа книга има многу совети за мудри луѓе на кои ќе беше подобро да им посветеше внимание.

Понатаму, мислам дека сето негово метафизичко качување на планината воопшто не придонесе за понатамошното разбирање на тоа што е Квалитет, ниту пак на тоа што е Тао. Ни малку.

Ова звучи како отфрлање на она што тој го мислеше и говореше, но не е така. Мислам дека тој и самиот би се согласил со оваа изјава, со оглед на тоа што секој опис на Квалитетот е некој вид дефиниција па поради тоа тој мора да ја промаши својата цел. Мислам дека тој дури и би можел да каже дека изјавите кои тој ги правеше, кои ја промашуваа својата цел, се уште полоши отколку никакви изјави, со оглед на тоа што можат погрешно да се разберат како вистина и така да го спречат разбирањето на Квалитетот.

Не, тој ништо не направи ниту за Квалитетот, ниту за Тао. Она што имаше некаква корист беше разумот. Тој го покажа патот по кој разумот може да се прошири за да ги опфати елементите кои пред тоа не биле непогодни за асимилација поради што се сметаа за ирационални. Мислам дека големата присутност на таквите ирационални елементи кои чезнеат за асимилација, го создава сегашниот лош Квалитет, кој е хаотичен, неповрзан дух на дваесетиот век. Сега сакам да минам на нив, на што е можно поуреден начин.

Сега се наоѓаме на стрмна мочуришна почва која не дозволува да одржувате постојан чекор. Се фаќаме за гранки и грмушки за да не паднеме. Зачекорувам, потоа гледам каде ќе ми легне следниот чекор, го правам тој чекор, па повторно погледнувам.

Набргу грмушките стануваат стануваат толку густи што сфаќам дека ќе мораме да ги сечеме. Седнувам за миг додека Крис ја вади мачетата од мојот ранец. Ми ја пружа, а потоа, сечејќи и разделувајќи ги гранките, влегувам во грмушките. Се напредува полека. За секој чекор треба да се отсечат две-три гранки. Вака може да потрае.

Првиот чекор од Федровата изјава "Квалитетот е Буда" всушност вели дека таквото тврдење, доколку е вистинито, пружа рационална основа за соединување на трите подрачја на човечкото искуство кои се сега разединети. Тие три подрачја се Религијата, Уметноста и Науката. Ако може да се покаже дека Квалитетот е средишен поим на сите три подрачја, и дека тој Квалитет не е од повеќе, туку само од еден вид, од тоа следи дека тие три разединети подрачја имаат основа за меѓусебно проникнување.

Односот на Квалитетот кон подрачјето на Уметноста е прилично исцрпно прикажан преку описот на Федровото разбирање на Квалитетот во Уметноста на реториката. Мислам дека во тој поглед не е потребна понатамошна анализа. Уметноста е високо квалитетен потфат. Тоа е всушност се што би требало да се каже. Но, доколку се бара нешто што звучи поучено тогаш: Уметноста е Божественото во човечките дела. Односот кој го востанови Федро јасно покажува дека тие две крајно различни изјави всушност се идентични.

Во подрачјето на Религијата рационалниот однос на Квалитет и на Божественото мора да се воспостави потемелно, и се надевам дека тоа ќе го сторам многу подоцна. Засега можеме да размислуваме за фактот дека корените на зборот Буда и на зборот Квалитет во стариот англиски, Год и гоод, се истоветни.

Во непосредна иднина сакам да го насочам вниманието на подрачјето на науката, бидејќи на тоа подрачје е најнужно воспоставувањето на односи. Исказот според кој науката и нејзиното дете техниката се "лишени од вредности", то ест "лишени од Квалитет", мора да исчезне. Токму таа "лишеност од вредности" ја засилува онаа смртна сила на која и е обратено внимание порано во оваа шатакуа. Утре ќе се занимавам со неа.

Остатокот од попладнето се спуштаме преку сивите дотрајани трупци на земјата, одејќи накосо, лево-десно низ стрмната падина.

Доаѓаме до клисурата, ја заобиколуваме барајќи пат низбрдо, и најпосле се појавува тесен потез кој ни овозможува спуштање. Продолжува надолне низ каменита пукнатина со мало поточе. Грмушките и камењата и калта и корените на големите стебла кои потокот ги оголил ја исполнуваат пукнатината. Потоа слушаме звук на многу поголем поток во далечината.

Го минуваме потокот служејќи се со јаже кое го оставаме зад себе, потоа на патот на другата страна наоѓаме некои кампери кои не возат до градот.

Во Боземан е мрачно и доцна. Не сакаме да ги будиме Де Весови и да ги молиме да дојдат по нас, туку земаме соба во главниот хотел во центарот на градот. Некои туристи во предворјето на хотелот зјапаат во нас. Со мојата воена облека, стапот, дводневната брада и црната беретка сигурно им изгледам како некогашен кубански револуционер, подготвен за напад.

Во хотелската соба исцрпени фрламе се на под. Во кантата за ѓубре ги истресувам ситните камчња кои ми се фатиле на чевлите додека го газев потокот, потоа ги ставам чевлите покрај студениот прозор за полека да се сушат. Се струполуваме во креветите без збор.

22

Следниот ден заминуваме од хотелот чувствувајќи се освежени, се поздравуваме со Де Весови и тргнуваме на север по главниот пат од Боземан. Де Весови сакаа да останеме уште, но посебната желба да продолжиме на запад и да продолжам со моите мисли беше посилна. Денес ќе говорам за човекот за кој Федар никогаш не беше чул, но јас неговите книги ги проучив прилично темелно подготвувајќи се за оваа шатакуа. За разлика од Федро, тој човек стекна меѓународна слава во триесет и петата година, во педесет и осмата веќе беше жива легенда, за него Бертранд Расел напиша дека "според општото мислење е најистакнат научник на својата генерација". Беше астроном, физичар, математичар и филозоф, се во исто време. Неговото име е Поенкаре.

Отсекогаш ми се чинеше неверојатно, а мислам дека и денес ми изгледа така, тоа дека Федар патуваше по оној мисловен пат по кој никој пред него не беше минал. Некој, некаде сигурно мислел и пред него за сето ова, а Федар беше толку лош учен што би му личело да ги дуплицира познатите места од славните филозофски системи во кои воопшто и не се потрудил да sирне.

Така, јас минав повеќе од една година читајќи ја многу долгата и понекогаш многу мачната историја на филозофијата барајќи ги повторените идеи. Тоа беше фасцинантен начин да се чита историјата на филозофијата, и притоа се случи нешто за кое се уште не знам што точно значи. Филозофските системи кои би требало да се во голема мерка спротивни еден на друг изгледаа како истовремено да говорат нешто многу блиско до она што го мислеше Федар, со мали варијации. Толку пати сум посмилил дека сум сфатил кого тој копира, но секој пат, поради нешто што изгледаше како занемарлива разлика, тој поаѓаше во сосема различна насока. На пример Хегел, кого порано го цитирав, ги отфрлаше индијските филозофски системи тврдејќи дека тие воопшто не се филозофски. Федар изгледа дека ги асмилираше, или тие го асимилираа него. Не се чувствуваше никаква контрадикторност.

Најпосле стигнав до Поенкаре. И тука повторно постоеше некакво повторување, но од друг вид. Федар следи долга и кривулеста стаза која води до највисоки апстракции, за миг изгледа како да ќе се симне од таму за потоа да запре. Поенкаре почнува со најосновните научни вистини, ги разработува до истите

апстракции и потоа застанува. Обете стази застануваат едната на крајот на другата! Меѓу нив постои совршен континуитет. Кога живеете во сенката на лудилото, појавата на друг ум кој мисли и говори како вашиот е нешто многу блиску до блаженство. Како кога Робинзон Крусо ги открил стапалките во песокот.

Поенкаре живеел од 1854 до 1912, бил универзитетски професор во Париз. Неговата брада и наочари потсетуваат на Анри Тулуз - Лотрек, кој живеел во Париз во истиот период, и бил само десет години помлад.

За време на животот на Поенкаре почнала длабока криза во темелите на егзактните науки. Со години научната вистина била вон секакво сомневање; логиката на науката била непогрешлива, па и во случај научниците некогаш да грешеле се претпоставувало дека тоа било резултат на погрешната употреба на нејзините правила. Пронајдени се одговорите на сите големи прашања. Мисијата на науката сега се состоела во тоа на овие одговори едноставно да им обезбеди се поголема и поголема точност. Додуше, се уште имало необјаснети појави како што е радиоактивноста, пренесувањето на светлината низ "етер" и необичните односи на магнетските и електричните сили; но тие загатки, доколку дотогашните настани можеле да послужат како показател, морале најпосле да паднат. Речиси никој не претпоставувал дека за неколку децении веќе нема да постои апсолутен простор, апсолутно време, апсолутна материја, па дури ни апсолутна величина, дека класичната физика, таа стогодишна научна тврдина, ќе стане "приближна", дека најтрезвените и најуважените астрономи ќе му говорат на човештвото дека она што тоа би го видело, доколку доволно долго би гледало низ доволно моќен телескоп, е неговото сопствено теме!

Основата на теоријата на релативноста, која ги потресе сите темели, во тоа време ја разбираа само мал број на луѓе, а еден од нив, како најистакнат математичар на своето време, беше Поенкаре.

Во своите "Темели на науката" Поенкаре објаснил дека претходниците на кризата во темелите на науката се многу стари. Долго и залудно се правеле обиди да се докаже аксиомата позната како петиот постулат на Евклид, и тие обиди го претставуваат почетокот на кризата. Евклидовиот постулат за паралелите, кои тврди дека низ зададена точка не минува повеќе од еден правец кој е паралелен

со зададениот правец, обично се учи во прв клас гимназија. Тоа е еден од темелите на кои е изградена сета геометрија.

Сите други аксиоми изгледаа толку очигледни што никој не се сомневаше во нив, но овој не изгледаше така. Но не можеш да се отарасиш од него а притоа да не разориш голем дел од математиката, а никој не беше способен да го сведе на нешто поедноставно. Навистина е незамисливо колку труд бил вложен во таа лажна надеж, рекол Поенкаре.

Најпосле, во првата четвртина на деветнаесетиот век, еден Унгарец и еден Русин - Болјаи и Лобачевски - речиси во исто време изнеле несоборливи докази дека е невозможно да се докаже петиот Евклидов постулат. Го направиле тоа заклучувајќи дека, доколку постои било каков начин Евклидовиот постулат да се сведе на други, посигурни аксиоми, би се појавила уште една последица: промената на Евклидовиот постулат би резултирала со логички контрадикции во геометријата. И така, тие го променија Евклидовиот постулат.

Лобачевски на почетокот претпоставува дека низ зададена точка можат да се повлечат две паралели со зададен правец. Со исклучок на ова, тој ги задржува сите други Евклидови аксиоми. Од тие претпоставки тој изведува низа теореми меѓу кои е невозможно да се пронајде било каква контрадикција, и тој гради геометрија чија непогрешлива логика не е во ништо инфериорна во однос на Евклидовата.

Така со својот неуспешен обид да пронајде некаква контрадикција тој докажува дека петиот постулат е несведлив на поедноставни аксиоми.

Овој доказ не предизвика тревога. Неговиот рационален попатен производ набргу го засени и него и речиси сето останато на полето на математиката. Математиката, каменот темелник на научната сигурност, одеднаш стана несигурна.

Сега добивме две контрадикторни видувања за она што е несомнена научна вистина, вистинита за сите луѓе и сите времиња, без оглед на нивните лични ставови.

Тоа беше темелот на длабоката криза која ја сруши научната самодопадливост на Златното доба. Како можеме да знаеме која од тие геометрии е онаа вистинската? Ако нема основа за да ги разликуваме, тогаш тука се работи за тотална математика која дозволува логички контрадикции. Но математиката која допушта внатрешни логички контрадикции воопшто и не е математика. Конечниот ефект на неевклидовата геометрија е само магесничка абракадабра чија основа е единствено верата!

И се разбира, кога вратата беше отворена, човек тешко може да очекува дека бројот на контрадикторни системи на несомнени научни вистини ќе се ограничат на два. Еден Германец по име Риеман се појавува со уште еден несоборлив геометриски систем каде не се отфрла само петиот постулат туку и првиот Евклидов аксиом, кој тврди дека низ две точки може да мине само еден правец. Повторно нема внатрешна контрадикторност, само постои несогласување со геометриите на Лобачевски и Евклид.

Според теоријата на релативноста, Риемановата геометрија најдобро го опишува светот во кој живееме.

Кај градот Три Форкс патот влегува во тесен кањон полн се белузлави карпи, минувајќи покрај неколку пештери. Источно од Бут се качуваме по долга и тешка стрмина, минуваме преку Континенталната превлака, потоа се симнуваме во низината. Подоцна минуваме крај бреговите со отпадоци на Анаконда, вртиме во градот Анаконда и наоѓаме добар ресторан со бифтеци и кафе. Се возиме по долга стрмнина која води до езеро заокружено со борови шуми и минуваме покрај некои риболовци кои туркаат мал чамец во вода. Потоа патот повторно во кривини минува низ боровата шума, и јас според косината на сонцето гледам дека утрото е при крај.

Минуваме низ Филипсбург и заоѓаме во ливади. Тука во долината челниот ветер станува појак, па ја смалувам брзината на деведесет за малку да го ослабам. Минуваме низ Максвил и во моментот кога пристигнуваме во Хол чувствуваме дека е крајно време за да се одмориме.

Наидуваме на некоја црква крај патот и застануваме. Ветерот сега е жесток и студен, но сонцето е топло па ги соблекуваме блузите и ги оставаме шлемовите во сенката зад црквата на тревата за да се одмориме. Тука е многу осамено и отворено, но убаво. Кога во далечината имате планини, па дури и ридови, имате пространство. Крис се втурнува со лицето во јакната и се обидува да спие.

Сега кога ги нема Сатерландови се е различно - толку е осамено. Ако не замерувате, јас сега ќе минам на шатакуата, додека осаменоста не исчезне.

За да го решиме проблемот околку тоа што е математичка вистина, рекол Поенкаре, мораме прво да се запрашаме каква е природата на геометриските аксиоми. Дали тие се синтетички а приори судови, како што рекол Кант? То ест, дали тие постојат како постојан дел од човековата свест, независни од искуството, создадени без искуството? Поенкаре мислел дека не постојат. Доколку би постоеле, тие би се наметнале со таква сила што не би можеле да замислиме спротивна претпоставка, ниту пак врз таа претпоставка да изградиме теориска градба. Не би постоела никаква неевклидовска геометрија.

Значи дали треба да заклучим дека геометриските аксиоми се всушност експериментални вистини? Поенкаре не го мислел ниту тоа. Доколку би било така, тие би биле подлжни на трајни промени и исправки заради пристигнувањето на нови лабораториски податоци. А тоа изгледало контрадикторно на природата на самата геометрија.

Поенкаре заклучил дека геометриските аксиоми се само договори, наш избор помеѓу сите можни договори условен од експериментални факти, но слободен и ограничен само со нужноста на избегнување на сите контрадикции. На тој начин постулатите можат да останат строго вистинити и кога експерименталните закони кои ја одредиле нивната примена се само приближни. Со други зборови, геометриските аксиоми се само маскирани дефиниции.

Потоа, откако ја утврдил природата на геометриските аксиоми, тој се вратил на прашањето: Дали е вистинита Евклидовата геометрија или е вистинита Риемановата геометрија?

Одговорил: Тоа прашање нема смисла.

Исто така можете да прашате дали метричкиот систем е исправен а англо-американскиот погрешен; дали Картезијанските координати се точни а поларните координати се лажни. Една геометрија не може да биде повистинита од другата; таа може да биде само посоодветна. Геометријата не е вистинита, таа е поволна.

Поенкаре потоа минал на прикажување на конвенционалната природа на другите поими во науката, како што се просторот и времето, докажувајќи дека не постои ниту еден начин на мерење на овие ентитети кој е повистинит од некој друг; оној начин кој е генерално усвоен е само посоодветен.

Нашите поими за простор и време исто така се дефиниции, одбрани врз основа на нивната соодветност при ракувањето со фактите.

Па сепак, ова радикално разбирање на нашите најосновни научни поими се уште не е целосно. Тајната за тоа што е просторот и што е времето може да стане поразбирлива преку овие објаснувања, но сега товарот на одржувањето на редот во космосот лежи врз "фактите". Што се фактите?

Поенкаре продолжил со нивно критичко испитување. Кои факти ќе ги набљудувате?, прашал. Ги има бесконачно многу. шансите дека неселективното набљудување на фактите ќе создаде наука се еднакви со оние дека мајмун на машина за пишување ќе ја отчука Оче наш.

Истото важи и за претпоставките. Кои претпоставки? Поенкаре напишал: - Доколку некоја појава допушта некое потполно механичко објаснување, таа ќе допушти безброј други објаснувања кои подеднакво добро ќе важат за сите необичности што експериментот ги открил. - Истиот суд го беше изрекол Федар во лабораторијата; тоа го покрена прашањето кое пак го исфрли од училиштето.

Кога научникот би имал на располагање бесконечно време, рекол Поенкаре, би било потребно само да му се каже: - Гледај и внимавај; - но со оглед на тоа што

нема време за да се види се, и со оглед на тоа што е подобро да не се види отколку да се види погрешно, тој нужно мора да избира.

Поенкаре утврдил некои правила: Постои хиерархија на факти.

Колку што е некој факт поопшт, толку е поскапоцен. Оние од кои се појавуваат многукратно се подобри од оние за кои шансите дека повторно ќе се појават се мали. Биолозите, на пример, не би успеале да изградат наука доколку постоеле само единки, а не и врсти, и доколку наследувањето не создавала деца слични на родителите.

За кои факти е веројатно дека ќе се појават повторно? Едноставните факти. Како да ги препознаеме? Изберете ги оние кои изгледаат едноставно. Или таа едноставност е вистинска, или сложените елементи не можат да се одделат едни од други. Во првиот случај веројатно повторно ќе го сретнеме тој едноставен факт, или ќе го сретнеме како елемент во некој сложен факт. Вториот случај исто така е мошне веројатен, бидејќи природата не создава такви случаи без никаква причина.

Каде е едноставниот факт? Научниците го барале во две крајности, во бесконечно големото и во бесконечно малото. Биолозите, на пример, инстинктивно дошле до тоа клетката да ја сметаат за поинтересна од целото животно; а по времето на Поенкаре протеинската молекула да ја сметаат за поинтересна од клетката. Резултатите покажале дека ова е навистина умно, бидејќи клетките и молекулите кои им припаѓаат на различни организми се покажале послични отколку самите организми.

Значи како да се одбере интересниот факт, оној кој се појавува одново и одново? Методот е токму тој избор на факти; потребно е значи пред се да се позанимаваме со создавање на метод; бројни методи се веќе измислени, но ниту еден не се наметнува. Исправно е да се започне со обични факти, но откако правилото ќе се воспостави вон секакво соменние, фактите во согласност со него стануваат здодевни бидејќи веќе не не подучуваат на ништо ново. Тогаш она што станува важно се исклучоците. Веќе не бараме сличности туку разлики, ги бираме најнагласените разлики бидејќи тие се највпечатливите а истовремено и најпоучните.

Најнапред бараме такви случаи во рамки на кои постои најголема веројатност ова правило да не биде точно; одејќи многу далеку во просторот или многу далеку во времето можеме да откриеме дека нашите обични правила сосема се видоизменуваат, и тие големи промени ни овозможуваат подобро да ги видиме ситните промени кои можат да се наоѓат поблиску до нас. Но ние мораме помалку да тежнееме кон утврдувањето на сличностите и разликите, а повеќе кон кон препознавањето на сродностите кои се скриени зад привидните разијдувања. Посебните правила најпрвин изгледаат противречно, но кога ќе ги погледнеме подобро се гледа дека тие се слични едни на други; доколку се разликуваат по содржината, тогаш се слични по формата, или по структурата на нивните делови. Ако ги гледаме од овој агол ќе видиме дека тие се прошируваат и клонат кон тоа да опфатат се. И тоа е она што ја сочинува вредноста на фактите кои помагаат во пополнувањето на одреден систем, и кои покажуваат дека тој е верна слика на другите познати системи.

Не, заклучил Поенкаре, научникот не ги бира случајно фактите кои ги набљудува. Тој се обидува да го стесни мноштвото искуства и мисли и затоа некоја мала книга за физиката содржи толку многу минати искуства и илјада пати повеќе можни искуства чии резултати и пред тоа биле познати.

Потоа Поенкаре илустрирал како се открива некој факт. Претходно воопштено опишал како научниците доаѓат до фактите и теориите, но сега навлегол во сопственото искуство со математичките функции кои му донесоа слава во младоста.

Петнаесет денови се обидувал со сета сила да докаже дека не може да постои ниту една таква функција. Секој ден седнувал на својата работна маса, работел еден час или два, тестирал голем број комбинации и не постигнувал никакви резултати.

Тогаш една вечер, спротивно на својата навика, испил кафе и не можел да заспие. Почнале да му надоаѓат идеи. Почувствувал како се судираат до моментот кога почнале, така да кажеме, да се спојуваат во парови, создавајќи една постојана комбинација.

Следното утро требало само да ги стави резултатите на хартија. Она што се случило е бран на кристализација.

Опишал како бранот на кристализација, кој се раководел согласно аналогиите кои се однесуваат на утврдените математички факти, го создал она што подоцна го нарекол "Тета - Фуксови низи". Го напуштил Каен, каде живеел, и пошол на геолошка екскурзија. Патувањето го навело да ја заборави математиката. Се подготвувал да влезе во автобус, и во мигот кога стапнал на скалите, му светнала една идеја, а ништо во неговите претходни мисли не ја провоцирало, дека трансформациите кои ги употребил за дефинирање на Фуксовите функции е идентична со трансформациите во неевклидовската геометрија. Не ја проверувал идејата, туку продолжил да разговара во автобусот, но чувствувал совршена сигурност. Подоцна на мира го проверил резултатот.

Едно откритие му дошло на ум додека подоцна шетал долж некоја морска клисура. Му се јавило со потполно истите својства на краткост, изненадност и непосредна сигурност. Уште едно големо откритие се случило додека шетал по улица. Другите го беа издигнале до небо тој процес како таинствено делување на генијалноста, но Поенкаре не бил задоволен со таквите плитки објаснувања. Се обидел да навлезе подлабоко во она што се случило.

Математиката, рекол, не е само празно прашање на примена на правилата. Таа не овозможува само повеќе комбинации во согласност со одредени цврсти закони. Така добиените комбинации би биле претерано бројни, некорисни и тегобни. Вистинската работа на откривачот се состои во правењето избор помеѓу тие комбинации заради исфрлање на непотребните, или уште подобро, заради избегнување на трудот околу нивното трупање, а правилата кои мораат да го усмеруваат тој избор се извонредно истенчени и чувствителни. Речиси е невозможно точно да ги наведете, потребно е повеќе да ги почувствувате отколку да ги формулирате.

Поенкаре потоа претпоставил дека тоа одбирање го прави, како што тој го нарекол, "сублимниот" дел од нас, ентитет кој точно кореспондира со она што Федар го нарекуваше прединтелектуална свест. Тој сублимен дел, рекол Поенкаре, гледа на голем број решенија на некој проблем, но само интересните решенија продираат

во подрачјето на свеста. Математичките решенија се одбираат врз основа на "математичката убавина", складноста на броевите и формите, геометриската елеганција. "Тоа е вистинско естетско чувство кое им е познато на сите математичари", рекол Поенкаре, "но толку им е далечен на лаиците што тие често доаѓат во искушение да се насмеат". Но овој склад, оваа убавина, лежи во средиштето на се.

Поенкаре истакнал дека притоа тој не мисли на романтичната, надворешната убавина која се забележува со сетилата. Тој мислел на класичната убавина, кој произлегува од складните односи на деловите, и која може да биде дофатена од страна на чистата интелигенција, на убавината која и дава структура на романтичната убавина и без која животот би бил неодреден и минлив сон, поради што човек не би можел да ги разликува своите соништа бидејќи не би постоела основа за утврдување на разликите. Прашањето на таа посебна класична убавина, чувството за складност на космосот, не наведува на бирање на такви факти кои најсоодветно му помагаат на тој склад. Не фактите, туку односите помеѓу нештата се оние кои го произведуваат сеопштиот склад кој е единствена објективна стварност.

Она што ни ја гарантира објективноста на светот во кој живееме е дека светот ни е заеднички на нас и на другите мислечки битија. Преку комуникацијата со другите луѓе ние од нив добиваме готови хармонични размислувања. Ние знаеме дека овие размислувања не потекнуваат од нас, но истовремено во нив препознаваме, поради нивниот склад, работа на разумни битија какви што сме и ние. И со оглед на тоа што овие размислувања се покажуваат соодветни за светот на нашите сетилни искуства, ние мислиме дека можеме да заклучиме дека тие разумни суштества ги виделе истите нешта како и ние; на тој начин знаеме дека не сме сонувале. Тој склад, тој Квалитет ако сакате, ја претставува единствената основа за единствената стварност која воопшто можеме да ја спознаеме.

Современиците на Поенкаре не сакале да се согласат со тоа дека фактите се бираат однапред, бидејќи мислеле дека ако го сторат тоа ќе ја уништат валидноста на научниот метод. Тие претпоставувале дека "однапред одбраните факти" значат дека вистината е "било што што ви се допаѓа" и неговите идеи ги нарекле конвенционализам. Но истовремено тие ја игнорирале вистината дека нивниот

сопствен "принцип на објективност" самиот не е факт кој може да се набљудува...и дека оттаму во согласност со нивните критериуми тие би морале да бидат ставени во состојба на лебдење без потпорна точка.

Чувствувале дека мораат да го сторат тоа, бидејќи во спротивно целиот филозофски столб на науката би се срушил. Поенкаре не понудил никаков излез од таа слепа улица. Не навлегол доволно длабоко во метафизичките импликации на она што го говорел за да стигне до решението. Она што заборавил да каже е дека изборот на фактите пред истите да бидат "набљудувани" претставува "било што што ви се допаѓа" само во еден дуалистички, субјективно-објективно метафизички систем! Кога во игра, како трет метафизички ентитет, ќе влезе Квалитетот, бирањето на фактите однапред веќе не е произволно. Бирањето на фактите однапред не се темели на субјективниот и на каприциозниот принцип на "било што што ви се допаѓа" туку на Квалитетот, кој е стварност по себе. Така слепата улица исчезнува.

Изгледаше како Федар да работеше на некаква сложувалка дека поради недостаток на време оставил недовршена една цела страна.

Поенкаре работел на своја сложувалка. Неговиот суд дека научникот ги бира фактите, претпоставките и аксиомите врз основа на складност исто така оставил остри рабови на недовршената сложувалка. Да се остави впечаток во научниот свет дека извор на сета научна стварност се состои само во субјективен и каприциозен склад значи да се решаваат епистемолошки проблеми, притоа оставајќи ги недовршени рабовите кои граничат со метафизика, што ја чини епистемологијата неприфатлива.

Но од Федровата метафизика знаеме дека сладот за кој говори Поенкаре не е субјективен. Тој е извор на субјектот и објектот и постои во претходните односи кои тој ги има кон нив. Тој не е каприциозен, тој е сила која се противи на каприциозноста, тој е начело на утврдување на целата научна и математичка мисла која ја уништува каприциозноста, без него не може да се создаде ниту една научна мисла. Моите очи се наполнија со солзи на препознавање кога открив дека овие недовршени рабови извонредно се совпаѓат со оној вид на складност за кој говореа и Федар и Поенкаре, за да произведат таква потполна структура на

мислите која би била способна да ги соедини раздвоените јазици на природните науки и на уметноста во едно.

На другата страна планините станаа стрмни создавајќи долга тесна долина која закривува во Мисулу. Челниот ветар ме исцрпи и чувствувам замор. Крис ме удира по грбот и ми покажува висок рид на кој е напишана голема буква M. Јас само климнувам. Утринава минавме поркај таква буква кога го напуштавме Боземан. Ми се враќа епизода од сеќавањето дека секоја училишна година бруцошите се качуваат таму горе и ја бојат буквата.

На станицата каде полниме бензин еден човек со приколка влечена од два коња од расата апалоса започнува разговор. Луѓето кои се занимаваат со коњи најчесто се против моторите, но ми изгледа дека овој не е таков, напротив тој поставува многу прашања и јас одговарам на нив. Крис постојано прашува дали ќе се качиме до она М, но јас од тука гледам дека патот е стрмен, нерамен и тешко прооден. Со нашиот мотор за асфалтни патишта и тешкиот товар на него не сакам да правам глупости. Некое време ги протегнуваме нозете, се шетаме наоколу и потоа помалку уморно тргнуваме од Мисула кон местото Лоло Пас.

Одеднаш се сеќавам дека пред неколку години овој пат беше каллив и завиваше околу секоја карпа и клисура во планините. Сега е асфалтиран и кривините се многу широки. Сиот сообраќај сега очигледно оди на север за Калиспел или Цоеур Д'Алене, со оглед на тоа што сме речиси сами на патот. Вртиме на југозапад, ветерот ни дува во грб, и поради тоа се чувствуваме многу подобро. Патот почнува да се закривува низбрдо кон превојот.

Сите траги на Истокот сега исчезнуваат, барем во мојата фантазија. Тука сиот дожд доаѓа од Тивкиот океан, а сите реки и потоци повторно го враќаат во Тивкиот океан. БИ требало да стигнеме до брегот за два-три дена.

Во Лоло Пас забележуваме ресторан, вртиме и застануваме покрај еден стар мотор од марката Харли. На него од страната накнадно е направен багажник, а бројчаникот покажува шеесет илјади километри. Тоа е вистински патник.

Во ресторанот нарачуваме пица и млеко, и веднаш по јадењето продолжуваме. Остана уште малку виделина, а а барањето на места за логорување во темница е тешко и непријатно.

На тргнување го среќаваме сопственикот на стариот мотор и неговата жена и ги поздравуваме. Доаѓаат од Мисури, а опуштениот израз на лицето на жената ми говори дека имале пријатно патување.
Мажот ме прашува: - И вие ли се боревте со оној ветер пред Мисула?

Јас климнувам: - Сигурно дуваше со педесет до шеесет километри на час.

- Најмалку - вели тој.

Зборуваме некое време за логорувањето и тие забележуваат дека е студено. Не ни сонувале дека во Мисури на лето можело да биде толку студено, па ни во планините. Морале да купат малку облека и покривки.

- Ноќеска не би требало да биде престудено - велам. - Се наоѓаме само на некои илјада и петсто метри висина.
Крис вели: - Ќе логоруваме некаде по пат.
- Во некои од камповите?
- Не, било каде покрај патот - велам.
Тие не покажуваат ниту малку желба да ни се придружат, па по кратка пауза го притискам стартерот и обајцата им мавтаме.

На патот сега има долги сенки од планински дрвја. После петнаесетина километри забележуваме мали шумски патчиња и вртиме на едно од нив.

Шумскиот пат е песоклив, затоа возам со мала брзина и ги пружам нозете за да избегнам можно заглибување. Гледаме и помошни шумски патчиња но се држиме до главниот се додека по два километри не наидеме на неколку булдожери. Тоа значи дека тука се уште се сече шума. Се враќаме и вртиме на еден помошен пат. Наскоро доаѓаме до стебло кое паднало врз патот. Тоа е добро. Тоа значи дека овој пат е напуштен.

Му велам на Крис: - Тука сме, и тој се симнува. Се наоѓаме на падина која ни овозможува да ја видиме недопрената шума која се протега со километри.

Крис е расположен за истражување, но јас сум толку уморен што само сакам да се одморам. - Оди сам - велам.

- Не, ајде и ти со мене.
- Навистина сум уморен, Крис. Ќе истражуваме утре.
Ги одврзувам ранците и ги распостилам вреќите за спиење по земја. Крис заминува. Се протегнувам, а уморот ми ги исполнува рацете и нозете. Тивка, прекрасна шума...
Крис се враќа и вели дека има пролив.
- О - велам јас и станувам. - Ќе мора ли да ги менуваш гаќите?
- Да - вели посрамено.
- Гаќите се во ранецот пред моторот. Преоблечи се и земи го сапунот од ранецот па ќе се спуштиме до потокот и ќе ги испереме валканите. - Збунент е поради сето тоа и драго му е што слуша наредби.

Косината на патот не присилува на внимателен од додека се спуштаме кон потокот. Крис ми покажува некои камења кои ги собрал додека јас сум дремел. Тука е многу ниско. Тишината и заморот и сонцевиот залез малку ме растажуваат, но тоа си го задржувам за себе.
Откако Крис го испра својот веш и го исцеди, се враќаме долж шумскиот пат. Додека се качуваме нагло ме обзема чувство дека по тој шумски пат одам целиот свој живот.
- Тато?
- Молам? - Некоја птица полетува од стеблото пред нас.
- Што би морал да бидам кога ќе пораснам?
Птицата исчезнува над далечниот гребен. Не знам што да му кажам.
- Чесен човек - велам најпосле.
- Мислам, со која работа би се занимавал?
- Со која било.
- Зашто се лутиш кога те прашувам тоа?
- Не се лутам...само мислам...не знам...едноставно сум преуморен за да размислувам...не е важно што ќе правиш.

Ваквите патишта стануваат се потесни и потесни и тогаш исчезнуваат.
Подоцна забележувам дека тој заостанува.
Сонцето е под хоризонтот и паѓа квечерина. Се враќаме одвоено по шумскиот пат, доаѓаме до моторите, се вовлекуваме во вреќите и без збор се подготвуваме за спиење.

23

Ене ја при крајот на ходникот: стаклената врата. А зад неа Крис и со него од една страна неговиот помад брат и од другата страна нивната мајка. Крис ги допира рацете на стаклото. Ме препознава и ми мавта. Јас му одмавнувам и се приближувам на вратата.

Колку е тивко. Како гледање филм кога ќе се расипе апаратот за звук.

Крис го крева погледот кон мајка му и се насмевнува. Таа озгора му се смее нему, но гледам дека со тоа само ја прикрива својата тага. Таа поради нешто е многу несреќна но не сака тие да го видат тоа.

А сега сфаќам што претставува таа стаклена врата. Тоа е капак на мртовечки сандак, мојот мртовечки сандак.

Не е тоа обичен сандак, тоа е саркофаг. Се наоѓам во голема гробница, мртов, и тие ми укажуваат последна чест.

Убаво од нив што дошле и што го прават тоа. Не морале. Благодарен сум им за тоа.

Сега Крис ми дава знак да ја отворам стаклената врата на гробницата. Гледам дека сака да разговара со мене. Тој можеби сака да му кажам каква е смртта. Ме обзема желба да го сторам тоа, да му кажам. Толку е убаво од него што дошол и што ми мавта што ќе му кажам дека и не е толку лошо. Само е осамено.

Ја пружам раката да ја бутнам вратата, но некое мрачно сениште во сенката покрај вратата ми дава знак да не ја допирам. Еден прст се крева кон усните кои не ги гледам. На мртвите не им е дозволено да зборуваат.

Но тие сакаат да зборувам. Се уште им требам! Дали тој го гледа тоа? Мора да постои некаква грешка. Зарем тој не гледа дека сум им потребен? Го преколнувам сеништето, морам да зборувам со нив. Уште не е се готово. Морам да им кажам некои работи. Но сеништето во сенка изгледа дека не ја слуша мојата молба.

- КРИС! - викам низ вратата. - ЈАС ЌЕ ТЕ ЧЕКАМ!!! - Темното сениште заканувачки ми се приближува, но јас го слушам гласот на Крис, слаб и далечен: - Каде? - Ме слушна. А темното сениште, бесно навлекува перде преку вратата.

Не на планината, си мислам. Планината веќе не постои. - НА ДНОТО НА ОКЕАНОТ!!! - викам.

И сега стојам во напуштените рушевини на некој град, сосема сам. Рушевини има насекаде околу мене, се протегаат бескрајно во сите правци, и морам да минам сам низ нив.

24

Сонцето изгреа.
Некое време не сум сигурен каде се наоѓам.
Некаде сме на патот во шумата.
Грд сон. Повторно онаа стаклена врата.
Хромот на моторот сјаје покрај мене и тогаш ги гледам боровите, а потоа во свеста ми продира државата Ајдахо.
Вратата и сеништето крај нив беа само во фантазијата.
Се наоѓаме на шумскиот пат, така е...ведар ден...сјаен зрак...Еј!...Прекрасно е. Се упативме кон океанот.
Повторно се сеќавам на сонот и зборовите "ќе се сретнам со тебе на дното на океанот" и се прашувам што значат. Но боровите и сонцето се посилни од секој сон па прашањата бргу исчезнуваат. Добрата стара стварност.
Се извлекувам од вреќата за спиење. Студено е и бргу се облекувам. Крис уште спие. Го заобиколувам, минувам преку едно паднато дрво и зачекорувам по шумскиот пат. За да се загреам, ги забрзувам чекорите до затрчување и бргу напредувам. Добро, добро, добро, добро, добро. Зборовите паѓаат во ритамот на чекорите. Некои птици полетуваат од сенката на ридот кон сонцето и јас ги

набљудувам додека не ми исчезнат од видикот. Добро, добро, добро, добро, добро. Крупен чакал по патот. Добро, добро. Свелтожолт песок на патот. Добро, добро, добро. Ваквите патишта понекогаш се протегаат со километри. Добро, добро, добро.
Најпосле стигнувам до моментот кога навистина останувам без здив. Патот сега е повисок и јас со поглед да ја надвишувам шумата, километарски долга.
Добро.
Се уште задишан се враќам долж патот со остар чекор, сега газејќи понежно и забележувајќи ги младите билки и грмушките на местата каде се исечени боровите.
Кај моторот потоа бргу и тивко ги подготвувам работите. Сега тоа ми е толку познато што го правам без размислување. Најпосле ми треба вреќата за спиење на Крис. Малку го протресувам, не прегрубо, и велам: - Голем ден!
Тој гледа околу себе, не се снаоѓа. Се извлекува од вреќата и, додека јас ја подготвувам се облекува а всушност не знае што прави.
- Облечи го џемперот и блузата - велам. Не очекува прилично студено возење.
Тој слуша и седнува зад мене и потоа во прва се симнуваме долж шумскиот пат до местото каде тој се спојува со асфалтниот слој. Пред да стапнеме на него фрлам последен поглед озгора. Убаво е. Убаво место. Од тука понатаму асфалтната лента се спушта и се спушта закривувајќи.

Денес не чека долга шатакуа . Неа и се радував за време на целото патување. Втора брзина, потоа трета. Не смее да се вози пребргу на овие кривини. Прекрасно сонце над овие шуми.
До сега постоеше некаква нејасност, некаква пречка во оваа шатакуа. За грижата говорев уште во текот на првиот ден, но тогаш сфатив дека не можам да кажам ништо паметно во врска со неа додека не ја објаснам нејзината спротивна страна, Квалитетот. Мислам дека она што е сега важно е да се поврзе грижата со Квалитетот, а притоа да се истакне дека грижата и Квалитетот се внатрешен и надворешен изглед на истата работа. Личноста која го гледа Квалитетот и ја чувствува додека работи, е личност која се грижи. Личноста која се грижи за она што го гледа и што го работи е личност која мора да поседува некои својства на Квалитет.
Така, ако проблемот на технолошката безнадежност е предизвикан заради отсуство на грижа, како кај технолозите така и кај антитехнолозите, и доколку

грижата и Квалитетот се внатрешен и надворешеен изглед на едно и исто нешто, тогаш логички следи дека вистинската причина на технолошката безнадежност е отсуството на воочување на Квалитетот во технологијата, како кај технолозите, така и кај антитехнолозите. Федровото лудо прогонување на рационалното, аналитичкото и, според тоа, технолошкото значење на зборот "Квалитет" би било навистина барање на одговор на целиот проблем на технолошка безнадежност. Така барем ми се чинеше мене.
Затоа се вратив и се префрлив на класично-романтичниот јаз бидејќи мислам дека тој лежи во темелите на целиот хуманистичко-технолошки проблем. Но тоа бараше продор во значењето на Квалитетот.
Разбирањето на значењето на Квалитетот во класични рамки бараше продор во метафизиката и нејзиниот однос кон секојдневниот живот. А тоа повторно бараше уште еден продор во големото пространство кое ја поврзува метафизиката и секојдневниот живот - имено, формалниот разум. Затоа и започнав со формалниот разум и навлегов во метафизика па потоа во Квалитетот, а потоа од квалитетот појдов наназад, кон метафизиката и науката.
Сега уште повеќе се спуштаме од науката во техниката, и мислам дека конечно се наоѓаме таму каде и сакав да бидеме уште на почетокот.
Но сега со нас се и некои поимања кои во голема мера го менуваат целото разбирање на тие нешта. Квалитетот е Буда. Квалитетот е научна стварнсот. Квалитетот е цел на уметноста. Преостанува тие поими да се обработат во практични, приземни рамки, а нема ништо попрактично ниту поприземно од она за што постојано говорам - поправањето на некој стар мотор.

Патот, постојано закривувајќи, се спушта во кањонот. Насекаде околу нас се расфрлани партали на раното утринско сонце. Моторот зуи низ студениот воздух и планинските борови и минуваме крај мал знак на кој пишува дека од местото каде можеме да појадуваме не делат само два километри.
- Гладен ли си? - викам.
- Да! - ми вика Крис.
Наскоро наидуваме на нов знак на кој пишува МОТЕЛ со стрелка која не упатува на лево. Забавуваме, вртиме и се возиме по каливиот пат додека не се појават лакирани колиби под дрвјата. Застануваме под едно стебло, го гасиме моторот и влегуваме во главната колиба. Дрвениот под пријатно звони под нашите чевли.

Седнуваме на маса со чаршав и нарачуваме јајца, топли колачи, јаворов сируп, млеко, колбаси и сок од портокал. Оној студен ветер ни отвори апетит.
- Сакам да и напишам писмо на мама - вели Крис.
Тоа ми изгледа добро. Одиме до рецепција и земам малку хартија. Му го давам на Крис, и му давам и пенкало. Ова студено утро и нему му даде малку енергија. Тој го става листот пред себе, цврсто го стега пенкалото и потоа некое време се сосредоточува на белата хартија.
Го крева погледот. - Кој датум сме денес?
Му кажувам. Тој климнува и запишува.
Потоа гледам како пишува: - Драга мамо.
Па се sури во хартијата.
Го крева погледот. – Што да и кажам?
Почнувам да се смешкам. Би морал да му дадам за задача да пишува цел сат за едната страна на кованата паричка. Понекогаш го замислувам како студент, но не како студент по англиски.
Не прекинуваат топлите колачи и јас му велам да го тргне писмото настрана па дека после ќе му помогнам.
По јадењето седам и пушам со некое оловно чувство поради топлите колачи и јајцата и сето останато и забележувам низ прозорецот дека надвор под боровите тлото е ишарано од играта на светлината и сенката.
Крис повторно го зема листот. - Помогни ми сега - вели. Во ред - му велам. Му велам и дека тој почетен застој ни е заеднички проблем, на сите нас. Обично, велам мозокот ти застанува кога се обидуваш да направиш премногу работи во исто време. Мораш да се обидеш да не ги присилуваш зборовите да надоаѓаат. На тој начин само го засилуваш застојот. Сега треба да ги раздвоиш нештата и секое нешто да го решиш поединечно. Се обидуваш да смислиш што би рекол и во исто време што би рекол најпрвин, а тоа е претешко. Затоа раздвои ги нештата. Едноставно направи попис на сето она што сакаш да го кажеш по каков било ред. Потоа ќе го пронајдеме вистинскиот редослед.
- На пример како? - прашува тој.
- Па еве, што сакаш да и напишеш?
- Па за патувањето.
- Што за патувањето?
Тој малку размислува. - За планината на која се качувавме.
- Во ред, запиши го тоа.

Тој запишува.
Потоа гледам дека запишува уште нешто, па уште нешто, па уште нешто, додека јас пушам и пијам кафе. Минува на третиот лист хартија набројувајќи ги нештата кои сака да и ги напише.
- Остави го тоа другото - му велам. - На тоа ќе работиме подоцна.
- Сето ова нема да го собере во едно писмо - вели тој.
Гледа дека се смеам и се мурти.
Му велам: - Сега избери ги само најдобрите места. - Потоа излегуваме и еве не повторно на моторот.
Се спуштаме по патот во кањонот и според звукот во ушите чувствуваме непрестано смалување на надморската висина.Станува потопло а и воздухот е погуст. Ова е поздравување со висорамнината на која се наоѓавме речиси од Мајлс сити.

Застој. Ете за што сакам да говорам денес.
Ќе се сетите дека патувајќи од Мајлс сити говорев за тоа како формалниот научен метод може да се примени на поправање на моторите преку проучување на синџирот на причини и последици и примена на експерименталниот метод за да се утврди тој синџир. Тогаш целта беше да се покаже што се подразбира под класична рационалност.
Сега сакам да покажам дека тој класичен модел на рационалноста може страшно да се подобри, да се прошири и да се направи многу поделотворен низ формално препознавање на Квалитетот во неговото дејствување. Меѓутоа, пред да го сторам тоа, би морал да се позанимавам со некои негативни страни на традиционалниот модел само за да покажам во што се состојат проблемите.
Најпрвин тоа е застојот, застојот во мозокот кој го следи физичкиот застој на она на што работите. Истото тоа што му пречеше на Крис. Или оној неподвижен штраф на капакот на моторот. Проверувате во прирачникот за да видите дали можеби постои некоја посебна причина поради која тој штраф толку тешко се врти, но се што пишува во него е "Да се извади бочниот капак", со оној прекрасен концизен технички стил кој никогаш не го ви кажува она што сакате да го дознаете. Не постои никаква претходна постапка која можеби, доколку не била изведена, би предизвикала заглавување на штрафот на капакот.
Доколку сте искусни веројатно ќе употребите течност која продира помеѓу штрафовите и еден остар штрафцигер. Но да претпоставиме дека сте неискусни и

дека ќе употребите комбинирана клешта, и дека навистина силно ќе завртите, бидејќи со таквиот начин веќе еднаш сте успеале, и дека овој пат она што ќе постигнете е само да го уништите процепот на штрафот.
Вашиот мозок веќе однапред смислил што ќе направите кога ќе го симнете капакот, па сега му треба малку време за да сфати дека таа досадна и безначајна пречка на уништениот процеп на штрафот не е ниту досадна ниту безначајна. Закочени сте. Застанавте. Ја "опраивте" работата...Тоа потполно ве попречува во поправањето на моторот.
Тоа не е ретка глетка во науката или технологијата. Тоа всушност е најобична глетка. Едноставен застој. Во традиционалното одржување, тоа е најлошиот од сите мигови, толку лош што избегнувате и да размислувате за него пред тој да се случи.
Книгите сега не ви помагаат. Ниту научниот разум. Не ви треба никаков научен експеримент за да го пронајдете дефектот. Очигледно е што се расипало. Вам сега ви треба таква претпоставка која ќе ви помогне да го извлечете штрафот без процеп а научниот метод не ви пружа ниту една од тие претпоставки. Методот ви помага само кога претпоставките ви се на дофат на раката.
Ова е нулта точка на свеста. Застој. Нема одговор. Се стои. Готово. Тоа е бедно емоционално искуство. Губите време. Неспособни сте. Не знаете што правите. Би требало да се срамите од самите себеси. Би требало да го однесете моторот на првиот механичар кој знае да се снајде во такви прилики.
Во тој миг нормално е да ве обземе несовладлив гнев и да ве наведе да посакате по тој капак да удирате со чекан и длето, да го распарчите ако треба. Размислувате за тоа, и колку што повеќе размислувате толку повеќе ве фаќа желба целиот мотор да го однесете на некој висок мост и да го бутнете удоле. Неверојатно е колку може да ве совлада еден тенок малечок процеп.
Она против што се борите е голема непознаница, празнина во целата западна мисла. Ви требаат некакви идеи, некакви претпоставки. Традиционалниот научен метод, за жал, речиси никогаш не успеа точно да каже каде можат да се најдат уште некои од тие претпоставки. Традиционалниот научен метод отсекогаш имал извонредно добар увид во минатите нешта, за местата каде веќе сте биле. Добар е за испитување на вистинитоста на она што мислите дека го знаете, но не може да ви каже каде треба да одите, освен ако тоа не е продолжување на патот по кој сте оделе во минатото. Креативност, оригиналност, интуиција, имагинација - со други зборови "отстранувањето на застојот" - е потполно вон неговиот допир.

Продолжуваме да се спуштаме низ кањонот, минувајќи стрмнини од кои се слеваат потоци. Забележуваме дека реката нагло се зголемува на местото каде во неа се слеваат потоците. Кривините на патот тука се поблаги а рамните делови на патот се подолги. Префрлам во поголема брзина.
После ова дрвјата стануваат поретки и потенки, со големи тревнати делови и грмушки. Претополо е за блуза и џемпер па застанувам покрај патот за да ги соблечеме.
Крис сака да се качува долж некаков пат и јас го пуштам, а самиот пронаоѓам мала сенка да се потпрам и да починам. Мирен сум и замислен.
Во проспектот пишува дека тука пред неколку години беснеел пожар. Според информациите шумата полека се обновува но ќе минат уште многу години додека да се врати во претходната состојба.
Малку потоа тркалањето на камчињата ми говори дека Крис се враќа долж стазата. Не бил далеку. Кога ми се приближува ми вели: "одиме". Го прицврстуваме багажот кој почнал да се олабавува, па повторно излегуваме на патот. Потта од она седење нагло се лади на ветерот.

Се уште стоиме кај оној штраф и единствениот начин да го раштрафиме е да го напуштиме понатамошното испитување во согласност со традиционалниот научен метод. Тоа нема да успее. Мораме да го испитаме традиционалниот научен метод во светло на тој заглавен штраф.
Досега тој штраф го гледавме "објективно". Според доктрината на "објективноста", која е составен дел на традиционалниот научен метод, она што ни се допаѓа или што не ни се допаѓа на тој штраф нема никаква врска со нашето исправно мислење. Не смееме да го вреднуваме она што го гледаме. Потребно е мозокот да ни биде табула раза која за нас ја пополнува природата, а потоа ќе умуваме не водејќи сметка за фактите кои ги набљудуваме.
Но кога ќе застанеме и ќе почнеме да размислуваме за тоа незаинтересирано, во рамките на овој заглавен штраф, ќе почнеме да сфаќаме дека целата таа идеја за незаинтересираното набљудување е глупава. Што се тие факти? Што е тоа што ќе го набљудуваме незаинтересирано? Оштетениот процеп? Преливите на боите на штитниците? Брзинометарот? Потпирачот зад седиштето? Како што би рекол Поенкаре, постојат безброј факти во врска со моторот, а оние вистинските не ни

играат пред очи и не се претставуваат. Вистинските факти, оние кои навистина ни требаат, не се само пасивни, тие се ѓаволски недофатливи, и нема едноставно да седиме и да ги "набљудуваме". Ќе мора да влеземе внатре и да ги побараме, во спротивно ќе останеме долго тука. Засекогаш. Како што истакна Поенкаре, мора да постои сублимиран избор на факти кои ќе ги набљудуваме.
Разликата помеѓу добриот механичар и лошиот механичар, токму како и разликата помеѓу добриот математичар и лошиот математичар, се состои токму во таа вештина на разлачување на добрите факти од лошите врз основа на Квалитетот. Тој мора да се грижи! Тоа е вештина во врска со која традиционалниот научен метод нема што да каже. Веќе одамна дојде времето за одблиску да се разгледа ова квалитативно бирање на фактите однапред, кое очигледно внимателно го избегнуваат оние кои толку се расфрлаат со фактите од тој тип, затоа што тие се веќе "набљудувани". Мислам дека ќе се открие дека формалното признавање на улогата на Квалитетот во научниот процес воопшто не го разорува научното гледање на светот. Тоа него го проширува, го засилува и го приближува кон современата научна пракса.
Мислам дека главната грешка врз која почива застојот лежи во инсистирањето на традиционалната рационалност на "објективноста", на доктрината дека постои поделена стварност на субјектот и на објектот. Овие две нешта мораат строго да се разделат за да се направи место за вистинската наука. Ти си механичар. Ова е мотор. Вие сте раздвоени засекогаш. Направи го ова. Направи го она. Резултатите ќе бидат вакви.
Овој вечен дуален субјективно - објективен начин на пристапување кон моторот ни се чини исправен бидејќи сме навикнати на него. Но тој не е исправен. Тој отсекогаш претставувал вештачка интерпретација која и била наметната на стварноста. Тој никогаш не бил самата стварност. Кога тој дуализам целосно ќе се прифати, неподеленото проникнување помеѓу механичарот и моторот бива уништено. Кога традиционалната рационалност го дели светот на субјекти и објекти, таа го исклучува Квалитетот, а кога навистина ќе заглавите тогаш Квалитетот, а не субјектите, ниту пак објектите е оној кој ви говори што треба да превземете.
Земајќи го предвид Квалитетот, се надеваме дека можеме технолошки да го испитаме безгрижниот субјектино-објективен дуализам и повторно да ии се вратиме на самоизградената стварност на онаа вештина која ќе ни ги открие фактите кои би ни биле потребни кога би заглавиле.

Во мислите сега имам слика на голем, долг воз, еден од оние џинови со 120 вагони што ги пресекуваат прериите вечно превезувајќи дрво и зеленчук од запад на исток, а автомобили и друга индустриска стока од исток на запад. Овој воз сакам да го наречам "знаење" и да го поделам на два дела: класично знаење и романтично знаење.
Користејќи аналогија, класичното знаење, знаењето на кое не учи Црквата на умот, ги претставува локомотивата и вагоните. Ги претставува сите нив и сето она што е во нив. Ако возот го расчлените на делови, никаде нема да го пронајдете романтичното знаење. Па доколку не сте внимателни лесно можете да заклучите дека возот е само тоа. Не затоа што романтичното знаење не постои или затоа што тоа е неважно. Туку затоа што дефиницијата на возот е премногу статична и бесцелна. Тоа е она за што се обидував да говорам во Јужна Дакота кога ги споменав двете димензии на постоењето. Тоа се всушност два начина на гледање на возот.
Романтичниот квалитет, со зборовите на оваа аналогија, не е ниту еден "дел" од тој воз. Тоа е челниот раб на локомотивата, дводимензионална површина без вистинско значење, освен ако не сметате дека возот воопшто и не е статично битие. Возот навистина и не е воз ако не може да појде некаде. Во процесот на испитување на возот и расчелнувањето на делови ние без предупредување го сопревме, така што тоа веќе и не е возот кој го испитуваме. Ете зошто заглавуваме. Првиот воз на знаењето не е статично битие кое може да се запре и да се расчленува. Тој секогаш оди некаде. По шините кои се нарекуваат Квалитет. И таа локомотива и сите тие 120 вагони никогаш не можат да појдат некаде освен доколку Квалитетот не ги поведе, а романтичниот Квалитет, челниот раб на локомотивата, ги води долж шините.
Романтичната стварност е сечило на искуството. Таа е челниот раб на возот на знаењето којшто го држи целиот воз на пругите. Традиционалното знаење е само збирно помнење на она каде се наоѓал тој челен раб. На челниот раб нема ниту субјект ниту објект, напред постојат само шините на Квалитетот, и доколку немате формален пат на вреднување, ниту начин на признавање на тој Квалитет, тогаш целиот воз нема ниту пат ниту начин да дознае каде оди. Немате чист ум - имате чиста збрка. челниот раб е место каде се случува целото дејствие. Челниот раб ги содржи сите безбројни можности на иднината. Тој ја содржи и сета историја на минатото. Каде на друго место би можеле да се наоѓаат иднината и минатото?

Минатото не може да се сеќава на минатото. Иднината не може да ја создава иднината. Остриот раб на овој миг, токму тука и сега, не е ништо помалку од севкупност на сето она што постои.
Вредноста, тој челен раб на стварноста, не е неважен производ на оваа структура. Вредноста е претходник на структурата. Таа е прединтелектуална свест која неа ја издигнува. Нашата структурирана стварност е однапред бирана врз основа на вредноста, а разбирањето на структурираната стварност бара разбирање на изворот на вредноста од која таа произлегува.
Оттаму, рационалното разбирање на моторот се менува од минута во минута, додека оној кој работи на него согледува дека новото и различното рационално разбирање има повисоки квалитети. Тој не се држи слепо до старите, мемливи идеи бидејќи има непосредна рационална основа истите да ги отрфли. Стварноста веќе не е статична. Таа не е збир на идеи кои морате или да ги победите или да им се покорите. Таа е делумно сочинета од идеи од кои се очекува да растат додека растете и вие, и додека растеме сите ние, од столетие во столетие. Земајќи го Квалитетот како нејзин средишен недефиниран поим, стварноста по својата суштинска природа не е статична туку динамична. А кога навистина ќе ја спознаете динамичната стварност, тогаш никогаш нема да заглавите. Таа има форми, но формите можат да се менуваат.
Да го прикажеме тоа во поконкретен облик: ако сакате да изградите фабрика, или да поправите мотор, или да ја доведете во ред државата без застој, тогаш класичното, структурираното, дуалистичко субјективно-објективно знаење, иако е неопходно, не е доволно. Морате да имате некакво чувство за квалитетот на работата. Морате некако да претпоставите што е добро. Тоа ве влече напред. Тоа чувство не е само нешто со што се раѓате, иако со него сте се родиле. Тоа е исто така нешто што можете да го развиете. Тоа не е само "интуиција", не е само чиста "вештина" или "надареност". Тоа е директен производ на допирот со базичната стварност, со Квалитетот кој дуалистичкиот разум во минатото настојуваше да го прикрие.
Сето тоа звучи толку далечно и езотерично кога вака се изложува, што се вчудовидуваме кога ќе откриеме дека тоа е еден од наједноставните и најприземните погледи на стварноста кои воопшто постојат. Ми паѓа на памет, помеѓу другите, Хари Труман, и неговата изјава во врска со сопствената политичка програма: - Само ќе се обидеме со тоа...па ако не биде добро..па, ќе се обидеме со нешто друго. - Можеби ова и не е најточен цитат, но секако е приближен.

Стварноста на американската влада не е статична, вели тој, туку е динамична. Ако не ви се допаѓа ќе сториме нешто подобро. Американската влада нема да заглави на некаков грст доктринарни идеи.
Клучниот збор е "подобро", то ест Квалитетот. Некој може да приговори дека скриената форма на американската влада навистина заглавила, дека таа е неспособна да се промени и да го задоволи Квалитетот, но тој приговор не ја погодува целта. Работата е во тоа дека претседателот и сите други, од најжестокиот радикал до најжестокиот реакционер, се согласуваат во тоа дека владата треба да се менува и да го задоволи Квалитетот, дури и ако не се менува. Федровото сфаќање на променливиот Квалитет како стварност, на толку семоќната стварност што и цели влади мораат да се менуваат за да одржат чекор со неа, претставува нешто во што без збор сите ние отсекогаш еднодушно сме верувале.
А тоа што го рекол Хари Труман навистина не се разликува ни малку од практичното и прагматичното однесување на кој било лабораториски научник или инжењер или механичар кога тој не размислува "објективно" во текот на својата секојдневна работа.
Јас постојано изнесувам некаква тешка теорија, но постојано, на некој начин, се појавуваат нешта кои ги знае секој - фолклор. Овој Квалитет, ова чувство за работа, тоа е нешто што е познато во секоја работилница.
Да се вратиме конечно на оној штраф.
Да го разгледаме повторно вреднувањето на состојбата во која претпоставуваме дека застојот кој се случил, таа нула на свесноста, не е најлоша од сите можни состојби во која би можеле да се најдете. Впрочем токму тој застој е она што Зен будистите со толку напор се обидуваат да го постигнат преку коаните, длабокото дишење, мирното седење и слично. Вашиот дух е празен, вие имате "шупливо-флексибилно" држење на "почетнички дух". Се наоѓате токму на челото на возот на знаењето, на самите шини на стварноста. Замислите, за промена, дека тоа не е миг кога треба да се плашите туку миг кога треба да пораснете. Доколку духот навистина длабоко ви заглавил, тогаш можеби тоа е подобро отколку да е натоварен со идеи.
Решението на проблемот често пати отпрвин изгледа неважно или напожелно, но состојбата на застој му допушта со време да се здобие со својата вистинска важност. Тој изгледа мал бидејќи вашето претходно строго вреднување, кое и довело до застојот, го смалил.

Но сега нека го разгледаме фактот дека застојот мора да исчезне, без оглед колку упорно сакате да се задржите на него. Вашиот ум природно и слободно ќе појде кон решението. Тоа не можете да го избегнете, освен ако не сте вистински мајстор на истрајување во застојот. Стравот од застојот е непотребен, бидејќи колку што останувате подолго во него, толку повеќе ја согледувате квалитетната стварност која секој пат ве извлекува од ќорсокакот. Вистинскиот разлог на вашиот застој е трката низ вагоните на вашиот воз на знаење во потрага по решение кое се наоѓа надвор, пред возот.

Застоите не смеат да се избегнуваат. Тие психолошки му претходат на секое вистинско разбирање. Несебичното прифаќање на застојот е клуч за разбирање на Квалитетот, како во механичката работа, така и во секое друго настојување. Според тоа разбирање на Квалитетот, стекнато низ застои, самоуките механичари толку често се поспособни од школуваните луѓе кои научиле како да решат се освен непознатите дефекти.

Обично штрафовите се толку ефтини и мали и едноставни што мислите дека се неважни. Но сега, кога вашата квалитативна свест станува појака, увидувате дека тој поединечен, посебен штраф не е ниту ефтин ниту мал ниту неважен. Токму сега тој штраф вреди точно колку продажната цена на целиот мотор, бидејќи моторот нема практична вредност додека не го извадите тој штраф. Со ова ново вреднување на штрафот надоаѓа и желбата да го проширите своето знаење за него. Со проширување на знаењето ќе дојде и до ново вреднување на штрафот. Ако се сосредоточите на него, ако мислите за него, ако на него заглавите доволно долго, би рекол дека со време ќе увидите дека тој штраф е се помалку и помалку типичен објект од некој вид, а се повеќе и повеќе единствен објект за себе. Потоа со уште поголемо сосредоточување ќе почнете да го гледате тој штраф не како објект туку како збир на функции. Вашиот застој постапно ги трга на страна моделите на традиционалниот разум.

Во минатото, кога го разделувавте субјектот од објектот на траен начин, вашето размислување за нив стануваше многу вкочането. Создававте категорија наречена "штраф" која изгледаше несоборлива и постварна од стварноста која ја гледате. И не можевте да смислите како да се извлечете од застојот, бидејќи не можевте да смислите ништо ново, бидејки не можевте да видите ништо ново.

Сега, при извлекувањето на тој штраф, вас веќе не ве интересира што е тој. Она што тој е престанало да постои како категорија на мислите и претставува непрекинато директно искуство. Не се наоѓа повеќе во вагоните, туку на челото и е подложно на

промени. Вас ве интересира што тој прави и зошто тоа го прави. Ќе поставувате функционални прашања. Во врска со вашите прашања ќе се случи квалитативно разлачување истоветно со квалитативното разлачување кое го довело Поенкаре до Фуксовите равенки.
Не е важно какво е вашето конкретно решение штом тоа го содржи Квалитетот. Размислувањето за штрафот како за спој на цврстина и неговото својство на спирално навртување може природно да доведе до употреба на лемило. Тоа е еден вид квалитативна шина. Други шини би можеле да ве одведат во книжарница да разгледате каталог на механички алатки при што би можеле да налетате на извлекувач на штрафови кои би ја завршил работата. Или да повикате пријател кој по малку се разбира во механичарска работа. Или штрафот да го избушите, или да употребите заварувач. Или можете, како резултат на своето концентрирано размислување за штрафот, да откриете некој нов начин на вадење на кој никој претходно не помислил и кој е подобар од сите други и може да се патентира и да создаде од вас милионер во рок од пет години. Не може да се предвиди што лежи на шините на Квалитетот. Сите решенија се едноставни - кога еднаш ќе стигнете до нив. Но тие се едноставни само тогаш кога веќе знаете какви се.

Главниот пат број 13 ја следи притоката на нашата река но сега оди низводно крај старите градови со пилани и дремлив пејсаж. Понекогаш, доколку свртите од сојузниот на регионалниот пат, ви изгледа дека патувате назад во времето. Убави планини, убава река, нерамен но пријатен пат...стари згради, стари лица на тремовите...чудно е како старите, застарените згради и фабрики и пилани, технологијата стара педесет и стотина години, изгледаат подобро отколку многу нови нешта. Плевелот и тревата и дивото цвеќе растат во бетонските пукнатини. Уредните, правоаголните, вертикалните црти добиваат случајни закривувања. Едноличната маса на воедначената свежа боја минува во шарена, избледена мекост. Природата има своја неевклидовска геометрија која понекогаш ја смекнува намерната објективност на тие згради со некој вид случајна спонтаност чие проучување би им дошла добро на архитектите.
Наскоро ја напуштаме реката и старите заспани градби и сега се качуваме на некоја сува рамнина покриена со ливади. Патот е полн со џумки и толку нерамен и оштетен што морам да ја смалам брзината на осумдесет. Во асфалтот има грозни дупки и затоа внимателно гледам да не наидам на уште некоја.

Навистина се навикнавме на далечини. Деловите од патот кој во Дакотите би ни се чинеле долги сега изгледаат кратки и лесни. Ни изгледа порпиродно да се биде на мотор отколку на земја. Се наоѓаме во непозната околина, во предели кои не сум ги видел никогаш порано, но јас тука не се чувствувам како туѓинец.
На врвот на рамнината, кај Грангевил, Ајдахо, заради неподносливата жештина влегуваме во ресторан со климатизација. Внатре владее прекрасна свежина. Додека го чекаме чоколадниот напиток, забележувам еден средношколец кој седи на шанкот и разменува погледи со девојката покрај себе. Таа е прекрасна, и јас не сум единствен кој го забележува тоа. Девојата зад шанкот која ги послужува исто така ги гледа. Некој вид триаголник. Постојано незабележани минуваме низ кратките мигови на туѓите животи.
Повторно се враќаме на жештината и недалеку од Грангевил гледаме дека рамнината, која изгледаше речиси како прерија кога излегувавме од неа нагло минува во голем кањон. Гледам дека нашиот пат ќе се спушта се пониско и пониско преку стотици остри кривини во пустелија од испресечена земја и карпи. Го удирам Крис по коленото и му го покажувам кањонот, а кога вртиме зад една кривина од која можеме да го видиме целиот го слушам како се дере: - Ју-ху!.
На работ префрлам во трета и го исклучувам гасот. Моторот малку се опира, пука, и тргнувам низбрдо.
Додека нашиот мотор се спушта на дното на ова непознато место, висината се смалува на над илјада метри. Гледам нагоре зад себе и на врвот гледам автомобили како мравки. Сега мораме да јуриме напред низ оваа врела пустина каде и да не одведе таа.

25

Вчера дискутиравме за решавањето на проблемот на застојот, за класичната грдост што ја предивзикува традиционалниот разум. Сега е време да минеме на нејзината романтична паралела, на грдоста на техниката која ја произведе традиционалниот разум.

Патот закривува, се крева и се спушта преку пустинските ридови и допира до тесната лента зеленило која го опкружува градот Вајт Брд, а потоа не носи до големата брза река која тече помеѓу високите кањонски карпи и се вика Саламон.

Тука жештината е ужасна и одблесокот од белите карпи заслепува. Возиме долж кривините на тесниот кањон, неспокојни заради брзата промена и притеснети од жестоката жега.

Грдоста од која бегаа Сатерландови не е составен дел на техниката. Ним тоа само им изгледа така, бидејќи е многу тешко од техниката да се издвои она што би можело да биде грдо. Техниката е едноставно правење на предмети, а правењето предмети по својата природа не може да биде грдо, во спротивно не би постоела можност на создавање убавина во уметноста која исто така вклучува правење предмети. Всушност коренот на зборот техника, техне, изворно значел "уметност, вештина". Старите Грци никогаш во мислите не ја раздвојувале уметноста од занаетчиството и затоа не развиле посебни зборови за нив.

Грдост нема ниту во материјалите на модерната технологија - како што тоа може да се чуе понекогаш. Пластиката и синтетиката која се употребува во масовното производство не се самите по себе лоши нешта. Тие само предизвикуваат лоши асоцијации. Како што човекот кој проживеал дел од својот живот помеѓу камените ѕидови на една зандана веројатно засекогаш ќе го смета каменот за грд материјал, иако каменот истовремено е основен материјал за скулптури, така и човекот кој живее во занданата на грдата пластична технологија која започнува со играчките во детството а продолжува целиот живот со потрошувачка на неквалитетни производи, веројатно тој материјал ќе го смета за во суштина грд. Но вистинската грдост на современата технологија не се наоѓа во ниту еден материјал ниту во еден облик, ниту во еден чин ниту во еден производ. Тоа се само објекти во кои се чини дека пребива Квалитетот. Тој впечаток го создава нашата навика на субјектите или на објектите да им припишуваме Квалитет.
Вистинската грдост не е резултат на никакви објекти на технологијата. Ниту пак, ако се држиме до Федровата метафизика, е резултат на некакви субјекти на технологијата, на луѓето кои ја создаваат или на луѓето кои со неа се служат. Квалитетот, или неговата отсутност, не пребива ниту во објектот. Вистинската грдост лежи во односот помеѓу луѓето кои создаваат технологија и нештата кои тие ги создаваат, што се огледува во сличниот однос кој владее помеѓу луѓето кои се служат со технологијата и предметите со кои тие се служат.
Федар почувствува дека во мигот на забележувањето на чистиот Квалитет, или дури и пред забележувањето, во мигот на чистиот Квалитет, не постои субјект и не

постои објект. Постои само чувстото за Квалитет кое ја поттикнува подоцнежната свесност на субјектите и објектите. Во мигот на чистиот Квалитет, субјектот и објектот се истоветни. Тоа е вистината тат твам аси од Упанишадите, но е присутна и во модерниот уличен жаргон. "Да ти текнува", "да ги конташ нештата", “да ти сече умот” - сите овие изрази се одрази на оваа истоветност. Таа истоветност е база на мајсторството во сите технички вештини. И токму таа истоветност и недостасува на модерната, дуалистички заснована технологија. Нејзиниот креатор не чувствува некакво посебно поистоветување со неа. Нејзиниот сопственик не чувствува некакво посебно поистоветување со неа. Нејзиниот корисник не чувствува никакво посебно поистоветување со неа. Според тоа, во согласност со Федровата дефиниција, во неа нема Квалитет.

Sидот којшто Федар го виде во Кореја беше технолошки чин. Беше убав, но не поради некакво мајсторско планирање ниту пак некаков научен надзор над работата, ниту пак заради некакви дополнителни трошоци за "стилизирање". Тој беше убав затоа што луѓето кои работеле на него така гледале на нештата што дури и несвесно исправно постапувале. Тие не се одвојувале од работата за да погрешат. Тука е суштината на решението. Патот да се реши судирот помеѓу човечките вредности и технолошките потреби не е во бегањето од технологијата. Тоа е невозможно. Патот да се реши тој конфликт е во рушењето на браната на дуалистичката мисла која го спречува вистинското разбирање на она што е технологија, то ест дека таа не претставува искористување на природното, туку спојување на природата и човечкиот дух во нов вид суштество кое ги надминува обете. Кога таквото надминување ќе се случи, како на пример при настани како што е првиот лет со авион преку океан или првиот човечки чекор на Месечината, се јавува и некој вид јавно признавање на несфатливата природа на технологијата. Но таа несфатливост треба да се случува и на индивидуално ниво, на лична основа, во животот на обичниот човек, на начин кој е помалку драматичен.

Тука наидуваме на кањонски карпи кои се потполно исправени. На многу места патот низ нив морал да се пресече со минирање. Нема помошни патишта. Само во правецот на текот на реката. Можеби само ми се причинува, но би рекол дека сега реката е помала отколку пред еден час.

Се разбира, ваквото лично неразбирање на судирот со технологијата не мора да се однесува на моторот. Може да биде на толку едноставно ниво како што е брусењето на кујнскиот нож или шиењето фустан или поправањето скршена столица. Темелните проблеми се секогаш исти. Во секој од тие случаи постои убав начин тоа да се направи и грд начин тоа да се направи, потребни се и вештина да се види што "изгледа добро"и вештина да се разберат скриените методи на стигнување до тоа "добро". И класичното и романтичното поимање на Квалитет мораат да се согласуваат.

Природата на нашата култура е таква што, кога би сте sирнале во упатствата за да видите како се врши некој од тие работи, упатствата секогаш би ви дале само едно поимање на Квалитетот, класичното. Тие би ви рекле како треба да го држите сечилото кога го брусите ножот, или како се употребува машината за шиење, или како се меша и како се применува лепакот, и "доброто" би следело природно, под услов тие скриени методи веќе да биле употребени. Вештината непосредно да се види што "изгледа добро" би била занемарена.

Резултатот е прилично типичен за модерната технологија: нејзината огромна тапост која изгледа толку мачна што мора да се прекрие со "стилски" лак за да биде прифатлива. А тоа на оној кој има и малку чувство за романтичен Квалитет поради тоа му паѓа уште потешко. Сега не е само мачно и тапо, туку уште и лажно. Споите ги тапоста и лажноста и ќе добиете точен базичен опис на современата американска технологија: стилизирани автомобили и стилизирани надворешни мотори за чамци, стилизирани машини за пишување и стилизирана облека. Стилизирани фрижидери полни со стилизирана храна во стилизирани куќи. Пластични стилизирани играчки за стилизирани деца, кои го минуваат Божик и секој роденден стилски, со своите стилски родители. Морате да бидете страшно стилски настроени за да не ви се смачува од сето тоа. Стилот ве гази; технолошката грдост прелиена со сируп на романтична лажност во напорот да произведе убавина и да извлече полза од народот кој, иако целиот потонат во стил, не знае каде би почнал бидејќи никогаш никој не му рекол дека на овој свет постои нешто како што е Квалитет, и тоа вистински а не во стил. Квалитетот не е нешто што се лепи на врвот на субјектот и на објектот, како што лампион кој се закачува на новогодишната елка. Вистинскиот Квалитет мора да биде извор на субјектот и објектот, семе од кое мора да никне стеблото.

За да се стигне до овој Квалитет, потребна е малку поинаква процедура од упатствата од типот "прв чекор, втор чекор, трет чекор" кои ја следат дуалистичката технологија, и сега ќе се обидам да продрам во неа.

После многу кривини во кањонот застануваме за да се одмориме под малите јазлосани стебла и карпи. Тревата околу стеблата е изгорена и кафена и полна со отпадоци кои зад себе ги оставиле излетниците.

Се испружувам во сенка, и по некое време го кревам погледот кон небото кое не го гледав многу откако влеговме во кањонот. Над карпите на кањонот тоа е студено и модро и многу далечно.

Крис дури и не оди до работ за да ја види реката, што обично го прави. И тој е уморен како и јас, па се задоволува со тоа што само седи во малата сенка под оние дрвја.

Малку подоцна тој вели дека му се чини дека меѓу нас и реката гледа една стара железна црпка. Ми покажува со прст и јас гледам на што мисли. Заминува таму и пумпа вода во раката а потоа со неа си го полева лицето. Му приоѓам и пумпам за него за да може да ги употреби обете раце. Потоа и јас се мијам. На рацете и на лицето чувствувам колку е студена водата. После тоа се враќаме до моторот, се качуваме и се враќаме на патот кој продолжува низ кањонот.

Сега она решение. Се досега низ целата оваа шатакуа на целиот проблем на технолошката грдост се гледаше негативно. Беше речено дека романтичните ставови во однос на Квалитетот, каков што кон него имаат Сатерлендови, се сами по себе безнадежни. Не можете да живеете само од привлечни емоции. Морате да работите и со скриените вселенски облици, со природните закони кои, кога ќе се разберат, можат да ја олеснат работата, да ги намалат болестите и речиси да ја искоренат гладта. Од друга страна, технологијата заснована на чистиот дуалистички разум е исто така осудена, бидејќи ги постигнува тие материјални предности претворајќи го светот во стилизиран куп ѓубре. Сега е време да се прекине со осудувањето на нештата и да се дадат некои одговори.

Одговорот е Федровото тврдење дека класичното сфаќање не смее да и се спротивставува на романтичната убавина; класичното и романтичното сфаќање треба да се обединат на базично ниво. Во минатото нашиот заеднички свет на разумот беше во процес на отфрлање и бегање од романтичниот, ирационален свет на предисторискиот човек. Уште од предсократовско време беше потребно да се отфрлат страстите и чувствата за да се ослободи рационалниот дух за разбирање на природниот ред со повторното усвојување на оние страсти од кои претходно се бегало. Страстите, возбудувањата, чувственото подрачје на човековата свест, се исто така дел од природниот ред. Негов средишен дел.

Денес во науката сме замаени со ирационалното ширење на слепото собирање податоци, со оглед на тоа што не постои рационален формат за разбирање на научната креативност. Денес исто така сме замаени со огромно количество стилизирање во уметноста - во плитките уметности - бидејќи има многу малку усвојувања и продирања во скриените облици. Имаме уметници без научно познавање и научници без уметничко познавање и едните и другите без било какво духовно чувство за гравитација, затоа резултатот не само што е лош, тој е катастрофален. Времето за повторно вистинско соединување на уметноста и технологијата навистина е одамна дојдено.

Кај Де Весови почнав да зборувам за душевниот мир во врска со техничката работа но бев исмеан бидејќи сум го изнел вон контекст. Мислам дека токму ова е контекстот да му се навратиме на тој душевен мир и да погледнеме за што говорев тогаш.
Душевниот мир не е површна работа во техничките дејности. Во него лежи се. Она што го создава е добрата работа а она што го уништува е лошата работа. Спецификациите, мерните инструменти, контролата на квалитетот, конечната проверка, сите тие се средства чија цел е задоволување на душевниот мир на оние кои се одговорни за работата. Она што на крајот се зема предвид е нивниот душевен мир, ништо друго. Причината за тоа лежи во фактот што душевниот мир е предуслов за забележување на оној Квалитет кој се наоѓа зад романтичниот и класичниот Квалитет, кој ги соединува овие две, и кој мора да ја следи работата додека таа е во тек. Патот да се види што е тоа што изгледа добро и да се разберат причините заради кои тоа изгледа добро, и да се биде во спрега со тој добар

изглед додека работата тече, води преку внатрешниот спокој, преку душевниот мир, на начин кој ќе овозможи тоа добро својство да заблеска низ него.

Велам внатрешен душевен мир. Тој нема директна врска со надворешните прилики. Може да го почувствува свештеник при медитација, војник во жестока битка или машинец кој работи со прецизност од илјадинка од милиметарот. Тој се базира врз отсуството на самосвест, што резултира со потполно поистоветување со приликите - постојат нивоа и нивоа на тоа поистоветување и нивоа и нивоа на спокојност кои се еднакво длабоки и кои е подеднакво тешко да се достигнат како попознатите нивоа на активност. Планините на постигнувањето се Квалитет откриен само во една насока, и се релативно безначајни и често пати недостапни ако не се разгледуваат заедно со океанските длабочини на самосвесноста - толку различна од самосвеста - кои произлегуваат од внатрешниот душевен мир.

Тој внатрешен душевен мир се јавува на три нивоа на поимањето. Изгледа дека е најлесно да се постигне телесно спокојство, иако и тука постојат нивоа и нивоа, како што тоа го докажува способноста на индијските мистици да бидат со денови живи закопани. Душевната спокојност, во рамките на која човек е ослободен од немирни мисли, се чини потешка, но може да се досегне. Но вредносното спокојство, во рамки на кое човек е ослободен од секакви желби и едноставно ги извршува секојдневните работи без какви било стремежи, се чини дека е најтешко да се постигне.

Понекогаш помислувам дека тој внатрешен душевен мир, тоа спокојство, е слично ако не и исто со некоја смиреност која понекогаш ја чувствувате при рибарење, и тоа многу придонесува за популарноста на овој спорт. Да се седи само со трската и јадицата, без движење, без мислење и без никакви грижи, таа состојба понекогаш ги отстранува нашите внатрешни напнатости и фрустрации, кои ни пречеле во излегувањето на крај со проблемите кои претходно не сме можеле да ги решиме, и кои внесувале грдост и неспретност во нашите дела и во нашите мисли.

Се разбира, не морате да одите на рибарење за да поправите мотор. Шолја кафе, прошетка по улица, понекогаш едноставно прекинување на работата на пет минути молчење - тоа е доволно. Кога работите можете речиси да почувствувате како се приближувате кон оној внатрешен мир којшто го разоткрива сето тоа. Она што му

врти грб на тоа внатрешно спокојство и Квалитетот којшто тој го открива е лошото одржување. Она што му врти лице е доброто одржување. Формите на вртење грб и лице се безбројни, но целта е секогаш иста.

Мислам дека кога овој концепт на душевен мир ќе биде воведен и поставен во средиштето на техничката работа, тогаш е можен спојот на класичниот и на романтичниот Квалитет на базично ниво, во рамките на практичната работа. Реков дека кај вештите механичари и машинци од одреден тип вие навистина можете да го видите тој спој, а можете да го видите во работата кои тие ја вршат. Да се рече дека тие не се уметници значи погрешно да се разбере природата на уметноста. Во нив има трпеливост, грижа и внимателност во однос на она што тие го прават, но и повеќе од тоа - има тука некој вид внатрешен душевен мир кој не е измислен туку произлегува од некаков склад со работата во којшто нема ниту водач ниту следбеник. Материјалот и мајсторовите мисли се менуваат во низа која се состои од мазни и воедначени промени, се до оној момент кога неговиот дух ќе се смири, токму во мигот кога материјалот ќе стане таков каков што треба да биде.

Сите сме искусиле такви моменти кога сме работеле нешто што навистина сме го сакале. Само што некако сме западнале во несреќно раздвојување на тие мигови од работата. Механичарот за кој говорам не го врши тоа разделување. Човекот за него вели дека го "интересира" тоа што го работи, дека е "занесен" со својата работа. Таа вклученост создава, на работ на сечивото на свеста, одсутност на какво било чувство на разделеност на субјектот од објектот. "Влегување во филм", "занесување", "засукување на ракавите" - има многу говорни изрази за она што го подразбирам под одсутност на дуалитетот на субјектот и на објектот, бидејќи она на што мислам многу добро се сфаќа на ниво на фолклор, на ниво на секојдневно однесување во работилницата, но во научниот говор зборовите за таа отсутност на субјектот и на објектот се ретки бидејќи научните умови ги исклучиле од свеста таквите видови на разбирање, превземајќи ги формалните дуалистички научни погледи на свет.

Зен будистите говорат за "едноставното седење", за медитативната вежба во која идејата за дуалност на субјектот и на објектот не владее со свеста. Она за што јас говорам кога зборувам за одржувањето на моторот е "едноставното поправање", при кое идејата за дуалност на субјектот и на објектот не владее со свеста. Кога со

човекот не владеат чувствата на разделеност од она на што работи, тогаш за него може да се каже дека "се грижи" за она што го прави. Тоа е суштината на грижата, чувството на поистоветување со она што се работи. Кога човек го има тоа чувство, тогаш тој ја гледа и другата страна на грижата, самиот Квалитет.

Кога човек работи на моторот, како и на секоја друга задача, мора да гради душевен мир кој не го одвојува од неговата околина. Кога тоа ќе се изведе успешно, тогаш сето останато следи природно. Душевниот мир создава вистински вредности, вистинските вредности создаваат вистински мисли. Вистинските мисли создаваат вистински дејства а вистинските дејства создаваат работа која ќе биде нивен материјален одраз, за другите да ја видат ведрината која владее во центарот на сето тоа. Тоа беше работата со оној sид во Кореја. Тој беше материјален одраз на душевната стварност.

Ако сакаме да го промениме светот и да го направиме подобро место за живеење, мислам дека патот до таа цел не не води низ разговори за односи кои се од политичка природа, кои се неизбежно дуалистични, полни со субјекти и објекти и со нивните меѓусебни врски; ниту пак низ програми полни со нешта кои другите луѓе треба да го прават. Мислам дека тој вид пристап почнува на крајот и да претпоставува дека крајот е почеток. Програмите од политичка природа се важни крајни производи на општествениот Квалитет, кои можат да бидат делотворни само доколку скриената структура на општествените вредности е во ред. Општествените вредности се во ред само доколку поединечните вредности се во ред. Местото каде треба да се поправа светот најнапред лежи во сопственото срце и главата и рацете, а потоа од таму треба да се работати врз околината. Некој друг можеби може да говори за тоа како да се подобри судбината на човештвото. Јас сакам да говорам само за тоа како се поправа мотор. А мислам дека ова што морам да го кажам има потрајна вредност.

Се појавува град кој се вика Риџинс и здогледуваме многу мотели, а потоа патот се рачва вон кањонот и следи некој мал поток. Изгледа како да се упатува нагоре, во шумата.

Наскоро се возиме во сенката на високите, студени борови. Се појавуваат знаци на одмаралишта. Закривуваме се повеќе и повеќе во неочекувано пријатени, студени,

зелени ливади опкружени со борови шуми. Во градот по име Њу Медоус повторно полниме бензин и купуваме две лименки масло, уште повеќе изненадени од промената.

Но при излегувањето од Њу Медоус забележувам дека сонцето е под низок агол и дека замреноста на доцното попладне почнува да се шири. Во некое друго доба на денот овие планински ливади би ме освежиле, но се возиме предолго. Минуваме низ Тамарак и патот повторно се спушта од зелените ливади во сув песочен пејсаж.

Мислам дека тоа е се што сакам да кажам во денешната шатакуа. Беше тоа долго предавање и можеби најважно. Утре сакам да зборувам за нештата кои навидум човекот го приближуваат кон Квалитетот и кои го оддалечуваат од Квалитетот, за некои стапици и проблеми кои се јавуваат при тоа.

Од портокаловата светлина ме обзема чудно чувство, во овој песочен и сув пејсаж толку далеку од дома. Се прашувам дали и Крис го чувствува тоа. Како некој вид необјаснива тага која надоаѓа секое попладне кога новиот ден засекогаш си заминува и не останува ништо пред нас освен се поголемата темнина.

Портокаловата светлина добива темно бронзена боја и понатаму го покажува она што го покажуваше цел ден, но изгледа дека сега го покажува тоа без воодушевување. Преку тие суви ритчиња, во оние мали далечни куќи живеат луѓе кои тука го минале целиот ден, работејќи ги своите дневни работи, кои сега не наоѓаат ништо необично ниту различно во овој чуден, се помрачен пејсаж, како што тој ни изгледа нам. Да пристигнавме до нив порано можеби би ги интересирало кои сме и зошто сме дошле тука. Но сега навечер само би им било криво што сме тука. Работниот ден мина. Време е за вечерата и семејството и опуштање и грижа за својот дом. Се возиме незабележани по овој пуст пат низ оваа пуста земја која не ја бев видел никогаш порано, и сега преовладува тешко чувство на издвоеност и осаменост и моето расположение замира заедно со сонцето.

Застануваме кај некое напуштено училиште и јас под стеблото на една голема топола менувам масло на моторот. Крис се раздразнува и прашува зошто се задржуваме толку, не знаејќи можеби дека е раздразлив само поради ова доба на денот, но јас му ја давам каратата да ја проучува додека менувам масло, па кога

маслото е променето заедно ја разгледуваме картата и решаваме да вечераме во првиот добар ресторан и да се влогориме во првиот добар камп. Тоа го развеселува.

Во крадот Кембриџ одиме на вечера и додека ја привршуваме, надвор се смрачува. Следиме зракче светлина долж споредниот пат кон Орегон до еден мали знак на кој пишува "Камп Браунли", за кого сфаќаме дека се наоѓа во планински пресек. Тешко е во темницата да се каже во каква околина се наоѓаме во моментов. Го следиме земјеното патче под дрвјата и покрај грмушките до местото за логорување. Изгледа дека тука нема веќе никого. Го гасам моторот и ги распакуваме работите. Во близина се слуша шум на поток. Освен тој шум и цвркотот на понекоја птица нема никакви други звуци.
- Ми се допаѓа тука - вели Крис.
- Многу е тивко - велам.
- Каде ќе стигнеме утре?
- Во Орегон. - Му ја подавам џепната ламба за да му свети додека ги распакувам предметите.
- Дали сум бил некогаш таму?
- Можеби, не сум сигурен.
Ги распакувам вреќите за спиење, а неговата ја ставам на излетничкото столче. Се радува на тоа. Ноќеска нема да има тешкотии со спиењето. Наскоро му го слушам длабокото дишење кое ми кажува дека тој веќе спие.

Би сакал да знаев што да му кажам. Или што да го прашам. Понекогаш ми изгледа толку близок, па сепак таа блискост нема никаква врска со она што се прашува или што се говори. Во други прилики ми изгледа толку далечен и како да ме гледа од некое поповолно гледиште кое јас не го гледам. А потоа понекогаш е само детинест и не постојат никакви односи.

Понекогаш, додека размислувам за тоа, мислам дека идејата дека духот на една личност може да му биде пристапен на духот на друга личност е само разговорна заблуда, само јажична фигура, илузија поради која некој вид замена помеѓу суштински отуѓените суштества изгледа уверлива, и дека навистина било каков вистински однос на една личност со друга на крајот на краиштата и не е можен. Напорот на проникнување во она што се наоѓа во духот на другото суштество го

искривува она што се гледа. Јас се обидувам, ми се чини, да досегнам до некои состојби во кои нештата се јавуваат неискривени, што и да се тие. Но начинот на кој тој ги поставува сите тие прашања не ми е е познат.

26

Ме буди чувство на студенило. Низ отворот на вреќата за спиење гледам дека небото е темносиво. Ја вовлекувам главата и повторно ги затворам очите.

Потоа гледам дека небесното сивило станува посветло, но се уште е студено. Ја гледам пареата на сопствениот здив. Ме буди вознемирувачка мисла дека сивилото доаѓа од дождовните облаци над нас, но по извесно набљудување сфаќам дека тоа е само сива мугра. Ми се чини дека е се уште престудено и прерано за возење, па не излегувам од вреќата. Но спиење веќе нема.

Низ жиците на тркалата ја гледам вреќата за спиење на Крис на масата за пикник, целата згужвана околу него. Не се помрднува.

Моторот тивко се издигнува над мене, подготвен за движење, како цела ноќ да бдеел над нас, к'о некој тивок чувар.

Сребренкасто-сив и хромиран и црн и - правлив. Прашината од Ајдахо и од Монтана и од двете Дакоти и од Минесота. Одоздола изгледа импресивно. Нема непотребни украси. Се има своја смисла.

Мислам дека никогаш нема да го продадам. Нема некоја посебна причина за тоа, навистина. Моторите не се како автомобилите, на кои рѓата им ја нагризува каросеријата за неколку години. Внимавајте на нив, поправајте ги и ќе ви траат цел живот. Веројатно и подолго. Квалитет. До сега не возеше без проблем.

Сончевата светлина токму во моментов го допира врвот на клисурата во која се наоѓаме. Еден прамен магла се појави над поточето. Тоа значи дека ќе затопли.

Се извлекувам од вреќата за спиење, ги облекувам чевлите, подготвувам се што можам а да не го разбудам Крис, потоа одам до масичето и го тресам за да се разбуди.

Тој не одговара. Гледам наоколу и забележувам дека веќе немам избор освен да го разбудам, па се колебам, но чувствувајќи се бодар и расположен од остриот утрински воздух, се дерам "СТАНУВАЈ" и тој нагло се исправа со ококорени очи.

Се обидувам колку што можам сето ова да го проследам со уводната рубаија на Омар Хајам. Ова над нас изгледа како некоја пустинска клисура во Персија. Но Крис нема абер за што зборувам. Го крева погледот кон врвот на клисурата и потоа само седи и трепка гледајќи во мене. човек би морал да биде посебно расположен за да прифати лошо рецитирање на поезија. Особено на оваа.

Набргу повторно се наоѓаме на пат полн со кривини и превои. Се спуштаме во ужасен кањон составен од бели високи клисури од обете страни. Ветерот е леден. Патот понекогаш минува низ малку сонце кое ме грее низ блузата и џемперот, но наскоро повторно влегуваме во сенката на кањонските карпи каде ветерот е повторно леден. Овој сув пустински воздух не ја задржува топлината. Усните ми се суви и испукани од ветерот што дува во нив.

Минуваме некаква брана, го напуштаме кањонот и влегуваме во некоја висока полупустинска земја. Ова сега е Орегон. Патот закривува низ пејзаж кој ме потсетува на северен Раџастан во Индија, каде нема вистински пустини туку многу грмушки и смреки и трева, но почвата не е обработлива освен во низините и долините каде има малку повеќе вода.

Оние луди рубаи од четири стихови постојано ми се моткаат низ глава.

Нешто, нешто на меѓата на ливадата од онаа страна
што ја дели нивата и пустината солена
Тука не се знае името на робот страден
Ниту милостивиот диван на Мехмед султан.
?

Тоа го привикува сеништето на рушевините на древната могулска палата на работ на пустината каде тој со крајче на окото забележа грмушка на дива ружа...

...А тој летен месец штом јоргован цути...Како ли одеше понатаму? Не знам. Дури и не ми се допаѓа таа песна. Забележав уште од почетокот на ова патување, а посебно од Боземан дека овие епизоди изгледаат сее помалку и помалку како дел од неговото паметење а сее повеќе и повеќе како дел од моето. Не сум сигурен што значи тоа...мислам...едноставно не знам.

Веројатно постои име за ваквиот вид полупустина, но не можам да се сетам на него. На патот нема никого освен нас.

Крис се дере дека повторно има проблем. Се возиме додека не го здогледам потокот под нас, па вртиме и застануваме. Неговото лице повторно е полно со нелагодност, но јас му велам дека не ни се брза и го вадам чистиот веш и парче тоалет хартија и парче сапун и му велам темелно и внимателно да ги измие рацете кога ќе биде готов.

Седам на карпата на Омар Хајам размислувајќи за полупустината и не се чувствувам лошо...А тој летен месец штом јоргован цути...ох...сега надоаѓа...

Секое утро, велиш, сто ружи во росата;
Кој ли трендафилот вчерашен го носи?
А тој летен месец штом јоргован цути
на младиот Халил и на Фатима в коси.

И така натаму, и така натаму...

Да го оставиме Омар и да и се вратиме на шатакуата. Омаровото решение е само да се седи и да се пие вино и да се тагува што времето мине, а шатакуата во споредба со тоа ми изгледа подобро. Особено денешната шатакуа, која говори за занесот.

Го гледам Крис како се враќа. На лицето има весел израз.

Зборот "занес" ми е драг затоа што е толку убав и толку занемарен и толку демоде што изгледа како да бара пријател и како да не сака да одбие никого кој ќе наиде. Некогаш тој многу се употребувал, но пополека излегува од говорот. Го сакам и затоа што го опишува токму она што му се случува на некој кој доаѓа во допир со Квалитетот. Тогаш тој се исполнува со занес.

Грците тоа го нарекувале ентусиасмос, од каде потекнува и "ентузијазам", што буквално значи "исполнет со божество", или со Квалитет. Гледате како се се совпаѓа?

Личноста исполнета со занес не седи безработно дрдорејќи за било што. Таа е на чело на возот на сопствената свесност, гледа што има на пругите и се соочува со тоа кога истото ќе наиде. Тоа е занес.

Крис доаѓа и вели: - Сега се чувствувам подобро.
- Добро - велам јас. Го подготвуваме сапунот и тоалет хартијата а крпата и мокриот веш го ставаме така за да не ги намокри другите предмети, па се качуваме на моторите и повторно се возиме.

Процесот на полнење со занес се случува кога некој е смирен доволно долго за да го види и за да го чуе и за да го почувствува вистинскиот космос, не само своето мемливо мислење за него. Но тоа не е ништо егзотично. Затоа и ми се допаѓа тој збор.

Често го гледате тој занес на луѓето кои се враќаат од долго и мирно рибарење. често пати тие се по малку затечени од тоа колку време потрошиле "залудно" бидејќи немаат интелектуално оправдување за она што го прават. Но, кога рибарот ќе се врати дома, обично има огромно количество занес, најчесто за оние нешта од кои го фаќала сафра неколку седмици претходно. Тој не губел време. Тоа само изгледа така поради нашето ограничено културно гледиште.

Ако се подготвувате да го поправите моторот, првиот и најважен алат е соодветната залиха на занес. Доколку ја немате, можете слободно да го соберете сиот останат алат и да го оставите на страна, бидејќи тој воопшто нема да ви помогне.

Занесот е психолошки бензин кој го покренува сето останато. Ако го немате, не постои начин моторот да се поправи. Но ако го имате, и ако знаете како да го сочувате, не постои начин кој би ве спречил моторот да се поправи. Тоа мора да се случи. Според тоа занесот е она што мора постојано да се истакнува и да се чува, пред сето останато.

Таа извонредна важност на занесот решава еден исклучителен проблем на оваа шатакуа. Проблемот е во тоа како да се ослободиме од генерализирањето. Ако оваа шатакуа западне во конкретни детали на поправањето на еден посебен мотор, постои голема веројатност тоа да не биде ниту вашата марка ниту вашиот модел и информациите да ви бидат не само некорисни туку и опасни, со оглед на тоа што советот кој понекогаш може да поправи еден мотор може да уништи друг. За детални информации од објективен тип мора да се употреби посебен работилнички прирачник за одредена марка и одреден модел. Освен тоа, општиот работилнички прирачник каков што е "Авто-мото водичот" на Аудел ги пополнува празнините.

Но постои еден друг детал во кој не навлегува ниту еден работилнички прирачник, а кој е заеднички за сите мотори и кој тука можеме да го изложиме. Тоа е детал во врска со односот кон Квалитетот, во врска со занесот кој постои помеѓу моторот и механичарот, кој е подеднакво сложен колку и самиот мотор. Низ целиот процес на поправање на моторот постојано се појавуваат некои нешта, нешта со низок квалитет, од правлив зглоб до случајно оштетен "незаменлив" склоп. Тоа спласнување на занесот ви го расипува воодушевувањето и толку ве обесхрабрува што посакувате да ја заборавите целата работа. Тие нешта ги нарекувам "стапици".

Постојат стотици различни видови стапици во кои запаѓа занесот, можеби милиони. Нема начин да спознаам колкав број од нив познавам. Само знам дека ми се чини дека сум се стапнал во секоја стапица на занесот која може да се замисли. Но не можам да сфатам како сум налетал на нив бидејќи во секоја нова работа откривам се поголем број од нив. Одржувањето на моторот ви ја уништува волјата. Ве лути. Ве разбеснува. Поради тоа е и интересно.

Картата ми вели дека градот Бејкер наскоро ќе биде пред нас. Гледам дека се наоѓаме во земја со поразвиено земјоделство. Тука паѓа повеќе дожд.

Сега на ум го имам каталогот со наслов "Стапици за занесот кои ги имам запознаено". Сакам да започнам едно цело ново академско поле на работа, наука за занесот, во чии рамки ќе ги распоредам, класифицирам, структурирам во хиерархии и меѓусебно ќе ги поврзам овие стапици, за воспитување на идните генерации и за добробит на целото човештво.

Наука за занесот 101 - Испитување на афективните, когнитивните и психомоторните пречки при забележувањето на квалитативните односи - 3 цр, ВИИ; МЊФ. Би сакал да го видам тоа некаде во каталогот на Универзитетската библиотека.

Во традиционалното одржување под занес се подразбира нешто со што сте се родиле или што сте го стекнале како резултат на доброто воспитување. Тоа е трајно својство. Поради недостаток на информации за тоа како се стекнува, некој би можел да помисли дека човекот без никаков занес е безнадежен случај.

Во недуалистичкото одржување занесот не е трајно својство. Тоа е променливо својство, магацин на бодриот дух кој може да се зголемува и да се смалува. Со оглед на тоа што тоа е резултат на забележување на Квалитетот, нужно следи дека стапицата за занесот може да се дефинира како било што што доведува до тоа некој да го загуби од вид Квалитетот, и така да го загуби воодушевувањето за она што го работи. Како што може да се насети од една ваква широка дефиниција, полето е големо и тука може да се нафрли само почетната скица.

Колку што сфаќам, постојат два главни типа стапици за занес. Во првиот тип спаѓаат оние во кои сте исфрлени од пругите на Квалитетот поради околности кои се во спрега со надворешните прилики, и јас тие стапици ги нарекувам "пречки". Во другиот тип спагаат стапици во кои сте исфрлени од пругите на Квалитетот поради околности кои првенствено се наоѓаат во вас самите. За нив немам никакво заедничко име - можеби "застои". Прво ќе се позанимавам со пречките кои имаат надворешни причинители.

Кога прв пат вршите некаква поголема поправка, најмногу ве загрижува проблемот на составување на деловите на моторот по погрешниот редослед. Тоа обично се случува во моментот кога мислите дека веќе сте ја завршиле работата. После неколкудневна работа конечно се е составено освен - што е ова?!? Осовина во лежиштето на клипот. Како сум можел тоа да го превидам? Боже, ќе мора да се почне од почеток. Речиси можете да чуете како занесот издишува.

Не можете да направите ништо друго туку да се вратите и повторно се да растурите...по малку одмор од еден месец кој ви е потребен за да се привикнете на таа помисла.

Постојат две техники со кои се служам за да ја избегнам пречката на составување по погрешен редослед. Со нив се служам главно кога се впуштам во посложен зафат за кој не знам ништо.

Тука во загради би требало да се вметне дека постои школа на механичарска мисла која вели дека јас не би смеел да се впуштам во сложени зафати за кои не знам ништо. Би морал или да бидам упатен или да му ја препуштам работата на стручно лице. Тоа е школа на механичка одбраност која функционира на ниво на самопослуга која би сакал да ја видам уништена. Такво "стручно" лице еднаш скрши ребра на цилиндер на еден ваков мотор. Јас ги уредувам прирачниците пишувани за стручни лица за ИБМ компјутери, и она што тие го дознаваат откога ќе ги проучат не е нешто особено. Вие сте во неповолна позиција кога за прв пат ќе се соочите со тоа и можеби тоа повеќе ќе ве чини поради деловите кои можете случајно да ги оштетите, и тогаш без сомневање ќе потрошите многу повеќе време, но кога следниот пат ќе се сретнете со истото веќе сте во голема предност пред стручните лица. Вие во занесот сте научиле многу и со многу мака, и сега сте полни со разновидни пријатни чувства кои во нив веројатно ги нема.

Во секој случај, првата техника на спречување на стапицата на составување делови според погрешен редослед е тетратка во која го запишувам редоследот на растурањето и ги бележам необичностите кои би можеле да ми задаваат главоболка при подоцнежното составување. Таа тетратка станува многу масна и грда. Но неколку пати два-три збора кои не изгледаа значајни кога беа запишувани

ги спречија оштетувањата и ми заштедија повеќечасовна работа. Белешките мораат да посветат особено внимание на левата и на десната ориентација на деловите, на горната и долната позиција, како и да ги обележуваат боите и распоредот на жиците. Доколку поединечните делови изгледаат излижани или оштетени или олабавени, тоа е вистинско време истото да се запише за после да можете сите резервни делови да ги купите одеднаш.

Друга техника на спречување на стапицата на составување на деловите по погрешниот редослед се весниците раширени на подот на гаражата на кои ги ставам сите делови од лево на десно и од горе надоле, како што читате страница во книга. На тој начин кога ги составувате по обратниот редослед сите малечки штрафчиња и подлоги и осовинки кои лесно се забораваат ви го привлекуваат вниманието токму кога треба.

Па сепак, дури и покрај сета таа претпазливост понекогаш ви се случува да ги составите деловите по погрешен ред, а кога ќе се случи тоа морате да внимавате на занесот. чувајте се од очајот во кој диво јурите трудејќи се да го обновите занесот и надокнадувајќи го загубеното време. Со тоа се прават само нови грешки. Штом ќе видите дека мора да се вратите и повторно да растурите се, крајно време е за подолг прекин на работата.

Важно е да ги разликувате таквите случаи од грешките во составување поради недостаток на одредени информации. Често целиот процес на составување станува сувопарна техника во која морате да го растурите моторот за нешто да замените и потоа повторно да го составите за да видите дали замената успеала. Ако не успеала, тоа не е пречка бидејќи таа информација која сте ја добиле претставува вистински напредок.

Но доколку сте направиле очигледно глупава грешка при составувањето, занесот делумно може да се спаси низ спознанието дека идното растурање и составување веројатно ќе се одвива многу побргу отколку првото. Потсвесно сте запаметиле секакви нешта кои повеќе не морате да ги учите од почеток.

Од Бејкер моторот не носи нагоре низ шумите. шумскиот пат не води низ еден превој па повторно низбрдо низ нови шуми на другата страна.

Додека се спуштаме низ горската косина, забележувам дека дрвјата се се поретки, за на крај да се најдеме во пустина.

Следната препрека е испрекинатиот дефект. Во ваков случај, она што е расипано одеднаш станува исправно штом почнете да го поправате. Електричните кратки споеви често пати спаѓаат во ова множество. Краткиот спој се случува само кога моторот потскокнува. Штом ќе застанете, се е во ред. Тоа е речиси невозможно да се поправи. Се што можете да направите се состои во тоа да се обидете дефектот одново да се јави, па ако не се јави, да го заборавите.

Испрекинатите дефекти стануваат стапици кога ќе ве наведат да верувате дека моторот навистина е поправен. Секогаш и во секоја работа е добро да се причека неколку стотици километри пред донесувањето на такви заклучоци. Тие дефекти обесхрабруваат кога често се појавуваат, но во ниту еден случај не сте во полоша позиција од оној кој доаѓа кај механичар. Всушност вие сте во подобра позиција. Тие дефекти се многу поголеми стапици за сопственикот кој мора секој час да го носи моторот во работилница без никакво задовоство. На својот мотор можете да ги проучувате колку сакате, нешто што механичарот не може да го стори, и можете едноставно со себе да го носите алатот кој мислите дека ќе ви треба додека испрекинатиот дефект повторно не се појави, па тогаш, кога тој ќе се појави, да застанете и да се позанимавате со него.

Кога ќе се појават испрекинати дефекти, обидете се да ги споредите со други нешта кои му се случуваат на моторот. Дали проблемот се појавува, на пример, само кога моторот ќе налета на дупки, само на кривини, само при забрзување? Само кога е топло? Тие споредби се клуч за причинско-последичните претпоставки. Кај некои испрекинати дефекти морате да се помирите со тоа дека ве чека долга истрага, но без оглед колку е мачно, тоа не е ниту одблизу толку мачно како пет одења на професионален механичар. Доаѓам во искушение да напишам долга расправа под наслов "Испрекинатите дефекти кои ги имам запознаено" со детален опис како сум ги решил. Но тоа веќе наликува на оние рибарски приказни кои го интересираат

само рибарот кој никако не може да сфати зошто сите останати се проседаат. Тој уживаше во тоа.

После погрешното составување и испрекинатите дефекти, мислам дека следната највообичаена надворешна стапица е недостатокот на резервни делови. Тука оној кој сам си ги врши поправките може да западне во малодушност на неколку начини. Деловите се нешто што никогаш не планирате да го купите во моментот кога го купувате моторот. Претставништвата уживаат во тоа да располагаат со многу мали резерви. Продавниците за делови се бавни и секогаш имаат недостаток на продавачи на пролет кога сите купуваат резервни делови за мотори.

Цените на деловите се втор дел од оваа стапица за занес. Добро е позната индустриската политика дека цената на оригиналниот производ мора да биде конкурентна, бидејќи купувачот секогаш може да отиде на друго место, но затоа кога се во прашање резервните делови цените се набиени и продавачите ве дерат. Цената на поединечниот дел не само што е далеку над неговата првобитна цена, за вас цената е посебна бидејќи вие не сте професионален механичар. Тоа е подмолна измама која му овозможува на професионалниот механичар да се збогати, вградувајќи делови кои не се потребни.

Уште еден проблем. Делот не мора да одговара. Описите на деловите секогаш содржат грешки. Промените на сериите и на моделите внесуваат збрка. Недоволно прецизните делови понекогаш минуваат низ контрола на квалитетот бидејќи во фабриката не постои исправен апарат за проверка. Некои од деловите кои ги купувате се прават во посебни погони кои немаат увид во оригиналните податоци за да можат исправно да ги изработат. Понекогаш тие ги мешаат промените на сериите и моделите. Понекогаш кога продавачот кај кого купувате делови ќе запише погрешен број. Понекогаш вие нему нема да му дадете точен опис. Но секогаш ќе се појави една страшна стапица за занесот кога ќе се вратите дома и ќе откриете дека новиот дел не одговара.

Стапиците кои се во врска со деловите можат да се совладат со комбинирање на низа техники. Пред се, ако во градот постои повеќе од една продавница со резервни делови, секако избери ја онаа во која продавачот е најљубезен.

Настојувај со него да бидеш на "ти". Често и тој е бивш механичар па може да ти даде бројни информации кои ти се потребни.

Внимавај на оние кои ги намалуваат цените и обиди се да преговараш со нив. Со некои од нив е добро да се соработува. Магацините на автомобили и компаниите кои ја праќаат стоката преку пошта често пати имаат многу пониски цени за деловите на моторот отколку претставништвата на моторите. Можете да купите синџир од производувач на синџир по многу поефтина цена од најниската во продавниците за мотори.

Секогаш земи го стариот дел со себе за да избегнеш купување на погрешниот дел. Понеси и некаква мерка за да ги споредиш димензиите.

На крај, доколку поради резервните делови си очаен како и јас, и располагаш со малку пари кои би ги вложил, можеш да се занимаваш со навистина величенствено хоби на изработка на сопствени делови. Јас имам мала метало-преработувачка машина со димензии 6Х8 палци со вградена глодалка и целосна опрема за заварување: електричен лак, хелио-лак, нормален апарат и мини апарат на плин. Со таа опрема можете да ги заварите излижаните површини кои ќе изгледаат подобро од оригиналниот метал, а потоа да го избрусите до граница на толеранцијата. Навистина не можете да замислите колку е корисна оваа комбинација се додека самите не се послужите со неа. Ако не можете сето ова да го направите баш онака како што треба, секогаш можете да направите нешто што ќе биде од полза. Изработката на резервниот дел е многу споро, а некои делови како што се на пример кугластите лежишта нема никогаш да можете да ги изработите, но би биле вчудовидени на кој начин можете да го менувате нацртот за деловите за да бидете во состојба да ги изработите со своја опрема, а работата не е ниту приближно толку спора ниту залудна како чекањето додека некој намуртен продавач ја испрати нарачката во фабриката. И работата е создавање на занес, а не негово уништување. Возењето на мотор чии делови сте ги изработиле сами ве исполнува со посебно чувство кое никако не можете да го добиете кога се во прашање делови кои се купуваат исклучиво во продавница.

Навлеговме во пустинскиот песок и моторот почнува да кашла. Го вклучувам помошниот резервоар и ја проучувам картата. Во градот кој се нарекува Јунити полниме бензин и еве не повторно на врелиот црн пат, се возиме низ море од жалфии.

Ете, тоа се најовообичаените пречки на кои можам да се сетам: погрешно составување, испрекинати дефекти и неволји со резервни делови. Но иако пречките се најголеми стапици за занес, тие се само надворешни причини на спласнувањето на занесот. Време е да се разгледаат некои внатрешни стапици кои делуваат истовремено.

Како што е наведено во описот на науката за занесот, овој внатрешен дел на подрачјето може да се разбие на три главни типови внатрешни стапици за занес: на оние кои го спречуваат афективното разбирање, наречени "вредносни стапици", на оние кои го спречуваат когнитивното разбирање, наречени "стапици на вистината", и на оние кои го спречуваат психомоторното однесување, наречени "мускулни стапици". Вредносните стапици претставуваат најголемо и најопасно множество.

Во рамките на вредносните стапици најраширена и најпогубна е вредносната крутост. Тоа е неспособноста некој одново да го вреднува она што го гледа заради слепото држење до претходната вредност. При одржувањето на моторот морате одново да го откривате она што го правите додека го правите тоа. Крутите вредности го оневозможуваат тоа.

Ова често се јавува во преранетите дијагнози, кога сте сигурни дека знаете во што е проблемот, па кога проблемот не е во тоа, тогаш застанувате. Тогаш морате да пронајдете некои нови траги, но за да ги пронајдете најпрвин треба да ја прочистите главата од старите сфаќања. Ако сте заразени од крутост, вистинскиот одговор може да ви избега и тогаш кога ви зјапа в лице бидејќи не можете да ја видите важноста на новиот одговор.

Раѓањето на новиот факт секогаш е прекрасно искуство. Тоа дуалистички се нарекува "откритие" поради сфаќањето дека тоа поседува сопствена егзистенција

независно од било чија свест за него. Во почетокот тоа секогаш има ниска вредност. Потоа, во зависност од приемчивоста на набљудувачот, и од потенцијалниот квалитет на фактот, вредноста расте или полека или побргу, или пак вредноста опаѓа а фактот исчезнува.

Големо мнозинство факти, слики и звуци кои се наоколу на секоја секунда и односите помеѓу нив и сето она што е во нашето паметење, не содржи во себе Квалитет, всушност има негативен квалитет. Кога сите овие факти би биле одеднаш присутни, нашата свест би била толку претрупана со бесмислени податоци што би ни било невозможно да мислиме и да дејствуваме. И така, ние однапред одбираме врз основа на Квалитетот, или пак да се изразиме на федровиот начин, пругите на Квалитетот однапред одбираат за кои податоци ќе бидеме свесни, и тој избор се создава на таков начин што најдобро го ускладува она што ние сме со она што ние стануваме.

Ако се фатите во таа стапица на крутите вредности, единствено ви останува да се помирите - тоа ќе морате да го сторите во секој случај, без оглед дали тоа го сакате или не - но се помирувате привремено и повторно го минувате патот по кој сте минале претходно за да видите дали ви се навистина важни оние нешта за кои претходно сте мислеле дека се важни и...ете...едноставно зјапате во моторот. Тоа не е срамно. Зјапате како што би зјапале во тапата кога ловите риба и наскоро, јас ви гарантирам, ќе забележите дека нешто се мрда, некој ситен податок кој на срамлив и кроток начин ве прашува дали сето тоа ве интересира. На тој начин светот оди понатаму. Треба да ве интересира.

Најпрвин се обидувате да го разберете тој нов факт не толку во рамките на својот голем проблем колку поради него самиот. Тој проблем можеби не е толку голем колку што вие мислите. А тој факт можеби и не е толку ситен колку што мислите. Можеби вие тој факт не го ни сакате, но морате да бидете сигурни во тоа пред да го отфрлите. Често пати пред да го отфрлите ќе откриете дека тој има пријатели кои стојат покрај него и чекаат да видат кој е вашиот одговор. Меѓу тие пријатели може да биде токму оној факт кого го барате.

После некое време можеби ќе откриете дека тие знаци кои ги добивате се поинтересни од вашата почетна замисла да поправате мотор. Кога тоа ќе се случ

вие пристигнувате на некој вид цел. Тогаш веќе не сте исклучиво механичар за мотори, туку сте и научник за мотори, и потполно сте ја совладале стапицата на вредносна крутост.

Патот повторно води меѓу борови, но според картата гледам дека тоа нема долго да потрае. Долж патот има рекламни паноа на некое одмаралиште и некои деца под нив, речиси како дел од информацијата, кои собираат шишарки. Тие ни мавтаат и додека го прават тоа на најмалото дете му паѓаат сите шишарки.

Постојано сакам да се вратам на онаа аналогија според која фактите се ловат како риби. Веќе можам да предвидам како некој многу незадоволно прашува: - Да, но кои тоа факти сакате да ги уловите? Во тоа мора да има нешто повеќе од тоа.

Но одговорот е дека доколку знаете кои факти ги ловите вие веќе не ловите риба. Веќе сте ја уловиле. Се обидувам да се сетам на некој одреден пример...

Би можел да наведам многу примери во врска со одржувањето на моторот, но највпечатлив пример на вредносна крутост на кој можам да се сетам е старата стапица за мајмуни во Јужна Индија. Стапицата се состои од продупчен кокосов орев кој е врзан за еден кол. Во оревот има малку ориз кој може да се дофати низ дупче. Дупчето е доволно големо за раката на мајмунот да може да влезе внатре, но е премало за раката да може да излезе надвор. Мајмунот го грабнува оризот и наеднаш е фатен - поради ништо друго туку само поради својата крутост во оценувањето на вредноста. Тој не може одново да го вреднува оризот. Тој не може да сфати дека слободата без оризот е повредна од ропството со него. Селаните приоѓаат да го зграпчат и да го однесат. Тие се приближуваат се повеќе и повеќе, тука се! Каков генерален совет - не посебен совет - туку каков општ совет би му дале на еден мајмун во таква ситуација?

Мислам дека би можеле да му го кажете точно она што јас го бев рекол во врска со крутоста на вреднувањето, можеби со малку дополнителна итност. Има еден факт кој мајмунот би морал да го знае: доколку ја отвори раката ќе биде слободен. Но како ќе го открие тој факт? Со отстранување на крутоста на вреднувањето, кое

повеќе го цени оризот од слободата. Како ќе го стори тоа? Па, би требало некако да се обиде да се помири и повторно да го мине патот по кој минал порано и да види дали се навистина важни оние нешта за кои претходно мислел дека се важни и за миг да престане со потскокнувањето и само да го гледа кокосовиот орев некое време. Многу бргу би забележал еден незначителен факт кој би го прашал дали тоа навистина го интересира. Тогаш тој би требало да се обиде да го разбере тој факт не толку во рамки на својот голем проблем, колку поради него самиот. Тој проблем можеби не е толку голем колку што тој мисли. Ни тој факт можеби не е толку незначителен како што тој мисли. Тоа се отприлика сите генерални информации кои би можеле да му ги дадете.

Кај Прери Сити повторно излегуваме од планинските шуми и влегуваме во сув низински град со широка главна улица низ која се гледа центарот на градот а на другата страна преријата. Приоѓаме на еден ресторан, но тој е затворен. Ја минуваме широката улица и се обидуваме со друг ресторан. Вратата е отворена, седнуваме внатре и нарачуваме кисело млеко. Додека чекаме го вадам концептото на писмото кое Крис го подготвуваше за мајка му и му го давам. На мое изненадување тој работи на него без многу прашања. Се потпирам на оградата и не му пречам.

Постојано чувствувам дека тие факти кои ги ловам во врска со Крис се исто така пред мојот нос, но дека мојата крутост на вреднување ме спречува да ги видам. Повремено изгледа дека се движиме паралелно но не и заедно, а потоа во чудни мигови дека се судираме.

Неговите неволји дома почнуваат кога тој ме имитира настојувајќи да им заповеда на другите онака како што јас му заповедам нему, посебно на својот помлад брат. Секако, другите не ги слушаат неговите наредби, но тој не може да го сфати нивното право на истото, и тогаш се создава вистински пекол.

Изгледа дека нему не му е гајле дали другите го сакаат. Тој само сака јас да го сакам. Тоа не е воопшто здраво, кога ќе се земе предвид се. Веќе е време тој да се впушти во долг процес на одвојување. Тој прелом мора да биде што е можно

побезболен, но мора да се направи. Време е тој да застане на сопствени нозе. Што побргу тоа подобро.

И сега, кога размислив за сето тоа, не верувам повеќе во него. Не знам во што е проблемот. Оној сон што трајно ме опседнува ме вознемирува бидејќи не можам да побегнам од неговото значење: јас сум засекогаш на другата страна на стаклената врата која не ја отварам кон него. Тој сака да ја отворам, но до сега секогаш се вртев на другата страна. Но сега постои некое ново сениште кое ме спречува. Чудно.

Малку подоцна Крис вели дека се уморил од пишување. Стануваме, плаќам на касата и заминуваме.

Повторно на патот и на разговорот за стапиците.

Следната стапица е важна. Тоа е внатрешната стапица за занесот која се нарекува вообразеност. Вообразеноста не е потполно одделена од вредносната крутост, туку е еден од многуте нејзини предизвикувачи.

Ако самиот себе високо се цениш, тогаш твојата способност да ги препознаеш новите факти е ослабена. Твојата вообразеност те одвојува од квалитетната стварност. Кога фактите ќе покажат дека потполно си промашил, ти тоа нема лесно да го признаеш. Кога некој лажен податок ти ја крева цената, ти во него лесно ќе поверуваш. Кај секоја механичка поправка вообразеноста тешко се плаќа. Постојано излегуваш будала, постојано правиш грешки, и механичарот кој мора да ја брани таа голема вообразеност се наоѓа во грозна ситуација. Ако познавате довоно механичари за за нив да размислувате како за група, и доколку вашите забележувања се поклопуваат со моите, мислам дека ќе се согласите дека механичарите клонат кон тоа да бидат скромни и молчаливи. Има исклучоци, но општо гледано ако не се отпрвин скромни и молчаливи работата веројатно ќе ги направи такви. И скрептични се. Внимателни, но скептични. Но не се и самољубиви. Не можете да дрдорите глупости и да продавате магла за поправање мотори, освен на некој кој нема поим што правите.

...Сакав да кажам дека моторот не се поклопува со вашата личност, но тој со неа се поклопува. Се работи само за тоа дека личноста со која тој се поклопува е повеќе вашата вистинска личност, онаа која искрено чувствува и мисли и дејствува, а не некаква лажна и надуена слика на личноста која вашата вообразеност може да ја проектира. Тие лажни слики толку бргу и толку целосно се издишуваат што во истиот момент сигурно ќе бидете обесхрабрени доколку занесот ви потекнува од вообразеноста а не од Квалитетот.

Доколку скромноста не ви доаѓа природно и лесно, еден од излезите од таа стапица е претварањето дека сте скромни. Ако намерно сметате дека не сте добри, тогаш занесот нагло ви расте кога фактите ќе покажат дека претпоставката ви е точна. Така можете да правите се, се додека не дојде време кога фактите ќе ви покажат дека таа претпоставка е неточна.

Тегобноста, следната стапица за занесот, е некако спротивна на вообразеноста. Толку си сигурен дека се ќе направиш погрешно што ти е страв да направиш било што. Често вистинската причина не е мрзеливоста туку тоа што ти е тешко да почнеш. Таа стапица на тегобноста, која е последица на преголемата мотивација, може да доведе до секојдневни грешки на преголема загриженост. Поправаш нешта кои не треба да ги поправаш и почнуваш потера по измислени дефекти. Донесуваш набрзина нездрави заклучоци и поради својата нервоза вградуваш секакви грешки во моторот. Тие грешки, откако ќе се направат, се склони кон тоа да го потврдат твоето првобитно самопотценување. Тоа води до нови грешки, кои водат до ново самопотценување, и така натаму во магичен круг.

Мислам дека најдобриот начин да се прекине тој круг е да ги ставиш своите маки на хартија. Прочитај се што ќе ти дојде под рака за тоа прашање. Тегобноста тоа ти го олеснува и колку што повеќе читаш толку повеќе се смируваш. Мораш да се потсетиш дека си во потрага по душевен мир а не само по поправен мотор.

Кога почнуваш со поправката напиши на листови хартија што сакаш да постигнеш, а потоа ливчињата распореди ги по исправен редослед. Ќе откриеш дека додека го правиш и менуваш распоредот на ум ти паѓаат се повеќе и повеќе идеи. Времето кое притоа го губиш обично повеќекратно ти се враќа со тоа што ти заштедува

работа на моторот и со тоа што те спречува да сториш нешто трапаво што би предизвикало подоцнежни проблеми.

Својата тегобност можеш донекаде да ја смалиш соочувајќи се со фактот дека нема жив механичар кој од време на време не зафркнува некоја работа. Главната разлика помеѓу тебе и професионалните механичари е во тоа што ти не знаеш кога тоа ним им се случува - ти тоа само го плаќаш, во форма на дополнителни трошоци кои се рамномерно распоредени низ целата твоја сметка. А кога сам ќе направиш грешка, барем ја имаш таа полза нешто од неа и да научиш.

Здодевноста е следната стапица за занесот која ми паѓа на памет. Таа е спротивна на тегобноста и обично ги следи проблемите на вообразеност. Здодевноста значи дека си се лизнал од пругите на Квалитетот, дека не ги гледаш нештата со свежина, дека си го загубил својот "почетнички дух" и дека твојот мотор е во голема опасност. Здодевноста значи дека залихите на занес ти се при крај и дека тие треба да бидат обновени пред било што друго.

Кога ти е здодевно, застани! Оди на кино. Пушти го телевизорот. Кажи си дека тоа е само лош ден. Прави било што но не го поправај тој мотор. Ако не запреш на ред е голема грешка, а тогаш, еден убав ден, здодевноста и големата грешка ќе се спојат во огромен дефект кој навистина ќе те запре.

Мојот најомилен лек за здодевност е спиењето. Лесно е да се заспие кога ти е здодевно и многу е тешко да се почувствува здодевност после долг одмор. Следниот лек ми е кафето. Додека работам на моторот обично имам вклучено електричен бокал со кафе. Ако тоа не помогне, можеби се во прашање подлабоки проблеми на Квалитетот кои ве мачат и ви го одвлекуваат вниманието од она што е пред вас. Здодевноста е знак дека мораш да обрнеш внимание на тие проблеми - тоа го правиш и така и така - и да воспоставиш контрола над нив пред да продолжиш да работиш на моторот.

Мене најдосадната должност ми е чистењето на моторот. Тоа ми изгледа како вистинско губење време. БМЊ - то на Џон е секогаш "гланц". Неговиот навистина изгледа убаво, додека мојот е постојано помалку нечист. Тука во прашање е

класичниот дух: од внатре работи прекрасно, додека на површината изгледа замачкано.

Едно решение за досадата при некои видови работи, како што се подмачкување и менување масло или штелување, е претворање на овие работи во своевиден ритуал. Постои естетика на вршење познати нешта и естетика на вршење непознати нешта. Сум чул дека постојат и два вида заварувачи: индустриски заварувачи кои не сакаат сложени работи и уживаат работејќи ја по сто пати истата работа и работилничарски заварувачи на кои им се лоши кога мораат да ја направат истата работа два пати. Советот гласеше дека човек мора да знае на кој вид заварувачи им се обраќа, затоа што тоа не е сеедно. Јас спаѓам во оваа последна категорија, и затоа веројатно ги сакам посложените дефекти повеќе од било што друго, а го мразам чистењето на моторот повеќе од било што друго. Но можам да го направат и едното и другото кога тоа треба да се стои, а тоа го може и секој друг. Кога го чистам моторот го прават тоа како што луѓето одат во црква, не толку за да откријам нешто ново, иако постојано внимавам на новостите, туку за одново да се сретнам со познатите нешта. Убаво е понекогаш да се шеташ по познати стази.

Зен има што да каже во врска со досадата. Неговата главна вежба која се состои само од "седење" е веројатно најдосадното нешто на светот, но тоа сепак не е исто што и индијскиот обичај луѓето живи да се закопуваат. Тука не се прави ништо посебно - не се мрдаш, не размислуваш, не се грижиш. што би можело да биде подосадно? Но во суштината на сета таа здодевност лежи токму она што зен будизмот сака да го поучи. Што е тоа? Што е тоа што лежи во самата суштина на досадата а што ние не го гледаме?

Нестрпливоста е блиска на досадата но секогаш е последица на една причина: потценувањето на времето колку ќе трае некоја работа. Всушност вие никогаш не знаете што ќе ви се испречи на патот и многу малку работи се вршат онолку бргу колку што се планирало. Нестрпливоста е првата реакција на пречките и може набргу да се претвори во лутина ако не сте внимателни.

Нестрпливоста најдобро се избегнува ако за работата се предвиди неодредено време, особено за нови работи кои бараат непознати постапки; ако предвиденото

време се удвои кога приликите не присилуваат да го дефинираме рокот; и доколку се степенува целта на она што сакаме да го направиме. Општите цели мораат да се степенуваат така што важноста да им се смали, а непосредните цели мораат да се степенуваат така што важноста да им се зголеми. Тоа бара прилагодливо вреднување, а промената на вредноста обично е следен со некаков губиток на занесот, но тоа е жртва која мора да се поднесе. Оти таа не е ништо во споредба со губитокот на занесот која ќе се случи ако настане некаква голема грешка како резултат на нестрпливоста.

Мојата најдрага вежба на степенување надолу е чистењето на валјакот и матицата и дупките. Ме прогонуваат оштетените и излижани и зарѓани и нечисти навои заради кои запчаниците се вратат полека или тешко, и штом ќе наидам на нив земам мерка за навоите и калибраторот, ги вадам резачите и необработените матици, ги врежувам на нив новите навои, потоа ги испитувам и подмачкувам и имам пред себе чела залиха на стрпливост. Втората вежба е чистење на алатот кој бил употребен а не е среден и ја грди гаражата. Тоа е добра работа затоа што еден од првите знаци на нестрпливоста е незадоволството што алатот кој ви треба не ви се наоѓа при рака во моментот кога ви е потребен. Ако едноставно запрете и го средите алатот, ќе го пронајдете оној кој ви треба и ќе ја степенувате надолу нестрпливоста без губење време и загрозување на работата.

Влегуваме во Дејвил а газот ми изгледа како да се претвара во цемент.

Тоа е веројатно се во врска со вредносните стапици. Се разбира, ги има уште многу. Јас само ја начнав темата за да покажам што се крие тука. Речиси секој механичар би можел со часови да ви раскажува за вредносните стапици кој тој ги открил а за кои јас не знам ништо. И самите сигурно сте ги откриле при секаков вид работа. Можеби најдоброто поединечно нешто што може да се научи доколку препознаете една таква стапица кога во неа ќе упаднете е ако со неа се позанимавате пред да и се вратите на работата на моторот.

Во Дејви, крај бензинската пумпа, каде го чекаме продавачот, има стебла со широка сенка. Него го нема, а ние сме вкочанети и не би сакале да седнеме

веднаш на моторите, па ги размрдуваме нозете во ладовина. Стеблата се толку големи што го покриваат речиси целиот пат. Чудно, во ваков крај налик на пустина.

Продавачот уште го нема, но неговиот конкурент од другата страна на улицата го гледа тоа и наскоро ни приоѓа да не послужи: - Не знам каде е Џон - вели.

Кога Џон се појавува му се заблагодарува на вториот продавач и гордо вели: - Ние секогаш вака си помагаме.

Го прашувам дали постои некакво место каде би можеле да се одмориме а тој вели: - Можете да се послужите со тревникот пред мојата куќа. Покажува со прст преку патот на куќа која се наоѓа зад неколку тополи чиј размер на стеблото изнесува над еден метар.

Ленгуваме на некаква висока зелена трева, и сега гледам дека таа трева и тие стебла се наводнуваат од еден канал покрај патот во кој тече бистра вода.

Веројатно по половина час спиење слушам и гледам како Џон на столицата за лулање на тревата крај нас разговара со еден пожарникар на другата столица. Слушам. Ме интересира текот на разговорот. Тој разговор не води никаде, само го пополнува времето. Не бев чул толку истраен споротечен разговор од триесетите кога дедо ми и прадедо ми и нивните браќа знаеа да разговараат така: се подалеку и подалеку и подалеку без никаква намера или цел, освен да го пополнат времето, додека се лулаат на столиците.

Џон гледа дека сум буден па разговараме малку. Вели дека водата доаѓа од "кинескиот канал". - Белец никогаш не би можел да ископа ваков канал - вели тој. - Тие го ископаа пред осумдесет години кога мислеле дека тука има злато. Денес ваков канал не можете да пронајдете никаде. - Вели дека затоа стеблата се толку големи.

Разговараме малку за тоа од каде сме и каде одиме, а кога поаѓаме Џон вели дека му е драго што сме се запознале и дека се надева дека сме се одмориле. Додека заминуваме под високите стебла Крис ми мавта а тој се смешка и одмавнува.

Пустинскиот пат закривува низ карпестите долови и ритчиња. Ова е најсушниот крај до сега.

Сега би сакал да говорам за стапиците на вистинитоста и стапиците на мускуллите, а потоа ќе престанам со шатакуата за денес.

Стапиците на вистинитоста се однесуваат на податоци кои се разбрани и се наоѓаат во вагоните на возот. Конвенционалната дуалистичка логика и научниот метод за кои говоревме порано, веднаш по Мајлс Сити, излегуваат на крај со најголемиот број вакви податоци. Но постои една стапица со која тие не излегуваат на крај - стапицата на вистинитоста на логиката да-не.

Да и не...ова и она...еден или нула. Врз основа на ова двочлено разлачување е изградено целокупното човечко знаење. Пример за тоа е компјутерската меморија која го складира сето свое знаење во форма на бинарни информации. Таа содржи единици и нули, тоа е се.

Затоа што не сме навикнати на тоа, обично не гледаме дека постои и трет можен логички член еднаков на членовите ДА и НЕ кој е способен да го прошири нашето поимање во непознат правец. Немаме дури ни израз за него, па морам да се послужам со јапонското зборче му.

Му значи "нешто-ништо". Како и Квалитетот, му го ништи процесот на дуалистичко мислење. Му едноставно вели: "никаква категорија; ниту еден, ниту нула, ни да ни не.". Тоа вели дека контекстот на прашањето е таков што и позитивниот и негативниот одговор се погрешни и тие не смеат да се дадат. "Повлечете го тоа прашање", ете што вели тоа.

Му е соодветно кога контекстот на прашањето станува премал за вистинитоста на одговорот. Кога го прашале зен калуѓерот Џошуа дали песот има природа на Буда, тој рекол: "Му", мислејќи дека одговарајќи на било каков начин би дал неточен одговор. Природата на Буда не може да се опфати со прашањата да или не.

Очигледно е дека му постои во природниот свет што го истражува науката. Се работи само за тоа, како и обично, дека ние сме наследно научени да не го гледаме. На пример, безброј пати е повторено дека компјутерските кола покажуваат само две состојби, волтажа за "еден" и волтажа за "нула". Тоа е глупост!

Секој компјутерски техничар знае дека не е така. Обидете се да ја видите волтажата која претставува еден или нула кога ќе снема струја. Колата тогаш се во состојба на му. Не се ниту на единица, ниту на нула, се наоѓаат во неодредена состојба која нема значење во рамки на поимите единица и нула. Освен тоа, во многу случаи читањето на волтметарот ќе покаже својство на "лебдење" во кое техничарот воопшто не ги чита својствата на компјутерските кола туку својствата на самиот волтметар. Условите создадени со прекинот на струјата се дел од поширок контекст од оној во кој состојбите на единици и нули се сметаат за универзални. Прашањето на единица или нула е "повлечено". А има уште многу компјутерски состојби на прекин на струјата во кои се среќаваат одговори му поради пошироките контексти од простите единици и нули.

Дуалистичкиот ум е склон да помисли дека појавата на одговорот му во природата е попатна измама или небитност, но му се среќава низ целото научно истражување, а природата не мами, и природните одговори никогаш не се неважни. Голема грешка, некој вид нечесност, е одговорите на природата во вид на му да се сметат под тепихот. Признавањето и вреднувањето на тие одговори многу би помогнало логичката теорија да и се приближи на експерименталната пракса. Секој лабораториски научник знае дека експерименталните резултати му пружаат му одговори на прашањата да-не што тој експеримент ги поставувал. Во тие случаи тој смета дека експериментот е слабо замислен, се јаде поради својата глупост и во најдобар случај смета дека "промашениот" експеримент кој му дал му одговор ќе помогне да се избегнат грешките во планирањето на идните да-не експерименти.

Тоа ниско вреднување на експериментот кој дава му одговори не е оправдано. Одговорот му е важен одговор. Тој на научникот му вели дека контекстот на неговото прашање е претесен за одговор и дека тој мора да се прошири. Тоа е многу важен одговор! Би можело со многу оправдување да се тврди дека науката

повеќе расте низ одговори со му отколку низ одговори со да или со не. Одговорите со да или со не потврдуваат или одрекуваат некои претпоставки. Му е "појава" која го поттикнува научното истражување. Во тоа нема ништо таинствено или непристапно. Работата е само во тоа дека нашата култура толку не извитоперила што за таквите одговори донесуваме ниски вредносни судови.

При одржувањето на моторот одговорите со му што моторот ги дава на многуте дијагностички прашања се главни прчинители на губитокот на занесот. А не би требало да биде така. Кога на вашето прашање ќе добиете неодреден одговор, тоа може да значи едно од следниве две нешта: или вашиот метод на испитување не делува како што вие мислите дека делува, или вашето разбирање на контекстот на прашањето треба да се прошири. Проверете го вашиот експеримент и повторно проучете го прашањето. Не ги отфрлајте таквите му одговори! Тие во секоја смисла се важни исто како и одговорите со да или со не. Тие се и побитни од нив. Тие се одговори со помош на кои напредувате!

...Изгледа дека моторот малку прегрева...но мислам дека се работи само за жешкиот крај низ кој се возиме...ќе го оставам одговорот на тоа прашање во состојба му...додека состојбата не се влоши, или додека не се подобри...

Застануваме и пиеме чоколадно млеко во градот Мичел кој се свил под сувите ридови што ги гледаме низ прозорските стакла. Некои деца доаѓаат качени на камион, застануваат и на куп влегуваат во ресторанот и некако го освојуваат. Добро се однесуваат, само се толку бучни и разуздани што се гледа дека газдарицата на локалот е малку вознемирена поради нив.

Сува пустина, песочна земја. Повторно заоѓаме во неа. Веќе е доцна попладне и навистина минавме доста километри. Веќе чувствувам болки од толку седење на моторот. Сега сум навистина уморен. Тоа ми го кажа и Крис во ресторанот. Дури е и помалку нерасположен. Мислам дека тој можеби...но добро...да го оставиме тоа...

Проширувањето на му е единственото нешто кој овој пат сакам да го кажам во врска со стапиците на вистинитост. Време е да се мине на психомоторните стапици. Ова е подрачје на сознавање кое е најнепосредно поврзано со она што се случува на моторот.

Тука неспоредливо најтегобна стапица за занесот е несоодветниот алат. Ништо толку не го обесхрабрува човекот колку застојот поради алатот. Купете го сиот алат кој можете да го купите и нема никогаш да зажалите. Ако сакате да заштедите пари обратете внимание на огласите по весниците. Добриот алат по правило не се троши, а добриот алат од втора рака е многу подобар отколку новиот алат со послаб квалитет. Проучувајте ги каталозите на алати. Од нив можете многу да научите.

Покрај лошиот алат, лошата околина е исто така голема стапица за занесот. Обратете внимание на соодветна светлина. Вистинско чудо е колку грешки може да спречи малку светлина.

Некои телесни непогодности не можат да се спречат, но многу од нив, како што се на пример претоплата или престудена околина можат, доколку не внимавате, да ги наведат вашите проценки на погрешен пат. Ако ви е престудено ќе брзате и веројатно ќе направите некои грешки. Ако ви е претопло, прагот на лутина ќе ви биде многу низок. Избегнувајте неспретни позиции на телото секогаш кога тоа е можно. Една мала клупа покрај моторот многу ќе ја зголеми вашата стрпливост и веројатноста дека ќе ги оштетите деловите на кои работите ќе биде помала.

Постои една психомоторна стапица за занесот, неосетливоста на мускулите, која може да предизвика големи штети. Таа е делумно последица на недостаток на кинестезија, неразбирање дека во моторот се наоѓаат прецизни делови кои можат лесно да се оштетат доколку постои мускулна неосетливост, иако надворешноста на моторот е груба. Постои нешто што се нарекува "чувство за механика" и тоа му е јасно на секој кој знае што е тоа, но многу е тешко да му се опише на некој кој тоа не го знае; и кога ќе видите дека на мотор работи некој кој го нема тоа чувство, подготвени сте да страдате заедно со моторот.

Тоа чувство за механика потекнува од длабокото внатрешно чувствување на еластичноста на материјалот. Некои материјали, како керамиката, имаат многу мала еластичност и затоа при обработката на порцеланските делови треба да избегнувате големи притисоци. Други материјали, како челикот, имаат голема еластичност, многу поголема отколку гумата, но во такви размери што таа еластичност не е забележлива, освен ако не работите со големи механички сили.

Работејќи со штрафови и матици се наоѓате во подрачје на големи механички сили и морате да знаете дека во тоа подрачје материјалите се еластични. Кога заштрафувате еден штраф постои точка наречена "рачно затегнато", кога постои затегнување но не е смалена еластичноста. Потоа следи "средно затегната" состојба кога е одземено малку повеќе површинска еластичност. Потоа доаѓа "добро затегнатата" состојба кога на штрафот му е одземена сета еластичност. Силата која е потребна за да се постигнат тие три точки е различна и зависи од големината на штрафот, како и од подмачканите завртки и штрафови. Силите се различни за челик и лиено железо и бронза и алуминиум и пластика и керамика. Но човекот со чувство за механика знае кога нешто е добро затегнато и тогаш престанува. Човекот без тоа чувство оди понатаму и ги оштетува навивките или го крши штрафот.

"Чувството за механика" не го вклучува само разбирањето на еластичноста на материјалот, туку и на неговата мекост. Внатрешноста на моторот содржи површини кои се во некои случаи прецизни до илјадитиот дел од милиметарот. Ако ви паднат или ви се извалкаат или доколку ги изгребете или доколку по нив удрите со чекан, тие ќе ја загубат таа прецизност. Важно е да се сфати дека материјалот под површината може вообичаено да издржи големи удари и оптеретувања, но дека самите површини тоа не го можат. Кога ракува со прецизни делови кои заглавуваат или кои тешко се разделуваат, човекот со чувство за механика ќе ги избегне оштетувањата на површината и ќе се служи со алат на погрубите површини на тие делови секогаш кога тоа е можно. Ако баш мора да работи на прецизните површини, секогаш ќе употреби алат со помеки површини. За таква работа можат да се употребат бронзен чекан, пластичен чекан, дрвен чекан, гумен чекан и оловен чекан. Служете се со нив. Тие можат да се обложат со пластични и бакарни и оловни плочки. Служите се и со нив. Нежно постапувајте со прецизните делови. Никогаш нема да зажалите. Ако сте склони кон тоа со

предметите да постапувате грубо посветете му на тоа повеќе време и обидете се да развиете малку повеќе почитување кон достигнувањата што ги претставуваат прецизните делови.

Долгите сенки во сувиот пејсаж по кои сме тргнале ни создаваат тмурно расположение...

Можеби тоа е само обична попладневна мрза, но со оглед на тоа што денес се изнаприкажав за стапиците ми изгледа како да сум ги заобиколил. Некој би можел да праша: - Во ред, ако ги заобиколам, дали тогаш ќе успеам во тоа што го работам?

Одговорот се разбира е негативен. Уште во ништо не сте успеале. Морате истовремено и исправно да живеете. Начинот на кој живеете предодредува дали ќе ги избегнете стапиците и дали ќе ги согледате фактите. Сакате да знаете како се слика совршена слика? Лесно е. Станете совршени, а потоа само спонтано сликајте. На тој начин работат сите стручњаци. Сликањето слика или поправањето мотор не е нешто што е одвоено од остатокот на вашето постоење. Ако размислувате без врска шест дена во неделата додека не работите на својот мотор тогаш какво избегнување стапици, каква мудрост би можела одеднаш да ве снајде седмиот ден? Се си е поврзано.

Но ако шест дена сте глупави а седмиот ден во неделата навистина се обидете да бидете паметни, тогаш можеби следните шест дена нема да бидете толку глупави како претходните шест. Мислам дека преку овие стапици за занесот сакам да го покажам пократкиот пат кон исправното живеење.

Вистинскиот мотор на кој работите е моторот кој го носи вашето име. Моторот кој изгледа како да се наоѓа "таму" и личноста која изгледа како да се наоѓа "тука" не се две одвоени нешта. Тие заедно му се приближуваат на Квалитетот или пак од него заедно се оддалечуваат.

Пристигнуваме во Принвил Џанкшн, а пред нас уште само неколку часови дневна светлина. Се наоѓаме на раскрсницата со патот број 97, каде ќе свртиме на југ. Полнам бензин и потоа сум толку уморен што одам зад станицата и седнувам на

работ на жолто обоениот цемент со нозете на чакалот, додека последните сончеви зраци ми блескаат низ гранките право во очи. Доаѓа и Крис и седнува, и не велиме ништо, но ова е најлошата потиштеност до сега. Толку говорев за стапиците за занесот, а еве паѓам во една од нив. Можеби тоа е од преморе ност. Мораме да се наспиеме.

Некое време гледам како по патот минуваат автомобили. Има нешто осаменичко во врска со нив. Не осаменичко - уште полошо. Ништо. Како изразот на лицето на продавачот додека ни го полнеше резервоарот. Ништо. Ништотен рабен цемент, покрај некаков ништотен чакал, на ништотна раскрсница, која никаде не води.

И нешто во врска со возачите на автомобил. Изгледаат токму како продавачите на пумпите, додека се sурат право пред себе во некој свој приватен транс. Не сум го видел тоа од...од оној прв ден кога Силвија го забележа тоа. Сите изгледаат како да се во некоја погребна поворка.

Од време на време некој остро не погледнува а потоа безизразно го трга погледот, како да си ја гледа својата работа, како да му е незгодно што можеби сме забележиле дека не набљудува. Тоа го сфаќам дури сега бидејќи долго време бевме вон тоа. И возењето е различно. Ми се чини дека автомобилите постојано се движат со максимална брзина за градско возење, како да сакаат некаде да пристигнат, како ова што се наоѓа сега и тука да е нешто низ што само треба да се мине. Изгледа дека возачите повеќе мислат на местото каде сакаат да бидат отколку на местото каде се.

Знам што е тоа! Пристигнавме на Западниот брег. Повторно сме сите странци! Луѓето - па јас ја заборавив најголемата стапица за занесот од сите. Погребната поворка! Таа поворка во која сме сите ние. Овој обезглавен, заебан, супермодерен, вообразен стил на живеење кој мисли дека е над се. Толку долго бевме вон него што потполно го бев заборавил.

Упаѓаме во сообраќајната струја која тече на југ и веќе одблиску ја чувствувам огромната опасност. Во огледалото гледам дека некое копиле ме следи и не сака да ме мине. Забрзувам на сто дваесет а копилето е уште зад мене. Притискам на сто пеесет и се одлепуваме од него. Ова воопшто не ми се допаѓа.

Застануваме во Бенд и вечераме во модерен ресторан каде луѓето влегуваат и излегуваат без да се погледнат. Услугата е извонредна но безлична.

Нешто појужно наидуваме на шума од закржлавени дрвја разделена на смешно мали парцели. Очигледно масло на некој инвеститор-градежник. На една парцела далеку од главниот пат ги отвараме вреќите за спиење и откриваме дека боровите иглички едвај покриваат нешто што веројатно претставува неколку педи мека сунѓереста прашина. Вакво нешто не сум видел. Мораме да пазиме да не ги вознемируваме игличките затоа што прашината се крева и се покрива.

Ги распостиламе шаторските крила и на нив ги ставаме вреќите за спиење. Ќе го биде... Со Крис некое време разговараме за тоа каде се наоѓаме и каде одиме. Во самракот ја гледам мапата, а потоа малку подолго со џепната лампа. Денес сме минале 520 километри. Тоа е многу. Крис изгледа подеднакво преморен како и јас, и еднакво спремен да заспие.

ЧЕТВРТ ДЕЛ

27

Зошто не излезеш од сенката? Како изгледаш всушност? Ти се плашиш од нешто, зарем не? Од што се плашиш?

Зад сеништето во сенката се наоѓа стаклена врата. Зад нив е Крис кој ми дава знак да ја отворам. Сега тој е постар, но на неговото лице и понатаму има молежлив израз. - Што да правам сега? - прашува. - Што да правам после? - чека да му дадам упатства.

Време е нешто да се стори.

Го проучувам сеништето во сенката. Веќе не е семоќно како што беше некогаш. - Кој си ти? - прашувам. Нема одговор.

- Според кое правило оваа врата е затворена?

Се уште нема одговор. Сеништето молчи, но е исто така згрчено. Се плаши. Од мене.

- Има и полоши нешта отколку криењето во сенка. Така ли е? Заради тоа ли не зборуваш?

Изгледа дека се колеба, се повлекува, како да чувствува што се подготвувам да направам.

Чекам, потоа се приближувам. Нешто грозно, мрачно, погубно. Уште поблиску, не гледајќи во сеништето туку во стаклената врата, за да не му дадам знак. Повторно застанувам, собирам сила и потоа јурнувам!

Рацете ми тонат во нешто меко каде што би требало да биде вратот. Сеништето се витка, а јас го стегам како што се држи змија. Сега ќе изгледеме на светлина. Сега е часот! Сега ќе му го видиме лицето!

- Тато!

- Тато! - дали го слушам гласот на Крис низ вратата?

Да! За прв пат! - Тато! Тато!

- Тато! Тато! - Крис ме тегне за кошулата. - Тато! Разбуди се! тато!

Тој плаче, сега јачи. - Престани, тато! Разбуди се!

- Се е во ред, Крис.

- Тато! Разбуди се!

- Јас сум буден. - Едвај можам да му го видам лицето во светлината на муграта. Се наоѓаме некаде меѓу дрвјата. Моторот е тука. Мислам дека сме некаде во Орегон.

- Со мене е се во ред, тоа беше само кошмар.

Тој продолжува да плаче и јас седам со него некое време без збор. - Се е во ред - велам, но тој не престанува. Многу се уплашил.
Јас исто така.
- Што сонуваше?
- Се обидов да видам нечие лице.
- Викаше дека ќе ме убиеш.
- Не, не тебе.
- Туку кој?
- Човекот во сонот.
- Кој беше тој?
- Не сум сигурен.
Крис престанува да плаче, но продолжува да се тресе од студ.- Дали му го виде лицето?
- Да
- Како изгледаше?
- Беше тоа моето сопствено лице, Крис. Тогаш почнав да викам...Тоа беше само грд сон. - Му велам дека се тресе и дека би требало да се врати во вреќата за спиење. Така и прави.- Толку е студено - вели.
- Да. - при сивата светлина можам да ја видам пареата од нашите здивови. Потоа тој целосно се вовлекува во вреќата за спиење па можам да го видам само својот здив.
Не спијам.
Јас воопшто не сум оној што сонува.
Тоа е Федар.
Тој се буди.
Умот е подвоен против самиот себе...јас...јас сум она погубно сениште во сенката.
Јас сум онаа грозотија...
Отсекогаш знаев дека ќе се врати...
Сега работата е како човек да се подготви...
Небото под стеблата изгледа толку сиво и толку безнадежно.
Сиротиот Крис.

28

Сега очајот расте. Како во едно од оние филмски претопувања во кои знаеш дека не си во вистинскиот свет но сепак се изгледа стварно.

Студен ден во ноември, без снег. Ветерот нанесува прашина низ пукнатините на прозорците на стариот автомобил со зачадени стакла, а шетгодишниот Крис седи крај него; обајцата се во џемпери бидејќи грејачот не работи и низ нечистите прозорци на колата шибана од ветерот гледаат како се движат напред кон сивото небо помеѓу ѕидовите на сивите и сиво-кафените згради со фасади од цигла на кои прозорците се искршени а парчињата стакло лежат на улицата.

- Каде сме? - прашува Крис, а Федар вели: - Не знам - и тој навистина не знае, бидеќи го загубил разумот. Заталкал, се sensa низ сивите улици.
- Каде одиме? - прашува Федар.
- Да купиме кревети на спрат - вели Крис.
- А каде се купуваат? - прашува Федар.
- Не знам - вели Крис. - Можеби ќе ги видиме ако продолжиме понатаму.

И така двајцата се возат и се возат низ бескрајните улици барајќи кревети на спрат. Федар сака да запре, да ја спушти главата на воланот, и само да се одмори. Чадот и сивилото му продираааат во очите и му ја бришат свеста од мозокот. Сите сообраќајни знаци му се исти. Секоја сиво-кафена зграда му личи на следната. Се возат се подалеку и подалеку барајќи кревети на спрат. Но тие кревети на спрат, Федар го знае тоа, никогаш нема да ги најдат.

Крис почнува полека, чекор по чекор да сфаќа дека се случува нешто чудно, дека тој човек што ја вози колата всушност не ја вози повеќе, дека капетанот е мртов и дека колата нема кормилар, а тој тоа не го знае туку само така чувствува и му вели на Федар да запре и тој запира.

Колата зад нив свири, но Федар не се мрда. Уште некоја кола свири, па уште некоја и Крис во паника вели: - ВОЗИ! - и Федар полека, во агонија го турка кумплунгот и уфрлува во брзина. Споро, како да се движи во сон, колата се лизга низ улиците со најмала можна брзина.

- Каде живееме? - го прашува Федар преплашениот Крис.

Крис се сеќава на адресата, но не знае како се стигнува таму, сепак заклучува дека ќе го најде патот ако праша доволен број луѓе и затоа вели: - Запри ја колата - и излегува од неа за да праша за правецот и го гледа полудениот Федар низ бескрајните ѕидови од цигли и искршено стакло.

Неколку часови подоцна пристигнуваат и мајка му е бесна што толку задоцниле. Не може да разбере зошто не пронашле кревети на спрат: Крис вели: - Секаде баравме - но фрла остар поглед на Федар, поглед полн со страв и ужас поради нешто непознато. Тоа беше почетокот за Крис.

Тоа нема веќе да се случи...

Мислам дека ќе сторам се за да се спуштам до Сан Франциско, каде ќе го пратам Крис со автобус дома, а тогаш ќе го продадам моторот и ќе се пријавам во болница...или ова последново изгледа толку бесмислено...не знам што ќе правам.

Патувањето нема да биде потполно залудно. Барем ќе му остане некој убав спомен на мене кога ќе порасне. Тоа ми ја смалува тегобноста. Добро е да се фатам за таа помисла. Таа ќе ме држи.

Во меѓувреме ќе продолжам нормално со патувањето и ќе се надевам на некое подобрување. Немој ништо да отрфлаш. Никогаш, никогаш и ништо немој да отфрлаш.

Студено е вон вреќата! Како да е зима. Каде ли сме што може да биде толку студено? Веројатно сме на голема висина. Ѕиркам од вреќата за спиење и гледам ињето на моторот.

Резервоарот искри на раното сонце. На црното тело на моторот, на местата огреани од сонцето, ињето се превора во капки вода кои наскоро ќе се истркалаат. Престудено е да се спие под ведро небо.

Се сеќавам на прашината под боровите иглички и чекорам внимателно за да не ја вознемирам. Тргам се од моторот, ја земам долгата зимска долна облека и ја облекувам, потоа горната облека, па џемперот па блузата. Уште ми студи.

Чекорам преку сунѓерестата прашна до патот од земја кој не доведе тука и трчам меѓу боровите триесетина метри, потоа успорувам и на крај застанувам. Вака е подобро. Никаков звук. Ињето се наоѓа и на патот, но се топи и се претвора во влажни шарки кога на него ќе паднат зраците на утринското сонце. Се е така бело и тантелесто и недопрено. Ињето ги покрива и дрвјата. Се враќам тивко по патот, како да не сакам да го вознемирам излегувањето на сонцето. Ме обзема чувство на рана есен.

Крис уште спие - и така нема да можеме да тргнеме додека воздухот не се загрее. Погоден момент за штелување на моторот. Го олабавувам копчето на страничниот капак над филтерот за воздух, а од под филтерот го вадам излижаниот и нечист врзоп прирачен алат. Рацете ми се вкочанети од студенило и лактите ми се избрчкани. Тие брчки сепак не се од студенило. Во четириесетата староста веќе чука на врата. Го ставам врзопот на седиштето и го одврзувам...еве ги, тука се...како повторно да ги гледам старите пријатели.

Го слушам Крис, фрлам поглед преку седиштето и гледам дека се движи но не станува. Очигледно само се превртува во сонот. Малку подоцна сонцето почнува да грее и рацете веќе не ми се вкочанети како претходно.

Сакав малку да говорам за мудроста на поправањето на моторот, за стотици нешта што би ги научиле во минување, кои го збогатуваат она што го правите не само во практичен туку и во естетски поглед. Но тоа сега ми изгледа безначајно, иако не би смеел да зборувам така.

Туку сега би тргнал во друг правец, кој ја дополнува неговата приказна. Всушност никогаш не сум ја дополнил бидејќи не сум мислел дека тоа ќе биде потребно. Но сега мислам дека е вистинска прилика да се стори тоа, во ова време кое преостанува.

Материјалот од кои се изработени овие клучеви е исто така студен, и од нив ме болат прстите. Но тоа е добра болка. Вистинска е, не е измислена и тука е, апсолутно, во моите раце.

...Кога чекорите по некоја стаза и забележувате дека од неа се одвојува друга стаза на една страна, да речеме под агол од 30 степени, а потоа од неа се дели уште една стаза на истата страна под поголем агол, да речеме од 45 степени, па после тоа уште една стаза под 90 степени, почнувате да сфаќате дека некаде постои некоја точка кон која водат сите стази и дека многу луѓе заклучиле дека е вредно да се оди по тој пат, и почнувате од љубопитност да се прашувате дали можеби и вие би морале да одите по тој него.

Во своето прогонување на поимот на Квалитет, Федар постојано гледаше некои стазички кои водеа кон некоја надворешна точка на една страна. Мислеше дека веќе ја знае барем генералната област кон која водат тие, стара Грција, но сега се прашуваше да не случајно нешто му избегало.

Ја праша старата Сара, која одамна беше тргнала со своето бокалче за полевање и му ја уфрли идејата за Квалитетот в глава, каде во англиската литература Квалитетот се обработува како предмет.

- Боже мили, не знам. Јас не сум стручна за англиски, туку за класиката. - рече. - Моето подрачје е грчкиот.
- Дали Квалитетот е дел од грчката мисла? - праша Федар.
- Квалитетот е во секој дел од грчката мисла - рече таа, а тој размислуваше за тоа. Понекогаш под нејзиниот старечки начин на зборување мислеше дека открива тајна лукавост, како таа да е делфиското пророштво со скриени значења, но никогаш не беше сигурен во тоа.

Стара Грција. Чудно е тоа што ним Квалитетот би им бил се, а нам денес ни звучи необично дури и кога ќе се каже дека Квалитетот е стварен. Каква незабележлива промена би можело да означува тоа?

Другата стаза во стара Грција го покажа изненадувачкиот начин на кој целото прашање "Што е Квалитет?" западна во систематска филозофија. Мислеше дека би завршил со тоа подрачје. Но "Квалитетот" повторно го актуелизира.

Систематската филозофија е грчка. Старите Грци ја измислиле и правејќи го тоа и го удриле својот траен печат. Изреката на Вајтхед дека целата филозофија не е ништо друго туку "белешки кон Платон" може добро да се поткрепи. Збрката околу стварноста на Квалитетот морала да почне некаде во тоа време.

Третата стаза се појави кога тој одлучи да замине од Боземан, да докторира за да може да ја продолжи универзитетската кариера. Сакаше да продолжи со испитувањето на значењето на Квалитетот што го поттикна неговото предавање англиски јазик. Но каде? Во рамки на која дисциплина?

Беше очигледно дека поимот "Квалитет" не може да се наоѓа во ниту една дисциплина освен во филозофијата. Но знаеше од искуството со занимавање со филозофија дека понатамошното истражување ќе открие било што што се однесува на таинствениот поим во наставата по англиска литература.

Стануваше се посвесен за тоа дека не постои програма во која би можел да го проучува Квалитетот во рамки кои се слични на рамките на неговото разбирање на Квалитетот. Квалитетот не лежеше само вон сите академски дисциплини, лежеше и вон опсегот на методи на целата Црква на умот. Требаше да се пронајде таков универзитет кој би прифатил докторска дисертација во која кандидатот одбива да го дефинира својот централен поим.

Долго ги прелистуваше каталозите додека не откри нешто што му ја разбуди надежта. Постоеше еден универзитет, Универзитетот Чикаго, каде постоеше интердисциплинарна програма под наслов "Анализа на идеи и проучување на методите". Во испитниата комисија спаѓаа професор по англиски, професор по филозофија, професор по кинески и претседател кој беше професор по старогрчки! Се израдува.

На моторот е сторено се освен промената на масло. Го будам Крис, ги подготвуваме работите и поаѓаме. Уште е сонлив но студениот воздух на патот го буди.

Патот се качува нагоре меѓу боровите, и наутро на него нема многу сообраќај. Камењата помеѓу боровите се темни и вулкански. Се прашувам дали всушност сме спиеле на вулканска прашина. Дали воопшто постои вулканска прашина? Крис вели дека е гладен, а и јас сум.

Застануваме во градот Ла Пин. Му велам на Крис да нарача шунка со јајца додека јас сум надвор и го менувам маслото.

На бензинската станица до ресторанот купувам литар масло и на паркиралиштето од чакал зад ресторанот го вадам чепот, го пуштам маслото да се исцеди, го налевам новото масло и кога тоа е завршено новото масло на стапчето за мерење блеска на сонцето речиси бистро и безбојно како вода. Аххххх!

Го пакувам клучот, влегувам во ресторанот и го гледам Крис и мојот појадок на масата. Одам во тоалет, ги мијам рацете и се враќам.

- Уф, ама сум гладен! - вели Крис.
- Каква студена ноќ - велам јас. - Согоревме многу храна со самото тоа што бевме живи.

Јајцата се добри. Шунката исто така. Крис зборува за сонот и како сонот го уплашил и минуваме преку тоа. Тој изгледа како да ќе постави прашање, потоа не прашува и некое време се sури низ прозорецот, потоа повторно почнува.
- Тато?
- Молам?
- Зошто го правиме ова?
- Што тоа?
- Само се возиме, цело време.
- Само за да ја видиме татковината...празници се.

Изгледа дека тој одговор не задоволува. Но тој не знае заради што.

Ме заплиснува неочекуван бран на очај, како оној во мугрите. Јас го лажам. Затоа одговорот не чини.

- Постојано одиме напред и само напред - вели тој.
- Па да, што би сакал да правиш инаку?
Нема одговор.
Го немам ниту јас.

На патот ми се јавува одговор дека ова што го правиме е нешто кое има највисок Квалитет, но овој одговор сигурно не би го задоволил повеќе од она што му го кажав. Не знам што друго можев да му кажам. Порано или подоцна, пред да се поздравиме, ако биде така, ќе мораме малку да разговараме. Штитејќи го на ваков начин од минатото можеби му нанесувам повеќе зло отколку што му помагам. Ќе мора да дознае за Федар, иако има многу работи што никогаш не може да ги дознае. Особено крајот.

Федар пристина на Универзитетот Чикаго во еден ментален свет кој е толку различен од она што го подразбираме вие или јас, што неговото опишување би било тешко дури и кога би се сеќавал на се и во целост. Потоа, во отсуство на претседателот, го прими заменик претседателот, а врз основа на неговата работа во Боземан и очигледната способност да разговара интелигентно. Она што всушност го кажа се загуби некаде по пат. После тоа чекаше неколку недели за претседателот да се врати надевајќи се дека ќе добие стипендија, но кога тој конечно се појави се случи разговор кој во суштина се состоеше од едно прашање и ниту еден одговор.

Претседателот рече: - Кое е вашето супстанцијално подрачје?
Федар рече: - Композиција во англиски јазик.
Претседателот рикна: - Тоа е методолошко подрачје! - И тоа беше крај на разговорот за било какви практични прашања. После уште неколку неповрзани реченици Федар запна, се двоумеше и на крај се извини, за потоа да се врати во планините. Тоа беше она негово својство поради кое претходно беше исфрлен од универзитетот. Тој запна на едно прашање и не беше способен да мисли на ништо друго, додека останатите напредуваа без него. Овој пат, меѓутоа, тој пред себе имаше цело лето за да размислува околу тоа зошто неговото подрачје би морало да биде супстанцијално или методолошко, и цело лето му помина во тоа.

Во шумите на границата на појасот на дрвјата јадеше швајцарско сирење, спиеше на легла од боровина, пиеше вода од горски потоци и размислуваше за Квалитетот и за супстанцијалното и методолошкото подрачје.

Супстанцата не се менува. Методот не содржи трајност. Супстанцата се поврзува со обликот на атомот. Методот се поврзува со она што атомот го прави. Во техничкиот опис постои слично разликување помеѓу физичкиот опис и функционалниот опис. Сложениот систем најпрвин треба да се опише во рамките на неговите супстанци: неговите подсистеми и делови. Потоа се опишува во рамките на методот: неговите функции по редот по кој се случуваат. Ако ги помешате физичкиот и функционалниот опис, супстанцата и методот, целосно ќе се заплеткате, и вие и читателот.

Но да се применат овие класификации на едно цело поле на знаење како што е композиција во анлиски изгледаше арбитрарно и непрактично. Не постои академска дисциплина без супстанцијален и методолошки аспект. А Квалитетот немаше никаква видлива врска ниту со едното ниту со другото. Квалитативна супстанца. Таа не е ни метод. Таа се наоѓа вон обете. Ако некој гради куќа служејќи се со висок и либела, тој тоа го прави затоа што правите ѕидови потешко се рушат па оттаму тие имаат поголем Квалитет отколку искривените. Квалитетот не е метод. Тој е цел кон која е насочен методот.

"Супстанцата" и "супстанцијалноста" навистина одговораат на "објектот" и на "објективноста" кои тој ги отфрли за да стигне до недуалистичкиот поим на Квалитет. Кога се би се разделило на супстанца и на метод, токму како кога се би се разделило на субјект и на објект, тука всушност воопшто не би имало место за Квалитетот. Неговата дисертација не можеше да биде дел од супстанцијалното подрачје, бидејќи да се прифати расцепот на супстанцијално и не методолошко значеше да се порекне постоењето на Квалитет. Ако го задржеше Квалитетот, тогаш поимот на супстанца и метод мораше да се напуштат. Тоа би значело конфликт со одборот, нешто што тој воопшто не го сакаше. Но беше лут што целата смисла на она што го говори ќе биде уништена веќе со првото прашање. Супстанцијално подрачје? На каква ли Прокрустова постела се обидуваат да го легнат - се прашуваше.

Одлучи подетално да го проучи нивото на образование на членовите на одборот па за таа цел копаше низ библиотеката. Чувствуваше дека тој одбор се наоѓа во некој потполно туѓ ментален систем. Не можеше да види каде се допираат тој систем и системот на неговите мисли.

Посебно му пречеше квалитетот на објаснувањето на целта на одборот. Тоа изгледаше крајно нејасно. Целиот опис на работата на одборот беше еден чуден модел на прилично обични зборови сложени на најнеобичен начин, така што објаснувањето изгледаше посложено отколку она што со помош него требаше да се разбере. Тоа веќе не беше она на што отпрвин се радуваше.

Го проучи сето она што можеше да го најде а го напишал претседателот и тука повторно се сретна со оној чуден јазичен модел што го забележа во нејасниот опис на одборот. Беше тоа загадочен стил бидејќи потполно се разликуваше од она што го гледаше на самиот претседател. Во краткиот разговор претседателот му изгледаше како човек со брз дух, и подеднакво брз темперамент. Неговиот стил пак беше еден од најнеодредените и најнеодгатливите што Федар ги беше сретнал. Тоа беа енциклопедиски реченици кои ги оставаа подметот и прирокот вон доменот на изговореното. Вметнатите парчиња беа необјасниво вградени во други вметнати делови, подеднакво необјасниво вметнати во реченици чија поврзаност со претходните реченици во мозокот на читателот беше мртва и закопана и гнила долго време пред да се стигне до поентата.

Но најзначајно од се беше чудесното и необјасниво цветање на апстрактните категории кои изгледаа оптеретени со посебни неизговорени значења и чија содржина можеше само да се нагаѓа; тие се трупаа една по друга толку бргу и толку последователно што Федар знаеше дека не постои начин да го разбере она што беше пред него, уште помалку да му се спротивстави.

Отпрвин Федар претпостауваше дека сите тешкотии произлегуваат од фактот што тоа ги надминува неговите способности. Предавањата бараа одредено знаење кое тој го немаше. Меѓутоа, потоа забележа дека некои предавања се пишувани за таков тип слушатели кои никако не можеа да имаат такво знаење, па неговата првична претпоставка ослабе.

Втората претпоставка беше дека претседателот е "експерт", тој вака го нарекуваше оној автор кој има толку длабоко потонато во своето поле на работа што ја загубил способноста да комуницира со луѓето од надвор. Но ако е така, тогаш зошто на одборот му е дадено едно толку општо, нестручно име како "Анализа на идеите и проучување на методите"? А и претседателот немаше особини на експерт. Оттаму, и оваа претпоставка се покажа како слаба.

Во меѓувреме Федар се откажа од напорот да си ја крши главата заради претседателовата реторика и се обиде да открие нешто повеќе за членовите на одборот, надевајќи се дека тоа ќе му објасни за што всушност се работи. Се покажа дека тоа е правилен пристап. Почна да сфаќа што е неговиот проблем.

Изјавите на претседателот беа заштитени - заштитени со огромни лавиринтски ѕидини кои се нижеа и нижеа со толкава сложеност и масивност што беше речиси невозможно да се открие што има внатре. Мистеријата обвиткана околу сето тоа беше оној вид мистерија со која се соочувате кога одеднаш ќе влезете во просторија во која само што завршила некоја жестока кавга. Сите молчат. Никој не зборува.

Зачував еден мал исечок од сеќавањето за Федар, како тој стои во некаков ходник, во некаква зграда, очигледно во Универзитетот Чикаго, обраќајќи му се на помошник претседателот на одборот, како детектив на крај на филмот, и вели: - Во вашиот опис на одборот сте пропуштиле едно важно име.

- Да? - вели помошникот на претседателот на одборот.
- Да - вели Федар со тон на сезнајко - ... Аристотеловото.

Помошникот на претседателот отпрвин е вчудоневиден, потоа, речиси како разоткриен виновник кој не чувствува вина, се смее гласно и долго.

- О, разбирам - вели тој. - Вие не сте знаеле...ништо за...- Потоа размислува малку подобро за она што сакаше да го каже и одлучува да не каже ништо повеќе.

Пристигнуваме до свртувањето кон езерото Кратер и се качуваме по уреденият пат во Националниот парк. Се е чисто, дотерано и зачувано. Поинаку и не би смеело да биде, но ни ова не заслужува награда за Квалитет. Се претвора во музеј. Така било пред доаѓањето на белиот човек, прекрасната лава тече, насекаде ретки дрвја, никаде ниту една лименка пиво - а сега кога белиот човек е тука тоа изгледа вештачки. Можеби управата на Национаниот парк едноставно би требала да стави куп пивски лименки сред таа лава и тогаш се би оживеало. На човека му се смачува отсутноста на лименки пиво.

Застануваме крај езерото, се протегнуваме и со пријатно чувство се замешуваме меѓу групата туристи кои во рацете држат фото-апарати и викаат на децата "Не се приближувајте премногу!", и гледаме автомобили со најразлични таблички, и го гледаме езерото Кратер со чувство "Па, еве го, тука е", токму како што изгледа на разгледниците. Ги гледам другите туристи и сите ми изгледаат ако да припаѓаат тука. Не ми е жал заради тоа, само постои тоа чувство дека сето тоа е нестварно и дека Квалитетот на езерото е уништен заради фактот што на него толку се покажува. Вперувате со прст во нешто и го истакнувате Квалитетот, а Квалитетот почнува да исчезнува. Квалитетот е нешто што се гледа со крајче на окото, и така го гледам езерото под нас, но чувствувам некој посебен квалитет на студената, речиси ледена сончева светлост зад себе и речиси неподвижен ветер.

- Зошто дојдовме тука? - вели Крис.
- Да го видиме езерото.
Нему тоа не му се допаѓа. Тој ја чувствува лажноста и многу се мурти, настојувајќи да го пронајде вистинското прашање за да го искаже тоа. - Го мразам ова - вели.

Некоја постара госпоѓа го гледа изненадено, потоа со сожалување.
- Па, што да правиме Крис? - го прашувам - Мораме постојано да одиме напред додека не го откриеме она што не е во ред или додека не откриеме зошто не знаеме што не е во ред. Дали ти е јасно тоа?

Тој не одговара. Постарата госпоѓа се прави дека не слуша, но нејзината неподвижност ја издава. Заминуваме кај моторот, и јас се обидувам да смислам нешто, но ништо не ми паѓа на памет. Гледам дека тој по малку плаче и дека сега се врти на страна за да не го видам тоа.

Возиме по кривините на удолнина од паркот кон југ.

Реков дека помошникот претседател на одборот за "Анализа на идеите и проучување на методите" беше вчудоневиден. Него го вчудоневиди тоа што Федар не знаеше дека се наоѓа на почвата на она што веројатно ја претставуваше најславната академска дискусија на овој век, она што ректорот на еден калифорниски универзитет го опиша како последен обид во историјата да се промени текот на еден цел универзитет.

Читајќи, Федар ја дозна кратката историја на таа славна побуна против емпириското образование која се одвиваше во раните триесети години. Одборот за "Анализа на идеите и проучување на методите" беше остаток од тој обид. Водачите на побуната биле Роберт Мајнар Хачинс, кој станал ректор на Универзитетот Чикаго; Мортимер Адлер, чија работа врз психолошките основи на законот за доказот била донекаде слична на работата која Хачинс на Јеил; Скот Бушанан, филозоф и математичар; и најважниот од сите за Федар, тогашниот претседател на одборот, кој во тоа време бил спинозист и медијавелист на Универзитетот Колумбија.

Адлеровото проучување на доказот, оплодено со читањето на класиците на западниот свет, довело до уверување дека човечката мудрост во последно време напредувала релативно малку. Тој упорно се навраќал на свети Тома Аквински, кој го прифаќал Платон и Аристотел, и нив ги вклучил во своите средовековни синтези на грчката филозофија и христијанската вера. Работата на Тома Аквински и на старите Грци, онака како што ги интерпретираше Тома Аквински, за Адлер беа камен темелник на западното интелектуално наследство. Оттаму, тие претставуваа мерило за секого кој е во потрага по добрите книги.

Во аристотеловата традиција, онака како што ја интерпретираа средовековните схоластици, човекот се смета за разумно животно кое е способно да трага и да го дефинира добриот живот, и истиот да го постигне. Кога таквиот "прв принцип" за човечката природа беше прифатен од страна на ректорот на Универзитетот Чикаго, беше неизбежно истото да има едукативни последици. Славната програма "Големи

книги", реорганизацијата на универзитетската структура според аристотеловските принципи и основањето на "Колегиумот" во кој со читање на класиците се почнуваше со петнаесетогодишни студенти, претставуваа некакви резултати.

Хатчинс ја отфрли идејата дека емпириското научно образование може автоматски да произведува "добро" образование. Науката е "ослободена од вредности". Неспособноста на науката да го дофати Квалитетот, како објект на проучување, и оневозможува на истата да воспостави скала на вредности.

Адлер и Хачинс во основа се занимаваа со животните "потреби", со вредностите, со Квалитетот и со темелите на Квалитетот во теориската филозофија. Оттаму, тие очигледно патуваа во ист правец како и Федар, само некако заглавија со Аристотел, и тука застанаа.

Постоеше конфликт.

Дури и оние кои беа склони да ја прифатат хатчинсоновата преокупираност со Квалитетот не беа склони на аристотеловската традиција да и ја препуштат конечната одговорност таа да ги дефинира вредностите. Упорно опостојуваа на тоа дека утврдувањето на вредности е невозможно, и дека валидната современа филозофија не треба да се занимава со идеи кои се искажани во книгите од стариот и средниот век. Целата таа работа на многумина од нив им изгледаше само како нов и претенциозен жаргон на измамници.

Федар навистина не знаеше што да мисли во врска со овој судар. Сето тоа сепак делуваше како блиско на она подрачје на кое тој сакаше да работи. И тој чувствуваше дека утврдувањето на вредностите е невозможно, но чувствуваше и дека тоа не е причина за нивно занемарување или дека тоа е доказ за тоа дека вредностите не постојат како стварност. Чувствуваше одбојност кон аристотеловската традиција која го присвојува дефинирањето на вредностите, но истовремено не сметаше дека таа треба да биде неевалуирана. Одговорот на овој проблем беше длабоко запретан во самиот него, и тој сакаше да знае повеќе.

Од четворицата кои предизвикаа толкав бес преостана само тогашниот претседател на испитниот одбор. Можеби поради тоа преместување на пониска

позиција, или поради други причини, неговиот углед помеѓу лицата со кои разговараше Федар не беше углед на гение. Никој не ја потврдуваше неговата генијалност, а двајца дури и остро ја негираа, и тоа раководителот на еден од главните универзитетски одделенија кој го нарече "грозен ужас", и еден бивш студент на тој универзитет со диплома по филозофија кој рече дека претседателот е познат по тоа што потпишува дипломи само на оние кои се копии на самиот него. Ниту еден од овие двајца соговорници не беше по природа осветољубив човек, и Федар чувствуваше дека она што му го кажаа беше вистина. Потоа истото се потврди и преку едно откритие во секретаријатот на одделението. Тој сакаше да разговара со уште двајца дипломирани студенти за да дознае што е можно повеќе во врска со тој испитен одбор, и тие му рекоа дека тој одбор во целата своја историја одобрил само две докторски дисертации. За да и најде место под сонцето на стварноста на Квалитетот, тој очигледно мораше да се бори и да го победи претседателот на својот испитен одбор, чие аристотеловско гледиште му пречеше воопшто и да започне со борбата, и чиј темперамент изгледаше крајно непопустлив кон спротивните идеи. Сето тоа создаваше многу мрачна слика.

Тогаш Федар седна и му пиша на самиот претседател на испитен одбор за "Анализа на идеите и проучување на методите" на Универзитетот во Чикаго, писмо кое може да се опише единствено како предизвик за одбивање, во кое авторот одбива тивко да се провлече низ задниот излез, и наместо тоа создава сцена со такви размери што противниците се приморани да го исфрлат на главната врата, давајќи му на тој предизвик таква тежина којашто тој порано ја немал. После ова тој полека се крева од улицата, и откако уште еднаш се уверува дека вратата е цврсто затворена, и се заканува со тупаници, ја стресува прашината од оделото и вели: / Во ред, се обидов - и на тој начин ја олеснува својата совест.

Федровиот предизвик го информираше Претседателот дека неговото темелно подрачје сега претставува филозофијата, а не композицијата во англиски јазик. Но, рече, поделбата на студиите на супстанцијално и методолошко подрачје, е изданок на Аристотеловата дихотомија на формата и содржината, која на противниците на дуализмот не им значи ништо, со оглед на тоа што овие две нешта се истоветни.

Рече дека не е сигурен, но дека изгледа дека дисертацијата за Квалитетот се претвора во антиаристотеловска дисертација. Ако тоа е вистина, тогаш тој избрал

соодветно место за неа. Големите универзитети работат во хегеловски дух и секое училиште кое не може да прифати дисертација која е спротивна на неговите темелни принципи излегува од колосек. Тоа е дисертацијата која Универзитетот Чикаго ја очекуваше, истакна Федар.

Призна дека тоа барање е огромно, и дека за него е невозможно да донесе суд за неговата вредност, со оглед на тоа што никој не може да биде непристрасен судија на сопствената работа. Но кога би се појавил некој друг, со дисертација чија цел би била да претставува главен прелом помеѓу источната и западната филозофија, помеѓу религиозниот мистицизам и научниот позитивизам, тој би го сметал тоа за нешто кое има историска важност, за дисертација која би го турнала Универзитетот напред. Во секој случај, рече, оној кој бил прифатен во Чикаго успеал во тоа дури откако исфрлил некого друг. Време беше Аристотел да си го добие своето.

Баш безобразно.

Но тоа не беше ни предизвик кој лесно се одбива. Она што уште повеќе оставаше впечаток беше мегаломанијата, заблудата за големината, огромниот губиток на способноста да се разбере влијанието на она што е кажано во врска со другите. Стана таков затвореник на својот свет на метафизика на Квалитетот што не можеше да види ништо вон тој свет, а со оглед на тоа што никој не го разбираше неговиот, однапред беше осуден на пропаст.

Мислам дека тој во тоа време сигурно чувствуваше дека она што го говори е вистина и дека не е важно дал неговиот начин на искажување е безобразен или не. Толку работи зависеа од тоа што тој немаше време за разубавување. Ако Универзитетот Чикаго повеќе го интересира естетиката на она што тој го говори отколку неговата рационална содржина, тогаш тој не ја исполнува својата основна цел како Универзитет.

Се работеше токму за тоа. Тој навистина веруваше. Не беше тоа една од оние интересни идеи кои треба да се проверат преку постоечките методи. Беше тоа менување на постоечките рационални методи. Нормално е, кога треба да претставите некаква нова идеја во некоја академска средина, да се претпоставува дека притоа ќе бидете објективни и непристрасни. Но оваа идеја за Квалитетот

беше спротивна токму на таа претпостака - претпоставката за објективност и непристрасност. Тие му прилегаа само на дуалистичкиот разум. Дуалистичката изворност се постигнува со објективност, но креативната изврсност не.

Тој веруваше дека решил голема вселенска загатка, дека го пресекол гордиевиот јазол на дуалистичката мисла, со еден збор, со Квалитетот, и не беше подготвен да му дозволи на било кого овој збор повторно да го врзе во јазол. И верувајќи во тоа, тој не можеше да сфати дека неговите зборови на другите луѓе им звучат безобразно мегаломански. Па и да сфаќаше, тоа ништо не му значеше. Тоа што тој го вели е мегаломанија, но да претпоставиме дека е вистина? Ако греши, никому ништо. Но да претпоставиме дека е во право? Да си во право и да се откажеш од тоа право заради додворување на своите учители, тоа би било ужасно!

Така нему едноставно не му беше гајле за тоа дека како неговите зборови им звучат на другите. Тоа беше секако фанатична работа. Тие денови живееше во осамената вселена на своите разговори. Никој не го разбираше. И колку повеќе луѓе покажуваа дека не успеваат да го разберат и дека не им се допаѓа и она што го разбираа, толку тој стануваше пофанатичен и понепријатен.

Неговиот предизвик наиде на очекуваниот прием. Со оглед на тоа што неговото основно подрачје е филозофијата, тој требало да му се обрати на одделението по филозофија, а не на тој одбор.

Федар покорно го стори тоа, а потоа тој и неговото семејство го натоварија автомобилот и приколката со сето она што го имаа, се поздравија со пријателите и се подготвуваа да тргнат. Токму кога последниот пат ја заклучуваше вратата од куќата се појави поштар со писмо. Беше од Универзитетот во Чикаго. Во него пишуваше дека не е примен. Ништо повеќе.

Очигледно претседателот на испитниот одбор за "Анализа на идеите и проучување на методите" влијаел врз одлуката.

Федар позајми прибор за пишување од соседите и му одговори на претседателот дека со оглед на тоа што веќе беше примен на одборот за "Анализа на идеите и проучување на методите", тој ќе мора тука и да остане. Тоа беше повеќе еден

правен маневар, но Федар до тој момент во себе веќе беше развил своевидна борбена упорност. Тоа застранување, тоа брзо туркање низ вратата на филозофијата значеше дека поради некаква причина претседателот не беше во можност да го исфрли на главната врата на одборот, дури ни со она безобразно писмо во раката, и тоа му ја зајакна самодовербата на Федар. Без странични врати, Ве молам. Ќе мора да го исфрлат на главната врата или никако. Можеби тоа нема да го можат. Добро е. Сакаше неговата дисертација да не должи никому и ништо.

Патуваме по источнот брег на езерото Кламат по пат со три ленти кој сочувал многу обележја на дваесетите години. Тогаш се изградени сите тие патишта со три ленти. Застануваме да ручаме во попатното свратилиште кое исто така припаѓа на тоа време. Дрвена конструкција која копнее по боја, неонската реклама за пиво на прозорецот, чакал и дамки од моторно масло наместо тревник пред влезот.

Внатре, седиштето на шољата е скршено а умивалникот е покриен со масни линии, но на враќање кон нашата маса малку повнимателно го гледам сопственикот зад шанкот. Лице од дваесетите години на дваесетиот век. Едноставно, топло, непоколебливо. Ова е неговиот дворец. Ние сме негови гости. И ако не ни се допаѓаат неговите хамбургери подобро да си молчиме.

Кога пристигнаа, тие хамбургери со огромен сиров кромид, гледам дека се вкусни а и пивото е добро. Целиот оброк е многу поефтин отколку на оние места за стари госпоѓи со пластично цвеќе на прозорците. Додека јадеме гледам дека сме тргнале по погрешен пат и дека по друг би можеле многу побргу да стигнеме до океанот. Сега е топло, лепливата жештина на западниот брег на човека му паѓа тешко после сувата топлина на западната пустина. Навистина, ова е само пренесен Исток, целата оваа сцена, и јас би сакал што е можно поскоро да стигнеме до океанот каде што е посвежо.

Размислувам за тоа долж целиот јужен брег на езерото Кламат. Лепливата жештина и депресијата на дваесетите години...Така се чувствуваше во Чикаго она лето.

Кога Федар пристигна во Чикаго со семејството, се смести близу универзитетот и, со оглед на тоа што немаше стипендија, почна со полно работно време да предава

реторика на Универзитетот Илиноис кој тогаш беше во центарот, близу пристаништето, кое навлегуваше во езерото, миризливо и топло.

Групите беа различни од оние во Монтана. Најдобрите ученици од средните училишта беа собрани во универзитетските комплекси Шампањ и Урбана и речиси сите студенти на кои тој им предаваше спаѓаа во солиден едноличен просек. Нивните состави, кога беа јавно оценувани во класот, беше тешко човек да ги разликува. Во некакви други прилики Федар веројатно би измислил нешто за да излезе на крај со ваквата ситуација, но сега тоа беше само заработување леб за кое не можеше да одвојува креативна енергија. Неговиот интерес беше усмерен на југ, кон оној друг универзитет.

Застана во ред за упис на Универзитетот Чикаго, му го кажа своето име на професорот по филозофија кој го вршеше запишувањето, и забележа благо собирање на неговите очи. Професорот по филозофија рече дека претседателот побарал тој да биде запишан во групата "Идеи и методи", о да, група на која ќе предава самиот претседател, и му го даде распоредот на предавањата. Федар забележа дека времето на оддржување на предавањата се поклопува со неговата работа на пристаништето, па наместо таа група одбра друга, Идеи и методи 251, Реторика. Со оглед на тоа што реториката беше токму негово подрачје, тука се чувствуваше малку поудобно. А и претседателот не беше предавач по овој предмет. Предавач беше професорот по филозофија кој токму сега го запишуваше. Очите на професорот по филозофија, кои претходно беа собрани, сега се раширија.

Федар и се врати на својата работа на пристаништето и учењето за првите предавања. Сега беше апсолутно потребно да учи како никогаш претходно, за генерално да ја совлада мислата на класична Грција и еден класичен Грк посебно - Аристотела.

Од сите оние илјадници студенти на Универзитетот Чикаго кои ја проучувале класиката, се сомневам дека било кој бил поработлив од него. Главната битка на универзитетската програма "Големите книги" беше насочена против модерното верување дека класиците немаат ништо значајно да му кажат на општеството на дваесетиот век. За да можат да бидат сигурни, поголемиот број студенти кои се запишуваа мораа да се вклучат во играта на убавото однесување кон професорите,

и да прифатат, заради разбирање, едно претпоставено верување дека класиците имаат нешто значајно да кажат. Но Федар, кој не беше поборник на некакви игри, не само што ја прифаќаше оваа идеја. Тој страсно и занесено тоа и го знаеше. Почна жестоко да ги мрази и да ги напаѓа со грди зборови од секаков вид на кои можеше да се сети, не затоа што тие беа ирелевантни, туку токму заради спротивната причина. Колку повеќе ги проучуваше, толку стануваше поуверен дека уште никој не ја проценил штетата нанесена на овој свет, која произлегла од нашето несвесно прифаќање на нивната мисла.

Шетајќи се по јужниот брег на езерото Кламат минуваме низ некакви населби со обележени предградија, потоа го оставаме езерото и удираме на запад, кон морскиот брег. Патот сега се качува кон шуми со големи дрвја, кои воопшто не личат на оние шуми жедни за дожд низ кои досега минувавме. Од двете страни на патот има големи елки. Од моторот, на минување, гледаме во нивните стебла се до врвот кој се крева стотина метри над нас. Крис сака да застанеме и да проштаме меѓу нив па застануваме.

Додека тој оди на прошетка, јас се потпирам крајно внимателно со грбот на кора од елка и гледам нагоре и се обидувам да се сетам...

Деталите на она што тој го научи сега се загубени, но според настаните кои следеа подоцна знам дека тој во себе впи страшно количество податоци. Беше способен тоа да го прави со речиси фотографско паметење. За да се разбере како Федар стигна до својата осуда на класичните Грци, потребно е накратко да се изнесе концептот на "митот над логосот" кој им е добро познат на студентите по грчки јазик и е честа причина за привлечност на тоа подрачје.

Зборот логос, кој стои во корен на зборот "логика", се однесува на севкупноста на нашето разбирање на светот. Мит (mstхос), тоа е збир на раните историски и предисториски митови кои му претходат на логосот. Митовите ги вклучуваат не само грчките митови, туку и Стариот завет, ведските химни и раните легенди на сите култури кои дале свои прилог на нашето денешно поимање на светот. Концептот "мит-от над логос-от" тврди дека токму тие легенди ја обликувале нашата рационалност, дека нашето денешно знаење во однос на тие легенди е она

што е стеблото во однос на ниската грмушка која некогаш ја претставувало. Човек може да добие широк увид во сложената, општа структура на стеблото преку проучување на многу поедноставните форми на грмушки. Тука не постојат разлики во вид, ниту пак разлики во идентитет, постои само разлика во големина.

Така, во културите во чии претци спаѓа и стара Грција, човек без исклучок наидува на строго разлачување на субјектот и на објектот бидејќи граматичкото устројство на старогрчкиот мит претпоставувал строга природна разлика помеѓу субјектот и објектот. Во културите како што е кинеската, каде односите на субјектот и објектот не се толку строго граматички одредени, се среќава и соодветна отсутност на строга филозофија на субјект и објект. Таквата разлика се среќава во хебрејско-христијанската култура во која "Зборот" од Стариот завет има своја сопствена светост, па оттаму луѓето се подготвени да жртвуваат се и да живеат за зборовите и да умрат за нив. Во таа култура судијата може да го праша сведокот на суд дали ќе ја каже "вистината, целата вистина, и ништо друго освен вистината, со Божја помош", и да очекува дека навистина од него ќе ја чуе вистината. Но кога еден таков суд ќе се пренесе во Индија, како што тоа го сториле Англичаните, вистинскиот успех во однос на лажното заколнување ќе изостане, затоа што индискиот мит е различен и таа светост на зборовите не се чувствува на истиот начин. Слични проблеми се случија во САД меѓу националните малцинства со различна културна позадина. Постојат безброј примери за тоа како митските разлики ги предизвикуваат разликите во однесувањето, и сите се фасцинантни.

Тој концепт на "митот над логосот" укажува на фактот дека секое дете се раѓа без било какво знаење, како пештерски човек. Но за светот да не се врати во неандерталска состојба, во секоја генерација постои еден непрекинат мит, преобразен во логос но сепак мит, големо множество заедничко знаење кое ги обединува нашите умови како што се клетките обединети во човековото тело. Да се има чувство дека некој не е обединет на таков начин, дека некој може да го прифати или да го отфрли тој мит по своја желба, значи да не се разбере што е тоа мит.

Постои само еден вид личност која го прифаќа или го отфрла митот во којшто живее, рече Федар. А дефиницијата на таа личност, тогаш кога ќе го отфрли митот, гласи "луд", рече Федар. Да се излезе вон митот значи да се полуди...

Боже мој, тоа дури сега ми текна. Никогаш порано не го знаев тоа.

Тој знаеше! Тој мораше да знае што е тоа што мораше да се случи. Почнува да се насира.

Ги имаш сите тие исечоци, како парчиња од мозаик, и можеш да ги групираш во големи множества, но множествата не се вклопуваат кога се обидуваш да ги соединиш, и тогаш одеднаш пронаѓаш едно делче и тоа се вклопува во две различни множества и тие две големи множества стануваат едно. Однос на митот и лудилото. Тоа е клучното делче. Се сомневам дека некој го беше тоа кажал претходно. Лудилото е терра инцогнита која го покружува митот. А тој го знаеше тоа! Тој знаеше дека Квалитетот за којшто говореше лежи вон митот.

Сега се е јасно! Затоа што од Квалитетот се раѓа мит. Во тоа е работата. На тоа мислеше кога рече: "Квалитетот е траен подстрек кој не тера да го создаваме светот во којшто живееме. Се е во него. Секој негов, макар и најмал дел." Религијата не ја измислил човекот. Религијата ги измислила луѓето. Луѓето измислуваат одговори на Квалитетот, а меѓу тие одговори е и разбирањето на она кои се тие самите. Дознавате нешто и тогаш се случува поттик на Квалитетот, и тогаш се обидувате да го дефинирате поттикот на Квалитетот, но за таа цел на располагање ви стои само она што го знаете. Значи, вашата дефиниција е срочена од она што го знаете. Таа е аналогија на она што веќе го знаете. Таа едноставно мора да биде тоа. Не може да биде ништо друго. И митот расте на тој начин. Преку аналогии со она што било познато порано. Митот е зграда изградена со трупање на аналогии врз аналогии врз аналогии. Тие ги исполнуваат вагоните во возот на свеста. Секој негов најмал дел. Квалитетот е пругата која управува со возот. Она што се наоѓа вон возот, од обете страни - тоа е терра инцогнита на лудилото. Тој знаеше дека ќе мора да го напушти митот ако сака да го спознае Квалитетот. Знаеше дека нешто мора да се случи.

Сега низ стеблата го гледам Крис како се враќа. Изгледа одморено и среќно. Ми покажува парче кора и ме прашува дали може да го задржи за спомен. Не сум воодушевен од товарењето на моторот со такви парчиња и предметчиња кои тој ги

наоѓа и кои веројатно ќе ги фрли кога ќе се врати дома, но овој пат му велам дека може.

После неколку минути патот пристигнува на врвот и потоа стрмно се спушта во долината која станува се попривлечна колку повеќе се спуштаме во неа. Никогаш не сум помислил дека една долина би можела да биде наречена така - привлечна - но има нешто во целиот овој крајбрежен регион што е толку различно од секој друг планински предел во Америка, што зборот сам паѓа на ум. Малку појужно одовде се наоѓа областа од каде ни пристигнува сето наше добро вино. Ридовите се некако поинку составени и набрани - привлечно. Патот закривува и се спушта и закривува и се спушта, а ние и моторот лесно јуриме по него, следејќи го со посебна благост, речиси допирајќи го овосоченото лисје на грмушките и надвиените гранки на стеблата. Елките и карпите на повисоките места сега се претвараат во гримизно и црвено цвеќе, а нивниот мирис се меша со чадот од запалено дрво кој се крева од далечната маглина долж дното на долината и зад неа, таму до каде не допира поглед - благиот мирис на океанот...

...Како можам толку да го сакам сето ова, и да бидам луд?...
...Јас не верувам во тоа!

Мит. Митот е луд. Во тоа веруваше. Митот кој вели дека формите на овој свет се стварни а дека Квалитетот на овој свет е нестварен, тоа е лудо!

И веруваше дека во Аристотел и во старите Грци открил измамници кои така го моделирале митот што не натерале тоа лудило да го прифатиме како стварност.

Тоа. Тоа сега. Тоа ги поврзува сите нешта. Се чувствува извесно олеснување кога ќе се случи тоа. Толку е тешко понекогаш да мислиш на сето тоа, потоа следи чудна исцрпеност. Понекогаш помислувам дека сето тоа јас самиот го измислувам. Понекогаш не сум сигурен. А понекогаш знам дека не измислувам. Но митот и лудилото, и нивниот центар - за тоа сум сигурен дека доаѓа од него.

Минувајќи ги тие привлечни ридови пристигнуваме во Медфорд од каде главниот пат води кон Грантс Пас и веќе е речиси ноќ. Силниот челен ветер ни пречи и едвам го следиме останатиот сообраќај на качувањата, дури и под полн гас.

Влегувајќи во Грантс Пас слушаме застрашувачки гласна, sвeскава бучава и застануваме и откриваме дека штитникот на синџирот некако се сплеткал во синџирот и дека е целиот искршен. Ништо сериозно, но доволно да ни одземе некое време додека да го смениме. Можеби е глупаво да го заменуваме кога за неколку дена ќе го продадеме.

Градот Грант Пас изгледа доволно голем за да има продавница за мотори која би била отворена следното утро, па по пристигнувањето во него тргнуваме во потрага по мотел.

Не бевме виделе кревет од Боземан во Монтана.

Наоѓаме мотел со телевизор во боја, базен со греење, апарат за кафе за следното утро, со сапун и бели крпи и поплочен туш и чисти кревети.

Легнуваме на чистите кревети и Крис потскокнува некое време на својот. Се сеќавам од детство дека скокањето по кревети е добар лек за потиштеност.

Утре сето ова некако може да се расчисти, можеби. Не сега. Крис оди доле да се искапе во топлиот базен додека јас мирно лежам на чистиот кревет и заборавам на се.
29

Вадејќи ги работите од страничните торби и враќајќи ги назад уште од Боземан, и правејќи го истото со ранците, опремата стана ептен ветва. Се е расфрлено по подот, и на утринската светлина тоа пружа слика на вистински неред. Пластичната вреќа со замастени работи пукнала и тоалетната хартија сега е маслосана. Облеката била толку збиена што изгледа како да има трајни, вшиени набори. Меката метална туба со маст против изгореници пукнала и белата маст ја облепила футролата на мачетата, ширејќи остар мирис на сите страни. Лименката со мазиво за палење исто така се скршила. Каков неред. Во малото тефтерче кое го носам во џепот од кошулата запишувам: "Да се купи кутија со капак за згмечените работи" и додавам: "Да се испере вешот". Потоа: "Да се купат ножици за нокти на нозете, крема за изгореници, мазиво, штитник за синџир, тоалетна хартија". Тоа се многу

работи кои треба да се направат пред напуштањето на мотелот, па го будам Крис и му велам да стане. Мораме да го испереме вешот.

Во автоматската пералница го учам Крис како се ракува со машината за сушење, ја пуштам машината за перење и заминувам по други работи.

Наоѓам се освен штитникот за синџир. Продавачот ми вели дека немаат и дека нема ни да добијат. Размислувам за возењето без штитник за синџир, што подразбира дека маслото ќе прска на сите страни, што би можело да биде и опасно. Освен тоа не сакам да правам нешта кога постојат такви можности. И затоа морам да ја решам оваа работа.

На крајот на улицата наоѓам знак за заварувач и влегувам. Големите и високи дрвја и густата трева го омеѓуваат просторот од другата страна и на целото место му даваат изглед на селска ковачница. Сиот алат е обесен со многу внимание, се е уредно, но внатре нема никого. Ќе се вратам после.

Се возам назад и застанувам поради Крис, го проверувам вешот кој тој го ставил во машината за сушење и со него го продолжувам бавното лизгање низ веселите улици барајќи некој ресторан. Насекаде промет, живост, добро одржувани возила, поголемиот број од нив. Западен брег. Маглива чиста сончева светлина на градот вон подрачјето на продавачите на јаглен.

На работ од градот наоѓаме ресторан и седнуваме и чекаме на маса со црвено-бел чаршав. Крис ги отвара Мотоциклистичките новости кои ги купив во продавница за мотори и гласно чита кој победил на која трка, а потоа еден текст за трките крос-кантри. Келнерката го гледа, помалку љубопитно, ме гледа мене, моите моторџиски чевли, па ја запишува нарачката. Заминува назад во кујната па се враќа и повторно не гледа. Мислам дека ни посветуваат толкаво внимание затоа што сме тука сами. Додека чекаме таа става неколку парички во џубоксот, и заедно со појадокот кој пристигнува наскоро - пециво, сируп и колбаси, ах - имаме и музика. Со Крис разговараме за тоа што го гледа во Мотоциклистичките новости и разговорот се води со звуците на музиката од плочата на опуштен начин како што разговараат луѓе кои минале многу денови заедно на пат, а со крајот на окото гледам дека тоа некој го гледа со упорно сверење. Наскоро Крис мора некои

работи да ги прашува по втор пат затоа што тоа sверење некако ме совладува, па е тешко да се мисли на она што тој го кажува. Плочата пее за некој возач на камион низ западните прерии...Го завршувам разговорот со Крис.

Додека заминуваме и излегуваме и го палиме моторот, таа стои на вратата и гледа во нас. Осамена. Таа веројатно не разбира дека со таквото гледање нема долго да остане осамена. Го притиснувам кумплунгот и додавам гас повеќе отколку што треба, поради нешто незадоволен, и додека повторно возиме до заварувачот ми треба време за тоа да ми мине.

Заварувачот е внатре, постар човек во своите шеесети или седумдесети, кој ме гледа презриво - потполна спротивност на келнерката. Му објаснувам за штитникот на синџирот и малку потоа тој вели: - Јас нема да го вадам. Вие ќе мора да го извадите.

Го правам тоа и му го покажувам, а тој вели: - Полн е со маснотија.

Позади работилницата, под рашириниот костен, ја стругам целата маснотија во канта за отпадоци. Од таму тој ми вели: - Во онаа кутија има разредувач. - Ја гледам плитката кутија и потоа ги отстранувам остатоците од маснотија со лисја и разредувач.

Кога му го покажувам тој климнува со главата и оди до регулаторот на своите плински боци. Потоа се предомислува и им пристапува на другите боци. Не му се брза. Зема челична шипка за заварување и јас се прашувам дали со тоа ќе се обиде да го завари тој тенок метал. Јас не заварувам метален лим. Го лемам со бронзена шипка. Кога се обидувам да го заварам, пробивам дупки и потоа морам да ги исполнам со големи капки челик. - Зарем нема да ја употребите бронзената шипка? - прашувам.

- Не. - вели тој.
Муабетчија човек.

Го вклучува апаратот, мести еден многу мал модар пламен и потоа, тоа е тешко да се опише, изведува вистински танц со пламенот и шипката во одделни ритми над

тенкиот метален лим, кој целиот стана еднолична портокалово-жолта површина, спуштајќи го пламенот и шипката точно во вистинскиот час за веднаш да ги тргне. Нема дупки. Едвам можете да забележите каде е заварено. - Тоа е прекрасно - велам.

- Еден долар - вели тој, без насмевка. Потоа го фаќам смешниот прашален поглед во неговите очи. Се прашува дали наплатил премногу? Не, тоа е нешто друго...осамен е, како и келнерката. Веројатно мисли дека му се потсмевам. Кој ли го цени уште овој вид работа?

Се подготвивме и излегуваме од мотелот токму во време кога треба да го напуштиме и наскоро заоѓаме во крајбрежна шума, упатувајќи се од Орегон во Калифорнија. Сообраќајот е толку густ што немаме време да гледаме нагоре. Станува студено и сиво па застануваме и облекуваме џемпери и блузи. И понатаму е студено, нешто над 10 степени, и не обземаат зимски мисли.

Осамените луѓе во градот. Го видов тоа во супермаркетот и во пералницата и кога излегувавме од мотелот. Па тие автостопери низ шумата полна со осамени пензионери кои ги гледаат дрвјата на патот пред да го здогледаат океанот. Го гледате тоа при првото забележување на погледот кој доаѓа од ново лице - тој испитувачки поглед - потоа го снемува.

Сега забележуваме многу повеќе таква осаменост. Парадоксално е што осаменоста е најголема таму каде што има најмногу народ, во големите градови на источниот и западниот брег. А таму каде што населението е толку раштркано, во западен Орегон, во Ајдахо, во Монтана, во двете Дакоти, би помислиле дека осаменоста тука би требало да биде многу поголема, но ние не ја забележавме.

Објаснувањето изгледа лежи во тоа дека физичката оддалеченост меѓу луѓето нема врска со осаменоста. Се работи за психичка оддалеченост - во Монтана и Ајдахо физичките оддалечености се големи но психичките оддалечености помеѓу луѓето се мали, а тука е обратно.

Се наоѓаме во главната Америка. Не престигна предминатата ноќ во Принвил Џанкшн и од тогаш не следи. Еве ја таа главна Америка на автопатишта и млазни

авиони и телевизија и филмски спектакли. И луѓе кои се заробени во оваа главна Америка, кои изгледаат како да минуваат голем дел од нивните животи без особена свесност за она што непосредно ги опкружува. Масовните медиуми ги увериле дека не е важно она што непосредно ги опкружува. И затоа се осамени. Тоа им се гледа на лицата. Прво краток блесок на истражување, а потоа кога ќе ве погледнат, вие сте само некаков предмет. Не ве сметаат за жив. Вие не сте она што тие го бараат. Вие не сте на ТВ.

Но споредната Америка низ која минавме, Америка на споредни патишта, кинески канали и коњи од расата апокалоса, и пространи планински масиви, и длабоки мисли, и деца со шишарки и бумбари и отворено небо над нас километар по километар по километар, низ сето тоа владееше она што беше стварно, што беше околу нас. И затоа не сме почувствувале осаменост. Така било веројатно пред сто или пред двеста години. Едвај и да имало луѓе и едвај и да имало осаменост. Јас без сомнение премногу генерализирам, но кога би се примениле соодветните мерила, тоа би било вистинито.

Технологијата е обвинета за голем дел од оваа осаменост, со оглед на тоа што осаменоста е секако поврзана со новите технички изуми - со автопатиштата, млазните авиони, телевизорите и така натаму - но јас се надевам дека е јасно дека вистинското зло не лежи во техничките предмети туку во тенденцијата на техниката да ги дели луѓето на осамени ставови на објективност. Затоа што објективноста, тој дуалистички начин на гледање на нештата кој се крие во технологијата, раѓа зло. Затоа толку се мачев да покажам како технологијата би можела да се искористи за уништување на злото. Човекот кој знае да поправа мотори - со помош на Квалитетот - има поголема веројатност да не остане без пријатели отколку човекот кој тоа не го знае. И пријателите нема на него да гледаат како на предмет. Квалитетот сегаш ја поништува објективноста.

Или ако тој се зафати со било каква досадна работа во која заглавил - а сите работи, порано или подоцна стануваат досадни - па започна, колку за забава, да бара квалитативни решенија, и потајно да ги следи, заради нив самите, претворајќи го на тој начин она што го работи во уметност, веројатно ќе открие дека станува многу поинтересна личност и многу помалку предмет за луѓето околу него, бидејќи неговите квалитативни одлуки го менуваат и него самиот. И не само

работата и него, туку и другите, затоа што Квалитетот е склон кон тоа да се шири на сите страни во бранови. Квалитативната работа која никој не очекувал да биде забележана станува забележана, и човекот кој го гледа тоа се чувствува малку подобро, и веројатно тоа чувство ќе го пренесе и на другите - на тој начин Квалитетот е склон кон трајно ширење.

Мое лично чувство е дека понатамошното подобрување на светот ќе се случува на следниов начин: поединците ќе носат квалитативни одлуки. И тоа е се. Боже, не сакам повеќе да им се воодушевувам на големите програми за општествено планирање наменети за големи маси народ кои го изоставуваат поединечниот квалитет. Нив можеме да ги заборавиме некое време. За нив има место, но тие мораат да бидат изградени врз темелите на квалитетот кои постои внатре поединците на кои им се наменети. Таков индивидуален Квалитет имавме во минатото, го експлоатиравме како природен ресурс без да го знаеме тоа, и денес резервите се при крај. Сите се при крај со занесот. И мислам дека е крајно време да му се вратиме на повторното градење на тоа американско богатство - поединечните вредности. Има политички реакционери кои со години говорат нешто слично. Јас не сум еден од нив, но се додека говорат за вистинската поединечна вредност а не бараат оправдување за давање повеќе пари на богатите, тие се во право. Навистина ни е потребно враќање кон поединечната чесност, самодовербата и старомодниот занес. Тоа ни е навистина потребно. Се надевам дека во оваа шатакуа дава изесени насоки во тој поглед.

Федар појде по различна стаза од онаа која е во врска со идејата за поединечните, лични квалитативни одлуки. Мислам дека неговата стаза беше погрешна, но можеби и јас во негова ситуација би пошол по истиот пат. Тој чувствуваше дека решението почнува со нова филозофија - со нова духовна рационалност - во која грдоста и осаменоста и духовната празнина на дуалистичкиот технолошки разум ќе станат нелогични. Разумот веќе не може да биде "ослободен од вредности". Разумот мора да му биде логично подреден на Квалитетот, и тој беше сигурен дека ќе ја најде причината заради што тоа не беше така меѓу старите Грци, чиј мит ја проткаја нашата култура со тенденции кои лежат во основата на сето она што е зло во нашата технологија, тенденцијата да се прави она што е "разумно", дури и кога тоа не е ни најмалку добро. Тоа е коренот на целиот проблем. Токму тоа. Реков дека тој уште одамна го прогонуваше сеништето на разумот. Тогаш мислев на ова.

Разумот и Квалитетот се раздвоиле и меѓусебно се судриле, и Квалитетот беше покорен а разумот возвишен.

Почна да роси. Но не толку за да мораме да застанеме. Само слаб почеток на силен краткотраен дожд.

Патот сега води вон високите шуми во отвореното сино небо. Покрај него има многу рекламни паноа. Козметиката Шенли со топли бои трае вечно, додека човекот чувствува дека Ирма дава слаби и осредни трајни ондулации поради испуканите бои на нејзините паноа.

Повторно го читав Аристотел барајќи го она страшно зло кое се појавува во парчињата сеќавања за Федар, но не го најдов тука. Се што пронајдов кај Аристотел се главно досадни генерализации од кои голем број навидум е невозможно да се оправдаат во светлината на модерното знаење, кои се лошо конструирани и кои изгледаат примитивно како што изгледа грчката керамика во музеите. Кога би знаел многу повеќе за тоа, сигурен сум дека и би нашол многу повеќе во него, и би престанал да го сметам за примитивен. Но без познавање на сето тоа не можам да видам зошто тоа заслужува толкаво воодушевување на групата собрани околу проектот "Големите книги" или толкав гнев од страна на Федар. Јас во делата на Аристотел навистина не гледам главен извор ниту на позитивни ниту на негативните вредности. Но водушевувањето на групата "Големите книги" е добро познато и публикувано. Федровиот гнев не е, и неговото оддржување станува дел од моите обврски.

Реториката е уметност, почнува Аристотел, затоа што може да се сведе на рационален систем на поредок.

Федар напросто се вчудоневиди од оваа изјава. Го замрзна. Беше подготвен да одгатнува пораки со моќна истенченост, системи со голем степен на сложеност за подобро да ги разбере длабокото внатрешно значење на Аристотел, кого многумина го прогласуваат за најголем филозоф на сите времиња. И тогаш го погодува, без вовед, право в лице, една ваква посрана реченица! Тоа навистина го потресе.

Читаше понатаму:
Од една страна реториката може да се подели на посебни докази и теми, и на општи докази од друга. Посебните докази можат да се поделат на методи на докажување и видови докази. Методите на докажување се вештачки докази и невештачки докази. Од вештачките докази постојат етички докази, емоционални докази и логички докази. Од етичките докази постојат практичната мудрост, доблеста и добрата волја. Посебните методи кои се служат со вештачки докази од етички вид ја вклучуваат добрата волја и бараат знаење од областа на емоциите, и за оние кои заборавиле што се тие емоции, Аристотел приложува попис на истите. Тоа се лутината, презирот (делив на дрскост, пркос и навреда), благоста, љубовта или пријателството, стравот, довербата, срамот, бесрамноста, наклоноста, добронамерноста, сожалувањето, грозењето, зависта, натпреварувањето и предизвикувањето.

Се сеќавате ли на описот на моторот даден во Јужна Дакота? На она кое детално ги набројува сите делови и функции на моторот? Ја препознавате ли сличноста? Тука се наоѓа, Федар беше уверен во тоа, зачетокот на тој стил на говор. Аристотел продолжуваше така страница по страница. Како некој третокласен технички инструктор, именувајќи се, покажувајќи ги односите меѓу нештата кои ги именува, остроумно откривајќи ги случајните нови односи меѓу тие споменати нешта и потоа чекајќи да зазвони за да може да му ја повтори целата лекција и на следниот клас.

Федар не можеше да прочита никаков сомнеж, никакво чувство на страв, ниту меѓу редови, само вечна самобендисаност на професионален академик. Дали Аристотел навистина мислел дека неговите ученици ќе станат подобри говорници ако ги научат сите тие бескрајни имиња и односи? Ако не го мислел тоа, дали навистина мислел дека ги учи на реторика? Федар мислеше дека тој навистина така мислел. Во неговиот стил немаше ништо што би покажувало дека Аристотел било кога се посомневал во Аристотел. Федар го сметаше Аристотела за човек кој е страшно задоволен од тој ситен трик на општо именување и класифицирање. Неговиот свет почнува и завршува со тој трик. И доколку не беше мртов речиси повеќе од две илјади години, Федар ќе сакаше да го збрише од овој свет, затоа што во него виде прототип на милиони самозадоволни и навистина неуки учители кои дефилираа низ целата историја и кои самобендисано и сурово го убиваа

креативниот дух на своите ученици преку тој глупав ритуал на анализа, со тоа слепо, рутинско, вечно именување на нештата. Влезете во било која од стотиците илјади денешни училници и слушнете ги наставниците како ги класифицираат и подкласифицираат и поврзуваат и спротивставуваат "начелата" и како ги проучуваат "методите" и се што ќе чуете е Аристотеловиот дух кој ни говори низ столетијата - неплоден беживотен глас на дуалистичкиот разум.

Предавањата за Аристотел се оддржуваа на голема дрвена округла маса во морничавата соба наспроти болницата, каде сонцето доцна попладне едвам продираше над покривите на болницата низ нечистиот и загаден градски воздух. Безбојно и бледо и тегобно. Во текот на предавањата Федар забележа дека таа голема маса има огромна пукнатина на средината. Изгледаше како да стои тука со години, но никој не помислил да ја поправи. Сите се презафатени, нема сомневање, со поважни работи.

На крајот на предавањето конечно праша: - Може ли да се поставуваат прашања во врска со Аристотеловата реторика?

- Доколку сте го прочитале градивото - му беше кажано. Во очите на професорот по филозофија го забележа истото собирање на зениците кое го забележа првиот ден од уписот. Тоа го сфати како предупредување темелно да го проучи градивото, па така и стори.

Сега дождот е пороен па застануваме и на шлемовите ставаме штитник за лицето. Потоа продолжувам со умерена брзина. Внимателно ги следам дупките и песокот и масните дамки.

Следната недела Федар го проучи градивото и беше подготвен да ја издвои реченицата која вели дека реториката е уметност затоа што може да се сведе на рационален систем на поредок. По тој критериум фабриката Џенерал моторс произведува чиста уметност, а Пикасо не. Ако во Аристотел има подлабоки значења од оние кои можат да се забележат, ова ќе биде најдоброто место тие да станат видливи.

Но прашањето не е поставено. Федар ја крена раката за да го стори тоа, улови во дел од секундата молња злоба во окото на професорот, кога некој друг студент, речиси како да го прекинува, рече: - Мислам дека тука има изјави кои се мошне сомнителни.

Тоа беше се.
- Господине, ние не сме тука за да научиме што мислите вие - заржа професорот по филозофија. Како сулфурна киселина. - Ние сме тука за да научиме што мисли Аристотел! - Право в лице. - Кога ќе сакаме да научиме што мислите вие, ќе основаме група за тој предмет!

Тишина. Студентот е вчудоневиден. И сите други.

Но професорот по филозофија уште не завршил. Тој покажува со прст во оној студент и прашува: - Според Аристотел: кои се трите видови посебна реторика во согласност со предметот на разговорот?
Уште поголема тишина. Студентот не знае. - Значи вие тоа не сте го прочитале, нели?
И сега, со озарување кое покажува дека тоа го имал на ум цело време, професорот по филозофија кружи со прстот и го вперува во Федар.
- Вие господине, кои се трите видови посебна реторика во согласност со предметот на разговорот?
Но Федар е подготвен. - Форензична, делиберативна и епидеиктична - одговара мирно.
- Кои се епидеиктични техники?
- Техники на откривање на сличности, техниката на пофалба, техниката на величање и техниката на преувеличување.
- Дааа... - вели полека професорот по филозофија. Потоа повторно замолчува. Останатите студенти изгледаат вчудоневидени. Се прашуваат што се случило. Тоа го знае само Федар, и можеби професорот по филозофија. Невиниот студент доби удари кои му беа наменети нему.

Сега лицата на студентите стануваат сериозни како одбрана од слични видови испитувања. Професорот по филозофија направи грешка. Ја исцрпи својата

дисциплинска моќ над невиниот студент, додека Федар, вистинскиот виновник, внистиснкиот непријател, е се уште на слобода. Се понедофатлив. Со оглед на тоа што не постави никакво прашање, сега нема начин да го сосече. А со оглед на тоа што гледа како се одговара на неговите прашања, сигурно самиот нема повеќе да ги поставува.

Невиниот студент се sури во масата, со поцрвенето лице, покривајќи ги очите. Неговиот срам се претвора во федров бес. Никогаш ниту на едно свое предавање не разговарал на таков начин со некој студент. Така значи се проучуваат класиците на Универзитетот Чикаго. Сега Федар го познава професорот по филозофија. Но професорот по филозофија не го познава Федар.

Сивото дождливо небо и патот начичкан со реклами се спуштаат во Кресент Сити, Калифорнија, сив и студен и морак град, а Крис и јас во далечината, зад сивите згради ја гледаме водата - океанот. Се сеќавам дека тоа беше нашата голема цел сите овие денови. Влегуваме во ресторан со креативно црвен тепих и креативни листи на јадења со крајно високи цени. Единствени сме во него. Јадеме во тишина, плаќаме и повторно сме на патот, сега кон југ, студен и маглив.

Оној посрамен студент веќе не се појавува на предавањата. Не е ни чудо. Класот е целосно смрзнат, што е неизбежно кога ќе се случи таков немил настан. На сите предавања зборува само еден човек, професорот по филозофија и тој им говори и говори и говори на лица кои се трансформирале во неутрални маски.

Професорот по филозофија изгледа дека е потполно свесен за она што се случило. Поранешното злобно светкање во неговите очи упатено кон Федар се претвори во треперење од страв. Изгледа дека тој разбира дека во сегашната ситуација во класот, кога за тоа ќе дојде време, може да очекува потполно иста постапка каква што и самиот примени, и дека него никој нема да го сожали. Тој го отфрли своето право на човечност. Сега не постои начин да ја спречи одмаздата, освен постојано да биде на штрек.

Но за да биде на штрек, мора жестоко да запне и да говори точни и исправни нешта. И Федар тоа го разбира. Молчејќи тој сега може да учи под многу поволни услови.

Во тој период Федар учеше многу вредно, и учеше многу бргу, и постојано молчеше, но би било погрешно да се помисли дека тој беше добар студент во било кој поглед. Добриот студент го бара знаењето на чесен и непристрасен начин. Федар не го правеше тоа. Тој мораше да ја наточи својата секира, и се што бараше беа оние нешта кои би му помогнале да ја наостри и оние средства кои би му помогнале во рушење на сето она што би му се испречило на тој пат. Ниту имаше време ниту пак го интересираа туѓите "Големи книги". Тој беше тука само за да ја напише својата "Најзначајна книга". Неговиот однос кон Аристотел беше безобразно нечесен заради истата причина заради која Аристотел беше нечесен кон своите претходници. Тие го попречуваа она што тој сакал да го каже.

Аристотел го беше расипал она што Федар сакаше да го каже, ставајќи ја реториката во толку навредливо ниска категорија на својата хиерархија на поредок на нештата. За него таа беше гранка на Практичната наука, претставуваше своевидна нејасна врска со другата категорија, со Теоретската наука, која беше Аристотелова главна преокупација. Како гранка на Практичната наука таа е потполно исклучена од било какви допири со вистината и добрината и убавината, освен кога тие претставуваа средства кои можеа да се уфрлаат во расправата. Така, Квалитетот, во системот на Аристотел, е потполно раздвоен од реториката. Ваквиот презир кон реториката, споена со Аристотеловиот сопствен ужасен реторички квалитет, толку го беше отуѓил Федар, што тој не можеше да прочита ништо што го рекол Аристотел а да не побара начини истото да го презре и да го нападне.

Тоа не беше тешко. Аристотел беше секогаш извонредно напаѓан, тој и бил извонредно напаѓан низ целата историја, и соборувањето на Аристотеловите патентирани глупости, како соборувањето лименки на панаѓур, не пружаше многу задоволство. Да не беше Федар толку пристрасен, можеше да научи некои аристотеловски техники кои би го упатиле во нови подрачја на знаењето, затоа што одборот всушност заради тоа и беше именуван. Но да не беше толку пристрасен во барањето на место за лансирање на својот труд за Квалитетот, не би се ни нашол тука, па според таква можност всушност и не постоеше.

Професорот по филозофија држеше предавања, а Федар ја слушаше и класичната форма и романтичната површина на она што тој го говореше. Професорот по филозофија се чувствуваше најнепријатно кога стануваше збор за "дијалектиката". Иако Федар не можеше да сфати зошто тоа е така во рамките на класичната форма, неговата се поголема романтична чувствителност му говореше дека наишол на некаква трага - мирисаше на дивеч.

Дијалектика, а?

Аристотеловата книга почнува со неа, и тоа на многу маглив начин. Реториката е дополнување на дијалектиката, пишува во неа, како тоа да е од суштинско значење, но никаде не е објаснето зошто е толку важно. Потоа следеа неколку други нејасни ставови, кои звучеа како да е прескокнат голем дел од нив, или како материјалот да е погрешно составен, или како печатарот да испуштил нешто, бидејќи колку пати и да ги читаше, ништо со ништо не се согласуваше. Единствено беше јасно дека Аристотел многу се интересира за односот на реториката кон дијалектиката. За Федровото уво тука се појавуваше истата онаа тегобност што ја забележа кај професорот по филозофија.

Професорот по филозофија ја дефинираше дијалектиката и Федар внимателно слушаше, но дефиницијата влегуваше во едно а излегуваше од друго уво, што е својствено за филозофските искази кога нешто ќе се изостави. На второто предавање некој студент, кого изгледа го мачеше истиот проблем, го замоли професорот повторно да ја дефинира дијалектиката и тогаш професорот повторно го фрли оној страшлив поглед на Федар и стана многу раздразлив. Федар почна да се прашува дали можеби дијалектиката има некое посебно значење поради кое таа станува централен збор - збор кој може да ја наруши рамнотежата на расправата, зависно од тоа каде ќе се смести. И имаше.

Дијалектиката генерално го означува "она што се однесува на природата на дијалогот" што е всушност разговор меѓу две лица. Денес тоа се вика логична расправа. Таа ја вклучува техниката на вкрстено испитување со која се стигнува до вистината. Тоа е начинот на кој Сократ разговара во Платоновите Дијалози. Платон

верувал дека дијалектиката е единствен метод преку кој се стигнува до вистината. Еден единствен.

Ете зошто дијалектиката е клучен збор. Аристотел го нападна тоа верување, велејќи дека дијалектиката е соодветна само за некои цели - за испитување на човечките вредности, за откривање на вистините за вечните облици на нештата, познати како идеи, кои се постојани и непроменливи и кои според Платон ја сочинуваат стварноста. Аристотел признава дека постои научен метод, но "физички" метод, кој ги набљудува физичките факти и стигнува до вистините за материјата, која е подложна на промена. Тој дуализам на формата и содржината и научниот метод преку кој се стигнува до фактите за содржината се средиште на Аристотеловата филозофија. Оттаму, за него станало апсолутно битно дијалектиката да биде симната од високото место на кое ја држеа Сократ и Платон, затоа таа беше и остана централен збор.

Федар претпоставуваше дека аристотеловото сведување на дијалектиката, од тоа да биде единствениот метод за откривање на вистината, како што беше кај Платон, на некакво "дополнување на реториката", може толку да ги разгневи денешните платоновци, исто колку што тоа би го разбеснело и самиот Платон. Со оглед на тоа што професорот по филозфоија не знаеше каква е Федровата "позиција", тој стануваше раздразлив. Можеби се плашеше дека на него ќе скокне Федар-платоновецот. Ако беше така, тој не требаше да се плаши. Федар не беше навреден што дијалектиката беше спуштена на ниво на реторика. Тој беше бесен што реториката беше спуштена на ниво на дијалектика. Во тоа се состоеше забуната во тоа време.

Личноста која мораше сето тоа да го расчисти секако беше Платон и за среќа тој беше следниот по ред кој се појави на округлата маса со голема пукнатина на средината во мрачната тегобна просторија карши болничките згради во јужниот дел на Чикаго.

Сега се возиме долж брегот, студени, мокри и потиштени. Дождот привремено престана, но на небото не гледаме никаква надеж. Во еден миг здогледувам плажа и некакви луѓе што одат по мокриот песок. Уморен сум и затоа застанувам.

Симнувајќи се од моторот Крис вели: - Зошто застануваме?

- Уморен сум - велам. Од океанот дува студен ветер и на местото каде што тој подигнал песочни дни, сега мокри и темни од дождот кој веројатно тукушто престанал, легнувам во заветрина и така ми е малку потопло.

Сепак, не спијам. Едно девојче се појавува на врвот на падината и ме гледа како да сакам да дојдам и да си играм со неа. Малку подоцна заминува.

Во меѓувреме Крис се враќа и сака да одиме. Вели дека пронашол некои смешни билки на камењата кои имаат цветчиња кои се вовлекуваат кога ќе ги допреш. Поаѓам со него и меѓу кревањето и спуштањето на брановите гледам алги, кои не се билки туку животни. Му велам дека тие пипци можат да фатат мали риби. Веројатно има голема осека бидејќи во спротивно не би ги виделе, велам. Со крајчето на окото гледам дека она девојче на другата страна на камењата нашла морска ѕвезда. Нејзините родители исто така носат морски ѕвезди.

Се качуваме на моторот и поаѓаме на југ. Понекогаш дождот лие посилно, па ја ставам маската за да не ме пецка по лицето, но тоа не ми е пријатно и штом дождот ќе ослабе ја симнувам. Би требало да стигнеме до Арката пред мрак, но не сакам да возам пребргу по овој мокар пат.

Мислам дека Колериџ бил тој кој рекол дека секој е или платоновец или аристотеловец. Луѓето кои не можат да го поднесат аристотеловото бескрајно наведување на поединости се природни љубители на платоновите сирови генерализации. Луѓето кои не можат да го поднесат вечниот силен платонов идеализам ги сакаат приземните аристотелови факти. Платон во суштина е трагач по Буда, кој одново се јавува во секоја генерација, одејќи напред и горе кон "Едното". Аристотел е вечен механичар за мотори на кого му е подраго "мноштвото". И јас лично сум прилично голем аристотеловец во таа смсла, бидејќи ми е подраго да го пронаоѓам Буда во квалитетот на фактите околу мене, но Федар по природа беше чист платоновец и почувствува силно олеснување кога почнаа да го обработуваат Платон. Неговиот "Квалитет" и Платоновото "добро" беа толку слични што можеби би помислил дека се истоветни, доколку Федар не остави

некои белешки на оваа тема. Но тој тоа го негираше, и со време успеав да видам дека сум успеал да увидам колку важно било тоа негирање.

Меѓутоа, "Анализата на идеите и проучувањето на методот" воопшто не се занимаваше со Платоновиот поим за добро; се занимаваа само со Платоновиот поим за реторика. Реториката, вели Платон, не е воопшто поврзана со доброто; реториката е "лошото". Реторичарите се луѓе кои Платон ги мрази најмногу, после тираните.

Горгија беше обработуван како прв од Платоновите дијалози, и Федар чувствуваше дека конечно пристигнал. Тоа беше местото каде што сакаше да биде.

Цело време го обземаше чувство дека напред го влечат некои сили кои тој не ги разбира - месијански сили. Септември дојде и мина. Деновите стануваа нестварни и неповрзани, освен во рамките на Квалитетот. Ништо не е важно, туку само фактот дека тој носи нова и страшна и светски потресна вистина која ќе се роди наскоро, и без оглед дали го сакал тоа или не, светот е морално обврзан да ја прифати.

Во дијалогот, Горија е име на софист кого Сократ вкрстено го испрашува. Сократ знае што прави Горгија за живеачка и како работи, но тој ја започнува својата дијалектика со дваесет прашања прашувајќи го Горгија со што се занимава реториката. Горгија одговара дека таа се занимава со разговорот. Како одговор на идното прашање тој вели дека нејзината цел е да убеди. Како одговор на следното прашање тој вели дека нејзиното место е во судот и на другите собранија. А како одговор на уште едно прашање тој вели дека нејзиниот предмет е правдата и неправдата. Сетоа ова, што едноставно е опис на Горгија на она кон што тежеле софистите, сега од страна на Сократовата дијалектика е претворено во нешто сосема друго. Реториката стана објект. Објектот има делови а деловите имаат меѓусебни односи и тие односи се непроменливи. Во овој дијалог прилично јасно се гледа како сократовиот аналитички нож ја сече уметноста на Горгија на парчиња. И што е дури и поважно, се гледа дека тие парчиња се темел на Аристотеловата реторичка уметност.

Сократ беше еден од јунаците на федровото детство и сега овој дијалог го лутеше. Ги пополни маргините на текстот со свои коментари. Тие сигурно го обеспокојуваа,

бидејќи беше невозможно да се претпостави како би се развивал дијалогот доколку овие одговори можеа да бидат чуени. На едно место Сократ прашува на која категорија нешта се однесуваат зборовите со кои се служи реториката. Горгија одговара: - На најголемите и на најдобрите. - Несомнено препознавајќи го во тој одговор Квалитетот, Федар напиша на маргината на страницата "Така е!". Но Сократ одговара дека тој одговор е двосмислен. Тој е уште во мрак. "Лажливко", пишува Федар на маргината, и наведува страница од друг дијалог каде Сократ јасно вели дека не можел да "биде во мрак".

Сократ не се служи со дијалектика за да ја разбере реториката, тој со неа се служи за да ја уништи, или барем да ја обрука, и така неговите прашања воопшто не се вистински прашања - тоа се само стапици од зборови во кои упаѓаат Горгија и неговите пријатели реторичари. Заради тоа Федар е толку разгневен и жали што не бил таму, на лице место.

Професорот по филозофија, забележувајќи го федровото очигледно добро однесување и работливост, заклучува дека тој можеби на крајот на краиштата и не е лош студент. Тоа е втора грешка. Одлучи малку да си поигра со Федар прашувајќи го штој мисли за кулинарската вештина. Сократ му покажа на Горгија дека реториката и кулинарството се гранки на угодување на страстите - сводништво - затоа што повеќе делуваат на емоциите отколку на вистинското знаење.

На прашањето на професорот Федар дава сократовски одговор дека кулинарството е гранка на угодување на страстите.

Тоа предизвикува насмевка кај една студентка што на Федар не му се допаѓа бидејќи тој знае дека професорот на него го испробува дијалектички зафат сличен на оној што Сократ ги изведува на своите противници, и неговиот одговор немаше намера да биде смешен туку едноставно да го одбие дијалектичкиот зафат што професорот сакаше да го изведе. Федар е потполно подготвен од збор до збор да ги изговори сите докази што Сократ ги употребува за да го утврди тоа гледиште.

Но професорот не го сака тоа. Тој сака да води дијалектичка расправа во која Федар е реторичар кого го руши силата на дијалектиката. Професорот се мурти и се обидува уште еднаш: - Не. Сакам да кажам, дали вие навистина мислите дека

добро подготвеното јадење во најдобриот ресторан претставува нешто што би морале да го одбиеме?

Федар прашува: - Мислите на моето лично мислење? - Веќе со месеци, откако исчезна оној невин студент, во таа група не се беше чуло ниту едно лично мислење.

- Даааа - вели професорот.
Федар молчи и се обидува да го најде одговорот. Сите чекаат. Неговите мисли се движат молскавично, ја одбираат дијалектиката, ги играат едно по друго докажаните шаховски отварања и тој сфаќа дека секое отварање губи, па минува на следното; се побргу и побргу - но единственото нешто што групата го дознава е тишината. Конечно, наоѓајќи се во непријатна ситуација, професорот крева раце од прашањето и почнува со предавањето.

Не Федар не го слуша тоа предавање. Неговиот ум јури се понатаму, низ пермутациите на дијалектиката, понатаму и понатаму, рушејќи се пред себе и пронаоѓајќи нови гранки и подгранки, пукајќи од бес при секое ново откритие на расипаност и нискост и подлост на таа "уметност" која се нарекува дијалектика. Гледајќи го изразот на неговото лице професорот прилично се возбудува и го продолжува своето предавање во некој вид паника. Федровиот ум јури се понатаму и понатаму и уште понатаму, конечно гледајќи некое зло, некое зло вкопано длабоко во него самиот, кое се преправа дека се обидува да ја разбере љубовта и убавината и вистината и мудроста, но неговата вистинска цел е никогаш да не ги разбере, неговата вистинска цел е да ги сврге и самото да се качи на престол. Дијалектика - самонаречен владетел. Тоа го гледа. Скороевич, кој го напаѓа сето она што е добро и настојува се да опфати и да совлада. Зло. Професорот го завршува своето предавање порано и брзајќи ја напушта просторијата.

Студентите тивко излегуваат и Федар останува сам седејќи зад големата округла маса додека сонцето исчезнува низ пеплосаниот воздух и просторијата станува сива а потоа мрачна.

Следниот ден тој чека пред библиотеката и кога таа се отвара почнува беспомошно да чита, да го чита по прв пат она што е зад Платона, она малку што е познато за реторичарите кои тој толку ги презираше. И тоа што го открива почнува да му го потврдува она што веќе го насетуваше во своите мисли претходната вечер.

Платоновата осуда на софистите е нешто што многу научници го прифаќаа со голем сомнеж. И самиот претседател на испитниот одбор напомена дека критичарите кои не се сигурни околу она што го мислел Платон мораат подеднакво да бидат несигурни и околу она што го мислеле сократовите противници во дијалозите. Кога е познато дека Платон ги ставал своите зборови во устата на Сократ (тоа го вели Аристотел), не би смеело да постои причина да се сомневаме дека тој можел да ги стави своите зборови и во друга уста.

Искажувањата на другите древни мислители изгледаше како да водат кон поинаква проценка на софистите. Многу од старите софисти биле бирани како "делегати" на своите градови, што секако не била позиција за потценување. Името софист се употребувало дури и за Сократ и за Платон без омаловажување. Некои подоцнежни историчари дури сугерирале дека Платон ги мразел софистите затоа што не можеле да се споредат со неговиот учител, Сократ, всушност најголемиот софист од сите нив. Ова последно објаснување е многу интересно, помисли Федар, но не задоволува. Вие не ја мразите школата во која членува и вашиот учител. Што била вистинската платонова намера? Федар чита се понатаму и понатаму и за да го открие одговорот завлегува во предсократовската грчка мисла, и најпосле стигнува до гледиштето дека платоновата омраза кон реторичарите била дел од многу поголема битка во која старноста на доброто, што ја застапувале софистите, и стварноста на вистината, која ја застапувале дијалектичарите, се бореа во страшна битка за иднината на човековиот ум. Вистинитото победило, доброто загубило, и затоа нам ни е денес лесно да ја прифатиме стварноста на вистината, а ни е многу тешко кога ја прифаќаме стварноста на Квалитетот, иако во однос на првото подрачје нема повеќе согласување во споредба со второто.

За да се разбере како Федар стигна до ова, потребно е некакво објаснување: Најпрвин мора да се отфрли мислата дека временскиот период помеѓу последниот пештерски човек и првите грчки филозофи било кратко. Отсутноста на било какви историски податоци од тој период понекогаш ја создава таа заблуда. Но пред

грчките филозофи да стапнат на сцената, во период кој траел барем пет пати повеќе отколу целата наша забележана историја од грчките филозофи наваму, постоеле цивилизации на напреден степен на развој. Тие имале села и градови, возила, куќи, пазари, ограден полиња, земјоделски алатки и домашни животни и живееле богат и разновиден живот каков се живее и денес во најголемиот дел на селски подрачја во светот. И како и луѓето во тие подрачја денес и тие не гледале причина тоа да се запишува или, и ако го правеле тоа, пишувале на материјали кои никогаш не се пронајдени. И така ние не знаеме ништо за нив. И "мрачниот среден век" бил само продолжение на природниот начин на живот што Грците го беа прекинале за момент.

Раната грчка филозофија претставувала прво свесно истражување на она што е неуништливо во човечкото занимавање со нештата. До тогаш неуништливото спаѓало во областа на боговите, митовите. Но сега, како последица на се поголемата непристрасност на Грците кон светот околу нив, постоела растечка моќ на апстракција која им допуштала старите грчки митови да не ги сметаат за откриена вистина туку за фантастични уметнички остварувања. Таа свесност, која пред тоа не постоела, значела потполно ново ниво на разбирање на грчката цивилизација.

Но митот продолжува, и она што го уништило стариот мит станува нов мит, и тој нов мит кај првите јонски филозофи се преобразува во филозофија, која на нов начин ја вградува постојаноста. Постојаноста не е повеќе и исклучиво област на бесмртните богови. Тие исто така можат да се најдат внатре бесмртните принципи, меѓу кои спаѓа и нашиот сегашен закон на гравитација.

Бесмртниот принцип најпврин, од страна на Талес, бил наречен вода. Анаксимен така го нарекол воздухот. Питагорејците така го нарекле бројот и на тој начин станале први кои Бесмртниот принцип го сфатиле како нешто нематеријално. Хераклит Бесмртниот принцип го нарекол оган и ја вовел промената како дел од принципот. Тој рекол дека светот постои како судир и напнатост помеѓу спротивностите. Тој рекол дека постои Едно и дека постои Се, и дека Едното е сеопшт закон кој ги проникнува сите нешта. Анаксагора бил првиот кој го поистоветил Едното со Нус, што значи "ум".

Парменид по прв пат објаснил дека Бесмртниот принцип, Едното, Вистината, Бог, се одвоени од појавноста и од мислењето, и дека важноста на тоа разлачување и неговото влијание врз последователната историја не може доволно да се потенцира. На тоа место класичниот ум за прв пат раскинал со своето романтично потекло и рекол: - Бог и Вистината не се нужно едно и исто - и тргнал по својот засебен пат. Анаксагора и Парменид имале слушател наречен Сократ кој ги довел нивните идеи до целосна реализација.

Тука е важно да се разбере дека до тогаш не постоеше ништо што би било дух и материја, субјект и објект, форма и содржина. Тие поделби се само дијалектички изуми кои се појавија подоцна. Денешниот дух често е склон да и се спротивстави на мислата дека тие дихотомии се изуми и вели: - Поделбите постоеја за Грците да ги откријат - а вие морате да кажете: - Каде постоеја? Покажете ни ги! - И денешниот дух малку се збунува и се чуди за што всушност се работи и понатаму верува дека тие поделби постоеле.

Но не постоеја, како што тоа го рече Федар. Тие се само сеништа, бесмртни богови на денешниот мит кој ни се чини стварен бидејќи сме во тој мит. Но во стварноста тие се исто толку слични на уметнички остварувања колку и антропоморфните богови кои ги беа замениле.

Предсократовските филозофи споменати до сега сакаа Бесмртниот принцип да го пронајдат во надворешниот свет што го гледаа околу себе. Нивниот заеднички напор ги соедини во група која може да се нарече козмолози. Сите тие се согласуваа дека таков принцип постои, но нивните несогласувања околу тоа што всушност претставува тој изгледаа нерешливи. Следбениците на Хераклит упорно тврдеа дека Бесмртниот принцип е промената и движењето. Но ученикот на Парменид, Зенон, докажа преку низа парадокси дека секое движење и секоја промена е илузија. Стварноста мора да е неподвижна.

Решението на спорот помеѓу козмолозите дојде од сосема нов правец, од групата која на Федар му изгледаше како да се состои од првите хуманисти. Тие беа учители, но тие не се обидуваа да ги поучат луѓето во однос на принципите, туку во однос на човечките верувања. Нивната цел не беше некаква апсолутна вистина, туку подобрување на луѓето. Сите принципи, сите вистини се релативни, рекоа тие.

- Човекот е мерило на сите нешта. - Тоа беа славните учители на "мудроста", софистите на стара Грција.

За Федар ова појаснување на позадината на конфликтот помеѓу софистите и козмолозите им даде една цела нова димензија на Платоновите Дијалози. Сократ не ги образлага благородните идеи во вакуум. Тој се наоѓа среде битка помеѓу оние кои мислат дека вистината е апсолутна и оние кои мислат дека вистината е релативна. Тој ја бие таа битка со се што располага. Софистите се непријатели.

Сега Платоновата омраза кон софистите има смисла. Тој и Сократ го бранат бесмртниот принцип на козмолозите од она што тие го сметаат за декаденција на софистите. Вистина. Знаење. Она што е независно од она што било кој го мисли. Идеал за кој умрел Сократ. Идеал кој само Грција го поседува за прв пат во историјата на светот. Тоа е многу кршлива работа. Може потполно да исчезне. Платон ги мрази и ги осудува софистите без пардон, не затоа што тие се подли и неморални луѓе - очигледно постојат многу поподли и понеморални луѓе во Грција, кои тој потполно ги занемарува. Тој ги осудува затоа што го загрозуваат првиот почеток на проникнување во идејата за вистината во историјата на човештвото. Се се врти околу тоа.

Резултатите од сократовото маченичество и платоновата ненадминлива проза која следеше не се ништо помалку туку целиот свет на Западниот човек каков што го познаваме. Доколку на идејата на вистината би и било дозволено да се загуби неоткриена во времето на ренесансата, денес веројатно не би биле многу над нивото на предисторискиот човек. Научните и технолошките идеи и другите систематски организирани напори на човекот зависат од неа во нивната точка на мртов од. Таа е суштина на се.

Па сепак, Федар чувствува дека она што тој го говори за Квалитетот на некој начин е спротивно на сето она што е кажано досега. Изгледа дека многу подобро се согласува со софистите.

- Човекот е мерило на сите нешта. - Да, тој говори за Квалитетот. Човекот не е извор на сите нешта, како што би рекле субјективните идеалисти. Ниту пак е пасивен набљудувач на нештата, како што би рекле објективните идеалисти и

материјалисти. Квалитетот кој го создава светот изникнува од односите помеѓу човекот и неговото искуство. Тој е учесник во создавањето на сите нешта. Мерило на сите нешта - тоа се совпаѓа. И тие ја проучувале реториката - и тоа се совпаѓа.

Во она што тој го вели не се совпаѓа само едно нешто што Платон го рекол за софистите, а тоа е нивната професија на поучување на доблеста. Сите знаци покажуваат дека тоа било апсолутно средште на нивното учење, но како ќе ја проучувате доблеста ако декламирате релативност на сите етички идеи? Доблеста, ако воопшто нешто вклучува во себе, тогаш го вклучува етичкиот апсолут. На личноста чии идеи за она што е исправно се менуваат од ден на ден можеме да ии се восхитуваме заради ширината на духот, но не и заради доблеста. Барем не онака како што Федар го разбираше тој збор. И како можеа тие да ја извлечат добрината од реториката? Тоа не е објаснето никаде. Нешто недостасува.

Неговата потрага по тоа води низ бројните истории на стара Грција, кои обично ги чита на детективски начин, барајќи ги само фактите кои можат да помогнат и отфрлајќи ги сите други факти кои не се вклопуваат. И така тој ја чита книгата "Грци" која ја напишал Х. Д. Ф. Кито, плаво-бело џепно издание од педесет центи, и стигнува до делот каде се опишува "вистинската душа на хомеровскиот јунак", легендарната фигура на предекадентната, предсократовска Грција. Блесокот на светлината кој зрачи од тие страници е толку силен што тие јунаци за мене никогаш не исчезнаа - и сега можам да ги видам ако се помачам да се сетам на нив.

Илијада е приказна за опсадата на Троја, која ќе се претвори во прав, и за нејзните бранители кои ќе погинат во таа битка. Жената на Хектор му вели на мажа си, на водачот: - Твојата сила ќе биде твоја пропаст, а ти не го жалиш ниту своето нејако чедо ниту својата несреќна жена која наскоро ќе биде твоја вдовица. Затоа што наскоро Ахајците ќе те нападнат и ќе те убијат а ако те загубам тебе, подобро да умрам.

Мажот и одговара:

"Се ова, жено и јас си го сонувам, туку се срамам...
Зашто го знам ова добро во срцето свое и умот,
дека ќе дојде тој ден, кога светиот Илиј ќе падне

и копјоборецот Пријам и целиот Пријамов народ.
Туку за тројците толку јас посетне нема да жаљам,
нито за сама Хекаба и ни за господарот Пријам,
нито за моите браќе, многумина јунаци вредни,
кога ќе паднат во праот од оние душмански мажи
колку што за тебе, кога Ахајците панѕироносци
ќе ми те одведат тебе и одземат слобода слатка.
И кога в Арг ќе се најдеш, да на разбој такеш за друга,
и од Хепереја вода иљ од Месеида, да носиш
против сопствената волја, натерана в силната нужда.
Тога ќе прозбори некој гледајќи те солѕи кај рониш:
Ова е жена на Хектор, што најарен беше во бојот
сред коњокротците Тројци, за Илион кога се тепаа.
Вака ќе продума некој а ти тога нов бол ќе сетиш,
што си изгубила маж, кој од ропскиот ден ќе те бранел.
Но нека црната земја ме покрие мене и гробот,
пред да те чујам кај пискаш и разберам дека те влечат".
Рече и испружи раце кон сина си светлиот Хектор;
рулекот назад пак в гради кај младата доилка строја
исплашен солна липајќи пред татка си мил, штом го виде,
оти го преплаши тучот и коњскиот опаш на шлемот,
кога го догледа горе на вршката страшно кај мафта.
Тогаш се насмевна таткото мил и госпоѓата мајка.
Вчасокот светлиот Хектор од главата шлемот го сметна,
г'остави на земја долу, а тој се сјаеше сиот.
Откога синот свој мил си го целива и поигра в раце,
тој му се помоли потм на Ѕевс и другите бози:
"Ѕевсе и богови други, позволете син ми да стане
сосема достоен еднаш кај Тројците, ист како мене,
вака во снагата јак и да владее добро во Илиј.
Некој да рече: од татка си тој е поарен многу
кога од бој ќе се враќа..."

Кито коментира: - Грчките борци не биле поттикнати на големи дела заради чувството на должност онакво какво што ние денес го подразбираме - должноста

кон другите; тоа повеќе била должност кон самиот себе. Грчкиот воин копнее по она што ние го преведуваме како "доблест" но во грчкиот тоа е арете, односно "одличност" - таа се провлекува низ целиот грчки живот.

Ете ја, си мисли Федар, дефиницијата на Квалитетот кој постоел илјадници години пред дијалектичарите да помислат да го уловат во вербална стапица. Кој и да каже дека не може да го разбере ова значење без логичките поими Дефиниенс и Дефинендум и Дифферентиа или лаже или е толку вон секаков контакт со човечката заедница што не заслужува да му се одговори. И Федар е замелушен од описот на поттикнувањето на "должноста кон себе" што е речиси точен превод на санскритскиот збор дарма, која понекогаш, кај Индијците, се опишува како "едно". Можно ли е дарма кај Индијците и "доблест" кај старите Грци да се истоветни термини?

Така Федар чувствува дека нешто го влече повторно да го прочита оној дел, и го прави тоа и тогаш...Што е ова?!..."Она што ние го преведуваме како "доблест" во грчкиот значи "изврсност".

Блесок на молња!

Квалитет! Доблест! Дарма! Тоа е она што го подучуваа софистите! А не етички релативизам. И не "доблест". Туку арете. Изврсност. Дарма! Пред Црквата на умот. Пред содржината. Пред формата. Пред духот и материјата. Пред самата дијалектика. Квалитетот бил апсолутен. Тие првите учители на западниот свет го предавале Квалитетот, а средството кое го избрале била реториката. И тоа го правеле цело време.

Дождот престана толку колку да го видиме хоризонтот, острата линија која го дели светлото сивило она небото од темното сивило на водата.

Кито кажуваше нешто во врска со таа арете кај старите Грци. - Кај Платона наидуваме на арете - вели тој - ние тоа го преведуваме како "доблест" и заради тоа ја губиме вистинската смисла. "Доблеста" е, барем во современиот јазик, речиси

целосно морален збор, од друга страна, арете без оглед на ова се употребува во сите категории, и едноставно значи изврсност.

Така јунакот на Одисеја е голем борец, препреден лукавец, вешт говорник, човек со одважно срце и голема мудрост кој знае дека мора да го трпи без многу јадосување она што му го праќаат боговите, и тој може да направи брод и да плови со него, да заора бразда порамна од било кој друг, да го победи младиот фраер во фрлање диск, да го предизвика младиот Феачанин на буткање рака, борење или трчање; да заколе, одере, расече и да испече вол, и да биде трогнат до солзи заради некоја песна. Тој всушност е изврсен и сестран човек, тој има вишок на арете.

Арете вклучува почитување кон целовитоста или единственоста на животот и, следствено на тоа, презир кон специјализацијата. Таа вклучува потсмев кон делотворноста или, подобро кажано, вклучува многу повисока идеја за делотворноста која не постои само во еден дел од животот туку во самиот живот.

Федар се сети на еден ред од Торо: - Никогаш не добиваш нешто а да не загубиш нешто. - И сега почна по прв пат, да ја увидува неверојатната величина на она што човек го загубил, кога ја стекнал моќта да го разбира светот и да владее со него во рамките на дијалектичките вистини. Изградил царства на научни способности да ги преведува природните појави во своите сништа за моќта и богатството - но за тоа дал царство разбирање на една подеднаква величина: разбирањето на она што значи да се биде дел од светот, а не негов непријател.

Човек може да стекне малку душевен мир и само посматрајќи го хоризонтот. Таа геометриска линија, рамна, постојана и позната. Можеби тоа е изворната линија на која изникнало Евклидовото поимање на насоката; темелната линија од која се изведени изворните пресметки на првите астрономи кои ги запишале ѕвездите на карта.

Федар знаеше, со истата онаа математичка сигурност со која Поенкаре почувствувал дека ги решил Фуксовите равенки, дека грчкиот збор арете е загубениот дел кој ја пополнува сложувалката, но читаше и понатаму за во целост да ја доврши.

Ореолите околу главите на Платон и Сократ сега исчезнаа. Тој сфати дека тие доследно го прават токму она заради што ги обвинуваат софистите - се служат со емоционално уверлив јазик со повисока цел за послабиот доказ, во одбрана на дијалектиката, за тој да изгледа посилен. Секогаш кај другите најмногу го осудуваме она од што најмногу се плашиме кај себе, помисли Федар.

Но зошто?, се прашуваше. Зошто да се уништи арете? И што го постави тоа прашање одговорот сам му се појави. Платон не се обидуваше да ја уништи арете. Тој неа ја зачаури, од неа направи трајна, постојана идеја; ја претвори во строга, неподвижна, бесмртна вистина. Од арете тој го креирал доброто, највисокиот облик, највисоката идеја. Таа и била подложна само на вистината, како синтеза на сето она што претходно исчезнало.

Затоа Квалитетот, до кој Федар стигна во класот, изгледаше толку блиска на Платоновото добро. Платоновото добро било превземено од реторичарите. Федар истражуваше, но не можеше да пронајде ниту еден претходен космолог кој говорел за доброто. Тоа потекнува од софистите. Разликата беше во тоа што Платоновото добро е утврдена и вечна и неподвижна идеја, додека за реторичарите тоа воопшто не е идеја. Доброто не беше облик на стварноста. Тоа беше самата стварност, во постојана промена, најпосле непрепознатлива, на ниту еден дефиниран, строг начин.

Зошто Платон го стори тоа? Федар ја сметаше Платоновата филозофија за резултат на две синтези.

Првата синтеза се обиде да ги разреши разликите помеѓу следбениците на Хераклит и следбениците на Парменид. Обете космолошки школи ја подржуваа бесмртната вистина. За да ја добие битката за вистината после која арете би била потчинета, против своите непријатели кои би предавале арете во ситуација во која вистината би била потчинета, Платон прво мора да го разреши внатрешниот судир помеѓу верниците на вистината. За да го направи тоа тој вели дека бесмртната вистина не е само промена, како што тоа го тврдат следбениците на Хераклит. Таа не е ниту само непроменливо битие, како што тврдат следбениците на Парменид. Обете бесмртни вистини постојат заеднички како идеи, кои се непроменливи, и

како појава, која се менува. Заради тоа Платон смета дека е потребно да се раздвојат, на пример, "коњството" од "коњот" и да се рече дека тоа коњство е стварно и стабилно, и неподвижно, додека пак коњот е само празна, неважна, минлива појава. Коњството е чиста идеја. Коњот што го гледаме е збир на променливи појави, коњот може да р'жи и да јури наоколку колку што сака, па дури и да угине на место а притоа да не го вознемири ниту за миг коњството, кое е бесмртен принцип и може засекогаш да чекори по патот на некогашните богови.

Другата платонова синтеза е категоризирањето на софистичката арете во таа дихотомија на идеи и појави. Тој и го дава почесното место, таа и е подредеа само на вистината и на методот преку кого се стигнува до вистината, дијалектиката. Но во својот обид да го соедини доброто и вистината прогласувајќи го доброто за највисока од сите идеи, Платон сепак преку дијалектички одредената вистина го присвојува местото на кое се наоѓа арете. Кога доброто еднаш ќе се дефинира како дијалектичка идеја, за некој друг филозоф воопшто не е тешко да дојде и да покаже со дијалектички методи дека арете, доброто, може поуспешно да се спушти на пониска позиција внатре "вистинитиот" поредок на нештата, усогласен со внатрешното устројштво на дијалектиката. На доаѓањето на таквиот филозоф не се чекаше долго. Неговото име е Аристотел.

Аристотел почувствувал дека смртниот коњ на појавноста, кој пасе трева и ги носи луѓето и ождребува мали коњи, заслужува повеќе внимание отколку што му посветува Платон. Тој рекол дека коњот не е само едноставна појава. Појавите се стремат кон нешто што е независно од нив и што, како и идеите, е непроменливо. Тоа "нешто" кон кое стремат појавите тој го нарекол "материи". И во тој миг, дури во тој миг, се роди нашето современо научно поимање на стварноста.

Кај Аристотел "читателот", чие знаење за тројанската арете изгледа како впечатливо одсутно, формите и материјалите се натпреваруваат. Доброто е релативно споредна гранка на знаењето наречена етика а разумот, логиката, знаењето претставуваат негова основна грижа. Арете е мртва, а науката и логиката и универзитетот онаков каков што го познаваме денес ги добиваат своите темелни привилегии: пронаоѓање и измислување на бескрајно множество форми, на составни делови на светот и право истите да ги нарекуваат форми на знаење, и да ги пренесуваат тие форми на идните генрации во вид на "систем".

А реториката? Сиротата реторика, некогаш само "учење", сега се сведува на поучување на начини и форми, на аристотеловски форми, за пишување, како да е тоа нешто важно. Пет правописни грешки, или една грешка во реченицата, или три погрешно сместени атрибути, или...и така натаму, и така натаму. Било што од сето ова, се присеќаваше Федар, беше доволно да му укаже на студентот дека не ја познава реториката. Впрочем, тоа е реторика, зарем не? Секако, постои и "шуплива реторика", то ест реторика која има емоционална привлечност без вистински да е подложна на дијалектичката вистина, но ние се го сакаме тоа, нели? Според тоа би биле слични на оние лажливци и измамници и осквернувачи на стара Грција, софитите, се сеќавате ли на нив? Ќе ја научиме вистината во нашите останати академски предмети, па потоа ќе научиме малку реторика за да можеме убаво да ја напишеме таа вистина и да ги воодушевиме нашите шефови кои ќе не подбутнат на повисока позиција.

Облици и начини - најдобрите ги мразат, најлошите ги сакаат. Од година во година, од деценија во деценија, малите "читатели" од првите клупи, имитаторите со умилна насмевка и уредни моливи, се истакнуваат за да ги добијат своите аристотеловски десетки, додека оние кои поседуваат вистинска арете седат тивко на страна и се прашуваат што не е во ред со нив заради што не можат да го засакаат тој предмет.

А денес, на оние ретки универзитети каде уште се учи класична етика, студентите, следејќи го водството на Аристотел и Платон, бескрајно се занимаваат со прашањето кое во стара Грција никогаш и не требало да биде поставено: - Што е тоа добро? И како го дефинираме? Со оглед на тоа што него различни луѓе го дефинирале различно, како можеме да знаеме дека некакво добро воопшто и постои? Некои велат дека доброто се наоѓа во среќата, но како знаеме што е среќа? И како може да се дефинира среќата? Среќата и доброто не се објективни поими. Со нив не можеме да постапуваме научно. И со оглед на тоа што тие не се објективни, тие постојат само во нашето мислење, и затоа ако сакаш да бидеш среќен само промени го своето мислење. Ха-ха, ха-ха.

А коските на софистите одамна се претворија во прашина, и она што тие го рекоа се претвори во прашина заедно со нив, и прашината е закопана под рушевините на

распаднатата Атина и нејзиниот пад, под распаѓањето и падот на Македонија. Под распаѓањето и смртта на стариот Рим и Византија и Отоманското царство и на модерните држави - закопани толку длабоко и со такви церемонии и такви задушници и такво зло што само некој луд човек можел после толку столетија да го открие патот за нивното повторно откривање, и со ужас да сфати што се случило...

Патот стана веќе толку мрачен што морам да го запалам светлото за да можам да го следам низ оваа магла и низ дождот.

30

Во Арката влегуваме во мал ресторан, смрзнати и мокри, јадеме пржено месо со грав и пиеме кафе.

Потоа повторно сме на патот, сега на главниот автопат, мазен и мокар. Ќе возиме се додека не стигнеме на еднодневна оддалеченост од Сан Франциско и тогаш ќе застанеме.

На патот се гледаат чудни одрази на светлина кои доаѓаат од спротивниот правец, низ дождот, од другата страна на средната лента. Дождот удира во маската која ја прекршува светлината во чудни кружни и полукружни бранови додека фаровите ме минуваат. Дваесети век. Секаде околу нас е тој дваесети век. Време е да се заврши оваа Федрова одисеја на дваесетиот век и со неа да се престане.

При следното состанување на групата "Идеи и методи 251, Реторика" околу големата маса во јужниот дел на Чикаго, администрацијата на одделението информираше дека професорот по филозофија е болен. Беше болен и следната недела. По малку збунети, останатите членови на групата, чиј број се намали на една третина, минаа преку патот и отидоа на кафе.

Додека го пиеја кафето, еден студент, кого Федар го беше воочил како бистро момче но и како интелеткуален сноб, рече: - Сметам дека ова е најнепријатната група во која сум бил. - Изгледаше како да го гледа Федар со женска

раздразливост, како тој да е расипувач на нешто што требало да претставува пријатно доживување.

- Целосно се согласувам - рече Федар. Очекуваше некаков напад, но напад немаше.

Останатите студенти насетуваа дека Федар е причина на сето тоа но немаа со што да учествуваат. Потоа една постара жена од другата страна на масата праша зошто тој се запишал во групата.
- Токму тоа се обидувам да го откријам - рече Федар.
- Редовен студент сте?
- Не, јас сум редовен наставник на Морнаричкото пристаниште
- Што предавате?
- Реторика.

Таа замолкна и сите околу масата набљудуваа и молчеа.

Ноември беше при крај. Лисјата, кои во октомври се беа претвориле во прекрасно портокалово жолтило, паѓаа од дрвјата оставајќи ги голите гранки да ги дочекаат студените ветрови од север. Падна првиот снег, потоа се стопи, и нечистиот град ја чекаше зимата.

Во текот на отсуството на професорот по филозофија беше зададен уште еден Платонов дијалог. Насловот му беше Федар, што не му значеше ништо на нашиот Федар со оглед на тоа што тој себеси не се нарекуваше со тоа име. Гркот Федар не е софист туку млад говорник кој на Сократ му служи како позадина, во овој дијалог каде се расправа за природата на љубовта и можностите на филозофската реторика. Федар не изгледа особено бистар, и има грозно чувство во врска со реторичкиот квалитет, со оглед на тоа што на памет наведува еден навистина лош говор на говорникот Лизие. Но набргу се дознава дека тој лош говор едноставно е "стапица", подготовка за Сократ да настапи следен со многу подобар говор и потоа да продолжи со уште подобар говор, еден од најубавите во сите Платонови Дијалози.

Покрај ова, единствената значајна работа во врска со Федар е неговата личност. Платон често пати на Сократовите соговорници им дава имиња согласно

карактеристиките на нивната личност. Еден млад, глаголив, невин и добродушен соговорник во Горгија се вика Полус, што на грчки значи "ждребе". Федаровата лицност е различна. Тој не е поврзан со ниту една посебна група. Нему му е помила селската самотија отколку градот. Тој е насилен во таа мерка што е речиси опасен. Во еден момент тој му се заканува на Сократ со сила. Федар на грчки значи "волк". Во овој дијалог Сократовата дискусија го приближува кон љубовта и го скротува.

Нашиот Федар го чита дијалогот и е под силна импресија на величенствената поетска фантазија. Но таа не го скротува бидејќи мириса на лцемерие. Говорот не е цел на самиот себе, туку истиот се користи како осуда на тоа исто афективно подрачје на разбирање во кое лежи и неговата прилечност. Страстите се карактеризираат како уништувачи на разбирањето, и Федар се прашува не ли е тука почетокот на осудата на страстите кои се толку длабоко закопани во западната мисла. Веројатно не. Затегнатоста помеѓу старогрчката мисла и емоциите е опишана на друго место како темел на грчкото уредување и култура. Сепак интересно.

Професорот по филозофија не се појавува ниту следната недела, и Федар го користи тоа време за да го надокнади заостанатото на Универзитетот Илиноис.

Следната недела, во книжарницата на Универзитетот Чикаго, од другата страна на улицата од местото каде Федар се подготвува да појде на предавање, тој гледа две црни очи што упорно зјапаат во него низ книгите на полицата. Кога лицето се појавува, тој го препознава оној невин студент кој беше вербално истепан на почетокот на семестарот и кој потоа исчезна. Лицето изгледа како студентот да знае нешто што Федар не го знае. Федар се приближува за да разговара со него, но лицето се повлекува и изглегува од книжарницата, оставајќи го Федар во недоумица. Растревожен. Можеби само е преморен и нервозен. Предавањата на Мораричкото пристаниште на врвот на неговите напори да ја победи сета западна академска мисла на Универзитетот Чикаго го присилуваат да работи и да учи дваесет часови дневно без особена грижа за храна и движење. Можеби само уморот го наведува на помислата дека на тоа лице има нешто чудно.

Но додека ја минува улицата, тоа лице го следи на дваесет чекори. Нешто се случува.

Федар влегува во училницата и чека. Наскоро студентот се појавува, се враќа во училницата после толку недели. Не може да очекува дека сега ќе биде примен. Студентот го гледа Федар и се смешка со половина уста. Во ред, тој заради нешто се смее.

На влезот се слушаат чекори, и Федар одеднаш знае - колената му се тресат и рацете почнуваат да му треперат. Со блага насмевка на влезот стои никој друг туку самиот претседател на испитниот одбор за "Анализа на идеите и проучување на методот" на Универзитетот чикаго. Тој ја превзема групата.

Така е. Така тие го исфрлаат Федар на главната врата.

Љубезен, величенствен, со царска великодушност, претседателот стои на влезот за миг, потоа разговара со еден студент кого изгледа го познава. Се смешка додека се врти околу тој студент и со поглед прелетува по групата, како да бара уште едно познато лице, кимнува и малку се кикоти, чека да ѕвони.

Ете зошто момчето е тука. Му објасниле зошто го беа истепале, и за да му покажат колку им е добра душата, ќе му дадат место блиску до рингот кога ќе го тепаат Федар.

Како ли ќе го сторат тоа? Федар веќе знае. Најпрвин пред целата група дијалектички ќе го уништат неговиот углед покажувајќи му колку малку знае за Платон и Аристотел. Тоа нема да биде тешко. Очигледно тие знаат сто пати повеќе за нив отколку што тој би можел да знае. Со него се занимаваат цел живот. Потоа, кога сосема дијалектички ќе го сосечат, ќе му советуваат или да се приклучи или да се тргне. Потоа ќе му поставуваат нови прашања, а тој нема да може на нив да одговори. Тогаш ќе му споменат дека неговиот успех е толку ништотен што нема смсила залудно да се мачи, туку дека треба веднаш да ја напушти групата. Можни се варијации, но тоа е суштината. Се е толку лесно.

Но, сепак доста научи, а затоа и дојде. Својата дисертација може да ја направи и на некој поинаков начин. По таа мисла треперењето престанува и тој се смирува.

Федар, по последната средба со претседателот, пушти брада, затоа се уште не е откриен. Таа предност нема да трае долго. Претседателот ќе го пронајде доволно бргу.

Претседателот внимателно го остава капутот, зема столица од другата страна на големата округла маса, седнува и потоа го вади лулето и го полни речиси половина минута. Се гледа дека го правел тоа многу пати.

При обраќањето на студентите тој ги проучува лицата со насмеан, хипнотички поглед, испитувајќи им го распложението, но чувствувајќи дека тоа се уште не е она вистинското. Потоа уште малку го полни лулето, но без брзање.

Наскоро доаѓа тој миг, тој го пали лулето, и малу потоа во просторијата се чувствува мирис на чадот.

Наскоро вели:
- Колку што разбрав, денес ќе почнеме расправа за бесмртниот Федар. - Го набљудува секој студент посебно. - Дали е тоа точно?
Членовите на групата срамежливо му потврдуваат. Неговата личност е толку надмоќна.
Претседателот потоа се извинува поради одсутноста на претходниот професор и го опишува видот на работа кој ќе следи. Со оглед на тоа што тој веќе го познава тој дијалог, од нив ќе бара одговори кои ќе покажат колку добро тие го имаат проучено.

Тоа е најдобриот начин, размислува Федар. Така може да го запознае секој студент поединечно. За среќа Федар толку темелно го има проучено дијалогот што го знае речиси наизуст.

Претседателот има право. Тоа е бесмртен дијалог, кој е чуден и загадочен на почетокот, но кој потоа удира се посилно и посилно, како самата вистина. Она за што Федар говореше како за Квалитет, Сократ го беше опишал како душа, движење предизвикано од самото себе, извор на сите нешта. Не постои контрадикција. Не може ни да постои кога се во прашање суштинските поими на монистичките филозофии. "Едно"-то во Индија мора да биде истото "едно" во Грција. Ако не е,

тогаш имате две. Единствените несогласувања помеѓу овие монисти се однесуваат на својствата на "Едно"-то, а не на неговата суштина. Со оглед на тоа што "Едно"-то е извор на сите нешта и дека ги вклучува сите нешта во себе, тоа може да се дефинира во рамките на тие нешта, бидејќи секое нешто кое ќе го употребите за да го дефинирате секогаш дефинира нешто што е помалку од тоа "Едно". "Едно"-то може само алегориски да се опише, со употреба на аналогии, слики од фантазијата и јазикот. Сократ употребува аналогија на небото и земјата, опишувајќи како луѓето му се приближуваат на "Едно"-то на кола која ја влечат два коња...

Но претседателот сега му поставува прашање на студентот до Федар. Малку го дразни, предизвикувајќи го да нападне.

Студентот е заменет со друга личност, тој не напаѓа, и претседателот го прекинува со големо гадење и незадоволство, прекорувајќи го дека би требало подобро да го проучи градивото.

Доаѓа ред на Федар. Тој е страшно смирен. Сега тој мора да го објасни дијалогот.

- Ако ми дозволувате да почнам одново на свој начин - вели тој, делумно за да го прикрие фактот дека не чул што рекол студентот пред него.

Претседателот, гледајќи во тоа уште поголем прекор упатен кон претходниот студент, смешкајќи се навредливо вели дека тоа секако е добра замисла.

Федар продолжува. - Верувам дека во овој дијалог Федаровата личност е опишана преку својствата на волкот.

Го кажа ова прилично гласно, со призвук на лутина, и претседателот речиси потскокна. Погодок!

- Да, вели претседателот, а сјајот во неговите очи покажува дека сега препознал кој е тој брадест разбојник. - Федар на грчки навистина значи "волк". Тоа е многу остроумна забелешка. - Почнува да го враќа својот надворешен мир. - Продолжете.

- Федар се среќава со Сократ, кој го познава само градскиот начин на живот, и го води на село, каде почнува да му наведува еден говор на ораторот Лизие кому му се восхитува. Сократ го моли да му го прочита и Федар тоа и го чини.

- Застанете! - вели претседателот кој е веќе сосема прибран. - Вие само ни го раскажувате дејството, а не дијалогот. - Го прозива следниот студент.

Изгледа дека ниту еден студент не знае за што всушност се работи во дијалогот за да го задоволи претседателот. И така, тој со потсмешливо жалење вели дека сите мораат темелно да го проучат, но овој пат тој ќе им помогне преземајќи го товарот на толкување на дијалогот на своите плеќи. Тоа на мнозинството им носи големо олеснување од напнатоста што тој толку смислено ја предизвика и сега целата група му е на дланка.

Претседателот продолжува да го открива значењето на дијалогот вложувајќи го во тоа сето свое внимание. Федар го слуша, длабоко учествувајќи во кажаното.

После некое време нешто почнува да не му се вклопува. Некаква погрешна нота. Најпрвин не сфаќа што е тоа, но потоа станува свесен дека претседателот целосно го заобиколил Сократовиот опис на "Едно"-то и дека скокнал на алегоријата на кочијата и коњот.

Во таа алегорија барателот, обидувајќи се да го досегне "Едно"-то, се вози во кола која ја влечат два коња; едниот е бел и благороден и умерен, другиот е мрзоволен, тврдоглав, страстен и црн. Првиот постојано му помага во неговото искачување кон небесните двери, другиот постојано му пречи. Претседателот уште го немаше кажано тоа, но во моментот тој се наоѓа на местото каде мора да објави дека белиот коњ е умерениот разум, а црниот коњ мрачната страст, емоцијата. Се наоѓа на место каде треба да го опише тоа, но онаа лажна нота нагло се претвора во хор.

Тој се враќа и повторува дека "Сега Сократ им се колне на боговите дека ја говори вистината. Ветил дека ќе ја зборува вистината, и ако она што следи не е вистина, тој е кривоклетник во душа".

СТАПИЦА! Тој го користи дијалогот за да ја докаже светоста на разумот! Кога тоа еднаш ќе се востанови, можеме да се вратиме кон испитувањето на тоа што е разум, и потоа, како некое чудо, ете не пак на подрачјето на Аристотел!

Федар крева рака, со испружена дланка, со лакт на масата. Претходно оваа рака се тресеше, сега е мртовечки мирна. Федар чувствува дека тука сега формално ја потпишува својата смртна пресуда, но знае дека ќе потпише друг вид смртна пресуда ако ја спушти раката.

Претседателот ја гледа неговата рака, изненаден е и збунет поради неа, но му дозволува на Федар да зборува. Тогаш пораката е искажана.

Федар вели: - Сето ова е само една аналогија.
Тишина. А потоа на лицето на претседателот се појавува збунетост. - Молам? - вели тој. Магијата на неговата претстава е расипана.

- Целиот овој опис на колата и коњот е само една аналогија.
- Што? - вели претседателот, а потоа додава гласно: - Тоа е вистина! Сократ им се заколнал на боговите дека тоа е вистина!
Федро возвраќа: - Самиот Сократ вели дека тоа е аналогија.
- Ако бидете љубезни да го прочитате дијалогот, ќе видите дека Сократ изјавува дека тоа е вистина!
- Да, но пред тоа...два пасуса погоре, мислам...тој наведува дека тоа е аналогија.
Текстот се наоѓа на масата и може да се провери, но претседателот е доволно внимателен да не проверува. Ако го стори тоа, и ако Федар биде во право, неговиот углед ќе биде целосно уништен. Тој на целата група и рече дека никој не го прочитал дијалогот темелно.

Реторика-Дијалектика 1:0.
Фантастично е што се сети на тоа, си мисли Федар. Тоа едноставно ја поништува целата дијалектичка позиција. Можеби целата компликација се состои токму во тоа. Секако дека тоа е аналогија. Се е аналогија.

Но дијалектичарите не го знаат тоа. Заради тоа претседателот ја пропушти онаа Сократова изјава. Федар ја забележа и ја запамети, бидејќи да не ја наведеше, Сократ не би ја говорел "вистината".

Тоа се уште никој не го забележуваше. Претседателот на испитниот одбор за "Анализа на идеите и проучување на методот" е соборен на земја во неговата сопствена група.

Тој сега занеме. Не може да смисли ниту еден збор. Тишината која на почетокот на часот го изгради неговиот лик пред групата сега го уништува. Тој не разбира од каде дојде куршумот. Никогаш не се соочил со жив софист. Само со мртви.

Сега се обиде да се фати за нешто, но нема за што. Неговиот сопствен замав го спушта се подлабоко во бездната, и кога најпосле смогнува сили да проговори, тоа се зборови кои ги изговара личност од друг вид; ученик кој заборавил да напише домашно, кој добил лоша оценка и укор, но кој сепак би сакал да му се прости.

Се обидува да ја блефира групата со својата претходна изјава дека никој не го проучил дијалогот, но студентот кој седи десно од Федар му клима со главата. Очигледно некој го проучил.

Претседателот се колеба и се двоуми, но на него се гледа дека му е страв од групата и дека се обидува да го избегне нивното учество. Федар се прашува што ли ќе следи.

Потоа гледа дека се случува нешто грдо. Претепаниот невин студент кој пред тоа го гледаше сега веќе не е толку невин. Тој му се смее на претседателот и му поставува саркастични и подсмешливи прашања. Претседателот, кој е веќе осакатен, сега го убиваат. Но Федар сега сфаќа дека тоа му било наменето нему.

Не може да почувствува сожалување, само гадење. Кога овчарот сака да го убие волкот, па го поведува својот пес да присуствува на таа забава, мора да внимава да ги избегне грешките. Песот е во одредено сродство со волкот, нешто што овчарот можеби го заборавил.

Една девојка го спасува претседателот поставувајќи му лесни прашања. Тој овие прашања ги прима со благодарност, на секое од нив одговара на долго и на широко и постепено се опоравува.

Тогаш му поставуваат прашање: - Што е дијалектика?

Тој размислува за ова, и потоа, жими бога, се врти кон Федар и го прашува дали тој би сакал да одговори.

- Мислите на моето лично мислење? - прашува Федар.
- Не...да речеме, мислењето на Аристотел.
Сега нема трикови. Едноставно го пушта Федар да мине на своето подрачје.
- Колку што ми е познато... - вели Федар и застанува.
- Да? - претседателот целиот се претвора во насмевка. Сега се е средено.
- Колку што ми е познато, Аристотел мисли дека дијалектиката доаѓа пред сето останато.
Изразот на претседателот за половина секунда се менува од блаженство до вчудоневиденост. Доаѓа! - вели неговото лице, но јазикот молчи. Ловецот е повторно уловен. Тој не може да го убие Федар служејќи се со изјавата која е превземена од неговиот сопствен текст од Британската енциклопедија.

Реторика-Дијалектика 2:0.
- А од дијалектиката произлегуваат формите - продолжува Федар - а од...- Но претседателот го прекинува набројувањето. Гледа дека разговорот не може да тече онака како што сака, па го прекинува.

Не требаше да го прекине, размислува Федар. Доколку е вистински трагач по вистината а не пропагатор на едно посебно гледиште, не би го сторил тоа. Би можел нешто да научи. Кога еднаш ќе се изјави дека "дијалектиката доаѓа пред сето останато", таа изјава станува дијалектичко суштество, подложно на дијалектичко испитување.

Федар би додал: каков доказ имаме дека дијалектичкиот метод на прашања и одговори за стигнување до вистинта доаѓа пред сето останато? Никаков. А кога таа изјава ќе остане изолирана и самата ќе стане предмет на поблиску испитување,

станува крајно смешна. Ете ја таа дијалектика, токму како и Њутновиот закон за гравитација, како седи осамена среде пустина, а од неа се раѓа целата вселена, нели? Тоа е лудо.

Дијалектиката, која е мајка на логиката, произлегла од реториката. Реториката од своја страна е дете на митовите и поезијата на стара Грција. Тоа е така историски, и со примена на здравиот разум. Песните и митовите се одговор на предисториските луѓе на вселената околу нив, срочени врз основа на Квалитетот. Квалитетот значи, а не дијалектиката, е родител на сето наше знаење.

Часот завршува, претседателот стои покрај вратата и одговара на прашања, а Федар речиси станува да каже нешто, но се откажува. Кога луѓето целиот свој живот примаат удари, им спласнува воодушевувањето за каква било непотребна зафрканција која би им донела нови удари. До тогаш не е кажано ништо што е пријателско, дури такво нешто не е ни наговестено, а е покажано многу непријателство.

Федар е волк. Тоа се вклопува. Враќајќи се полека во својот стан тој гледа дека тоа уште повеќе се вклопува. Тој не би бил среќен доколку тие беа воодушевени од неговата дисертација. Непријателството навистина е негов елемент. Навистина е. Федар е волк, да, се симнал од планините и ги демне сиротите невини граѓани на оваа интелектуална заедница. Сето тоа совршено се вклопува.

Црквата на умот, како и сите институции на системот, се темели на индивидуалната слабост, а не на индивидуалната сила. Она што навистина се бара во Црквата на умот - тоа е неспособноста. Не смеете да бидете способни. Тогаш се смета дека тие можат да ве подучат. Вистински способната личност претставува закана. Федар сфаќа дека ја отфрлил можноста и самиот да се вклучи во организацијата преку прифаќање на сите аристотеловски нешта на кои се претпоставуваше дека мора да им се потчини. Но тој вид прилика едвај да му изгледа вредна за тоа клањање и улизување и интелектуално понижување кои се потребни за искористување на приликата. Тој живот има многу низок Квалитет.

За него Квалитетот е подобро видлив горе, на границата на појасот на шумите, отколку тука каде што е замрачена од зачадените прозорци и од океаните од

зборови, и тој сфаќа дека она што тој го говори никогаш не може да биде прифатено, бидејќи за да биде прифатено луѓето мораат да се ослободат од општествената власт, а светот е целиот во рацете на општествената власт. За овците Квалитетот е она што овчарот вели дека е Квалитет. Па ако ја земете овцата и ја ставите горе на границата на појасот на шумите, ноќе додека завива ветерот, таа смртно ќе се преплаши, и ќе блее, ќе блее, додека не дојде овчарот, или додека не дојде волкот.

Федар последен пат се обидува да биде љубезен со претседателот на идното предавање, но претседателот не го прифаќа тоа. Федар го замолува да објасни еден пасус и вели дека не можел да го разбере. Го разбра, но мисли дека би било убаво малку да се повлече.

Одговорот гласи: - Можеби сте уморни! - и изговорен е најостро што може, но тој одговор не сече. Претседателот едноставно во Федар го осудува она од што најмногу се плаши. За време на часот Федар се џари низ прозорецот и чувствува дека му е жал за тој стар овчар и неговите овци и кучиња во групата, и жал му е за самиот него што никогаш нема да стане еден од нив. Потоа, кога ѕвони, тој засекогаш ја напушта групата.

Предавањата на Морнаричкото пристаниште, напротив, се одвиваат како див пожар, студентите сега внимателно го слушаат тој брадесет чудак од планините кој им говори дека постои нешто што се вика Квалитет во овој космос и дека тие знаат што е тоа. Ним не им е јасно што да прават со ова сознание, несигурни се, а некои дури и се плашат од него. Тие сфаќаат дека тој е на некој начин опасен, но сите се воодушевени и сакаат да чујат уште.

Но Федар не е овчар и напорот да биде еден од нив го убива. Онаа чудна работа што се случуваше во групите се случува повторно, кога непокорните и диви студенти од последните редови сочувствуваат со него и му стануваат миленици, а плашливите и послушните студенти од предните редови стравуваат од него и затоа стануваат предмет на неговиот подбив, иако на крајот тие овци минуваат а неговите непокорни пријатели од задните клупи не минуваат. И Федар сфаќа, иако тоа ни сега не сака да си го признае, тој сепак интуитивно сфаќа дека и неговите

овчарски денови се при крај. И тој се повеќе и повеќе се прашува што ќе се случи потоа.

Отсекогаш се плашеше од тишината во класот, онаа тишина која го уништи и претседателот. Нему не му е во природата да зборува и зборува и зборува со часови и часови и тоа го исцрпува, па сега, кога нема кон што да се заврти, се врти кон тој страв.

Влегува во класот, ѕвончето ѕвони, а Федар седи и не зборува. Цел час молчи. Некои студенти го предизвикуваат и сакаат да го разбудат, но потоа замолкнуваат. Други пак полудуваат од внатрешна паника. На крајот на часот целата група буквално скока и јуриша на вратата. Потоа тој заминува на својот нов час и целата приказна се повторува. Следниот час исто, следниот повторно исто. Тој се повеќе и повеќе се прашува што ќе се случи потоа.

Доаѓа Денот на благодарноста.

Неговите четири часа спиење се сведоа на два а потоа на нула. Се се заврши. Тој нема повеќе да ја проучува аристотеловската реторика. Ниту пак ќе се врати да го предава тој предмет. Тоа е минато. Тој почнува да скита по улиците, а мозокот му врие.

Градот сега се затвара над него и во неговата чудна перспектива тој град станува спротивност на она во што тој верува. За него тој станува тврдина на форми и содржина а не тврдина на Квалитет. Содржината во форма на челични плочи и греди, содржина во форма на пристаништа и приоди, во форма на цигли, асфалт, автомобилски делови и стари радио-приемници, и шини во форма на мртви лешеви на животни кои некогаш паселе во прериите. Форма и содржина без Квалитет. Тоа е душата на ова место. Се е слепо, големо, страшно и нечовечно: видено при светлина од оган кој ноќе се извива од оџаците на високите печки на југ, низ тешкиот чад од јаглен, се подлабоко и подлабоко кон неонските реклами за пиво и пица и пералници, и кон непознатите и бесмислените реклами долж бесмислените улици кои непрекинато продолжуваат во други рамни бесмслени улици, кон вечноста.

Кога тие навистина би биле цигла и цемент, чисти форми на материјата, јасни и отворени, би можел да преживее. Но малиот и патетичен обид на остварување Квалитет го убиваат. Имитацијата на камин во станот направен од гипс, обликувана како да го очекува пламенот кој никогаш нема да се појави. Или огради пред стамбениот блок со некоку квадратни метри трева. Неколку квадратни метри трева, после Монтана! Да ги исфрлеле оградата и тревата, би било во ред. Сега таа трева служи само за тоа да сврти внимание на она што е загубено.

Долж улиците што водат од неговиот стан низ бетонот и циглите и неонот никогаш и ништо не се гледа, но тој знае дека зад тоа се закопани смешни и извитоперени души кои постојано се обидуваат да го направат она што би ги уверило дека поседуваат Квалитет, па ги учат чудните облици на живеење, облиците на стил и модата кои на ситно им ги нудат часописите и другите масовни медиуми, а го плаќаат уличните трговци со содржина. Ноќе кога е сам Федар размислува за нив, за нив во нивните рекламирани чевли и чорапи и долна облека, sурејќи се низ зачадените прозорци во грозните шуплини зад нив, кои се откриваат кога надуеноста ќе спласне и кога ќе искрсне вистината, единствената вистина која постои тука, и која со молежлив поглед гледа во небото, Боже, дека тука нема ништо освен мртов неон и цемент и цигла.

Почнува да го напушта чувството за време. Понекогаш мислите му се појат се повеќе и повеќе приближувајќи и се на брзината на светлината. Но кога се обидува да донесе некаква одлука која се однесува на неговата непосредна околина, изгледа дека му требаат неколку минути за да се појави една единствена мисла. Една единствена мисла почнува да расте во неговиот ум, извлечена од нешто што го прочита во дијалогот Федар.

- А што е напишано добро, и што е напишано лошо - треба ли за тоа да го прашаме Лизија или било кој друг поет или говорник кој некогаш напишал или ќе напише политички или кој било друг спис, во стих или во проза, поет или прозаист, за да не научи?

Што е добро, Федар, и што не е добро - треба ли некого да прашаме за тоа да ни го каже?

Тоа го говореше пред неколку месеци во училниците во Монтана, порака која Платон и сите дијалектичари после него ја беа превиделе, бидејќи сите тие сакале да го дефинираат доброто во неговата интелектуална врска со нештата. Но тој сега сфаќа колку се оддалечил од тоа. И тој самиот ги прави истите тие грди нешта, неговата првобитна цел беше да го сочува Квалитетот од дефинирање, но во текот на борбата со дијалектичарите тој даваше изјави и секоја од нив беше цигла во ѕидот на дефинициите што го градеше околу Квалитетот. Секој обид на развивање на организиран разум околу недефинираниот Квалитет ја побива сопствената смисла. Организацијата на разумот го побива Квалитетот. Сето она што го правеше од самиот почеток беше една луда мисија.

Третиот ден тој врти зад аголот на некоја непозната улица и пред неговите очи исчезнува се. Кога свеста му се враќа, тој лежи на тротоарот, а луѓето го минуваат и не го забележуваат. Тој станува и преуморно и немилосрдно ги цеди мислите за да се сети на патот за дома. Мислите му се се побавни. Се побавни. Тоа е отприлика времето кога Крис и тој се обидуваат да најдат каде се продаваат кревети на спрат за децата да спијат во нив. После тоа веќе не го напушта станот.

Тој ѕури во ѕидот седејќи со прекрстени нозе на покривката ставена на под во соба без кревет. Сите мостови се срушени. Нема враќање. А сега нема пат ниту напред.

Три дена и три ноќи ѕури Федар во ѕидот на спалната соба, а мислите не му се движат ни напред ни назад, туку стојат смрзнати на еден миг. Жена му го прашува дали е болен, а тој не одговара. Жена му почнува да се лути, но Федар слуша без одговор. Свесен е за она што го говори таа, но повеќе во сето тоа не може да почувствува никаква итност. Не се успоруваат само неговите мисли, и желбите му стануваат троми. И се потроми и потроми, како да пропримаат немерлива маса. Толку е тежок, толку е уморен, но сон не му иде. Се чувствува како џин, висок милион километри. Се чувствува како да се распостила низ вселена без граници.

Почнува да отфрла некои нешта, некои бремиња кои ги влечел целиот свој живот. И вели на жена си да замине и да ги однесе децата, да се смета за разведена. Стравот од ужасот и срамот исчезнува кога неговата мочка тече по подот, не намерно туку природно. Стравот од болка, од маченичка болка е надвладеана кога цигарите, не намерно, туку природно, му согоруваат до прстите се додека не бидат

угаснати од меурите кои ги создава нивниот жар. Жена му ги гледа тие изгорени прсти и мочката на подот и повикува помош.

Но пред пристигнувањето на помошта, полека, во почеток незабележлива, целата негова свест почнува да се распаѓа...да се распаѓа и да исчезнува. Потоа постапно тој веќе не се прашува што ќе се случи после тоа. Тој знае што ќе се случи, и му течат солзи поради неговото семејство и поради него и поради овој свет. Надоаѓа и трепери исечок од една стара христијанска химна. "Сега мораш да минеш низ тој премин". И тоа го носи напред. "Ти мораш низ него да минеш сам". Изгледа како западна химна која и припаѓа на Монтана.

- Не може никој друг наместо тебе - вели таа. Како да има некое претчуство кое се крие зад тоа. - Ти мораш низ него да минеш сам.

Тој минува низ пустиот премин, вон митот и изнурнува од некаков сон, и гледа дека сета негова свесност, тој мит, била сон, и тоа не нечиј туѓ туку токму негов сон, сон што сега самиот мора да го подржува со сопствени напори. Тогаш исчезнува и самиот "тој" а останува само сонот за него кој него го содржи.

А Квалитетот, арете за кој толку жестоко се бореше, за кој се жртвуваше, кого никогаш не го издаде, но кој за цело ова време ниту еднаш не го разбра, сега јасно му се покажува и неговата душа се смирува.

Автомобилите се ретчат па сега речиси и да ги нема, а патот е толку црн што изгледа дека светлината на неговиот мотор едвај допира до него, пробивајќи се низ дождот. Сешто може да се случи - неочекувана дупка, дамка од масло, мртво животно...Но ако успориш ќе те убијат од грб. Не знам поради што и понатаму јуриме вака. Одамна требаше да застанеме. Веќе не знам што правам. Барав знаци за мотел, мислам, но на нив веќе не обраќав внимание и минував крај нив. Ако продолжиме вака сите ќе се затворат.

На следниот излез вртиме од автопатот, надевајќи се дека тој излез ќе не одведе некаде, и наскоро сме на нерамен пат полн со дупки и чакал. Возам полека.

Уличните светилки одгозгора фрлаат трепкави лаци светлина низ завесите од дожд. Минувам од светлина во темнина од светлина во темнина и така постојано без никаков знак на добредојде долж патот. Се појавува сообраќаен знак СТОП од левата страна, но не пишува каде треба да свртиме. Едната страна изгледа подеднакво црна како и другата. Би можеле бескрајно да лутаме по овие улици и да не најдеме никого, а сега веќе го имаме загубено и главниот пат.

- Каде сме? - вика Крис.
- Не знам - Мозокот ми е уморен и бавен. Ми се чини дека не можам да смислам вистински одговор...ниту пак што би превзел.

Сега гледам пред нас бел сјај и блескав знак на некоја бензинска станица на дното на улицата.

Отворена е. Вртиме и влегуваме внатре. Продавачот, дечко на години колку Крис, не гледа чудно. Тој не знае за ниту еден мотел. Одам до телефонскиот именик, наоѓам некои мотели и му ги кажувам уличните адреси, и тој се обидува да се сети и да ни го покаже правецот но без успех. Се јавувам во мотелот за кој тој вели дека е најблиску, резервирам соба и ги проверувам упатствата.

По дождот и мрачните улици, дури и со упатства, за малку да го промашиме. Го изгаснале светлото, а кога го земам клучот не ми велат ништо.

Собата е остаток од јанѕата на триесетите, бедна; ја направил некој кој не се разбира во столарство; но сува е и има греење и кревети, а тоа е се што сакаме. Го вклучувам греењето и седнуваме на под и наскоро студот и треската и влагата почнуваат да ги напуштаат нашите коски.

Крис не го крева погледот, само се ѕури во ребрата на греачите на ѕидот. Потоа, малку подоцна, вели: - Кога се враќаме дома?

Неуспех.
- Кога ќе пристигнеме во Сан Франциско - велам. - Зошто?
- Толку сум уморен од самото седење и.... - Гласот му се губи.
- И што уште?

- И...не знам. Самото седење...како да не одиме никаде.
- Каде би требало да одиме?
- Не знам. Како би можел да знам?
- Не знам ни јас - велам.
- Но зошто не знаеш? - вели тој. Почнува да плаче.
- Што ти е, Крис? - го прашувам.

Не одговара. Потоа го нурнува лицето во рацете и се клати напред-назад. Според начинот на кој го прави тоа ме обзема некое чудно чувство. Малку потоа застанува и вели: - Кога бев мал, беше поинаку.
- Како?
- Не знам. Секогаш правевме нешто. Она што го сакав. А сега не правиме ништо. Продолжува да се клати напред-назад на оној чуден начин, со лицето нурнато во рацете, и јас не знам што да направам. Тоа е чудно движење вон овој свет, самозатворање на фетусот кое изгледа како да исклучува се. Враќањето за кое јас не знам ништо...на дното на океанот.

Сега знам каде сум го видел тоа претходно, на подот во болницата.

Не знам што би сторил.

По некое време легнуваме во креветите и јас се обидувам да заспијам. Потоа го прашувам Крис: - Подобро ли беше пред да го напуштиме Чикаго?
- Да.
- Како. На што се сеќаваш?
- Да, беше забавно.
- Забавно?
- Да - вели тој, па замолкнува. Потоа вели: - Се сеќаваш кога баравме кревети на спрат?
- Зарем тоа беше забавно?
- Па, да - вели тој, па молчи, прилично долго. Потоа вели: - Зарем не се сеќаваш? Ме пушташе да го барам патот за дома...Некогаш си играше со нас. Ни раскажуваше секакви приказни и се возевме и правевме секакви работи, а сега не правиш ништо.
- Па, правам нешто.

- Не, не правиш! Само седиш и се ѕуриш и ништо не правиш! Го слушам како повторно плаче.
Однадвор дождот во налети удира по прозорецот и јас чувствувам дека ме притиска некоја голема тежина. Тој плаче по него. Тој е оној кој му недостасува. За тоа се работи во сонот. Во сонот....

Ми се чини дека долго време го слушам искричавиот звук на греалката на ѕидот и ветерот и дождот што удира по покривот и по прозорецот. Потоа дождот слабее и од него не останува ништо освен неколку капки вода што повремениот удар на ветрот ги стресува на земјата.

31

Наутро застанувам покрај зелениот полжав-лигавец кого го гледам на земјата. Долг е петнаесет сантиметри, а широк речиси два и мек е и речиси млитав и покриен со слуз како некој внатрешен животински орган.

Насекаде околу мене е влажно и мокро и магловито и студено, но доволно јасно за да се види дека мотелот во кој отседнавме се наоѓа на падината меѓу јаболките и тревата под нив и некој покрив на кој се задржала роса или дожд која уште не истекла на земјата. Гледам уште еден полжав па уште еден - боже, полжавите ползат на сите страни.

Кога се појави Крис, му покажувам еден од нив. Ползи полека врз лисјата. Крис не вели ништо.

Го напуштаме мотелот и појадуваме надвор од патот кој се вика Веот. Тука забележувам дека Крис е во уште понедостапно расположение. Тоа е некакво расположение во кое тој гледа на страна и не сака да разговара, па го оставам на раат.

Малку подалеку, кај Легет, гледаме бара со патки кои се одгледуваат заради туристите, па купуваме зашеќерени пржени пуканки и им ги фрламе на патките, а тој го прави тоа потажно од секогаш. Потоа влегуваме во некаков пат полн со кривини кој води покрај брегот, низ планините и одеднаш влегуваме во магла.

Потоа температурата се намалува па знаеме дека повторно сме стигнале до океанот.

Кога маглата се крева, можеме да го видиме океанот од високите карпи, толку далечен и толку модар. Додека се возиме понтаму ми станува студено, многу студено.

Застануваме и ја вадам блузата и ја облекувам. Гледам дека Крис се движи многу блиску до работ на карпата. Има најмалку триесет метри до камењата во подножјето. Преблиску е!

- КРИС! - се дерам. Тој не ми одговара.

Се качувам по него, го грабнувам за кошулата и го тргам назад. - Немој да го правиш тоа - му велам.

Тој ме гледа и некако чудно се смешка.
Ја вадам дополнителната облека за него и му ја пружам. Тој ја зема но се влечка и не ја облекува.
Нема смисла да го побрзувам. Во вакво расположение ако сака да чека, нека чека.
Но тој чека и уште чека. Поминуваат десет минути, потоа петнаесет.
Ми се чини дека се натпреваруваме во чекање.
После триесет минути студен ветар од океанот тој прашува: - По кој пат одиме?
- На југ, долж брегот.
- Да се вратиме назад.
- Каде.
- Таму каде што е потопло.
Тоа би значело уште стотина километри. - Сега мораме да одиме на југ - велам.
- Зошто?
- Затоа што би требало да минеме премногу километри ако би се враќале сега.
- Да се вратиме назад.
- Не. Облечи потопла облека.

Тој не ја облекува туку само седи на земјата.
После следните петнаесет минути повторно вели: - Да се вратиме назад.

- Крис, ти не го возиш моторот. Јас го возам. Одиме на југ.
- Зошто?
- Затоа што е предалеку и затоа што јас велам така.
- Па, зошто едноставно не се вратиме?
Ме фаќа бес. - Ти навистина не сакаш да сфатиш, нели?
- Јас сакам да одиме назад. Само кажи ми зошто не можеме да го сториме тоа.
Сега се борам со своето трпение. - Ти всушност не сакаш да се вратиш назад. Сакаш само да ме налутиш, Крис. Ако продолжиш така, ќе успееш!

Блесок на страв. Тоа го сакаше. Тој сака да ме мрази. Затоа што јас не сум тој.

Гледа огорчено во земја и облекува потопла облека. Потоа се враќаме на моторот и повторно се возиме долж брегот.

Јас можам да го имитирам неговиот татко, кого тој го бара, но подсвесно, на ниво на Квалитет, тој го сфаќа тоа и гледа дека тука веќе го нема неговиот татко. Во целата оваа шатакуа имаше многу примеси на лицемерство. Постојано се давани совети за избегнување на делењето на стварноста на субјекти и објекти, а најголемата поделба, најголемиот дуализам од сите, дуализмот помеѓу мене и него останува, и него го заобиколувам. Умот поделен против самиот себе.

Но кој го стори тоа? Јас не. А сега нема начин тоа да се поправи...Постојано се прашувам колкава е длабочината до дното на океанот таму на хоризонтот...

Јас сум всушност кривоверник кој одамна се откажал од своето кривоверство и си ја спасил душата во очите на сите. Во очите на секој човек освен на еден кој длабоко во себе знае дека она што го спасил е само неговата гола кожа.

Преживеав главно угодувајќи им на другите. Тоа го правиме за да се спасиме. За да се спаси, човек погодува што сакаат тој да каже, па го кажува тоа со најголема можна вештина и изворност и потоа, доколку ги увери, го пуштаат на слобода. Да не бев против него, тој би бил се уште внатре, но тој остана верен на она во што веруваше. Тоа е разликата помеѓу нас, и тоа Крис го знае. И ете затоа понекогаш мислам дека тој е стварност, а јас сениште.

Сега се наоѓаме долж брегот во подрачјето Мендоцина, и се е диво и убаво и отворено. Ридовите се главно тревнати, но во заветрина на карпите и падините има чудни лелеави грмушки, моделирани од ветерот кој доаѓа од океанот, дувајќи во правец на ридот. Минуваме крај некои стари дрвени огради, посивени од времено. Во далечината се гледа стара изветвена сива фарма. Како може некој тука да се занимава со земјоделство? Оградата е скршена на многу места. Бедно.

Кога патот од клисурата се спушти на песочниот брег, застануваме да се одмориме. Додека го гасам моторот, Крив вели: - Зошто застануваме тука?
- Уморен сум.
- Но јас не сум. Одиме понатаму. - Уште е лут. И јас сум.
- Оди на брегот и трчи во круг додека јас не се одморам - му велам.
- Да одиме понатаму, вели тој, но јас го напштам и се правам дека не слушам. Тој седнува на камен блиску до моторот.

Океанскиот мирис на трула органска материја, јакиот и студен ветер не ми дозволува доволно да се одморам. Но пронаоѓам голем куп карпи меѓу кои ветерот е поблаг а топлината на сонцето може се уште да се почувствува и да се ужива. Се концентрирам на сончевата топлина и благодарен сум за тоа малку што ја има.

Повторно се возиме и сега ми паѓа на памет сознанието дека тој е друг Федар, бидејќи мисли како што мислеше тој и се однесува како што се однесуваше тој, барајќи неприлики, препуштајќи им се на силите за кои е само делумно свесен и кои не ги разбира. Прашања...истите прашања...тој мора се да дознае.

Па ако не добие одговор, тој само продолжува и продолжува додека одговорот самиот не дојде, а тоа води до друго прашање па повторно продолжува и продолжува сакајќи да добие одговор на тоа...бескрајно прогонувајќи ги прашањата, не гледајќи, не разбирајќи дека на прашањата им нема крај. Нешто недостасува, и тој знае што, и тоа ќе го убие додека се обидува да го пронајде.

Возиме низ многу остра кривина на работ на клисурата. Океанот се протега во бескрај, студен и модар, и предизвикува чудно чувство на очај. Оние кои живеат покрај морето всушност не знаат што претставува океанот за луѓето затворени во

внатрешноста - каков голем и далечен сон е тој, присутен но невиден на најдлабоките нивоа на подсвеста, но кога тие ќе пристигнат крај океанот и кога свесната слика ќе ја споредат со подсвесниот сон, се јавува чувство на пораз што се патувало толку далеку само за да се стои пред една таинственост која не може да се измери. Изворот на се.

Многу подоцна стигнуваме до градот во кој блескавата маглина, која над океанот делуваше толку природно, сега ги исполнува улиците и им дава одредена аура, некакво сончево блескање во кое се добива носталгичен изглед, како кога човек се сеќава по многу изминати години.

Застануваме во преполнетиот ресторан и ја зафаќаме последната празна маса крај прозорецот, до блескавата улица. Крис гледа пред себе и не зборува. Можеби на некој начин чувствува дека не ни преостанува уште многу пат.

- Јас не сум гладен - вели.
- Дали ќе ти пречи да причекаш додека јас јадам?
- Да одиме натаму. Јас не сум гладен.
- Е, па, јас сум.
- А јас не сум. Ме боли желудникот.
Стариот симптом.

Ручаме и среде разговорот и тропањето на тањирите и лажиците од другите маси и низ прозор гледам еден велосипед и неговиот возач како минуваат. Се чувствувам како да сме пристигнале на крајот од светот.

Го кревам погледот и гледам дека Крис плаче.
- Што е сега? - велам
- Желудникот. Ме боли.
- Тоа е се?
- Не, не е. Јас мразам се...Жал ми е што појдов...Го мразам овој излет...Мислев дека ќе биде забавно, а не е...Жал ми е што појдов. - Тој ја зборува вистината, тој е вистољубец, како и Федар. И како и Федар и тој ме гледа со се поголема и поголема омраза. Дојде време.

- Крис, размислував тука да те качам на автобус со карта до дома.

Неговото лице не реагира на ова, потоа се јавува изненадување помешано со малодушност.

Додавам: - Јас самиот ќе продолжам на мотор. Ќе се видиме за недела-две. Нема смисла да те присилувам на патување кое го мразиш.

Сега е ред на мене да се изненадам. Неговото лице не покажува никакво олеснување. Малодушноста станува се поголема и тој гледа пред себе и не вели ништо.

Изгледа како да е изваден од рамнотежа и страв му е.
Го крева погледот. - Каде ќе живеам?
- Па, можеш сега да живееш во нашата куќа, бидејќи и другите се таму. Можеш да живееш со дедо и баба.
- Не сакам со нив.
- Можеш кај тетка ти.
- Таа не ме сака. И јас не ја сакам неа.
- Можеш да живееш кај другите баба и дедо.
- Не сакам ни со нив.
Спомнувам уште некои кои би го примиле, но тој само замавнува со главата.
- Добро, со кого сакаш тогаш?
- Не знам.
- Крис, мислам дека и самиот можеш да заклучиш во што е проблемот. Ти не сакаш да бидеш на ова патување. Го мразиш. А сепак не сакаш да појдеш никаде и не сакаш со никого да живееш. Сите овие кои ги спомнав или не те сакаат тебе, или ти не ги сакаш нив.
Тој молчи но сега се собираат солзи.
Жената на соседната маса ме гледа луто. Ја отвара устата како да ќе ми каже нешто. Јас ја гледам намуртено се додека не ја затвори устата и не му се врати на својот оброк.
Сега Крис жестоко плачи и од сите страни не гледаат.
- Да излеземе на прошетка - велам и станувам не чекајќи да дојде келенрката со сметката.

Крај благајната келнерката вели: - Жал ми е што момчето не се чувствува добро. - Јас климнувам, ја плаќам сметката и излегуваме.

Во целата оваа блескавост со поглед барам клупа, но не наоѓам ни една. Наместо тоа се качуваме на моторот и полека одиме на југ гледајќи каде би било згодно да застанеме.

Патот повторно води кон океанот и се качува високо и изгледа како да сме длабоко во морето но сега сме опркужени со магла и не гледаме ништо. Во еден миг во далечината забележувам луѓе кои се одмараат на песокот, но наскоро надоаѓа нова магла и тие луѓе се губат од видот.

Го гледам Крис и гледам прашален, празен поглед во неговите очи, но штом му предлагам да седнеме, се појавува дел од утринскиот гнев и омраза.
- Зошто? - прашува.
- Мислам дека е време да разговараме.
- Па, тогаш, да разговараме, вели тој. И старата борбеност се враќа. Тоа е сликата на "нежниот татко" која тој не може да ја поднесе. Тој знае дека таа "нежност" е лажна.
- Што е со иднината/ - велам. Глупаво прашање.
- Што со неа?
- Сакав да те прашам што си планирал за иднината.
- Нека биде што ќе биде.
Ова е предизвик.
Маглата за миг се разбива, откривајќи ја клисурата во која се наоѓаме, потоа повторно се затвора, а мене ме обзема некое чувство на неизбежност на она што се случува. Несакајќи се приближувам на нешто и предметите во аголот на окото и предметите во средиштето на погледот сега се подеднакво интензивни, сите се слеваат во едно, па велам: - Крис, ти гледаш татко кој долго време беше душевно болен, и повторно е на работ на болеста.
Но не е повеќе на работ. Веќе е внатре. На дното на океанот.
- Те праќам дома не затоа што ти се лутам, туку затоа што се плашам од она што може да се случи ако и понатаму бидам одговорен за тебе.
Неговото лице не покажува никакви промени. Тој уште не разбира за што зборувам.

- И така, ова ќе биде разделба, Крис и не сум сигурен дали повторно ќе се видиме. Тука сме. Готово е. А останатото природно ќе следи.
Тој ме гледа толку чудно. Мислам дека уште не разбира...Тој поглед...Некаде сум го видел...некаде...некаде...
Во маглата на едно рано утро во мочуриштата имаше една патка, една птица која гледаше на тој начин...Мавнав кон неа и таа не можеше да полета и потрчав кон неа и ја фатив за врат и пред да ја удавам застанав и поради некакво чувство за таинственоста на вселената и погледнав во очи, а тие гледаа на таков начин...онака мирни и полни со несфаќање...а сепак толку свесни. Тогаш со рацете и ја стегнав главата и и ги затворив очите и го свиткав вратот додека тој не пукна, додека не го чув тапиот праскот под прстите.

Потоа ги отворив рацете. Очите и понатаму ме гледаа но сега се sуреа во ништо и не ги следеа повеќе моите движења.

- Крис, за тебе веќе зборуваат.
Тој гледа во мене.
- Велат дека сите проблеми доаѓаат од твојот ум.
Тој тресе со главата.
- Се прават дека се е во ред, но не е.
Неговите очи се шират. Продолжува одречно да одмавнува со главата, но почнува по малку и да сфаќа.
- Работите тргнаа од лошо на полошо. Проблеми во училиштето, проблеми со соседите, проблеми во семејството, со твоите пријатели...проблеми насекаде. Крис, единствено јас им противречев и им велев: "Со него е се во ред", но сега никого нема да има. Ме разбираш ли?

Тој се sури втренчено. Неговите очи се се уште будни, но почнуваат да се замаглуваат. Јас не му давам сила. Никогаш и не сум му ја давал. Јас го убивам.

- Тоа не е твоја грешка, Крис. Никогаш и не била. Те молам да го разбереш тоа.

Неговиот поглед одеднаш се губи во внатрешен блесок. Потоа очите му се затвораат а од устата избива чудно јачење, тажење, како звук на нешто многу далечно. Тој се врти и се тетерави и потоа паѓа на земја, се грчи и клечи, и се клати

напред назад, со главата на земја. Слабиот маглив ветер ја ниша тревата околу него. Во близината полетува еден галеб.

Низ маглата го слушам чкрипењето на менувачот на некој камион и ме фаќа страв.
- Мораш да станеш, Крис.
Неговото јачење е врескаво и нечовечко, како некаква сирена во далечината.
- Мораш да станеш.
Тој и понатаму се клати и вреска на земјата.
Не знам што да сторам. Немам појма што да сторам. Се е сторено. Сакам да отрчам до клисурата, но се опирам на таа помисла. Прво морам да го качам на автобус, потоа клисурата ќе биде решение.
Сега е се во ред, Крис.
Тоа не е мојот глас.
Јас не сум те заборавил.
Крис престанува да се лула.
Како би можел да те заборавам?
Крис ја крева главата и ме гледа. Пајажината низ која секогаш ме гледаше за миг исчезнува а потоа повторно се враќа.
Сега ќе бидеме заедно.
Завивањето на камионот доаѓа до нас.
Стани сега!
Крис полека седнува и ме гледа. Каминот пристигнува, застанува, и возачот прашува дали ни е потребен превоз. Јас одречно вртам со главата и му одмавнувам да продолжи. Тој климнува со главата, уфрла во брзина и заминува понатаму во маглата, а останuваме само Крис и јас.
Јас го покривам со мојата блуза. Главата му е повторно нурната помеѓу коленат аи тој сега плаче, но плачот му е тивок и чОвечки, не е повеќе чуден крик како порано. Моите раце се потни и чувствувам дека и челото ми е испотено.
Малку подоцна тој болно вели: - Зошто не остави?
Кога?
- Во болницата.
Немаше друг избор. Полицијата забрани.
- Зарем не би те пуштиле надвор?
Не.
- Но зошто тогаш ти не би ја отворил вратата?

Која врата?
- Онаа стаклена врата!
Некаков бавен електричен удар минува низ мене. Која е таа стаклена врата?
- Зарем не се сеќаваш? - вели тој. - Ние стоевме од едната страна а ти беше на другата страна и маја плачеше.
Јас никогаш му го немав раскажано тој сон. Како можеше да го знае сето тоа. О, не. Ние се наоѓаме во друг сон. Ете зошто мојот глас звучи толку туѓо.
Не можев да ја отворам таа врата. Ми рекоа да не ја отварам. Морав да правам се што ми наредуваа.
- Мислев дека сакаш да не видиш - вели Крис. Тој гледа во земја.
Погледот на ужас во неговите очи сите овие години.
Сега ја гледам таа врата. Тоа е во некоја болница.
Ова е последниот пат што ќе ги видам. Јас сум Федар, ете кој сум, а тие сакаат да ме уништат затоа што ја зборувам вистината.
Се се поврза.
Крис сега нежно плаче. Плаче и плаче и плаче. Ветерот од океанот дува низ високите страци трева насекаде околу нас и маглата почнува да се крева.
- Немој да плачеш, Крис. Само децата плачат.
После долго време му давам шамивче за со него да си го избрише лицето. Ги собираме предметите и ги ставаме на моторот. Сега маглата одеднаш се крева и јас гледам дека сонцето на неговото лице создава отворен израз каков што никогаш пред тоа не бев видел. Тој го става шлемот на глава, го заврзува ременот, потоа го крева погледот.
- Навистина ли беше болен?
Зошто ли го прашува тоа?
Не!
Вчудоневидување. Но очите на Крис искрат.
- Знаев - вели.
Потоа се качува на моторот и тргнуваме.

32

Додека јуриме низ Манзанита, долж брегот крај грмушките со восочни лисја, на ум ми паѓа изразот на лице на Крис. - Знаев - рече.

Моторот без напор влегува во секоја кривина, накривувајќи се на тој начин што нашето тежиште секогаш е на линија на моторот без оглед на аголот кој го завземаме во однос на почвата. Патот е полн цвеќиња и со видици кои изненадуваат, и закривува толку остро што целиот свет се врти и ротира и се крева и тоне.

- Знаев - рече. Сега тоа ми се враќа како еден од оние ситни факти кои го тегнат јажето од другата страна и велат дека не се толку мали колку што јас мислам дека се. Тоа му беше на ум долго време. Со години. Сите проблеми кои ги создаваше станаа разбирливи. - Знаев - рече.

Веројатно нешто одамна чул, и во неговата детска свест се се испомешало. Тоа го говореше Федар - јас секогаш го говорев тоа - пред многу години, а Крис сигурно веруваше во тоа, и цело време го криеше во себе.

Ние сме меѓусебно поврзани иако тоа никогаш не го бевме разбрале до крај, а можеби тоа е и онака тешко да се разбере. Тој беше вистинската причина за излегувањето од болница. Да се остави да порасне сам би било навистина погрешно. И во сонот тој беше оној кој постојано се обидуваше да ја отвори вратата.

Јас него воопшто не го носев. Тој ме носеше мене!

- Знаев - рече. Тоа постојано ме потегнува од другата страна на јажето и ми вели дека мојот проблем можеби и не е толку голем колку што мислам дека е, бидејќи одговорот се наоѓа точно пред мене. Господе, ослободи го од своето бреме. Биди повторно една личност!

Густиот воздух и чудните мириси на цвеќе од стеблата и грмушките постојано не опкружуваат. Студенилото мина и повторно се грееме на сонце. Топлината продира низ мојата блуза и облека и јас суши влагата одвнатре. Ракавците кои беа темни од влага повторно стануваат светли. Изгледа дека толку бев смрзнат, до коска, од таа океанска влага, што веќе бев заборавил каква е топлината. Почнувам да се чувствувам поспано и во малата долинка пред нас гледам паркиралиште и маса за пикник. Кога пристигнуваме до местото, вртам и го гасам моторот.

- Ми се спие - му велам на Крис. - Малку ќе дремнам.
- И јас - вели тој.

Спиеме и кога се будиме се чувствувам многу одморено, одморени сме како никогаш до сега. Ја земам блузата на Крис и својата и ги буткам под еластичните ремени што го држат багажот на моторот.

Толку е топло што сакам да возам без кација. Се сеќавам дека во оваа држава не се обврзни. Ги врзувам за багажот од страната на моторот.

- Стави ја и мојата тука - вели Крис.
- Тебе ти е потребна заради сигурност.
- Ти не ја носиш својата.
- Во ред - се согласувам па ја врзувам и неговата.

Патот продолжува да закривува помеѓу дрвјата. Се качува на врвовите на ридовите, потоа се спушта во нови пејсажи па повторно се качува, а потоа влегува во отворени простори каде можеме да видиме како кањоните се простираат далеку и доле пред нас.

- Прекрасно е! - му викам на Крис.
- Не мораш да викаш - вели тој.
- О - велам и се смеам. Кога шлемовите ви се извадени, можете да разговарате со обичен глас. После сите овие денови!
- Убаво е, во секој случај - велам.

И понатаму дрвја и грмушки и трева. станува потопло. Крис сега се потпира на моите рамења и јас малку се вртам и гледам дека стои на папучиците.

- Тоа е малку опасно - велам.
- Не, не е. Самиот си знам. - Сеедно, биди внимателен - велам.

Малку подоцна, додека остро сечеме една кривина под наведнатите дрвја, тој вели: - О - па малку подоцна: - Ах - а потоа - Ју-ху. - Некои од тие гранки висат толку ниско над патот што ако не внимава некоја ќе го удри по главата.
- Што ти е - прашувам.
- Толку е различно.
- Што?
- Се. Никогаш порано не можев да гледам преку твоите раменици.

Сонцето создава прекрасни цртежи на патот додека минува низ крошните на дрвјата. Од нив во очите ми удираат светлина и темнина. Завиваме во кривина, а потоа избиваме во полна сончева светлина.

Тоа е вистина. Никогаш не помислив на тоа. Целото ова време тој ми се ѕуреше во грбот. - Што гледа? го прашувам.
- Се е различно.
Повторно влегуваме во шума, а тој вели: - Зарем не ти е страв?
- Не. Се навикнуваш на тоа.
Малку подоцна тој вели: - Можам ли да го добијам моторот кога ќе бидам доволно стар?
- Ако се грижиш за него.
- Што треба да сторам?
- Многу нешта. Ме гледаше.
- Ќе ми покажеш ли се?
- Секако.
- Тешко ли е тоа?
- Не е, ако притоа постапуваш исправно. Но тешко е да се постапува исправно.
- О.
Малку подоцна гледам дека повторно седи. Потоа вели: - Тато?
- Молам?
- Дали јас ќе постапувам исправно?
- Мислам дека ќе псотапуваш - велам. - Мислам дека во тоа нема да имаш никакви проблеми.

И така се возиме се понатаму и понатаму, се спуштаме низ Укиа и Хоплан и Кловердејл, долу во земјата на лозјата. Километрите автопат сега изгледаат толку

лесни. Моторот кој не носеше преку половина континент зуи и зуи во својот траен заборав на се освен на својата внатрешна сила. Зад нас се нижат Асти и Санта Роса и Петалума и Новато, на автопатот кој станува поширок и пополн, преплавен со автомобили и камиони и автобуси полни со луѓе, и наскоро долж патот се појавуваат куќи и чамци и водата на заливот Сан Франциско.

Секако, искушенијата никогаш не завршуваат. Несреќите и проблемите неизбежно се случуваат се додека човек е жив, но сега постои чувство, кое до сега не постоеше, а кое е не само на површината на нештата, туку навлегува во длабочина: Победивме. Сега ќе биде подобро. Тоа човек некако го чувствува.

(превод Илина Јакимовска, издавач *Слово*, Скопје, 2003)

РОБЕРТ М. ПИРСИГ

ЗЕН И УМЕТНОСТА НА ПОПРАВАЊЕ МОТОРИ

Испитување на вредностите

На моето семејство

Белешка на писателот

Приказната што следи се базира врз вистински настани. Иако многу нешта се изменети од литературни причини, во основа се треба да се смета за факт. Сепак, оваа книга на ниту еден начин не би смеела да се поврзува со огромното поле информации кои се однесуваат на изворното учење на Зен будизмот. Таа не содржи ниту многу податоци за мотори.

А што е добро Федар,
и што не е добро –
треба ли тоа некого да го прашаме
за да ни каже?

ПРВ ДЕЛ

1

Можам да видам на часовникот, не кревајќи ја раката од левата рачка на моторот, дека е осум и пол наутро. Ветерот, дури и при сто километри на час, е топол и влажен. Кога е вака топло и спарно во осум и пол, се прашувам какво ли ќе биде после пладне.

Во ветерот има остри мириси од мочуриштето крај патот. Се наоѓаме на подрачјето на Централните низини кои се полни со барски ловишта на диви патки, од Минеаполис на северозапад кон Дакотите. Се возиме по стариот бетонски пат со две ленти на кој веќе нема многу сообраќај, откако паралелно со него пред неколку години изградија автопат со четири ленти. Додека минуваме покрај некое мочуриште, воздухот одеднаш станува постуден. Потоа, кога веќе го минуваме, тој одеднаш повторно станува топол.

Среќен сум што повторно се возам низ овие предели. Тоа е еден вид недојдија, позната по тоа што во неа нема ништо, и токму тоа ја прави некако привлечна. На вакви стари патишта исчезнуваат сите тензии. Потскокнуваме по оштетеното патче помеѓу трските и пространите ливади, потоа повторно трски и барска трева. Од време на време се појавува отворена водна површина, па ако внимателно гледаш можеш да видиш диви патки на работ на мочуриштето. И желки…Ене и еден црвенокрилест кос.

Го удирам Крис по коленото и му го покажувам.

- Што е? – вика тој.

- Кос!

Тој кажува нешто но јас не го слушам. – Што велиш? – се дерам.

Ми го потегнува шлемот и ми се дере: - Имам видено многу такви, тате!

- О! – се дерам повторно. Потоа климнувам со главата. Кога имаш единаесет години не си особено воодушевен од црвенокрилест кос.

За тоа мораш да бидеш постар. За мене сето ова е помешано со спомени кои тој ги нема. Студени утра некогаш одамна, кога барската трева се жолтееше а трските се бранувааа на северозападниот ветар. Тогаш остриот мирис се креваше од блатото што го газевме со високите чизми додека заземавме позиција пред излегувањето на сонцето и отварањето на сезоната на ловот на диви патки. Или зиме, кога

барите беа замрзнати и мртви, па морав да одам по мразот и снегот помеѓу трските не гледајќи ништо освен сиво небо и мртви нешта и студенило. Косовите тогаш беа заминати. Но сега во јули тие се вратени и се е многу живо и секоја стапка од тие бари брмчи и крека, цела заедница составена од милиони живи суштества кои го живеат својот живот во некој вид блага постојаност.
Кога го минуваш одморот на мотор, нештата ги гледаш на еден потполно поинаков начин. Во автомобил секогаш си во некаква кутија, а бидејќи на тоа си навикнат, не ни сфаќаш дека сето она што го гледаш низ автомобилскиот прозорец е само уште една телевизиска слика. Ти си пасивен набљудувач и сето тоа здодевно поминува покрај тебе во некоја рамка.
На мотор не постои рамка. Целосно си во контакт со се. Се наоѓаш среде сцената, не само како набљудувач, а чувството на присутност е страшно впечатливо. Тој бетон што јури десетина сантиметри под твоите нозе е нешто стварно, истата материја по која одиш, таа е тука, толку заматена што не можеш да се фокусираш на неа, но можеш да ја спуштиш ногата и да ја допреш кога и да посакаш, и сето тоа заедно, целото искуство, никогаш не се губи од непосредната свест.
Крис и јас, заедно со некои пријатели кои возат пред нас, патуваме во Монтана а можеби дури и подалеку. Плановите ни се намерно неодредени, повеќе ни е до тоа да патуваме отколку некаде да стигнеме. Го минуваме одморот, тоа е се. Помили ни се споредните патишта. Асфалтираните локални патишта се најдобри, државните патишта веднаш после нив. Автопатиштата се најлоши. Сакаме добро да се забавуваме, но за нас акцентот паѓа повеќе на “добро” отколку на “забавуваме”, а кога ќе ја направите оваа разлика во акцентирањето се менува и целиот пристап. Планинските патишта со многу кривини се долги кога се во прашање секундите, но во нив многу повеќе се ужива кога е човек на мотор па влетува во кривини а не потскокнува од една страна на кутијата на друга. Патиштата со малку сообраќај се и попријатни и посигурни. Патиштата на кои нема ресторани и самопослуги се подобри, тоа се патишта каде грмушките и ливадите и овоштарниците и пасиштата ви се речиси до рамениците, каде децата ви мавтаат додека минувате, каде луѓето гледаат од балконите да видат кој ли минува, каде кога ќе запрете да прашате за правецот или за некаква друга информација одговорот ви изледа подолг отколку што сакате а не пократок, каде луѓето ве прашуваат од каде сте и колку време возите.
Поминаа неколку години откако жена ми и јас и нашите пријатели за прв пат почнавме да возиме по ваквите патишта. Понекогаш по нив возевме заради

промена или за да го скратиме патот до некој главен автопат, секој пат пејсажите беа извонредни па ги напуштавме со чувство на олеснување и уживање. Правевме така многу пати додека најпосле не го сфативме она што беше очигледно: тие патишта се навистина различни од главните патишта. Целиот ритам на живот и менталитетот на луѓето кои живеат долж нив се различни. Тие никаде не одат. Тие не се презафатени за да бидат љубезни. Тукашноста и сегашноста на нештата - тие знаат се за нив. Другите, оние кои пред многу години заминале во градовите и нивните загубени потомци, тие заборавиле се. Ова откритие беше нешто навистина големо.

Се прашував зошто ни требаше толку време да се освестиме. Го гледавме сето тоа истовремено не гледајќи го. Или подобро кажано, бевме навикнати да не го гледаме. Занесени од мислата дека вистинскиот живот се одвива во големиот град и дека сето тоа е само досадна провинција. Тоа беше загадочно. Вистината ви чука на вратата, а вие велите “Оди си, јас ја барам вистината”, и така таа заминува. Загадочно.

Но кога еднаш веќе го спознавме тоа, веќе ништо не можеше да не одвои од тие патишта, викенди, вечери и празници. Станавме вистински љубители на споредните патишта минати на мотори и откривме дека долж нив се наоѓаат нешта кои можеш да ги научиш додека патуваш.

Научивме на пример како да ги воочиме добрите патишта на картата. Доколку линијата е крива, тоа е добро. Таа ги претставува ридовите. Ако се работи за главен пат кој оди од мал град во поголем, тоа е лошо. Најдобриот секогаш поврзува една недојдија со друга, и има и спореден кој е уште побрз. Доколку одите североисточно од некој голем град, никогаш нема да стигнете далеку во истиот правец. Излегувате од градот и почнувате да вртите на север, потоа на исток, па повторно на север, и наскоро се наоѓате на спореден пат со кој се служат само мештаните.

Главната вештина е во тоа да не се загубиш. Со оглед на тоа што со патиштата се служат само мештаните кои ги познаваат по нивниот изглед, никој не се жали заради тоа што на раскрсниците нема патокази. Дури и ако ги има, тоа се обично мали знакчиња невпечатливо скриени зад грмушките, и тоа е се. Оние кои ги поставуваат знаците на локалните патишта ретко ви кажуваат нешто по два пати. Ако го пропуштите оној знак во грмушките тоа е ваш проблем, а не нивен. Освен тоа, откривате дека авто-картите се често пати погрешни кога се работи за локални патишта. И од време на време откривате дека вашиот “локален пат” ве води на

некој пат со две ленти, потоа на едноставна стаза, па на некое пасиште и застанува, или пак ве води во дворот на некој фармер.
Така ние најчесто пловиме по слепо нагаѓање и по заклучоците кои ги донесуваме следејќи ги знаците на кои наидуваме. Во еден од џебовите чувам компас за облачни денови кога сонцето не го покажува правецот, а картата ја имам прицврстено на посебен носач на резервоарот за гориво на која водам сметка за изминатите километри од последната крстосница и така знам што треба да се бара. Во придружба на овие алатки и отсуството на притисок од типот "некаде да се стигне" добро се снаоѓаме и веќе речиси цела Америка е само наша.
За време на викендите, за празникот на трудот или празникот на паднатите борци патуваме со километри по тие патишта без да видиме ниту едно друго возило, потоа минуваме на автопатот и ги гледаме автомобилите нанижани "браник до браник" се до хоризонтот. Во нив намќорести лица. Детски плач на задните седишта. Постојано се обидувам да пронајдам некој начин да им кажам нешто, но тие се намќорести, и изгледаат како да брзаат, па не го правам тоа…
Сум ги видел овие мочуришта илјада пати, па сепак секогаш ми се како нови. Би било погрешно да се наречат благи. Би можеле да ги наречете и сурови и бездушни, во нив има од се по нешто, но нивната стварносност го надминува секое половично поимање. Ете! Големо јато црвенокрилести косови излетува од гнездото во трските, преплашено од нашата бучава. Го удирам Крис по коленото по вторпат…потоа ми текнува дека тој веќе ги има видено.
- Што е? – се дере тој повторно.
- Ништо.
- Добро, што е?
- Само проверувам дали си уште тука – викам јас, и не велиме ништо повеќе.

Освен ако не сте љубители на викање, на мотор не водите некои посебни разговори. Наместо тоа, го минувате времето свесни за нештата и размислувајќи за нив. За пејсажите и звуците, за временските прилики и нештата кои ги помните, за моторот и пределот во кој се наоѓате, размислувате за нештата на долго и на широко без брзање и без чувство дека губите време.
Би сакал да го искористам времето пред нас за да проговорам за некои нешта кои ми паднаа на памет. Најчесто сме во големо брзање па немаме многу прилики за разговор. Од тоа произлегува некоја бескрајна секојдневна плиткост, едноличност поради која човек со години подоцна се чуди каде истекло сето тоа време и жали

што веќе го нема. Сега кога навистина имаме малку време, и сме свесни за тоа, би сакал да го искористам за да проговорам малку подлабоко за некои нешта кои ми се чинат значајни.
На ум ми е некаква шатакуа – тоа е единственото име што можам да го смислам – слична на патувачките шатакуа претстави под шатори кои некогаш патувале низ Америка, оваа Америка во која се наоѓаме сега, чија цел била да поучат и да забават, да го поткренат духот и да ја доближат културата и просветата до ушите и мислите на слушателите. Нив денес ги имаат потиснато подинамичните радио, филм и телевизија, но мене ми се чини дека таа промена во целина не претставува некој напредок. Можеби поради тие промени струјата на националната свест сега побргу се движи, можеби е и поширока, но изгледа дека е поплитка. Старите корита не можат да ја држат, и нејзината потрага по нови уште повеќе ја зголемува збрката и разорувањето долж нејзините брегови. Во оваа цхаутауљуа јас не би сакал да издлабам некои нови корита на свеста, туку едноставно да ги продлабочам старите во кои се насобрало блато со остатоци на мисли кои мувлосале, и со излитени зборови кои веќе премногу пати се повторувани. “Што има ново?” е интересно и се пошироко вечно прашање, но прашање кое, ако доследно се следи, доведува само до бескрајна парада на тривијалност и мода, блато на утрешнината. Наместо тоа би сакал да се позанимавам со прашањето “Што е најдобро?”, прашање кое повеќе оди во длабочина отколку во широчина, прашање чии одговори настојуваат да го поттурнат блатото низводно. Има периоди во историјата на човештвото кога коритата на мислата биле предлабоки па не била можна никаква промена, и никогаш не се случувало ништо ново, а она “најдоброто” било прашање на догма, но денес ситуацијата не е таква. Се чини дека сега струјата на нашата заедничка свест пробива свои брегови, губејќи го средишниот правец и смисла, поплавувајќи низини, раздвојувајќи и изолирајќи висорамнини, без никаква посебна цел освен залудното покажување на сопствената внатрешна моќ. Изгледа на ова корито му треба продлабочување.

Далеку пред другите возачи, Џон Сатерленд и неговата сопруга Силвија свртеа од патот на еден уреден простор за пикник. Време е да се одморат нозете. Додека го свртувам моторот кон нив, Силвија го симнува шлемот и ја растресува косата, а Џон го крева својот БМЊ на потпирач. Нема разговор. Сме биле заедно на толку многу излети што веќе на прв поглед знаеме како се чувствуваме. Токму сега сме само тивки и гледаме околу себе.

Клупите за пикник се празни во овој дел од денот. Го имаме целото место за себе. Џон поминува преку тревата до една црпка од лиено железо и почнува да црпе вода за пиење. Крис лунsа меѓу дрвјата зад еден тревнат рид до потокот. Јас само се sурам околу.
После неколку мига Силвија седнува на дрвената клупа и ги истегнува нозете, кревајќи ги полека една по друга без да го крене погледот. Долгите молчења кај неа предизвикуваат потиштеност, па почнувам разговор околу тоа. Таа го крева погледот а потоа повторно го спушта.
- Тоа е поради сите оние луѓе во автомобилите што поминуваа во спротивен правец – вели. – Првиот изгледаше многу тажно. Следниот изгледаше потполно исто, па следниот па следниот, сите беа исти.
- Само се возеле во град на работа.
Таа добро забележува, но во тоа нема ништо неприродно. –Знаеш, работа, повторувам. – Понеделник наутро. Полузаспани. Кој оди на работа во понеделник наутро насмеан?
- Но изгледаа толку загубено – вели таа. – Како сите да беа мртви. Како погребна поворка. Потоа повторно ги спушта обете нозе и ги остава така.
Ја разбирам, но логички тоа не води никаде. Човек работи за да живее, а тие тоа и го прават. – Јас ги набљудував мочуриштата – велам.
Малку потоа таа го крева погледот и прашува: - Што виде?
Имаше цело јато црвенокрилести косови. Нагло се вивнаа кога поминавме покрај нив.
- О!
Бев среќен што ги гледам повторно. Тие ги поврзуваат нештата, мислите и слично. Разбираш?
Таа размислува за момент, а потоа се смее на темно зелената позадина од дрвја. Го разбира необичниот јазик кој нема никаква врска со тоа што го говорите. Ќерка.
- Да – вели - убави се.
- Внимавај на нив – велам јас.
- Добро.
Се појавува Џон и ја проверува опремата на моторот. Затегнува некои јажиња а потоа ги отвара бисаѓите и почнува да прекопува по нив. Става некои предмети на земја – Ако некогаш ти затреба некакво јаже, само повели – вели тој. – Боже, мислам дека имам пет пати повеќе предмети отколку што ми се потребни.
- Се уште не – одговарам јас.

- Ќибрит? – вели тој и понатаму дрдорејќи. – Маст за изгореници, чешли, врвки за чевли…врвки за чевли? Зошто ни требаат врвки за чевли?
- Немој пак за тоа – вели Силвија. Тие се погледнуваат со смешно вкочанети лица па обајцата го свртуваат погледот на мене.
- Врвките за чевли можат да пукнат секој миг – велам јас свечено. Тие се смешкаат, но не еден на друг.
Наскоро се појавува Крис и време е да се појде. Додека се подготвува и се качува, тие тргнуваат и Силвија ни мавта. Повторно сме на патот, и јас гледам како тие го зголемуваат растојанието меѓу нас.

Шатакуата која ја имам на ум беше создадена поради нив двајцата пред многу месеци и можеби, иако тоа не го знам, е поврзана со некој на прв поглед невоочлив несклад помеѓу нив.

Претпоставувам дека нескладот е обична работа во секој брак, но во нивниот случај тоа изгледа потрагично. Барем што се однесува до мене.

Нема меѓу нив судир на личности; тоа е нешто друго, за што не треба да биде обвинет ниту еден од нив, но ниту таа ниту тој немаат никакво решение за тој несклад, а го немам ни јас, туку само некои идеи.

Идеите беа инспирирани од она што изгледаше како незначителна разлика во мислењето помеѓу Џон и мене во врска со едно неважно прашање: колку човек треба да го оддржува својот мотор. Мене ми се чини дека е природно и нормално да се служам со она малку алат и упатства што се испорачуваат со секој мотор, и самиот да го штелувам и поправам. Џон не се согласува со тоа. Нему му е подраго да му препушти на упатен механичар да се грижи за тие нешта, за тие да бидат добро направени. Ниту едно од тие гледишта не е необично, и таа незначителна разлика не би се зголемила во толкава мерка да не минувавме толку многу време возејќи се заедно или седејќи по попатните крчми пиејќи пиво и разговарајќи за се што би ни паднало на ум. А на ум обично ни паѓаше она за што сме размислувале половина час или четириесет и пет минути по нашиот последен разговор. Кога се работи за патиштата или времето или луѓето или старите спомени или за било што што го пишува во весниците, разговорот се развива природно и пријатно. Но кога во мислите ми е работата на моторот и кога таа ќе се замеша во разговорот, тогаш тој престанува. Разговорот веќе не се движи напред. Се случува молк и прекин на поврзаноста. Тоа е како кога помеѓу двајца стари пријатели, католик и протестант,

кои седат пиејќи пиво и уживајќи во животот, одеднаш ќе искрсне темата за спречување на бременоста. Големо замрзнување.

И, секако, кога ќе откриете нешто како ова, тоа е како да откриете заб од кој паднала пломба. Од тоа не можете да се ослободите. Морате да го испитувате, да го допирате оддалеку, да го наведувате разговорот, да мислите за тоа, не затоа што тоа е можеби непријатно туку затоа што ви се врти низ главата и не сака од таму да излезе. И колку повеќе ја испитувам и ја туркам таа тема за одржувањето на моторот, толку тој повеќе се лути, и секако поради тоа јас сакам да инсистирам уште повеќе. Не го прават тоа намерно за да го лутам, туку затоа што таа лутина изгледа како знак на нешто подлабоко, нешто под површината што не може да се забележи веднаш.

Кога разговарате за спречувањето бременост, се запнува и се смрзнува затоа што тука не се работи за препирка во врска со тоа дали ќе се родат помалку или повеќе деца. Тоа е само на површината. Под тоа лежи судир на вербата, вербата во искуството на општественото планирање и вербата во власта на Бог онаква каква што ни ја открива учењето на католичката црква. Можете да ја докажувате практичноста на планираното раѓање на деца додека не се уморите слушајќи се самите себеси, но тоа нема да доведе до ништо, затоа што вашиот противник не ја признава претпоставката дека она што е општествено практично е добро самото по себе. Добротата за него има други извори кои тој ги цени подеднакво или повеќе отколку општествената практичност.

Така е и со Џон. Јас би можел да му проповедам за практичната вредност и полза од одржувањето на моторот додека не го загубам гласот, а тоа воопшто да не допре до него. По две реченици на оваа тема неговиот поглед станува стаклест па ја менува темата на разговорот или едноставно гледа на страна. Не сака ни да слуша за тоа.

Силвија потполно се согласува со него. Всушност, таа е дури и поостра. - Тоа е нешто сосема друго - вели таа кога е благонаклоно расположена. - Тоа се глупости - вели кога не е. Тие сакаат да не го разбираат тоа. Да не слушаат за тоа. И колку повеќе сакам да проникнам во она заради што јас уживам во механичарската работа а заради што тие ја мразат, толку нештата ми стануваат понедофатливи. Основната причина на таа во почетокот незначителна разлика во мислењето изгледа дека допира многу, многу подлабоко.

Нивната неспособност веднаш ја исклучувам. Обајцата се доволно бистри. Секој од нив би можел да научи како се штелува мотор за час и половина кога во

тоа би ја вложил својата волја и енергија, а заштедата на пари и грижа и време би им го исплатила и преплатила вложениот труд. И тие тоа го знаат. Или можеби не го знаат. Не знам. Никогаш не ги соочувам со прашањето. Подобро е да се мине преку тоа.

Но се сеќавам на еден врел ден, пред некој бар во гратчето Севиџ, Минесота, кога за малку не избувнав. Минавме во барот околу еден час и кога излеговме моторите беа толку жешки што едвај можевме да се качиме на нив. Јас го палам моторот и сум подготвен да тргнам, а Џон упорно ја притиска ножната педала. Го чувствувам мирисот на бензин како да сме во близина на рафинерија, па тоа и му го кажувам, мислејќи дека е доволно за тој да сфати дека моторот му се задушил.

- Да, и мене ми мириса - вели тој, и продолжува да притиска. И така тој притиска и притиска и потскокнува и притиска, а јас не знам што би кажал повеќе. По едно време се заморува и лицето му се капе во пот и не може повеќе да притиска, па му предлагам да ги извади свеќичките и да дозволи тие да се исушат а цилиндрите да се излуфтираат додека ние испиеме по уште едно пиво.

О боже сочувај! Тој не сака да се впушта во тоа.

- Во што?

- О, вадење алат и така натаму. Нема причина да не пали. Моторот е потполно нов а јас во целост се држам до упатствата. Погледни, го повлеков саухот до крај како што пишува.

- Саухот до крај?

- Па така пишува во упатството.

- Тоа важи кога моторот е студен!

- Но, бевме внатре барем половина час - вели тој.

Тоа некако ме потресе. - Денес е жежок ден, Џон - велам јас. На моторите им треба многу повеќе време за да се оладат отколку кога денот е кочан.

Тој се чешка по главата. - Но, зошто тоа не е напишано во упатството? - Потоа го смалува саухот и на вториот притисок моторот пали. - Мислам дека се работело за тоа - вели радосно.

Веќе следниот ден возевме во близина на истиот предел и тоа се случи повторно. Овој пат решив да не кажам ниту еден збор, па кога жена му ме тераше да пријдам и да му помогнам, одмавнав со главата. И реков дека тој ќе ја презира мојата помош се додека навистина не почувствува дека му е потребна, па се засолнавме во сенка и седевме и чекавме.

Забележав дека е извонредно пристоен кон Силвија додека притиска, што значеше дека е бесен, а таа гледаше кон нас со израз "О, боже!" во очите. Да ме прашаше, јас за секунда би му пришол за да видам што е, но не сакаше. Минаа веројатно петнаесетина минути пред да запали.

Подоцна повторно пиевме пиво над езерото Минетонка и сите зборуваа но тој молчеше и можев да видам дека страшно се јаде одвнатре. После сето тоа време. Веројатно барајќи малку оддушка, тој рече - Знаеш…кога не сака вака да запали, тоа…тогаш навистина се претворам во чудовиште. Целиот збеснувам поради тоа. - Од тоа изгледа му олесна, па додаде: - Го имаа само овој единствен мотор, знаеш? Овој шкарт. И не знаеја што да прават со него, дали да го вратат во фабриката или да го продадат во старо железо или што знам јас..и потоа во последниот час ме забележаа како доаѓам. Со илјада осумстотини долари во џебот. И знаеа дека тоа е крај на нивните неволји.

Со некаков певлив глас го повторив својот говор за одржувањето на моторот и тој се обидуваше да слуша. Тој понекогаш навистина се обидува. Но тогаш повторно се појави тој sид и тој отиде до барот по уште еден пијалок за сите нас и разговорот заврши.

Тој не е тврдоглав, ниту ограничен, не е мрзлив, не е глупав. Само што не постои едноставно објаснување. И така тоа остана во воздухот, некој вид мистерија од која човек крева раце бидејќи нема смисла само да се врти во круг барајќи одговор кој не постои.

Ми се случувало и мене да бидам тежок во некои разговори, но дозволував некој нешто да ми докаже. Поголемиот број моторџии на долги стази знаат како се штелува мотор за тој добро да работи. Сопствениците на автомобили обично не чепкаат во моторот, но секој град, колку и да е мал, има сервис со скапи кревалки, специјален алат и опрема за откривање на дефектот што еден просечен сопственик на автомобил не може да ги има. Освен тоа, автомобилскиот мотор е многу посложен и непристапен отколку оној на моторот, па тоа и има некаква смисла. Но се обложувам дека за моторот на Џон, за BMW P 60, не постои ниту еден механичар од тука до Солт Лејк Сити. Ако му прегорат платинките или свеќичките, тој е готов. Знам дека со себе нема резервни платинки. Тој не ни знае што се тоа платинки. Ако моторот го остави во западниот дел на Јужна Дакота или во Монтана, не знам што ќе прави. Ќе го продаде на Индијанците, можеби. Знам што прави сега. Внимателно настојува воопшто да не мисли на тоа. Моторите BMW се познати по тоа што не создаваат механички проблеми, и тој смета на тоа.

Можев да мислам дека тоа е само негов чуден став кон моторите, но подоцна открив дека тој став се пренесува и на други нешта…Чекајќи ги да појдеме, едно утро забележав дека им капе чешмата во кујната и се сетив дека таа капеше и последен пат кога бев тука, всушност дека таа капеше отсекогаш. Му го споменав тоа на Џон и тој ми рече дека се обидел да го ја поправи ставајќи нов прстен, но дека тоа не помогнало. Тоа беше се што ми кажа. Од тоа можеше да се заклучи дека по ова прашање се е завршено. Ако се обидеш да ја поправиш чешмата и од тоа поправање нема полза, тоа значи дека ти е судено да живееш со чешма која капе.

Тоа ме наведе да се запрашам дали тоа им оди на нерви, тоа кап-кап-кап, од седмица во седмица, од година во година, но на нив не можев да забележам никаква лутина или грижа поради тоа, па заклучив дека ним едноставно не им е грижа за чешмите кои капат. На некои луѓе едноставно не им е грижа.

Не се сеќавам поради што еден ден го променив тој заклучок…поради некое претчувство, некоја проникливост, можеби поради незабележливата промена во расположението на Силвија кога капењето стануваше особено гласно а таа се обидуваше да разговара. Нејзиниот глас е многу нежен. И еден ден кога се обидуваше да зборува низ тоа капење, влегоа децата и ја прекинаа, па се истури на нив. Се чинеше дека нејзиниот бес кон децата не би бил ни оддалеку толку голем да не капеше чешмата кога таа се обидуваше да разговара. Се разбесни поради помешаното капење и детското викање. Страшно ме погоди фактот што таа не ја обвинува чешмата, и тоа што намерно не ја обвинува чешмата. Таа потполно заборавила на неа! Ја потиснуваше лутината кон чешмата, а таа проклета чешма што капе се подготвуваше да ја убије! Но поради некои причини, таа на тоа не му придаваше важност.

Зошто некој би ја потиснувал лутината кон една чешма која капе? - се прашував. Потоа тоа се вклопи во проблемот на одржувањето на моторите, и во мојата глава се запали една од оние сијалички па помислив: А-ааа!

Не се работи за одржувањето на моторот, за чешмата. Тие не ја поднесуваат техниката. И тогаш различните нешта почнаа да си го наоѓаат своето место, и јас знаев во што е работата. Лутината на Силвија кон некој пријател кој мисли дека компјутерското програмирање е "креативно". Па сите нивни цртежи и слики и фотографии без ништо техничко во нив. Секако, таа нема да биде бесна кон онаа чешма, си помислив. Човек секогаш го потиснува моменталниот гнев кон нешто што длабоко и трајно го мрази. Така, Џон се откажува секој пат кога ќе искрсне

разговор за поправање на мотори, дури и кога е очигледно дека поради тоа страда. Тоа е поради техниката. Сигурно, и секако, очигледно. Кога ќе го видиш тоа се е толку едноставно. Пред се, тие се качуваат на моторите за да избегаат од техниката, во природа на свеж воздух и сонце. Кога јас повторно ќе ги соочам со неа, токму во часот и на местото каде што мислат дека конечно избегале од неа, тоа нив обајцата едноставно ги смрзнува и тоа е ужасно. Ете зошто разговорот се прекинува и замрзнува кога и да се спомене таа тема.

И други нешта се вклопуваат во ова. Тие понекогаш говорат со толку малку и мачно одбрани зборови за "тоа" или за "сето тоа", како на пример во реченицата: - Од тоа едноставно не можеш да побегнеш. - А ако јас запрашам: - Од што? - одговорот може да биде: - Од сето тоа - или: - Од организираниот тек на нештата - или дури: - Од системот. - Силвија еднаш бранејќи се ми рече: - Но, ти знаеш како да излезеш на крај со тоа - што толку ме вомјази што ми беше непријатно да прашам што е "тоа", па останав малку збунет. Мислев дека се работи за нешто потаинствено отколку што е техниката. Но сега гледам дека "тоа" е воглавно, ако не и целосно, техниката. Но и тоа не е вистинскиот збор. Тоа "тоа" е некој вид сила која ја бутка техниката напред, нешто неодредено но нечовечко, механичко, безживотно, некое слепо чудовиште, некоја смртна сила. Нешто одвратно од што тие бегаат но знаат дека не можат да побегнат. Јас тука за тоа говорам некако прецрно, но еве за што се работи без возвишениот и строго одреден начин на говор. Некаде постојат луѓе кои тоа го разбираат и бегаат од него, но тоа се технолозите и тие говорат на нечовечки јазик кога го опишуваат она што го прават. Сето тоа се делови и врски на нешта за кои никогаш не сте чуле и кои за вас немаат никаква смисла без оглед на тоа колку пати ќе чуете за нив. А нивните производи, нивното чудовиште ја проголтува земјата и им ги загадува воздухот и езерата, и нема начин да му се зададе противудар, а едвај и да може некако од него да се избега.

Не е тешко да се стигне до тоа стојалиште. Минете низ подрачје со тешка индустрија во некој голем град и веднаш ќе ја пронајдете сета таа техника. Пред неа има високи огради од бодликава жица, заклучени влезови, натписи ЗАБРАНЕТ ВЛЕЗ, а над тоа, низ пеплосаниот воздух, гледате грди чудни облици од метал и цигла и не им ја знаете смислата и никогаш нема да им ги видите господарите. Не знаете за што служат, ниту зошто се тука, никој тоа не ви го кажува, и така ви останува само да се чувствувате отуѓени, странци, како да не припаѓате тука. Оној кој тоа го поседува и разбира, тој не сака да бидете во близина. Од сета таа техника

вие како да сте станале туѓинци во сопствената земја. Самата нејзина форма, појава и таинственост говорат: - Губи се. - Знаете дека за сето тоа некаде постои некакво објаснување и дека тоа без сомнение на некој индиректен начин му служи на човештвото, но тоа не го гледате. Вие гледате знаци ЗАБРАНЕТ ВЛЕЗ и НЕ ПРИОЃАЈ и гледате дека ништо не им служи на луѓето туку дека малецки луѓе, како мравки, им служат на тие чудни несфатливи облици. И помислувате: дури и да сум дел од тоа, дури и да не сум странец, би бил само уште една мравка која им служи на тие облици. Така конечно се раѓа непријателство и мислам дека на крајот на краиштата тоа има врска со инаку необјаснивото однесување на Џон и Силвија. Се што се однесува до вентилите, осовината, одвртувачот, е дел од тој дехуманизирачки свет, и тие не сакаат да размислуваат за тоа. Тие не сакаат да бидат вовлечени во тоа.

Ако е така, во тоа не се осамени. Нема сомнение дека тие ги следеле своите природни чувства и дека не се обиделе никого да имитираат. Но и многумина други ги следат своите природни чувства и не се обидуваат никого да имитираат, а природните чувства на многумина се слични токму во тоа, па така кога ги гледате во целина, како што тоа го прават новинарите, добивате впечаток за еден масовно движење, антитехнолошко масовно движење, цело политичко антитехнолошко лево будење кое привидно извира од никаде, со паролите: "Доста ни е од техника. Носете ја на друго место. Тргнете ја оттука". Тој впечаток сепак го смирува тенката пајажина на логиката која нагласува дека без фабрики нема вработени и животен стандард. Но има човечки сили кои се посилни од логиката. Секогаш ги имало, па ако доволно закрепнат во својата омраза кон техниката, таа пајажина може да пукне.

За борците против техниката, против системот, се измислени калапи и модели како "битник" и "хипи", а тие ќе траат и понатаму. Но поединците не можат да се преобратат во маса со едноставно ковање масовни термини. Џон и Силвија не спаѓаат во таа маса, ниту пак во неа спаѓа поголемиот број од оние кое се однесуваат како нив. Се чини дека тие токму и се противат на тоа да станат припадници на маса. И чувствуваат дека техниката е во тесна врска со силите кои настојуваат нив да ги претворат во припадници на масата и затоа не ја сакаат. Засега тоа е воглавно пасивен отпор, бегање во селски предели секогаш кога тоа е можно и слично на тоа, но тој не мора секогаш да биде толку пасивен.

Јас со нив не се согласувам во однос на одржувањето на моторите, но не затоа што немам разбирање за нивните чувства кога се работи за техниката. Јас

само мислам дека нивното бегство од техниката и омразата кон неа е самопоразителна. Затоа што Буда, Главата Божја, подеднакво удобно престојува и во чиповите на компјутерот и во запчаниците на преносот на некој мотор, како што престојува и на врвот на планината или во ливчињата на некој цвет. Да се мисли поинаку значи да се омаловажува Буда - што значи да се омаловажуваш себе самиот. Ете за тоа сакам да говорам во оваа шатакуа.

Сега излеговме од мочуриштето, но воздухот е се уште толку влажен што можеш да гледаш право горе во жолтиот сончев диск како на небото да има чад или магла. Но сега сме во зелен предел. Фармерските куќички се чисти и бели и свежи. И нема ниту чад ниту смог.

2

Патот завива и завива…застануваме да се одмориме и да ручаме, да размениме неколку зборови, и повторно тргнуваме. Почетокот на попладневниот замор го надокнадува возбудата на првиот ден па се движиме еднолично, ниту брзо ниту бавно.

Не следни бочен југозападен ветар, и моторот се наведнува во правец на дувањето на ветерот, навидум сам од себе, за да му го поништи делувањето. Подоцна на тој пат се чувствуваше нешто необично, свест за нешто, како некој да ве набљудува или следи. Но пред нас нема никакви автомобили, а во ретровизорот се само Џон и Силвија, далеку зад нас.

Се уште не сме навлегле во Дакотите, но широките полиња покажуваат дека сме им се поблиску. Некои од нив се модри од цветовите на ленот кои се лелеаваат во долги бранови како површината на океанот. Има повеќе ридови отколку претходно, и тие сега го надвишуваат сето останато освен небото, кое изгледа пошироко. Зградите на фармите во далечината се толку мали што едвај ги гледаме. Земјата почува да се отвара.

Нема одредено место ниту остра црта каде завршува Централната низина која ве затекнува неподготвени кога испловувате од вознемиреното и незаштитено пристаниште, па забележувате дека брановите веќе пораснале, а кога ќе се свртите гледате дека нема веќе копно на хоризонтот. Тука стеблата се поретки и одеднаш станувам свесен дека не се самоници. Донесени се тука и засадени околу куќите и меѓу полињата по пороите за да штитат од ветер. Но онаму каде што се посадени

нема грмушки, нема млади изданоци - само трева, понекогаш со диво цвеќе и пиреј, но најмногу трева. Ова се пасишта. Се наоѓаме во прерија.

Чувствувам дека ниту еден од нас не е потплно свесен за тоа како изгледаат четири дена во ваква прерија во јули. Спомените од патувањата со автомобил низ нив се секогаш спомени за рамноста и големата празнина која допира до каде што допира погледот, крајната едноличност и здодевност додека возите час по час без никаде да стигнете, прашувајќи се колку ќе трае сето тоа без кривина на патот, без промена на земјата која се протега и протега до хоризонтот.

Џон беше загрижен дека Силвија нема да ја издржи таа неудобност, па се подготвуваше да ја прати со авион во Билингс, Монтана, но јас и Силвија му го сменивме мислењето. Јас тврдев дека телесните неудобности се важни само кога си со лоша волја. Тогаш се фаќаш за било што што е неудобно и тоа го сметаш за причина. Но кога си со добра волја, тогаш телесните неудобности не значат многу. И кога размислував за карактерот на Силвија и нејзините чувства, не можев да замислам дека таа би се жалела.

Исто така, кога би стигнала во Карпестите планини со авион би и било како да ги гледа планините попатно, како убави кулиси. Но ако до нив стигне после неколку дена напорно патување преку прериите, ќе ги гледа поинаку, како некоја цел, како ветена земја. Ако Џон и јас и Крис стигнеме со тоа чувство, а Силвија со впечатокот дека планините се "прекрасни" и "убави", меѓу нас би имало повеќе несогласување отколку што во нас би го предизвикала жештината и едноличноста на Дакотите. Во секој случај, јас сакам да разговарам со неа, а мислам и на себе.

Во мислите додека ги набљудувам тие полиња, и велам: - Гледаш ли?…Гледаш ли? - и мислам дека таа гледа. Се надевам дека подоцна во тие прерии ќе забележува и чувствува нешто за што сум престанал да разговарам со другите; нешто што постои во нив затоа што ништо друго не постои, а може да се забележи затоа што се друго е отсутно. Таа понекогаш изгледа толку потиштена од едноличноста и досадата на својот градски живот, па помислив дека во оваа бескрајна трева и ветер ќе види нешто што понекогаш се јавува откако ќе се прифати едноличноста и досадата. Тоа е тука, само не му го знам името.

Сега на хоризонтот гледам нешто што мислам дека другите не го гледаат. Далеку на југозапад - може да се види само од врвот на овој рид - небото е со темен раб. Се подготвува бура. Тоа можеби малку ме загрижуваше. Намерно го исклучувам тоа од мислите, но цело време знаем дека со оваа влажност и ветер

доаѓањето на бурата е многу веројатно. Лошо е тоа, токму првиот ден, но како што кажав порано, кога си на мотор си вклучен во пејсажот, не си само набљудувач, а бурите се неизбежен дел од пејсажот.

Ког би се работело само за грмотевици и испрекинати налети на ветер, можеби тоа и би можело да се избегне, но ова е нешто друго. Таа долга темна пруга без ниту еден облак пред себе претставува студен фронт. Студените фронтови се жестоки, а кога доаѓаат од југозапад најчесто и се такви. Често ги следи торнадо. Кога доаѓаат најдобро е да се скриеш во некаква дупка и да чекаш да минат. Не траат долго а студениот воздух зад нив е пријатен за возење.

Најлоши се топлите фронтови. Тие можат да траат со денови. Се сеќавам кога Крис и јас пред неколку години појдовме на излет во Канада, минавме околу 230 километри и навлеговме во топол фронт за со кој многумина не предупредуваа но ние тоа не го разбравме. Се што доживеавме беше глупаво и тажно.

Имавме мал мотор од шест и пол коњски сили, преоптеретени со багаж, ослободени од здравиот разум. Моторот можеше да постигне само 80 километри на час под полн гас против умерен челен ветар. Не беше тоа мотор за вакви патувања. Првата ноќ стигнавме до некое езеро во Северен Вудс и прележавме под шаторите додека надвор беснееше бура со дожд која траеше цела ноќ. Заборавив да ископам ров околу шаторот, па во околу два наутро внатре проби вода која ни ги намокри обете вреќи за спиење. Следното утро бевме мокри и нерасположни и ненаспани, но јас мислев дека ќе го избегнеме дождот штом ќе тргнеме. Немавме среќа. Околу десет часот небото беше толку тмурно што сите автомобили имаа запалени светла. А потоа навистина наврна.

Носевме наметки кои претходната ноќ служеа како шатор. Сега се шириа како едра и не успоруваа на брзина од 50 километри на час под полн гас. На патот имаше пет сантиметри вода. Секаде околу нас блескаа молњи. Се сеќавам на лицето на некоја жена која зачудено не гледаше низ прозорецот на автомобилот во минување, прашувајќи се што ли правиме на мотор на такво време. Сигурно и јас не би знаел да и кажам.

Брзината падна на четириесет и пет, потоа на триесет и пет. Моторот потоа почна да потклекнува, да кашла, да прска и пука, се додека не наидовме, возејќи едвај десет на час, на некоја трошна бензинска станица покрај исечените шуми и свртевме.

Во тоа време, како сега на Џон, не ми беше многу до тоа да научам за одржувањето на моторите. Се сеќавам како ја држев наметката над глава за да го

скријам резервоарот од дождот и го тресев моторот меѓу нозете. Изгледаше како бензинот во него да се пени. Ги гледав свеќичките, платниките, карбураторот и педалата додека не папсав од умор.

Влеговме во станицата, која воедно беше и некаква пивница и ресторан, и добивме за јадење загорен бифтек. Потоа излегов и повторно пробав. Крис стално нешто прашуваше и тоа почна да ме лути затоа што не сфаќаше колку е сериозна работата. Најпосле видов дека нема полза, кренав раце, и мојата лутина на него исчезна. Му објаснив колку што можев повнимателно дека се е готово. Дека нема да одиме на никаков излет со мотор на тој празник. Крис ме советуваше да го проверам бензинот на пример, што јас веќе го имав сторено, и да најдам механичар. Но механичар немаше. Само исечени борови и грмушки и дожд.

Седев со него во тревата покрај патот, скршен, и се sуревво стеблата и џбуновите. Стрпливо одговарав на сите прашања на Крис кој со текот на времето стануваа се поретки и поретки. Тогаш најпосле Крис сфати дека навистина нема да биде ништо од нашиот излет на мотор, па почна да плаче. Тогаш имаше осум години, ми се чини.

Стопиравме за да се вратиме во градот, најмивме приколка, ја споивме со нашиот автомобил, се вративме и го зедовме моторот, па го одвлековме во град и тргнавме од почеток со автомобил. Не беше исто. И навистина не уживавме многу.

Две недели по празникот, една вечер после работа, го извадив карбураторот да видам што не е в ред, но не можев ништо да најдам. За да ја исчистам маснотијата пред повторно да го наместам, го отворив цревото на резервоарот за да пуштам малку бензин. Не истече ни капка. Резервоарот беше празен. Не можев да верувам. И сега едвај можам да поверувам во тоа.

Стотина пати се имам гризено и прекорувано заради таа глупост и се сомневам дека тоа некогаш навистина ќе си го простам. Тоа што го видов како се пени очигледно беше бензинот во помошниот резервоар кој не го бев уклучил. Него не го проверив внимателно бидејќи претпоставив дека дождот го предизвикал дефектот на моторот. Тогаш се уште не разбирав колку се лесноумни таквите брзи претпоставки. Сега сме на мотор од дваесет и осум коњи и јас многу сериозно го оддржувам.

Наеднаш Џон ме престигнува и со спуштена дланка ми дава знак да застанам. Забавуваме и бараме место каде ќе скршнеме покрај насипот на патот. Бетонираниот раб е остар а чакалот мек и овој маневар воопшто не ми се допаѓа.

Крис прашува: - Зошто запираме?

- Мислам дека требаше да свртиме онаму - вели Џон.

Гледам назад и не гледам ништо. - Не видов никаков знак - велам јас.

Џон климнува со главата. - Беше голем колку амбарска врата.

- Навистина?

И тој и Силвија потврдуваат.

Тој се наведнува, ја проучува мојата мапа и ми покажува каде била раскрсницата и веднаш по неа надвозникот на автопатот. - Овој автопат веќе го поминавме - вели тој. Гледам дека е во право. Незгодно. - Дали ќе се вратиме или ќе продолжиме? - прашувам.

Тој размислува за тоа. - Но, мислам дека нема вистинска причина да се враќаме. В ред. Одиме понатаму. Ќе стигнеме таму на овој или на оној начин.

И сега следејќи ги јас размислувам: Зошто ми се случи тоа? Едвај го забележав и автопатот. А сега тукушто заборавив да им го споменам невремето. Нештата како да не течат како што треба.

Линијата облаци што носат невреме сега е поширока, но не се движи толку бргу колку што мислев. Тоа не е баш добро. Кога невремето доаѓа бргу, бргу и поминува. Но кога доаѓа вака споро може да трае прилично долго.

Со заби ја симнувам ракавицата, ја спуштам раката и го допирам страничниот алуминиумски браник на моторот. Температурата е во ред. Прежежок е за да го држам со рака, но не толку жежок за да се изгорам. Тука нема проблем.

Кај ваквите мотори со воздушно ладење, крајната прегреаност може да биде причина за "зарибување". На овој мотор тоа му се има случено еднаш…всушност, три пати. Јас од време на време го проверувам како што се проверува болен човек кој имал срцев удар, иако се чини дека е излечен.

Кога моторот зарибува, клиповите се прошируваат, стануваа преголеми за шуплината на цилиндерот, се заглавуваат, понекогаш се растопуваат, го блокираат моторот и задното тркало, па целиот мотор почнува да занесува. Кога прв пат зариба, главата ми тргна накај предното тркало, а сопатникот скоро падна врз мене. При брзина од околу педесет моторот повторно се ослободи и почна да јури, но јас свртев и застанав да видам што е. Се што можеше да ми рече сопатникот беше - Зошто го стори тоа?

Слегнав со рамењата, бидејќи бев во недоумица како и тој, па стоев и се зурев додека крај нас свиреа автомобили. Моторот беше толку жежок што околу него воздухот трепереше и можевме да го почувствуваме зрачењето на топлината. Кога го допрев со навлажнет прст, застенка како врела печка, па се одвезовме до дома,

полека, во придружба на некој нов звук, чукање кое значеше дека клиповите веќе не пасуваат и дека е потребен генерален ремонт.
Го однесов моторот во една работилница бидејќи мислев дека тоа не е толку важно за самиот да морам да се плеткам, да ги направам сите оние сложени поединости и можеби да нарачувам резервни делови и посебни алати и да губам толку време, кога сето тоа за мене може да го направи некој друг многу побргу - така некако се однесува и Џон.
Работилницата нудеше поинаква глетка отколку оние кои ги памтев. Механичарите кои некогаш ми изгледаа како искусни стари војници сега изгледаа како деца. Радиото трештеше со сета своја сила а тие наоколу се смееја и разговараа и се правеа дека не ме забележуваат. Кога еден од нив конечно ми пријде едвај го наслушна чукањето на клиповите и рече: - О да, клацкалките.
- Клацкалките? - Уште тогаш требаше да знам што се подготвува. Две седмици подоцна им платив 140 долари, внимателно го возев моторот со различни ниски брзини за да го разработам и по скоро две илјади километри додадов гас. Кога брзината порасна на 130 повторно се заглави, на педесет се ослободи, исто како и порано. Кога им го вратив ме нападнаа дека не сум го разработил добро но по многу препирки се согласија да го погледнат. Повторно го разглобија и овој пат одлучија самите да го испробаат на патот при голема брзина.
Овој пат им зариба ним.
После третата генерална поправка, два месеца потоа, му ги имаа променето цилиндрите, му вградија поголеми вбризгувачи во карбураторот, го наместија да работи со најмало можно загревање и ми рекоа: - Не возете бргу. Беше целиот масен и не сакаше да запали. Открив дека свеќичките не му се споени, ги споив и запалив, и сега навистина чув како чукаат клацкалките. Не ги имаа наместено како што треба. Им го кажав тоа, па дојде чиракот со клуч за регулирање на штрафовите, го стави накриво и за миг почна да ги врти обата алуминиумски капака и обата ги оштети.
- Се надевам дека имаме уште од овие во магацинот - рече.
Јас климнав со главата.
Го извлече чеканот и браварскиот нож и почна да удира по нив за да ги олабави. Ножот го проби алуминиумскиот капак и јас видов како тој со тој нож удира право во главата на моторот. При следниот удар потполно го промаши ножот и со чеканот силно удри по главата, одбивајќи се од две разладни ребра.

- Ве молам престанете - реков љубезно, чувствувајќи се како сред кошмар. - Само дајте ми нови капаци па ќе го земам онаков каков што е.
Излегов оттаму колку што можев побргу, со чукање на клацкалките, со скршени капаци, со масен мотор, а на патот чувствував грозно треперење секогаш кога ќе прејдев дваесет на час. На работ на патот видов дека недостасуваат два од четирите носачи на моторот и дека третиот нема завртка. Целиот мотор висеше само на една завртка. Немаше штрафови ниту на осовинскиот притегнувач на ланците, што значи дека во секој случај беше безнадежно да се обидувам да ги наместам клацкалките. Кошмар.
Причината на блокирањето ја открив една седмица по тоа, чекајќи кога повторно ќе се случи тоа. Се работеше за тенка игла вредна 25 центи во внатрешниот систем за подмачкување која се беше искривила и спречуваше маслото да допре во главата на моторот при поголеми брзини.
Прашањето зошто ми се враќа одново и одново и станува главна причина за тоа зошто сакам да ја одржам оваа шатакуа. Зошто го искасапија така? Тие не беа луѓе кои бегаат од техниката, како Џон и Силвија. Напротив, беа токму врзани за техниката. Се зафаќаа за работа а ја извршуваа како шимпанза. Не внесуваа ништо лично. За тоа немаше видлива причина. И се обидов повторно да се замислам во таа работилница, во тоа кошмарно место, не би ли се сетил што би можело да биде причината.
Радиото беше причината. Навистина не можеш прибрано да мислиш во врска со тоа што го работиш и истовремено да слушаш радио. Можеби тие не мислат дека нивната работа има каква и да било врска со тешко размислување, тоа е само одвртување штрафови. Ако можеш да одвртуваш штрафови додека слушаш радио, тогаш ти е попријатно.
Нивната брзина беше второто решение. Тие навистина во брзина ги расфрлаа нештата околу нив, не гледајќи каде ги расфрлаат. На тој начин повеќе се заработува - ако не застанеш и не помислиш дека за тоа или обично треба повеќе време, или дека на крајот излегува полошо.
Но ми се чинеше дека главното решение лежи во изразите на нивните лица. Тешко е да се објаснат. Добродушни, пријателски, безгрижни и - исклучени. Беа како гледачи. Имав чувство дека заталкале таму и како некој да им тутнал клуч во рака. Тука немаше поистоветување со работата. Не се велеше: - Јас сум механичар. Во пет поладне или кога ќе исполнат осум часа работа, знаевте дека се ќе се прекине и дека веќе никој нема да помисли на својата работа. Веќе се обидуваа да не

мислат на својата работа и кога работат. На свој начин го постигнуваа истото што го постигнуваа и Џон и Силвија, живеејќи со техниката без да имаат никаква врска со неа. Или, подобро кажано, со неа имаа некаква врска, но духот им беше вон неа, одвоен, далечен. Беа вплеткани во неа, но не толку за да се грижат за неа.
Не само што тие механичари не ја пронајдоа онаа свиткана игла, туку очигледно претходно ја беше искривил некој механичар, погрешно ставајќи го бочниот капак. Се сеќавам дека претходниот сопственик ми рече дека некој механичар му кажал дека капакот тешко се става. Тоа беше причината. Прирачникот за работилници предупредува во врска со тоа, но нему како и на другите веројатно премногу им се брзаше или не му беше гајле.
Додека работев, размислував за истиот недостаток на грижа во прирачниците за дигитални компјутери кои ги уредувам. Пишувањето и уредувањето технички прирачници претставува моја работа останатите единаесет месеци во годината. Знаев дека се полни со грешки, двосмислености, пропусти и толку потполно нејасни информации што мораш да ги прочиташ шест пати за од нив да извлечеш некаква смисла. Но по прв пат ми падна на ум сличноста на тие прирачници со однесувањето како набљудувач што го видов во работилницата. Тоа беа прирачници кои наликуваа на набљудувачи. Во основа тие беа такви. Во секој ред е опфатена идејата дека "Тоа е машина, издвоена во времето и просторот од сето останато во космосот. Таа нема врска со вас, вие немате врска со неа, освен кога притискате одредени прекинувачи, кога ја одржувате висината на напонот, проверувате дали греши..." и така натаму Така е тоа. Механичарите во својот став кон моторот навистина не заземаа поинаков став од прирачникот кон моторот, или од ставот кој јас го имав кога го донесов на поправка. Сите ние бевме набљудувачи. И јас сфатив дека не постои прирачник кој се занимава со вистинската работа околу одржувањето на моторите, најважниот од сите облици. Грижата за она што го работите се смета или за неважна или за разбирлива сама по себе.
Мислам дека на овој излет би морале тоа да го имаме предвид, малку да го проучиме, да видиме дали можеме во таа чудна одделеност на она што човекот е и она што човекот го прави да откриеме некои траги на она што по ѓаволите е тргнато наопаку во ова дваесетто столетие. Не сакам да брзам со тоа. И тоа е отровен став на дваесеттиот век. Кога сакате нешто да забрзате, тоа значи дека веќе не ви е до тоа и дека сакате да преминете на други работи. Јас сакам до тоа да дојдам полека, но внимателно и темелно, со истиот став за кој се сеќавам дека

беше присутен непосредно пред да ја пронајдам онаа свиткана игла. Неа всушност и ја пронајде тој став, ништо друго.

Одеднаш забележувам дека земјата тука веќе поминала во евклидовска рамнина. Никаде нема рид, никаде височинка. Тоа значи дека сме влегле во долината на Црвената река. Наскоро ќе бидеме во Дакотите.

3

Кога излеговме од долината на Црвената река облаците кои носат бура веќе беа насекаде и речиси над нас.

Џон и јас ја разгледавме ситуацијата во Брекенбриџ и одлучивме да продолжиме се додека не бидеме приморани да застанеме.

Тоа би морало да биде наскоро. Сонцето исчезна, дува студен ветар, а околу нас расте sид од сивило во различни нијанси.

Изгледа дека е голем и надмоќен. Преријата овде е голема, но големината на таа сива маса над неа подготвена да се спушти е застрашувачка. Сега патуваме зависни од нејзината милост и немилост. Кога и каде ќе настапи, тоа е вон нашето влијание. Се што можеме е да набљудуваме како се приближува се повеќе и повеќе.

На местото каде на земјата се спушта најтемното сивило, тука е градот кој претходно го видовме, некои мали градби и резервоар за вода – но сега се исчезнати. Наскоро и нас ќе не зафати. Не гледам никакви градови пред нас, ќе мора да побрзаме за да стигнеме некаде.

Се возам до Џон и мавтам со раката напред во смисла на "побргу". Тој потврдува со главата и додава гас. Го пуштам малку напред, потоа ја постигнувам неговата брзина. Моторот прекрасно реагира - сто дваесет...сто четириесет...сто педесет...сега навистина го чувствуваме ветерот па ја спуштам главата за да го намалам отпорот...сто шеесет. Стрелката на брзинометарот танцува напред-назад, но броилото на вртежите покажува постојано девет илјади...околу сто седумдесет километри на час...и ја одржуваме таа брзина...јуриме. Сега е пребргу за да можеме да го задржуваме погледот на насипот крај патот...Ја поддавам раката и го вртам прекинувачот за рефлекторите, заради сигурност. Но тоа е потребно и онака. Станува многу темно.

Зуиме низ отворената низина, ниту еден автомобил, едвај понекое дрво, но патот е рамен и чист и звукот на моторот "набиен", тоа е звук на голем број вртежи кој ви кажува дека се е в ред. Станува се потемно и потемно.

Секавици и грмотевици, едно по друго. Бррр-ууум! Тоа ме стресува, а Крис се вовлекува со главата во мојот грб. Неколку капки дожд како предупредување...при оваа брзина тие се како игли. Втора секавица со грмотевица и се е блескаво...а потоа во сјајот на идната секавица онаа куќа на фармата...онаа воденица...о боже, тој е тука!...го намалувам гасот...ова е неговиот пат...оградата и дрвјата...а брзината паѓа на сто дваесет, потоа на сто десет, потоа на сто и тука ја задржувам.

- Зошто забавуваме? - вика Крис.
- Пребргу е!
- Не, не е!

Јас потврдувам дека е.

Куќата и резервоарот за вода минаа крај нас и сега се појавува мал одводен канал и раскрсница која води до хоризонтот. Да...така е, мислам. Точно така.

- Тие се далеку пред нас! - се дере Крис. - Побрзај!

Одмавнувам со главата од една на друга страна.

- Зошто не сакаш? - вика тој.
- Не е сигурно!
- Нив ги нема!
- Ќе чекаат.
- Побрзај!

- Не. - Одмавнувам со главата. Тоа е некакво претчувство. Кога си на мотор, му веруваш па стануваме на сто.

Почнува вистински дожд, но пред нас гледам светла на некој град...знаев дека ќе биде таму.

Кога стигнавме ги најдовме Џон и Силвија под првото стебло како не чекаат.

- Што ви се случи?
- Забавивме.
- Тоа го знаеме. Нешто не е в ред?
- Не. Бегаме од овој дожд.

Џон вели дека има некој мотел на другиот крај на градот, но јас му велам дека има подобар ако свртиме десно кај дрворедот и тополите неколку улици подоле.

Вртиме кај тополите и минуваме неколку улици. Се појавува мал мотел. На рецепција Џон гледа околу себе и вели: - Ова е добар мотел. Дали си бил некогаш тука?

- Не се сеќавам - велам јас.

- Па како тогаш знаеше за него?

- Интуиција.

Тој ја гледа Силвија и ја затресува главата.

Силвија молчешкум набљудува некое време. Забележува дека рацете ми се несигурни додека се запишувам во книгата на гости. - Ужасно си блед - вели таа. Те вознемири онаа грмотевица?

- Не.

- Изгледаш како да си видел сениште.

Џон и Крис ме гледаат па им вртам грб и поаѓам кон вратата. Дождот се уште лее, но ние претрчуваме до собите. Опремата на моторите е заштитена, па чекаме додека не помине бурата пред да ја земеме.

Кога мина дождот, небото стана малку посветло. Но од дворот на мотелот, низ тополите гледам дека еден друг мрак, ноќен, се подготвува да надојде. Одиме во град пешки, вечераме, а на враќање дневниот замор навистина ме совладува. Се одмарам, речиси без движења, на металните столици во дворот на мотелот, полека пиејќи шише виски кое Џон го беше донел со некои додатоци од фрижидерот во мотелот. Вискито тече низ грлото полека и пријатно. Студениот ноќен ветар шушти во лисјето на тополите крај патот.

Крис се прашува што ќе правиме понатаму. Ништо не го заморува тоа момче. Новото и необичноста на околината на мотелот го возбудуваат па сака да пееме како што тоа го прават на логорување.

- Не сме ти ние некои пејачи - вели Џон.

- Тогаш да кажуваме приказни - вели Крис. Потоа се замислува. - Знаете ли некоја добра приказна за духови? Сите деца во нашата колиба ноќе кажуваа приказни за духови.

- Кажи ни ти некоја - вели Џон.

И тој раскажува. Некако се смешни. Некои од нив ги немам чуено од негова возраст. Тоа му го кажувам, а Крис сака да чуе некоја од мене, но јас не можам да се сетам на ниту една.

После неколку мига тој вели: - Веруваш ли во духови?

- Не верувам - велам јас.

- Зошто не?

- Затоа што се не-на-уч-ни.

Џон се смее на мојот изговор. - Тие немаат материја - продолжувам - па оттаму немаат енергија, и затоа, во согласност со законите на науката, не постојат, освен во мислите на луѓето.

Виските, уморот и ветерот во лисјата почнуваат да се мешаат во мојот мозок. - Секако - додавам - ниту законите на науката не содржат материја ниту имаат енергија па оттаму не постојат освен во мислите на луѓето. Најдобро е да се биде потполно научен во целата таа работа па да не се верува ниту во духовите ниту во законите на науката. На тој начин си сигурен. Така не ти остануваат многу нешта во кои би верувал, но и тоа е научно.

- Јас не знам за што зборуваш - вели Крис.

- Јас сум божем духовит.

- На Крис му е непријатно кога говорам вака, но не би рекол дека тоа го навредува.

- Едно од момчињата во кампот на Младинското христијанско друштво вели дека верува во духови.

- Тој се шегувал со тебе.

- Не, не се шегуваше. Рече дека кога некого нема да го закопаат како што треба, неговиот дух се враќа да ги плаши луѓето. Тој навистина верува во тоа.

- Тој само се шегувал со тебе - повторувам.

- Како се вика тој? - прашува Силвија?

- Том Белата Мечка.

Џон и јас разменуваме погледи одеднаш сфаќајќи ја истата работа.

- Ооооо, Индијанец - вели тој.

Јас не се смејам. - Мислам дека ќе повлечам нешто од она што го кажав - велам јас. - Јас мислев на европските духови.

- Во што е разликата?

Џон се тресе од смеа. - Сега те начека - вели.

Јас малку размислувам па велам: - Па, Индијанците понекогаш гледаат на работите малку поинаку, и не тврдам дека тоа е потполно погрешно. Науката не е дел од индијанската традиција.

Том Белата Мечка рекол дека мајка му и татко му му рекле да не верува во такви нешта. Но рекол дека баба му му шепнала дека тоа е сепак вистина, и затоа тој верува во духови.

Тој ме гледа предизвикувачки. Понекогаш навистина сака нешто да дознае. Оној кој е духовит не е особено добар татко. - Секако - си противречам самиот на себе - и јас верувам во духови.

Сега Џон и Силвија ме гледаат љубопитно. Гледам дека нема лесно да се извлечам, па се подготвувам за долго објаснување.

- Потполно е природно - почнувам - за незнајко да се смета секој Европеец или Индијанец кој верува во духови. Научниот поглед на свет ги доведува сите други гледишта до точка во која тие во однос на него изгледаат примитивно, па така денес човекот кој говори за духови или сеништа се смета за незнајко или можеби за луд. Потполно е невозможно да се замисли свет каде би можеле да постојат духови.

Џон потврдно ниша со главата и јас продолжувам.

- Мое мислење е дека умот на современиот човек не е толку надмоќен. Коефициентите на интелигенција не се разликуваат во толку голема мера. Тие Индијанци и луѓето од средниот век биле исто толку интелигентни колку и ние, но контекстот во кој размислувале бил потполно поинаков. Внатре тој контекст на мислење духовите и сенштата се сосема стварни како и атомите, честичките, фотоните и кванти за современиот човек. Во таа смисла јас верувам во духови. И современиот човек има свои духови и сеништа, знаете.

- Кои?

- О, законите на физиката и логиката...нумеричкиот систем...принципот на алгебарска супституција. Тоа се духови. Работата е што ние толку веруваме во нив што тие ни изгледаат стварни.

- Мене тие ми изгледаат стварни. - вели Џон.

- Јас не го разбирам тоа - вели Крис.

Затоа продолжувам. - На пример, ми изгледа сосема природно да претпоставиме дека гравитацијата и законот за гравитацијата постоеле и пред Исак Њутн. Би било лудо да се помисли дека до седумнаесетиот век не постоела гравитација.

- Секако.

- Па тогаш, кога почнал тој закон? Дали постоел отсекогаш?

Џон се мурти, размислувајќи за она на што целам.

- Јас ве наведувам на тоа - велам - дека законот за гравитација постоел и пред почетокот на земјата, пред да бидат создадени сонцето и ѕвездите, пред првобитниот настанок на се.

- Сигурно.

- Лежејќи таму, без сопствена маса, без сопствена енергија, не пребивајќи во ничиј мозок, бидејќи тогаш никого и немало, во ниту еден простор, бидејќи немало ниту простор, не пребивајќи никаде - дали тогаш постоел законот за гравитација?

Сега Џон не изгледа онака сигурно.

- Но доколку законот за гравитација постоел - велам јас - верувајте ми дека тогаш не знам каква треба да биде некоја работа за да не постои. Ми се чини дека законот за гравитација поминал на сите можни испити на непостоењето. Не можете да измислите ниту едно својство на непостоењето кое гравитацијата не го имала. Ниту едно научно својство на постоењето кое го имала. Па сепак "здравиот разум" ни зборува да веруваме дека постоела.

Џон вели: - Мислам дека морам да поразмислам за тоа.

- Но, предвидувам дека ако доволно долго мислиш за тоа ќе се видиш себеси како се вртиш и вртиш и вртиш додека најпосле не стигнеш до единствениот можен, разумен, интелигентен заклучок. Законот за гравитацијата и самата гравитација не постоеле пред Исак Њутн. Ниту еден друг заклучок нема смисла.

- А тоа значи - велам јас пред некој да може да ме прекине - а тоа значи дека законот за гравитацијата не постои никаде освен во човечките глави! Тој е сениште! Ние сме многу нестрпливи и занесени кога ги уништуваме сеништата на другите народи, но истовремено сме незнајковци и варвари и суеверни кога се работи за нашите.

- Зошто тогаш сите веруваат во законот за гравитацијата?

- Масовна хипноза. Позната во својот ортодоксен облик како "образование".

- Сакаш да кажеш дека учителот ги хипнотизира децата за тие да поверуваат во законот за гравитацијата?

- Сигурно.

- Тоа е смешно.

- Си слушнал за важноста на гледањето во очи во класот? Тоа го нагласуваат сите наставници. Ниту еден наставник не го објаснува тоа.

Џон тресе со главата и ми налева уште една чашка. Потоа ја става раката на устата и шеговито и вели на Силвија: - Знаеш, тој најчесто изгледа толку нормално.

Јас се спротивставувам: - Тоа е првата нормална работа која ја изговорив последниве денови. Остатокот од времето изигрувам лудило на дваесетиот век, токму како и вие. Како на пример да не привлекувам внимание врз себе.

- Но јас ќе ти повторам - велам. - Ние веруваме дека бестелесните зборови на сер Исак Њутн лежеле сред едно големо ништо милијарди години пред тој да се роди и дека тој магично ги открил тие зборови. Тие постоеле секогаш, дури и кога не се применувале врз ништо. Постапно настанал светот и тогаш тие биле применети врз него. Всушност, токму тие зборови го обликувале светот. Тоа е смешно, Џон.

- Проблемот, продолжувам - противречноста на која запнуваат сите научници, лежи во разумот. Разумот нема ниту материја ниту енергија, но тие не можат да избегаат од неговата надмоќ која е присутна во се што прават. Логиката постои во разумот. Бројките постојат само во разумот. Јас не се вознемирувам кога научниците ќе речат дека и сеништата постојат во разумот. Мене ме лути она само. И науката постои само во нашиот разум, но тоа не ни изгледа како нешто лошо.

Тие само ме гледаат па продолжувам: - Природните закони се човечки пронајдоци, исто како и духовите. Законите на логиката и математиката се исто така човечки пронајдоци, како и духовите. Сето тоа заедно претставува човечки пронајдок, вклучувајќи ја и идејата дека тоа не е човечки пронајдок. Светот нема никакво друго постоење вон човечката имагинација. Тој сиот е едно сениште, и во старо време го сметале за сениште целиот овој блажен свет во кој живееме. Со него владеат сеништа. Го гледаме она што го гледаме затоа што тие сеништа тоа ни го покажуваат, сеништата на Мојсије и Христос, и Буда и Платон, и Декарт, и Русо и Џеферсон и Линколн, и така натаму и така натаму. Исак Њутн е многу добар дух. Еден од најдобрите. Вашиот здрав разум не е ништо друго туку само гласови на илјадници и илјадници такви духови од минатото. Се повеќе и повеќе духови. Духови кои се обидувааат да го пронајдат своето место меѓу живите.

Џон изгледа премногу задлабочен во своите мисли за да може да проговори. Но Силвија е возбудена. - Од каде ти се сите тие идеи? - прашува.

Се подготвувам да и одговорам, но потоа се откажувам. Чувствувам дека веќе сум стигнал до границта, можеби и сум ја поминал, и време е да престанам со тоа.

Малку подоцна Џон вели: - Убаво ќе биде повторно да се видат планините.

- Да, ќе биде убаво - се согласувам. - Последната чашка во име на тоа. Ја испиваме и одиме во собите.

Гледам дека Крис ги мие забите и го пуштам со ветување дека ќе се тушира наутро. Се повикувам на првенството на постариот и го земам креветот до

прозорецот. Бидејќи светлата се изгаснати тој ми вели: - А сега раскажи ми приказна за духови.

- Веќе ти раскажав, таму надвор.
- Мислам на вистинска приказна за духови.
- Тоа беше највистинитата приказна за духови која ја имам чуено. Ти знаеш на што мислам. Оние други приказни.

Се обидувам да се сетам на некои вообичаени приказни. - Некогаш ги знаев, додека бев момче, Крис, но сите сум ги заборавил - велам. - Време е за спиење. Сите мораме рано да станеме.

Освен ветерот што удира по прозорците на мотелот, се е тивко. Мислата за тој ветер што дува кон нас преку пространите полиња на преријата ме смирува, и јас чувствувам дека паѓам во сон.

Ветерот расте па паѓа, потоа расте и воздувнува, па повторно паѓа…од толку далеку.

- Дали некогаш си запознал некој дух? - прашува Крис.

Јас сум напола заспан. - Крис - велам - еднаш познавав еден човек кој сиот свој живот го помина не правејќи ништо друго туку само прогонувајќи некој дух, и тоа беше само губење време. И затоа спиј.

Предоцна ја увидувам својата грешка.

- Дали го најде?
- Да, го најде, Крис.

Постојано се надевам дека Крис едноставно ќе го слуша ветерот и ќе престане со прашања.

- Што направи тогаш?
- Добро го натепа.
- И што потоа?
- Потоа и самиот стана дух. - Некако помислив дека тоа ќе го натера Крис да спие, но наместо тоа јас се будам.
- Како му е името?
- Не го познаваш.
- Но, како се вика?
- Не е важно.
- Сепак, како се вика?
- Со оглед на тоа што не е важно, Крис, неговото име е Федар. Знаеш, тоа не е име.

- Дали го виде додека возеше низ бурата?
- Зошто го велиш тоа?
- Силвија рече дека помислила оти си видел дух.
- Тоа само така се вели.
- Тато?
- Ова нека ти биде последно прашање Крис, или ќе се налутам.
- Сакав само да ти кажам дека ти зборуваш како никој друг.
- Да, Крис, јас тоа го знам - велам. - Во тоа е проблемот. А сега на спиење.
- Лека ноќ, тате.
- Лека ноќ.

Половина час подоцна тој длабоко дише во сон, ветерот и понатаму е силен како и порано, а јас сум потполно буден. Таму, низ прозорецот во мракот - тој студен ветер што го сече патот и удира во дрвјата, треперливото лисје кое создава дамки на месечината…без сомнение Федар го гледаше сето тоа. Немам претстава што правеше тука. Веројатно никогаш нема да дознаам зошто помина по овој пат. Но тој е тука, не наведе на овој чуден пат, цело време е со нас. Не можеме да избегаме.

Би сакал да можам да кажам дека не знам зошто е тој тука, но се плашам дека сега морам да признаам дека знам. Тие идеи, нештата кои ги зборував во врска со науката и духовите, дури и онаа идеја од попладнево во врска со грижата и техниката - тие не се мои. Не сум имал нови идеи со години. Од него ги имам украдено. А тој го гледаше тоа. Ете зошто е тука.

По ова признание се надевам дека ќе ми дозволи малку да поспијам.

Сиротиот Крис. - Знаеш ли приказна за духови? - прашуваше. Можев да му раскажам една, но веќе и помислата на неа е ужасна.

Навистина морам да заспијам.

4

Секоја шатакуа треба некаде да содржи попис на нештата вредни за помнење, за тие да можат да се чуваат на сигурно место во случај на идна потреба и инспирација. Поединости. И сега, додека другите р'чат пропуштајќи ја оваа прекрасна светлина на утринското сонце…па…некако да го исполнам времето…

Ова е мојот попис на вредни нешта што морате да ги понесете на ваков излет со мотори низ Дакотите.

Буден сум од мугри. Крис се уште тврдо спие во другиот кревет. Почнав да се превртувам за да поспијам повеќе, но чув како пее петелот и се сетив дека сме тука за време на празници па спиењето нема смисла. Го слушам Џон низ преградата како сече дрвја…освен ако тоа не е Силвија…не, прегласно е. Проклета моторна пила, звучи како…

Толку ми здодеа да заборавам разни нешта при вакви излети, што го направив овој попис кој дома го чувам на посебно место за посебна проверка пред поаѓање. Поголемиот број од предметите се познати, не се потребни никакви објаснувања. Некои пак се необични за возење со мотор па за нив е потребно некое објаснување. Некои од нив се необични во секој поглед, за нив е потребно долго објаснување. Пописот се дели на четири дела: Облека, Лични предмети, Прибор за готвење и логорување, Опрема за моторот.

Првиот дел, Облеката, е едноставен:

1. Два пара долна облека
2. Зимска долна облека.
3. По една кошула и едни пантолани за секој од нас.

Употребувам војнички работни одела. Тие се ефтини, цврсти, на нив не се гледа нечистотија. Порано имав ставка под името "пристојна облека" но Џон под тоа напиша "смокинг". Јас мислев на нешто што човек би го облекол вон бензинска станица.

4. По еден џемпер и блуза за секого.
5. Ракавици.

Најдобри се кожните ракавици без постава бидејќи ги спречуваат изгорениците од сонце, ја впиваат потта и ги разладуваат рацете. Кога се возите еден или два часа ваквите детали не се важни, но кога од ден на ден се возите по цел ден тие стануваат многу битни.

6. Чизми за возење мотор.
7. Опрема за дожд.
8. Шлем и штитник за сонце.
9. Маска. Од неа добивам клаустрофобија па ја употребувам само при дожд, кој при големи брзини го боцка лицето како игла.
10. Заштитни наочари. Не ми се допаѓа ветробранот бидејќи и тој го затвора возачот. Ова се некакви британски наочари од дебело стакло и добри се. Затоа што ветерот се провлекува зад наочарите за сонце. А пластичните наочари се оштетуваат па го искривуваат видот.

Следи списокот на Личните предмети:
Чешли. Чековна книшка. Џебен нож. Потсетник. Молив. Цигари и ќибрит. Џебна лампа. Сапун и пластична кутија за сапун. Четка и паста за заби. Ножици. Аспирин против главоболка. Средство против комарци. Дезодоранс (после жежок ден минат на мотор би требало да бидете свесни дека ви е потребен без тоа да ви го кажат вашите најдобри пријатели). Маст против изгореници (на мотор не ги забележувате изгорениците од сонце додека не застанете, а тогаш е предоцна. Намачкајте се однапред). Завои. Тоалетна хартија. Бањарка (нејзе можете да ја ставите во пластична кутија за да не ви ги мокри другите предмети). Крпа.
Книги. Не познавам ниту еден друг моторџија кој носи со себе книги. Тие зафаќаат многу место, но јас сепак имам три, со неколку листови хартија во нив за пишување. Тоа се:
а) Механичарски прирачник за овој мотор.
б) Општ водич за отстранување дефекти кој ги содржи сите технички податоци кои никако не можам да ги запомнам. Тоа е Чилтоновиот водич за мотори кој го напишал О. К. Рич а го продава издавачката куќа Сирс од Робук.
Примерок од Торовиот Валден…за кој Крис никогаш нема чуено, а не е здодевен и кога се чита по стоти пат. Настојувам секогаш да изберам книга која е далеку над неговата возраст и да ја читам како темел за прашања и одговори, многу порадо отколку да ја читам без прекинувања. Читам реченица или две, го чекам да почне со вообичаената канонада прашања, одговарам на нив, па повторно читам нова реченица или две. Тоа е најдобриот начин да се читаат класиците. Тие мораат да бидат пишувани на таков начин. Понекогаш минувавме цела вечер во читање и разговор, за на крај да откриеме дека сме минале само две-три страници. На тој начин се читало пред еден век…кога цхаутаљуи-те биле популарни. Ако не сте се обиделе, не можете да замислите колку е забавен тој начин на читање.

Гледам дека Крис спие потполно опуштено, без неговата нормална напнатност. Мислам дека се уште нема да го будам.

Во опремата за логорување спаѓаат:
1. Две вреќи за спиење.
2. Две наметки (пончоа) и една простирка. Тие се претвораат во шатор и го штитат багажот од дожд додека патувате.
3. Јаже.

4. Специјална геодетска карта на подрачјето каде се надеваме дека малку ќе планинариме.
5. Мачета.
6. Компас.
7. Чутура за вода. Не можев никаде да ја пронајдам кога поаѓавме. Веројатно децата ја имаат некаде загубено.
8. Два војнички прибора за јадење со нож, вилушка и лажица.
9. Шпорет на плин и кантичка со плин на расклопување со средна големина. Се уште не сум го употребил. Кога врне или кога се наоѓате над појасот на шумите, дрвото за огрев станува вистински проблем.
10. Неколку алуминиумски кутии со капак на завртка. За сланина, сол, путер, брашно, шеќер. Ги купивме во некоја продавница за планинарска опрема пред неколку години.
11. Прашок за перење.
12. Два ранца со алуминиумски држачи.

Опрема за моторот. Стандардна кутија со алат која ја добивате заедно со моторот а се наоѓа под седиштето. На тоа му се додава и следното:
Голем клуч со подвижен отвор. Механичарски чекан. Челичен нож. Бургија. Две шипки за симнување гуми. Прибор за крпење гуми. Пумпа за велосипед. Спреј од молибден дисулфид за синџирот (Тој има извонредно својство на навлегување внатре секој запчаник каде што е најпотребен, а одличните својства на молибденот дисулфид како подмачкувач се добро познати. Сепак, ако еднаш се исуши, треба да му се додаде доброто старо моторно масло САЕ-30). Одвивач под притисок. Шилеста турпија. ЛИСНАТА МЕРКА. Испитувач на напонот.
Резервни делови:
Свеќички. Челични жици за гасот, квачилото и кочницата. Платинки, осигурувачи, сијалици за предните и задните светла, карики, запчест ремен, обична жица. Резервен синџир (тоа е стариот синџир кој го имам заменето кога веќе не вредеше за ништо, но е доволно добар за да стигне до првата продавница за резервни делови ако сегашниот пукне).
И тоа е отприлика се. Нема врвки за чевли.
Веројатно би било нормално човек да се запраша во колку приколки може да го собере сето ова. Но сето тоа навистина не е толку гломазно колку што изгледа.

Се плашам дека останатите ќе го преспијат целиот ден ако им го дозволам тоа. Надвор небото е блескаво и чисто, грев е да се пропушти.
Најпосле му приоѓам на Крис и го тресам. Очите нагло му се отвараат, потоа седнува исправен како шајка, не сфаќајќи ништо.
- Време е за туширање - велам.
Излегувам надвор. Воздухот ме освежува. Всушност - Боже! - надвор е студено. Чукам на вратата на Сатерлендови.
- Дааaа - сонливиот глас на Џон минува низ вратата. - Хммммм. Дааaа.
Чувството е есенско. Моторите се покриени со роса. Денес не врне. Но е студено! Темепратурата веројатно е пет степени.
Додека чекам, го проверувам нивото на масло во моторот, и гумите, носачите и напнатоста на синџирот. Тој е малку опуштен, па ја вадам кутијата со алатот и го стегнувам. Навистина станувам нестрплив да тргнеме.

Се грижам за тоа Крис да се облече топло, подготвени сме и веќе сме на патот и навистина е студено. За неколку минути ветерот ја истиснува сета топлина од топлата облека и јас треперам во грчеви.

Штом сонцето ќе се искачи малку повисоко, ќе затопли. Околу половина час вакво време и ќе бидеме во Елендал на појадок. Денес мораме да минеме многу километри по овие рамни патишта.

Да не е вака ѓаволски студено, возењето навистина би било прекрасно. Тукушто излезеното сонце под мал агол осветлува нешто што изгледа како покривач од мраз над тие полиња, но мислам дека тоа е само роса, блеска и е помалку маглива. Утринските сенки се насекаде, се изгледа помалку рамно отколку вчера. И сето тоа е наше. Изгледа уште никој вистински не се разбудил. На мојот часовник е шест и триесет. Старата ракавица над него изгледа како посипана со синџак, но мислам дека се тоа само траги од вчерашниот потоп. Добрите стари износени ракавици. Сега се толку груби од студенилото што едвам ги исправувам прстите.

Вчера зборував за грижата, јас се грижам за овие износени стари возачки ракавици. Им се смеам додека со мене летаат низ ветрето, бидејќи се тука веќе со години и се веќе толку стари и толку уморни и толку трули што во нив има нешто смешно. Со текот на времето се наполнија со масло и пот и нечистотија и смачкани инсекти и кога сега ги ставам на рамна маса тие не се слегнуваат ни кога се студени. Имаат своја сопствена приказна. Чинеа само три долари и толку пати се крпени што веќе е невозможно повторно да се крпат, но јас вложувам многу време

и труд тоа сепак да го сторам бидејќи не можам да замислам дека било каков нов пар ракавици би можел да го заземе нивното место. Тоа е непрактично, но практичноста не е единствената важна работа кај ракавиците или кај било што друго.

И на моторот му припаѓаат дел од истите чувства. Со поминати над 50.000 километри тој полека станува скапаница, иако на патиштата можат да се видат и постари од него. Но како што се зголемува километражата, а мислам дека повеќето моторџии би се сложиле со тоа, почнувате кон сопствениот мотор да негувате посебни чувства кои се упатени кон тој еден единствен мотор и само кон него. Еден пријател, кој поседува мотор од истата марка, модел, па дури и истата година на производство, ми го донесе неговиот на поправка, а кога подоцна го изнесов на пробно возење не можев да верувам дека излегол од истата фабрика пред толку години. Можеше да се види дека тој многу одамна го пронашол сопствениот облик на чувствителност, и од, и звук, потполно различен од мојот. Не полош, туку различен.

Тоа можеби би можеле да го наречете карактер. Секоја машина има свој посебен карактер кој веројатно би можел да се дефинира како интуитивен збир на сето она што го знаете и што го чувствувате за него. Тој табиет постојано се менува, обично на полошо, но понекогаш неочекувано и на подобро, и токму тој табиет е реалниот објект кого го одржувате кај моторот. Новите мотори ги запознавате како туѓинци со пријатна надворешност и, во зависност од тоа како постапувате кон нив, тие бргу дегенерираат во неспособни па дури и сакати дрдорковци, или пак се претвораат во здрави, добродушни, долготрајни пријатели. Овој, наспроти крвничката постапка на оние божемни механичари, изгледа дека оздраве па како што минува времето бара се помалку и помалку поправки.

Еве го! Елендејл!

Резервоарот за вода, шумичките и зградите во нив на утринското сонце. Веќе и се бев покорил не треската која ме тресеше речиси постојано во текот на целото возење. Часовникот покажува седум и петнаесет.

Неколку минути подоцна се паркираме покрај некои стари згради од цигла. Се вртам кон Џон и Силвија кои застануваат зад нас. - Тоа се вика студ! - велам.

Тие само се sурат со стаклен поглед.

- Се вкочанивте, нели? - велам. Нема одговор.

Чекам додека потполно не слезат од моторите, потоа забележувам дека Џон се обидува да го одврзе сиот свој багаж. Се мачи со јазолот. Се откажува и сите тргнуваме кон ресторанот.
Повторно се обидувам. Одам наназад пред нив кон ресторанот, чувствувајќи се малку несигурно од возењето, ги тријам рацете и се смејам. - Силвија! Кажи нешто. - Ниту насмевка.
Мислам дека навистина замрзнале.
Нарачуваат појадок не кревајќи го погледот.
Појадокот е при крај и јас конечно велам: - Што ќе правиме понатаму?
Џон вели полека и промислено: - Ние не си одиме одовде додека не затопли. - Неговиот глас личи на глас на шериф во самрак, што ме тера да верувам дека нема место за преговори.
И така Џон и Силвија и Крис седат и се затоплуваат во предворјето на хотелот до ресторанот, а јас излегувам да се прошетам.
Претпоставувам дека ми се лутат што ги натерав да станат толку рано и да се возат по тој студ. Кога минувате толку време со некого, на виделина излегува дури и најмалата разлика во темпераментот. Помнам, сега кога размислувам за тоа, дека со нив никогаш не се имам возено пред еден или два часот попладне, иако за возење мене ми е најдрага муграта или раното утро.
Градот е чист и свеж и не личи на оној во кој се разбудивме утринава. Некои луѓе се на улицата и ги отвораат продавниците велејќи "Добро утро" и разговарајќи за тоа колку е студено. Два термометра во сенка покажуваат 6 и 8 степени. Еден на сонце покажува 19.
После неколку блокови куќи главната улица минува во две лоши, калливи стази, продолжува покрај две големи бараки од брановиден лим полн со земјоделски машини и алати, потоа завршува во поле. Некој човек стои во полето и ме гледа со сомнеж, веројатно прашувајќи се што правам тука додека sиркам во бараките. Се враќам по улицата, пронаоѓам една студена клупа и се sурам во моторот. Нема што да се прави.
И мене ми беше студено, в ред, но не толку многу. Како воопшто Џон и Силвија ја преживуваат зимата во Минесота? Им се чудам. Тука боде очи некоја несовмесност, речиси премногу очигледна за да може да се оддржи. Иако не поднесуваат телесни непријатности, иако не ја поднесуваат техниката, тие се приморани да прават некои отстапки. Зависат од техниката а истовремено ја осудуваат. Сигурен сум дека тие тоа го знаат и тоа всушност ја зголемува нивната

одбојност кон сето тоа. Тие не настапуваат со логички тврдења, туку само со изјави за фактичката состојба. Но сега во градот пристигнуваат тројца фармери, вртат зад аголот во тој ептен нов мал камион. Се обложувам дека со нив работите стојат потполно поинаку. Тие ќе се фалат со тој камион и со својот трактор и со онаа нова машина за перење алишта, и ќе имаат при себе алат за да можат да ги поправат ако се расипат, и ќе знаат да се служат со алатот. Тие ја ценат техниката. А ним им е најмалку потребна. Кога веќе утре би престанала да работи сета техника на овој свет, тие луѓе би знаеле да се извлечат. Би им било тешко, но би преживеале. Џон и Силвија и Крис и јас би биле мртви за една седмица. Ова осудување на техниката претставува неблагодарност, ете што е.
Сепак, тоа е слепа улица. Ако некој е неблагодарен и вие му го кажете тоа, в ред, сте го нарекле така. Но со тоа ништо не сте решиле.
По половина час темометарот покрај хотелската врата покажува 11 степени. Ги наоѓам во главната хотелска трпезарија која е празна, изгледаат загрижено. Сепак, по изразот на лицата, ми изгледа дека расположението им е поправено, и Џон оптимистички вели: - Ќе облечам се што имаме, тогаш се ќе биде в ред.
Излегува до моторот а на враќање вели: - Страшно мразам да го распакувам сето она, но не сакам да ми се повтори возење како ова последново. Вели дека во машкиот тоалет е кочан студено, па со оглед на тоа дека во трпезаријата нема никој друг освен нас, минува зад масата на која седиме, на која седам јас и разговарам со Силвија, па погледнувам на таа страна и го гледам Џон сиот обложен во еден пар бледо сина долга долна облека. Си се смее самиот на себе од уво до уво, толку глупаво изгледа. Ги набљудувам неговите наочари кои лежат на масата па и велам на Силвија:
- Знаеш, миг пред ова седевме тука и разговаравме со Кларк Кент…гледаш, тука му се наочарите…а сега одеднаш…Силвија, мислиш ли ти?…
Џон урла: - СУПЕРМЕН!
Потоа се лизга во лакираниот под во предворјето како лизгач, кочи и се враќа лизгајќи. Па ја крева едната рака над главата и клекнува како да се подготвува да полета. - Подготвен сум, поаѓам! - Тажно тресе со главата. - По ѓаволите, не би сакал да го пробивам овој прекрасен таван, но мојот рентгенски поглед ми вели дека некој е во опасност. - Крис пука од смеење.
- Сите ќе настрадаме ако не се облечеш - вели Силвија.
Џон се смее. - Егзибиционист, а? Манијакот од Елендејл! - Уште малку парадира наоколу, потоа почнува да ја навлекува облеката над таа долна облека и вели: - О

не, о не, тие нема тоа да го сторат. Супермен и полицијата се согласуваат. Тие знаат кој е на страната на законот и редот и правдата и пристојноста и чесноста.
Се уште беше студено кога јуревме по главниот пат, но не како порано. Минуваме низ неколку градови и постапно, речиси незабележително, сонцето грее се посилно, а со него се загрева и моето расположение. Уморот сега потполно исчезна, а сонцето и ветерот се пријатни. Почнувам да уживам и тоа само поради сончевата топлина, патот, зелената прериjска обработлива земја и ударите на ветерот. Наскоро нема ништо друго освен прекрасна топлина и ветер и брзина и сонце на пустиот пат. Последните траги на утринската треска исчезнуваат на топлиот воздух. Само ветер и повеќе сонце и порамен пат.
Толку е зелено ова лето и толку е свежо.
Има бели и жолти маргаритки во тревата пред една стара ограда од жица, па ливада со неколку крави и далечно далечно благо возвишување со нешто златесто на себе. Тешко е да се распознае што е тоа. Не е ни важно.
Кога наидуваме на благо качување на патот, зуењето на моторот станува подлабоко. Го минуваме врвот на качувањето, гледаме нови земјени пространства пред нас, патот се спушта а длабоката бучава на моторот повторно исчезнува.
Прерија. Мирна и студена.
Подоцна кога запираме очите на Силвија и се полни со солзи од ветерот, па ги протегнува рацете и вели: "Толку е убаво. Толку е пусто".
Му покажувам на Крис како да ја постеле блузата на земја и да ја употреби кошулата наместо перница. Нему воопшто не му се спие, но јас му велам сепак да легне затоа што му е потребен одмор. Си ја раскопчувам блузата за да впие повеќе топлина. Џон го вади фотоапаратот.
Малку потоа вели: - Ова е најтешката работа на светот за фотографирање. Ви треба леќа од 360 степени или нешто слично. Гледате се, а кога ќе погледнете во апаратот се се губи. Штом ќе се стави рамка, исчезнува.
Јас велам: - Тоа е она што не го гледаш кога си во автомобил, претпоставувам.
Силвија вели: - Еднаш, кога имав околу десет години, застанавме вака покрај патот и јас потрошив пола филм фотографирајќи ја околината. А кога ги развив сликите, заплакав. На нив немаше ништо.

- Кога ќе тргнеме? - прашува Крис.
- Каде ти се брза? - го прашувам.
- Само би сакал да тргнеме.
- Пред нас нема ништо што би би било подобро од ова овде.

Тој тивко го симнува погледот муртејќи се. - Дали ќе спиеме под шатори вечерва? - прашува. Сатерледнови ме гледаат со разбирање.

- Под шатори ли? - повторува тој.
- Ќе видиме подоцна - велам јас.
- Зошто подоцна?
- Затоа што сега не знам.
- Зошто сега не знаеш?
- Ете, затоа што сега не знам зошто всушност не знам.

Џон ми покажува дека се е в ред.

- Ова не е најдоброто подрачје за логорување - велам јас. Нема засолништа и нема вода. - Но одеднаш додавам: - В ред, вечерва ќе спиеме под ведро небо. - Околу тоа имаме разговарано и претходно.

И така поаѓаме низ пустиот пат. Не сакам да ги присвојувам овие прерии, ниту да ги фотографирам, ниту да ги менувам, ниту да застанам, дури ни да продолжам понатаму. Само да јурам низ пустиот пат.

5

Прериската низина исчезнува и почнува изразита брановидност на земјиштето. Оградите се поретки, а зеленилото стана побледо…сето тоа значи дека се приближуваме кон висорамнините.

Застануваме во Хаг за бензин и прашуваме дали може да се помине Мисури помеѓу Бизмарк и Мобридџ. Службеникот не знае за никаков премин. Сега е топло, и Џон и Силвија одат некаде за да ја слечат топлата долна облека. Моторот добива ново масло и подмачкан синџир. Крис го следи сето она што го правам, но со некое нетрпение. Тоа не е добар знак.

- Ме болат очите - вели.
- Од што?
- Од ветерот.
- Ќе побараме наочари за тебе.

Сите одиме во некое кафанче на кафе и пецива. Се е различно освен нас, па подраго ни е да гледаме околу себе отколку да разговараме, фаќајќи само исечоци од она што го зборуваат другите луѓе кои меѓусебно веројатно се познаваат па не гледаат нас бидејќи ние сме нови. Потоа, малку подоле по улицата, наоѓам термометар кој може да се стави во кутијата за алат и некои пластични наочари за Крис.

Продавачот исто така не знае за никаков пократок пат околу Мисури, Џон и јас ја проучуваме картата. Се надевав дека ќе најдеме некој неофицијален траект или мост или било што на потег од сто педесет километри, но очигледно нема ништо од тоа бидејќи нема зошто да се минува на другата страна. Сиот простор е индијански резерват. Се одлучуваме да продолжиме на југ до Мобриџ и да ја минеме реката таму.
Патот кон југ е очаен. Оштетен, тесен, нерамен бетонски пат со грозен ветер в лице, јуриме кон сонцето додека во спротивен правец доаѓаат приколки. Овие брановидни ритчиња ги забрзуваат кога тие возат низбрдо а ги забавуваат при качувањето, затоа ни пречат да гледаме далеку напред и престигнувањето е вистинско кинење нерви. Првата ме уплаши затоа што не ја очекував. Сега се држам цврсто и вкочането ги чекам. Нема опасност. Само бран кој те удира. Жежок е и сув.
Во Херејд Џон исчезнува за да се напие нешто, додека Силвија и Крис и јас пронаоѓаме мала ладовина во паркот и се обидуваме да се одмориме. Немаме мир. Се има случено некаква промена, а не знам точно каква. Во овој град улиците се широки, многу пошироки отколку што би требало да бидат, а некоја бледа прашина лебди во воздухот. Празните градилишта тука и таму помеѓу зградите се обраснати со пиреј. Лимот на зградите е трошен а резервоарот за вода личи на оние од другите градови но е позабележителен. Се е подотраено и изгледа механички, како да е некако случајно тука поставено. Постепено сфаќам за што се работи. Никому веќе не му е до тоа да внимава на просторот. Земјата веќе не е вредна. Се наоѓаме во град на Западот.
Ручаме хамбургери и слатко млеко во еден ресторан на А/В во Мобридџ, се пробиваме низ густиот сообраќај на главната улица и одеднаш, во подножјето на ридот, се појавува реката Мисури. Сета таа вода која се бранува е чудна, опкружена со тревнати ридови кои добиваат сосема малку вода. Се вртам и фрлам поглед на Крис, но на него не се гледа дека тоа нешто особено го интересира.
Се спуштаме низ ридот со изгасени мотори, влетуваме на мостот и го минуваме, гледајќи ја реката помеѓу столбчињата кои ритмично одминуваат, и веќе сме на другата страна.
Се искачуваме на еден долг, долг рид и влегуваме во сосема друг пејсаж. Оградите сега навистина ги нема. Нема грмушки, нема дрвја. Ридовите се толку големи што моторот на Џон изгледа како мравка која се движи пред нас по

зелените падини. Над падините површинските карпи на врвовите на стрмнините заканувачки се надвисуваат над нас.
Се изгледа природно уредно. Кога тоа би била напуштена земја би изгледала изморено, искинато, со купишта стари бетонски темели, со парчиња боен лим и жици, со пиреј кој би растел секаде каде што лединаta била допрена заради некои мали обиди за нејзино искористување. Нема тука ништо од сето тоа. Никогаш одржуван, пределот никогаш не бил ни нагрден. Едноставно е онаков каков што веројатно отсекогаш и бил. Индијански резерват.
Од онаа страна на овие карпи не постои добронамерен механичар за мотори и јас се прашувам дали сме подготвени за тоа. Ако било што ни се расипе, навистина ќе бидеме во неволја.
Ја проверувам температурата на моторот со рака. Моторот за утеха е студен. Го стегам квачилото и го гасам моторот за да чујам како звучи. Слушам нешто необично и повторно го правам истото. Минува некој миг пред да сфатам дека тој звук воопшто не доаѓа од моторот. Тоа е ехо од карпите пред нас кое се задржува по гасењето. Смешно. Го повторувам тоа три-четири пати. Крис се чуди и се прашува што не е в ред и јас му велам да го слуша ехото. Никаков коментар од негова страна.
Овој стар мотор во такви прилики звучи како во него да лета и бучи цел куп ситни метални пари. Звучи грозно, но тоа е нормално потчукнување на вентилот. Кога еднаш ќе се навикнете на тој звук и ќе научите да го очекувате, вие автоматски слушајќи ја забележувате секоја разлика. Ако не слушнете таква разлика, тогаш е добро.
Еднаш се обидов на Џон да му го свртам вниманието на тој звук, но тоа беше безнадежно. Се што успеа да чуе беше врева и се што успеа да види беше моторот и јас со масниот алат в раце, ништо повеќе. Безуспешно.
Тој навистина не сфати што се случува, а не беше доволно заинтересиран за самиот да открие. Него не го интересира толку многу што значат нештата, туку повеќе она што тие се. Начинот на кој тој ги гледа нештата е прилично значаен. Ми требаше долго време да ја воочам таа разлика, а за оваа шатакуа е важно таа разлика и да ја објаснам.
Бев толку збунет од неговото одбивање воопшто и да размислува за некаква механичарска тема, што постојано барав начин како да го воведам во сето тоа, но не знаев од каде да почнам.

Мојот план беше да почекам додека нешто не се расипе на неговиот мотор па јас да му помогнам нему околу поправката и на тој начин да го воведам во тоа, но и тој обид ми пропадна токму затоа што не ја разбрав оваа разлика во неговиот начин на гледање на работите.
Почнале да му се олабавуваат рачките на управувачот. Не е страшно, рече, се чувствува само малку при силно притиснување. Го предупредив да не го употребува неговиот универзален клуч за затегнување на штрафовите. Се согласи да се послужи со моите клучеви.
Кога го донесе моторот, ги извадив клучевите и тогаш забележав дека никакво стегнување нема да го спречи олабавувањето на рачките, бидејќи се беа излижале основните плочки.

- Мораш да им ставиш подлога - реков.
- Што значи тоа?
- Тоа значи дека треба да намоташ метална лента околу рачката под основната плочка и тоа ќе ти овозможи повторно да ја стегнеш. Таквите постапки се познати кај сите видови машини.

- О - рече тој. Почна да се интересира. - Добро. Каде можам да го купам тоа?
- Имам такви ленти тука - реков восхитено држејќи лименка пиво во раката.
Тој во првиот момент не разбра. Потоа рече: - Што, лименка?

- Секако - реков. Тоа е најдобрата подлога на светот.

Мислев дека тоа е многу мудро од моја страна. Ќе му заштедам труд, да не оди бог- знае-каде по материјал. Ќе му заштедам време. Ќе му заштедам пари.
Но на мое изненадување тој во тоа не виде ниту малку мудрост. Всушност, стана забележително непријатен по тоа прашање. Наскоро почна да се извлекува и да наоѓа секакви оправдувања па, пред да го сфатам неговиот вистински став, одлучивме да не ги поправаме рачките.
Колку што знам тие рачки се се уште лабави. И сега верувам дека тој тогаш се навреди. Јас бев доволно дрзок да му предложам неговиот нов БМЊ од илјада осумстотини долари, гордост на полувековното германско механичарско совршенство, да биде поправен со парче стара пивска лименка!
Ацх, ду лиебер!
Од тогаш малку разговаравме за одржувањето на моторот. Воопшто не, кога подобро ќе размислам.
Би сакал да кажам, за да го објаснам ова, дека алуминиумот од лименките за пиво е мек и леплив, совршен за употреба. Алуминиумот не оксидира на влажно време -

или поточно, секогаш бива обложен со тенок слој на оксид кој ја спречува понатамошната оксидација. Совршено.
Со други зборови, секој вистински германски механичар, со половина столетие мехничарска прецизност зад себе, би заклучил дека ова решение е совршено за нашиот проблем.
За миг помислив дека можам тајно да дојдам до работната маса, да исечам една лента од пивската лименка, да ја избришам бојата од неа, и да се вратам велејќи му дека имаме среќа, дека е тоа последната, специјално увезена од Германија. Тоа би успеало. Специјална лента од приватната резерва на баронот Алфред Круп кој морал да ја продаде со големо жалење. Тогаш тој би подетинил од радост. Фантазирањето за лентата од приватните резерви на Круп ми беше пријатно некое време, но потоа се расплина и видов дека е целата проткаена со осветољубивост. На нејзино место порасна она старо чувство за кое зборував претходно, чувство дека во прашање е нешто покрупно од она што се гледа на површината. Ако доволно долго ги следите тие несогласувања, понекогаш тие се претвораат во големи откритија. Јас едноставно чувствував дека тука се работи за нешто поголемо отколку што можам да прифатам без да размислувам за тоа, па и се вратив на мојата навика, обидот да ги анализирам причините и последиците и да видам што довело до еден таков безизлезен раскол помеѓу Џоновиот однос кон онаа прекрасна лента и мојот. Тој се појавува постојано при механичарската работа. Застој. Само седите и се sурите и размислувате, и на слепо барате нови податоци, и се оддалечувате и повторно се приближувате и после некое време почнуваат да се појавуваат фактори кои не сте ги зеле предвид.
Најпрвин во неодреден облик, а потоа со поостри контури се појави објаснувањето дека јас таа лента ја гледам на некаков интелектуален, рационален, церебрален начин, во чии рамките се важни единствено научните својства на металот. Џон постапи непосредно и интуитивно. Јас на лентата и пристапив во смисла на нејзината скриена форма. Тој и пристапи во смисла на нејзиниот моментален изглед. Мене ми беше важно што таа значи, нему што таа е. Така стигнав до оваа разлака. А кога ви е важно што е таа лента, во овој случај, тоа е поразно. Кому му е пријатно да помисли дека оној прекрасен прецизен мотор е поправен со некакви бедни отпадоци?
Мислам дека заборавив да споменам дека Џон е музичар, тапанар и дека работи со многу групи во градот и од тоа прилично добро заработува. Претпоставувам дека тој за се мисли како што мисли за удирањето на тапани - што значи дека

всушност воопшто не мисли за тоа. Тој само го прави тоа. Тој само се занимава со тоа. Тој реагираше на поправањето на неговиот мотор со пивска лименка како што би реагирал доколку некој му го нарушува ритамот додека свири. Тоа за него беше само едно вознемирување, и толку. Не сакаше да има работа со тоа.
Отпрвин таа разлика изгледаше сосема безначајно, а потоа растеше…и растеше…и растеше…додека не почнав да согледувам зошто не ја забележав. Некои нешта ви се измолкнуваат затоа што се толку мали што не ги гледате. Но некои нешта не ги гледате затоа што се огромни. Обајцата ја гледавме истата работа, го гледавме истото нешто, само што тој набљудуваше, гледаше, разговараше и мислеше низ потполно различна димензија.
Нему навистина му е до техниката. Само што таа друга димензија го збунува и одбива. Таа едноставно не му дава да мине. Тој се обидува без никакви рационални подготовки и се залетува, се залетува, се залетува и после толку многу залетувања се откажува фрлајќи клетва на целата работа. Тој не сака или не може да верува дека на овој свет постои нешто на кое не му се приоѓа непосредно и интуитивно.
Тоа е неговата димензија. Интуитивна димензија. Јас страшно се ограничив цело ова време говорејќи за тие механички нешта. Се се тоа делови и односи и анализи и синтези и дефинирања кои всушност не се тука. Сето тоа е некаде на друго место, само мислиме дека е тука, а всушност се наоѓа на милион километри од тука. Се работи всушност за следново. Тој е во онаа димензионална разлика која се наоѓа во темелите на културните промени на шеесетите и која се уште трае како процес на преобликување на светогледот на целата наша нација. Последицата е "судирот на генерациите". Оттука изникнаа имињата "битник" и "хипи". Сега станува очигледно дека таа димензија не е мода која ќе мине за година или две. Таа ќе потрае затоа што претставува многу сериозен и важен начин на гледање на работите, кој изгледа неспоив со разумот и редот и одговорноста, но кој всушност не е. Сега стигнавме до суштината на нештата.

Нозете ми се толку крути што ме болат. Ги симнувам една по една и го вртам стапалото најпрвин лево па десно додека не успеам да ја истегнам целата нога. Тоа помага, но тогаш другите мускули се заморуваат од држењето на ногата на страна.

Пред нас стои судир на гледањето на стварноста. Светот кој го гледате токму тука, токму сега, тоа е стварноста, без оглед на она што научниците велат дека таа би

можела да биде. Џон го гледа светот на тој начин. Но и светот онака како што го прикажувааат научните откритија е исто така стварност, без оглед на тоа во каков облик се јавува, и луѓето кои ја споделуваат Џоновата димензија морат да сторат нешто повеќе од едноставното непризнавање на тој факт, доколку сакаат да го задржат своето гледање на стварноста. Џон ќе го открие тоа ако му прегорат платинките.
Заради тоа тој всушност се лутеше оној ден кога не можеше да го запали моторот. Тоа беше насилно влегување во неговата стварност. Тоа едноставно проби дупка во целиот негов прекрасен начин на поимање на нештата и тој не сакаше да се соочи со тоа затоа што му се чинеше дека тоа го загрозува сиот негов животен стил. На некој начин тој го доживуваше истиот вид нетрпеливост која понекогаш луѓето од науката ја чувствуваат кон апстрактната уметност, или која барем некогаш ја почувствувале. Таа не се вклопува во нивниот животен стил.
Всушност, тука имате две стварности, едната на непосреден уметнички впечаток, а другата на скриено научно толкување, и тие не се поклопуваат ниту пак имаат некаква меѓусебна врска. Тоа е прилично сложена ситуација. Би можеле да кажеме дека тука има некаков мал проблем.

На една чистинка долж долгиот пуст пат гледаме осамена продавница со мешовита стока. Внатре, во задниот дел, наоѓаме место за седење на некои превртени сандаци и тука пиеме пиво од лименка.
Чувствувам замор и болка во грбот. Го поместувам сандакот до еден столб и се потпирам на него.
По изразот на лицето на Крис гледам дека запаѓа во нешто навистина лошо. Минавме долг напорен ден. Уште во Минесота и реков на Силвија дека вториот или третиот ден можеме да очекуваме да не зафати малодушност, и таа сега е тука. Минесота - кога ли беше тоа?
Некоја жена, жестоко пијана, купува пиво за мажот кој стои и чека надвор во автомобилот. Не може да се одлучи која марка пиво да купи, и жената на сопственикот почнува да се лути чекајќи ја. Таа се уште не може да се одлучи, но тогаш не здогледува нас, ни мавта и не прашува дали моторите се наши. Потоа сака да се провози на еден од нив. Јас се повлекувам и му го препуштам проблемот на Џон.
Тој љубезно одбива, но таа навалува и повторно навалува нудејќи му долар за возењето. Јас на таа сметка правам шеги, но тие не се смешни туку уште повеќе го

зголемуваат мачниот впечаток. Излегуваме и се повторно враќаме во кафените ридови и жештината.
Кога конечно пристигнуваме во Лемон сме навистина преморени. Во еден бар слушаме дека постои место за кампирање нешто појужно. Џон сака да кампира во паркот сред Лемон, што на Крис му се чини чудно и силно го лути.
Сега сум поуморен отколку што се сеќавам дека сум бил веќе подолго време. Другите исто така. Но се влечеме низ супермаркетот, купуваме производи кои ни паѓаат под рака и со мака ги пакуваме на моторите. Сонцето веќе толку потонало што ни снемува виделина. За еден час ќе падне ноќ. Како да не се движиме. Се прашувам, дали намерно одолговлекуваме, или што?

- Ајде, Крис, одиме - велам.
- Немој да викаш на мене. Јас сум подготвен.

Се возиме по споредeн пат од Лемон, исцрпени, и ни се чини дека тоа трае долго, но не може да биде предолго затоа што сонцето е се уште над хоризонтот. Кампот е пуст. Добро е. Но остана уште помалку од половина час сонце а сила веќе нема. Сега е најтешко.

Се обидувам да ги распакувам работите што е можно побргу но од исцрпеноста сум толку глупав што се распоредувам долж патот не сфаќајќи дека тоа е лошо место. Потоа забележувам дека е премногу ветровито. Ова е ветар кој доаѓа од висорамнината. Тука теренот е полупустински, се е изгорено и исушено освен езерото, еден вид голем резервоар под нас. Ветерот дува преку тоа езеро и удира по нас со остри удари. Веќе е студено. Дваесетина чекори од патот има некои ситни борови па му велам на Крис да ги пренесе работите таму.
Тој не го прави тоа. Исчезнува долу кон резервоарот. Јас самиот ја пренесувам опремата.
Додека ги пренесувам работите, забележувам дека Силвија навистина се обидува да подготви се што треба за готвење, но и таа е уморна исто како и јас.
Сонцето заоѓа.
Џон собрал гранки но тие се толку дебели а ветерот толку силен што е тешко да се запалат. Треба да се исцепкаат. Се враќам меѓу боровите, во темнината се обидувам да ја најдам мачетата, но толку е мрачно што не можам да ја пронајдам. Потребна ми е џепна ламба. Ја барам, но премрачно е да ја пронајдам и неа.
Се враќам, го палам моторот и го приближувам за со рефлекторите да ја осветлам опремата и да ја пронајдам џепната ламба. Пребарувам се, предмет по предмет, за

да ја најдам џепната ламба. Ми треба долго време да сфатам дека не ми е потребна џепната ламба, туку мачетата која ми боде очи. Додека да се вратам Џон веќе го запалил огнот. Се служам со мачетата да расечам неколку поголеми парчиња дрво.
Се појавува Крис. Кај него е џепната ламба!
- Кога ќе јадеме? - се жали.
- Подготвуваме вечера колку што е можно побргу - му велам. Остави ја ламбата тука.
Тој повторно исчезнува и ја носи ламбата со себе.
Ветерот дува толку силно во оганот што тој се крева доволно високо за на него да ги печеме парчињата месо. Се обидуваме да направиме заветрина користејќи големи камења од патот, но е претемно за да гледаме што правиме. Ги приближуваме обата мотора и целата сцена ја осветлуваме со вкрстени светла. Чудна светлина. Честички пепел излетувајќи од оганот одеднаш стануваат блескаво бели, потоа исчезнуваат на ветерот.
БУУУУМ! Силна експлозија зад нас. Потоа го слушам Крис како ѓаволесто се смее. Силвија е вознемирена.
- Најдов некои петарди - вели Крис.
На време го смирувам бесот, па студено му велам: - Време е за јадење.
- Потребен ми е ќибрит - вели тој.
- Седи и јади.
- Прво дај ми ќибрит.
- Седи и јади.
Тој седнува и јас се обидувам да го јадам месото сечејќи го со војнички нож, но тоа е претврдо па го вадам својот ловечки нож наместо него. Светлото од моторот е вперено директно во мене, така што ножот, кога го спуштам во тавата, е во потполна сенка, па не можам да видам на што го набодувам.
Крис вели дека ниту тој не може да го сече своето месо и јас му го поддавам својот нож. Додека се наведнува кон мене, сето свое јадење го истура на церадата.
Никој не вели ниту збор.
Не сум лут за истуреното, лут сум поради тоа што церадата сега ќе биде масна се до крајот на излетот.
- Има ли уште? - прашува тој.
- Јади го тоа - велам јас. - Само падна на церадата.
- Премногу е нечисто - вели тој.

- Но, тоа е се што имаме.

Не заплиснува бран нерасположение. Сега само сакам да појдам на спиење. Но тој е лут и очекувам дека ќе ни се случи еден од неговите испади. Го чекам тој момент и тој наскоро доаѓа.

- Не ми е вкусно - вели.
- Да, тврдо е, Крис.
- Не ми се допаѓа ништо од сето ова. Не ми се допаѓа целово ова кампирање.
- Тоа беше твоја идеја - вели Силвија. - Ти сакаше да се кампува.

Не смееше тоа да го каже, но тоа таа не можеше да го знае. Кога еднаш ќе загризеш на неговата мамка, тој ќе ти фрли уште една, па уште една, па уште една додека најпосле не го удриш, а тоа е всушност она што тој навистина го посакува.

- Баш ми е гајле - вели тој.
- Па би требало да ти биде - вели таа.
- Не ми е гајле.

Блиску сме до моментот на експлозија. Силвија и Џон ме гледаат, но јас сум и понатаму мирен. Ми е жал заради сето тоа но во овој миг не можам да им помогнам. Секој мој збор може само да ја влоши ситуацијата.

- Не сум гладен - вели Крис.

Никој не одговара.

- Ме боли желудникот - вели тој.

Експлозијата е избегната кога Крис се врти и исчезнува во темнината.

Завршуваме со јадењето. И помагам на Силвија да раскрене, а потоа некое време седиме околу жарта. Ги гасиме светлата на моторите и ги штедиме акумулаторите, а таа светлна и онака е грда. Ветерот малку опадна и од оганот се шири малку светлина. По неколку мига очите ми се навикнуваат на неа. Храната и лутината ја разбркаа поспаноста. Крис не се враќа.

- Мислиш дека тоа е казнување од негова страна? - прашува Силвија
- Да - велам јас - иако тоа не е вистинскиот збор. - Малку размислувам па додавам: - Тоа е термин од детската психологија - таа работа воопшто не ми се допаѓа. Да речеме дека тој едноставно се однесува како вистинска свиња.

Џон малку се насмевнува.

- Сепак - велам - вечерата беше добра. Жал ми е што се однесуваше така.
- О, не е важно - вели Џон. - Мене ми е само жал што нема ништо да јаде.
- Нема да му штети.
- Зарем не мислиш дека може да се загуби?

- Не, ако се загуби ќе се дере.

Сега кога го нема Крис а ние немаме што да правиме станувам свесен за просторот околу нас. Ниту еден звук. Осамена прерија.

Силвија вели: - Веруваш ли дека навистина го боли желудникот?

- Да, велам помалку догматски. Жал ми е што гледам дека разговорот продолжува, но тие заслужуваат подобро објаснување од она што им го давам. Веројатно чувствуваат дека тука има повеќе од она што го слушнаа. - Сигурен сум дека го боли - велам најпосле. - Прегледан е пет-шест пати. Еднаш се чувствуваше толку лошо што помисливме дека е слепото црево…Се сеќавам, бевме горе на север за празниците. Само што бев завршил една инженерска понуда вредна пет милиони долари за која се отепав од работа. Тоа е еден цел свет за себе. Ни време ни трпение, а шест стотини страници кои треба да бидат направени за една седмица. Бев спремен да убијам неколкумина, па помисливме дека е најдобро да се отиде некое време во шума. Едвај можам да се сетам каде бевме. Главата и понатаму ми се матеше од податоците од понудата, а Крис постојано врескаше. Не можевме ни да го допреме, додека најпосле не стана јасно дека морам да го зграпчам и да го однесам во болница. Никогаш нема да дознаам каде беше тоа, но се сеќавам дека не пронајдоа ништо.

- Ништо?

- Ништо.

- Зарем баш ништо не најдоа? - прашува Силвија.

- Оваа пролет поставија дијагноза според која се работи за почетни симптоми на душевна болест.

- Што? - вели Џон.

Премрачно е за да ги видам Силвија или Џон, па дури и контурите на планините. Се обидувам да ги наслушнам звуците во далечината, но не слушам ништо. Не знам што би одговорил па не велам ништо.

Кога добро ќе се загледам можам да ги насетам ѕвездите над нас, но поради оганот пред нас тешко е да се видат. Ноќта насекаде околу нас е густа и темна. Цигарата ми догорела до прстите и јас ја гасам.

- Не го знаев тоа - вели гласот на Силвија. Сите траги на лутина исчезнаа. - Се прашувавме зошто со себе го зема него наместо жена ти - вели она. - Драго ми е што ни кажа.

Џон трупа некои недогорени гламни во оганот.

Силвија вели: - Во што е причината според тебе?

Џоновиот глас чкрипи, како да сака да и каже да престане со тоа, но јас одговарам:
- Не знам. Причините и последиците како да не се согласуваат. Причините и последиците се резултат на мислите. Јас би рекол дека душевната болест доаѓа пред мислата. - Тие не го разбираат ова, сигурен сум. Дури ни јас не го разбирам, но сум премногу уморен за да размислувам за тоа па кревам раце.

- Што мислат психијатрите? - прашува Џон.
- Ништо. Престанав со тоа.
- Си престанал?
- Да.
- Добро ли е тоа?
- Не знам. Не можам да се сетам на ниту една разумна причина поради која би рекол дека тоа не е добро. Тоа е едноставно мој душевен застој. Размислувам за тоа и за сите добри причини па предвидувам ден за преглед, дури и го вртам телефонскиот број, а потоа настапува тој застој како кога некој ја треснува вратата.
- Тоа не е в ред.
- Никој и не мисли дека е. Мислам дека сепак не можам тоа да го растегнувам во недоглед.
- Но зошто? - прашува Силвија.
- Не знам зошто…се работи за тоа дека…не знам…тие не се љубезни….И самиот се изненадувам од тој збор…Коренот му е ист како и во зборот љубов…тие навистина не можат да бидат љубезни кон него затоа што не го љубат…Тоа е она што всушност го чувствувам.

Стар збор, толку древен што е скоро излитен. Колку ли се променил низ вековите! Денес секој може да биде "љубезен". Од секого и се очекува тоа да биде. А порано тоа било врзано за чувствата, за љубовта. Сега тоа најчесто е изглумено однесување, како учителот на првиот училишен ден. Што всушност знаат за љубезноста оние кои не љубат?

Одеднаш во мислите ми се јавува…меин Кинд - моето дете…"Њер реитет со спат дурцх Нацт унд Њинд? Ес ист дер Ватер мит сеинем Кинд".

Чудно се чувствувам заради тоа.

- За што размислуваш? - прашува Силивја.
- За една стара песна, ја напишал Гете. Стара е најмалку двесте години. Еднаш одамна морав да ја научам. Не знам зошто токму сега ми навира, освен…- Чудното чувство повторно се враќа.
- Како гласи? - прашува Силвија.

Се обидувам да се сетам. - Некој човек јава долж морскиот брег во ноќта, спроти ветрот. Тоа е татко кој во неговите прегратки цврсто го држи својот син. Тој го прашува синот зошто е блед, а синот му одговара: "Тате, зар не го гледаш сеништево?". Таткото се обидува да го разубеди момчето па му вели дека тој гледа само перче магла долж брегот и го слуша само шумолењето на лисјата на ветерот, но синот и понатаму вели дека е тоа сениште, а таткото го бодина коњот се пожестоко и пожестоко низ ноќта.
- Како завршува?
- Несреќно…со смртта на детето. Сеништето победува.
Ветерот ја растерува светлината од жарта и ја гледам Силвија како се џари во мене.
- Но тоа била друга земја и друго време - велам. - Тука животот е крај а сеништата немаат значење. Јас верувам во тоа. Верувам и во сето ова - велам гледајќи наоколу по темната прерија - иако уште не сум сигурен што значи сето тоа…Во ништо не сум сигурен во последно време. Можеби поради тоа толку зборувам.
Жарта полека замира. Ние ги пушиме последните цигари. Крис е некаде сам во темнината но јас нема да го барам. Џон внимателно молчи и Силвија молчи, и одеднаш сите сме разделени, само во своите лични вселени, и меѓу нас нема комуникација. Го гасиме огнот и заминуваме на спиење меѓу боровите.
Откривам дека ова мало прибежиште меѓу боровите каде ги ставив вреќите за спиење е истовремено и засолниште од ветерот за милиони комарци од резервоарот со вода. Средството против комарци воопшто не ги спречува. Се завлекувам длабоко во вреќата за спиење и оставам само мало дупче за дишење. Речиси сум заспал кога се појавува Крис.
- Онаму има страшно голем песочен рид - вели тој чкрипејќи додека гази по боровите иглички.
- Да, велам јас. - Ајде спиј.
- Би требало да го видиш. Сакаш ли утре да го видиш?
- Нема да имаме време.
- Може ли да си играм таму утре наутро?
- Можеш.
Тој создава бескрајна бучава додека се соблекува и се сместува во вреќата за спиење. Се вовлекува. Потоа се превртува. Се смирува, па повторно се превртува, сега уште понемирно. Потоа вели: - Тате?
- Што е?
- Како било кога ти си бил момче?

- Спиј, Крис! - Постојат граници до кои човек може да слуша.
Подоцна слушам звучно подголтнување што ми кажува дека тој плаче, па не можам да заспијам иако сум исцрпен. Тука можеби би помогнал некој утешен збор. Тој се трудеше да биде љубезен. но поради некоја причина зборовите ме напуштаа. Утешните зборови се кажуваат повеќе меѓу туѓинци, во болници, а не помеѓу роднини. Тенки емоционални завои од тој тип нему не му се потребни ниту пак тој ги бара…Но не знам што му треба, ниту пак што бара.
Постепено над хоризонтот, над боровите изгрева полната месечина, и според нејзиниот спор и трпелив лак преку небото во полусон ги мерам часовите. Преголем замор. Месечината и чудните сништа и зуење на комарците и необичните исечоци од сеќавања се мешаат во некој нестварен загубен пејсаж на месечината, а тука налегнала магла и јас јавам на коњ и Крис е со мене и коњот скока преку малиот поток кој тече низ песокта кон океанот. Па се прекинува…Па повторно се јавува.
А од маглата изнурнува контура на некоја човечка фигура. Исчезнува кога ќе погледнам во неа директно, но повторно се појавува во моето видно поле кога ќе го свртам погледот. Се подготвувам нешто да кажам, да ја повикам таа фигура, да ја препознаам, но не правам ништо од тоа знаејќи дека доколку направам било каков гест или дејство со кое ќе покажам дека сум ја препознал на таа фигура би и доделил атрибут на реалност кој таа не смее да го има. Но таа фигура ја препознавам дури и ако не го сакам тоа. Тоа е Федар.
Зол дух. Безумен. Од светот во кој нема ни живот ни смрт.
Фигурата бледнее и јас го смирувам стравот…полека…не го забрзувај…само пушти го да потоне…немој да веруваш во неа, немој ниту да не веруваш…но косата на тилот полека ми се крева…тој го повикува Крис, нели?…Да?…

6

На мојот часовник е 9. Веќе е претопло за спиење. Сонцето е високо на небото. Воздухот е чист и сув.
Станувам со потечени очи а зглобовите ме болат од тврдата почва.
Устата ми веќе е сува и испукана, а лицето и рацете испокасани од комарци. Некои вчерашни изгореници ме печат.
Зад боровите изгорената трева и грутчиња земја и песок толку блескаат што е тешко во нив да се гледа. Жештината, мирот и голите ридови и чистото небо создаваат чувство на голем и интензивен простор.

Нема ни трага од влага на небото. Денес ќе биде пеколно топло.
Низ боровите излегувам на чистинка песок сред малку трева и долго гледам, замислено…

Решив денешната шатакуа да почне да го истражува светот на Федар. Порано имав намера едноставно да изнесам некои негови идеи кои се однесуваат на техниката и човечката вредност, а не се однесуваат на него лично, но начинот на мислење и сеќавање од минатата ноќ покажа дека не треба да се оди по тој пат. Тој да се изостави, тоа би значело да се бега од нешто од што не смее да се бега.
Во првото сивило на утрото се сетив на она што ми го кажа Крис за бабата на неговиот пријател Индијанец и нешто ми стана јасно. Таа рекла дека духот се јавува кога некој не е закопан како што треба. Тоа е вистина. Тој никогаш не беше закопан како што треба, и тоа е изворот на проблемите.
Малку подоцна се вртам и гледам дека Џон станал и ме гледа не сфаќајќи ништо. Тој се уште не е потполно буден, па сега бесцелно чекори во круг за да му се разбистри главата. Наскоро и Силвија станува а левото око и е сосема надуено.
Почнувам да ги собирам предметите и да ги пакувам на моторот. Џон го прави истото.
Кога завршуваме со тоа, палиме оган додека Силвија отвара конзерви со сланина и јајца и вади леб за појадок.
Кога јадењето е подготвено, одам до Крис за да го разбудам. Не сака да стане. Повторно го будам. Тој вели дека не сака. Го зграпчувам дното на вреќата за спиење, жестоко го повлекувам како да е чаршаф, и тој е веќе вон неа, трепка и гледа во боровите иглички. Му треба малку време да сфати што се случило, додека јас ја пакувам вреќата.
Тој доаѓа на појадок со навредено лице, јаде само едно залче, вели дека не е гладен, дека го боли желудникот. Јас го покажувам езерото под нас, толку чудно во оваа полупустина, но тој не покажува дека тоа го интересира. Ги повторува своите поплаки. Се правам дека не го слушам а Џон и Силвија исто така не се обѕрнуваат. Драго ми е што знаат каква му е состојбата. Инаку тоа би можело да предизвика вистински конфликт.
Го завршуваме појадокот во тишина, и јас сум необично мирен. Можеби причина за тоа е и одлуката во врска со Федар. Но ние сме истовремено веројатно триесетина метри над езерото, гледајќи преку него во некој вид западна пространост. Голи ридови, никаде никого, никаков звук, а има нешто во таквите

места што ви го бодри духот и ве наведува на помислата дека веројатно се ќе биде подобро.
Додека го товарам остатокот од опремата на багажникот, изненадено гледам дека задната гума прилично се истенчила. Тоа веројатно е резултат на брзината и товарот и вчерашната жештина на патот. Синџирот е исто така лабав па го вадам алатот за да го затегнам и тогаш почнувам со гласни поплаки.
- Што ти е? - вели Џон.
- Се излижале навоите на потиснувачот на синџирот.
Го извлекувам штрафот на потиснувачот и му испитувам навоите. - Згрешив кога еднаш се обидував да ги затегнам без да ја олабавам матицата на осовината. Штрафот е добар. - Му го покажувам. - Изгледа дека се излижале внатрешните навои на рамката.
Џон долго зури во тркалото. - Мислиш дека тоа можеш да го поправиш во градот?
- О, да секако. Можеш со тоа да возиш вечно. Само поради него е тешко да се затегне синџирот.
Тој внимателно набљудува додека ја симнувам завртката од задната осовина, тропкам по неа со чекан од страна додека не го наместам синџирот како што треба, потоа ја затегнувам завртката на осовината со сета сила за осовината да не ми се лизне напред. Тука, за разлика од автомобилот, завртката на осовината не влијае врз налегнувањето на лежиштата.
- Како знаеше да го направиш тоа? - прашува тој.
- Едноставно мораш да се досетиш.
- Јас не би знаел од каде да почнам - вели тој.
Размислувам во себе: Во тоа е проблемот, точно, каде да се почне. За да стигнеш до него мораш да се враќаш и враќаш, и колку што повеќе се враќаш толку гледаш дека мораш уште повеќе да се вратиш, додека она што ти изгледало како ситен комуникациски проблем не стане големо филозофско истражување. Поради тоа, претпоставувам, следи оваа чауткава.
Го враќам алатот во кутијата, го затварам капакот од страна и мислам во себе: Тој е сепак доволно вреден за да се стигне до него.
На патот сувиот воздух повторно ја лади слабата пот од занимавањето со синџирот и јас се чувствувам добро некое време. Но, откако потта се исуши станува жешко. Температурата мора да е околу триесет степени.
На патот нема сообраќај, и ние само јуриме понатаму. Денес се патува.

Сега ќе почнам да исполнувам некои обврски наведувајќи дека постоеше некој човек, кого веќе го нема, а кој имаше нешто да каже, но никој не му веруваше или всушност никој не го разбираше. Заборавен е. Заради причини кои ќе станат очигледни би сакал да остане заборавен, но нема друг избор освен неговиот случај да биде повторно отворен.
Не ја знам целата негова приказна. Никој никогаш нема да ја знае, освен самиот Федар, а тој веќе не може да зборува. Но од неговите ракописи и од она што другите го имаат кажано и од скршениците на моето сеќавање би морала да биде формирана некоја приближна слика на она за што тој зборуваше. Со оглед на тоа што основната идеја на оваа шатакуа е земена од него, нема да има вистински застранувања, смо понекое проширување за шатакуата да биде поразбирлива отколку што била пред да се изложи на чист, апстрактен начин. Смислата на проширувањето не е во неговата одбрана, уште помалку во неговата пофалба. Смислата е во тоа тој да биде закопан - засекогаш.
Додека минувавме низ некое мочурливо земјиште во Минесота зборував за "формите" на техниката, "смртната сила" од која како да бегаат Сатерлендови. Сега би сакал да тргнам во спротивен правец од Сатерлендови, кон таа сила и во нејзиното средиште. Правејќи го тоа ќе влегуваме во светот на Федар, единствениот свет кој некогаш го познавал, во кој сето разбирање е во врска со внатрешната форма.
Светот на внатрешната форма е необична тема за расправа бидејќи тоа всушност е самиот начин на кој се води расправата. За нештата расправате во смисла на нивниот непосреден изглед или за нив расправате во смисла на нивната внатрешна форма, а кога се обидувате да расправате за тие начини на расправање се вплеткувате во нешто што би можело да се нарече проблем на стојалиште. Нема стојалиште од кое би можеле за нив да расправате, освен самите тие начини.
Порано расправав за неговиот свет на внатрешната форма, или барем за нејзиниот аспект наречен техника, од надворешен аспект. Сега мислам дека би било вистинско време да се разговара за светот на внатрешната форма од неговиот сопствен аспект. Сакам да зборувам за внатрешната форма на самиот свет на внатрешната форма.
За да го сторам тоа потребна ми е пред се една дихотомија, но пред да можам со неа чесно да се послужам морам да се вратам назад и да кажам што е тоа и што тоа значи, а тоа е долга приказна за себе. И дел од тој проблем на враќањето назад. Но токму сега сакам да ја употребам дихотомијата а ќе ја објаснам подоцна.

Сакам да го поделам човечкото поимање на два вида - на класично поимање и на романтично поимање. Во смисла на крајната вистина ваквата дихотомија не значи многу но е потполно оправдана кога некој се служи со класичниот начин да открие или да создаде свет на внатрешна форма. Изразите класично и романтично, онака како што ги употребуваше Федар, го означуваат следново:
Класичното поимање го гледа светот првенствено како внатрешна форма.
Романтичното поимање го гледа првенствено во смисла на неговиот непосреден изглед. Ако на некој романтичар му покажеш машина или технички цртеж или електронска шема, малку е веројатно дека тој ќе покаже некакво интересирање за тоа. Тоа не го привлекува бидејќи стварноста која тој ја гледа лежи на површината. Досаден и сложен попис на имиња, линии и бројки. Ништо интересно. Но ако тој ист нацрт или шема му ги покажеш на некој класичен ум, или му дадеш некој опис, тој можеби ќе ги погледне а потоа ќе остане восхитен, бидејќи внатре линиите и скиците и симболите гледа страшно богатство на внатрешна форма.
Романтичниот начин е пред се полн со фантазија и е креативен, заснован на инспирација и интуиција. Преовладуваат чувствата над фактите. "Уметноста" е често романтична кога се поставува како спротивност на "Науката". Таа не го следи разумот ниту законите. Таа ги следи чувствата, интуицијата и естетската совест. Во културите на северна Европа романтичниот начин често се поврзува со женственоста, но тоа поврзување во никој случај не е неопходно.
Класичниот начин, напротив, го следи разумот и законите - кои самите по себе се внатрешни форми на мислите и однесувањето. Во европските култури тоа е првенствено мажевниот начин, па подрачјата на природните науки, правото и медицината токму затоа не им се привлечни на жените. Иако возењето на мотор е романтично, одржувањето на моторот е чисто класично. Нечистотијата, маснотијата, потребното познавање на внатрешната форма, сето тоа на моторот му дава толку негативни романтични својства што жените никогаш не му се приближуваат.
Иако површинската грдост често се наоѓа во класичниот начин на поимање, таа не му е инхерентна. Постои класична естетика која романтичарите често не ја гледаат поради нејзината суптилност. Класичниот стил е директен, неразубавен, бесчувствителен, економичен и внимателно дозиран. Неговата смисла не е во тоа да предизвикува чувства, туку да извлекува ред од хаосот и непознатото да го направи познато. Тоа не е естетски слободен и природен стил. Тој е естетски

ограничен. Се е под контрола. Неговата вредност се мери во смисла на вештината со која таа контрола се одржува.
За еден романтичар тој класичен начин често пати изгледа досаден, неспретен и грд, како и самото механичарско одржување. Се се состои од делови и парчиња и состојки и врски. Не можеш ништо да знаеш додека се не помине десетина пати низ компјутер. Се мора да се мери и испитува. Мачно. Тешко. Бескрајно сиво. Смртоносна присила.
Сепак во класичниот начин се јавува по нешто од романтичното. Нешто површно, ирационално, сомнително, на кое не може да му се верува, заинтересирано првенствено за задоволства. Плитко. Небитно. Нешто паразитско што не може или не сака да ја носи сопствената тежина. Му претставува товар на општеството. Сега веќе овие борбени линии би требало да звучат донекаде познато.
Тоа е извор на конфликт. Луѓето се склони да мислат и да чувствуваат само на еден или на друг начин, и оттаму се склони погрешно да го разберат или да го потценат сето она што спаѓа во другиот начин. Но никој не сака да се откаже од вистината онаква каква што самиот ја гледа, и колку што знам, никој жив на светот не знае како да ги помири овие вистини и начини на поимање. Не постои точка во која би се соединиле тие гледања на стварноста.
И така во последно време гледаме како се продлабочува големиот јаз помеѓу класичната и романтичната противкултура - два света кои се повеќе се отуѓуваат и меѓусебно се мразат а сите се прашуваат дали засекогаш ќе биде така, куќа која се свртела против самата себе. Никој не го сака тоа, и покрај она што би можеле да го мислат антагонистите од другата димензија.
Во овој контекст е значајно она што Федар го мислеше и говореше. Но тоа никој не го слушна во она време и сите почнаа да сметаат дека тој е настран, потоа непожелен, потоа помалку луд, а потоа потполно душевно болен. Нема сомневање дека тој бил пореметен, но мноштвото негови ракописи од тоа време покажуваат дека до душевната болест го довело токму тоа непријателско мислење за него. Необичното однесување клони кон тоа да предизвика отуѓување кај другите, што пак клони кон тоа да го продлабочи необичното однесување, што пак повторно предивзикува оутѓување, и така тоа се врти во круг додека не достигне некоја кулминација. Во случајот на Федар тоа беше полициското апсење по судски налог и трајното отстранување од општеството.

Гледам дека се наоѓаме пред левото завртување на сојузниот пат број 12 и Џон запира да наполни бензин. Јас застанувам крај него.
Термометарот покрај вратата на бензинската станица покажува 33 степени. - Денес повторно ќе биде тешко - велам.
Откако ги полниме резервоарите минуваме улица и одиме на кафе во некој ресторан. Секако, Крис е гладен.
Му велам дека чекав на тоа. Му велам дека мора да јаде со нас останатите или воопшто да не јаде. Без лутина. Трезно. Тој сака да приговара но сфаќа што го чека. Го фаќам погледот на Силвија кој е полн со олеснување. Очигледно мислеше дека ова ќе биде траен проблем.
Откако го испиваме кафето и излегуваме надвор жештината е толку ужасна што се качуваме на моторите колку што е можно побргу. Повторно се јавува она моментално ладење, но исчезнува. Испржената трева и песокот толку блескаат на сонцето што морам да мижам. Овој сојузен пат број 12 е стар и лош. Оштетен бетон закрпен со асфалт кој е нерамен. Знаците предупредуваат на идни свиоци.
Од обете страни на патот има дотраени засолништа и бараки кои се собирале низ годините. Сообраќајот сега е густ. Јас сум сепак среќен што размислувам за рационалниот, аналитичен, класичен свет на Федар.
Неговиот вид рационалност се користел од дамнина за човек да избега од досадата и тегобноста на неговата непосредна околина. Нејзе човек тешко ја гледа затоа што некогаш служела за човек да се оддалечи од сето тоа, а потоа тоа бегство било толку успешно што сега романтичарите се обидуваат да избегаат од "сето тоа". Она што го прави неговиот свет тежок за разбирање не е неговата необичност, туку неговата обичност. И она што го познаваш може да те заслепи. Неговиот начин на гледање на работите создава некој вид опис кој би можел да се нарече "аналитички". Тоа е второ име за класичното стојалиште од кое за нештата се расправа во смисла на нивната внатрешна форма. Тој целиот беше класична личност. А за подетално да го опишам неговиот аналитички пристап, ќе го свртам назад кон него самиот - ќе ја анализирам самата анализа. Тоа најпрвин ќе го направам преку еден опширен пример кој се однесува на него, а потоа ќе го расчленам за да се види што е тој всушност. Моторот е совршен за таа цел, затоа што самиот мотор го измислиле класични умови. Значи внимавајте:
Заради исполнување на целта на една класична рационална анализа моторот може да се подели во однос на неговите составни делови и во однос на неговата функција.

Ако се дели во однос на неговите составни делови, најосновната поделба би била онаа на погонски механизам и работен механизам.
Погонскиот механизам може да се подели на мотор и преносен систем. Најпрво ќе го разгледаме моторот.
Моторот се состои од куќиште кое содржи погонски склоп, од систем гориво-воздух, систем за палење, систем за довод на горивото и систем за подмачкување.
Погонскиот склоп се состои од цилиндер, клипови, коленасто вратило, спојни шипки и замаец.
Ситемот гориво-воздух, како дел од моторот, се состои од овие делови: резервоар и филтер за бензин, прочистувач на воздух, карбуратор, вентили и испусни цевки.
Системот за палење се состои од алтернатор, исправувач, акумулатор, високонапонски навој и свеќички.
Системот за довод на гориво се состои од ребраста осовина, синџир, клацкалица и разводник.
Системот за подмачкување се состои од пумпа за масло и црево за пренос на масло низ целото куќиште.
Помошниот механизам кој го следи погонскиот механизам се состои од шасија, вклучувајќи потпирачи за нозете, седиште и браници; од склоп за управување, преден и заден амортизер, тркала, контролни команди и кабли, светла и сирени, како и покажувач на брзина и километража.
Тоа е моторот кога ќе се подели во однос на неговите составни делови. За да се знае за што служат тие составни делови, потребна е поделба во однос на функциите:
Моторот може да се подели на нормални работни функции и специјални функции под контрола на операторот.
Нормалните работни функции можат да се поделат на функции за време на вбризгување, функции за време на компресија, функции за време на експанзија и функции за време на исфрлување.
И така натаму. Би можел да продолжам за тоа како се одвива секоја поединечна функција во секој од четирите такта, па да поминам на функциите под контрола на операторот, и тоа би бил многу груб опис на внатрешната форма на моторот. Би бил краток и основен, какви што се обично описите од тој вид. Речиси секој од споменатите составни делови би можел да се дели понатаму во недоглед.
Прочитав цела книга за платинките кои се само мал но важен дел од разводникот. Постојат и други типови на машини кои се разликуваат од едноцилиндричниот

Отов мотор кој е тука опишан: двотактни мотори, многуцилиндрични мотори, дизел мотори, Ванкел мотори - но овој пример е доволен.
Овој опис ќе го покрие она што кога се говори за моторот во смисла на составните делови, и она како кога се говори за моторот во смисла на неговата функција. Би била неопходна и анализата "каде" во форма на илустрација, исто така и анализата "зошто" во форма на машински принципи кои довеле до ова посебно обликување на деловите. Но нашата цел не е исцрпно да го анализираме моторот. Тој само треба да ни послужи како почетна точка, пример за еден начин на поимањето на нештата кој самиот ќе стане предмет на анализа.
Сигурно нема ништо чудно во овој опис кога тој ќе се чуе за прв пат. Звучи како нешто од учебник за почетници, или можеби како прва лекција од некое предавање - увод во тој занает. Она што е необично во тоа се гледа кога тоа ќе престане да биде начин на расправање и кога ќе стане предмет на расправа. Тогаш мора да бидат истакнати неколку нешта.
Она што најпрвин се забележува во тој опис е нешто што е толку очигледно што мора да биде ставено под контрола, во спротивно може да ја надгласи секоја друга забелешка. Имено: тоа е човек да умре од досада. Бла-бла, бла-бла, бла, карбуратор, пренос, компресија, бла-бла, цилиндри, свеќички, вбризгување, бла-бла-бла, и така натаму и така натаму. Тоа е романтичното лице на класичниот начин. Досадно, неспретно и грдо. Ретко кој романтичар стигнува подалеку од оваа точка.
Но ако можете да ја побиете таа најочигледна забелешка, тогаш можат да се забележат некои други нешта кои на почетокот ги немало.
Прво, речиси е невозможно да го разберете вака опишаниот мотор, освен ако веќе не знаете како работи. Непосредните површински впечатоци кои се важни за основното поимање веќе не постојат. Останува само внатрешната форма.
Второ, недостасува набљудувач. Описот не кажува дека морате да ја отстраните главата на цилиндерот ако сакате да го видите клипот. "Вас" ве нема никаде во целата таа слика. Дури и "оператор" е некој вид безличен робот кој механички изведува некои функции на машината. Не постојат стварни субјекти во овој опис. Постојат само објекти кои се независни од било кој набљудувач.
Трето, зборовите "добро" и "лошо" се отсутни во целост, исто како и нивните синоними. Никаде не се изнесени никакви вредносни судови, само факти.
Четврто, тука се движи некој нож. Изразито смртоносен нож; интелектуален скалпер кој е толку брз и толку остар што понекогаш не го гледате додека се

движи. Добивате впечаток дека сите тие делови се токму таму и дека нивното набројување се одвива истовремено со нивното постоење. Но тие можат да бидат набројани и сосема понаку и сосема поинаку да се сложат зависно од начинот на кој се движи тој нож.
На пример, механизмот за довод на горивото кој ја вклучува ребрастата осовина, синџирот, клацкалиците и разводникот постои само поради необичниот рез на тој аналитички нож. Ако појдете во продавница за резервни делови за мотори и побарате механизам за довод на гориво, тие нема да имаат претстава за што зборувате. Тие не го разложуваат моторот на тој начин. Не постојат два производителa кои го разложуваат моторот на потполно ист начин, а на секој механичар му е познат проблемот кога ви е потребен дел кој не можете да го купите а не можете да го пронајдете затоа што производителот го смета за дел од нешто друго.
Важно е да се види и да се знае што е тој нож и да не се биде заслепен од помислата дека моторите или било што друго се такви какви што се само затоа што тој нож случајно така ги исекол. Важно е човек да се концентрира на самиот нож. Подоцна ќе посакам да ви кажам како вештината на креативната и делотворната употреба на ножот може да доведе до разврска на класичниот и романтичниот раскол.
Федар беше мајстор на тој нож, и го употребуваше спретно и со чувство на моќ. Со еден единствен удар на аналитичката мисла го раздроби целиот свет на делови по свој избор, ги ситнеше деловите и деловите на тие делови, се поситно и поситно додека не ги сведе на она што тој сакаше тие да бидат. Дури и посебната употреба на поимите "класично" и "романтично" се примери за неговото ракување со тој нож.
Но доколку целата работа се сведува на неа, на таа аналитичка вештина, јас со задоволство тука би престанал да говорам за него. Сепак, важно е да не престанам да говорам за него поради тоа што тој таа вештина ја употреби на толку чуден а истовремено и толку значаен начин. Никој тоа никогаш не го виде, мислам дека дури ни тој самиот не го виде, и можеби тоа е само моја заблуда, но ножот со кој тој се служеше помалку личеше на нож на убиец а повеќе на нож на слаб хирург. Можеби тука и нема некоја разлика. Но тој виде дека се случува нешто болно и немоќно и почна да сече длабоко, се подлабоко и подлабоко за да допре до коренот на нештата. Тој бараше нешто. Тоа е важно. Тој нешто бараше, а го користеше ножот бидејќи тоа беше единствената алатка која ја имаше. Но тој толку

многу се внесе во тоа, и отиде толку далеку, што на крајот самиот стана своја вистинска жртва.

7

Насекаде жештина. Не можам повеќе да ја игнорирам. Воздухот е како печка што е толку загреана што очите под наочарите ми се студени во споредба со остатокот од лицето. Рацете ми се студени, но на ракавиците се гледаат големи дамки пот опкружени со бели ленти исушена сол.

На патот пред нас една чавка клука некаква мрша и полека полетува додека и се приближуваме. Се чини дека на патот има и некаков гуштер, сув и слепен за асфалтот.

На хоризонтот се појавува слика на згради кои помалку треперат. Гледам на картата и заклучувам дека тоа би морал да биде Боуман. Помислувам на студената вода и клима уредите.

На улиците и плочниците на Боуман не гледаме речиси никого, иако мноштвото паркирани автомобили покажува дека има луѓе. Сите се во своите домови. Вртиме на паркиралиштето на аголот и ги оставаме моторите така за да можеме веднаш да излеземе кога ќе бидеме подготвени да тргнеме. Еден единствен постар човек кој носи шешир со широк раб не набљудува додека ги качуваме моторите на потпирачите и ги симнуваме шлемовите и наочарите.

- Дали ви е доволно жешко? - не прашува. Лицето му е безизразно.

Џон одмавнува со главта и вели: - Многу!

Изразот на лицето во сенката на шеширот се приближува до насмевка.

- Колкава е температурата? - прашува Џон.

- Пред малку беше триесет и девет - вели тој. - Веројатно сега е четириесет.

Не прашува дали доаѓаме оддалеку и ние му кажуваме а тој климнува во знак на одобрување. - Тоа е долг пат - вели. Потоа не прашува за моторите.

Пивото и клима уредите не викаат, но ние не го прекинуваме разговорот. Едноставно стоиме на сонце на четириесетина степени и разговараме со тој човек. Тој е сточар, во пензија, вели дека наоколу има прилично многу ранчеви и дека пред неколку години имал мотор од марката Хендерсон. Драго ми е што сака да разговара за својот Хендерсон на сонце на температура од четириесетина степени. Разговараме за него уште некое време, додека Џон и Силвија и Крис стануваат се понестрпливи, и кога најпосле се простуваме од него тој вели дека му е драго што се запознал со нас и ние чувствуваме дека тој искрено го вели тоа иако лицето и

понатаму му е безизразно. Заминува од нас со некоја бавна достоинственост, на сонце, на четириесетина степени.
Во ресторанот се обидувам да го продолжам разговорот, но тоа никого не го интересира. Џон и Силвија изгледаат како да се навистина вон тоа. Тие само седат и го вдишуваат климатизираниот воздух без ниту едно движење. Келнерката доаѓа за да нарачаме и тоа малку ги разбудува, но се уште не се подготвени да нарачаат па таа повторно заминува.
- Јас не си одам од тука - вели Силвија.
Ми се враќа сликата на стариот човек со шеширот. - Замисли како било тука пред климатизацијата - велам јас.
- Замислувам - вели таа.
- На толку жежок пат и со слаба задна гума каква што е мојата, не би смееле да возиме над сто - велам јас.
Никој не вели ништо.
За разлика од нив, Крис изгледа како да е вратен во неговата нормална состојба, немирен е и набљудува се. Кога храната пристигнува, за миг ја јаде и потоа, додека ние се уште ја јадеме првата половина, сака уште. Добива додаток и го чекаме додека не заврши со јадењето.
Возиме на патот а жештината станува сурова. Наочарите веќе не се доволни за оваа спарина. Потребна е маска за заварување.
Висорамнините минуваат во измиени и истенчени ридови. Се е светло бело и изгорено. Никаде ниту страк трева. Само ретки стебленца пиреј и камења и песок. Црнината на патот е олеснување за погледот, па гледам во неа и набљудувам како нејасната површина минува под потпирачот за нозе. Освен тоа, гледам дека левата испусна цевка станала помодра отколку порано. Плукам на површината на ракавицата, ја допирам цевката и забележувам дека плунката црцори. Не е добро. Сега е важно само да се продолжи со тоа и човек да не се бори во мислите…контрола на духот…

Сега би говорел за Федаровиот нож. Тоа ќе помогне да се сфатат некои работи за кои разговаравме.
Примената на тој нож, делењето на светот на состојки и градењето на оваа структура - тоа е нешто што секој го прави. Цело време сме свесни за безброј нешта околу нас - тие променливи облици, тие ридови кои горат, звукот на моторот, чувствувањето на гасот, секој камен и пиреј и ограда и отпадок крај патот - свесни

сме за тие нешта, но тие не ни оставаат впечаток освен ако не одразуваат нешто што сме однапред подготвени да го забележиме. Невозможно е да се забележат сите тие нешта и истите да се запаметат, бидејќи во тој случај мозокот би ни бил толку полн со некорисни детали што не би биле способни да мислиме. Од целата таа свесност мораме да бираме, и она што ќе го избереме и што ќе го наречеме свесна свесност никогаш не е исто што и свесноста, бидејќи таа се менува при постапката на избирање. Ние земаме ракатка песок од бескрајниот пејсаж на свесноста околу нас, и таа ракатка песок ја нарекуваме свет.
Кога еднаш ја имаме таа ракатка песок, тој свет за кој сме свесни, врз него почнува да работи процесот на расчленување. Тоа е ножот. Го расчленуваме песокот на делови. Ова и она. Тука и таму. Црно и бело. Сега и тогаш. Расчленувањето е поделба на вселената на свеста на делови.
Таа ракатка песок на почетокот изгледа еднолично, но колку подолго се набљудува толку се чини поразлична. Секое зрнце песок е различно. Не постојат две еднакви. Некои зрнца се слични на еден начин, други се слични на друг, па песокот можеме да го расчлениме во посебни купчиња врз основа на таа сличност и несличност. Нијансите боја во различни купчиња…големините во различни купчиња…формите на зрнца во различни купчиња…степените на темност на различни купчиња…и така натаму, и така натаму. Можеби би помислиле дека процесот на субподелба и класификација некаде завршува, но тој не завршува. Тој едноставно оди и понатаму и понатаму.
Класичното поимање се занимава со купчињата, основата за нивното делење и нивното меѓусебно поврзување. Романтичното поимање се концентрира врз ракатката песок пред да почне делбата. Обата начина на набљудување на светот се исправни, иако се меѓусебно непомирливи.
Она што е непоходно потребно во овој момент е таков начин на гледање на светот кој не врши насилие над ниту едно од овие две поимања, туку ги здружува во едно. Таквото поимање нема да ја отфрли ниту поделбата на песокот ниту испитувањето на неподелениот песок. Наместо тоа, таквото поимање ќе се обиде да го насочи вниманието врз бескрајниот пејсаж од кој е земен песокот. Ете тоа е она што сакаше да го постигне Федар, тој слаб хирург.
За да се сфати она што тој се обидуваше да го направи, потребно е да се види дел од пејсажот, кој е неделив од него, тој мора да се разбере, а тоа е човекот сред пејсажот што го дели песокот на купчиња. Да се види пејсажот а да не се види тој

човек значи пејсажот воопшто да не се види. Да се отфрли оној дел од Буда кој ја врши анализата на моторот, значи потполно да се промаши Буда.
Постои вечно прашање кое прашува кој дел од моторот е Буда, кое зрнце песок во кое купче е Буда. Оној кој го поставува тоа прашање очигледно гледа во погрешна насока, бидејќи Буда е насекаде. Но истоветно постапува и оној кој гледа во точната насока, бидејќи Буда е насекаде. Многу е веќе кажано за Буда кој постои независно од било каква аналитичка мисла - некое ќе речат дури и премногу, па така ќе го доведат под сомневање секој обид на тоа нешто да се додаде. Но за Буда кој постои внатре аналитичката мисла, и на неа и дава правец, за него очигледно не е ништо кажано, и за тоа постојат историски разлози. Но историјата и понатаму се случува, и се чини дека не би било штетно а можеби дури и би било од полза на нашето историско наследство да му се придодаде малку разговор на оваа тема.
Кога аналитичката мисла, ножот, се применува во однос на искуството, при тој процес нешто се убива. Тоа е добро познато, барем во уметноста. Искуството го довело Марк Твен до заклучокот според кој, откако го совладал аналитичкото знаење потребно за пловење по Мисисипи, открил дека реката ја загубила својата убавина. Нешто навистина умира. Но - тоа во уметноста помалку се забележува - нешто исто така секогаш бива и создадено. И наместо да се занимаваме со она што умрело, важно е истовремено да се согледа што е создадено и тој процес да се набљудува како некој вид непрекинатост на умирања и раѓања кој не е ниту добар ниту лош, туку само траен.

Минуваме низ град кој се вика Мармат но Џон не застанува ни да здивне па така продолжуваме. Се поголема жега, земјата е се поодбивна, минуваме преку граница и влегуваме во Монтана. На тоа ни укажува знак покрај патот.
Силвија мавта со рацете горе-долу и јас притискам на сирената наместо одговор, но кога го здогледувам знакот моето расположение не е воопшто славеничко. Информацијата од знакот во мене предизвикува изненадувачка внатрешна напнатост која за нив не постои. Тие никако не можат да знаат дека сме сега во земјата каде живееше тој.

Сиот овој досегашен разговор за класичното и романтичното поимање мора да изгледа како чуден заобиколен пат до неговиот опис, но тој заобиколен пат е единствен по кој се стигнува до Федар. Кога би се опишал неговиот физички изглед

или кога би се дале податоци за неговиот живот би се останало на она лажливото, на површностите. И директното стигнување до него би значело предизвикување несреќа.
Тој беше душевно болен. А кога директно гледате во некого кој е душевно болен во него го гледате само одразот на своето знаење дека тој е душевно болен, што значи дека воопшто не го гледате. За да го видите морате да го видите она што тој го видел, а кога се обидувате да го видите виденијето на душевниот болен заобиколниот пат е единствената стаза која води до него. Во спротивно вашите мислења го блокираат патот. Постои само еден пристап до него за кој гледам дека е прооден, а имаме уште многу за одење.
Се впуштив во сета оваа работа со анализите и дефинициите и хиерархиите не поради нив самите туку за да положам темели за разбирање на правецот во кој тргна Федар.
Пред некоја вечер му реков на Крис дека Федар го минал сиот свој живот прогонувајќи некакво сениште. Тоа е вистина. Сеништето кое го прогонувал лежи во основата на сета технологија, сета модерна наука, сета западна мисла. Тоа е сеништето на рационалноста. Му реков на Крис дека тој го пронашол тоа сениште и дека кога го нашол добро го натепал. Мислам дека тоа во преносна смисла е вистина. Нештата кои ќе ги изнесам на светлината на денот во текот на нашето напредување се само некои нешта кои тој ги открил. Сега времињата се такви што најпосле и другите можат да ја разберат нивната вредност. Во тие времиња никој не би го видел сеништето кое Федар го прогонувал, но мислам дека сега се поголем број луѓе го гледа или барем го насетува во тешки моменти, тоа сениште кое себеси се нарекува рационалност, но неговата појава е некохерентна и без значење, а како негов резултат најобичните секојдневни постапки изгледаат помалку лудо поради својата неповрзаност со било што друго. Тоа е сеништето на нормалните секојдневни претпоставки кое тврди дека конечната смисла на животот, т.е. самото одржување на животот, не е можно, но дека тоа е сепак неговата конечна смисла, оттаму големите умови очајно се борат да ги излечат болестите за луѓето да живеат подолго, а само лудите прашуваат зошто. Човекот живее подолго за да живее подолго. Друга смисла нема. Тоа го вели сеништето.

Во Бејкер, каде застануваме, термометарот покажува 42 степена во сенка. Кога ги симнав ракавиците резервоарот со бензин беше толку жежок што не можев да го допрам. Моторот испушта лоши звуци заради преголемото загревање. Многу

лошо. И задната гума е прилично истенчена и јас под раката можам да почувствувам дека е речиси исто толку жешка колку и резервоарот.
- Ќе мораме малку да забавиме - велам.
- Што?
- Мислам дека не смеам да возам над осумдесет - велам.
Џон ја гледа Силвија и таа го гледа него. Тие веќе нешто коментирале во врска со мојата бавност. Ми изгледаат како да им е преку глава од неа.
- Само би сакале да стигнеме бргу - вели Џон, па обајцата фрлаат поглед кон ресторанот.
И синџирот е жежок и сув. Во десната торба барам спреј за подмачкување, го наоѓам, го палам моторот и го подмачкувам синџирот додека моторот работи. Синџирот е толку жежок што спрејот испарува за миг. Потоа налевам малку масло, го пуштам моторот да работи една минута па го гасам. Крис стрпливо чека, потоа ме следи до ресторанот.
- Ми се чини дека рече дека големата неволја настапува вториот ден - вели Силвија додека се приближуваме до сепарето каде седат.
- Вториот или третиот - одговарам.
- Или петиот или шестиот?
- Можеби.
Таа и Џон повторно се гледаат со неодамнешниот израз на лицата. Како да велат: - Некој е прекуброен. - Можеби би сакале да побрзаат напред и да ме пречекаат во некој град. Јас самиот би им го предложил тоа, но знам дека доколку почнат да возат многу побргу од мене нема да ме чекаат во никаков град. Ќе ме чекаат покрај патот.
- Не ми е јасно како овдешните луѓе го поднесуваат ова - вели Силвија.
- Но, ова е сурова земја - велам јас со трошка лутина. - Тие знаат дека е таква пред да пристигнат тука, па се подготвени на тоа.
Па додавам: - Ако некој се жали, тој со тоа само им го отежнува поднесувањето на другите. Тие се жилави. Знаат како може човек да издржи.
Џон и Силвија не говорат премногу, па Џон набрзина ја пие неговата кока-кола и тргнува кон шанкот за да "дрмне" нешто посилно. Јас излегувам надвор и го проверувам багажот и гледам дека еден нов ремен е слабо стегнат, па ги разврзувам лабавите јажиња и повторно ги врзувам.
Крис покажува на термометарот изложен на сонце и гледаме дека живата се кренала високо над 50 степени.

Пред излегувањето од градот повторно сум испотен. Периодот на разладување не трае ниту пола минута.
Жештината едноставно не меле. Дури и со наочари за сонце морам да мижам. Нема ништо освен песок кој гори и толку светло небо што е тешко некаде да се гледа. Едноставно насекаде е вжештено до белило. Вистински пекол.
Џон јури напред се побргу и побргу. Јас кревам раце од тоа да го следам и забавувам на деведесет. Освен ако не си го барате, на оваа жештина нема да возите сто и четириесет на час. Само уште тоа ни треба, да ни пукне гума.
Претпоставувам дека го сфатија она што им го кажав како некој прекор, иако не ми беше тоа намерата. И мене не ми е удобно на оваа жега, но нема смисла човек за тоа да се расправа. Додека јас цел ден размислував и говорев за Федар, тие веројатно размислуваа колку е грозно сето ова. Тоа е она што всушност ги исцрпува. Размислувањето.

Некои нешта можат да се кажат за Федар како за индивидуа:
Беше познавач на логиката, класичниот систем кој ги опишува правилата и постапките на систематското мислење кое помага во структурирањето и меѓусебното поврзување на аналитичкото знаење. Беше толку брз во тоа што неговиот коефицијент на интелигенција по тестот Стенфорд-Бинет, кој во основа ја мереше вештината на аналитичкото манипулирање, изнесуваше 170, а таа бројка се јавува само кај еден од педесет илјади луѓе.
Беше систематичен, но кога би се рекло дека размислуваше и работеше како машина тоа би значело да не се разбере природата на неговото размислување. Тоа не беше слично на клиповите и запчаниците и тркалата кои се движат како едно, масивни и координирани. Наместо тоа на памет ми паѓа ласерскиот зрак: сноп светлина со огромна енергија со толкава концентрација што доколку би бил испратен на месечината од Земјата би можел да се види неговиот одраз. Федар не се обидуваше да ја искористи својата генијалност за општото просветлување. Беше во потрага по една специфична цел, нишанеше во неа и ја погоди. И тоа беше се. Општото расветлување на таа цел која тој ја беше погодил изгледа сега чека на мене.
Пропорционално со неговата интелигенција, тој беше екстремно осамен. Не се памети дека имал блиски пријатели. Патуваше секогаш сам. Секогаш. Дури и во друштво со други луѓе беше сосема сам. Понекогаш луѓето го чувствуваа тоа и

сметаа дека со тоа тој ги отрфла, па не го сакаа, но нему не му беше важно тоа што луѓето не го сакаат.
Се чини дека неговата жена и неговото семејство страдаа најмногу. Жена му велеше дека оние кои се обидувале да ги пречекорат неговите граници наидувале на празнина. Јас мислам дека тие копнееја по некоја љубов која тој никогаш не ја покажуваше.
Никој всушност не го познаваше. Тој очигледно сакаше тоа да биде така, па така и беше. Можеби неговата осаменост беше резултат на неговата интелигенција. Можеби таа беше причината. Но тие двете беа секогаш заедно. Таинствена осаменичка интелигенција.
Тоа сепак не е доволно, бидејќи тоа и сликата на ласерскиот зрак не наведуваат на помислата дека тој бил потполно студен и бесчуствителен, а тоа не е вистина. Тој беше занесен ловец во своето прогонување на она што самиот го нарече сениште на рационалноста.
Во овој момент станува особено жив еден исечок од една сцена во планините каде сонцето веќе половина час беше зад планините, а раниот самрак ги претвори дрвјата и карпите во речиси поцрнети сенки со модра и сива и кафена боја. Федар беше тука веќе трет ден без храна. Храна немаше но тој длабоко размислуваше и спознаваше и не сакаше да замине. Не беше далеку од местото каде знаеше дека постои пат, па не се грижеше.
Во самракот кој се спушташе виде дека нешто се движи на патот, а личеше на пес кој му се приближува, на голем овчарски пес или на животно слично на ескимски пес, и тој се прашуваше што довело еден ваков пес на тоа мрачно место во тоа доба на ноќта. Нему пците му беа драги, но ова животно се движеше на таков начин што го вкочани. Се чинеше дека го гледа, дека го испитува. Федар долго време ѕyреше во очите на тоа животно, и во еден миг почувствува некој вид препознавање. Тогаш песот исчезна.
Многу подоцна сфати дека тоа беше шумски волк, и сеќавањето на тоа доживување долго тлееше во него. Мислам дека тоа беше така затоа што тој во него го виде сопствениот лик.
Фотографијата може да покаже физички лик на кој времето е статично, а огледалото може да покаже физички лик во кој времето е динамично, но мислам дека она што тој го виде во планината беше потполно друг вид на лик кој не беше ниту физички ниту пак воопшто постоеше во времето. Сепак, тоа беше некој вид

лик и затоа тој почувствува некакво препознавање. Тоа сега ми се јавува мошне живо бидејќи сношти повторно го видов како лик на самиот Федар.
Исто како и оној шумски волк во планината и тој поседуваше некоја животинска храброст. Одеше по својот пат не водејќи сметка за последиците, а тоа понекогаш ги вчудовидува луѓето исто како што ме вчудовидува мене сега додека слушам за тоа. Но таа храброст не извираше од некаква идеалистичка идеја за саможртва, туку единствено од интензитетот на неговото прогонство, и во тоа немаше ништо благородно.
Јас мислам дека причина на неговото прогонување на сеништето на рационалноста беше тоа што тој сакаше да се освети бидејќи чувствуваше дека и самиот е обликуван по нејзин терк. Сакаше да се ослободи од сопствениот лик. Сакаше да го уништи сеништето бидејќи тоа сениште беше самиот тој, па оттаму сакаше да се ослободи од врските со сопствениот идентитет. На некој чуден начин тоа ослободување беше постигнато.
Оваа приказна за него веројатно изгледа вонземна, но нејзиниот највонземски дел допрва следи. Ова е мојот однос кон него. Тој до сега беше потиснуван и замаглуван, но наспроти се мора да биде изнесен.
Прв пат го открив преку следење на некоја чудна низа случувања од пред многу години. Еден петок отидов во канцеларија и завршив многу работа пред видендот и бев многу среќен поради тоа, па подоцна истиот ден отидов на некоја забава каде, откако предолго и прегласно разговарав со сите и откако испив премногу, влегов во некоја споредна соба малку да прилегнам.
Кога се разбудив, видов дека сум ја преспал целата ноќ, бидејќи веќе во собата влегуваше дневна светлина, па помислив:"Боже, не знам ниту како се вика домаќинот!", и се прашував до какви ли неволји може да доведе тој факт. Собата ми изгледаше како онаа соба во која легнав да спијам, но кога влегов во неа беше мрачно а јас освен тоа бев пијан како клен.
Станав и забележав дека облеката ми е променета. Тоа не беше облеката која ја носев претходната ноќ. Излегов низ вратата, но на мое изненадување излезот не водеше во други соби од куќата туку во еден долг ходник.
Додека чекорев низ ходникот ми се чинеше дека сите гледаат во мене. Три пати ме застануваат непознати и ме прашуваа како се чувствувам. Мислејќи дека ме прашуваат за моето пијанство одговорив дека не чувствувам ниту мамурлук, што едниот од нив го натера на смеа, но потоа бргу се совлада.

Во собата на дното на ходникот видов маса околу која нешто се случуваше. Седнав крај неа надевајќи се дека ќе останам незабележан додека не сфатам за што се работи. Но веднаш дојде некоја жена облечена во бело и ме праша дали го знам нејзиното име. И го прочитав името од бецот на блузата. Таа не го забележа тоа, и изгледаше изненадена, потоа брзајќи замина.
Кога се врати со неа беше некој човек ој гледаше право во мене. Седна крај мене и ме праша дали го знам неговото име. Му го кажав подеднакво изненаден што го знам колку и тие.
- Прерано е за ова - рече.
- Местово изгледа како некоја болница - реков.
Тие потврдија.
- Како дојдов тука? - прашав, мислејќи на забавата. Мажот не рече ништо а жената погледна во подот. Не ми беше објаснето ништо.
Ми беше потребно повеќе од една седмица за да изведам заклучок од случувањата околу мене дека се пред моето будење било некој сон а сето потоа стварност. Не постоеше никаква основа за разликување на сонот од јавето освен се поголемото трупање на нови случувања кои понекогаш сведочеа против она пијанство. Искрснаа некои детали, како заклучената врата зад која не можев да се сетам дека некогаш сум погледнал. И парче хартија од судот кое ми велеше дека некоја личност е прогласена за душевно болна. Дали под тоа ме подразбираа мене?
Најпосле ми беше објаснето: - Вие сега имате нова личност. - Но таа изјава не беше никакво објаснување. Ме збуни повеќе отколку било што друго, бидејќи јас воопшто не бев свесен за некаква своја "стара" личност. Да ми речеа "Вие сега сте нова личност", ќе ми беше многу појасно. Тоа би се вклопило во приказната. Но тие направија грешка размислувајќи за личноста како за некој вид имот, како за одело кое човек го носи. Но што друго постои освен личноста? Малку коски и месо. Збир на административни податоци, можеби, но никако некоја личност. Коски и месо и административни податоци, тоа е облека носена од некоја личност, а не обратно. Но која беше таа стара личност која тие ја познаваа и за која претпоставуваа дека сум нејзино продолжување?
Тоа беше моето прво насетување на постоењето на Федар, пред многу години. Идниот ден и седмици и години дознав многу повеќе.
Беше мртов. Уништен по судски налог, со спроведување на високонапонска наизменична струја низ неговиот мозок. Приближно 800 милиампери во траење од

0.5 до 1.5 секунди и така дваесет и осум пати по ред, во процес кој стручно се нарекува "бришење со електрошокови". Една цела личност е ликвидирана без трага, со помош на еден технички совршен процес кој од тогаш го одредуваше нашиот однос. Никогаш не сум ја сретнал таа личност. Никогаш и нема да ја сретнам.
Па сепак некои чудни записи од неговата меморија одеднаш се поврзуваат со овој пат и пустинските ровови и вжештениот песок околу нас и се јавува некое необично поклопување и затоа знам дека тој сето ова го имал видено. Тој бил тука, инаку јас тоа не би го знаел. Мора да е така. И гледајќи ги тие нагли стопувања на виденото и сеќавајќи се на некои чудни исечоци од мисли чие потекло не го знам, се чувствувам како видовит, како медиум кој прима пораки од некој друг свет. Тоа е така. Ги гледам нештата со свои очи, но истовремено ги гледам со негови очи. Некогаш тие биле негови.
Тие ОЧИ! Тоа е ужасот во сето тоа. Тие раце во ракавици кои сега ги гледам, кои управуваат со моторот на патот, тие некогаш биле негови! И ако можете да го замислите чуството кое се раѓа притоа, тогаш можете да разберете што значи вистински страв - страв кој се раѓа од знаењето дека не можете да избегате, никогаш и никаде.

Се наоѓаме во кањон со ниски страни. Наскоро покрај патот се појавува паркинг кого го очекував. Неколку клупи, мала зграда и малку закржлавени дрвја со цевки за поливање. Џон, Боже сочувај, е на излезот од другата страна, подготвен да тргне по патот.
Го игнорирам тој факт и застанувам покрај зградата. Крис скока од моторот па го креваме на потпирач. Жештина избива од моторот како тој да гори, испуштајќи бранови кои го извитоперуваат изгледот на сето она што е наоколу. Под око забележувам дека вториот мотор се враќа. Кога ни се приближуваат, обајцата луто ме погледнуваат.
Силвија вели: - Ние сме баш…лути!
Јас ги кревам рамениците и одам до чешмата.
- Џон вели: - Каде е сета онаа издржливост за која ни раскажуваше?
Го погледнувам и сфаќам дека е навистина лут. - Се плашам дека тоа сте го сфатиле пресериозно - велам и потоа се вртам. Почнувам да пијам вода и сета е лигава, како сапуница. Сепак ја пијам.

Џон влегува во зградата за да ја потопи кошулата во вода. Го проверувам маслото. Капакот на филтерот за масло е толку жежок што ме пече и преку ракавици. Моторот не загубил многу масло. Задната гума е се полоша но може уште да служи. Синџирот е доволно затегнат но малку е исушен, па повторно го подмачкувам за да бидам сигурен. Најважните завртки се добро стегнати.
Џон целиот накиснат се приближува и вели: - Овој пат ти оди напред, а ние ќе возиме зад тебе.
- Нема да возам бргу - велам.
- В ред - вели тој. - Некако ќе стигнеме.
И така поаѓам напред и тоа полека. Патот низ кањонот е нешто подолг од оној дел од патот кој веќе го минавме, како што и очекував, но почнува да завива низбрдо. Изненадување.
Патот малку завива, потоа отстапува од правецот по кој би требало да одиме, потоа се враќа. Наскоро малку се качува, потоа се качува уште повеќе. Се нишаме под агол кон тесните провалии, потоа малку повеќе и секој пат се повеќе.
Се појавуваат некои грмушки. Потоа ситни дрвја. Патот и понатаму се качува низ трева, потоа меѓу оградени ливади.
Над нас се појавува мал облак. Можеби ќе врне? Можеби. Ливадите мораат да добиваат дожд. А на овие има и цвеќе. Чудно е како сето тоа се изменило. На картата не постои ништо што би го означило тоа. И свеста за сеќавањето исто така исчезнала. Федар веројатно не поминал по овој пат. Но друг пат не постои. Чудно. И понатаму се качуваме.
Сонцето се навалува кон облакот, кој сега толку пораснал што го допира хоризонтот над нас под кој се назираат борови, а студениот ветер се спушта од тие дрвја носејќи мирис на смола. Ливадското цвеќе се ниша на ветерот а моторот малку се навалува и одеднаш ни е студено.
Го гледам Крис и тој се смее. И јас се насмевнувам.
На патот потоа почнува да паѓа дожд со мирис на земја кој се крева од прашината која предолго чекала, а онаа крај патот се дамкосува од првите капки дожд.
Сето тоа е толку ново. И тоа ни е толку потребно, нов дожд. Облеката ми е мокра, наочарите се испрскани, ме полазуваат студени морници и се чувствувам одлично.
Облакот минува под сонцето па боровата шума и малата ливада повторно блескаат, искрејќи на местата каде сончевата светлост паѓа врз капките дожд.
Стигнуваме на врвот на качувањето повторно суви но освежени, застануваме свртени кој огромната долина и реката под нас.

- Мислам дека стигнавме - вели Џон.
Силвија и Крис талкаат по ливадата помеѓу цвеќињата под боровите низ кои можат да ја видат другата страна на долината, далеку под нас.
Сега сум како доселеник кој ја здогледал ветената земја.

ВТОР ДЕЛ

8

Сега е околу десет часот наутро и јас седам покрај моторот на студениот раб на плочникот, во сенка зад хотелот кого го пронајдовме во градот Мајлс Сити, Монтана. Силвија и Крис се во пералната каде ја однесовме нашата облека. Џон замина за да пронајде штитник за својот шлем. Му се чини дека видел еден во продавницата за мотори при нашето вчерашно влегување во градот. А јас се подготвувам малку подобро да го проверам моторот.

Сега се чувствуваме добро. Тука стигнавме претпладне и добро се наспавме. Беше паметно што застанавме. Толку бевме оглупавеле од исцрпеност што не ни знаевме колку сме уморни. Кога Џон се обиде да земе соби, не можеше да се сети како се викам. Рецепционерката не праша дали се наши оние "фамозни, фантастични мотори" пред хотелот, а ние толку жестоко се насмеавме што таа се зачуди што е толку смешно. Тоа беше само изнасилена смеа од преголем умор. Бевме пресреќни што ги оставивме паркирани и што за промена чекориме.
А бањањето! Во убава стара емајлирана када од лиено железо што се опчекорила на лавовски шепи сред мермерниот под, чекајќи само на нас. Водата беше толу блага што помислив дека никогаш нема да го симнам сапунот од себе. После тоа се прошетавме по главните улици и се чувствувавме како едно семејство…
Овој мотор сум го проверувал толку многу пати што тоа е веќе ритуал. Веќе не морам да размислувам како се прави тоа. Само од око проверувам дали има нешто необично. Моторот почнува полека да бучи како да е олабавена некоја клацкалка, но би можело да се работи и за нешто полошо, па затоа сакам да го наштелувам за да видам дали тој звук ќе продолжи и понатаму. Местењето на клацкалките мора да се прави кога моторот е студен, што значи дека на него морате да работите наутро на она место каде ќе го паркирате одвечер, и затоа сега седам во сенката на работ на плочникот зад хотелот во Мајлс сити, Монтана. Во моментов воздухот е студен во сенка и таков можеби ќе биде уште еден час додека сонцето не се пробие низ крошните, а тоа е добро кога се поправа мотор. Важно е овие мотори да не ги поправате стоејќи директно на сонце или доцна во текот на денот кога мозокот веќе почнува да ви се мати, бидејќи и покрај тоа што можеби сте го правеле истото веќе стотина пати сепак морате да бидете будни и да внимавате на некои нешта.

Не може секој да разбере колку е целосно рационален процесот на ваквото одржување на моторот. Луѓето мислат дека се работи за некој вид "финта" или некој вид "склоност кон мотори". Тие имаат право, но "финтата" речиси целосно претставува мисловен процес, а повеќето проблеми се резултат на она што првите радиоаматери го нарекувале "краток спој помеѓу две слушалки во ушите", на пропустот наречен правилна употреба на главата. Моторот функционира во целосен склад со законите на здравиот разум, и проучувањето на уметноста на одржување на моторот е всушност минијатурно проучување на уметноста на самата рационалност. Вчера реков дека Федар го прогонуваше сеништето на рационалноста и дека тоа го доведе до неговата душевна пореметеност, но за да се сфати тоа битно е човек да се држи до секојдневните примери на рационалноста, за да не се загуби во генерализации кои никој друг не може да ги разбере. Разговорот за рационалноста може да предизвика голема збрка ако во него не се вклучат и нештата со кои се занимава рационалноста.
Сега се наоѓаме пред класично-романтичната брана, каде на едната страна го гледаме моторот онаков каков што ни се појавува во првиот момент - и тоа е значаен начин на гледање на моторот - а на другата страна можеме да почнеме да го гледаме онака како што го гледа еден механичар, во смисла на неговата скриена форма - што е исто така значаен начин на гледање на нештата. Овој алат на пример - клучов - во себе има одредена романтичка убавина, но неговата намена е секогаш и исклучиво класична. Тој служи за да ја менува скриената форма на моторот.
Порцеланот на оваа прва свеќичка е прилично потемнет. Тоа е и класично и романтички грдо бидејќи значи дека цилиндерот добива премногу гориво а премалку воздух. Молекулите на јаглерод во бензинот не добиваат доволно кислород за да се спојат со него, па едноставно се собираат на свеќичката. Кога пристигнавме во градот вчера моторот работеше малку пресилно во празен од, што е знак за истата работа.
За да проверам дали тоа се случува само во еден цилиндар, го проверувам и другиот. Обата се еднакви. Го вадам џепниот нож, го земам стапот што лежи во дупка во земјата и му го острам едниот крај за да ги исчистам свеќичките, прашувајќи се што би можело да го предизвикува тоа замастување. Тоа не би смеело да има врска со клиповите или вентилите. А карбураторот ретко се расипува. Главните млазеви се прејаки, што предизвикува замастување при големи брзини, но свеќичките претходно беа многу почисти иако цевчињата за

вбризгување се истите. Загатка. Секогаш сте опкружени со загатки. Но ако се обидете да ги решите сите, никогаш нема да го поправите моторот. Не постои непосреден одговор, па тоа едноставно го оставам како нерешено прашање. Првката клацкалка добро легнува, не е потребно никакво стегање, па минувам на другата. Има уште доволно време пред сонцето на ги надвиши оние дрвја…Секогаш кога го работам ова се чувствувам како во црква…Мерното ливче е некој вид икона и јас со него вршам посветен обред. Тоа припаѓа на збирката која се вика "прецизни мерни инструменти" што во класична смисла има длабоко значење.

Кај моторите таа прецизност не се одржува заради некаква романтична или перфекционистичка причина. Едноставно се работи за тоа дека големата топлинска сила и експлозивен притисок внатре овој мотор можат да бидат контролирани само со помош на прецизноста што ја овозможуваат овие инструменти. Секоја експлозија ја бутка спојката врз коленестото вратило со површински притисок од неколку тони по квадратен сантиметар. Доколку спојот на шипката и коленестото вратило е прецизен, експлозивната сила ќе се пренесе лесно и металот лесно ќе го издржи тоа. Но ако спојот е лабав и тоа за само неколку илјадити делови од сантиметарот, силата ќе се пренесе нагло, како удар на чекан, па површината на шипката, лежиштето и коленестото вратило набргу ќе се излижат, создавајќи бучава која во почетокот звучи како да се олабавени клацкалките. Поради тоа сега ја вршам оваа проверка. Ако шипката е лабава и ако се обидам да возам низ планините без да ја поправам, наскоро бучавата ќе стане се погласна и погласна додека шипката потполно не се одвои, додека не удри во коленестото вратило и не го уништи моторот. Понекогаш скршената шипка пробива кратер и го истура сето масло на патот. Тогаш она што ви преостанува е да почнете да пешачите.

Но сето тоа може да се пречи со штелување со прецизност од илјадити делови од сантиметарот а кое ви го овозможуваат прецизните мерни инструменти и нивната класична убавина - не она што вие го гледате, туку она што тие го означуваат - а таа се состои во она што тие можат да го направат во рамките на контролата на скриената форма.

Втората клацкалка е в ред. Минувам на уличната страна на моторот и почнувам да се занимавам со вториот цилиндар.

Прецизните инструменти се предвидени за преку нив да се стигне до идејата, до димензионалната прецизност, чие совршенство е невозможно. Не постои совршено обликуван дел од моторот ниту пак некогаш ќе постои, но кога на тоа

совршенство ќе му се приближите онолку колку што до него можат да ве доведат овие инструменти, тогаш се случуваат значајни нешта, и вие почнувате да летате преку полињата носени од сила која би била нарекувана волшебна кога не би била, во секој поглед, толку рационална. Разбирањето на таа рационалност на интелектуалната идеја е од темелна важност. Џон го набљудува моторот и при тоа гледа челик во различни форми, чувствува одбивност кон нив и го отфрла сето тоа. Сега ги набљудувам тие челични облици и во нив гледам идеи. Тој мисли дека работам врз делови, а јас всушност работам врз концепти.
За тие концепти говорев вчера кога реков дека моторот може да се подели во однос на своите составни делови и во однос на своите функции. Кога го реков тоа јас всушност создадов низа од кутивчиња со следниот распоред:

МОТОР

СОСТАВНИ ДЕЛОВИ ФУНКЦИИ

ПОГОНСКИ МЕХАНИЗАМ РАБОТЕН МЕХАНИЗАМ

Гледате дека секогаш кога ќе извршам понатамошна поделба се јавуваат се повеќе кутивчиња кои се темелат врз тие поделби се додека не добијам голема пирамида од кутивчиња. На крај гледате дека додека го разградував моторот на се поситни и поситни делови, истовремено градев една структура.
Таа структура на концепти формално се нарекува хиерархија и таа од древни времиња претставува темелна структура на сето знаење на Западот. Кралствата, царствата, црквите, војските, сите тие се структурирани според хиерархиски принцип. Денешното деловно работење е структурирано според истиот принцип. Истоветно се структурирани и референците и содржините во книгите, механичките конструкции, компјутерските програми, сите природонаучни и технички науки - и тоа во толку голема мерка што хиерархијата во некои области (како на пример коло-ред-класа-род-врста во биологијата) е кренатa на ниво на нешто свето. Кутивчето "мотор" ги содржи кутивчиња "составни делови" и "функции". Кутивчето "составни делови" ги содржи кутивчињата "погонски механизам" и "работен механизам", и така натаму. Постојат и многу други видови структури кои се создаваат како резултат на други агенси, како што е агенсот е причина на кој создава долга низа структури во форма на "А е причина за Б, што пак е причина на

В, што пак го причинува Г" и така натаму. Функционалниот опис на моторот ја користи таа структура. Агенсите постои, е еднакво на, вклучува, создаваат други структури. Тие структури обично се меѓусебно поврзани со толку сложени и толку големи шеми и патишта што никој жив не може да разбере повеќе од еден мал нивен дел во текот на целиот свој живот. Заедничкото име на овие меѓусебно поврзани структури е систем, а хиерархијата на содржината и структурата на каузалноста се само негови подвидови. Моторот е еден таков систем. Реален систем.

Да се зборува за некои административни и општествени институции како за "систем" значи да се зборува вистината, бидејќи тие организации се темелат на истите структурални концептуални односи како и моторот. Тие се потпираат на структурални односи дури и кога ќе загубат секаква друга смисла и цел. Луѓето доаѓаат во фабриката и вршат потполно бесмислени должности од осум наутро до пет попладне без да приговараат бидејќи структурата тоа го бара. Не постои таков никаквец, таков подлец кој сака тие да живеат бесмислен живот, туку самата структура, самиот систем го бара тоа, а никој не сака да се зафати со страшната задача да ја менува структурата само затоа што таа е бесмислена.

Но да се сруши една фабрика или да се нападне една влада, или да се избегнува поправањето на моторот затоа што тука се работи за систем, значи да се нападнат последиците наместо причините; и се додека се напаѓаат само последиците, не е можна никаква промена, Првиот систем, реалниот систем, тоа е нашето сегашно градење на самата систематска мисла, самата рационалност, па ако фабриката е срушена а рационалноста која ја произвела е нечепната, таа рационалност едноставно ќе произведе друга фабрика. Ако некоја револуција систематски ја уништи владата, но не го допре систематскиот модел на мислата кој ја создал таа влада, тогаш образецот ќе се повтори во следната влада. Толку многу се говори за системот. А толку малку се разбира.

Ете тоа е всушност моторот, систем од концепти изработен од челик. Во него нема ниту еден дел, ниту една форма кои не изглегле од нечиј ум…клацкалката број три е исто така в ред. Останува уште една. Дај боже да е до неа…Забележав дека на луѓето кои никогаш не работеле со челик им е тешко да го разберат ова - дека моторот е пред се општествена појава. Тие го поврзуваат металот со дадените форми - со цевките, шипките, тркалата, алатот, деловите - кое се постојани и кои тешко можат да се нарушат, и за нив мислат како да се пред се физички. Но човекот кој работи во леарница или ковачница, кој бруси или заварува, не го

замислува "челикот" во ниту еден облик. Челикот може да биде обликуван како што сакате ако сте доволно вешти, или во секој друг облик освен во оној кој го посакувате ако не сте вешти. Облиците, како оваа клацкалка, го претставуваат она до што доаѓате, она што му го давате на челикот. Челикот нема ниту малку повеќе облик од овој куп нечистотија на моторот. Сите овие облици излегле од нечиј ум. Тоа е важно да се сфати. Челик? По ѓаволите, дури и челикот излегол од нечиј ум. Во природата нема челик. Тоа би можел да ви го каже било кој од бронзеното доба. Природата содржи само потенцијал за челик. Друго нема. Но што е тоа "потенцијал"? И тој се наоѓа во нечиј ум!...Сеништа.
Федар всушност говореше за тоа кога рече дека се се наоѓа во умот. Тоа звучи лудо доколку само потскокнете и го кажете тоа без да го поврзете со нешто посебно, како што е моторот. Но кога тоа ќе го поврзете со нешто посебно и реално, тој призвук на лудило ќе почне да исчезува и вие согледувате дека тој можеби кажувал нешто значајно.
Четвртата клацкалка е лабава, а на тоа и се надевав. Ја стегам. Го проверувам редоследот на палење и гледам дека е се уште в ред, а и платинките не се пробиени па ги оставам на мира, ги враќам свекичките на место и го палам моторот.
Времата од клацкалката исчезна, но тоа не значи многу додека маслото е студено. Го пуштам да работи додека го собирам алатот, потоа го јавнувам и се возам кон продавницата за мотори за која вчера ни кажа некој моторџија на улица, надевајќи се дека имаат алки за синџир и нова гума за потпирачот за нозе. Изгледа дека Крис има немирни стопала. Неговите потпирачи постојано се кинат.
Минувам неколку улични блокови а времата од клацкалките се уште не се појавува. Почнува да звучи добро, мислам дека времата исчезнала. Сепак нема да донесувам никакви заклучоци додека не минеме барем педесет километри. Но дотогаш и токму сега сонцето е јасно, воздухот е свеж, мојата глава е бистра, целиот ден е пред нас, веќе сме речиси во планините, ова е убав ден за живеење. Тоа е поради овој редок воздух. Секогаш се чувствувате вака кога почнувате да се качувате на поголеми височини.
Височини! Ете зошто моторот се замастува. Секако, мора да е до тоа. Се наоѓаме на 750 метри надморска височина. ќе биде подобро да се префрлиме на стандардни цевчиња за вбризгување. Потребни се само неколку минути за да се вградат. И малку да го смалам гасот при празен од. Ќе се качуваме многу повеќе отколку до сега.

Под некои дрвја со голема сенка ја пронаоѓам продавницата за мотори на Бил, но не и него. Еден минувач вели дека "можеби отишол некаде на рибарење" оставајќи ја продавницата ширум отворена. Ние навистина се наоѓаме на Запад. Никој не би оставил отворена продавница во Чикаго или Њујорк.
Внатре гледам дека Бил е мехничар од школата на "фотографското помнење". Се е распослано наоколу. Клучеви, одвивачи, стари делови, стари мотори, нови делови, нови мотори, трговски прирачници, внатрешни цевки, се е толку густо и толку натрупано и нафрлано што не можете да ги видите тезгите под предметите. Јас не би можел да работам во вакви услови, но тоа е само затоа што не сум механичар со фотографско помнење. Бил веројатно може да се сврти и да го допре со рака кое било парче алат во таа збрка и притоа да не размислува за тоа каде е тој дел. Сум гледал такви механичари. Човек полудува додека ги гледа, но тие подеднакво добро ја вршат својата работа, понекогаш и подобро. Но, потргнете им еден алат десет сантиметри на лево, и тој ќе загуби три дена додека да го пронајде.
Бил пристигнува и заради нешто се насмевнува. Секако, тој ги има цевчињата за мојот мотор и точно знае каде се. Сепак морам да причекам малку. Мора да ја заврши работата зад куќата со некои делови од марката Харли. Одам со него зад куќата под стреата и гледам дека тој продава цел Харли во делови, освен рамката која купецот веќе ја има. Сето тоа го продава за 125 долари. Цената не е воопшто лоша.
Враќајќи се коментирам: - Овој ќе дознае нешто за моторите пред да го состави сето она.
Бил се смее. - Тоа е и најдобриот начин да се научи.
Има цевчиња за вбризгување и гума за потпирач но нема алки за синџир. Ја местам гумата и цевчињата, го намалувам доводот и се враќам во хотелот.
Силвија и Џон и Крис се симнуваат со багажот. Нивните лица покажуваат дека и тие се во добро расположение исто како и јас. Се спуштаме по главната улица, наоѓаме некој ресторан и нарачуваме бифтеци за ручек.
- Ова е прекрасен град - вели Џон - навистина прекрасен. Изненаден сум што вакви места се уште постојат. Утринава го минав целиот. Имаат вистински чизми, токи за појас со сребрен долар, облека Левис, Стетсонси, се што е потребно…и тоа вистинска стока. А не она што ни го нуди трговската комора…Малку подолу во еден бар утринава почнаа да разговараат со мене како тука да сум го минал целиот живот.

Нарачуваме една рунда пиво. По коњската потковица на ѕидот гледам дека се наоѓаме на подрачјето на пивото од марката Олимпија, па нарачувам такво.
- Веројатно помислија дека сум од некој ранч, или нешто слично - продолжува Џон.
- И тој старец цело време говореше како на несреќните синови нема да им даде ниту скршена пара, и во тоа навистина уживав. Ранчот ќе го остави на ќерките, бидејќи тие несреќни синови го трошат кај Сузи секој цент кој ќе го добијат. - Џон пука од смеење. - Жал му е што воопшто ги одгледал, и така натаму. Мислев дека сето тоа исчезнало пред триесет години, но тука тоа се уште трае.
Пристигнува келнерката носејќи ги бифтеците и веднаш почнуваме да ги сечеме. Работата на моторот ми отвори апетит.
- Уште нешто што би морало да те интересира - вели Џон. - Во барот говореа за Боземан каде што одиме ние. Ми рекоа дека гувернерот на Монтана имал список на педесет радикални универзитетски професори во Боземан кои имал намера да ги отпушти. Потоа погинал во авионска несреќа.
- Тоа беше одамна - одговарам јас. Овие бифтеци се навистина добри.
- Не знаев дека имале многу радикали во оваа држава.
- Имаат тие секакви видови луѓе во оваа држава - велам јас. - Но тука се работеше само за политика со десна ориентација.
Џон додава уште малку сол. Па вели: - Некој уводничар на еден весник од Вашингтон минал оттука и вчера пишувал за истото, затоа сите говореа за тоа. Тоа го потврди и ректорот на универзитетот.
- Дали го објавиле списокот?
- Не знам. Дали познаваше некого од нив?
- Ако имале педесет имиња - велам - моето морало да биде едно од нив.
Обајцата ме гледаат прилично изненадено. Јас за тоа, всушност, и не знам многу. Тоа беше тој, се разбира, и заради тоа со некое чувство на дволичност објаснувам дека "радикалот" од градот Галатин Каунти, Монтана, е малку поинаков од радикалот од било кое друго место.
- Тое е универзитет - велам - од каде била протерана сопругата на претседателот на САД бидејќи била "премногу контроверзна".
- Која?
- Еленор Рузвелт.
- О боже, се смее Џон - тоа било весело.
Тие потајно сакаат да слушнат нешто, но тешко е да се каже било што друго. Тогаш се сетив на една работа: - Во така ситуација вистинскиот радикал всушност има

совршено лесна работа. Може да направи речиси се што сака без никакви последици, бидејќи неговите противници веќе сами направиле будали од себеси. Заради нив тој ќе остави добар впечаток без оглед на тоа што ќе каже.
На излезот од градот минувам покрај парк кој не сум го забележал минатата ноќ. Нешто во моето сеќавање се поклопи со него, слика на набљудување на врвовите на некои дрвја. Тој спиел на клупата во тој парк една ноќ на минување кон Боземан. Заради тоа вчера не ја бев препознал онаа шума. Тој низ неа минал ноќе, на својот пат кон универзитетот во Боземан.

9

Се возиме по долината на реката Јелоустоун, среде Монтана. Долината се менува од западните грмушки жалфија до северозападните житни полиња и обратно, во зависност од тоа дали почвата се наводнува од реката. Понекогаш се качуваме преку стрмните ридови што не водат до наводнуваното подрачје, но обично се наоѓаме до самата река. Минуваме крај споменикот кој говори нешто во врска со Луис и Кларк. Еден од нив минал по овој пат скршнувајќи кај Нортвест Песиџ.
Тоа звучи убаво. Се вклопува во шатакуата. И ние навистина се наоѓаме на некој вид премин. Минуваме и понатаму низ полињата и пустините и денот полека одминува.
Сега сакам повторно да го прогонувам она исто сениште кое го прогонуваше и Федар - самата рационалност, тоа нејасно, сложено, класично сениште на скриената форма.
Утринава говорев за хиерархијата на мислата - за системот. Сега ќе говорам за методите на пронаоѓањето пат низ таквите хиерархии - за логиката.
Постојат два вида логика кои се во употреба, индуктивна и дедуктивна. Индуктивното изведување започнува со набљудување на моторот и стигнува до општи заклучоци. На пример, ако моторот наиде на дупка на патот и се расипе, па потоа наиде на втора дупка и повторно се расипе, потоа мине долго парче прав пат без да се расипе за да наиде на четврта дупка и моторот повторно се расипе, човек логично може да заклучи дека дупките се тие кои го предизвикуваат дефектот. Тоа е индукција: размислување од поединечните искуства кон општите вистини.
Дедуктивното изведување е обратно. Тоа започнува со општото знаење и предвидува поединечни забележувања. Доколку, на пример, после читањето на хиерархија од факти во врска со моторот механичарот знае дека сирената на моторот се напојува со електрицитет само од акумулаторот, тогаш тој логично

може да тврди дека сирената нема да работи доколку акумулаторот е празен. Тоа е дедукција.
Решенијата на проблемите кои се премногу сложени за обичниот здрав разум се постигнува со долга низа од мешовити индуктивни и дедуктивни изведувања кои се колебаат напред-назад помеѓу набљудуваниот мотор и духовната хиерархија на моторот која се наоѓа во прирачниците. Точната програма на тоа преплетување е формализирана во вид на научен метод.
Всушност, никогаш не сум сретнал толку сложен проблем на одржување на мотор кој би барал целосна употреба на формален научен метод. Проблемите на поправањето не се толку тешки. Кога размислувам за формалниот научен метод понекогаш во мислите ми се јавува слика на едно страшно чудовиште, огромен булдожер кој е бавен, упорен, вреден, но непобедлив. Тоа трае два пати подогло, пет пати подолго, можеби десет пати подолго отколку неформалната техника на некој механичар, но вие знаете дека на крај ќе успеете. Не постои ниту еден поединечен дефект кој може да му се спротивстави на ова. А кога ќе налетате на некој тврдокорен дефект, кога се обидувате со сите средства, го цедите мозокот а ништо не постигнувате, тогаш знаете дека тој пат Природата решила да биде тврдоглава, па велите: - В ред, Природо, доста е со пристојности - и посегнувате по формалниот научен метод.
За таа цел водите работилнички дневник. Се се запишува, формално, така што во секое време знаете каде сте, каде сте биле, каде одите и што сакате да постигнете. Во научната работа и електронската технологија тоа е неопходно бидејќи во спротивно проблемите стануваат толку сложени што почнувате да се губите во нив и се збунувате и го заборавате она што го знаете и она што не го знаете и морате да се предадете. При одржувањето на моторот нештата не се толку сложени, но кога ќе почне збрката добро е таа да се спречи со настојувањето се да биде формално и точно. Понекогаш и самиот чин на запишување на проблемот ви ја разбиструва главата и притоа полесно воочувате во што е работата.
Логичките искази кои влегуваат во дневникот се делат на шест категории: 1. опис на проблемот, 2. препоставки за причините на проблемот, 3. експерименти предвидени за испитување на секоја претпоставка, 4. предвидени резултати на експериментот, 5. забележани резултати на експериментот и 6. заклучоци изведени од резултатите на експериментот. Ова не се разликува од формалниот распоред содржан во бројни универзитетски и лабораториски тетратки, но негова

цел во овој случај не е само правилното користење на времето. Негова цел е точното водење на мислата која ќе заталка доколу записите не се исправни. Вистинската смисла на научниот метод е тоа Природата да не ве наведе на помислата дека знаете нешто што всушност не го знаете. Нема таков механичар, ниту пак научник, ниту пак техничар кој, 'изгорен' од горенаведеното, не е инстинктивно внимателен. Тоа е вистинската причина зошто научните и технолошките податоци звучат толку досадно и внимателно. Ако станете невнимателни или научната информација ја облечете во романтично руво, украсувајќи ја од време на време, природата наскоро од вас ќе направи будала. Впрочем таа тоа го чини прилично често дури и кога за тоа не и давате повод. Човек мора да биде крајно внимателен и строго логичен кога има работа со Природата: еден логички пропуст и целата научна градба се руши. Еден погрешен заклучок за моторот и можете бескрајно да се вртите во место.

Во Првиот дел на формалниот научен метод, то ест при описот на проблемот, главната вештина се состои во тоа да не се наведе нешто повеќе од она што човек е апсолутно сигурен дека го знае. Многу е подобро да се настапи со исказот: "Да се реши проблемот: Зошто моторот не работи?" иако тоа звучи глупаво но поточно отколку да се настапи со исказот "Да се реши проблемот: Што не е во ред со електриката?" доколку не сте апсолутно сигурни дека проблемот лежи токму во електриката. Вие можете да го речете следново: "Да се реши проблемот: Што е неисправно на овој мотор", а потоа како прв исказ во Вториот дел да внесете: "Претпоставка број еден: Проблемот лежи во електриката". Замислете ги сите претпоставки на кои можете да се сетите, потоа испланирајте експерименти преку кои ќе испитате кои од нив се вистинити а кои лажни.

Овој внимателен пристап на почетокот ве чува од главните застранувања кои би можеле да ви одземат една седмица залуден труд или потполно да ве закочат. Научните прашања често пати имаат привидно глупав изглед токму од тие причини. Тие се поставуваат за да ги спречат подоцнежните глупави грешки.

Третиот дел, оној дел од формалниот научен метод кој се нарекува изведување на експеримент, романтичарите понекогаш го сметаат за засебна наука, бидејќи тоа е единствениот дел со големо количество видлива површина. Тие гледаат многу епрувети и чудна опрема и луѓе кои трчкаат наоколу и нешто откриваат. Тие не го гледаат експериментот како дел од еден поголем мисловен процес и затоа често пати ги мешаат експериментите со демонстрациите кои изгледаат слично. Човекот кој управува со псевдо-научната престава на страв и ужас со помош на опрема

вредна педесет илјади долари не прави ништо научно доколку знае однапред какви ќе бидат резултатите од неговите напори. Од друга страна, механичарот кој ја вклучува сирената за да види дали е исправен акумулаторот неформално изведува вистински научен експеримент. Тој испитува една претпоставка поставувајќи и прашање на природата. Телевизискиот научник кој тажно мрмори: "Експериментот не успеа, не успеавме да го постигнеме она на што се надевавме" во најголемиот број случаи е жртва на лошиот автор на текстот. Експериментот никогаш не е промашен само затоа што не ги дал очекуваните резултати. Експериментот е промашување само тогаш кога нема да успее адекватно да ја испита односната претпоставка, кога податоците кои ги произведува не докажуваат ништо, на ниту еден начин.

На овој степен вештината се состои во тоа да се прават експерименти кои ја испитуваат само односната претпоставка, ништо повеќе, ништо помалку. Ако сирената затруби и механичарот заклучи дека целиот електричен систем е исправен, тој е во голема неволја. Донел нелогичен заклучок. Трубењето на сирената му говори само дека акумулаторот и сирената се исправни. За добро да го испланира експериментот тој мора да мисли многу строго во смисла на тоа што е чија непосредна причина. Тоа го знаете од хиерархијата. Сирената не го движи моторот. Не го движи ниту акумулаторот, освен на многу посреден начин. Местото на кое електричниот систем непосредно го предизвикува палењето на мотрот се наоѓа во свеќичките, па ако се концентрирате тука, на она што се случува во електричниот систем, вие никогаш нема да знаете дали дефектот е електричен или не.

За добро да го испита проблемот, механичарот ја вади свеќичката и ја положува на моторот така што лежиштето околу свеќичката да биде заземјено, ја притиска ножната педала и гледа дали во процепот на свеќичката ќе се појави модра искра. Ако нема искра тој може да заклучи две нешта: а) постои електричен дефект или б) неговиот експеримент не е в ред. Ако е искусен ќе се обиде уште неколку пати, проверувајќи ги каблите, настојувајќи да се сети на сите можни начини за добивање искра во свеќичката. Потоа, ако на ниту еден начин не добие искра, тој конечно заклучува дека а) електричен дефект навистина постои и експериментот е завршен. Тој докажал дека неговата претпоставка е точна.

Во последната категорија, во заклучоците, вештината се состои во тоа да не се запишува повеќе отколку што докажал експериментот. Не е докажано дека моторот ќе запали доколку механичарот го поправи електричниот систем. Можеби

има уште нешто што е расипано. Но со сигурност се знае дека моторот нема да тргне додека не проработи електричниот систем, па механичарот го постаува следното формално прашање: - Да се реши проблемот: Што е неисправно во електричниот систем?
Тогаш внесува претпоставки за тој случај и ги испитува. Поставувајќи вистински прашања и бирајќи вистински експерименти и извлекувајќи вистински заклучоци механичарот се пробива низ редовите на хиерархијата на моторот додека не ја пронајде точната, специфичната причина/причини за неисправноста на моторот, па потоа ги менува за тие понатаму да не предизвикуваат неисправност.
Неупатениот посматрач ќе гледа само физичка работа и често ќе мисли дека физичката работа е воглавно се што прави механичарот. Всушност, физичката работа е најмалиот и најлесниот дел од сето она што го прави механичарот. Најголем дел од неговата работа е внимателното набљудување и точното размислување. Заради тоа механичарите понекогаш изгледаат толку тивки и повлечени кога изведуваат експерименти. Не им е драго кога разговарате со нив бидејќи се концентрираат на сликите во мислите, на хиерархиите, и всушност воопшто не ве гледаат ниту вас ниту физичкиот мотор. Тие се служат со експериментот како со дел од програмата за проширување на сопствената хиерархија на познавањето на неисправниот мотор и неа ја споредуваат со исправната хиерархија во своите мисли. Тие ја набљудуваат скриената форма.

Автомобилот со приколка кој ни доаѓа в пресрет претекнува некого и се мачи да се врати на својата лента. Му давам знак со светлото за да проверам дали не гледа. Насипот до патот е тесен и нерамен. Ако свртиме кон него ќе се превртиме. Кочам, свирам, блиндирам. Господе Боже, него го фаќа паника и вози на нашата лента. Се држам строго до работ. Еве го, ДОАЃА! Во последен миг се враќа на својата страна и не промашува за неколку сантиметри.
Една картонска кутија потскокнува и се превртува на патот пред нас, и ние долго ја набљудуваме додека не стигнеме до неа. Очигледно паднала од нечиј камион. Сега надоаѓа стресот. Да бевме во автомобил, тоа би бил директен судар. Или превртување во бездна.

Свртуваме кон некој град кој би можел да биде сред Ајова. Насекаде има високо жито, а во воздухот се чувствува силен мирис на ѓубриво. Се засолнуваме во една голема старинска куќа со високи тавани. За со пивото овој пат ги нарачувам сите видови грицки кои ги имаат, па така јадеме задоцнет ручек составен од

кикирики, пуканки, пореци, пржен компир, чадена риба со многу ситни ковчиња, феферонки, колбаси, пржена свинска кожа и некаков бисквит од сусам со посебен вкус кој не можам да го идентификувам.

Силвија вели: - Се уште се чувствувам лошо. Таа помислила дека онаа картонска кутија била нашиот мотор кој се превртува и превртува на патот.

10

Повторно сме во долината и небото е пак ограничено со клисури од обете страни на реката, но сега тие се меѓусебно поблиски а поблиску се и до нас. Долината се стеснува колку што повеќе му се приближуваме на изворишето на реката.

Истовремено се наоѓаме на некој вид извориште на нашата расправа, каде човек конечно може да почне да говори за Федаровото отцепување од главната рационална мисла во прогонувањето на сеништето на самата рационалност.

Постои еден исечок кој го беше прочитал и повторил во себе толку пати што тој преживеа нечепнат. Започнува вака:

"Во храмот на науката постојат многу пребивалишта…и навистина се различни оние кои во нив живеат и мотивите кои тука ги довеле.

Многумина се зафаќаат со наука заради радосното чувство на надмоќна умствена сила; науката е нивниот посебен спорт каде бараат возбудливо искуство и задоволување на амбицијата; во храмот можат да се најдат и мнозина кои ги жртвувале сопствените умствени плодови на тој олтар заради чиста полза. Кога ангелот господов би дошол и би ги протерал од храмот сите оние кои припаѓаат на овие две категории, храмот би останал забележително испразнет, но во него би имало уште луѓе од сегашноста и минатото …Да беа категориите кои тукушто ги изгонивме единствените во храмот, храмот не би постоел како што не може да постои шума во која растат само ползавци…оние на кои ангелот им се смилувал…се помалку чудни, некомуникативни, осамени луѓе, навистина помалку слични едните на другите отколку онаа војска изгонети.

Што ги довело во храмот…тоа не може да биде одговорено со еден едноставен одговор…бегството од секојдневниот живот, од неговата мачна суровост и безнадежна досада, од прангите на сопствените полетни желби. Истенчениот табиет кој копнее по бегство од сопствената бучна околина во тишината на високите планини, каде окото слободно го опфаќа просторот низ се

уште чистиот воздух и каде нежно ги исцртува спокојните контури кои очигледно се создадени за вечни времиња."

Ова е исечок од говорот кој во 1918 година го одржал младиот германски научник по име Алберт Ајнштајн.

Федар ја заврши првата година на универзитетот кога имаше петнаесет години. Неговото подрачје беше биохемијата, и тој имаше намера да специјализира во делот каде се преплетува органскиот и неорганскиот свет, денес познат како молекуларна биологија. Тој за тоа не мислеше како за кариера и негово лично напредување. Беше многу млад и тоа му беше некој вид благородна идеалистичка цел.

Состојбата на духот кој на човека му овозможува да работи работа од таков вид е сроден со состојбата на духот на еден верски занесеник или на еден љубовник. Секојдневниот напор не се раѓа од некоја свесна намера или програма, туку доаѓа директно од срцето.

Доколку Федар влезеше во науката заради амбиција или полза, можеби никогаш не ќе му се случеше да поставува прашања за природата на некоја научна претпоставка како таа да посебен ентитет. Но тој ги поставуваше, и беше незадоволен од одговорите.

Формулирањето претпоставки е најтаинствената од сите категории на научниот метод. Од каде доаѓаат тие, тоа никој не го знае. Човек едноставно седи некаде, се занимава со својата работа, и одеднаш - бум! - разбира нешто што пред тоа не го разбирал. Додека не се испита, претпоставката не е вистинита. Бидејќи испитувањето не е нејзиниот извор. Нејзинот извор лежи на друго место.

Ајнштајн рекол:

"Човек се обидува да создаде за себе, на начин кој најмногу му одговара, поедноставена и сфатлива слика на светот. Потоа се обидува до извесна мерка да го замени тој свој космос за светот на искуството, и така да го совлада…Тој од тој космос и неговото градење го создава стожерот на својот емоционален живот не би ли на тој начин го пронашол својот мир и задоволство кое не може да го најде во тесниот вртлог на сопственото искуство…Најзначајната задача…е да се стигне до оние сеопшти основни закони од кои може да се изгради тој космос со чиста дедукција. Не постојат логични патишта до тие закони; само интуицијата, која почива на сострадалничко разбирање на искуството, може да стигне до нив…" Интуиција? Сострадалништво? Чудни зборови за потеклото на научните сознанија.

Некој помал ум од Ајнштајн би можел да каже: - Тие научни сознанија доаѓаат од природата. Природата е таа која ги формулира претпоставките. - Но Ајнштајн сфатил дека природата не го прави тоа. Природата дава само емпириски податоци. Помалиот ум тогаш би можел да рече: - Па добро, човекот е тој кој ги формулира претпоставките. - Но Ајнштајн би го порекнал и тоа. – Ниту еден човек - ќе рече тој - кој навистина навлегол во материјата, нема да одрече дека во пракса појавниот свет го одредува теориското систем, наспроти фактот дека не постои теориски мост помеѓу појавите и нивните теориски начела.
Федаровиот слом се случи тогаш кога, како резултат на лабораториското искуство, тој почна да се занимава со претпоставките како тие да се засебни ентитети. При својата лабораториска работа тој многу пати забележа дека она што можеби се чини како најтежок дел на научната работа, формулирањето претпоставки, беа без споредба нејзин најлесен дел. Постапката на нивното формално запишување на хартија, во точен и јасен облик, изгледаше како да ги сугерира. Додека ја испитуваше претпоставката број еден со метод на експеримент, на ум со сета сила му паѓаа другите претпоставки, и додека ги испитуваше тие претпоставки, во неговите мисли пристигнуваа нови, и додека ги испитуваше нив, се поголем број од нив му паѓаа на ум се додека не стана болно очигледно дека нивниот број, додека тој непрекинато ги испитуваше претпоставките и ги отфрлаше или потврдуваше, воопшто не се смалува. Нивниот број, колку што тој подолго ги испитуваше, всушност се зголемуваше.
Најпрвин тоа му беше забавно. Измисли закон, со намера да го пародира Паркинсовиот закон, кој гласеше "Бројот на рационалните претпоставки кои можат да објаснат ја било која појава е бесконечен". Му беше мило што секогаш располагаше со доволен број претпоставки. Дури и кога неговата експериментална работа се чинеше безизлезно совршена во секој замислив поглед, тој знаеше дека ако само седне и доволно долго размисли за тоа, порано или подоцна ќе се појави уште некоја претпоставка. И секогаш се појавуваше. Само неколку месеци откако го состави тој закон почна да се сомнева во неговата шеговитост или полезност. Ако е вистинит, тој закон не е само благо развигорче во научното умување. Законот е потполно нихилистички. Тој е катастрофално логичен противдоказ на општата валидност на сиот научен метод!
Ако целта на научниот метод е да бира од мноштвото претпоставки, па доколку бројот на претпоставките расте побргу отколку што нив може да ги обработи научниот метод, тогаш резултатите на ниту еден експеримент не се конечни и

тогаш е јасно дека никогаш не можат да се испитаат сите претпоставки. Ако сите претпоставки не можат да бидат испитани, целиот научен метод потфрла во својата цел на спротивставување доказни сознанија.

За тоа Ајнштајн рекол - Еволуцијата покажала дека во секој даден миг, од сите толкувања кои можат да се замислат, едно единствено секогаш се покажало како надмоќно над сите останати - и на тоа останал. Но за Федар тоа беше неверојатно слаб одговор. Изразот "во секој даден миг" навистина го потресе. Дали Ајнштајн навистина сакал да тврди дека вистината е функција на времето? Да се тврди тоа би значело да се поништи најтемелниот предуслов на целата наука.

Но постои јасна приказна, тоа е целата историја на науката, која се базира на постојано нови и променливи објаснувања на стари факти. Временските распони на трајноста изгледаат сосем случајни, но во нив не може да забележи никаков ред. Некои научни вистини изгледаат како да траат со столетија, некои помалку од една година. Научната вистина никогаш не била догма, која важи за вечни времиња, туку привремен квантитативен ентитет кој може да се проучува како било што друго.

Ги проучуваше научните вистини, потоа уште повеќе се вознемири заради привидната причина на нивната привременост. Се чинеше дека временскиот распон на научните вистини е обратно пропорционален со интензитетот на научните напори. Така се чини дека научните вистини на дваесетиот век имаат многу пократок животен век отколку вистините од минатиот век бидејќи сега научната активност е многу поголема. Ако во идното столетие научната активност се зголеми за десет пати, тогаш веројатноста на животот на некоја научна вистина може да се очекува дека ќе падне на една десетина од денешната вредност. Животниот век на постоечките вистини се скратува заради мноштвото претпоставки, оттаму и пократкиот временски распон на вистината. А причината за порастот на бројот на претпоставките во последните десетлетија се чини дека не лежи на друго место освен во самиот научен метод. Колку повеќе барате, толку повеќе наоѓате. Наместо да бирате една вистина од мноштвото, вие го зголемувате мноштвото. Тоа логички значи ова - додека се обидувате да и се приближите на непроменливата вистина со примена на научен метод, вие всушност воопшто не и се приближувате. Вие се оддалечувате од неа! Таа промена се создава заради вашата примена на научниот метод!

Она што Федар го забележа во неговиот случај е појава која е длабоко карактеристична за историјата на науката, која со години се става под тепихот. Се

чини дека предвидените резултати на научното истражување и стварните резултати на научното истражување се дијаметрално спротивставени, но изгледа дека никој не му обраќа внимание на овој факт. Целта на научниот метод е одбирањето на единствена вистина помеѓу многу претпоставени вистини. Науката се занимава со тоа, повеќе отколку со било што друго. Но историски гледано, науката го работи токму спротивното. Преку множење и множење на факти, податоци, теории и претпоставки, самата наука го води човештвото од едноставните апсолутни вистини кон многустраните, неодредените, релативните вистини. Главната причина за општествениот хаос, неодредливоста на мислата и вредноста која рационалното познание би морало да ја отстрани, не е никој друг туку самата наука. И она што Федар го виде пред толку години во самотијата на својата лабораториска работа, денес се гледа насекаде во технолошкиот свет. Научно произведена противнаука - хаос.

Сега е можно да се погледне малку наназад и да се види зошто е важно да се говори за тој човек во однос на сето она што досега е речено во врска со поделбата на класична и на романтична стварност и за непомирливоста на тие две стварности. За разлика од мноштвото романтичари кои се вознемируваат поради хаотичните промени што науката и техниката ги предизвикуваат во врска со човечкиот дух, Федар, со својот научно воспитан класичен разум, беше способен да направи многу повеќе отколку да ги крши прстите од очај или да бега, или само да ја осудува општата состојба без да понуди никакви решенија.

Како што кажав, тој на крајот понуди бројни решенија но проблемот беше толку длабок и толку страшен и толку сложен што никој всушност не ја сфати тежината на она што тој го решаваше, па така никој не успеа да го разбере или погрешно го разбра она што тој го говореше.

Причината за нашите современи кризи, знаеше да рече, е генетскиот недостаток внатре природата на самиот разум. И додека не се расчисти тој генетски недостаток, кризите и понатаму ќе траат. Нашите современи облици на рационалност не го водат општеството напред во подобар свет. Тие го одвлекуваат се подалеку и подалеку од тој подобар свет. Од ренесансата тие облици задоволувале. Се до оној момент кога потребата за храна, облека и живеалиште ќе претставува главна грижа, тие и понатаму ќе задоволуваат. Но сега кога кај голема маса луѓе тие потреби веќе не се примарни и не доаѓаат пред сето останато, целата структура на разумот која ја имаме наследено од древни времиња не е веќе соодветна. Почнуваме да ја набљудуваме и да ја гледаме онаква каква што таа

навистина е - емоционално шуплива, естетски бесмислена и длабоко празна. Во таква состојба е таа денес, и како таква ќе потрае уште долго време.
Ја воочувам трајната и жестока општествена криза чија длабочина никој навистина не ја разбира, а и да не споменуваме дека никој не го знае решението. Гледам луѓе како Џон и Силвија кои живеат загубени и отутѓени од целата рационална структура на цивилизираниот живот, кои бараат решенија вон таа структура, но не наоѓаат ниту едно кое трајно би ги задоволило. А потоа го гледам Федар и неговите издвоени осаменички апстракции во лабораторијата - тој беше загрижен заради истата криза но тргнуваше од друго стојалиште, движејќи се во спротивна насока - па сега се обидувам сето тоа да го обединам. Тоа е толку големо што понекогаш ми се чини дека заталкувам.
Изгледа дека никој со кого Федар разговарал на оваа тема не бил загрижен заради појавата која него толку го мачела. Изгледа дека говореле: "Ние знаеме дека научниот метод е добар, зошто да истражуваме понатаму?". Федар не го разбираше таквиот став, не знаеше што да преземе, и со оглед на тоа што не се занимаваше со наука од лични или полезни причини, тоа едноставно потполно го закочи. Тоа беше како додека го набљудувате оној ведар планински пејсаж што го опиша Ајнштајн помеѓу планините да се појави пукнатина, јаз на чиста ништост. И полека, и тегобно, за да го објасни тој јаз, тој мораше да допушти дека тие планини, кои изгледаа како создадени за вечни времиња, се можеби нешто друго…можеби само производ на неговата фантазија. Тоа го закочи.
И така Федар, кој во својата петнаесета година ја заврши првата година на природни науки, во седумнаесетата беше исфрлен од универзитетот заради неполагање испити. Како службени причини беа наведени незрелоста и негрижата при учењето.
Никој не можеше да стори ништо против тоа; никој не можеше тоа да го спречи или исправи. Универзитетот веќе не можеше да го задржи а притоа да не се одрече потполно од востановените стандарди.
Замелушен, Федар започна да чекори по долга серија споредни патишта кои го однесоа во една далечна умствена орбита, но на крајот се врати по овој пат по кој ние сега одиме, на вратата на самиот универзитет. Утре ќе се обидам да тргнам по тој пат.

Во Лаурел застануваме да преноќиме, конечно свртени во правец на планините. Вечерниот ветер сега е студен. Тој се спушта озгора, од кај снегот. Иако сонцето по

се изгледа исчезнало зад планините уште пред еден час, на небото зад планинскиот гребен има уште доволно светлина.
Силвија и Џон и Крис и јас чекориме по долгата главна улица додека се стемнува и ја чувствуваме присутноста на планините иако разговараме за други нешта. Јас сум среќен што сум тука, а истовремено сум и помалку тажен што сум тука. Понекогаш е подобро да патувате отколку да стигнете.

11

Се будам и размислувам за тоа дали знам дека сме во близина на планините поради спомените или поради нешто што е во воздухот. Се наоѓаме во убава стара хотелска соба обложена со дрво. Сонцето блеска на темното дрво низ прозорските ролетни, и иако ролетните се спуштени јас сепак чувствувам дека сме блиску до планините. Во оваа просторија има планински воздух. Студен е и влажен и речиси мирисен. После еден длабок здив подготвен сум за втор и по него за уште еден, и по секое длабоко вдишување се чувствувам се поподготвен, до моментот кога скокам од креветот и ги кревам ролетните и ја пуштам сета таа сончева светлина внатре - блескава, студена, светла, остра и јасна светлина.
Во мене расте потребата да му пријдам на Крис и да го протресам, да го разбудам и да му го покажам сето ова, но заради некоја нежност или можеби заради некое почитување му дозволувам уште малку сон, па така со машинката за бричење и со сапунот заминувам во заедничкото купатило на другиот крај од долгиот ходник обложен со истото темно дрво, додека подните штици чкрипат по целиот пат. Во купатилото врелата вода чади и цивка во цевките, најпрвин претопла за бричење, но пријатна по мешањето со студена вода.
Низ прозорецот зад огледалото гледам дека од задната страна има некаков трем, па по бричењето излегувам и стојам на него. Се наоѓа на ниво на крошните од дрвјата кои го опкружуваат хотелот и изгледаат како да му одговараат на овој утрински воздух на истиот начин на кој му одговарам и јас. Гранките и лисјата се нишаат и на најмалото ветре како токму тоа од нив и да се очекува, како сето ова време да се чекало само на тоа.
Крис наскоро станува и Силвија излегува од својата соба и вели дека таа и Џон веќе појадувале и дека тој заминал некаде, но дека таа ќе појде со Крис и со мене и ќе не почека додека појадуваме.

Утринава сме заљубени во се и разговараме за добри нешта долж целиот пат по со сонце осветлената улица до ресторанот. Јајцата и топлите пецива и кафето се како од рајот. Силвија и Крис топло разговараат за неговото училиште и пријателите и интимни нешта и додека ги слушам гледам низ големиот прозорец на ресторанот во излогот на продавницата од спротива. Толку е поинакво сега од онаа самечка ноќ во Јужна Дакота. Зад тие згради се планините и снежните полиња.
Силвија вели дека Џон разговарал со некого во градот за некој втор пат за Боземан, појужно низ Јелоустоун парк.
- Појужно? - велам. - Мислиш на Ред Лоџ?
- Да, претпоставувам.
Ми се враќа сеќавањето на снежните полиња во јуни. - Тој пат се издигнува високо над појасот со шума.
- Дали е тоа лошо? - прашува Силвија.
- Ќе биде студено. - Среде снежните полиња во моите мисли се појавуваат мотори и ние на нив. - Но, величествено.
Се среќаваме со Џон и се е договорено. Наскоро, по еден железнички подвозник, се возиме по закривена црна лента низ полињата кон планините пред нас. По овој пат Федар минувал цело време, и одблесоците на неговите спомени се насекаде. Високиот темен синџир на Абсарок се крева непосредно пред нас.
Следиме некој поток до неговиот извор. Водата во него претходно, пред помалку од еден час, веројатно била снег. Потокот и патот минуваат низ зелени и каменести полиња кои секој пат се малку повисоки отколку претходно. Се е толку интензивно на ова сонце. Мрачни сенки, светла светлина. Темно сино небо. Сонцето блеска и кога сме под него е жешко, но штом минуваме под дрвјата долж патот одеднаш станува студено.
Си играме трки со едно мало сино порше на патот, го престигнуваме и свириме, потоа тоа не престигнува и свири и така неколку пати низ полињата темно сивило и светло зелена трева и планински грмушки. Сето тоа е запаметено.
Тој го користеше овој пат за да стигне во височините, потоа скршнуваше од патот на четири-пет дена, потоа повторно слегуваше по храна и се враќаше, бидејќи овие планини му беа потребни во скоро физио-логичка смисла. Низата на неговите апстракции стана толку долга и толку сложена што таа мораше да биде опкружена со оваа тишина и со овој простор за тие во неа да создадат некаков ред. Тоа би било како да пропаднат часови и часови градење поради најмал упад на некоја друга мисла или друга должност. Тоа не личеше на размислувањето на другите

луѓе, дури ни тогаш, пред неговата болест. Тоа беше на ниво каде се се движи и менува, каде утврдените вредности и вистини исчезнуваат и не постои ништо освен сопствениот дух кој човека го тера напред. Неговиот ран неуспех го ослободи од сите обврски да размислува по утврдените шеми и неговите мисли веќе беа независни до еден таков степен кој им е познат на мал број луѓе. Тој почувствува дека институциите како што се училиштата, црквите, владите и политичките организации од секаков вид настојуваат да ја насочат мислата кон некоја цел која се разликува од вистината, за да ги сочуваат нивните сопствени функци, со што истовремено би се вовел надзор над поединците во служба на тие функции. Успеа да види дека неговиот ран неуспех претставува среќно бегство, случаен спас од стапицата која му беше поставена, и беше постојано на штрек пред стапиците на утврдените вистини во текот на целиот свој понатамошен живот. Меѓутоа, тој не ги гледаше тие нешта и на почетокот не размислуваше на тој начин, туку подоцна. Тука веќе значително застранив од патот. Сето ова се случи многу подоцна.
Првите вистини кои Федар почна да ги прогонува беа маргиналните вистини; веќе не челните вистини на науката, оние кон кои е насочена дисциплината, туку оној вид вистини кои ги гледате со крајчето, со бочната страна на окото. Во текот на некоја лабораториска работа кога целата постапка ќе ви се поремети, кога се се одвива погрешно или неодредено или така сложено и со неочекувани резултати што не можете да го видите ни почетокот ни крајот, тогаш нештата почнувате да ги набљудувате странично. Тој термин тој подоцна го употреби за да го опише оној пораст на знаењето кое не се движи напред како стрела во лет, туку се шири бочно, како стрела која во текот на летот се задебелува, или како стрелец кој открива дека, и покрај тоа што го погодил центарот на метата и ја зел наградата, неговата глава се наоѓа на перница и дека низ прозорецот се појавува сонце.
Страничното знаење е она знаење кое доаѓа од потполно неочекуван правец, од правец кој и не се сфаќа како таков се додека тоа знаење на човека не му се наметне самото. Страничните вистини укажуваат на лажноста на аксиомите и постулатите кои лежат во темелот на човековиот псотоечки систем за доаѓање до вистината.
Според сето ова, тој само талкаше. Во реалноста тој само талкаше. Талкање е она што човек го прави кога се занимава со страничните вистини. Тој не можеше да се држи до ниту еден познат метод на постапување кој би му овозможил да ја открие причината, бидејќи токму тие методи и тие постапки беа она што е заебано. И затоа талкаше. Тоа беше се што можеше да го прави.

Талкањето го одведе во војска, која го прати во Кореја. Во неговото паметење постои исечок, слика на некој sид виден од кормилото на некој брод, како блескаво сјае, како небесна порта во маглата кон пристаништето. Овој исечок мора многу да му значеше и тој многу пати размислуваше за него, бидејќи иако не се сложува со ништо друго, тој е толку силен и впечатлив што и јас самиот сум му се навратил неколку пати. Изгледа дека тоа е симбол на нешто важно, на некоја пресвртница.

Неговите писма од Кореја се радикално различни од неговите претходни писанија, илустрирајќи ја токму истата пресвртница. Тие едноставно пукаат од емоции. Тој пишува страници и страници за најситните детали на нештата кои ги гледа: за пазарите, продавниците со лизгачки стаклени врати, за покривите со ќерамиди, за патиштата, колибите со сламени покриви, за се. Понекогаш полн со диво воодушевување, понекогаш потиштен, понекогаш лут, понекогаш дури и чешит, беше како некој човек или некое живо суштество кое го нашло излезот од кафезот за кој воопшто не знаел дека е околу него, па диво талка по околината визуелно голтајќи се на што ќе фрли око.

Подоцна се спријатели со некои корејски работници кои по малку говореа англиски но сакаа да научат повеќе за да се вработат како преведувачи. Со нив го минуваше времето после работа, а тие за возврат го водеа на долги излети за време на видкендот низ планините за да му ги покажат нивните куќи и пријатели и да му го растолкуваат начинот на живот и на мислење на една друга култура.

Тој седи покрај пешачката стаза на прекрасниот ветровит рид над Жолтото море. Оризот на терасите под патот е зрел и кафен. Неговите пријатели го набљудуваат морето и ги гледаат островите далеку од брегот. Јадат сува храна и разговараат помеѓу себе и со него, расправаат за идеограмите и нивниот однос кон светот. Тој спомнува колку е чудесно што се во вселената може да се опише со дваесет и шест пишани букви со кои тие се занимаваат во моментот. Неговите пријатели потврдуваат со главите и се смеат и ја јадат конзервираната храна и истовремено негираат на пријатен начин.

Него го збунуваат потврдувањата со глава и негативните одговори па ја повторува својата изјава. Повторно климнувања со глава кои значат "да" и одговори кои значат "не". Тоа е крај на исечокот, но за него, како и за sидот, често размислуваше. Последниот моќен исечок од тој дел од светот потекнува од внатрешноста на некој транспортен брод. Тој се враќа дома. Кабината е празна и неупотребена. Тој е сам на постела од платно за едрење кое е растегнато на железна рамка, како

гимнастичка мрежа. Има по пет такви постели во секој ред, и тие редови ја исполнуваат целата празна бродска просторија.
Ова е првата просторија на кормилото на бродот и платното во соседните рамки се крева и се спушта, следено со чувство на мачнина во неговиот желудник. Тој размислува за тие нешта и за подмолната бучава по челичните плочи секаде околу него и забележува дека освен тие звуци не постојат никакви други докази дека целата таа просторија се крева високо во воздухот а потоа без престанок нурнува надолу. Се прашува дали заради тоа му е тешко да се сосредоточи на книгата пред себе, но забележува дека тоа не е причината, туку книгата е едноставно тешка. Тоа е текст за источната филозофија и тоа е најтешката книга што било кога ја читал. Драго му е што е сам и што му е досадно во таа празна просторија, инаку никогаш не би ја прочитал.
Во книгата пишува дека постои теориска компонента на човековото постоење кое е првенствено западно (а тоа одговара на Федаровото лабораториско минато) и естетска компонента на човековото постоење кое е појасно видливо на Исток (и тоа одговара на Федаровото корејско минато) и дека се чини дека тие две компоненти никогаш не се допираат. Овие изрази "теориски" и "естетски" одговараат на она што Федар подоцна го нарече класични и романтични облици на стварност и тие веројатно ги беа вообличиле тие термини во неговиот дух повеќе отколку што беше свесен за тоа. Разликата е во тоа што класичната стварност е првенствено теориска, но таа има и своја сопствена естетика. Романтичната стварност е првенствено естетска, но има и своја теорија. Теорискиот и естетскиот раскол постои помеѓу компонентите на единствениот свет. Класичниот и романтичниот раскол постои помеѓу два одделни света. Филозофската книга која се вика Средба на Истокот и Западот, од Ф. С. К. Нортроп предлага подобро запознавање со "неиздиференцираниот естетски континуум" од кој потекнува теориската компонента.
Федар тоа не го разбра, но кога стигна во Сиетл и беше отпуштен од војска, цели две седмици седеше во својата хотелска соба и јадеше крупни вашингтонски јаболка и размислуваше и јадеше уште повеќе јаболка и уште повеќе размислуваше а потоа како резултат на сите тие исечоци и разислувања се врати на универзитетот да студира филозофија. Неговото странично талкање беше завршено. Тој сега почна активно да тежнее кон нешто.

Наеднаш на нас навалува бран студен воздух со мирис на бор, наскоро уште еден, па уште еден, и додека се приближуваме на Ред Лоџ, јас целиот се тресам.
Во Ред Лоџ патот скоро допира до подножјето на планината. Темната заканувачка маса како да ги надвисува покривите на зградите од обете страни на главната улица. Ги паркираме моторите и го одврзуваме багажот за да облечеме топла облека. Минуваме покрај продавница за скии и влегуваме во ресторан каде на ѕидовите гледаме големи фотографии од патот по кој ќе се качуваме. И качуваме, и качуваме, преку еден од највисоките асфалтни патишта на светот. Тоа ми причинува некаква тескобност, но гледам дека е без причина па настојувам да се отарасам од неа разговарајќи со другите за патот. Не може да се заталка. Нема никакви опасности за моторите. Само сеќавање на места каде можете да фрлите камен кој ќе пропаѓа стотина метри пред да се смири и некакво поврзување на тој камен со моторот и возачот.
Откако го испиваме кафето ја облекуваме дебелата облека, повторно се пакуваме и наскоро ја совладуваме првата кривина од многуте на падините на планината. Асфалтираната лента е многу поширока и посигурна отколку што е во моето сеќавање. Кога сте на мотор секогаш имате вишок простор. Џон и Сивлија минуваат низ остра кривина пред нас и се враќаат гледајќи не од висина и смеејќи се. Набргу и ние ја минуваме таа кривина па повторно им гледаме в грб. Уште една кривина зад нив и повторно се среќаваме, смеејќи се. Толку е тешко кога претходно размислувате за тоа, а толку е лесно кога го правите.

Говорев за Федаровото странично талкање, кое заврши со запишувањето на студиите по филозофија. Тој филозофијата ја сметаше за врв на сета научна хиерархија. Меѓу филозофите тоа верување е толку проширено што е речиси излитено, но за него тоа беше откритие. Откри дека физиката и хемијата за кои некогаш сметаше дека го претставуваат сиот научен свет се само гранки на филозофијата која е многу поширока и многу поопшта. Прашањата кои тој ги поставуваше за безбројноста на претпоставките не беа прашања за природните науки бидејќи тоа не се прашања со кои тие се занимаваат. Природната наука не може да го проучува научниот метод а да не дојде во безизлезна ситуација која ја уништува валидноста на нејзините одговори. Прашањата кои тој ги поставуваше беа на повисоко ниво од нивото до кое досега науката. И така Федар во филозофијата го најде природното продолжување на прашањата коишто најпрвин

го беа довеле на полето на природните науки. Што значи сето тоа? Што е смислата на сето ова?

Застануваме на паркингот крај патот, фотографираме за спомен за да можеме да покажуваме дека сме биле тука, а потоа поаѓаме по едно патче кое не води до работ на клисурата. Некој мотор на патот речиси право под нас би бил слабо видлив од оваа височина. Се замотуваме уште подобро против студот и продолжуваме со качувањето.
Дрвјата со широк лист потполно исчезнаа. Останаа само ниските борови. Многу од нив се свиткани и закржлавени.
Наскоро исчезнуваат и тие закржлавени борови и ние се наоѓаме на планински пасишта. Никаде дрвја, само трева полна со ситни розови и модри и бели точкички со светли бои. Полско цвеќе, насекаде! Тоа и тревата и мовта и лишаите се се што може да преживее тука. Пристигнавме во височините, над појасот на шумите.
Гледам преку рамо за да фрлам последен поглед во бездната. Како да гледам во дното на океанот. Луѓето минуваат цел живот на оние помали надморски восичини без притоа да се свесни дека постојат вакви високи предели.
Патот врти навнатре, подалеку од бездната и заоѓа во снежни полиња.
Моторот жестоко грми поради недостаток на кислород и се заканува дека ќе се изгаси, но не се гаси. Наскоро се наоѓаме помеѓу ѕидови од стар снег, така изгледа снегот во рана пролет после топењето. Малечки потоци вода течат насекаде низ мовестата кал, а потоа пониско во еднонеделната трева засипана со ситно полско цвеќе, со мали розови и модри и жолти и бели цвеќиња кои изгледаат како да никнуваат, блескави како сонце, од црните сенки. Насекаде е така! Игличките обоена светлост ме гаѓаат од позадината на тмурното и мрачно зеленило. Небото сега е темно и студено. Освен онаму каде удира сонце. На сончевата страна мојата рака и нога и блуза се жешки, но другата страна, која е сега во длабока сенка, е студена.
Снежните полиња се се поголеми. Бреговите стануваат високи во просек по еден метар, потоа два метра, потоа четири метра. Се возиме низ тесни снежни улици, како снежни тунели. Потоа тунелот повторно се отвара кон темното небо и кога изнурнуваме гледаме дека сме стигнале на врвот.
Од онаа страна е една друга земја. Планинските езера и борови и снежните полиња се доле. Над и преку нив до каде што ни допира окото се протегаат планински синџири покриени со снег. Висорамнина.

Запираме и се паркираме на еден паркинг каде некои туристи чкрапаат со фотоапаратите и гледаат во околниот пејсаж и едни во други. Од задниот дел на моторот ја симнувам кутијата со алатот и ја отворам ширум на седлото, потоа го земам штрафцигерот, го палам моторот и со штрафцигерот го штелувам карбуратот се додека звукот при празен од не се промени од навистина грозно чукање во поднослив чукање. Изненаден сум колку грмеше и плукаше и се тресеше за време на ова качување, и ги даваше сите можни знаци дека ќе изгаси но не се изгаси. Сега повторно не го штелувам како што треба, од љубопитност како ќе се однесува на висина од три илјади три стотини метри. Оставам посилен довод на бензин отколку што треба и сето тоа страшно чука, но наскоро ќе се спуштиме кон Јелоустоун парк, па ако го смалам доводот сега подоцна ќе стане недоволен, а тоа е опасно бидејќи моторот се прегрејува.
Звукот е прилично жесток додека се спуштаме од врвот во втора брзина, но потоа, кога се симнуваме, бучавата се смалува. Повторно шума. Се движиме помеѓу карпи и езера и шуми, совладувајќи прекрасни кривини на патот.

Сега сакам да зборувам за еден друг вид мисловна висорамнина, која на некој начин, барем што се однесува до мене, изгледа паралелна или предизвикува слични чувства како оваа, а неа ќе ја наречам висорамнина на духот.
Ако за сето човечко знаење, за се што е познато, се верува дека претставува голема хиерархиска структура, тогаш висорамнината на духот во една најопшта и најапстрактна смисла се наоѓа на највисоките катови на оваа структура Малкумина патуваат тука. Не постои вистинска полза од тоа да се талка низ неа, но исто како и оваа висорамнина на материјалниот свет околу нас и таа има своја строга убавина па на некои луѓе им се чини дека заради неа е вредно да се поднесат сите тешкотии на патувањето.
Кога е на висорамнината на духот, човек мора да се прилагоди на реткиот воздух на неизвесноста и на огромноста на поставените прашања, и на предложените одговори на тие прашања. Така се оди се понатаму и понатаму, очигледно многу подалеку отколку што може да досегне духот, па човек се колеба да се приближи од страв дека ќе се загуби и дека никогаш нема да го пронајде излезот.
Што е вистината и како да ја препознаете кога до неа ќе стигнете?…Како ние всушност знаеме било што? Постои ли "јас", "душа" која знае или таа душа ја сочинуваат само клетки кои управуваат со сетилата?…Дали стварноста во основа се

менува или е утврдена и постојана?…Кога ќе се каже дека нешто значи нешто, што се подразбира под тоа?
Многу патишта низ тие високи планински синџири биле пробиени и заборавени од памтивек, и иако одговорите донесени од тие патишта се здобивале со трајност и општост, цивилизациите бирале различни патишта па имаме многу различни одговори на исти прашања, и сите тие можат да се сметаат за вистинити во сопствениот контекст. Дури и внатре една единствена цивилизација непрекинато се затвораат старите патишта и се отвараат нови.
Понекогаш се тврди дека не постои вистински напредок; дека цивилизацијата која убива мноштво луѓе во масовни војни, која ги загадува копната и океаните со се поголемо количество отпад, која го уништува достоинството на поединците потчинувајќи го на присилна механизирана егзистенција, тешко може да се нарече напредок во споредба со едноставното ловечко и собирачко и земјоделско живеење во праисториско време. Но тој приговор, иако е романтички привлечен, не важи. Првобитните племиња му давале многу помалку слобода на поединецот отколку современото општество. Древните војни се водени со далеку помало морално оправдување отколку модерните војни. Технологијата која произведува отпадоци може да најде и наоѓа начини за да се ослободи од нив без еколошки последици. А сликите на првобитниот човек во школските книги понекогаш ги прескокнуваат тегобите на неговиот примитивен живот - мачењето, болеста, гладот, тешката работа за гол опстанок. Патот од таа агонија на голата егзистенција до современиот живот може трезвено да се опише само како напредок кон подобро, а единствен фактор на тој напредок е секако самиот разум.
Може да се види како неформалните и формалните процеси на претпоставката, експериментот и заклучокот од столетие во столетие, повторувани со нов материјал, изградиле таква мисловна хиерархија која ги исклучила поголемиот број непријатели на првобитниот човек. Романтичната осуда на рационалноста донекаде потекнува токму од делотворноста на таа рационалност кога е во прашање подобрувањето на примитивните услови во кои живеел човекот. Тоа е толку моќен, доминантен елемент на цивилизираниот човек што тој го исклучува сето останато и сега доминира и врз самиот човек. Тоа е изворот на поплаките. Федар талкаше низ таа висорамнина, најпрвин бесцелно, следејќи го секое патче, секоја стаза по која некој веќе минал, свртувајќи се повремено за да види дека очигледно напредува, но не гледајќи ништо пред себе што би му кажало по кој пат да оди.

Низ прашањата за стварноста и познанието, големи како планина, минале големи личности на цивилизацијата, од кои некои, како Сократ и Аристотел и Њутн и Ајнштајн се познати речиси секому, но повеќето од нив му беа непознати. За нивните имиња тој никогаш претходно не беше чул. Го воодушевија нивните мисли и целиот начин на кои тие размислуваа. Внимателно ги следеше нивните патишта додека тие не станеа студени, потоа ги напушташе. Во тоа време неговата работа едвај ги следеше академските стандарди, но не затоа што тој не работеше или не мислеше. Тој мислеше пренапорно, а колку што понапорно размислувате на таа висорамнина на духот толку поспоро чекорите. Федар читаше повеќе на научен отколку на литературен начин, испитувајќи ја секоја реченица на која ќе наидеше, запишувајќи ги сомневањата и прашањата кои треба подоцна да се разрешат, и јас сум среќен што имам полни торби со такви белешки.

Најмногу зачудува фактот што во нив е содржано речиси сето она што тој со години подоцна го говореше. Човек се разочарува кога гледа како во тоа време тој бил потполно несвесен за значењето на она што го говорел. Тоа е како да гледате некој кој ги пофаќа, едно по едно, сите парчиња на сложувалката чие решение го знаете, па сакате да му кажете: - Внимавај, ова треба да се стави тука, а ова таму - но не можете да му го кажете тоа. И така тој слепо талка, собирајќи парчиња од сложувалката и прашувајќи се што да прави со нив, а вие си ја гризете устата кога тој ќе сврти од правецот на погрешниот пат а со олеснување воздивнувате кога повторно ќе му се врати, иако тој самиот е обесхрабрен. - Не се грижи, сакате да му кажете. - Продолжи!

Но тој е толку ужасен ученик што успева да мине само заради љубезноста на своите наставници. Тој секогаш има предрасуди за сите филозофи кои ги проучува. Секогаш ги вовлекува и наметнува своите погледи на градивото кое го проучува. Никогаш не е праведен. Секогаш е пристрасен. Тој сака секој филозоф да оди по одреден пат, и кога тоа не е така, се разгневува.

Зачуван е еден исечок од сеќавањето на него како тој седи во соба пред мугри со славната Критика на чистиот ум од Емануел Кант, проучувајќи ја како што еден шахист ги проучува велемајсторските отварања, обидувајќи се да ја проучи во согласност со сопствените судови и вештина, трагајќи по контрадикции и несовмесности.

Федар е чудна личност кога би го споредиле со Американците од дваесетиот век кои го опкружуваат, но кога го гледаме како го проучува Кант, тогаш е помалку чуден. Тој кон германскиот филозоф од осумнаесетиот век негува почитување кое

не извира од согласувањето со него, туку од почитувањето на Кантовата восхитувачка логичка тврдина изградена околу неговите стојалишта. Кант е секогаш величествено методичен, истраен, правилен и внимателен додека ја искачува таа голема мисловна планина разлачувајќи што е во, а што вон умот. Тоа е, за денешните планинари, еден од највисоките врвови воопшто, и сега сакам да ја зголемам таа Кантова слика и да покажам како тој размислувал и што мислеше Федар за него, за да дадам појасна слика за тоа како изгледа висорамнината на духот и истовремено да го трасирам патот за разбирање на Федаровите мисли. Федаровото решение на целиот проблем околу класичното и романтичното мислење за прв пат се јави на таа висорамнина на духот, па ако не се разбере односот на оваа висорамнина кон остатокот на егзистенцијата ќе се потцени или погрешно ќе се разбере значењето и важноста на пониските нивоа на она што тој го говореше.

За да може да го следи Кант, човек мора по нешто да знае и за она со што се занимавал шкотскиот филозоф Дејвид Хјум. Хјум однапред се согласил со тоа дека, ако строго се држи до правилата на логичката индукција и дедукција во одредувањето на вистинската природа на светот од искуството, човек мора да дојде до одредени заклучоци. Неговото умување ги следело насоките кои произлегле од одговорот на ова прашање: Да претпоставиме дека некое дете се раѓа лишено од сите сетила; тоа е без сетило за вид, слух, допир, мирис, без сетило за вкус - лишено е од се. Не постои никаков начин да прими било каква дразба од надворешниот свет. И да претпоставиме дека тоа дете се храни интравенозно и се негува на други начини и во таков облик на живеење се оддржува осумнаесет години. Тогаш се поставува прашањето: Има ли тоа осумнаесетогодишно човечко суштество мисли во главата? Ако има, од каде доаѓаат тие мисли? Како тоа ги стекнува?

Хјум би одговорил дека тој осумнаесетогодишник нема никакви мисли, и давајќи го тој одговор би се дефинирал себеси како емпирист, човек кој верува дека сето знаење се стекнува исклучиво преку сетилата. Научниот метод на експериментирање е внимателно контролиран емпиризам. Денешниот здрав разум е емпиризам, со оглед на тоа што големо мнозинство би се сложило со Хјум, иако во други култури и во други времиња повеќемина можеби би имале различно мислење.

Првиот проблем на емпиризмот, ако се верува во емпиризмот, се однесува на природата на "материјата". Доколку сето наше знаење доаѓа од сетилните

податоци, што е всушност таа материја која ни ги праќа сетилните податоци? Ако се обидувате да замислите што е таа материја, исклучувајќи го она што го чувствуваме, ќе видите дека не мислите на ништо.

Со оглед на тоа што сето знаење до нас доаѓа минувајќи низ сетилните впечатоци и со оглед на тоа што не постои сетилен впечаток за самата материја, логично следи дека не постои знаење за материјата. Таа е само нешто што го замислуваме. Таа во целост се наоѓа во нашиот дух. Идејата дека вон нас постои нешто што од себе праќа својства кои ги забележуваме спаѓа меѓу поимите на здравиот разум, слично на здраворазумскиот детски поим дека земјата е рамна и дека паралелните правци никогаш не се сретнуваат.

Второ, ако некој почне со претпоставка дека сето наше знаење до нас стигнува низ сетилата, тогаш тој мора да се запраша: Од кој сетилен податок потекнува нашето знаење за каузалноста? Со други зборови, која е научната емпириска основа на самата каузалност?

Хјумовиот одговор гласи: Не постои таква. Не постои никаков доказ за каузалност во нашата сетилност. Како и материјата, тоа е само нешто што го замислуваме кога нешто зачестено се повторува. Каузалноста нема вистинско постоење во светот кој го набљудуваме. Ако некој се држи до претпоставката дека сето наше знаење до нас стигнува преку сетилата, вели Хјум, тогаш тој логично мора да заклучи дека и "Природата" и "Природните закони" се творби на нашата фантазија.

Таа идеја, дека целиот свет се наоѓа внатре нечиј дух, би морала да се отфрли како апсурдна, доколку и Хјум истата ја беше отфрлил како шпекулација. Но тој од неа направи херметично затворен сад.

Беше потребно да се отфрлат заклучоците на Хјум, но за жал тој до нив имаше стигнато на таков начин што беше невозможно тие да се отфрлат без да се напушти емпирискиот разум и без повлекување во некаков негов средновековен претходник. Но Кант нема да го стори тоа. “Токму Хјум беше тој”, вели Кант, "кој ме разбуди од мојата догматска дремка", што беше повод тој да го напише она што денес се смета за еден од најголемите филозофски трактати кој некогаш биле напишани, Критиката на чистиот ум, кој е често предмет на еден цел универзитетски курс.

Кант настојува да го спаси емпиризмот од последиците на неговата сопствена самопоразувачка логика. Тој отпрвин тргнува долж патот кој го трасираше Хјум. "Дека сето наше знаење почнува со искуството, тука нема никакво сомневање", вели тој, но наскоро свртува од тој пат порекнувајќи дека сите компоненти на

знаењето минуваат низ сетилата во мигот кога се примаат сетилните податоци. "Но иако сето знаење почнува со искуството, од тоа не следи дека тоа се раѓа од искуството".
Во првиот миг тоа изгледа како тропање глупости, но не е така. Како резултат на таа разлика Кант ја заобиколува провалијата на солипсизмот кон која води Хјум и продолжува по сопствен потполн нов и различен пат.
Кант вели дека постојат аспекти на стварноста кои преку сетилата непосредно допираат до нас. Нив тој ги нарекува а прирори.
Пример за а прирори знаење е "време". Вие не го гледате времето. Ниту пак го слушате, ниту го мирисате, ниту го вкусувате, ниту го допирате. Тоа не е присутно во текот на примањето на сетилните податоци. Времето е она што Кант го нарекува "интуиција", што умот мора да го приложи додека ги прима сетилните податоци. Истото важи и за просторот. Ако не ги примениме поимите простор и време на впечатоците кои ги примаме, светот е неразбирлив, само калеидоскопски збир на бои и облици и шумови и мириси и болка и вкус без значење. Ние ги чувствуваме предметите на одреден начин поради нашата примена на а прирори интуициите како што се простор и време, но тие предмети ги создаваме од нашата фантазија, како што би тврдел еден чист филозофски идеалист. Облиците простор и време се применуваат на податоците додека истите се примаат од предметите кои нив ги произведуваат. Поимите од типот а приори потекнуваат од човековата природа, па така ниту тие се предизвикани од предметите кои ги чувствуваме, ниту пак тие ги создаваат тие предмети, туку вршат некој вид разлачувачка функција во однос на сетилните податоци кои ги примаме. Кога ќе трепнеме со очите, на пример, сетилниот податок ни вели дека светот исчезнал. Но тоа се разлачува и не допира до нашата свет затоа што во умот имаме а приори поим дека светот е непрекинат. Она за што размислуваме како за стварност е непрекината синтеза на елементи од уврдената хиерархија на а приори поими и трајно променливи сетилни податоци.
Сега да застанеме и да ги примениме некои од поимите кои Кант ги поврзал со оваа чудна машина, тоа суштество кое не води низ времето и просторот. Да го погледнеме сега нашиот однос кон него, како што ни го открива Кант.
Хјум рекол, всушност, дека се што јас знам за овој мотор до мене доаѓа низ сетилата. Мора да биде така. Друг пат нема. Доколку јас речам дека моторот е составен од метал и други супстанции, тој прашува: Што е метал? Ако одговорам дека металот е тврд и блескав и студен на допир и дека се витка без да се скрши под ударите на потврда материја, Хјум ќе рече дека сето тоа се гледа, слуша и

допира. Нема супстанца. Кажи ми што е метал вон тоа што го чувствуваш. Тогаш, се разбира, јас сум во неволја.
Но ако не постои супстанца, што можеме да кажеме за сетилните податоци кои ги примаме? Ако ја навалам главата налево и погледнам доле на управувачот и предното тркало и држачот на резервоарот, добивам еден образец на сетилни податоци. Ако ја наведнам главата надесно, добивам втор не многу различен образец на сетилни податоци. Тие два погледа се различни. Аглите на рамнините и закривеноста на металот се различни. Сончевата светлина поинаку ги осветлува. Ако не постои логична основа за супстанцата, тогаш не постои логичка основа за заклучокот дека овие два погледа ги произвел ист мотор.
Сега сме навистина интелектуално парализирани. Нашиот ум, кој би требало да ги прави нештата поразбирливи, изгледа дека ги прави понеразбирливи, а кога умот работи на штета на сопствената смисла тогаш нешто мора да биде променето во самиот ум.
Кант ни прискокнува на помош. Тој вели дека фактот според кој не постои начин на непосредно чувствување на "моторот", независно од боите и облиците кои тој ги произведува, не е доказ дека дека моторот не постои. Ние во нашиот ум имаме а прирори мотор кој поседува непрекинатост во времето и просторот и е способен да го менува изгледот додека некој мрда со главата - оттаму сетилните податоци кои тој некој ги добива не се во контрадикција со таквиот мотор.
Хјумовиот мотор, оној кој нема никаква смисла, ќе се појави ако нашиот поранешен претпоставен болен, оној без сетила, биде одеднаш, само за секунда, изложен на сетилните податоци на моторот, а потоа повторно лишен од сетилата. Сега тој, мислам, во умот ќе го има Хјумовиот мотор, што не му пружа никаков можен доказ за таквите поими како што е каузалитетот.
Но, како што вели Кант, ние не сме таа личност. Ние во мислите имаме еден многу реален а прирори мотор во чие постоење немаме причина да се сомневаме, чија стварност може да биде потврдена во секое време.
Тој а прирори мотор во нашите мисли е изграден во текот на многу години од големи количества сетилни податоци и тој трајно се менува кога во игра влегуваат нови сетилни податоци. Некои промени кои му се случуваат на овој а прирори мотор кого го возам се многу брзи и минливи, како на пример неговиот однос кон патот. Јас тоа го забележувам и го поправам цело време додека ги совладуваме овие свиоци и искачувања на патот. Штом информацијата нема веќе ниакква вредност јас ја заборавам затоа што пристигнуваат нови кои треба да се преземат.

Другите промени во овој а прирори поим се поспори: исчезнувањето на гумата од тркалото. Олабавувањето на запчаниците. Промената на просторот помеѓу педалите. Некои други аспекти на промената на моторот се толку бавни што изгледаат постојани - бојата, лежиштата на тркалата, контролните кабли - но и тие трајно се менуваат. На крајот на краиштата, ако човек размислува во рамки на навистина големи количества време, дури и железната шасија полека се менува под влијание на тресењето на патот и на топлинските промени и силите на внатрешните напрегања заеднички за сите метали.
Тоа е сложена машина, тој а приори мотор. Ако доволно долго мислите на него, ќе видите дека тој е главната работа. Сетилните податоци го потврдуваат, но тие сетилни податоци не се моторот. Моторот за кој јас верувам на а приори начин дека се наоѓа вон мене е сличен на парите за кои верувам дека ги имам во банка. Кога би отишол во банка и би побарал да ги видам моите пари, тие би ме погледнале малку зачудено. Тие ги немаат 'моите пари' во некаква фиока од каде би можеле да ги извлечат и да ми ги покажат. "Моите пари" не се ништо друго туку само некакви источно-западни и северно-јужни подрачја во некој железен оксид кој лежи на парче лента во некоја лимена компјутерска кутија. Но јас сум задоволен бидејќи верувам дека банката, доколку ми затребаат предмети за кои ми требаат пари, ќе пронајде начин, со помош на својот систем на меници, нив и да ги добијам. Слично на тоа, иако моите сетилни податоци никогаш немаат пружено ништо што би можело да се нарече "супстанца", јас сум задоволен што постои можност внатре сетилните податоци да се постигнуваат нешта за кои се претпоставува дека ги создава супстанцата, и дека сетилните податоци и понатаму ќе се согласуваат со а приори моторот во моите мисли. Јас поради практичност велам дека супстанцата го гради моторот на кој се возам. Добар дел од Кантовата Критика на чистиот ум се занимава со тоа како се стекнува ова а приори знаење и како истото се употребува.
Своето тврдење дека нашите а приори мисли се независни од сетилните податоци и дека тие го разлачуваат она што го гледаме, Кант го нарекол "коперниканска револуција". Притоа ја имал на ум изјавата на Коперник дека Земјата се движи околу сонцето. Ништо не се променило како последица на таа револуција, но сепак се се променило. Или, да го изразиме тоа со зборовите на Кант, објективниот свет кој ги создава нашите сетилни податоци не се променил, но нашиот а приори поим за тој свет се променил од корен. Последиците се страшни. Токму прифаќањето на

Коперниканската револуција ја отсликува разликата помеѓу современиот човек и неговиот средовековен претходник.
Коперник го сторил следново: го зел постоечкиот а прирори поим на Земјата, сфаќањето дека таа е рамна и неподвижна во просторот, и поставил алтернативен а приори поим на Земјата, то ест, дека таа е во вид на топка и дека се движи околу сонцето; и покажал дека тие два а приори поими се согласуваат со постоечките сетилни податоци.
Кант почувствувал дека ја сторил истата работа во метафизиката. Ако претпоставите дека а приори поимите во нашата глава се независни од она што го гледаме и дека тие всушност го разлачуваат она што го гледаме, тоа значи дека вие го земате стариот аристотеловски концепт за човекот-научник како за пасивен набљудувач, "табула раза", и целосно го извртувате. Кант и милиони негови следбеници тврдат дека последицата на таа промена е во тоа што преку него вие доаѓате до едно многу поприфатливо разбирање за тоа како ги спознаваме работите.
Во овој пример се впуштив во детали, делумно заради тоа да ја покажам таа висорманина одблиску, но повеќе заради тоа да се подготвам за она што подоцна го стори Федар. И тој изврши коперниканска замена и како резултат на таа замена дојде до разврска на проблемот на двата разделени светови на класичното и романтичното поимање. Ми се чини дека како резултат на ова сега е повторно возможно да се добие поприфатливо толкување за тоа што е смислата на овој свет.
Кантовата метафизика отпрвин го беше возбудила Федра, но подоцна тоа возбудување спласна и тој не знаеше точно поради што. Размислуваше за тоа и поверува дека можеби е во прашање неговото источно искуство. Пред тоа имаше чувство како да избегал од затворот на интелектот, а сега повторно се најде во еден, уште полош затвор. Ја прочита Кантовата естетика со разочарување и лутина. Идеите за "убавото" му беа сами по себе грди, и таа грдост беше толку длабока и сеопфатна што тој не знаеше од каде би требало да почне да ја напаѓа или да се обиде да ја заобиколи. Изгледаше дека таа е вткаена во целото ткиво на Кантовиот свет, толку длабоко што од неа немаше спас. Не беше тоа само грдоста на осумнаесетиот век, или "техничка" грдост. Неа ја покажуваа сите филозофи кои ги беше читал. Целиот универзитет баздеше на истата грдост. Таа беше насекаде, во училниците, во учебниците. Беше и во него, а тој не знаеше ниту како ниту зошто. Самиот ум беше грд и нему му се чинеше дека не постои начин да се биде слободен.

12

Во Кук Сити Џон и Силвија изгледаат и се однесуваат посреќно отколку што сум ги видел изминативе години, и ние загризуваме во сендвичите со топло говедско и ги голтаме во големи залаци. Јас сум среќен што ја гледам и што ја слушам сета таа нивна воодушевеност од висорамнината, но не говорам многу за тоа туку само јадам.
Низ прозорецот гледам огромни борови од другата страна на патот. Многу автомобили минуваат под нив на патот кон паркот. Сега се наоѓаме далеку под појасот на шумите. Тука е потопло, но небото е покриено со случајни ниски облаци кои се подготвени да излијат дожд.
Кога би пишувал романи наместо да држам чаутагви, би се обидел да "развијам" карактери, на Џон и Силвија и Крис, со сцени полни со дејствие кои исто така би откривале "внатрешни значења" на Зен-от и можеби на уметноста и можеби на одржувањето на моторот. Тоа би бил вистински роман, но поради некои причини не се чувствувам способен за тоа. Тие се пријатели, не се карактери, и како што рече Силвија еднаш: - Не сакам да бидам објект! - Толку многу знаеме едни за други што едноставно не навлегувам во нив. Ништо негативно, но навистина небитно за шатакуата. Така би требало да биде меѓу пријатели.
Истовремено мислам дека од шатакуата можете да разберете зошто постојано морам да изгледам толку повлечен и оддалечен од нив. Понекогаш тие поставуваат прашања кои изгледаат како да бараат изјава за она за што по ѓаволите постојано размислувам, но кога би дрдорел за тоа што навистина ми е на ум, на пример за а приори претпоставките за непрекинатоста на моторот од секунда во секунда, и доколку тоа би го сторил не придонесувајќи кон целата градба на шатакуата, тие би биле само збунети и би се прашувале што не е в ред. Мене навистина ме интересира таа непрекинатост и начинот на кој за неа разговараме и мислиме и затоа сум склон кон тоа да се повлечам и да се опуштам за време на ручекот, што создава впечаток на оддалечување. Тоа е проблемот. Тоа е проблемот на нашето време. Денес обемот на човечкото знаење е толку голем што сите ние сме специјалисти а оддалеченоста помеѓу специјалностите стана толку голема што оној кој сака слободно да талка помеѓу нив мора да се откаже од блискоста на луѓето околу себе. И секојдневното дрдорење за време на ручекот е специјалност самото по себе.

Изгледа дека Крис подобро ја разира мојата отуѓеност отколку тие, можеби затоа што е повеќе навикнат на неа и затоа што неговиот однос кон мене е таков што таа мора да го интересира. На неговото лице понекогаш гледам траги на загриженост, или барем немир, па се прашувам зошто, а потоа откривам дека јас сум лут. Да не го гледам тој негов израз, можеби не би го знаел тоа. Понекогаш трча и скока наоколу, па се чудам на тоа и откривам дека тоа е поради тоа што јас сум добро расположен. Сега гледам дека е помалку нервозен кога одговара на прашање кое Џон очигледно ми го беше упатил мене. Се работи за човекот кај кого ќе појдеме на гости утре, за Де Веси.

Не сум баш сигурен како гласеше прашањето, но додавам: "Тој е сликар. Предава сликарство на тамошниот факултет, апстрактен импресионист".

Ме прашуваат од каде го познавам и јас морам да одговорам дека не се сеќавам па изгледа како да го избегнувам одговорот. Но навистина не се сеќавам на ништо во врска со него освен на некои исечоци. Тој и неговата жена веројатно беа пријатели на Федаровите пријатели, оттаму ги познаваше.

Тие се прашуваат што би можел да има заедничко еден писател на инженерски прирачници како мене со некој апстрактен сликар, и јас повторно морам да кажам дека не знам. Во мислите низ исечоците барам одговор, но него го нема.

Нивните лични карактеристики сигурно беа различни. Додека фотографиите на Федаровото лице во тој период покажуваат отуѓување и насилност - еден член на неговиот оддел на шега тој изглед го нарече "субверзивен" - некои фотографии на Де Веси од истиот период покажуваат лице кое е сосема пасивно, речиси ведро, само со некаков благ прашален израз.

Паметам некој филм за еден шпиун во Првата светска војна кој го проучувал однесувањето на еден заробен германски офицер (кој му бил потполно сличен) стоејќи зад огледало низ кое можело да се гледа од другата страна. Го проучувал со месеци се додека не бил во можност да го имитира секое негово движење и нијанса во говорот. Потоа глумел бегалец за да се вовлече во генерал-штабот на германската војска. Се сеќавам на напнатоста и возбудувањето додека тој се наоѓаше пред својот прв обид, средбата со старите пријатели на офицерот, обидот да дознае дали тие ќе ја откријат неговата измама. Мене сега ме обземаат слични чувства за Де Веси кој природно ќе претпостави дека јас сум истата личност која тој некогаш ја познаваше.

Моторите се оросени поради лесната магла. Ја вадам пластичната наметка од бочниот сандак и ја прицврстувам за шлемот. Наскоро ќе стигнеме во Јелоустоун парк.
Патот пред нас е замаглен. Изгледа како облак да се спуштил во долината, која воопшто не е долина туку само планински премин.

Не знам колку добро Де Веси го познаваше него, и кои заеднички спомени ќе ги очекува од мене. Сум го минал ова и со други и обично успевав некако да ги пребродам непријатните мигови. Како награда за тоа секој пат следеше проширување на знаењето за Федар што многу помогна на понатамошното обликување на неговата личност, што во текот на годините донесе мноштво податоци кои ги изнесувам тука.
Од малиот број исечоци што ги паметам, Федар многу го ценеше Де Веси бидејќи не го разбираше. Кога Федар не успеваше нешто да разбере, тоа во него будеше страшно интересирање, а однесувањето на Де Веси беше многу необично. Изгледаше целосно збркано. Федар ќе кажеше нешто што сметаше дека е многу забавно, а Де Веси зачудено ќе го погледнеше или пак ќе го сфатеше сериозно. Друг пат Федар ќе кажеше нешто многу сериозно а Де Веси ќе се изнасмееше како некој да му ја кажал најдобрата шега што било кога ја чул.
На пример, во паметењето постои исечок за една маса во трпезаријата со одлепен фурнир на работ кого Федар повторно го залепи. Во текот на стврднувањето на лепилото тој фурнирот го заврсти на тој начин што масата ја заврза со јажиња од сите страни.
Де Веси го виде јажето и се прашуваше зошто е направено сето тоа.
- Тоа е мојата најнова скулптура - рече Федар. - Зарем не ви се чини како во тоа да има нешто?
Наместо да се насмее, Де Веси го погледна со чудење, долго ја проучуваше масата и најпосле рече: - Каде сте го научиле сето тоа?
Во првиот миг Федар помисли дека тој ја продолжува шегата, но Де Веси беше сериозен.
Друг пат Федар беше лут поради некои слаби студенти. На пат кон дома тој зборуваше со Де Веси за тоа под некои дрвја, а Де Веси се чудеше зошто тој ова го зема толку при срце.
- И јас се прашував - рече Федар со несигурен глас и додаде: - Мислам дека тоа е можеби поради тоа што секој професор е повеќе склон кон студентите кои му се

нему слични. Ако во вашиот начин на пишување се истакнува накитениот стил, тогаш на тој стил му придавате поголема важност доколку го сретнете кај некој студент. Ако употребувате крупни зборови, ќе ви бидат драги токму оние студенти кои пишуваат со крупни зборови.
- Секако. Што има лошо во тоа? - рече Де Веси.
- Па ете, постои мал проблем - рече Федар - бидејќи сите студенти кои ми се најдраги, оние со кои навистина ме врзува некое чувство на поистоветување, сите тие паднаа на испитите!
Де Веси тогаш го обзема слатка смеа и тоа малку го навреди Федар. Тој во проблемот гледаше некаква научна појава која можеше да му понуди клуч за нови познанија, а Де Веси само се смееше.
Во почетокот мислеше дека Де Веси се смее на неговото ненамерно исмевање на самиот себе. Но тоа не се совпаѓаше со неговата личност бидејќи Де Веси воопшто не сакаше да исмева. Подоцна увиде дека тука се работеше за најискрена смеа. Најдобрите студенти секогаш паѓаат. Секој добар професор го знае тоа. Тоа беше еден вид смеа која ја намалува напнатоста што ја предизвикуваат невозможните ситуации и Федар можеше да ја користи бидејќи во тоа време нештата ги сфаќаше премногу сериозно.
Тие загадочни одговори на Де Веси го наведоа Федар на помислата дека Де Веси има пристап во големите пространства на скриеното разбирање. Де Веси секогаш изгледаше како нешто да крие. Тој нешто криеше од него, а Федар не можеше да сфати што е тоа.
Потоа доаѓа еден силен исечок од сеќавањата, оној ден кога откри дека можеби и Де Веси има некакво слично загадочно чувство кон него.
Прекинувачот за светло во работната соба на Де Веси се расипа и тој го замоли Федар да види во што е работата. Имаше помалку збунета, помалку загадочна насмевка на лицето, како насмевката што ја има уметничкиот мецена кога разговара со некој сликар. Меценатa е збунет што открива колку малку знае, но се смешка очекувајќи дека ќе научи нешто повеќе. За разлика од Сатерлендови, кои ја мразат техниката, Де Веси беше толку далеку од неа што во неа не наѕираше никаква опасност. Де Веси всушност беше технички незнајко, мецена во техниката. Не разбираше ништо во врска со неа, но знаеше што му се допаѓа и постојано уживаше во тоа да научи нешто ново.
Тој претпоставуваше дека дефектот е во жицата блиску до сијалицата, бидејќи снемало светлина во моментот кога го притиснал прекинувачот. Дефектот не беше

во прекинувачот, бидејќи во тој случај ќе требаше да мине некое време пред тоа да се забележи во сијалицата. Федар воопшто не расправаше околу тоа, туку отиде во продавницата за техничка стока преку патот, купи прекинувач и за неколку минути го вгради. Секако, светлината веднаш заблеска, предизвикувајќи чудење и непријатност кај Де Веси. - Како знаевте дека дефектот е во прекинувачот? - праша.
- Затоа што работеше на прекини кога го протресов прекинувачот.
- Но, зарем истото не би можело да го предизвика и тресењето на жицата?
- Не.
Федаровото надмоќно држење го разлути Де Веси и тој почна да се расправа. - Како го знаете сето тоа? - рече.
- Тоа е очигледно.
- Па зошто тогаш јас не го видов?
- Човек мора да е малку упатен.
- Тогаш тоа не е очигледно, зарем не?
Де Веси секогаш се расправаше поаѓајќи од едно толку чудно гледиште што беше невозможно да му се одговори. Тоа гледиште го наведе Федар на помислата дека Де Веси нешто крие од него. Дури на крајот на својот престој во Боземан тој помисли дека сфатил, на својот аналитички и методичен начин, кое е тоа гледиште.

На влезот во паркот застануваме и му плаќаме на еден човек со голема шапка. Тој ни возвраќа со еднодневна пропусница. Пред нас гледам еден постар турист кој не снима, потоа се смее. Од неговите кратки пантолани се спуштаат бели нозе во дебели чорапи и чевли. Неговата жена која гледа со одобрување има исти такви нозе. Им мафтам на минување и тие нас ни одмавнуваат. Тој миг ќе биде зачуван на филмската лента уште многу години.
Федар го презираше овој парк не знаејќи точно поради што, можеби затоа што не го беше открил самиот, но најверојатно не поради тоа. Поради нешто друго. Го лутеше тоа што фармерите се однесуваа како туристички водичи. Однесувањето на туристите како да се во зоолошка градина во Бронкс, Њујорк, му се гадеше уште повеќе. Толку голема разлика во споредба со планинскиот крај наоколу. Паркот изгледаше како голем музеј со козметички обработени експонати кои се тука за да создаваат илузија на реалноста, но добро оградени со синџири за децата да не ги оштетат. Луѓето влегуваа во паркот и стануваа пристојни и прекрасни и љубезни меѓу себе бидејќи на тоа ги тераше атмосферата на паркот. Иако цело време

живееше на стотина километри оддалеченост од него, го беше посетил само еднаш или два пати.
Но ова е веќе пореметување на хронологијата. Недостасуваат околу десет години. Тој не скокна од Еманuел Кант во Боземан, Монтана. Во текот на тие десет години живееше во Индија студирајќи ориентална филозофија на Универзитетот Хинду во Бенарес.
Колку што ми е познато, тој тука не дозна никакви скриени тајни. Ништо посебно не се случуваше, освен некои контакти. Слушаше филозофи, посетуваше свештеници, впиваше и размислуваше, уште повеќе впиваше и размислуваше и тоа беше се. Се што се гледа од неговите писма се сведува на ужасна збрка и спротивставености и несовмесности и отстапувања и исчекорувања од сите правила што тој ги беше формулирал за нештата кои ги набљудуваше. Дојде во Индија како емпиричар и си замина како емпиричар, ниту малку помудар од она што беше кога пристигна. Сепак, беше изложен на многу нешта и притоа акумулираше некој вид скриена претстава која подоцна се појавуваше заедно со многу други скриени претстави.
Некои од тие скриени нешта би требало тука да ги објаснам бидејќи тие подоцна ќе станат значајни. Стана свесен дека доктринарните разлики помеѓу хиндуизмот и будизмот и таоизмот не се ни оддалеку толку важни колку што се доктринарните разлики помеѓу христијанството и исламот и јудаизмот. Поради првите никогаш не се воделе војни, бидејќи за вербалните прикази на стварноста никогаш не се сметало дека ја претставуваат самата стварност.
Во сите источни религии голема важност и се дава на санскритската доктрина Тат твам аси, "Ти си тоа", која вели дека вие сте сето она што мислите дека сте и дека тоа е неделиво од сето она што мислите дека го гледате. Да се разбере во целост тоа отсуство на деливост значи да се стане просветлен.
Логиката препоставува одвоеност на субјектот од објектот; логиката значи не е крајната мудрост. Привидноста на одвоеноста на субјектот од објектот најдобро се отстранува со елиминација на телесната, душевната и емоционалната активност. Постојат многу дисциплини кои се занимаваат со ова. Една од најважните е санскритската дхзана, која на кинески погрешно се изговара како чан, што пак повторно на јапонски погрешно се изговара како зен. Федар никогаш не се впушташе во медитирање бидејќи тоа за него немаше смисла. Во текот на времето кое го мина во Индија "смислата" секогаш претставуваше логична конзистенција, и

тој не можеше да пронајде чесен начин да го напушти ова верување. Тоа, мислам, беше за пофалба.
Но еден ден, кога професорот во училницата со занес по можеби педесети пат го толкуваше привидниот карактер на светот, Федар ја крена раката и студено запраша дали тој верува дека и атомските бомби кои паднале на Хирошима и Нагасаки биле исто така привидни. Професорот се насмеа и одговори потврдно. Тоа беше крај на разговорот.
Се врати на својот среден запад, стекна практична диплома по новинарство, се ожени, живееше во Невада и Ново Мексико, се занимаваше со различни работи, работеше како новинар, автор на научни статии и пишувач на рекламни индустриски текстови. Стана татко на две деца, купи фарма и коњ за јавање и два автомобила и почна да се гои. Неговото прогонување на она што го нарековме сениште на разумот престана. Да се разбере ова е мошне значајно. Тој едноставно се откажа.
Со оглед на тоа што се откажа, површината на животот му беше пријатна. Работеше до разумни граници, убаво се согласуваше со луѓето, и освен повремените загледувања во внатрешната празнина која се насетува во некои кратки раскази што ги беше напишал во тоа време, неговите денови течеа сосема вообичаено.
Не се знае точно што го натера да дојде тука горе во овие планини. Изгледа дека ни неговата жена не го знаеше тоа, но јас би рекол дека тоа можеби беше едно од оние внатрешни чувства на промашеност и надеж дека ова на некој начин повторно ќе го врати на вистинскиот пат. Стана многу позрел, како напуштањето на неговите внатрешни цели да беа причина за неговото побрзо стареење.
Излегуваме од паркот кај Гардинер каде изгледа дека не паѓа многу дожд, бидејќи на планинските стрмнини во квечерината гледаме само трева и грмушки. Се одлучуваме тука да преноќиме.
Градот се наоѓа на високите стрмнини од обете страни на мостот преку реката која брза преку мазните и чисти форми. Преку мостот светлата на мотелот каде престојуваме се веќе запалени, но и на вештачкото светло кое доаѓа низ прозорците можам да видам дека секоја куќичка е педантно опкружена со насадени цвеќиња, па затоа внимателно чекорам да не газам врз него.
Забележувам и нешто во врска со куќите, и веднаш му го покажувам тоа на Крис. Прозорците се двојни и лизгачки. Вратите благо се затвораат и не тропаат. Сите рамки се совршено поставени. Во сето тоа нема ништо излишно, тоа е само добро направено и, нешто ми вели, сето тоа го направил еден човек.

Враќајќи се во мотелот од ресторанот забележуваме една постара двојка како седи во малиот двор пред рецепцијата уживајќи во вечерното ветре. Мажот потврдува дека сите куќички ги направил тој самиот и дека му е многу мило што тоа некој го забележал, а неговата жена, која тоа го слуша, не повикува да седнеме крај нив. Разговараме без потреба да брзаме. Ова е најстариот влез во паркот. Со него луѓето се служеле и пред да бидат измислени автомобилите. Тие говорат за промените кои настапиле со текот на годините, додавајќи нова димензија на она што го гледаме околу себе, и сето тоа се слева во едно прекрасно нешто - тој град, таа двојка и годините кои минале. Силвија ја става раката на Џоновата. Јас сум свесен за шумолењето на реката која брза под нас и за благиот мирис на ноќното ветре. Жената, која ги познава сите мириси, вели дека тоа е козја крв, и ние замолкнуваме некое време и јас пријатно задремувам. Крис речиси беше заспан кога одлучивме да починеме.

13

Џон и Силвија јадат топли пецива и пијат кафе за појадок, уште ги држи синоќешното расположение, а јас тешко ја голтам храната.

Денес би требало да стигнеме до училиштето, местото каде се случи страшниот судар на нештата, и јас веќе чувствувам извесна напнатост.

Се сеќавам дека еднаш прочитав за некои археолошки ископувања на Блискиот исток и дознав како се чувствува археологот кога за прв пат по илјадници години ги отвара заборавените гробови. И јас сега се чувствувам како некој археолог.

Грмушките од жалфија во кањонот кон Ливингствон сега се слични на грмушките жалфија што ги гледате по цел пат, од тука до Ново Мексико.

Денешното сонце е исто како и вчерашното, само што е потопло и поблаго сега кога повторно се наоѓаме на помали височини.

Нема ништо необично.

Само тоа археолошко чувство дека смиреноста на околината само ги прикрива нештата. Ова е место населено со духови.

Навистина не сакам да одам таму. Во секој миг би можел да се свртам и да се вратам.

Тоа е само од напнатоста, препоставувам.

Се согласува со еден исечок на сеќавањето во кој во текот на многу утра напнатоста беше толку силна што тој повраќаше се што имаше во него пред да влезе во првата училница. Му се гадеше да излезе пред полна соба студенти и да говори. Тоа беше

потполно насилство над неговиот осамен, издвоен начин на живот, па чувствуваше силна трема пред настап, само што таа никогаш не се одразуваше на него како таква, туку повеќе како ужаен интензитет на сето она што тој го правеше.
Студентите и раскажуваа на неговата жена дека тоа беше нешто како електрицитет во воздухот. Во мигот кога влегуваше во училницата, сите очи се насочуваа кон него и го следеа додека и приоѓаше на катедрата. Сите разговори запираа до шепот и продолжуваа како шепот, иако често минуваа неколку минути пред да почне предавањето. Во текот на часот очите не се одвојуваа од него.
Почна многу да се говори за него, како за контроверзна личност. Поголемиот број студенти ги избегнуваа неговите предавања, бегаа од нив како од чума. Премногу се имаа изнаслушано за него.
Тоа училиште беше она што благо можеше да се нарече "предавачки факултет". На предавачкиот факултет предавате и предавате и предавате без слободно време за истражување, за размислување, за учество во настаните вон училиштето. Само предавате и предавате и предавате додека духот не ви отапе и не ви исчезне креативната моќ и не станете автомат кој говори исти глупави нешта по сто пати на бескрајните таласи невини студенти кои не можат да разберат зошто сте толку глупав, кои губат почитување кон вас и го шират тоа непочитување во јавноста. Причината заради која предавате и предавате и предавате лежи во тоа што тоа е многу лукав начин на одржување на училиштето со мали трошоци што пружа лажен привид на вистинско образование.
Сепак, и покрај тоа, тој училиштето го нарекуваше со име кое немаше многу смисла, всушност звучеше помалку смешно од аспект на неговата вистинска природа. Но името имаше големо значење за него, и тој упорно се држеше до него и сметаше дека откако замина тоа остана длабоко врежано во неколку мозоци, доволно длабоко за да не може да се избрише. Го нарекуваше "Црква на умот", и многу недоумици ќе престанеа доколку луѓето околу него разбреа што значи тоа.
Во државата Монтана во тоа време цветаше ултра-десничарската политика слична на онаа која владееше во Далас, Тексас, непосредно пред убиството на претседателот Кенеди. На еден професор познат низ цела Америка му беше забрането да држи говор во кругот на универзитетот во Мисули, Монтана, со образложение дека тоа би "предизвикало немири". На професорите им беше речено дека сите изјави за јавноста пред да бидат обелоденети мораат да минат низ одделот за информирање на јавноста.

Академските стандарди беа уништени. Законодавството претходно им беше забранило на училиштата да одбијат запишување на било кој студент постар од дваесет и една година, без оглед на тоа дали тој завршил некое средно училиште или не. Сега законодавството изгласа закон со кој факултетот се казнува со казна од осум илјади долари за секој студент кој нема да положи, со други зборови тоа беше наредба дека секој студент мора да положи.
Новоизбраниот гувернер настојуваше да го избрка деканот, како поради лични, така и поради политички причини. Деканот не само што беше личен непријател, беше и демократ, а гувернерот не беше обичен републиканец. Шефот на неговата предизборна кампања воедно беше секретар на друштвото "Џон Бирч" во државата Монтана. Тоа беше истиот гувернер кој го беше составил пописот од педесет субверзивни елементи за кој слушнавме пред неколку дена.
Како дел од таа крвна освета, на универзитетот му беа смалени дотациите. Деканот учествуваше со необично голем дел во намалувањето на катедрата за англиски јазик, чиј член беше Федар, и чии членови беа прилично гласни кога се работеше за прашањата на академската слобода.
Федар тогаш му пиша на регионалното здружение за службено признавање на училиштата за да види дали тие можат да го спречат кршењето на условите за постоење квалитетно образование. Освен тоа приватно допишување, јавно се залагаше за поведување истрага за целокупната ситуација во школството.
Тогаш некои студенти во една од групите на кои им предаваше Федар одеднаш зајадливо запрашаа дали неговите напори околу тоа училиштето да не биде службено признаено значи дека тој настојува да им го оневозможи нивното образование.
Федар негираше.
На тоа еден студент, очигледно приврзаник на гувернерот, луто рече дека власта ќе се погрижи училиштето да не го загуби својот авторитет.
Федар запраша како.
Студентот одговори дека ќе биде поставена полиција за да го спречи тоа.
Федар малку размислуваше, потоа сфати колку длабоко погрешно е сфаќањето на авторитетот на училиштето од страна на студентот.
Таа ноќ, за утрешното предавање тој напиша одбрана на она што го прави. Тоа беше предавање за "Црквата на умот" кое, спротивно на неговите вообичаени белешки, беше многу долго и многу внимателно обработено.

Тоа започнува со наведување на една новинска статија за тоа како на некоја црквена зграда во внатрешноста виси електрична реклама за пиво токму над главниот влез. Зградата била продадена и претворена во пивница. Не е тешко да се погоди дека на ова место во училницата се слушна смеа. Универзитетот беше добро познат по пијанките и некако одговараше на таа слика. Во статијата пишуваше дека многу луѓе поради тоа се пожалиле на црковните власти. Тоа била католичка црква, и свештеникот кој бил одреден да одговара на критиките прилично се разгневил. За него тоа било знак дека луѓето всушност не знаат што е тоа црква. Зарем тие мислеле дека циглите и штиците и стаклото ја чинат црквата? Или обликот на покривот? Тоа бил пример на чист материјализам скриен во рувото на побожноста на кој црквата му се спротивставува. Градбата за која станува збор не е света. Таа е обесветена. И тука престанува се. Рекламата за пиво стои на влезот во пивницата, не на влезот во црквата, и оние кои не ја гледаат разликата само откриваат нешто за себе.

Федар рече дека истата збрка владее во сфаќањето на универзитетот и дека е затоа тешко да се разбере службеното непризнавање на универзитетот. Вистинскиот Универзитет не е материјален објект. Тоа не е збир на згради кои можат да се бранат со полиција. Објасни дека, кога некој факултет ќе го загуби својот авторитет, никој не доаѓа да го затвори. Нема законски казни, нема глоби, нема казни затвор. Предавањата не се прекинуваат. Се продолжува како и до тогаш. Студентите го добиваат истото образование кои би го добиле и тогаш кога училиштето не би го загубило својот кредибилитет. Она што се случува, рече Федар, е едноставо службено објавување на состојбата која и претходно постоела. Тоа е слично на екскомуникација. Би се случило следново: вистинскиот универзитет, на кого ниту едно законодавство не може да му заповеда, и кое никогаш не може да се поистовети со никаква градба од тули, штици и стакло, едноставно би изјавил дека тоа место веќе не е "свето". Вистинскиот универзитет би исчезнал, а она што би останало би биле тулите и книгите и материјалната појавност.

Ова сфаќање мора да им беше чудно на студентите, и можам да замислам колку долго чекаше за тоа да се слегне, и како можеби потоа го очекуваше прашањето: "Што мислите вие, што е тоа вистински универзитет?"

Неговите белешки, како одговор на тоа прашање, го содржат следново: Вистинскиот универзитет, рече, нема одредена локација. Тој нема имот, не исплатува лични доходи, не прима материјални средства. Вистинскиот универзитет

е состојба на духот. Тој е големо наследство на рационалната мисла кое е регенерирано низ вековите со посредство на луѓе кои традиционално ја носат титулата професор, но дури ни тој услов не е дел од вистинскиот универзитет. Вистинскиот универзитет не е ништо друго освен продолжен орган на самиот разум.
Освен оваа состојба на духот - "разумот", постои и правно лице кое за жал се означува со истото име, но претставува нешто сосема друго. Тоа е непроизводствена институција, со одредена адреса. Поседува имот, во состојба е да плаќа, да прима пари и да одговара на сите законски притисоци кои се јавуваат во текот на процесот.
Но овој втор универзитет, правното лице, не може да подучува, тој не создава ново знаење и не вреднува идеи. Тоа воопшто и не е вистински универзитет. Тоа е само една црковна зграда, земјиште, локација каде се создадени соодветни услови за постоење на вистинска црква.
Забуната се создава постојано кај оние луѓе кои не можат да ја согледаат таа разлика, рече, и кои мислат дека контролата врз црковните згради имплицира контрола врз црквата. Таквите луѓе професорите ги гледаат како службеници на вториот универзитет кои мораат да го напуштат разумот кога тоа ќе им се каже и без приговори да примаат наредби, исто онака како што тоа го прават службениците во другите организации.
Тие го гледаат вториот универзитет, но првиот не успеваат да го видат.
Се сеќавам кога за прв пат го прочитав ова и забележав колкава аналитичка сила е употребена тука. Тој го одбегнал разделувањето на Универзитетот на гранки и катедри и занимавањето со таквиот вид анализа. Тој исто така ја избегнал традиционалната поделба на студенти, професори и администрација. Кога универзитетот се дели на било каков начин, тогаш се добиваат многу непотребни податоци кои не можат да ви кажат ништо повеќе отколку она што обично се наоѓа во службените универзитетски извештаи. Но Федар него го разложил на "црква" и "локација", и кога таквото разделување еднаш ќе биде направено, истата онаа матна и прилично несфатлива институција одеднаш се разгледува со одреден степен на јасност кој пред тоа не бил достапен. Врз основа на таа делба тој пружил објаснувања за многу загадочни но нормални аспекти на универзитетскиот живот.
По овие објаснувања тој се врати на аналогијата на религиозната црква. Граѓаните кои градат таква црква и плаќаат за неа веројатно имаат на ум дека тоа го прават за својата заедница. Една добра проповед на членовите на заедницата може да им

пружи душевен мир за следната седмица. Неделното училиште ќе им помогне на децата да бидат воспитани на вистинскиот начин. Свештеникот кој држи проповед и управува со неделното училиште ги разбира тие цели и обично работи во согласност со нив, но тој исто така знае дека неговата основна задача не е да служи на заедницата. Неговата основна задача е пред се да му служи на Бога. Обично околу ова нема конфликт, но понекогаш конфликт се јавува кога членовите на црковниот одбор ќе се спротивстават на проповедите на свештеникот и ќе му се заканат со намалување на неговата плата. Тоа се случува.

Во таквите ситуации вистинскиот свештеник мора да се однесува како да не ги чул заканите. Неговата основна задача не е да им служи на членовите на заедницата, туку секогаш на Бога.

Основната задача на Црквата на умот, зборуваше Федар, секогаш е старата Сократова цел - вистината, во нејзините трајно променливи облици, онаква кава што се открива во процесот на рационалноста. Сето останато му е подредено на ова. Обично таа цел не е во спротивност со локалната цел на подобрување на граѓанството, но понекогаш се појавуваат некои конфликти, како и во случајот на самиот Сократ. Тие искрснуваат кога членовите на одборот или претставниците на власта, кои вложиле многу време и пари во локацијата, заземат гледиште кое е спротивно на професорските предавања или изјавите за јавност. Тие тогаш можат да се потпрат на администрацијата, заканувајќи се дека ќе ги намалат финансиските фондови доколку професорите не го говорат она што тие сакаат да го чујат. И ова се случува.

Вистинските црковни луѓе во таквата ситуација мора да се однесуваат како да не ги чуле овие закани. Нивната основна задача никогаш не е служењето на заедницата. Нивната основна задача е служење, со посредство на умот, на целта на вистината. Тоа го подразбираше под Црква на умот. Никој не се сомневаше дека тоа беше концепт кој тој длабоко го чувствуваше. Го сметаа за некој вид бељаџија, но никогаш не го спречуваа во тоа да прави бељи. Од гневот на сите околу него делумно го спасуваше неговото отсуство на желба да им помогне на било каков начин на непријателите на училиштето, но делумно и завидната свесност дека сето негово предизвикување проблеми на крајот на краиштата произлегува од мандатот од кој и тие самите никогаш не се ослободиле: мандатот да се зборува рационалната вистина.

Белешките од предавањата ги објаснуваат речиси сите причини за таквото негово однесување, но едно нешто останува необјаснето - неговата фанатична жестина.

Човек може да верува во вистината и во процесот на нејзиното откривање, и во отпорот кон државната власт, но зошто поради тоа од ден на ден некој би согорувал во себе?

Психолошките објаснувања кои ми беа дадени ми се чинат несоодветни. Актерската трема не може да поднесе таков вид на напор од месец во месец. Ниту едно друго објаснување не звучи уверливо, на пример она дека тој се обидувал да се искупи заради претходниот неуспех. Нема докази дека тој за своето исфрлање од универзитетот размислувал како за неуспех, туку само како за загатка. Објаснувањето до кое јас дојдов произлегува од јазот помеѓу неговото отсуство на верба во научниот ум во лабораторијата и неговата фанатична вера изразена преку предавањето за Црквата на умот. Размислував за овој јаз еден ден и одеднаш ми светна дека во тоа воопшто и нема разлика. Отсуството на верба во умот беше причината зошто тој така фанатично му се беше посветил.

Никогаш нема да му се посветите на нешто во што имате потполна доверба. Никој не вика фанатично дека сонцето и утре ќе изгрее. Секој знае дека тоа и утре ќе изгрее. Кога луѓето фанатично и се посветуваат на некоја политичка или религиска доктрина или на било каков вид догми или цели, тоа е секогаш затоа што овие догми или цели се под знакот на сомневањето.

Во овој случај се работи за борбеност на езуитите на кои тој донекаде и личеше. Историски нивната фанатичност не изникнала од силата на католичката црква, туку од нејзината слабост пред реформацијата. Федаровото отсуство на верба во умот направи од него таков фанатичен учител. Тоа има смисла. И тоа добива уште повеќе смисла кога ќе се земат предвид настаните кои следеа.

Токму затоа тој веројатно чувствуваше некое длабоко сродство со бројните слаби студенти од последните редови во неговата училница. Погледите полни со презир во нивните очи ги одразуваа истите чувства кои тој ги имаше кон целиот рационален, интелектуален процес. Единствената разлика беше во тоа што тие чувствуваа презир затоа што не го разбираа. Тој го презираше затоа што го разбираше. Со оглед на тоа што не го разбираа, ним не им преостануваше ништо друго туку да паднат и цел живот со горчина да се сеќаваат на тоа искуство. Од друга страна тој фанатично чувствуваше дека е должен да направи нешто во врска со тоа. Заради тоа неговото предавање за Црквата на умот беше толку добро подготвено. Им говореше дека мораат да веруваат во умот бидејќи ништо друго не преостанува. Но тој самиот не ја имаше таа верба.

Треба постојано да се има предвид дека сето ова се случуваше во педесетите години а не во седумдесетите. Во тоа време битниците и раните хипици галамеа за "системот" и ограниченият интелектуализам кој тој го подржува, но речиси никој не помислуваше дека целата градба ќе биде доведена во прашање. И така Федар фанатично бранеше една институција, Црквата на умот, во која никој, сигурно никој во Боземан, Монтана, немаше причини да се сомнева. Како некој предреформаторски Лојола. Некое борбено уверување дека сонцето ќе изгрее и утре, и тогаш кога никој не беше загрижен. Сите му се чудеа само нему.
Но сега, кога помеѓу нас и него лежи најбурното десетлетие на овој век, десетлетие во кое умот беше напаѓан и навредуван вон сите очекувања на педесетите, мислам дека со помош на оваа шатакуа која почива врз неговите откритија можеме малку подобро да разбереме за што говореше тој...за сеопштото решение...само кога тоа би било вистинито...но од него е загубен толку голем дел што тоа не можеме да го знаеме.
Можеби заради тоа се чувствувам како археолог. И можеби заради тоа сум толку напнат. Имам само делови од сеќавања, и кршеници од нешта кои луѓето ми ги кажуваат, и се прашувам додека се приближуваме, нели е подобро некои гробови да останат затворени.
Одеднаш ми паѓа на памет дека Крис седи зад мене, и се прашувам колку знае тој, колку се сеќава.
Стигнуваме до раскрсница каде патот од паркот се слева во главниот автопат исток-запад, застануваме и свртуваме на него. Од таму минуваме преку еден низок премин и влегуваме во самиот Боцеман. Патот сега се качува, води на запад, и јас одеднаш се радувам на она што ме очекува.

14

Се симнуваме од преминот на малата зелена рамнина. Непосредно пред нас, на југ, се гледаат планини обраснати со борова шума кои на врвовите се уште имаат лански снег. Во сите други насоки се појавуваат пониски планини, подалечни, но исто толку јасни и остри. Оваа слика, како од разгледница, неодредено се поклопува со сеќавањето. А главниот автопат веројатно не ни постоел во тоа време.

Реченицата "Подобро е да се патува отколку да се стигне" повторно ми се враќа во мислите и останува тука. Досега патувавме а сега ќе стигнеме. За мене настапува

период на потиштеност кога ќе ја достигнам привременатa цел како оваа и кога морам одново да се насочам кон некоја друга цел. За ден-два Џон и Силвија ќе мораат да се вратат, а на мене и на Крис ни останува да одлучиме што понатаму. Се ќе мора да се смени.

Главната градска улица ми изгледа некако матно позната, но сега се чувствувам како турист и гледам дека натписите на продавниците стојат тука поради мене, туристот, а не поради луѓето кои живеат тука. Ова навистина не е мал град. Луѓето се движат пребрзо и премногу независно едни од други. Тоа е едно од оние места со по петнаесет до триесет илјади жители, па не е ниту вистинско гратче, ниту пак е вистински град - всушност не е ништо.

Ручаме во ресторан полн со стакло и алуминиум кој не буди никакви спомени. Изгледа како да е отворен после неговиот престој тука и покажува ист степен на недостаток на оригиналност кој веќе го забележавме на главната улица.

Му приоѓам на телефонскиот именик и го барам бројот на Роберт Де Веси, но не го наоѓам. Се јавувам на информации, но таму никогаш не чуле за него и не можат да ми го дадат бројот. Не ми се верува. Дали тие постоеја само во неговата фантазија? Одговорот на телефонистката предизвикува чувство на паника кое трае неколку мигови: но тогаш се присеќавам на нивните одговори на моето писмо во кое им јавувам дека доаѓаме и се смирувам. Измислените луѓе не праќаат писма по пошта.

Џон ми советува да се јавам во одделот за уметност или на некои пријатели. Пушам некое време и пијам кафе, па кога повторно се опуштам го правам тоа и дознавам како се стигнува до кај нив. Не е техниката тоа што заплашува. Она што плаши е тоа што таа го создава во меѓучовечките односи, на пример помеѓу оние кои се јавуваат на службата за информации и оние кои одговараат.

Од градот до планините преку долината има веројатно околу петнаесет километри, и ние ја минуваме таа оддалеченост по калливи патишта низ бујна зелена висока детелина зрела за косење, која изгледа толку густа што би било тешко да се оди низ неа. Полињата се протегаат од обете страни и лесно се издигаат кон подножјето на планините каде одеднаш се крева темното зеленило на боровите. Тоа ќе биде местото каде живеат Де Весови. Местото каде се среќаваат светлото

зеленило и темното зеленило. Ветерот е полн со мириси на светлозеленото тукушто покосено сено и стока. Во еден миг минуваме низ студениот воздушен sид, каде мириса на боровина, но потоа повторно се враќаме на топло. Сончевата светлина и ливадите и планината која се издига наблизу.

Штом стигнавме до боровите, на патот почнува дебел слој чакал. Успоруваме до прва брзина и до петнаесет километри на час, и јас ги спуштам обете нозе од папучицата за да можам да го кренам моторот ако се зарие во песокот и почне да тоне. Патот закривува и нагло влегува меѓу боровите и многу стрмниот и тесен кањон во планината, и еве не токму покрај патот големи сиви куќи со голема апстрактна железна скулптура прицврстена на една страна, а под неа седи, навалена со грбот на куќата, жива слика и прилика на самиот Де Веси кој опкружен со друштво држи лимена со пиво во раката и ни мавта со неа. Како излезен директно од старите фотографии.

Јас сум толку зафатен со држењето на моторот што не можам да одвојам раце од управувачот, па наместо тоа му мавтам со нога. Живата слика на самиот Де Веси се смешка додека ние застануваме.

- Не пронајдовте - вели тој. Опуштена насмевка. Среќни очи.
- Многу време мина - велам јас. И јас се чувствувам среќно, иако ми е чудно што одеднаш гледам дека сликата се движи и зборува.

Се симнуваме од моторите и ја соблекуваме патната опрема и јас гледам дека отворениот трем на кој стојат тој и неговите гости е се уште недовршен и непокриен. Де Веси гледа од тремот кој се наоѓа само малку над патот од наша страна, но стрмнината на кањонот е толку голема што на другата страна почвата е пет метри пониска и подалеку од куќата, меѓу дрвјата и високата трева каде еден коњ, делумно скриен од дрвјата, пасе не кревајќи ја главата. Сега мораме да ги истегнеме вратовите за да го видиме небото. Не опкружува темнозелена шума која ја гледавме додека и се приближувавме.

- Ова е навистина прекрасно - вели Силвија.
Живата слика на Де Веси се смее одозгора. - Фала - вели тој - драго ми е што ви се допаѓа. Неговиот глас е многу спокоен, крајно опуштен. Иако тоа е автентична

прилика на самиот Де Веси, забележувам дека тоа е воедно потполно нова личност која во меѓувреме се менувала, и сфаќам дека ќе морам одново да го запознавам.

Се качуваме на тремот. Помеѓу подните даски има шуплини, како да се работи за решетка. Низ нив можам да ја видам почвата. Со глас и насмевка кои како да велат "не сум баш сигурен како се прави ова", Де Веси не запознава едни со други, но неговите зборови влегуваат на едно уво а излегуваат на друго. Никогаш не можам да запаметам имиња. Негови гости се еден предавач на уметност од факултетот, кој носи наочари со релјефна рамка, и неговата жена, која се смешка самоуверено. Веројатно се нови.

Разговараме некое време, Де Веси воглавно им објаснува кој сум јас, а потоа, од онаа страна каде што тремот се губи зад аголот на куќата, одеднаш се појавува Џени Де Веси со послужавник полн со пива во конзерви. И таа е сликарка и, одеднаш станувам свесен за тоа, брзо ја сфаќа ситуацијата, и веќе пријателски се смешка кога ја грабнувам конзервата со пиво наместо нејзината рака, па вели: - Тукушто пристигнаа некои соседи со куп пастрмки за вечера. Толку сум среќна. - Се обидувам да се сетам што би било соодветно да се каже, но само климнувам со главата.

Седнуваме, јас на сонце од каде е тешко да се разликуваат што се случува на другата страна на тремот во сенка.

Де Веси ме гледа, изгледа како да се подготвува да каже нешто во врска со мојот изглед, кој без сомневање многу се разликува од она што тој го памети, но нешто го одвраќа од тоа и тој се врти кон Џон и го прашува какво било патувањето.

Џон објаснува дека било многу добро, нешто на што тој и Силвија се надевале со години.

Силвија се придружува на тоа. - Доста е да се биде на чист воздух во овие пространства - вели таа.
- Во Монтана има пространства - вели Де Веси, помалку тажно. Тој и Џон и предавачот по уметност се впуштаат во разговор за разликите помеѓу Монтана и Минесота, само заради запознавање.

Коњот мирно пасе под нас, а веднаш зад него искри водата во потокот. Разговорот минува на земјата на Де Веси овде во кањонот, на тоа колку долго живее тука и какво е уметничкото образование на факултетот. Џон е навистина надарен за случајни разговори како овој, за разлика од мене, па затоа само слушам.

После некое време топлината од сонцето станува толку голема што го слекувам џемперот и ја раскопчувам кошулата. Ги вадам и наочарите за сонце и ги ставам за да го избегнам трепкањето. Така е подобро, но тоа толку ми ја смалува видливоста што едвај ги разликувам лицата во сенка, па се чувствувам некако одвоен од се, освен од сонцето и од сонцето осветлените стрмнини на кањонот. Размислувам во себе за распакувањето на багажот но одлучувам да не го споменувам. Тие знаат дека останувате но всушност подсвесно допуштаат прво да се направат почетните нешта. Прво се опуштаме, потоа се распакуваме. Зошто да се брза. Пивото и сонцето почнуваат да ја загреваат мојата глава како таа да е мека пирошка. Многу пријатно.

Не знам колку подоцна, ја слушам Џоновата забелешка за "филмскиот глумец меѓу нас" и сфаќам дека говори за мене и моите наочари за сонце. Погледнувам преку наочарите кон нив во сенката, и сфаќам дека Де Веси и Џон и предавачот по уметност ми се смешкаат. Веројатно сум им потребен во разговорот, нешто за проблемите на патувањето.
- Тие сакаат да знаат што се случува ако нешто се расипе од механиката - вели Џон.
Им раскажувам цела приказна за тоа кога јас и Крис бевме зафатени од дождовната бура, кога се угаси моторот, што е добра приказна, но по малку без поента. Тоа го сфаќам додека ја раскажувам како одговор на нивното прашање. Последната реченица за тоа како всушност немаше бензин го донесува очекуваното мумлање.
- А јас дури и му реков да провери - вели Крис.
Де Веси и Џени забележуваат колку пораснал Крис. Тој станува самосвесен и по малку ликува. Го прашуваат за мајка му и неговиот брат, а ние обајцата одговараме на тие прашања најдобро што можеме.

Жештината на крај станува неиздржлива, па ја поместувам столицата во сенка. Она чувство како да си пирошка исчезнува во наглото студенило и после неколку

минути морам да се запетлам. Џени го забележува тоа и вели: - Штом зајде сонцето зад оние врвови, тука станува навистина студено.

Оддалеченоста помеѓу сонцето и врвовите е мала. Проценувам дека преостанува помалку од половина час директно сонце, иако е само средина на попладнето. Џон прашува за планините зиме, па тој и Де Веси и предавачот по уметност разговараат за тоа и за пешачењето со стапови во планините. Јас би можел вечно да седам тука.

Силвија и Џени и жената на предавачот по уметност разговараат за куќата и набргу Џени ги повикува внатре.

Моите мисли се враќат на забелешката за тоа колку бргу расте Крис и одеднаш настапува она мрачно чувство. Јас само индиректно сум чул за времето кога Крис живеел тука, но ним им се чини како тој едвај и да бил отсутен. Ние живееме во потполно различни временски структури.

Разговорот минува на новостите во сликарството и музиката и театарот, и јас се изненадувам колку добро Џон учествува во разговорот. Мене во основа не ме интересира што се случува на тие полиња, а тој тоа веројатно го знае и поради тоа никогаш не зборува со мене за тоа. Токму обратното од случајот со одржувањето на моторите. Се прашувам дали моите очи се сега стаклени како што се неговите кога јас зборувам за клиповите и вентилите.

Но она што им е заедничко ним, нему и на Де Веси, тоа сме всушност Крис и јас, и тука се развива нешто смешно, почнувајќи со онаа забелешка за филмскиот глумец. Џоновиот добродушен сакразам на сметка на неговиот стар пријател во пиењето и возењето со мотор малку му го расипува расположението на Де Веси кој поради тоа се изразува за мене со глас полн со почитување. Тоа веројатно само од себе го засилува Џоновиот сарказам и тоа обајцата го чувствуваат па некако се тргаат од мене и започнуваат разговор за нешто за што се согласуваат но повторно се враќаат на мене и нелагодноста расте па потоа повторно ме заобиколуваат и се фаќаат за друга забавна тема.

- Во секој случај - вели Џон - овој човек ни говореше дека ќе се разочараме кога ќе стигнеме тука, но ние уште не можеме да го препознаеме тоа "разочарување".

Јас се смеам. Не сакав така да се чувствува. И Де Веси се смее. Но тогаш Џон се врти кон мене и вели: - Боже, ти мора да си бил навистина луд, сакам да кажам навистина мрднат кога си го напуштил ова место. Не е ни важно каков е факултетот.

Гледам дека Де Веси го гледа зачудено. Потоа ме гледа мене и јас одмавнувам со раката. Се случува некој вид застој, но јас не знам како да го заобиколам. - Ова е прекрасно место - велам тивко.

Де Веси вели во одбрана: - Доколку останете некое време, би ја виделе и другата страна на ова. - Предавачот клима со главата како да се согласува со тоа.

Застојот сега повлекува молк. Него е невозможно човек да го исполни. Она што Џон го рече не е нељубезно. Тој е пољубезен од било кој друг. Јас го знам тоа и тој го знае, но Де Веси не го знае тоа, дека тие двајцата се обраќаат на личност која денес не претставува многу. Тоа е само припадник на среден сталеж и средно доба кој добро се снаоѓа. Се грижи воглавно за Крис, но вон тоа не е ништо особено.

Но Де Веси и јас знаеме, а Сатерлендови не знаат, дека постоеше некој, човек кој некогаш живеел овде, кој креативно согоруваше заради некакви идеи кои никогаш пред тоа никој не ги беше чул, но тогаш се случи нешто необјасниво и погрешно, а ни Де Веси ни јас не знаеме како и зошто. Причината на застојот, непријатното чувство, лежи во тоа што Де Веси мисли дека таа личност е сега тука. И нема начин на кој можам да го разуверам.

Во еден миг, високо горе на врвот, сончевата светлост се разлева по дрвјата и до нас стигнува благо треперење. Светлосниот круг се шири, опфаќа се со ненадеен сјај, па ненадејно паѓа и врз мене.

- Тој виде премногу - велам, размислувајќи и понатаму за застојот во разговорот, но Де Веси изгледа збунет а Џон воопшто не сфаќа, и јас предоцна увидувам дека тука постои нон сељуитур. Во далечината некоја осамена птица пее со тажен глас.

Сонцето одеднаш зајде зад планините и сега целиот кањон е во матна сенка.

Во себе размислувам за непожелноста на мојата постапка. Не смеете да кажувате такви реченици. Од болницата излегувате свесни дека не го смеете тоа.

Се појавува Џини со Силвија и ни предлага да се распакуваме. Ние се согласуваме на тоа, и таа не води во нашите соби. Гледам дека на мојот кревет лежи дебел покривач против ноќното студенило. Прекрасна соба.

Со три одења до моторот и назад пренесов се. Потоа заминувам во собата на Крис да видам дали треба нешто да помогнам, но тој е весел и веќе одраснат и не му треба помош.

Го гледам. - Како ти се допаѓа тука?
Тој вели: - Прекрасно е, но воопшто не личи на она што го зборуваше минатата ноќ.
- Кога?
- Пред да заспиеме. Во куќичката.
Јас не знам за што зборува.
Тој додава: - Рече дека тука е самотно.
- Зошто би го рекол тоа?
- Тоа јас не го знам. - Моето прашање му е непријатно, па се откажувам од него. Веројатно сонувал.
Кога се симнавме во дневната соба во кујната веќе се чувствуваше мирис на пржена пастрмка. Во едниот агол од собата Де Веси се приближил до огништето држејќи ќибрит и малку весници. Го гледаме неколку мига.
- Цело лето го потпалуваме ова огниште - вели тој.
Јас одговарам: - Изненаден сум што е толку студено.
Крис вели дека и нему му е студено. Го праќам горе да го донесе својот и мојот џемпер.
- Тоа е поради ноќниот ветар - вели Де Веси. - Вее низ кањонот, се спушта одозгора каде е навистина студено.
Огнот нагло се распламтува а потоа замира па потоа повторно се распламтува поради невоедначеното струење во оџакот. Веројатно е ветровито, помислувам, и гледам низ големите прозорци кои пополнуваат цел еден ѕид од дневната соба. Од

другата страна на кањонот, низ полумракот го гледам острото свиткување на дрвјата.
- Но тоа е точно - вели Де Веси. - Вие знаете колку е студено горе. Некогаш таму го минувавте сето свое време.
- Тоа ме потсетува на некои нешта - велам јас.
Сега во мислите ми се враќа еден издвоен исечок: ноќните ветрови околу логорскиот оган, помал отколку што е овој пред нас, засолнати меѓу карпите од силниот ветар бидејќи дрвја нема. Крај оганот лежи приборот за готвење и шаторските крила кои служат за подобра заштита од ветерот, и пљоска полна со вода собрана од растопениот снег. Водата мораше да се собари претходно, бидејќи над појасот на шумите снегот не се топи откако ќе зајде сонцето.
Де Веси вели: - Многу сте се промениле. - Испитувачки ме набљудува. Неговиот израз на лицето како да прашува дали е тоа забранета тема или не, и тој од тоа набљудување заклучува дека е. Па додава: - Мислам дека сите сме се промениле.
Јас возвраќам: - Воопшто не сум истата личност - и се чини дека тоа малку го смирува. Да е свесен за буквалната смисла на мојата реченица, таа би го вознемирила уште повеќе. - Многу нешта се случија - велам - и се појавија некои нешта поради кои стана важно човек да се обиде малку да ги расплетка, барем во мојот ум, и тоа е делумно причината за моето доаѓање тука.
Тој ме гледа, очекува уште нешто, но во тој момент професорот по уметност и неговата жена приоѓаат на огништето па го прекинуваме разговорот.
- По ветерот би се рекло дека вечерва ќе има бура - вели професорот.
- Не би рекол - вели Де Веси.
Крис се враќа со џемперите и прашува дали има духови горе во кањонот.
Де Веси го гледа со насмевка. - Не, но има волци - вели.
Крис размислува за тоа и прашува: - што прават тие?
Де Веси вели: - Им создаваат маки на сточарите. - Потоа се мурти. - Колат млади телиња и јагнињa.
- Напаѓат ли луѓе?
- Тоа се уште не сум го чул - вели Де Веси и потоа, гледајќи дека Крис е разочаран, вели: - Но би можеле.
За вечера со пастрмката од потокот пиеме бургундец. Седиме секој сам по столиците и канабињата во дневната соба. Една страна од собата е цела во прозорци кои гледаат на кањонот, но сега надвор е мрачно и стаклото ја одразува светлината од огништето. Жарта од оганот добро оди со внатрешната жар од

виното и пастрмката и никој не започнува разговор, само се слушаат мрморливи пофалби.
Силвија му дошепнува на Џон да ги погледне големите садови и бокали во собата.
- Веќе ги видов - вели Џон. - Фантастично.
- Петар Вулкас ги има направено - вели Силвија.
- Навистина?
- Му беше студент на господинот Де Веси.
- О, жити господ! За малку да превртам еден од тие бокали.
Де Веси се смее.
После тоа Џон неколку пати промрморува, гледа околу себе и објавува: - Тоа е тоа...токму тоа ни требаше...Сега повторно можеме да се вратиме на следните осум години на авенијата Колфакс, број 2649.
Силвија тажно вели: Да не зборуваме сега за тоа.
Џон ме гледа некое време. - Мислам дека човек кој има пријатели кои можат некому да му пружат ваква вечер не може да биде сосема лош. - Потоа сериозно климнува со главата. - Ќе морам да го порекнам сето она што го мислев за тебе.
- Баш се? - прашувам јас.
- Во секој случај барем нешто.
Де Веси и продавачот се смешкаат и така минува дел од онаа претходна нелагодност.
После вечерата пристигнуваат Џек и Вила Барснес. Нови живи слики. Џек е забележан во гробните исечоци како добар човек кој пишува и предава англиски на факултетот. После нив доаѓа еден вајар од северна Монтана кој одгледува овци за да преживее. Според начинот на кој Де Веси ме запознава со него гледам дека не сум можел да го познавам од порано.
Де Веси вели дека се обидува да го убеди вајарот да дојде на универзитетот, а јас велам: - Јас ќе се обидам да го убедам во спротивното - па седнувам до него, но разговорот е доста мачен бидејќи вајарот е претерано сериозен и сомничав, очигледно поради тоа што јас не сум уметник. Се однесува како да сум инспектор кој настојува да извлече нешто од него, и дури кога открива дека и јас често пати се занимавам со заварување почнува да ме смета за човек кој е во ред. Одржувањето на мотори отвара чудни врати. Тој вели дека заварува заради некои слични причини заради кои заварувам и јас. Откако ќе ја совладате вештината, заварувањето ви дава страшно чувство на моќ и власт над металот. Можете да правите што сакате. Тој вади неколку фотографии на премети кои ги заварувал, тоа

се прекрасни птици и животни со брановидни метални површини кои не личат на ништо друго.
Подоцна се преместувам и разговарам со Џек и Вил. Џек заминува на место шеф на одделот по англиски јазик во Боис, Ајдахо. Негов однос кон овдешниот оддел изгледа воздржан, но е негативен. Како да се сеќавам дека тој е книжевник кој предава англиски, повеќе отколку систематичен учен кој предава англиски. Постоеше траен судар на одделот по тоа прашање кое беше делумно потикнато, или барем забрзано, со растот на Федаровите невообичаени идеи за кои никој друг и никогаш не беше чул, а Џек го подржуваше Федар, иако не беше сигурен дека знае за што говори тој, бидејќи увиде дека тука се работи за нешто со помош на што еден книжевник би можел подобро да работи отколку со лингвистичка анализа. Тоа е стариот судар. Како судар помеѓу уметноста и историјата на уметноста. Еден создава уметност, а другиот говори за тоа како е таа создадена, а изгледа дека говорот за тоа како таа е создадена никогаш не одговара на начинот на кој е создадена.
Де Веси донесува некои упатства за составување на скара и сака да ги проценам како професионален технички писател. Минал цело попладне обидувајќи се да го состави, па сега сака тие упатства јас во целост да ги растолкувам.
Но додека ги читам ми изгледаат како исправни и никако не можам да најдам некаква грешка во нив. Тоа не сакам да го кажам, се рабира, па заради тоа се обидувам да се фатам за нешто. Не можете всушност да кажете дали некои упатства се добри се додека не ги проверите на апаратот или постапката која ја опишуваат, но забележувам дека постои таков прелом на страниците кои оневозможуваат читање без превртување на листот напред-назад помеѓу текстот и сликата - тоа секогаш е лоша работа. Се нафрлам на тоа многу жестоко и Де Веси ме охрабрува во тоа. Крис го зема упатството за да види за што се работи.
Но додека се нафрлам на тоа и опишувам некои незгоди кои се случуваат поради погрешното сфаќање што може да го предизвика вкрстеното упатување во книгите, чувствувам дека тоа не е причината заради која што на Де Веси му било отежнато разбирањето. Него го оневозможило само само недостатокот на јасност и непрекинатост. Тој не може да ги разбере работите кога тие се појавуваат во грди, испрекинати, нејасни реченици кои се вообичаени во техничкиот стил на пишување. Науката работи со делови, парчиња, исечоци и ронки. тој вушност од мене очекувам да го надокнадам недостатокот на уметничка непрекинатост, нешто

до кое не држи ниту еден инженер. Всушност се работи за класично-романтичен судар, како и сегаш кога се работи за техниката.
Но Крис во меѓувреме ги зема упаствата и ги пресвиткува на начин кој мене не ми текна, така што сликата да оди непосредно со текстот. Го погледнува тоа по втор, па по трет пат и се чувствувам како јунак од цртан филм кој тукушто го пречекорил работ на бездната но се уште не паѓа бидејќи не е свесен за својата ситуација. Климнувам со главата, настапува тишина, тогаш станувам свесен за својата положба, потоа одекнува долга смеа додека го тепам Крис по главата паѓајќи од врвот до дното на кањонот. Кога смеата малку стивнува, велам: - Но, во секој случај...- но потоа повторно се слуша смеа.
- Сакав да кажам - конечно се уфрлам - дека дома имам упатства кои отвараат неочекувани видици за подобрување на пишувањето во врска со техниката. Тие започнуваат вака: - Составувањето на јапонскиот велосипед бара голем душевен мир.
Тоа предизвикува уште поголема смеа, но во очите на Силвија и Џени и вајарот се гледа одобрување.
- Тоа се добри упатства - вели вајарот. И Џини потврдно кимнува со главата.
- Заради тоа ги имам сочувано - велам јас. - Најпрвин се смеев поради сите оние велосипеди што ги составив и секако поради ненамерното омаловажување на јапонските производи. Но во таа реченица има многу мудрости.
Џон ме гледа со разбирање. Јас него го гледам со подеднакво разбирање. Обајцата се смееме. Тој вели: - Професорот сега ќе ја растолкува сета работа.
- Душевниот мир не е неважна работа, навистина - толкувам јас. - Во неа лежи се. Го создава доброто одржување на апаратот, го расипува лошото одржување на апаратот. Она што го нарекуваме работна способност на моторот е само објективизација на душевниот мир. На крајот тоа е секогаш испит на вашата сталоженост. Ако не сте ведри кога започнувате да составувате некој апарат и ако останете во такво расположение додека работите, многу е голема веројатноста дека своите лични проблеми ќе ги вградите во таа направа.
Тие само ме гледаат размислувајќи за тоа.
- Ова е невообичаен пристап - велам понатаму - но се заснова на вообичаен разум. Материјалниот објект кого го набљудуваме, велосипедот или скарата, не може да има ни право ни криво. Молекулите се молекули. Тие немаат никакви морални врски кои би ги спојувале освен оние кои им ги даваат луѓето. Испитот на моторот е задоволство кое тој ви го пружа. Друг пат нема. Ако моторот предизвикува

спокојност, тогаш тој е исправен. Ако ве вознемирува, тој е неисправен се додека не се промени или моторот или вашиот дух. Она што е мерило на вашиот дух е секогаш мерило на моторот. Друго мерило нема.
Де Веси прашува: - Што се случува ако моторот е неисправен а јас сепак се чувствувам спокојно?
Смеа.
Јас одговарам: - Тоа е контрадикторно. Ако навистина не ви е важно, вие нема ни да знаете дека тој е неисправен. Тоа нема да ви падне на памет. Самиот факт што велите дека е неисправен претставува облик на загриженост.
Потоа додавам: - Повообичаен е случајот кога човек чувствува немир дури и кога тој е исправен, а јас мислам дека тука се работи токму за тоа. Ако сте загрижени, тогаш машината не е в ред. Тоа значи дека не е доволно внимателно проверена. Во секоја индустрија машината која не е проверена се смета за "расипана" и не смее да се употреби дури и ако совршено работи. Вашата загриженост за скарата се сведува на истото. Не сте го исполниле последниот услов за постигнување душевен мир, бидејќи чувствувате дека овие упатства се премногу сложени и дека можеби нема точно да ги разберете.
Де Веси прашува: - Во ред, како би ги измениле за да го постигнам овој душевен мир?
- Тоа би барало многу повеќе проучување отколку што досега беше изложено. Целата работа е многу длабока. Овие упатства за скарата започнуваат и завршуваат исклучиво со самиот апарат. Но оној вид пристап за кој јас размислувам не е толку ограничен. Ваквите упатства не лутат затоа што тие дозволуваат само еден на составување на оваа скара - нивниот начин. И таа претпоставка укинува секаква креативност. Всушност постојат стотици начини за составување скара, но кога упатствата ве тераат да се држите само до еден начин, не покажувајќи ви ја суштината на проблемот, тогаш станува тешко да ги следите без да западнете во грешки. Тогаш го губите чувството за работата. И не само тоа; мала е веројатноста дека тие ви укажуваат на најдобриот начин.
- Но упатствата се од фабриката - вели Џон.
- Јас сум исто така од фабриката - велам, и знам како се прават ваквите упатства. Одите во погонот за производство со магнетофон во раката и шефот ве испраќа кај работникот кој му е најмалку потребен, кај најголемиот забушант кого го има, и она што тој ќе ви го каже - тоа се упаства. Друг работник можеби би ви рекол нешто потполно различно и веројатно подобро, но тој е зафатен.

Сите изгледаат изненадено.
- Тоа и го мислев - вели Де Веси.
- Тоа е стандард - велам јас. - Ниту еден писател не може да го промени тоа. Техниката претпоставува дека постои само еден исправен начин за нешто да се направи, а никогаш не е така. А кога ќе претпоставите дека постои само еден исправен начин за нешто да се направи, се подразбира дека упатствата ќе почнат и ќе завршат исклучиво со скарата. Но кога би морале да се одлучите помеѓу безбројните начини за негово составување, тогаш би морале да го разгледате односот на апаратот кон вас, односот на апаратот и вашиот однос кон остатокот од светот, бидејќи изборот помеѓу многуте можности, таа уметност на работењето подеднакво зависи како од вашиот ум и дух, така и од материјалот од кој е направен апаратот. Токму заради тоа е потребен душевен мир.
Па продолжувам: - Всушност, оваа идеја и не е толку необична. Погледнете некој неискусен или лош занаетчија и споредете го неговото однесување со однесувањето на стручњакот за кого знаете дека одлично ја врши својата работа, па ќе ја видите разликата. Стручњакот никогаш не се држи до ниту еден ред во упатствата. Тој ги донесува своите одлуки во текот на работата. Заради тоа тој е внимателен и сосредоточен на она што го прави. Неговите движења и машината се во некаков склад. Тој не се држи до никакви пишувани упатства бидејќи природата на материјалот со кого ракува ги одредува неговите мисли и движења, кои пак истовремено ја менуваат природата на материјалот со кој ракува. Материјалот и неговите мисли се менуваат заедно, во низа од промени, додека неговиот дух не се смири во исто време кога и материјалот ќе стане исправен.
- Тоа звучи како уметност - вели предавачот.
- Па, тоа и е уметност - велам јас. - Овој развод на уметноста и техниката е потполно неприроден. Само, тој трае веќе толку долго време што човек мора да биде археолог за да дознае кога се случило тоа раздвојување. Составувањето на скарата е всушност одамна загубена гранка на вајарството, толку оддалечена од своите корени заради вековните погрешни интелектуални свртувања, што и самото поврзување на овие два поима звучи апсурдно.
Тие не се сигурни дали се шегувам или не.
- Сакате да кажете - прашува Де Веси - дека јас, кога ја составував оваа скара, всушност создавав скулптура?
- Секако.

Тој размислува некое време и се смее се повеќе и повеќе. - Ех, да знаев - вели. Следи смеа.
Крис вели дека не разбира за што зборувам.
- Тоа е в ред Крис - вели Џек Барснес - Ние тоа не го разбираме. - Нова смеа.
- Мислам дека сепак ќе се држам до обичната скулптура - вели вајарот.
- Јас пак мислам дека ќе му останам верен на сликарството - вели Де Веси.
- Јас мислам дека ќе им останам верен на тапаните - вели Џон.
Крис прашува: - На што ќе останеш верен ти?
- На своите револвери, момче, на своите револвери - му велам. - Тоа е закон на Дивиот запад.
Сите гласно се смеат на оваа забелешка, и ми се чини дека ми простуваат за говорот. Кога имате во главата некои шатакуи, крајно е тешко да се избегне со нив да ги малтретирате невините луѓе.
Разговорот се распаѓа на групи, и јас остатокот од вечерта го минувам разговарајќи со Џек и Вил за состојбата на катедрата за англиски јазик.
По завршувањето на забавата, откога Сатерландови и Крис отидоа на спиење, Де Веси сепак се потсети на моето предавање: - Беше интересно, она што го рековте за упатствата за склопувањето на скарата.
Џени додава, подеднакво сериозно: - Звучеше како долго да сте размислувале околу тоа.
- Размислувам веќе дваесет години за поимите кои лежат под тоа - велам.
Зад столицата пред мене искрите полетуваат во оџакот влечени од ветрот кој е сега посилен отколку порано.
Додавам, речиси за себе: - Гледате каде одите и каде сте и сето тоа нема смисла, но потоа се вртите и погледнувате наназад, каде сте биле, и ви изгледа дека од под површината изнурнува некаква шема. Па ако истата таа шема ја проектирате во иднината, тогаш понекогаш можете нешто и да постигнете.
И продолжувам: - Сиот оној разговор за техниката и уметноста е дел од еден систем кој изгледа изнурна од мојот живот. Тоа е трансцендирање на нешто што мислам дека и многумина други можеби се обидуваат да го трансцендираат.
- Што е тоа?
- Па, не се работи само за уметноста и техниката. Тоа е некакво несогласување помеѓу разумот и чувството. Она што не е во ред со техниката е тоа што таа ниту на еден начин не е вистински поврзана со духот и со срцето. И така, сосема случајно, таа создава слепи и грди нешта, што предизвикува омраза. Луѓето на тоа не му

посветувале посебно внимание во минатото, бидејќи секој имал големи грижи околу храната и облеката и живеалиштето, а технологијата токму тоа и го обезбедувала. Но сега, кога сите овие нешта се обезбедени, грдотијата се забележува се повеќе и повеќе и луѓето се прашуваат дали засекогаш ќе мора да го страдаме, и душевно и естетски, за да ги задоволиме материјалните потреби. Во последно време тоа е речиси национална криза - борба против загадување, антитехнолошки групи и начин на живот и сл.

И Де Веси и Џини го разбираат сето тоа па засега нема потреба да се објаснува; затоа додавам: - Од системот на мојот живот изнурна верувањето дека кризата ја предизвикува неадекватноста на постоечките облици на мисла, кои не се способни да излезат на крај со оваа состојба. Проблемите не можат да се решат со рационални средства, бидејќи и самата рационалност е извор на проблеми. Единствени кои излегуваат на крај со оваа ситуација се оние кои проблемите ги решаваат на личен план, напуштајќи ја "ограничената" рационалност до крајни граници, и кои се раководат само од чувствата. Како Џон и Силвија. И милиони други ним слични. А и тоа изгледа дека е погрешна насока. Сакам да го кажам следново: решението на проблемот не е во тоа да ја напуштите рационалноста, туку да ја проширите природата на рационалноста така што таа да стане способна да го пронајде решението.

- Ми се чини дека не разбирам што сакате да кажете со тоа - вели Џени.

- Па, прилично е едноставно. Слично е со проблемот со кој се соочил Исак Њутн кога сакал да ги реши проблемите на моменталните количества промени. Во негово време било неразумно да се помисли дека било што се менува во нулта временски интервал. Сепак, математички е речиси неизбежно да се работи со други нулти количества, како што се точките во просторот и времето, за кои никој не ни помислувал дека се неразумни, иако во тоа немало некоја битна разлика. Њутн всушност го рекол ова: "Ние ќе претпоставиме дека постои нешто што се вика моментална промена, па ќе видиме дали можеме да најдеме начин да одредиме што значи тоа во смисла на практична примена". Резултат на таа претпоставка е гранката на математиката позната под името инфинитезимално сметање, со која денес се служи секој инженер. Њутн пронашол нов облик на разум. Тој го проширил разумот за тој да може да решава бесконечно малечки промени, и јас мислам дека денес е потребно слично проширување на разумот за тој да ја разреши технолошката грдост. Неволјата е во тоа што проширувањето треба да се случи во самите корени, не во гранките, и поради тоа е тешко да се разбере. Ние

живееме во матни времиња, а мислам дека матните чувства ги создава неадекватноста на старите облици на мисла кои не можат да се носат со новите искуства. Сум чул дека единственото вистинско учење произлегува од соочувањето со проблем, кога наместо да ги проширувате гранките на она што веќе го знаете, морате да застанете и некое време да копате од страна, додека не наидете на нешто што ќе ви овозможи да ги проширите корените на она што веќе го знаете. Тоа му е познато секому. Мислам дека истата работа и се случува на целата цивилизација кога е во прашање ова потребно проширување.
Ако погледнете наназад во последните три илјади години, ќе помислите дека гледате системи и вериги на причини и последици кои ги создале нештата онакви какви што се. Но ако им се вратите на оригиналните извори, на литературана од било кој период, ќе видите дека овие причини никогаш не било очигледни во тоа време кога требало да делуваат. Во текот на периодите на коренити проширувања нештата делувале и матно и бесмислено, како и денес. Се смета дека целата ренесанса настанала како последица на тоа хаотично чувство предизвикано од Колумбовото откритие на новиот свет. Тоа едноставно ги згромило луѓето. Хаотичноста на тоа време е забележана насекаде. Во приземните погледи на Стариот и Новиот Завет немало ништо што можело да ја предвиди оваа ситуација. Сепак луѓето не можеле да го порекнат тоа чувство. Единствен начин тоа да се потисне било напуштањето на целокупното средовековно сфаќање и влез во ново проширување на разумот.
Колумбо станал таков стереотип од училишните книги што скоро и да било невозможно да го замислите како живо човечко суштество. Но ако навистина се обидете да го заборавите вашето сегашно знаење за последиците на неговото патување и да се ставите во негова кожа, тогаш можеби ќе сфатите дека денешното патување на Месечината мора да изгледа како пиење кафе кога ќе се спореди со на низ што тој минал. Истражувањето на Месечината не вклучува вистинско проширување намислата. Немаме причина да се сомневаме дека постоечките облици на мисла не се дораснати за еден таков потфат. Тоа е навистина само проширување на гранките на она што Колумбо веќе го има направено. Едно вистинско ново откритие, откритие кое денеска нам би ни изгледало онака како што новиот свет му изгледал на Колумбо, би морало да се движи во една потполно нова насока".
- Како на пример?

- На пример во подрачјето отаде разумот. Мислам дека денешниот разум е аналоген на рамноземскиот разум на средовековието. Но ако отидете предалку вон него се претпоставува дека ќе паднете, во лудило. Но луѓето многу се плашат од тоа. Мислам дека тој страв од лудилото може да се спореди со некогашниот страв на луѓето дека ќе паднат од работ на светот. Или со стравот од еретиците. Тука постои блиска аналогија. Но се случува секоја година вашата стара рамна земја на конвенционалниот разум да е се помалку и помалку способна да се носи со искуствата кои ги имаме и тоа создава едно многу проширено чувство на хаотичност. Како резултат на тоа имаме се повеќе и повеќе луѓе во ирационалното подрачје на мислата - окултизам, мистицизам, дроги и слично - бидејќи тие ја чувствуваат недораснатоста на класичниот разум да се носи со она што тие знаат дека се вистински искуства.
- Не сум баш сигурен што подразбирате под класичен разум.
- Го подразбирам аналитичкиот разум, дијалектичкиот разум. Разумот кој понекогаш на универзитетот се смета за почеток и крај на поимањето. Вие навистина никогаш не сте морале да го сфатите. Тој секогаш бил немоќен во однос на апстрактната уметност. Нефигуративната уметност е едно од коренските искуства за кои говорам. Некои луѓе се уште ја осудуваат бидејќи таа нема "смисла". Но всушност грешката не е во уметноста туку во таа "смисла" во класичниот разум кој неа не може да ја сфати. Луѓето постојано трагаат по грански проширувања на разумот кои ќе ги покрие новите случувања во уметноста, но одговорите не се во гранките, тие се во корените.
Од планинскиот врв бесно се спушта јак ветар. - Старите Грци - велам - кои биле пронаоѓачи на класичниот разум, не го користеле исклучиво за пророкување на иднината. Тие го слушале ветерот и според него ја пророкувале иднината. Тоа денес звучи лудо. Но зошто пронаоѓачите на разумот би звучеле ненормално?
Де Веси трепка. - Како можеле да ја пророкуваат иднината според ветерот?
- Не знам, можеби на истиот начин како што сликарот може да ја пророкува иднината на својата слика sурејќи се во платното. Целиот наш систем на знаење потекнува од нивните достигнувања. Останува уште да ги разбереме методите кои довеле до тие достигнувања.
Размислувам за миг, потоа велам: - Кога последен пат бев овде, дали говорев многу за Црквата на умот?
- Да, многу.
- дали некогаш говорев за човекот по име Федар?

- Не.
- Кој бил тој?
- Тој бил стар Грк. Говорник. Голем познавач на говорот во своето време. Тој бил еден од оние кои биле присутни кога се пронаоѓал разумот.
- Никогаш не сте говореле за тоа, мислам дека не.
- Тоа веројатно дошло подоцна. Говорниците во стара Грција биле првите учители во историјата на западниот свет. Платон ги оцрнил во своите дела за да ја сврти водата на својата воденица, а со оглед на тоа што она што го знаеме за нив речиси целосно е преземено од Платон, тие се единствени кои се осудувани низ целата историја а никогаш немале можност да ја изнесат својата страна на приказната. Црквата на умот за која ви говорев се темелеше на нивните гробови. Неа и денес ја подржуваат нивните гробови. И кога би копнале длабоко во нејзините темели, би им ги виделе духовите.
Гледам на часовникот. Минало два. - Тоа е долга приказна - велам.
- Би требало сето ова да го напишете - вели Џени.
Јас потврдно климнувам. - Размислувам за низа предавања во форма на есеи - за некаква шатакуа. Се обидував да ги составам во главата додека се возевме наваму...Поради тоа веројатно изгледам толку набиен со тие нешта. Сето тоа е толку големо и тешко. Како обид пешки да се мине низ овие планини.
Па објаснувам: - Неволјата е во тоа што есеите секогаш мора да звучат како да ги говори самиот Господ Бог, за вечени времиња, а никогаш не е така. Луѓето би морале да сфатат дека тоа никогаш не е ништо друго освен еден човек кој говори од едно место во времето и просторот и околностите. Никогаш тоа и не било ништо друго, никогаш, но со тоа не можете да се провлечете во некој есеј.
- Морате да го направите тоа - вели Џени. - Без обиди совршено да го изведете.
- Се согласувам - велам.
Де Веси прашува: - Дали тоа се надоврзува на она што го работевте во однос на "Квалитетот"?
- Директна последица - велам јас.
Се потсетувам на нешто и го гледам Де Веси. - Нели вие бевте тој што ме советуваше да кренам раце од таа идеја?
- Реков дека никој никогаш не успеал да го направи она што вие се обидувавте да го направите.
- Мислите дека тоа е можно?

- Не знам. Кој знае? - Неговиот израз на лицето е навистина загрижен. - Денес многумина се подготвени да слушаат. особено учениците. Тие навистина слушаат...не само она што ќе го кажете...ве слушаат вас. Во тоа се состои разликата.
Ветерот кој се спушта одозгора од снежните полиња долго фучи низ целата куќа. Станува гласен и силен, како да се надева дека ќе ја помести целата куќа, ќе не фрли сите нас во ништото, оставајќи го кањонот онаков каков што тој бил некогаш, но куќата се опира и ветерот повторно замира, поразен. Потоа се враќа, залажувајќи не со лесен и далечен, за потоа да замавне со тежок удар.
- Јас и понатаму го слушам ветерот - велам.
Па додавам: - Мислам дека Крис и јас, кога ќе си одат Сатерландови, би требало малку да попланинариме горе каде што се создава ветерот. Мислам дека е време малку подобро да го види тој предел.
- Можете да започнете токму тука", вели Де Веси- и да пешачите долж кањонот. Нема никаков пат цели сто дваесет километри.
- Тогаш ќе започнеме тука - велам.
На спратот ми е драго што повторно ја гледам дебелата креветска покривка. Ми стана сосема студено и ќе ми биде потребна. Бргу се свлекувам и длабоко се вовлекувам под покривката каде е топло, многу топло, и долго размислувам за снежните полиња и ветровите и за Кристофер Колумбо.

15

Веќе два дена Џон и Силвија и Крис и јас безделничиме и разговараме и се возиме нагоре во старото рударско гратче и назад, а потоа доаѓа време Џон и Силвија да се вратат дома. Сега се возиме од кањонот накај Боцеман, последен пат заедно. Пред нас Силвија се врти по трет пат, очигледно да види дали со нас е се в ред. Беше многу тивка последниве два дена. Нејзиниот поглед вчера ми изгледаше чуден, скоро исплашен. Таа премногу се крижи за Крис и за мене. Во еден бар во Боцеман пиеме пиво, и јас со Џон разговарам за патиштата по кои тие ќе се враќаат. Потоа разговараме за површни нешта, за тоа како било убаво и како повторно ќе се видиме, и одеднаш е многу тажно што мораме така да разговараме - како случајни познаници.
На улица Силвија повторно се врти кон мене и кон Крис, се колеба, па вели: - Ќе биде во ред. Нема зошто да се грижите.

- Секако - велам јас.
Повторно оној исплашен поглед.
Џон веќе го стартувал моторот и ја чека. - Верувам - велам.
Таа се врти, се качува на моторот и со Џон го набљудува сообраќајот од спротивната страна чекајќи прилика да тргнат. - Ќе се видиме - велам.
Таа повторно не гледа, овој пат безизразно. Џон користи прилика и се приклучува на сообраќајот на патот. Потоа Силвија мавта, како на филм. Крис и јас им мавтаме. Нивниот мотор исчезнува во густиот сообраќај на автомобили од други држави, а јас ги набљудувам прилично долго.
Го гледам Крис и тој ме гледа мене. Не вели ништо.
Го минуваме утрото седејќи на клупа во паркот со ознака САМО ЗА ПОСТАРИ ЛИЦА, потоа купуваме храна и на бензинската пумпа менуваме гума и карика на затегнувачот на синџирот. Кариката мора да се бруси за да пасува, па така чекаме и малку се шетаме, далеку од главната улица. Доаѓаме до некаква црква и седнуваме на тревникот пред неа. Крис легнува на тревата и со блузата ги покрива очите.
- Уморен си? - го прашувам.
- Не.
Помеѓу нас и работ на планината на север треперат бранови на топлина во воздухот. Еден инсект со прозирни крилја се спушта од жешкиот воздух на една тревка крај нозете на Крис. Го набљудувам како ги мрда крилцата и се чувствувам се помрзелив. Легнувам на грб за да заспијам, но не успевам. Наместо тоа ме обзема некое чувство на неспокој. Станувам.
- Ајде да се прошетаме. - велам
- Каде?
- Кон училиштето.
- Добро.
Пешачите под дрвјата кои фрлаат дебела сенка, по убаво уреденият плочник кој минува крај уредените куќи. Авениите предизвикуваат многу ситни неочекувани препознавања. Тешки спомени. Тој многупати одеше по овие улици. Предавања. Ги подготвуваше своите предавања на перипатетичен начин, користејќи ги овие улици како своја академија.
Тој беше донесен тука за да предава реторика, пишување, двете од трите основни знаења . Требаше да држи напредни курсеви за техничко пишување и некои вежби по англиски за прва година.

- Се сеќаваш ли на оваа улица? - го прашувам Крис.
Тој гледа наоколу и вели: - Тука се возевме со колата барајќи те тебе. - Покажува од другата страна на патот. - Се сеќавам на онаа куќа со смешен покрив...Кој ќе те здогледаше прв ќе добиеше пет центи. Тогаш ќе застаневме и ќе те пуштевме на задното седиште, а ти не зборуваше.
- Тогаш многу размислував.
- Тоа ни го кажа и мама.
Тој навистина многу размислуваше. Товарот на предавањата беше доволно тежок, но она што беше потешко беше тоа што тој, на својот точен аналитички начин сфаќаше дека предметот кој го предаваше е несомнено најнеточниот, најнеаналитичниот, најбезобличниот предел на целата Црква на умот. Заради тоа толку многу размислуваше. За еден методичен, лабораториски образован дух реториката е нешто без врска. Таа е огромно Сарагасово море на застојана логика. Она што од вас како предавач обично се очекува на часовите по реторика на првата година е да прочитате мал есеј или краток расказ, потоа да дискутирате на кој начин писателот направил некои ситни нешта за да постигне некои ситни резултати, и потоа да ги терате студентите да пишуваат слични мали есеи или кратки раскази за да се види дали тие можат да ги постигнат истите тие ситни нешта. Тој постојано се обидуваше и се обидуваше но без успех. Студентите ретко постигнуваа нешто како резултат на таа пресметана мимикрија, пишувајќи нешто што само оддалеку наликуваше на примерите кои тој им ги даваше. Почесто нивното пишување стануваше полошо. Изгледаше за секое правило кое тој најчесно се обидуваше да им го открие и на него да ги научи важеа толку многу исклучоци и контрадикции и услови и збрки што тој на крај посакуваше воопшто и да не се сретнел со тоа правило.
Секогаш ќе се најдеше некој студент кој ќе прашаше како да се примени правилото во некоја посебна, одредена ситуација. федар тогаш пред себе имаше избор или да се преправа и неискрено да објаснува како тоа се прави, или да го следи несебичнио пат и да го каже она што навистина го мисли. А тој навистина мислеше дека таквото правило му е прилепено на она што е напишано, откако пишувањето е завршено. Правилото било донесено пост хоц, после чинот, наместо пред него. И беше уверен дека сите писатели кои студентите мораа да ги проучуваат пишуваа без правила, пишувајќи го сето она што им звучело исправно, навраќајќи му се потоа за да видат дали тоа звучи и понатаму добро и менувајќи го она што не звучело добро. Имаше такви кои очигледно пишувале пресметано и со

предумисла, така изгледаат нивните производи. Но нему тоа му се чинеше бедно. Во тоа имаше малку сок, но како што во една прилика изјвила Гертруда Стајн, сокот не течеше. Но како можете да го подучувате она што не е смислено однапред? Тоа навидум беше невозможно. Тој едноставно го земаше текстот и го коментираше без претходно размислување и се надеваше дека студентите со тоа ќе добијат нешто. Но тоа не задоволуваше.

Еве ја пред нас. Додека и се приближуваме се јавува напнатост, истото чувство во желудникот.

- Се сеќаваш ли на таа зграда?
- Тука предаваше некогаш...зошто одиме таму?
- Не знам. Само сакав да ја видам.
- Изгледа дека нема многу луѓе во близина. Не може ни да има. Сега е летен распуст. Големи и чудни простории зад старите темнокафени цигли. Прекрасна градба, навистина. Единствена која изгледа дека вистински припаѓа тука. Стари камени скалила се до влезот. Скали излижани од милиони чекори
- Зошто влегуваме внатре?
- Пст. Не вели ништо повеќе сега.

Ја отварам тешката надворешна врата и излегувам. Внатре ме чекаат други скалила, излижани и дрвени. Тие чкрипат под нозете и мирисаат на стотина години метење и гланцање. Нема никаков звук.

Крис шепоти: - Зошто сме тука?

Јас само тресам со главата. Го слушам минувањето на автомобилите надвор.

Крис шепоти: - Не ми се допаѓа тука. Ова место ме плаши.

- Оди тогаш надвор – велам.
- Дојди и ти.
- Подоцна.
- Не, сега. – Тој ме гледа и сфаќа дека не се помрднувам. Неговиот поглед е толку уплашен што сум подготвен да го сменам мислењето, но тогаш изразот на неговото лице нагло се менува и тој се врти, трча по скалите и низ вратата, толку бргу што не можам да го следам.

Долу големата тешка врата се затвора и јас отстанувам потполно сам. Ги наслушнувам звуците...Чии?...Негови?...долго време наслушнувам...

Подните даски морничаво чкрипат додека чекорам низ ходникот, ги следи морничавата мисла дека всушност оној што чекори е тој. На ова место тој е

стварност, а јас сум сениште. Гледам дека неговата рака се спушта на кваката на вратата на една училница, потоа полека ја врти кваката, ја турка и ја отвара вратата. Внатре го чека една просторија, точно онаква каква што ја памети, како до сега да бил тука. Тој е тука сега. Свесен е за се што гледам. Се врие и трепери од спомени. Долгите темнозелени плочи од обете страни се излупени и треба да се поправат, такви се какви што беа отсекогаш. Кредата, никогаш цела, туку во ситни парчиња, е се уште тука. Зад плочата се прозорците и низ нив се гледаат планините кои тој ги набљудуваше, задлабочен во мислите, во деновите кога студентите пишуваа. Тој седеше покрај радијаторот со парче креда во раката и се sуреше низ прозорецот во планините, од време на време прекинуван од прашањата на некој студент: - Дали мораме...? – А тој се вртеше и одговараше било што и во тој миг се случуваше едно стопување кое пред тоа не постоеше. Тоа беше место каде го примаа – него лично. Не онаков каков што тој би можел или би морал да биде, туку него лично. Место кое примаше се - слушајќи. Тој му даде се. Тоа не беше една просторија, тоа беа илјадници простории, кои секојдневно се менуваа со бурите и снеговите и формите на облаците на планините, со секоја класа студенти, дури и со секој студент. Две предавања никогаш не личеа едно на друго, и она што го носеше следниот час за него беше тајна...

Веќе го имам загубено чувство за време кога слушам чекори во ходникот. Тие стануваат погласни, потоа престануваат пред влезот во училницата. Кваката се врти. Вратата се отвара. Една жена гледа внатре.

Нејзиното лице е агресивно, како да имала намера некого да фати. Изгледа како да е блиску до триесетата, не е убава. – Ми се причини дека видов некого – вел. – Мислев...- Изгледа збунето.

Влегува во просторијата и ми приоаѓа. Ме гледа повнимателно. Сега оној агресивен израз исчезнува, полека менувајќи се во чудење. Изгледа вчудовидено.

- О боже – вели. – Тоа сте вие?

Јас воопшто не ја препознавам. Воопшто.

Го изговара моето име и јас потврдувам: - Да, јас сум.

- Сте се вратиле.

Мрдам одречно со главата. – Само на неколку минути.

Таа и понатаму ме гледа, се до моментот кога тоа станува непријатно. Сега и таа станува свесна за тоа, па прашува: - Можам ли да седнам на кратко? – Срамежливиот начин на кој го прашува тоа ми покажува дека таа можеби била негова студентка.

Таа седнува на еден стол во првиот ред. Нејзината рака, на која нема венчален прстен, трепери. Јас навистина сум сениште.
Сега нејзе и станува непријатно. – Колку време останувате?...Не, тоа веќе ве прашав.
Јас дополнувам: - Престојувам неколку денови кај Боб Де Веси, па потоа продолжувам на запад. Морав да завршам нешто работа во градот па сакав да видам како изгледа училиштево.
О, вели, драго ми е што дојдовте...училиштето се има променето...сите се имаме променето..толку многу по вашето заминување...
Настапува уште една мачна пауза.

- Слушнавме дека сте биле во болница...
- Да - велам.

Повторно мачна тишина. Таа не продолжува, тоа значи дека веројатно знае. Уште малку се колеба, мисли што би кажала. Тоа станува тешко поднесливо.

- Што предавате? – прашува на крај.
- Не предавам веќе – велам. – Престанав.

Таа ме гледа со недоверба. – Сте престанале? – Се мурти и повторно ме гледа, како да проверува дали зборува со вистинската личност. – Вие не смеете тоа да го направите.

- Да, смеам.

Таа ја мрда главата и не верува: - Не вие!

- Да.
- Зашто?
- Сето тоа за мене сега е минато. Се занимавам со други нешта.

И понатаму се прашувам која ли е таа, а нејзиното лице изгледа подеднакво збунето. – Но тоа е... – Реченицата се прекинува. Таа се обидува повторно. – Вие сте потполно...но и таа реченица се прекинува.
Следниот збор е “луди”. Но обата пати таа се воздржа. Забележува нешто, се гризе за усната и изгледа загубено. Да можам би рекол нешто, но не знам од каде би почнал.
Се подготвувам да и кажам дека не ја познавам, но таа станува и вели: - Морам да одам. – Мислам дека сфаќа дека не ја познавам.
Се приближува до вратата, ме поздравува бргу и наместено, и додека ја затвара вратата чекорите и се оддалечуваат брзо, скоро трчајќи.

Надворешната врата на зградата се затвора и училницата е повторно тивка како и порано, освен некаква вртложна психичка струја која таа ја остави зад себе. Сега таа содржи траги од нејзината љубопитност, но исчезна она што дојдов да го видам.
Добро, помислувам станувајќи, драго ми е што ја посетив оваа просторија, но мислам дека веќе нема да сакам да ја видам. Подобро ќе поправам мотори, освен тоа некој ме чека.
На патот кон излезот отварам уште една врата, нагонски. Внатре на ѕидот гледам нешто од што ме полазуваат морници.
Тоа е некоја слика. Не се сеќавам ништо во врска со неа, но сега знам дека тој ја беше купил и ја беше закачил таму. И одеднаш знам дека тоа не е слика, тоа е репродукција на слика која ја беше нарачал од Њујорк, во врска со која Де Веси се муртеше бидејќи тоа беше репродукција а репродукцијата на уметноста не се уметност. Таа разлика во тоа време тој не ја знаеше. Но таа репродукција, Фенигеровата "Миноритска црква" го привлекуваше заради нешто неважно од аспект на нејзината уметничка содржина, некаква готичка катедрала составена од полуапстрактни линии и рамнини и бои и сенки, нешто што изгледа дека го одразуваше неговото сфаќање за Црквата на умот – затоа ја беше закачил тука.
Сето тоа сега се враќа во сеќавањето. Тоа беше неговата работна соба. Откритие. Ова е просторијата која ја барам!
Зачекорувам внатре, и почнува да се тркала лавина од спомени, ослободена под влијание на репродукцијата. Светлината на репродукцијата паѓа низ стеснетиот прозорец врз соседниот ѕид низ кој тој ја гледаше долината и отаде неа синџирот Медисон, низ кој набљудуваше како се приближуваат бурите, и додека сега тука низ овој прозорец пред мене ја набљудувам долината, сега...сето тоа почна, целото лудило, токму тука. Ова е клучното место!
А онаа врата води во работната соба на старата Сара. Сара! Сега се јавува тоа! Минуваше со својот бокал за залевање, застана крај вратата, одејќи од ходникот во својата соба, и рече: - Се надевам дека ги подучувате вашите студенти што е тоа квалитет. – Го изговори тоа со певлив глас на госпоѓа која ја одработува последната година пред пензионирање, и која се подготвува да ги залее своите цвеќиња. Тоа беше мигот кога се започна. Тоа беше јадрото на кристализацијата.
Јадро на кристализацијата. Сега ми се враќа силен исечок од сеќавањето. Лабораторија. Органска хемија. Работеше со крајно заситен раствор кога се случи нешто слично.

Заситен раствор е таков раствор во кој точката на заситување, после која супстанцата не се топи, е надмината. Тоа може да се случи затоа што точката на заситување расте ако се зголемува темепратурата на растворот. Кога ја растворате супстанцата на висока температура а потоа ја оладите, супстанцата понекогаш не кристализира бидејќи молекулите не знаат ако да го сторат тоа. Тие бараат нешто да ги придвижи, бареаат јадро на кристализацијата, или зрнце прашина или дури и неочекувано гребење или чукање по стаклото.
Тој тргна кон чешмата за да го олади растворот но не стигна до неа. Пред неговите очи, додека чекореше, во растворот се појави ѕвезда на кристална супстанца која одеднаш почна да расте во вид на зраци додека не го исполни целиот сад. Тој виде како тоа расте. Онаму каде до тогаш имаше само бистра течност, тука сега имаше толку цврста маса што доколку го свртеше садот од него не ќе паднеше ништо.
Му беше кажана една реченица “Се надевам дека ги подучувате вашите студенти што е тоа квалитет” и во текот на неколку месеци, растејќи толку бргу што буквално можевте да видите како расте, се создаде голема, сложена, високо структурирана маса на мисли, создадена како со некаква магија.
Не знам што и одговори кога таа му го рече тоа. Веројатно ништо. Таа многу пати минуваше зад неговиот стол секојдневно влегувајќи и излегувајќи од својата работна соба. Понекогаш застануваше кажувајќи збор-два, извинувајќи се што го прекинува, понекогаш со некаква новост, и тој беше навикнат на тоа како на дел од животот на работното место. Знам дека мина и втор пат и го праша: Дали вие навистина предавате за квалитетот овој семестар? а тој потврди со главата и погледна зад себе и рече: - Секако! – и таа продолжи. Во тоа време ги подготвуваше предавањата и поради нив беше во состојба на потполна потиштеност.
Го тиштеше тоа што учебникот беше еден од најрационалните учебници што беа достапни по предметот реторика, а сепак не изгледаше исправен. Тој дури имаше и пристап до авторите, кои беа членови на неговиот оддел. Прашуваше и слушаше и разговараше и се сложуваше со нивните одговори на некој рационален начин, но сепак не беше задоволен со нив.
Учебникот почнуваше со претпоставката дека, ако воопшто треба да се предава на универзитетско ниво, реториката не смее да се предава како мистична уметност туку како гранка на разумот. Затоа во него се нагласуваше совладувањето на рационалните основи на комуникацијата како средство за разбирање на

реториакта. Воведена е елементарната логика, изложена е теоријата на прашања и одговори, а потоа се премина на разбирање на начинот на кој се гради есеј.
Во текот на првата година Федар беше прилично задоволен со оваа рамка. Чувствуваше дека во неа има нешто погрешно, но дека таа погрешност не лежи во таа примена на разумот во реториката. Грешката беше во старото сениште од неговите сништа – во самата рационалност. Сфати дека тоа е истата онаа грешка која со години го мачеше и за која немаше решение. Тој едноставно чувствуваше дека ниту еден писател никогаш не учел да пишува по тој уреден, нумериран, објективен, методичен пристап. Но и тоа дека тука е понудена сета рационалност и дека не може да се стори ништо а да не се мине во ирационалност. Бидејќи ако во таа Црква на умот постои било што што тој мораше да го стори, тоа беше неговата должност да биде рационален, и тоа го присилуваше да ги пушти нештата да течат.
Неколку денови потоа, минувајќи повторно крај него, Сара застана и рече: - Толку ми е драго што предавате квалитет овој семестар. Речиси никој не го прави тоа.

- Па, јас го правам тоа – рече тој. – Мене тоа ми е навистина важно.
- Браво! - рече таа, и продолжи.

Им се врати на своите белешки, но не мина многу време кога мислите за нив му ги прекина сеќавањето на нејзината чудна забелешка. За што зборуваше таа по ѓаволите? Квалитет? Се разбира дека тој подучува квалитет. Кој не го подучува тоа? Продолжи со своите белешки.
Го тиштеше уште нешто – правилата на реториката кои мораа да бидат обработени и совладани. Беше тоа онаа старата приказна: за казна напиши го тој збор сто пати. Правилни зборови, правилна интерпункција, правилна граматика. Стотина тантара-пантара правила за тантара-пантара луѓе. Никој не можеше да го запомни сето тоа и да се концентрира врз она за што сакаше да пишува. Сето тоа спаѓаше во добро однесување, не потекнуваше од некакво чувство за љубезност или пристојност или човечност, туку водеше потекло од себичната желба некој да изгледа како господин или госпоѓа. Некогаш господата и госпоѓите се однесувале убаво на маса и говореле и пишувале граматички. Тоа бил критериумот според кој некој им припаѓал на повисоките слоеви.
Во Монтана, меѓутоа, не се држеше многу до тоа. Напротив, таквиот човек се сметаше за магаре од Исток. На катедрата се бараше минимално познавање на реториката но, како и другите професори, и тој внимаваше да не ги брани правилата на реториката повеќе отколку што тоа се “бараше”.

Наскоро мислите повторно му се прекинаа. Квалитет? Во тоа прашање имаше нешто што човека го дразни, дури и лути. Размислуваше за тоа, па размислуваше уште малку, потоа гледаше низ прозорецот, па потоа уште повеќе размислуваше за тоа. Квалитет?

Четири часа подоцна тој и понатаму седеше тука со нозете на прозорецот и се sуреше во нешто што сега стануваше темно небо. Зазвони телефонот, и тоа беше неговата жена која му се јавуваше за да види што се случило. И рече дека наскоро ќе биде дома, но потоа заборави на тоа и на сето останато. Дури во три часот наутро уморно си призна самиот на себе дека нема поим за тоа што е квалитет, ја зема торбата и замина дома.

Повеќето луѓе би го заборавиле квалитетот истиот миг, или едноставно би го оставиле да виси во воздухот бидејќи со него не се стигнува никаде, а тие имаат друга работа. Но тој беше толку очаен заради својата неспособност да го предава она во што верува, што воопшто не му значеше сето останато што требаше да го прави, и кога се разбуди следното утро квалитетот му sуреше в лице. Само три часа спиење. Беше толку уморен што знаеше дека тој ден нема да може да одржи предавање, а освен тоа и белешките не му беа завршени, па на огласната табла напиша: - Составете есеј од 350 збора како одговор на прашањето: Што е квалитет кога е во прашање мислата и судот? – Потоа седна крај радијаторот и самиот размислуваше за квалитетот додека тие пишуваа.

На крајот од часот изгледаше дека никој немаше завршено, па дозволи студентите да ги понесат составите дома. Тој предмет го имаа дури за два дена, па тоа му даваше време и самиот уште малку да размисли за темата. Во меѓувреме на минување сретнуваше некои од студентите и им климнуваше со глава, а за возврат добиваше лути исплашени погледи. Претпоставуваше дека и тие ги имаат истите маки како и тој.

Квалитет...знаете што е тоа, а сепак не знаете што е тоа. Тоа е контрадикторно. Сепак, некои нешта се подобри од другите, то ест, во нив има повеќе квалитет. Но кога се обидувате да кажете што е тоа квалитет, независно од нештата кои го поседуваат, се се руши! Нема за што да се зборува. Но ако не можете да кажете што е тоа квалитет, како тогаш знаете што е, или како знаете дека тој воопшто постои? Никој не знае што е тоа, тоа значи дека тој практично не постои. Но за сите практични цели тој навистина постои. Врз што инаку се темели степенувањето? Зошто инаку луѓето би плаќале цели богатства за некои нешта а другите би ги фрлале во канти за отпадоци? Очигледно некои нешта се подобри отколку

другите...но во што се состои тоа што е “подобро”?...И така се вртите наоколу, ги вртите умствените запчаници и никаде не наоѓате нешто за што би се фатиле. Што е по ѓаволите тоа квалитет? Што е тоа?

ТРЕТ ДЕЛ

16

Цела ноќ Крис и јас спиевме добро, утринава ги подготвивме ранците и сега веќе цел час чекориме угоре по планинската стрмнина. Тука, во дното на кањонот шумата е борова, со понекоја јасика со широк лист. Стрмните страни на кањонот се издигаат високо над нас од обете страни. Од време на време стазата излегува на сончева и тревната чистинка омеѓена со понекој поток, но набргу се враќа во длабоката ладовина на боровите. Стазата е послана со мек бодликав покривач од борови иглички. Многу е тивко.

Планините како овие и патниците во планините и случките што им се случуваат можат да се најдат не само во Зен литературата, туку и во приказните на сите поголеми религии. Алегоријата на материјалната планина како замена за душевната, која се издигнува помеѓу секоја душа и нејзината цел, е едноставна и природно се наметнува. Исто како и оние луѓе во долината зад нас, и исто како и сите останати кои целиот живот го минуваат стоејќи пред духовните планини не обидувајќи се да завлезат во нив, задоволувајќи се со тоа да ги слушаат другите кои завлегле во нив, и така да ги одбегнуваат тешкотиите. Некои патуваат низ планините во придружба на искусни водичи кои ги знаат најдобрите и најнеопасните патишта по кои се стигнува до одредиштето. Некои пак, неискусни и недоверливи, се обидуваат да пробијат сопствени патишта. Малкумина успеваат во тоа, но понекогаш некои од нив, заради чиста волја или среќа и божја милост успеваат. Кога еднаш ќе стигнат таму, тие стануваат посвесни отколку било кој друг дека не постои еден, ниту пак одреден број на патишта. Постојат онолку патишта колку што има поединечни души.

Сега би сакал да проговорам за Федаровото истражување на значењето на зборот Квалитет, за истражувањето кое тој го сметаше за пат низ планината на духот. Колку што можам да сфатам, во текот на тој пат постоеја две фази.

Во првата фаза тој не се обидуваше да даде строга, систематска дефиниција на она за што говореше. Беше тоа среќен, богат и креативен период. Го опфаќаше поголемиот дел од времето додека предаваше во училиштето во долината зад нас.

Другата фаза се случи како резултат на нормалната интелектуална критика на отсуството на дефиниција во врска со она што го говореше. Во оваа фаза тој создаде систематски, строги судови за тоа што е Квалитет, и изгради огромна хиерархиска структура на смилата за да ги поткрепи. Тој буквално мораше да ги раздели небото и земјата за да пристигне до тоа систематско разбирање, и кога го направи тоа почувствува дека го објаснил постоењето, и нашата свест за него, подобро отколку било кој друг пред него.

Ако тоа навистина беше нов пат низ планината, тој секако беше потребен. Повеќе од три столетија старите патишта на нашата хемисфера се многу разјадени и речиси избришани заради природната ерозија и менувањето на обликот на планината под влијание на научните вистини. Раните планинари востановиле стази кои биле на тврдо тло и биле толку пристапни што го мамеле секого, но денес сите тие патишта на Запад се речиси затворени поради нивната догматска нефлексибилност кога е во прашање соочувањето со промените. Доколку се сомневате во значењето на Исусовите или зборовите на Мојсеј, кај многумина ќе предизвикате непријателство, но факт е дека доколку Исус или Мојсеј се појават денес, непознати, со истите пораки кои ги искажувале пред многу столетија, нивното ментално здравје би било доведено во прашање. Не затоа што она што Мојсеј или Исус го рекле е невистинито или затоа што модерното општество е во заблуда, туку едноставно затоа што патиштата кои тие ги одбрале за да им ги пренесат пораките на другите ја загубиле применливоста и разумноста. “Горе на небесата” е безначајно во време кога совеста на вселенското доба прашува: Што е тоа “горе”? Но и покрај фактот дека старите патишта почнале, поради јазична строгост, да го губат секојдневното значење и да стануваат речиси затворени, тоа не значи дека планината веќе ја нема. Таа е тука, и ќе остане тука се додека постои свест.

Федаровиот втор метафизички период претставува потполен пад. И пред приклучувањето на електродите на неговата глава, тој го имаше загубено сето она што е опипливо: пари, имот, деца; со одлука на судот му беа одземени дури и неговите граѓански права. Она што му остана беше еден луд осаменички сон за Квалитетот, карта со означен пат низ планината за која жртвуваше се. Потоа, кога му ги приклучија електродите, го загуби и тоа.

Никогаш нема да дознаам што се имаше во неговата глава во тоа време, ниту пак некој друг ќе го дознае тоа. Сега постојат само исечоци: кршеници, расфрлани белешки кои можат да се спојат, но кои оставаат големи празнини.

Кога прв пат ги бев открил тие кршеници, се чувствував како некој селанец во близина на, да речеме Атина, кој понекогаш и без многу да се изненади ги ора камењата со некои чудни цртежи на себе. Знаев дека тоа се делови од некој поголем сеопшт нацрт кој постоеше во минатото, но тоа беше вон моето поимање. Отпрвин намерно ги одбегнував, не обрнував внимание на нив бидејќи знаев дека тие камења предизвикуваа некакви неволји од кои морав да се пазам. Но и тогаш сфаќав дека сето тоа е дел од една голема мисловна структура, и тоа во мене будеше љубопитност на некој таинствен начин.

Подоцна, кога стекнав повеќе доверба во сопствената имуност во однос на таквите проблеми, тие кршеници поцнаа да ме интересираат на еден појасен начин, тогаш почнав да ги сложувам исечоците, не водејќи сметка за нивниот облик, по оној редослед по кој ми се јавуваа. Голем број од тие безоблични судови ми беа дадени од моите пријатели. Сега ги има на илјадници, и иако во оваа чаутагва може да се смести само мал дел од нив, таа се темели врз нив.

Тоа е веројатно многу далеку од она што го мислеше тој. Кога се обидувам да го обновам целиот систем со дедукција од исечоците, присилен сум да правам грешки и да запишувам нелогичности, па молам тоа да ми се прости. Во многу случаи исечоците се многузначни; од нив можат да се извлечат неколку различни заклучоци. Ако нешто е погрешно, тогаш веројатноста дека грешката не лежи во она што тој го мислеше, туку во мојата реконструкција на истото е голема, и можеби подоцна ќе може да се направи некоја подобра реконструкција.

Се слуша трепет на крилја и една еребица исчезнува меѓу дрвјата.
- Ја виде ли? - вели Крис.
- Да - возвраќам.
- Што беше тоа?
- Еребица.
- Како знаеш?

- Тие додека летаат се нишаат напред-назад, вака. - велам. Не сум сигурен во ова, но добро звучи. - Исто така, тие многу се приближуваат до земјата.
- О, вели Крис и продолжуваме да се искачуваме. Сончевите зраци меѓу боровите создаваат впечаток дека се наоѓаме во катедрала.

Денес ќе започнам да го разгледувам првиот период од неговото патување во Квалитетот, неметафизичкиот период, и тоа ќе биде пријатно. Убаво е патувањето да ви започне пријатно, дури и кога знаете дека тоа нема да заврши на истиот начин. Служејќи се со неговите белешки за предавањата како со основен материјал, сакам да го реконструирам начинот на кој Квалитетот стана негов работен концепт во наставата по реторика. Другиот негов период, метафизичкиот, беше напорен и обременет со умување, но овој прв период во кој тој едноставно предаваше реторика беше во секој поглед темелен и практичен и веројатно заслужува да се оценува според сопствените заслуги, независно од вториот период. Тој воведуваше големи промени. Имаше тешкотии со студентите кои не знаеа да кажат ниту збор. Отпрвин мислеше дека се работи за мрзливост, но подоцна јасно се виде дека не е така. Тие едноставно не можеа да смислат што би кажале.

Една девојка со наочари со голем диоптер сакаше да напише состав од петстотини зборови за Соединетите Американски држави. Беше навикнат на чувството на тонење кое се јавува зад таквите реченици, па без омаловажување и предложи темата да ја сведе на самиот град Боземан.

Кога дојде време за предавање на ракописот, таа го немаше напишано составот и беше прилично збунета. Се обидуваше и се обидуваше но никако не можеше да се сети што да напише.

Тој веќе имаше зборувано со нејзините претходни професори во врска со неа, и тие го потврдија неговиот впечаток. Беше многу сериозна, совесна и работлива, но крајно глупава. Во неа немаше ниту една искра на креативност. Нејзините очи зад дебелите стакла беа очи на наемен работник. Не го лажеше, таа навистина не можеше да се сети на ништо што би можела да го напише и беше збунета од својата неспособност да го направи она што и е кажано.

Тоа едноставно го замрзна. Сега тој не можеше да се сети што би рекол. Настапи тишина, а потоа чуден одговор: - Стеснете ја темата на главната улица на Боземан.

Тоа беше внатрешен порив.

Таа покорно климна со главата и замина. Но пред следниот час се врати во вистински очај, овој пат плачејќи, во очај кој очигледно траеше долго. И понатаму не можеше да смисли што би напишала, и не можеше да разбере зошто, кога веќе не можеше ништо да смисли за цел Боземан, би била способна да мисли било што за само една улица.

Тој побесне. - Вие не гледате! - рече. Се сети дека самиот беше исфрлен од универзитетот бидејќи имаше премногу да каже. За секој факт постојат безброј претпоставки. Колку повеќе набљудувате толку повеќе гледате. Таа вушност не гледаше, а сепак не беше свесна за тоа.

И рече луто: - Сконцентрирајте се на фасадата на една зграда на главната улица во Боземан. Фасадата на операта. Започнете со крајната лева цигла во горниот ред. Нејзините очи, зад наочарите со дебели стакла, широко се отворија.

Следниот пат дојде со зачуден изглед и му предаде состав од петстотини зборови за фасадата на операта на главната улица во Боземан, Монтана. - Седев во кафанчето од спротива - рече - и почнав да пишувам за првата цигла, па за втората, а кај третата одеднаш ми тргна и не можев да престанам. Мислеа дека сум луда, постојано ме зафркаваа, но составот е тука. Не го разбирам тоа.

И тој не разбираше, но во текот на долгите прошетки низ градските улици размислуваше за тоа и заклучи дека нејзе очигледно ја спречуваше истиот вид блокада која го парализираше и него првиот ден од предавањата. Таа беше блокирана бидејки се обидуваше во својот состав да ги повтори оние нешта кои веќе ги беше чула, исто како што и тој првиот ден се обидуваше да ги повтори нештата кои однапред беше одлучил да ги каже. Не можеше да се сети што би напишала за Боземан затоа што не можеше да се присети на нешто што го беше чула а што би било вредно да се повтори. Беше чудно несвесна дека самата може да набљудува и непосредно самата нешто и да види без да внимава на она што е

веќе кажано. Концентрирањето на една цигла ја разби блокадата бидејќи стана очигледно дека таа мора нешто да види, изворно и непосредно.

Експериментираше и понатаму. Во една група од секој студент бараше цел час да пишуваат за задната страна на својот палец. Сите на почетокот од часот го набљудуваа со насмевка на лицето, но сите пишуваа и никој не се пожали дека "нема зборови".

Во друга група ја смени темата од палец на метална пара, и од секој студент доби писмени состави кои се пишуваат цел час. Во останатите групи беше исто. Некој праша: - Мора ли да се пишува за обете страни? - Кога еднаш увидеа дека и самите можат непосредно да гледаат, сфатија и дека нема граница на количеството кое можат да го кажат. Тоа исто така беше градење на самосвест, бидејќи сето она што го пишуваа, иако на прв поглед изгледаше тривијално, сепак беше нивно сопствено дело, а не имитација на туѓо. Групите во кои тој ја направи вежбата со паричката покажуваа поголемо интересирање и им беше помалку здодевно.

Како резултат на неговите експерименти тој заклучи дека имитирањето е вистинско зло кое треба да се уништи пред да започнат предавањата по вистинска реторика. Тоа имитирање изгледаше како надворешна присила. Малите деца го немаат тоа во себе. Изгледаше дека тоа се стекнува подоцна, веројатно како "последица на самото училиште".

Тоа се чинеше исправно, и колку што размислуваше за тоа толку му изгледаше поисправно. Доколку не го имитирате она што професорот го сака, добивате лоша оценка. Тука, на универзитетот тоа е многу попрефинето, од вас се бара да го имитирате професорот на таков начин што би го уверил тој професор дека не го имитирате, туку дека ја усвојувате суштината на науката и понатаму чекорите самостојно. Тоа ви носи десетки. Од друга страна оригиналноста може да ви донесе што било - од десетки до петки. Целиот систем на оценување ве предупредува да не бидете оригинални.

Расправаше околу тоа со професорот по психологија кој живееше во неговото соседство, човек со голема фантазија, и тој му рече: "Така е. Укинете го целиот систем на оценки и дипломи па ќе добиете вистинско образование".

Федар размислуваше околу тоа, и кога неколку недели подоцна една многу бистра студентка не знаеше да одбере тема за семинарска работа, тоа му беше се уште на ум, па и предложи да пишува за тоа. Нејзе отпрвин темата не и се допадна, но сепак се согласи.

По една недела на сите им зборуваше за тоа, а по две недели напиша совршен текст. Но, групата пред која го прочита не ја имаше предноста да размислува за темата две недели, па беше прилично непријателски расположена кон целата идеја на укинување на оценките и дипломите. Но тоа ниту малку не ја обесхрабри.

Нејзиниот глас го доби оној древен религиозен занес. Ги преколнуваше другите студенти да слушаат, да сфатата дека тоа е навистина праведно. - Не зборувам дека тоа е заради него - рече и се сврти кон Федро. - Тоа е заради вас.

Нејзиниот глас полн со преколнување и нејзиниот верски занес му оставија силен впечаток, засилени со фактот дека на приемниот испит таа влезе меѓу првите еден посто кандидати. Во текот на следниот квартал, додека предаваше "убедливо пишување" ја одбра таа тема како "образец", парче уверлив текст којшто самиот го напиша, од ден на ден, пред целата група и со помош на целата група.

Се послужи со образец за да одбегне разговори во рамки на начелата на композицијата во кои сите длабоко се сомневаа. чувствуваше дека изнесувајќи ги пред групата своите реченици онака како што се создавани, со сите грешки и пречки и бришења, ќе даде по чесна слика за тоа што е пишувањето отколку да го троши нивното време дрдорејќи за готовите студентски трудови или истакнувјќи готови литературни дела кои би можеле да се имитираат. Овој пат го разработи тврдењето дека целиот систем на оценки треба да биде напуштен, па за да стори нешто што навистина ќе ги вовлече студентите во она за што слушаат, не даде ниту една оценка во текот на целиот тој квартал.

Веднаш над врвовите на гребенот сега може да се види снег. Но тој е оддалечен неколку денови одење. Карпите под него се престрмни за директно качување, особено со тежок товар каков што носиме ние, а Крис е навистина премлад за било

какво занимавање со шајки и јажиња. Мораме да се префрлиме преку шумовитиот гребен на кого му се приближуваме, да влеземе во другиот кањон, да одиме низ него до крај и тогаш да се вратиме под остар агол кон гребенот. Три мачни денови до снегот. За четири дена би било лесно. Ако не се појавиме до деветиот ден де Веси ќе почне да не бара.

Застануваме за да се одмориме, седнуваме и се фаќаме за дрво за да не се превртиме наназад поради ранците. Малку подоцна ја пружам раката преку плешките, ја земам мачетата од врвот на мојот ранец, и му ја давам на Крис.

- Ги гледаш ли оние две јасики онаму? Рамни? На работ? - му ги покажувам. Исечи ги на отприлика пола метро над земја.
- Зошто?
- Ќе ни требааат подоцна како стапови за одење и како колчиња за шатор.

Крис ја зема мачетата, се обидува да стане но повторно седнува. - Исечи ги ти - вели.

Така јас ја земам мачетата, одам таму и ги сечам колчињата. Обете се исечени мазно со еден замав, освен крајното парче кора која ја кинам со задниот дел од дршката на мачетата. Горе на карпите ви требаат стапови за одржување рамнотежа, а боровите горе не се добри за стапови, ова се можеби последните јасики тука. Сепак малку ме загрижува што Крис одбива да работи. Тоа не е добар знак кога сте на планина.

Краток одмор и потоа продолжуваме. Ќе треба малку време да се навикнеме на овој товар. Се јавува негативна реакција на секаква тежина. Но, како што ке напредуваме тоа ќе станува поприродно...

Федаровото залагање за укинување на системот на оценки и дипломи предизвика најпрвин збунета или негативна реакција на сите, освен на неколку студенти, бидејќи на прв поглед изгледаше дека го уништува целиот универзитетски систем. Една студентка тоа јасно го искажа велејќи потполно невино: - Секако дека не можете да го укинете системот на оценки и дипломи. На крајот на краиштата тоа е причината заради која сме тука.

Таа кажуваше чиста вистина. Помислата дека повеќето студенти доаѓаат на универзитетот заради образование независно од оценките и дипломата е лицемерие кое сите избегнуваат да го искажат. Понекогаш некои студенти доаѓат заради наобразба, но трулата и механичка природа на таа институција наскоро ги преобраќа во луѓе со помалку идеализам.

Оној образец содржеше тврдење дека укинувањето на оценките и дипломите ќе го уништат тоа лицемерие. Наместо да се занимава со општите места, тој се занимаваше со поединечната кариера на замисленият студент кој помалку или повеќе е типичен претставник на една група студенти кои се решени да работат за оценка а не за знаењето кое таа оценка би морала да го претставува.

Таквиот студент, претпоставуваше образецот, би одел на предавања во првиот семестар, би ја добил првата задача и веројатно би ја извршил по навика. Можеби така би било и со третиот, па и со четвртиот семестар. Но најпосле новоста на таа постапка би станала вообичаена и, со оглед на тоа што академскиот живот не е неговиот единствен живот, притисокот на другите обврски или желби би создал такви услови во кои тој никако не би можел да ја исполни задачата.

Со оглед на тоа што не постојат оценки, за тоа не би му следела никаква казна. Следните лекции кои претпоставуваат дека студентот ја исполнил претходната задача сепак би биле потешки за разбирање, и таа тешкотија од своја страна би можела толку да го ослабе неговото интересирање што и следното градиво, кое би му било навистина тешко, би било исто така пропуштено. Повторно без казна.

Со текот на времето неговото се послабо и послабо сфаќање на она за што се предава би било причина за неговото се потешко следење на наставата. Најпосле тој би согледал дека не учи многу, и соочувајќи се со постојаниот притисок на надворешните обврски би престанал да студира, би почувствувал вина заради тоа и би престанал да доаѓа на предавања. И тогаш не би се применила казна.

Но што би се случило? Студентот, не обвинувајќи никого, самиот себеси би се исфрлил од универзитетот. Браво! Тоа би морало да се случи. Тој од почетокот не бил тука заради образование и навистина не му било местото тука. Заштедени се

големи пари и напори, а не постои сенка на неуспех и пропаст за да го прогонува додека е жив. Не се запалени никакви мостови.

Најголемиот проблем на студентот е неговиот ропски менталитет кој во него е вграден во текот на повеќе години милување и камшикување со оценки, тоа е менталитет на мазга која вели: - Ако не ме камшикуваш, нема да работам. - Не го камшикуваа. Тој не работеше. А колата на цивилизацијата, за чие што влечење тој е наводно образован, и без него и понтаму ќе чкрипи, само малку поспоро.

Но, тоа е трагедија само доколку се претпостави дека колата на цивилизацијата, "системот", го влечат мазги. Тоа е познато гледиште, од стојалиштето на професијата и "позицијата", но Црквата на умот нема таков став.

Црквата на умот смета дека на цивилизацијата, или на "општеството", или како веќе ќе го наречете тоа, најдобро им служат не мазги туку слободни луѓе. Смислата на укинувањето на оценките и на дипломите не е казнување на мазгите, ниту нивно уништување, туку создавање на услови во кои тие мазги можат да се претворат во слободни луѓе.

Тој претпоставен студент, се уште мазга, би се врткал наоколу некое време. Би стекнал некаков друг вид образование, подеднакво вреден во однос на оној кој го напуштил, во училиштето за таканаречени работнички професии. Наместо да троши пари и време како мазга од високиот сталеж, тој сега би добил работа како мазга од нискиот сталеж, можеби како механичар. Всушност неговиот вистински сталеж би се издигнал. Тој за разлика од порано сега би стопанисувал. Можеби тоа би го правел до крајот на животот. Можеби би го пронашол своето ниво. Но немојте да сметате на тоа.

По некое време, по шест месеци или можеби пет години, би почнала да се случува некаква промена. Тој би станувал се понезадоволен од некаква досадна секојдневна работа во работилницата. Неговата креативна интелигенција, угушена од премногу теорија и премногу оценки во училиштето, сега би се разбудила токму поради таа досада во работилницата. Илјада часови недостапни механички проблеми би го навеле да почне да се интересира за нацртите на машините. И самиот би посакал да проектира некоја машина. Би помислил дека тоа би можел

да го направи подобро од другите. Би се обидел да ремонтира неколку мотори, би го вкусил успехот, би тежел кон се поголеми успеси, но би почувствувал дека понатаму не може бидејќи нема теоријска подлога. Би открил дека, иако претходно би се чувствувал глупаво поради недостатокот на интерес за теориското знаење, сега постои една гранка на теориското знаење кое многу би го почитувал, имено правењето машини.

Така, тој би се вратил во нашето училиште без оценки и без дипломи, но со извесна разлика. Тој не би бил повеќе човек на кого целта му е знаењето. Нему не би му бил потребен надворешен мотив за да учи. Неговиот мотив би доаѓал одвнатре. Тој би бил слободен човек. Не би требало многу стеги за тој да се обликува. Всушност, ако неговите професори би се опуштиле, тој веројатно би ги обликувал нив, поставувајќи им тешки прашања. Би бил тука за нешто да научи, би плаќал за нешто да научи, и тие би морале да му го овозможат тоа.

Мотивацијата од таков вид, кога ќе се фати за нешто, е сурова сила, и во нашата институција без оценки и дипломи каде би се нашол студентот, тој не би застанал на бубање податоци од машинството. Во неговото подрачје на интерес би влегле и физиката и математиката, бидејќи тој би сфатил дека ти му се потребни. Внимание би се обратило и на металургијата и на електротехниката. Така, во процесот на интелектуалното созревање низ ваквото апстрактно учење, тој веројатно би завлегол во други теориски подрачја кои не се непосредно врзани за машините, но кои стануваат дел од новата, поширока цел. Таа поширока цел не би била имитирање на образованието на денешните универзитети, налицкано и прикриено со оценки и дипломи, кои пружаат привид дека нешто се случува, кога всушност ништо не се случува. Тоа би било нешто стварно.

Таков беше Федровиот модел, неговото непопуларно тврдење, и тој на него работеше целиот семестар, градејќи го и менувајќи го, борејќи се за него, бранејќи го. Целиот тој квартал семинарските работи на студентите им беа враќани со коментари но без оценки, иако оценките беа впишувани во еден нотес.

Како што реков претходно, отпрвин секој би бил по малку збунет. Поголемиот број луѓе веројатно мислеа дека тука се работи за некој идеалист кој мисли дека укинувањето на оценките ќе донесе поголема среќа и ќе ја поттикне

трудољубивоста, но очигледно е дека без оценки секој едноставно ќе легачи. Многу студенти кои во претходниот семестар имаа одлични оценки на почетокот беа дрски и бесни, но поради својата развиена дисциплина продолжија да работат како и до тогаш. Многу добрите студенти ги пропуштија неколкуте први задачи и станаа понедисциплинирани. Добрите и доволните студенти воопшто не се појавуваа на предавањата. Тогаш еден професор го праша што мисли да стори во врска со тоа отсуство на одзив.

Ќе чекам подолго отколку тие – рече Федар.

Неговата благост отпрвин делуваше загадочно, но потоа студентите станаа сомничави. Некои почнаа да поставуваат саркастични прашања. Тие добиваа мирни одговори и предавањата и семинарските работи продолжија како и до тогаш, само што немаше оценки.

Тогаш почна една очекувана појава. Во текот на третата или четвртата недела некои одлични студенти станаа нестрпливи пи почнаа да пишуваат извонредни текстови и да остануваат по предавањата поставувајќи прашања кои се однесуваа на начинот на работа. Многу добрите студенти почнаа тоа да го забележуваат и по малку да работат, враќајќи го квалитетот на своите семинарски работи на вообичаеното ниво. Добрите и доволните, како и недоволните, почнаа полека да се појавуваат на предавањата само за да видат што се случува.

По средината на семестарот се случи нешто што беше уште поочекувано. Одличните студенти се смирија и станаа активни учесници во сето она што се случуваше во училницата, покажувајќи таков пријателски став кој не може да се сретне во групите кои добиваат оценки. Тогаш многу добрите и добрите студенти ги фати паника, па предаваа семинарски работи кои изгледаа како да се плод на повеќечасовни напори. Доволните и недоволните студенти пишуваа задоволувачки семинарски работи.

Во последните недели на семестарот, кога вообичаено секој си ја знае својата оценка и седи дремејќи, Федар имаше толкава активност на предавањата што и другите професори го забележаа тоа. Многу добрите и добрите студенти им се придружија на одличните во заедничката пријателска расправа, па часот

изгледаше како успешна домашна забава. Само доволните и недоволните смрзнати седеа на столиците, обземени до крај со внатрешна паника.

Појавата на опуштање и пријателство му беа подоцна објаснети од самите студенти кои изјавија: - Многумина од нас се состануваа по наставата за да се обидат да смислат како би го срушиле овој систем. Се сложивме дека најдобриот начин е едноставно да замислиме дека нема да успееме, па да одиме напред и да правиме што можеме. Тогаш почнавме да се опуштаме. Инаку би полуделе!

Студентите додадоа и дека тоа не е толку лошо, кога на тоа ќе се навикнете, дека материјалот станува поинтересен, но повторија дека навикнувањето е тешко.

На крајот на семестарот од студентите е побарано да напишат есеј во кој би го оцениле тој систем. Во времето на пишувањето никој од нив не знаеше која оценка ќе ја има. Педесет и четири посто беа против системот. Триесет и седум посто го одобрија. Девет посто беа воздржани.

Според принципот “еден човек-еден глас” системот беше многу непопуларен. Поголемиот број студенти изрично сакаше да ги добие своите оценки во текот на семестарот. Но кога Федар ги обработи гласовите во согласност со оценките кои ги имаше во својто нотес – а оценките не отстапуваа од оние кои се предвидуваа во согласност со претходните успеси и резултати од приемните испити – тогаш приказната беше поинаква. Одличните студенти беа 2 спрема 1 во корист на системот. Многу добрите и добрите беа разделени напола. А доволните и недоволните беа едногласно против него!

Овој изненадувачки резултат ја потврди неговата дамнешна претпоставка: дека побистрите, сериозните студенти најмалку ги сакаат оценките, веројатно затоа што нив повеќе ги интересира материјалот кој се предава, додека глупавите или мрзливите студенти најмногу ги сакаат оценките, веројатно затоа што ним оценките им покажуваат дали напредуваат.

Како што рече Де Веси, од тука можете да одите сто дваесет километри на југ низ шума и снег и нема да наидете на пат, иако има патишта на исток и на запад.

Испланирав така, што ако на крајот на вториот ден работите стојат лошо, да бидеме блиску до пат по кој можеме бргу да се вратиме. Крис не го знае тоа, и ако му го кажам би го повредил неговото извидничко чувство за авантура, но по повеќе излети на планина, извидничките желби за авантури се смалуваат и се појавуваат поконкретните предности од смалување на ризикот. Оваа земја може да биде опасна. Направете само еден погрешен чекор од милион, повредете си го зглобот, и тогаш ќе видите колку сте всушност далеку од цивилизацијата.

Во овој кањон очигледно ректо некој се искачил волку високо. После еден час одење гледаме дека патчето речиси исчезнало.

Федар мислеше дека е добро оценките да се задржат, така пишува во неговите белешни, но тоа на системот не му даваше научна вредност. Во вистинскиот експеримент сите причини ги држите на контстантно ниво, освен една, и набљудувате какви последици предизвикува менувањето на таа една причина. Во училницата тоа не можете никогаш да го сторите. Знаењето на студентите, однесувањето на студентите, ставот на наставникот, сето тоа се менува заради различни причини кои не можат да се контролираат и кои се непознати. Во секој случај, и набљудувачот е еден од причините, и тој никогаш не може да ги оцени последиците на своето влијание, а да не ги менува. Поради тоа Федар не сакаше да извлекува некаков голем заклучок од сето тоа тоа, само продолжи да го прави она што го сакаше.

Преминот од ова на испитувањето на Квалитетот се случи заради ужасната страна на оценувањето која беше откриена откако оценките беа укинати. Оценките навистина ги покриваат неуспесите во наставата. Лошиот професор може да мине низ целиот семестар не оставајќи во мозоците на неговите студенти апсолутно ништо што е вредно да се памети, да подели оценки на неважни тестови, и да остави впечаток дека некои студенти научиле нешто а некои не. Но ако ги укинете оценките, студентите се присилени секој ден да се прашуваат што е тоа што всушност се учи. Прашањата од типот: што е тоа што се учи, што е целта на сето тоа, како предавањата и задачите ја постигнуваат поставената цел, стануваат злокобни. Укинувањето на оценките открива еден голем и ужасен вакуум.

Што се обидуваше да стори Федар? Колку што одеше понатаму, тоа прашање се наметнуваше се повеќе и повеќе. Одговорот кој изгледаше исправен кога почна, сега губеше смисла. Сакаше неговите студенти да станат креатори, самите да одлучуваат што е добро да се напише а што не, наместо постојано да го прашуваат него. Вистинската цел на укинувањето на оценките беше во тоа да ги примора да нурнат во себе, на единственото место каде секогаш ги чека вистинскиот одговор.

Но сега тоа немаше смисла. Ако веќе знаеја што е добро а што лошо, тогаш немаа причина воопшто да се запишуваат во таа група. Фактот дека тие беа тука како студенти подразбираше дека тие не знаат што е добро а што лошо. Во тоа се состоеше неговата професорска работа – да им каже што е добро а што лошо. Целата идеја за индивидуална креативност и израз во групата, во основа беше контрадикторна на целата идеја за Универзитет.

За многу студенти тоа укинување на оценките создаваше кафикајанска ситуација во која тие сфаќаа дека ќе бидат казнети затоа што нешто не прават, но никој не сака да им каже што би требало да прават. Гледаа во себе, но не гледаа ништо, гледаа во Федар но не гледаа ништо, па само беспомошно седеа, не знаејќи што да прават. Вакуумот беше убиствен. Една девојка доживеа нервен слом. Не смеете да ги укинувате оценките, да седите тука и да создавате бесцелен вакуум. На студените морате да им одредите некаква цел кој која ќе се стремат и така да го пополните тој вацуум. А тој не го правеше тоа.

Не можеше. На ниту еден начин не можеше да им каже кој која цел да се стремат а да не западне назад во авторитативното, дидактичко предавање. Но како можете на табла да ја напишете таинствената внатрешна цел на секоја креативна личност?

Следниот семестар ја отфрли целата идеја и му се врати на редовното оценување, обесхрабрен, разочаран, чувствувајќи дека беше во право, но дека се испадна некако погрешно. Кога во класот се јавуваше спонтаност и индивидуалност и вистинска оригиналност, тоа се случуваше и покрај наставата, а не поради неа. Ова изгледаше како да има смисла. Беше подготвен да поднесе оставка. Да предава глупав конформизам на непримерни студенти – тоа не беше она што сакаше да го прави.

Беше чул дека колеџот Рид во Орегон не пишува оценки се до дипломирањето, па за време на летниот распуст отиде таму, но му рекоа дека наставниците се поделени кога е во прашање вреднувањето на концептот и дека никој не е особено среќен поради тој систем. Остатокот од летниот распуст го мина во потиштеност и мрзоволност. Многу време мина со жената му под шатор во тие планини. Таа го прашуваше зошто цело време е толку молчалив, а тој не знаеше да и одговори. Едноставно запре. Чекаше. Чекаше на она јадро на кристализација на мислата која одеднаш ќе обедини се.

17

На Крис не му е арно. Некое време беше далеку пред мене, а сега седи под дрвото и се одмара. Не ме гледа и по тоа знам дека со него нешто не е в ред.
Седнувам крај него а неговиот израз на лицето е далечен. Лицето му е зацрвенето и гледам дека е исцрпен. Седиме и го слушаме ветерот во боровите.
Знам дека на крај ќе стане и ќе појде, но тој тоа не го знае и му е страв да и погледне в лице на можноста што тој страв го создава: дека воопшто нема да може да ја искачи планината. Се сеќавам на нешто што Федар го напиша за овие планини и му го кажувам тоа на Крис.
- Пред многу години - му велам - мајка ти и јас бевме на работ на појасот на шумите недалеку одовде и кампувавме крај езерото кое од едната страна е мочуришно.
Тој не го крева погледот но слуша.
- Некаде пред зори чувме како паѓаат камења и помисливме дека мора да е некое животно, само што животните обично не скитаат во тоа доба. Потоа чувме шлапкање по мочуриштето и навистина се разбудивме. Се извлеков од вреќата за спиење, го зедов револверот од блузата и клекнав зад дрвото...
Вниманието на Крис сега се оддалечува од неговите проблеми.
- Повторно се чу шлапкање - велам. - Помислив дека тоа се туристи на коњи од ранчовите, но сепак беше прерано. Повторно шлапкање! Потоа гласно галумпф! Тоа не е коњ. Пак галумпф! Па повторно ГАЛУМПФ! И види, во нејасната сива светлина на зората право кон мене низ мочуришната кал доаѓа најголемиот лос што го имав видено. Распонот на роговите му е поголем од еден фат. По мечката гризли најопасното животно во планините. Некои велат дека е и најубиственото.
Очите на Крис повторно светат.

- ГАЛУМПФ! Го натегнувам орозот на револверот размислувајќи дека калибарот 38 и не е нешто за еден лос. ГАЛУМПФ! Не ме виде! ГАЛУМПФ! Не можам да му се тргнам од патот. Мајка ти е во врекáта за спиење точно на неговиот пат. ГАЛУМПФ! Каков џин! ГАЛУМПФ! Само десет метри од нас! ГАЛУМПФ! Станувам и нишанам. ГАЛУМПФ!...ГАЛУМПФ!...ГАЛУМПФ!...Застанува ТРИ МЕТРИ ОД НАС, и ме гледа...Мушичката му лежи точно меѓу неговите очи...Не се мрдаме.
Ја вовлекувам раката во ранецот и вадам малку сирење.
- Што се случи тогаш? - прашува Крис.
- Чекај да исечам малку сирење.
Го вадам ловечкиот нож и го држам сирењето за амбалажата за да не го допрам. Сечам дебело парче и му го пружам.
Тој го зема. – Што се случи потоа?
Го гледам дури не загриза. - Лосот ме гледаше најмалку пет секунди. Потоа погледна долу кон мајка ти. Тогаш повторно ме погледна мене, па револверот кој практично лежеше на неговиот голем округол нос. А потоа се насмеа и полека замина.
- О! - вели Крис. Изгледа разочарано.
- Обично кога ќе се сретнете така тие напаѓаат - велам - но тој помисли дека е убаво утро и дека ние дојдовме први, па зошто тогаш да се создава гужва? Затоа се насмеа.
- Тие можат да се смеат?
- Не, но изгледаше токму така.
Го ставам на страна сирењето и додавам: - Подоцна истиот ден скокавме од едно купче камења на друго по една стрмнина. Токму се подготвував да скокнам на еден голем кафеав камен, кога одеднаш тој голем кафеав камен скокна во воздух и истрча во шумата. Тоа беше истиот оној лос...Мислам дека тој ден многу го изнервиравме.
Му помагам на Крис да стане. - Одеше малку пребргу - велам. - Сега планинската косина станува стрмна и мораме да одиме полека. Ако одиш бргу ќе се задишеш, а кога ќе се задишес почнува да ти се врти и тоа го слабее духот, па помислуваш: Нема да успеам. Затоа оди полека некое време.
- Ќе одам зад тебе - вели тој.
- Добро.
Сега одиме далеку од потокот што го следевме, низ шумската стрмина, под најмал можен агол.

На планина треба да се качувате со најмал можен напор и без желба. Стварноста од повисока природа би морала да ви ја одреди брзината. Доколку почнете да се вознемирувате, засилете го темпото. Ако останете без здив, успорете. На планина треба да се качувате во рамнотежа меѓу немирот и заморот. Потоа, кога веќе нема да мислите однапред, секој ваш чекор нема да биде средство кон некоја цел, туку единствен настан за себе. Овој лист има назабени рабови. Овој камен изгледа нестабилно. Од ова место снегот е помалку видлив, иако е поблиску. Тоа се нешта кои морате да ги забележите. Да се живее само за некоја идна цел е плитко. Планинските стрмини го поддржуваат животот, не ги подржува врвот. Тука нешто расте.
Секако, бев врвот не постојат ни страни. Врвот ги дефинира страните. И така одиме понатаму...пред нас е долг пат...без брзање...само чекор по чекор...со малку чаутагва за забава...Размислувањето е толку поинтересно од телевизорот што е вистинска срамота што поголем број луѓе не се занимаваат со него. Тие веројатно сметаат дека она што го мислат е небитно, но не е така.
Постои голем исечок во врска со Федаровото прво предавање откако ја зададе темата "што е Квалитетот во мислата и судот?". Му се чинеше дека ова прашање го мачи и го лути секого подеднакво како и него.
- Од каде ние можеме да знаеме што е тоа Квалитет? - велеа. Ваша должност е тоа да ни го кажете.
Тогаш им рече дека и самиот не може да се досети и дека навистина сака да знае што е. Им ја даде истата задача со надеж дека некој ќе се јави со добар одговор. Тоа беше искра. Извици на неодобрување ја потресоа просторијата. Пред да стивне бучавата еден професор ја отвори вратата за да види што се случува.
- Се е во ред - рече Федар. - Тукушто случајно наидовме на вистинското прашање и тешко се опоравуваме од вчудовидување. - Некои студенти изгледаа љубопитно, и галамата полека слегна.
Тој тогаш ја искористи приликата на кратко да се врати на својата тема "Гнилежот и распадот на Црквата на умот". Ако студентите беа бесни што некој се обидува да се послужи со нив во потрагата по вистината, рече, тоа е мерка на тој гнилеж. Се семта дека вие мора да ја глумите таа потрага по вистината, да ја имитирате. Вистинската потрага по вистината за вас е казна.
Вистина е, рече, дека искрено сака да знае што мислат тие, не како би можел тоа да го оцени, туку затоа што навистина сака тоа да го знае.
Го гледаа збунето.

- Цела ноќ мислев на ова - рече еден од нив.
- Јас речиси се расплакав, толку бев бесна - рече девојката до прозорецот.
- Требаше да не предупредите - рече трет.
- Како можев да ве предупредам - рече тој - кога немав поим како ќе реагирате?
Некои од збунетите студенти поцнаа да го гледат со први знаци на разведрување.
Тој не си игра со нив. Тој навистина сака да знае.
Многу необична личност.
Тогаш некој рече: - А што мислите вие?
- Не знам - одговори тој.
- Но што мислите?
Тој се замисли. - Мислам дека постои нешто што претставува Квалитет, но штом ќе се обидете да го дефинирате, нешто се расипува. Не можете да го дефинирате.
Мрморење во знак на одобрување.
- Продолжи - Зошто тоа е така, тоа не го знам. Мислев дека во вашите состави ќе пронајдам некаква идеја. Едноставно не знам.
Овој пат во училницата владееше тишина.
На следните предавања тој ден се уште постоеше малку од оној ист немир, но по неколку студенти од секоја група доброволно се јавија да одговараат што му покажа дека студентите од првата група за тоа расправале за време на одморот.
Неколку денови подоцна тој ја изработи својата дефиниција и ја напиша на табла за да се препишува за идните генерации. Дефиницијата гласеше: "Квалитетот е својство на мислењето и судот кое се спознава без размислување. Со оглед на тоа што дефиницијата се производи на строгото, формално размислување, Квалитетот не може да се дефинира".
Фактот што "дефиницијата" всушност се состоеше во одбивањето да се дефинира не предизвика расправа. Студентите не беа формално образовани во толку голема мерка за да видат дека неговата изјава во формална смисла е потполно ирационална. Ако нешто не можете да дефинирате, немате формален рационален начин да дознаете дека тоа постои. Ниту пак можете навистина некому да му кажете што е тоа. Не постои, всушност, формална разлика меѓу неспособноста за дефинирање и глупоста. Кога велам: Квалитетот не може да се дефинира, јас всушност велам: - Јас сум глупав кога е во прашање Квалитетот.
За среќа студентите тоа не го знаеја. Да ги имаа изнесено тие забелешки, тој тогаш не ќе можеше да им одговори.

Но потоа, под дефиницијата на таблата, тој напиша: - Но иако Квалитетот не може да се дефинира, вие знаете што е тоа Квалитет! - и бурата пак започна.
- О, не, не знаеме!
- О, да, знаете!
- О, не, не знаеме!
- О, да, знаете! - рече тој и извлече некаков материјал за тоа да им го докаже. Избра, како пример, два студентски состава. Првиот се состоеше од нафрлани и неповрзани идеи кои не водат никаде. Другиот беше величенствен текст - и самиот студент кој го беше напишал не знаеше како излегол толку добар. Федар ги прочита обата, потоа замоли да кренат рака оние кои мислат дека првиот состав е подобар. Се кренаа две раце. Потоа праша кому му се допаѓа вториот. Се подигнаа дваесет и осум раце.
- Што и да е тоа што го наведе мнозинството да крене рака за вториот состав, тоа јас го сметам за Квалитет. Вие значи знаете што е тоа.
Настана долга тишина исполнета со размислување, а тој дозволи таа да потрае. Ова беше интелектуално насилство, и тој го знаеше тоа. Бидејќи повеќе не ги подучуваше, туку ги индоктрираше. Беше поставил имагинарен поим, дефинираше дека е невозможно да се дефинира, потоа им рече на студентите дека тие знаат што е тоа, и им го докажа истото со техника која е логички збркана исто како и самиот поим. Можеше да мине со тоа бидејќи логичкото одбивање бараше повеќе талент отколку што имаше еден студент. Следните денови тој постојано ги предизвикуваше нивните реакции, но немаше ниту една. Продолжи да импровизира.
За да ја засили идејата дека тие веќе знаат што е тоа Квалитет, разви постапка според која читаше четири студентски состави во училницата и бараше од секој студент да ги подреди по квалитет на парче хартија. Тоа и го правеа. Тој потоа ги собираше хартивчињата, ги пребројуваше на табла, и го наоѓаше просекот на мислењето на целата група. Тогаш ги откриваше своите оценки, и тие секогаш беа блиски, ако не и идентични со просекот. Ако имаше разлики, тие настануваа само тогаш кога два состави беа приближно со еднаков квалитет.
Најпрвин студентите беа воодушевени од таа вежба, но како што минуваше времето, така им стануваше здодевно. Беше очигледно што подразбира под Квалитет. И тие очигледно знаеа што е Квалитет, па веќе не им беше интересно да слушат за тоа. Нивното прашање сега беше: "Во ред, знаеме што е Квалитет. Како го постигнуваме?".

Сега кога конечно дојдоа на ред стандардните учебници по реторика. Начелата кои беа изложени во нив не беа веќе правила против кои треба да се бунтуваме, ниту пак цел на самите себе, туку само постапки, трикови за добивање на нешто што навистина вреди и постои независно од постапката - Квалитетот. Она што почна како отпаднишство од традиционалната реторика се претвори во прекрасен увод во неа.
Ги издвои својствата на Квалитетот како што се единството, живописноста, силата, концизноста, чувствителноста, јаснотијата, акцентот, текот, напнатоста, јасноста, точноста, размерот, длабочината и така натаму, сите нив штуро ги дефинираше исто како и Квалитетот, но ги изложи преку истата техника на читање пред класот. Им покажа како својството на квалитет наречено единство, црвстото поврзување на дејството, може да се подобри со техника која се нарекува белешки под цртата кои упатуваат на веродостојни извори. Фуснотите и белешките под цртата се стандардни нешта кои се предаваат на прва година јазични студии, но сега тие имаа смисла како средства за подобрување на Квалитетот. Па доколку студентот наведе голем број извори или доколку само наведе бедно резиме обидувајќи се само на памет да ја исполни задачата, можеше да му се каже дека неговиот состав можеби ја исполнил задачата но очигледно не ја постигнал целта на Квалитетот, и затоа е безвреден.
Сега, на вечното студентско прашање "Како се прави ова?" кое толку го раздразнуваше што сакаше да поднесе оставка, можеше да одговори: - Воопшто не е важно како се прави тоа. Само нека биде добро. - Неупатениот студент можеше да праша: - Но како знаеме што е добро? - Но прашањето уште не ќе беше излезено од неговата уста, а тој ќе имаше сфатено дека одговорот е веќе даден. Обично некој друг студент би рекол: - Тоа едноставно се гледа. - Доколку првиот речеше: - Не, јас не гледам - би му одговориле: - Гледаш. Тој тоа и го докажа. - Студентот најпосле би бил целосно притиснат самиот да носи судови за Квалитетот. А токму тоа и ништо друго беше негово училиште за тоа како се пишува.
Академскиот систем го присилуваше Федар да го кажува она што не го мисли, иако знаеше дека тоа ги тера студентите да се прилагодат на вештачките облици кои го уништуваат нивното творештво. Студентите кои им се покоруваа на неговите правила потоа беа осудувани поради својата неспособност да бидат креативни или да создадат дело кое го одразува нивниот личен став за она што е добро.

Сега тоа беше завршено. Го пронајде излезот менувајќи го основното правило дека сите нешта кои се учат најпрвин мораат да бидат дефинирани. Не инсистираше на некаков принцип, ниту на некакво правила за добро пишување, ниту на некаква тероија - но укажуваше на нешто што е стварно, нешто на што не може да му се одрече стварноста. Вакуумот кој настана заради укинувањето на оценките одеднаш се исполни со позитивната цел на Квалитетот, и сето тоа се склопи во една целина. Вчудоневидените студенти минуваа крај неговата работна соба и велеа: - Некогаш го мразев англискиот. Сега трошам повеќе време на него отколку на било што друго. - Не само еден или двајца. Многумина. Целата замисла за Квалитетот беше прекрасна. Функционираше. Таа беше таинствена, индивидуална, внатрешна цел на секоја креативна личност, конечно ставена на табла.
Се вртам за да видам како се држи Крис. Неговото лице изгледа уморно.
Го прашувам: - Како се чувствуваш?
- Добро - вели тој, но гласот не му е уверлив.
- Можеме да застанеме каде било и да кампуваме - велам.
Тој ме прострелува со бесен поглед, па затоа не велам ништо повеќе. Наскоро гледам дека се обидувам да ме престигне на искачувањето. Веројатно со голем напор избива напред. Продолжуваме.
Федар стигна толку далеку со својата замисла за Квалитетот затоа што намерно одбиваше да гледа вон непосредното искуство на училницата. Реченицата на Кромвел "Никој не стигнува толку далеку како оној кој не знае каде оди" би можела да се примени и на овој случај. Тој не знаеше каде оди. Знаеше само дека тоа функционира.
Со текот на времето сепак почна да се прашува зошто тоа функционира, особено кога веќе знаеше дека методот е ирационален. Зошто еден ирационален метод би функционирал кога сите рационални методи се толку лоши? Го исполнуваше нагонско чувство, кое брзо растеше, дека она на што се спрепна не е некој мал трик. Тоа е нешто што оди многу подалеку. Колку подалеку, тоа не го знаеше.
Тоа беше почеток на кристализација за која говорев предмалку. Во тоа време другите говореа: - Зошто толку се возбудува поради "Квалитетот"? - Но тие го гледаа самиот збор и неговото значење во реториката. Не го согледуваа неговиот некогашен очај кој произлегуваше од апстрактните прашања на самото постоење кој поразен ги беше напуштил.
Било кој друг да прашаше "што е тоа Квалитет?", тоа би било само уште едно обично прашање. Но кога тој го поставуваше тоа прашање, заради неговото

минато, се шириле во бранови истовремено во сите правци, не во хиерархиска структура, туку во концентрична. Во средина стоеше Квалитетот и создаваше бранови. Додека тие бранови од мисли се шириа, сигурен сум дека очекуваше секој бран да стигне до некој брег на постоечките мисловни модели, така што имаше некој вид единствен однос кон сите тие мисловни структури. Но до брегот никогаш не се стигнуваше пред крајот, ако воопшто имаше крај. За него не постоеше ништо освен трајното ширење на кристализацијата. Сега ќе се обидам, најдобро што можам, да ги следам тие бранови на кристализација, втората фаза од неговото истражување на Квалитетот.

Сите движења на Крис пред мене изгледаат уморно и луто. Се спрепнува преку камењата, пушта гранките да го гребат наместо да ги трга на страна.

Жал ми е што го гледам тоа. Дел од вината може да се префрли на логорувањето со извидниците каде мина две недели непосредно пред нашето поаѓање. Според она што ми го кажа, таму од искуствата кои требало да ги добијат во природа направиле вистински натпревар. Некаков доказ на машкоста. Почнал во најниската група во која било навреда да се биде член. Потоа му било дозволено да мине низ огнено крштевање, низ цела низа од задачи, пливање, врзување јазли...спомена десетина од нив, но ги заборавив.

Момчињата, кога се на логорување, се поентузијастични и подобро соработуваат кога мораат да исполнуваат задачи за да се истакнат, сигурен сум во тоа, но најпосле таквиот вид на поттик нанесува зло. Секој напор кому трајната смисла му се состои од самофалба е осуден на пропаст. Ние сега плаќаме за тоа. Кога се обидуваш да се качиш на планина за да докажеш дека си пораснал, тоа е бедна победа. За да ја потврдиш победата, мораш постојано и постојано да се докажуваш на некој друг начин, па повторно и повторно и повторно, вечно посветен на тоа да ја поддржуваш таа лажна слика, опседнат од стравот дека таа слика не е вистинита и дека некој ќе ја открие. Не се прави така, никогаш.

Не стигна до планината. По третиот ден се откажа, исцрпен, и адџилакот продолжи без него. Пишуваше дека има телесна сила, но таа телесна сила не беше доволна. Имаше и интелектуални пориви, но ни тие не беа доволни. Не сметаше дека е дрзок, туку дека тргнува на аџилак за да го прошири своето искуство, сам да стекне некакво познание. Се обиде да ја искористи планината во свои цели, аџилакот исто така. Себеси се сметаше за утврден поим, не за аџилак или планина, затоа не беше подготвен. Претпоставуваше дека другите аџии, оние кои стигнале до планината, веројатно толку силно ја чувствувале светоста на планината што секој чекор им бил

дело на верата, дело на покорување на нејзината светост. Светоста на планината која ги обземаше нивните духови им овозможуваше да поднесат многу поголеми напори отколку што тој можеше да ги издржи, и покрај поголемата физичка сила. На неупатеното око качувањето заради себеистакнување и несебичното качување можат да изгледаат потполно еднакво. Обата вида искачувачи ја стават едната нога пред другата. Но каква разлика! Искачувачот кој сака да се истакне е сличен на ненаштиман инструмент. Тој ја спушта ногата еден миг прерано или еден миг предоцна. Тој лесно ќе пропушти прекрасен пад на светлината низ дрвјата. Тој продолжува и кога малаксаноста на неговите чекори покажува дека е уморен. Се одмара кога не е време за тоа. Гледа долж патот обидувајќи се да види што има пред него дури и кога знае што има пред него, бидејќи погледнал една секунда пред тоа. Оди пребргу или преспоро во однос на приликите, а кога зборува неговиот говор секогаш се однесува на некое друго место, на некои други нешта. Тој е, но не е тука. Го отфрла она што е тука, несреќен е поради тоа, сака да биде на крајот на патот, но кога ќе стигне таму ќе биде исто толку несреќен, бидејќи "таму" ќе стане "тука". Она што тој го бара, го сака, лежи околу него, но тој не го сака тоа затоа што тоа лежи околу него. Секој чекор му е напор, и телесен и душевен, бидејќи тој замислува дека целта е вон него, некаде далеку.
Тоа изгледа е маката на Крис во моментов.

18

Постои цела една гранка на филозофијата која се занимава со дефиниција на Квалитетот, позната како естетика. Нејзиното прашање: што се смета за убаво? води во далечното минато. Но кога Федар беше студент по филозофија, тој жестоко се спротивстави на целата таа гранка на знаењето. Тој речиси намерно падна на еден испит по естетика и напиша неколку текстови напаѓајќи го професорот и материјалот. Ги мразеше и ги критикуваше сите.

Не се работеше за некој посебен естетичар кој го предизвикуваше таквото негово однесување. Се работеше за сите нив заедно. Ниедно гледиште не го нервираше толку колку идејата дека Квалитетот мора да се подвргне на секое гледиште. Интелектуалниот процес го присилуваше Квалитетот на ропство, го проституираше. Мислам дека тоа беше изворот на неговиот гнев.

Во еден текст напиша: "Овие естетичари мислат дека нивниот предмет е некој вид пеперминт бомбона со која имаат право да ги засладуваат своите дебели усни; нешто што треба да се прождере; нешто што треба интелектуално да се расече, да се набоде на вилушка и да се зграби со лажица парче по парче со соодветни софистицирани забелешки, а мене од тоа ми се блуе. Тоа на што тие ги сладат своите усни е мрша која одамна ја убиле".

Сега, како прв чекор на процесот на кристализација, согледа дека целото поле наречено естетика се брише кога Квалитетот не се дефинира со дефиниција...дека се обезвреднува...се поништува. Одбивајќи да го дефинира Квалитетот тој потполно го исфрли овој термин од аналитичкиот процес. Ако не можете да го дефинирате Квалитетот, тогаш не постои начин да го подвргнете на било какво интелектуално правило. Естетичарите немаат што повеќе да кажат. Целото нивно поле, дефиницијата на Квалитетот, исчезнува.

Помислата на тоа го преплаши. Беше тоа слично на откритие на лек за рак. Нема веќе објаснување што е уметност. Нема веќе чудни критички школи на стручњаци кои рационално одредуваат каде одреден композитор успеал или промашил. Сите тие, секој поединечен сезнајко на крај ќе мора да замолчи. Ова не беше веќе само интересна идеја. Ова беше сон.

Мислам дека вушност никој не виде што сака тој. Најпрвин во него гледаа интелектуалец чии ставови ги содржат сите стапици на рационалната анализа на една наставна постапка. Не увиде дека неговата цел беше целосно спротивна на сето она на што беа навикнале. Тој не ја прошируваше рационалната анализа. Тој ја спречуваше. Го свртуваше методот на рационалноста против него самиот, свртувајќи ја против сопствениот род, во одбрана на еден ирационален поим, едно недефинирано битие наречено Квалитет.

Запиша: "1. Секој професор по англиски знае што е Квалитет. (Секој професор кој не го знае тоа би морал внимателно да го крие тој факт, бидејќи тоа сигурно би претставувало доказ на неспособност). 2. Секој професор кој мисли дека Квалитетот на пишувањето може и треба однапред да се дефинира, може и треба да пристапи кон тоа, и да го дефинира 3. Сите оние кои чувствуваат дека Квалитетот на пишувањето постои а не може да се дефинира, но дека Квалитетот

сепак треба да се предава, можат да имаат полза од тоа да се држат до методата на предавање на чист Квалитет на пишувањето, а притоа да не го дефинираат".

Потоа анализираше и опиша некои методи на споредување кои ги разви при својата работа.

Мислам дека тој навистина се надеваше дека некој ќе му се придружи, дека ќе го предизвика и ќе се обиде да го дефинира Квалитетот за него. Но никој не го стори тоа.

Па сепак, онаа мала забелешка во загради за невозможноста да се дефинира Квалитетот како доказ на неспособноста, предизвика муртење кај колегите од неговиот оддел. На крајот на краиштата, тој беше најмладиот член и од него навистина не се очекуваше да им одредува стандарди на своите постари колеги.

Го ценеа неговото право да го каже она што го мисли, и постарите членови се чини дека уживаа во неговата независност на мислата и го подржуваа на некој црковен начин. Но спротивно на верувањето на мнозина противници на академската слобода, црковното држење никогаш не му допушташе на ниту еден професор да дрдори се што ќе му падне на памет без никаква одговорност. Црковното држење едноставно претпоставува постоење на одговорност кон Богот на умот, а не кон идолите на политичката власт. Фактот дека тој ги навредуваше луѓето беше независна од вистинитоста или лажноста на она што тој го говореше, и затоа од етички аспект не можеше да биде згазен поради тоа. Но тие беа спремни да го згазат, етички и со задоволство, поради знаците дека говори безсмислици. Можеше да прави се што сака, се додека тоа е оправдано во рамките на разумот.

Но како по ѓаволите можете да го оправдате, во рамките на разумот, одбивањето нешто да дефинирате? Дефинициите се темели на разумот. Без нив не можете да умувате. Тој можеше некое време да им одолева на нападите со креативни дијалектички одбегнувања и навреди во врска со способноста и неспособноста, но порано или подоцна мораше да настапи со нешто постварно од тоа. Неговиот обид да настапи со нешто постварно го доведе до понатамошна кристализација вон традиционалните граници на реториката, во подрачјето на филозофијата.

Крис се врти и ме боде со измачениот поглед. Сега нема долго да потрае. Дури и пред поаѓањето постоеа знаци дека се подготвува вакво нешто. Кога Де Веси му кажа на еден сосед дека сум многу искусен планинар, Крис покажа големо воодушевување. Беше тоа голема работа во неговите очи. Тој наскоро ќе папса и тогаш мораме да застанеме за денес.

О-па! Почнува. Паѓа. Не станува. Тоа беше страшно уреден пад, не изгледаше ни малку случаен. Сега ме гледа со болка и бес, очекувајќи карање. Јас не го карам. Седнувам крај него и гледам дека е речиси поразен.

- Па - велам - можеме да застанеме тука, можеме да продолжиме напред, а можеме и да се вратиме. Што сакаш?
- Не ми е гајле - вели тој. - Не сакам...
- Не сакаш - што?
- Не ми е гајле - вели тој луто.
- Кога веќе не ти е гајле, тогаш ќе продолжиме напред - велам јас сакајќи да го уловам во стапица.
- Не ми се допаѓа овој излет - вели тој. - Не е забавно. Јас мислев дека ќе биде.
И јас се подналутувам. - Тоа е можеби вистина - одговарам - но страшно херојство е кога тоа ќе се каже.

Одеднаш забележувам блесок на страв во неговите очи, и тој станува.
Продолжуваме.
Небото над другата страна на кањонот се наоблачило, а ветерот во боровите околу нас станал студен и злокобен.
Студенилото барем го олеснува качувањето...

Говорев за првиот бран на кристализација вон реториката која произлезе од одбивањето на Федар да го дефинира Квалитетот. Мораше да одговори на прашањето: Ако не можеш да го дефинираш, што те наведува на помислата дека тој постои?
Одговори со стариот одговор кој припаѓа на филозофската школа која себеси се нарекува реализам. - Нешто постои - рече - ако светот не може без него нормално да функционира. Ако можеме да покажеме дека светот, во отсуство на Квалитетот, би функционирал абнормално, тогаш сме покажале дека Квалитетот постои, без

оглед дали е дефиниран или не. - Потоа почна да го одзема Квалитетот од описот на светот, онаков каков што го знаеме.

Првата жртва на таквото одземање, рече, би била уметноста. Ако во уметноста не можете да разликувате што е добро а што е лошо, уметноста исчезнува. Нема смисла на sидот да се става слика, кога и голиот sид изгледа подеднакво добро. Симфониите немаат смисла, кога и чкрипењето и зуењето на грамофонот звучат исто толку добро.

Поезијата би исчезнала, бидејќи таа ретко има смисла, а нема никаква практична вредност. И интересно, комедијата исто така би исчезнала. Никој не би ги разбирал шегите, бидејќи разликата меѓу духовитоста и недуховитоста е чист Квалитет. Потоа би исчезнале спортовите. Фудбал, бејзбол, сите видови игри. Резултатите не би биле мерила на ништо значајно, туку само празна статистика, како број на зрнца во купче песок. Кој би доаѓал да гледа? Кој би играл?

Потоа го одзема Квалитетот од пазарот и ги предвиди промените кои би настанале. Со оглед на тоа што Квалитетот на брашното не би бил од значење, во супермаркетите би имало само основни житарици како што се оризот, пченката, сојата, веројатно и некласифицирано месо, млеко за деца кои престанале да цицаат, витамини и минерали за надокнадување на недостатоците. Алкохолните пијалоци, чајот, кафето и тутунот би исчезнале. Исто така и филмовите, танцувањето, игрите и забавите. Сите би се служеле со јавните превозни средства. Сите би носеле војнички цокули.

Голем дел од нас би останале без работа, но тоа веројатно би било привремено, додека не се префрлиме на суштински неквалитетна работа. Применетата наука и технологија драстично би се измениле, но чистата наука, математиката, филозофијата и посебно логиката би останале неизменети.

Ова последново на Федар му се виде извонредно интересно. Отстранувањето на Квалитетот најмалку би влијаело врз чистите интелектуални дејности. Кога би се исфрлил Квалитетот, само рационалноста би останала непроменета. Тоа беше чудно. Зошто беше така?

Не го знаеше тоа, но знаеше дека со отстранувањето на Квалитетот од сликата на светот онаков каков што го познаваме би ја открил важноста на тој поим за кој не ни претпоставуваше дека постои во него. Светот може да функционира без Квалитетот, но животот би бил толку глупав што речиси и не би било вредно да се живее. Всушност, воопшто не би било вредно да се живее. Поимот вредно е квалитативен поим. Животот едноставно би претставувал живеење без никакви вредности без смисла.

Се сепна од далечината во која го одведе овој правец на размислување и одлучи дека со сигурност ќе го докаже своето тврдење. Со оглед на тоа што светот очигледно не може нормално да функционира кога ќе се отстрани Квалитетот, Квалитетот постои, без оглед дали е дефиниран или не.

Откако го повика тоа сениште на светот без Квалитет, набргу го привлече неговата сличност со неколку општествени состојби за кои веќе беше читал. Му паднаа на памет древната Спарта, комунистичка Русија и нејзините сателити. Комунистичка Кина, Храбриот нов свет на Алдос Хаксли и 1984 на Џорџ Орел. Исто така се сети на некои свои познаници кои би се заложиле за тој свет без Квалитет. На оние кои се обидуваа да го наведат да се откаже од пушење. Бараа рационални причини за неговото пушење, и кога тој не наведе ниту една причина, се однесуваа надмоќно, како да останал без чест или нешто слично. Тие мораа да имаат причини и планови и решенија за се. Спаѓаа во неговиот вид. Во видот кого сега го напаѓаше. И долго трагаше за соодветно име кое ќе го вклучи сето она што ги карактеризира, да добие некаков клуч за тој свет без Квалитет.

Пред се се работеше за интелектот, но интелигенцијата не беше она основното. Се работеше за некое темелно придржување кон устројството на светот, препоставката дека тој тече во склад со законите - со разумот - и дека човековиот напредок тече главно низ откривање на тие закони на разумот и нивното применување кога е во прашање задоволувањето на сопствените желби. Таа верба ги држеше работите на своето место. Тој за миг sирна во тој свет без Квалитет, па потоа sирна уште малку и по малку размислување најпосле во круг се врати таму каде што беше и порано.

Вкочанетост.

Така изгледа тоа. Тоа опфаќа се. Вкочанетост. Кога ќе го укинете Квалитетот добивате вкочанетост. Отсутноста на Квалитет е суштина на вкочанетоста.
Се сети на некои пријатели уметници со кои еднаш патуваше по САД. Беа црнци кои постојано се жалеа на непостоењето на Квалитет за што пишуваше сега. Вкочането. Тоа беше нивниот збор за таа состојба. Многу пред да ја превземат масовните медиуми и да и дадат национален белег, тие целата таа интелектуална работа ја нарекуваа вкочанета и не сакаа да имаат работа со неа. Во разговорите и ставовите помеѓу него и нив имаше фантастични изблици, бидејќи во тоа време тој беше совршен примерок на вкочанетоста за која тие зборуваа. Колку што повеќе се обидуваше да ги приклешти фаќајќи се за она што тие го говореа, толку тие стануваа понеодредени. Сега при овој Квалитет изгледаше дека тој ги вели истите нешта и дека говори неодредено како и тие, иако она за што говореше беше цврсто и јасно и темелно, како и кој било друг рационално дефиниран поим со кој се занимаваше.

Квалитет. За тоа зборуваа цело време. - човече, ќе сакаш ли само малку да ме ислушаш, те молам - велеше еден од нив - и да си ги задржиш за себе сите тие прекрасни наградни прашања? Ако цело време прашуваш што е тоа, не ти останува време да дознаеш. - Душа. Квалитет. Истата работа?

Бранот на кристализација брануваше и понатаму. Тој истовремено гледаше два света. На интелектуалната страна, на вкочанетата страна, сега сфаќаше дека Квалитетот е поим на расчленување. Она што секој интелектуален аналитичар го бара. Го земате вашиот аналитички нож, го ставате неговиот врв директно врз поимот Квалитет, само потчукнувате, не грубо, нежно, и целиот свет се распукнува, се сече, точно на два дела - хипи и вкочанет, класичен и романтичен, технолошки и хуманистички - и засекот е мазен. Нема збрка. Нема ситници кои би можеле да бидат на едната или на другата страна. Не само вешт прелом, туку многу добар прелом. Понекогаш најдобрите аналитичари, работејќи со најочигледните црти на расцепот, можат да чукнат по ножот и да не добијат ништо освен купишта ѓубре. А еве го Квалитетот, тенка, речиси незабележлива погрешна црта, црта на нелогичност во нашето поимање на космосот, вие потчукнувате по неа, а целиот космос се раздвојува, толку уредно што е речиси неверојатно. Посакуваше да е

жив Кант. Кант тоа би го ценел. Тој општ дијамантски секач. Тој би сфатил. Би го задржал Квалитетот без да го дефинира. Во тоа беше тајната.

Федар напиша, со некоја почетна свест дека е вмешан во некој чуден вид на интелектуално самоубиство..."Вкочанетоста може да биде концизно а сепак целосно дефинирана како неспособност да се согледа Квалитетот пред тој интелектуално да се дефинира, то ест, пред да се исече на зборови...Докажавме дека Квалитетот, иако недефиниран, постои. Неговото постоење може искуствено да се види во училницата, а може логички да се докаже покажувајќи дека без него не може да постои светот, онаков каков што го познаваме. Она што останува да се види, она што треба да се анализира, не е Квалитетот, туку онаа чудна навика на мислата наречена "вкочанетост" која понекогаш пречат да го видиме...

Така тој се обиде да го возврати нападот. Предметот на анализа, пациентот на хируршката маса, не беше веќе Квалитетот, туку самата анализа. Квалитетот беше здрав и во добра состојба. Меѓутоа со анализата се чинеше дека не е се во ред, нешто ја спречуваше да го види она што е очигледно.

Се вртам и гледам дека Крис многу заостанал. - Ајде! - викам.
Тој не одговара.
- Ајде де! - викам повторно.

Потоа гледам како паѓа на страна и седнува во тревата низбрдо. Го оставам ранецот и се симнувам кон него. Косината е толку стрмна што морам да ги заривам стопалата на страна. Го наоѓам како плаче.

- Го повредив зглобот - вели и не ме гледа.

Кога ентузијастичниот планинар мора да ја заштити сликата за себе, тој природно лаже, за да ја заштити таа слика. Но глетката е грозна и јас се срамам од самиот себе што допуштив тоа да се случи. Сега мојата намера да истраам ја нагризуваат неговите солзи и неговото внатрешно чувство на пораз минува на мене. Седнувам, останувам така неколку мигови и потоа, без да се откажам, го земам неговиот ранец и му велам: - Јас ќе ги носам ранците на смена. Ќе го однесам овој таму каде што е и мојот, а потоа ти застани и чекај со него за да не се загубиме. Тогаш јас ќе

го однесам понатаму и повторно ќе се вратам по твојот. На тој начин ти можеш добро да се одмориш. Ке биде поспоро, но ќе стигнеме.

Но тоа го направив пребргу. Во мојот глас уште има гадење и прекор, и тој тоа го слуша и се срами. Покажува дека е лут, но не вели ништо, од страв дека повторно ќе мора да го носи ранецот, само се мурти и се прави дека не ме гледа додека јас на смена ги носам ранците низбрдо. При тоа ми минува горчината и забележувам дека на овој начин не работам ниту малку повеќе. Има повеќе работа во смисла на достигнување на врвот на планината, но тоа е само номиналена цел. Во смисла на вистинската цел, броејќи ги пријатните минути, една по друга, излегува исто, всушност подобро. Полека се искачуваме нагоре и горчината минува.

Следниот час полека се качуваме кон местото каде мислам дека извира еден поток, ранците ги носам јас. Го праќам Крис долу да донесе вода во едно тенџере, и тој носи. На враќање вели: - Зошто застануваме тука? Да продолжиме понатаму.

- Ова е веројатно последниот поток што ќе го видиме за долго време, Крис, а и јас сум уморен.
- Зошто си толку уморен?
Се обидува да ме разбесни? Му поаѓа од рака.
- Уморен сум, Крис, бидејќи ги носам ранците. Ако ти се брза, земи го својот ранец и тргни напред. Јас ќе одам по тебе.
Тој ме гледа со нов трепет на страв, потоа седнува. - Јас не го сакам ова - вели, речиси во солзи. - Јас го мразам ова! Жал ми е што дојдов. Зошто дојдовме тука? - Повторно плаче, жестоко.
Одговарам: - И мене ми е жал за тебе. Подобро би било нешто да каснеш.
- Не сакам ништо. Ме боли желудникот.
- Како сакаш.

Се оддалечува од мене, кине една тревка и ја става во уста. Потоа го нурнува лицето во рацете. Јас подготвувам ручек за себе и малку се одмарам.

Кога се освестив, тој се уште плаче. Ниту еден од нас нема каде да оди. Нема друг излез освен да се соочиме со постоечката ситуација. Но јас навистина не знам каква е постоечката ситуација.

- Крис - велам на крај.
Тој не одговара.
- Крис - повторувам.
Тој не одговара.
- Крис - повторувам.
- Повторно без одговор. Најпосле вели, кавгаџиски: - Што е?
- Сакав да ти кажам дека мене нема што да ми докажуваш. Дали го разбираш тоа Крис?

На лицето му се појавува вистински бран на ужас. Силно ја трга главата на страна.

Велам: - Ти не разбираш што сакам да кажам со тоа, нели?
Тој продолжува да гледа на страна и не одговара. Ветерот јачи низ боровите.

Едноставно не знам. Едноставно не знам што му е. Сигурно не е само извидничкото самољубие. Штом некои ситници не се на своите места, за него настапува крајот на светот. Кога се обидува нешто да направи и тоа не му успева веднаш, станува бесен или почнува да плаче.

Се враќам на тревата и повторно се одморам. Можеби обајцата не поразува недостатокот на одговор. Не сакам да одам напред бидејќи ми изгледа дека таму напред не постои никаков одговор. Одговор нема ни од страна. Вртење на страна, очекувајќи дека нешто ќе се случи.

Подоцна го слушам како се превртува во вреќата за спиење. Му го поддавам мојот ловечки нож за со него да го размачка сирењето. - Мислам дека вака ќе сторам Крис: сите тешки предмети ќе ги ставам во мојот ранец а лесните во твојот. Така нема да морам постојано да се враќам по вториот ранец.
Тој се согласува со тоа и расположението му се поправа. Изгледа дека со ова нешто е решено.

Мојот ранец сега сигурно тежи дваесетина килограми, и по мало искачување рамнотежата е воспоставена, така што на секој чекор доаѓа по еден здив.

Стигнуваме до едно големо искачување и рамнотежата се менува на две вдишувања по чекор. На еден гребен бројката расте на четири вдишувања по чекор. Големи чекори, речиси исправени, висејќи за корените и гранките. Се чувствувам глупаво бидејќи морав да го предвидам ова. Стаповите од јасика сега добро ни доаѓаат, и Крис се интересира како да го користи својот. Ранците ви го поместуваат тежиштето а стаповите ви се добра сигурност против превртување. Ја спуштате едната нога, го спуштате стапот, се префрлате преку него, нагоре и вдишувате три пати, потоа ја спуштате другата нога, го спуштате стапот и се качувате погоре...

Не знам дали има уште нешто останато во мене од денешната шатакуа. Во ова доба, после пладне, во главата почнува да ми се мати...можеби можам да направам само еден преглед на она што се случуваше и да завршам за денес...

Многу одамна, кога само што бевме тргнале на ова чудно патување, зборував за тоа како изгледаат Џон и Силвија, како да бегаат од некаква таинствена смртоносна сила која според нив е отелотворена во техниката, и дека има многу луѓе слични на нив. Зборував малку и за тоа како некои луѓе кои работат со техниката исто така изгледаат како да ја избегнуваат. Скриената причина за овој проблем лежеше во тоа што тие ја гледаа техниката низ некоја "блескава димензија" која се однесува на непосредната површина на нештата, додека мене ме интересираше скриената форма. Го нарекох стилот на Џон романтичен, а сопствениот класичен. Во согласност со жаргонот на шеесетите години, неговиот стил беше "хипи", мојот "вкочанет". Потоа се свртивме кон овој вкочанет свет за да видиме што е тоа што го придвижува. Расправавме за податоците, класификациите, хиерархиите, причините и последиците, анализите, а некаде по пат стана збор и за купчето песок, за светот за кој сме свесни, а кој е исечок од бескрајното пространство на свесноста околу нас. Рековдека процесот на разлачување почнува да работи на тоа купче песок кое се расчленува на делови. Класичното, вкочанетото поимање се занимава со купчињата песок, со природата на зрнцата и основата за нивната класификација и нивното меѓусебно поврзување.

Федровото одбивање да го дефинира Квалитетот, во рамките на оваа аналогија, беше обид да се скршат оковите на класичното поимање со помош на методот на просејување на песокот, и пронаоѓање на точката на поврзување помеѓу

класичниот и романтичниот свет. Квалитетот, тој расцеп помеѓу она што е хипи и она што е вкочането, изгледа дека беше таа точка. Обата света се служат со тој поим. Обата знаат што е тоа. Само што романтичниот свет го остава на мира Квалитетот и го цени по она што тој е, а класичниот се обидува да го претвори во збирка на интелектуални градежни блокови за други цели. Сега, кога дефиницијата беше спречена, класичниот дух беше присилен да го види Квалитетот на начин како што го гледа романтичниот, неискривена од структурата на мислите.

Јас од сево ова правам голем проблем, од тие класично-романтички разлики, но Федар не го правеше тоа. Него навистина не го интересираше никаков вид на стопување на разликите помеѓу овие два света. Тој прогонуваше нешто друго - своето сопствено сениште. Тргнувајќи во потрага по ова сениште зачекори во пошироките значења на Квалитетот кои го влечеа се подалеку и подалеку, кон неговиот крај. Јас се разликувам од него по тоа што немам намера да одам до тој крај. Тој само мина низ својата територија и ја испита. Јас немам намера да останам и да го обработам своето земјиште за да видам дали на него може нешто да расте.

Мислам дека онаа состојка на поимот кој може да го раздели светот на хипи и вкочанет, класичен и романтичен, технолошки и хуманистички, може исто така да го соедини веќе расцепениот свет долж тие линии во едно. Вистинското разбирање на Квалитетот не му служи на системот, не го соборува ниту пак бега од него. Вистинското разбирање на Квалитетот го заробува системот, го скротува, и го тера да работи за нечија лична полза, додека тој некој останува целосно слободен да ја исполнува својата внатрешна судбина.

Сега кога сме високо на едната страна на кањонот можеме да гледаме назад и на другата страна. Таму е стрмно исто како и тука - темниот тепих на зеленкасто-црните борови се искачува се до високиот гребен. Можеме да го мериме напредувањето мерејќи го од око она што изгледа како хоризонтален агол кој води кон него.

Се надевам, фала му на бога, дека за денес е доста зборување за Квалитетот. Не е Квалитетот она што ми пречи, туку се работи за тоа што сиот класичен разговор за

него не е Квалитет. Квалитетот е само средишна точка околу која одново се распоредува големо количество интелектуална покуќнина.

Застануваме за да здивнеме и гледаме надоле. Изгледа дека Крис живна, но се прашувам дали можеби повторно се работи за некаков натпревар.
- Види колку далеку стигнавме - вели тој.
- Ни остана уште многу пат.

Потоа Крис вика за да го чуе сопственото ехо и фрла камења за да види каде ќе паднат. Почнува да се задлабочува во мислите, затоа го засилувам темпото, бргу дишам и се темпирам на еден и пол пат поголема брзина отколку порано. Тоа малку го отрезнува па продолжуваме со искачувањето.

Околу три часот попладне нозете почнуваат да ме издаваат и време е да застанеме. Не се чувствувам баш најдобро. Ако продолжите да одите со чувство на нозе кои треперат ќе почнете да ги истегнувате мускулите и утредента ќе настапи агонија.

Стигнуваме до едно рамно место, до планинската стрмнина. Му велам на Крис дека за денес е доста. Тој изгледа задоволен и весел, можеби на крајот на краиштата и тој научи нешто.

Подготвен сум да задремам, но над кањонот се свиле облаци и би се рекло дека секој момент ќе почне да паѓа дожд. Кањонот е толку полн со тие облаци што не можеме да го видиме дното, а едвај се гледа и гребенот на другата страна.

Широко ги отварам врќите за спиење, ги вадам шаторските крила и ги врзувам заедно. Земам јаже и го врзувам помеѓу две дрвја, потоа преку него ги префрлам крилата. Отсекувам неколку колчиња со мачетата, ги забивам во земја, потоа околу шаторот копам ров со тапата страна на мачетата за да истече дождовницата, ако ја има. Само што прибравме се под шаторот кога паднаа првите капки дожд.

Крис е воодушевен од дождот. Лежиме на грб на врќите за спиење, гледаме како паѓа дожд и го слушаме неговото потчукнување по шаторот. Шумата е во маглина и ние обајцата тонеме во мисли и гледаме како лисјата од грмушките треперат кога

на нив ќе паднат капки, додека ние малку потреперуваме кога ќе удри гром, но среќни сме што сме суви додека се околу нас е мокро.

Малку подоцна од ранецот вадам едно џепно издание на Торо, го отварам и морам да се напрегнам за малку да му читам на Крис на сивата дождовна светлина. Мислам дека веќе споменав дека тога го правевме и со други книги претходно, со потешки книги кои тој инаку не би ги разбрал. Јас читам една реченица, тој навалува со долга низа прашања за неа и потоа, кога ќе се задоволи со одговорите, ја читам следната реченица.

Го правиме тоа и со Торо некое време, но по половина час на мое изненадување и разочарување гледам дека Торо не не интересира. Крис е немирен и јас исто така. Јазичната структура не одговара на планинската шума во која се наоѓаме. Барем јас се чувствувам така. Книгата изгледа питома и затворена, нешто што никогаш не сум го помислил за Торо, но така е. Тој говори за поинакви прилики, за друго време, само ги открива злата на техниката но не и решенијата. Тој не ни говори нам. Безволно ја оставам книгата и обајцата замолчуваме замислени. Тука сме само Крис и јас и шумата и дождот. Никакви книги веќе не можат да не водат.

Тавите што ги оставивме пред шаторот почнуваат да се полнат со дождовница и подоцна, кога се собра многу вода, ги прелеваме во тенџере, уфрламе неколку коцки супа од кокошка и ја загреваме на мало плинско шпоретче. Како и секој вид храна или пијалок по напорното качување во планините, супата е вкусна.

Крис вели: - Подраго ми е кампувањето со тебе отколку со Сатерландови.
- Приликите се поинакви - велам јас.

Кога снема супа, вадам конзерва со свинско месо и грав и ја истурам во тенџерето. Потребно е долго време да се загрее, но нам не ни се брза.
- Добро мириса - вели Крис.
Дождот престана и само понекоја капка паѓа на шаторот.
- Мислам дека утре ќе биде сончево - велам.

Го подаваме еден на друг тенџерето со свинското и гравот, јадејќи од спротивни страни.

- Тато, за што размислуваш постојано? Ти размислуваш цело време.
- Оооо...за се.
- За што?
- За дождот, за непријатностите кои можат да се случат, и општо за нештата.
- За кои нешта?
- Па, за тоа како тебе ќе ти изгледа сето ова кога ќе пораснеш.
Него тоа го интересира. - Па, како ќе ми изгледа?

Но додека го прашува тоа во неговите очи се гледа искра на самољубие, па како последица на тоа одговорот е таинствен. - Не знам - велам - само размислувам за тоа.
- Мислиш ли дека утре ќе стигнеме на врвот на овој кањон?
- Па да, не сме далеку од врвот.
- Значи наутро.
- Се надевам.

Потоа заспива, а влажниот ноќен ветер се спушта од гребенот и меѓу боровите создава звуци на воздишка. Силуетите на врвовите на дрвјата нежно се вијат на ветерот. Се свиваат и потоа се враќаат, потоа со воздишка се свиваат и повторно се враќаат, немирни поради силите кои не се дел од нивната природа. Ветерот предизвикува треперење на едната страна на шаторот. Станувам и ја прицврстувам со шајка, потоа чекорам по влажната сунѓереста трева, па се вовлекувам назад во шаторот и чекам да ме фати сон.

19

Плаштот од сонцето осветлени борови иглички покрај моето лице полека ми кажува каде се наоѓам и ми помага да избркам еден сон.
Во сонот стоев во бело варосана соба и набљудував некаква стаклена врата. На другата страна беа Крис, мајка му и брат му. Крис ми мафташе од другата страна на вратата а брат му се смееше, но мајка му имаше солзи на очи. Тогаш видов дека насмевката на Крис е вкочанета и наместена и дека всушност отсликува длабок страв.

Тргнав кон вратата и насмевката му се разведри. Ми покажа да ја отворам. Сакав да ја отворам, но не го сторив тоа. Неговиот страв се врати, но јас само се свртев и заминав.
Тој сон и порано често ми се појавуваше. Неговото значење е очигледно и се поклопува со некои синоќешни мисли. Тој се обидува да стапи во врска со мене и се плаши дека никогаш нема да успее. Тука горе нештата стануваат појасни.
Пред шаторот игличките паднати на земја исфрлаат маглива пареа кон сонцето. Воздухот е влажен и студен, и додека Крис уште спие јас внимателно излегувам од шаторот, се исправувам и се протегнувам.
Нозете уште ми се вкочанети, и грбот, но не ме болат. Правам вежби за загревање неколку минути, за да ги размрдам, потоа трчам меѓу боровите. Сега се чувствувам подобро.
Утринава мирисот на боровина е тежок и влажен. Чучнувам и гледам доле во утринската магла под нас, во кањонот.
Подоцна се враќам кон шаторот од каде доаѓа врева која покажува дека Крис е буден, и sирнувајќи внатре го гледам како се sури околу себе без збор. Тој се буди полека, и ќе минат пет минути пред мозокот да му се загрее до онаа точка на која може да проговори. Сега само трепка кон светлината.
- Добро утро - велам.
Без одговор. Од блиските борови паѓаат неколку капки.
- Добро ли спиеше?
- Не.
- Тоа е лошо.
- Како си станал толку рано? - прашува.
- Не е рано.
- Колку е саат?
- Девет - велам.
- Се обложувам дека не сме заспале до три.
Три? Ако бил буден, денес ќе плати за тоа.
- Не, јас спиев - велам.
Тој чудно ме гледа. - Па ти не ми даваше да заспијам.
- Јас?
- Зборуваше.
- Додека спиев, сакаш да кажеш.
- Не, зборуваше за планината.

Тука има нешто чудно. - Јас не знам ништо за некаква планина, Крис.
- Цела ноќ зборуваше за неа. Рече дека од врвот на планината ќе видиме се. Рече дека таму ќе се сретнеш со мене.
Мислам дека сонувал. - Како е можно да се сретнам со тебе таму, кога сме веќе заедно?
- Не знам. Ти го рече тоа. - Изгледа вознемирено. - Зборуваше како да си пијан или така нешто.
Тој се уште спие. Подобро да го пуштам мирно да се разбуди. Но жеден сум, и се присетувам дека не ја понесов плъоската, мислејќи дека на патот ќе најдеме доволно вода. Глупост. Нема да појадуваме додека не го минеме гребенот и не се спуштиме доволно низ другата страна каде можеме да пронајдеме некаков извор.
- Подобро е да се подготвиме и да тргнеме - велам - ако сакаме да најдеме вода за појадок. Веќе е топло и веројатно ќе биде жешко денес попладне.
Шаторот лесно се склопува и драго ми е што гледам дека се е суво. Се подготвивме за половина час. Сега оваа земја, ако се изземе изгазената трева, изгледа како никој да не газел по неа.
Ни останува уште многу качување, но по пат откриваме дека ни е полесно отколку вчера. Стигнуваме на заобленият дел од гребенот и косината не е толку стрмна. Изгледа како тука боровите никогаш да не биле сечени. До шумската почва не допира ниту малку директна светлина, па нема воопшто ниски растенија. Само мек под од иглички, отворен и просторен и погоден за качување...

Време е да се почне со шатакуата и со вториот бран на кристализација, метафизичкиот бран.
Тој се појави како одговор на федровото диво вртkање околу Квалитетот кога професорите од катедрата по англиски во Боземан, извештачени во својата вкочанетост, му го поставија разумното прашање: - Дали тој ваш недефиниран "Квалитет" постои во нештата кои ги набљудуваме - прашаа. Или тој е субјективен, па постои само во набљудувачот. - Тоа беше едноставно, прилично здраво прашање, и не требаше да се брза со одговорот.
Ха! Не требаше да се брза со одговорот. Беше тоа последна понуда, прашање кое исфрла од колосек, нокаут, специјалитет на саботната вечер - нешто од што никогаш не можете да се опоравите.

Бидејќи ако Квалитетот постои во објектот, морате да објасните зошто научните инструменти не можат да го откријат. Морате да ги понудите инструментите кои ќе го откријат, или да се задоволите со објаснување дека инструментите не откриваат ништо затоа што целиот ваш поим на Квалитет, да се изразиме пристојно, е еден голем куп бесмислици.
Од друга страна, доколку Квалитетот е субјективен, ако постои само во набљудувачот, тогаш тој Квалитет околу кој кревате толкава прашина е само креативно име за она што вам ви се допаѓа.
Тоа што пред Федар го изнесоа професорите од катедрата по англиски на Државниот универзитет во Монтана, преставува древен логички сплет познат под името дилема. Дилемата, што на грчки значи "две претпоставки", се споредува со предната страна на разбеснетиот и задишан бик.
Ако ја прифати претпоставката дека Квалитетот е објективен, ќе го прободе едниот рог на дилемата. Ако ја прифати втората претпоставка, дека Квалитетот е субјективен, ќе го прободе вториот рог на дилемата. Без оглед дали Квалитетот е објективен или субјективен, тој ќе биде прободен без оглед на неговиот одговор. Забележа дека од неколку членови на наставниот кадар на лицето имаа некакви добродушни насмевки.
Но Федар, поради својата наобразба од областа на логиката, знаеше дека секоја дилема овозможува не две туку три класични побивања, а знаеше и уште некои кои не беа толку класични, па ги возвраќаше насмевките. Можеше да го зграпчи левиот рог и да ја побие идејата дека објективноста го вклучува научното познание. Или, можеше да го зграпчи десниот рог и да го побие тврдењето дека субјективноста го вклучува "сето она што ви се допаѓа". Или можеше да удри помеѓу роговите и да порекне дека субјективноста и објективноста се единствени избори. Можете да бидете сигурни дека ги проучи трите можности.
Освен овие три класични логички побивања постојат уште некои нелогички, "реторички" побивања. Федар беше реторичар па и тие му беа достапни.
Човек може да му фрли на бикот песок во очи. Тој тоа веќе го направи со својата изјава дека недостатокот на знаење за тоа што е Квалитетот значи неспособност. Логичкото правило дека способноста на говорникот ниту малку не влијаат на вистинитоста на она што се говори е старо, и така спомнувањето на неспособноста беше само фрлање песок. И најголемата будала на светот може да каже дека сонцето сјае, но заради тоа сонцето нема да се замрачи. Сократ, тој древен непријател на реторичкиот доказ, би го поткопал Федар велејќи: "Да, се согласувам

со твојата претпостаква дека сум неспособен кога е во прашање Квалитетот. Сега, те молам, покажи му на неспособниот старец што е тоа Квалитет. Во спротивно, како ќе напредувам?". На Федар му беше дозволено неколку минути да се врти наоколу, а потоа би го притиснале прашања кои би покажале дека ниту тој не знае што е Квалитетот, и дека, според сопствените мерила, е непособен.
Човек може да се обиде со песна да го успие бикот. Федар би им рекол на своите испитувачи дека одговорот на таа дилема е над неговите скромни можности на решавање, но дека фактот дека тој не може да го најде одговорот не е логичен доказ дека одговорот не може да се пронајде. Дали би сакале, со оглед на нивното поголемо искуство, да се обидат да му помогнат да го пронајде одговорот? Но би било предоцна за песни за заспивање од тој вид. Тие можеби едноставно би му одговориле: - Не, ние сме премногу вкочанети. И се додека не обезбедиш одговор, држи се до наставната програма за да не мораме да ги туркаме твоите збунети студенти кога следниот семестар ќе дојдат кај нас.
Третата реторичка алтернатива во врска со таа дилема и според мене најдобрата е човек да одбие да влезе во аренатa. Федар едноставно можеше да каже: - Обидот Квалитетот да се класифицира како субјективен или објективен е обид тој да се дефинира. А јас веќе реков дека тој не може да се дефинира - и останувам на тоа. Верувам дека Де Веси му советуваше да направи така во тој период.
Зошто не обрати внимание на тој совет и зошто одбра на таа дилема да одговори логички и дијалектички, наместо лесно да избега во мистицизам, тоа не го знам. Но можам да нагаѓам. Пред се мислам дека чувствуваше дека целата Црква на умот има неповратно стапнато во аренатa на логиката и дека човек кој себеси се иззема од една логичка расправа останува вон каква било академска анализа. Филозофскиот мистицизам, идејата дека вистината не може да се дефинира и дека таа може да се спознае само со нерационални средства, живее со нас од почетокот на историјата. Овој став е темел на проучувањето на Зен. Но тој не е академски предмет. Академијата, Црквата на умот, се занимава исклучиво со оние нешта кои можат да се дефинираат, и ако некој сака да биде мистик, неговото место е во манастир, а не на универзитет. Универзитетите се места каде нештата мораат да бидат јасни.
Мислам дека втората причина за неговата одлука да влезе во аренатa беше од себична природа. Тој за себе знаеше дека е многу остар логичар и дијалектичар, со тоа се гордееше и на оваа дилема гледаше како на предизвик на неговата вештина.

Сега мислам дека таа жичка на егоизам можеби беше почеток на сите негови неволји.

Гледам дека на некои две стотини метри над нас еден елен се движи низ боровите. Се обидувам да му го покажам на Крис, но додека тој го бара со поглед, еленот го снемува.

Првиот рог на Федровата дилема беше: Доколку квалитетот постои во објектот, зошто научните инструменти не можат да го откријат?
Тоа беше опасен рог. Од самиот почеток тој сфати колку е смртоносен. Да сакаше да претпостави дека тој е некаков супер-научник кој може да го види Квалитетот кој ниту еден друг научник не може да го открие, би докажал дека е или глупав или луд или обете. Во денешниот свет не минуваат идеите кои не се во склад со научните факти.
Се сеќаваше на тврдењето на Лок дека ниту еден објект, научен или каков било друг, не може да се спознае освен во рамките на своите квалитети. Изгледаше дека оваа непобитна вистина ја крие причината заради која научниците не можат да го откријат Квалитетот во нештата - Квалитетот е се што воопшто бараат. "Нештото" е интелектуален производ изведен од Квалитетот. Тој одговор, доколку е точен, секако го крши првиот рог на дилемата. Тој некое време силно го возбудуваше.
Но се покажа дека е лажен. Квалитетот кој тој и студентите го видоа во училницата е потполно различен од Квалитетот на бојата или топлината или цврстината што се набљудуваат во лабораторија. Сите физички својства се мерливи со инструменти. Неговиот Квалитет - "доблест", "вредност", "доброта" - не е физичко својство и не е мерлив. Пред него се испречи едно нејасно место во врска со поимот Квалитет. Се прашуваше зошто тоа мора да постои, во мислите забележа дека мора малку да копа по историските корени на Квалитетот, а потоа го заборави тоа. Тој рог на дилемата беше уште тука.
Го сврте вниманието кон другиот рог на дилемата, кој изгледаше полесен за кршење. Размислуваше: Значи Квалитетот е токму она што ви се допаѓа? Тоа го лутеше. Големите уметници од минатото - Рафаел, Бетовен, Микаланџело - тие само го создавале она што им се допаѓало на луѓето. Тие немале друга цел освен да ги дразнат сетилата во голема мерка. Така ли беше? Тоа го лутеше, а го лутеше најмногу поради тоа што тој не виде непосреден начин тоа логички да го пресече.

Затоа внимателно го проучуваше тој суд, на истиот мисловен начин на којшто секогаш ги проучуваше нештата пред да ги нападне.
Тогаш му светна. Извади нож и издлаби еден збор кој го предизвика тоа раздразнувачко делување на таа реченица. Тој збор беше "токму". Зошто "она што ви се допаѓа" би било "токму"? Што значи "токму" во овој случај? Кога вака ќе се издвои заради независно испитување, станува очигледно дека "токму" во овој случај навистина не значи ништо. Тоа е само пежоративен израз чиј логички придонес кон реченицата е еднаков на нула. Сега, кога тој збор ќе се отстрани, реченицата изгледа вака: - Квалитетот е она што ви се допаѓа - и нејзиното значење целосно се менува. Таа станува безопасна вистина.
Се чудеше зошто тој суд воопшто толку го лути. Му изгледаше толку природен. Зошто е толку природен. Зошто му требаше толку време да сфати дека тој всушност вели: - Она што го сакате е лошо, или барем небитно. – Што стоеше зад тоа тврдење дека она што ви се допаѓа е лошо, или барем неважно во споредба со другите нешта? Се чинеше дека тоа е квинтесенција на вкочанетоста против која се бореше. Малите деца ги учат да не го прават "токму она што им се допаѓа" туку...туку што...Па, секако! Она што им се допаѓа на другите. А на кои други? На родителите, учителите, шефовите, полицајците, судиите, службениците, кралевите, диктаторите. На сите власти. Кога си научен да го презираш "токму она што ти се допаѓа", тогаш стануваш многу попослушен роб отколку другите, секако - добар роб. Кога ќе научиш да не го правиш "токму она што ти се допаѓа", тогаш системот те сака.
Но да претпоставиме дека го правиш токму она што ти се допаѓа. Дали тоа значи дека ќе се предадеш на уживање во хероин, ограбување банки и силување на стари жени? Личноста која ти советува да не го правиш "токму она што ти се допаѓа", изнесува некои значајни претпоставки за она што им се допаѓа на луѓето. Изгледа дека не е свесен дека човек можеби нема да ограбува банки бидејќи тој размислувал за последиците и одлучил дека тоа не му се допаѓа. Тој не сфаќа дека банките постојат пред се затоа што тие се "токму она што им се допаѓа на луѓето", имено, даватели на заеми. Федар почна да се прашува како сета таа осуда на "она што ви се допаѓа" можела воопшто некогаш да делува како толку природна замерка.
Наскоро сфати дека во тоа има многу повеќе мистерија отколку што беше свесен за тоа. Кога луѓето велат: Немој да го правиш токму она што ти се допаѓа - тие не мислат само: "Покори се на власта". Тие истовремено мислат и на нешто друго.

Тоа "нешто друго" се раствори во големото подрачје на класичното научно верување кое тврди дека "она што ти се допаѓа" е неважно бидејќи се состои од самите ирационални чувства внатре тебе. Долго го проучуваше тоа тврдење и потоа го пресече на две помали групи кои ги нарече научен материјализам и класичен формализам. Рече дека овие два аспекта често пати се наоѓаат соединети во иста личност но дека логички се разделени.
Научниот материјализам, кој е повообичаен меѓу лаичките следбеници на науката отколку меѓу самите научници, тврди дека стварно е она што е составено од материја или енергија и што е мерливо со научни инструменти. Сето друго е нестварно, или барем без никаква важност. "Она што ви се допаѓа" може да биде факт и може да биде привидение. Допаѓањето не прави разлика меѓу овие две. Сета смисла на научниот метод лежи во тоа да направи точна разлика помеѓу лажното и вистинитото во природата, да ги исклучи субјективните, нестварните, имагинарните елементи од нечија работа за да се добие објективна, вистинска слика на стварноста. Кога велеше дека Квалитетот е субјективен, тој само велеше дека Квалитетот е имагинарен, и според тоа би можеле да го занемариме во кое било сериозно разгледување на стварноста.
Од друга страна тука е класичниот формализам кој упорно тврди дека она што не се разбира интелектуално, не се разбира воопшто. Квалитетот во тој случај е неважен бидејќи емоционалното разбирање не е придружено со интелектуални елементи на разумот.
За овие два главни извори на ознаката "токму" Федар чувствуваше дека оној првиот, научниот материјализам, е далеку полесно да се скрши на парчиња. Тој, а тоа го знаеше од своето претходно образование, е наивна наука. Прво се фати за него користејќи редуцтио ад абсурдум. Тој вид на доказ почива на вистината дека барем една од групите претпоставки е апсурдна, доколку се апсурдни и неизбежните заклучоци кои логички следат од тие претпоставки. Да го испитаме, рече, она што следи од претпоставката дека се што не е составено од маса или енергија е нестварно или неважно.
За почеток го зема бројот нула. Нула, бројот кој е изворно индијски, на Запад го пренеле Арапите во средниот век. Старите Грци и Римјаните не ги познавале нулите. Како така? Се чудеше. Дали природата толку лукаво ја скрила нулата што сите Грци и сите Римјани - милиони од нив - не можеле да го ја пронајдат? Човек нормално би помислил дека нулата се наоѓа на отворено, и е видлива за сите. Ја покажа апсурдноста на обидот нулата да се изведе од каков било облик на маса и

енергија, а потоа праша, реторички, дали тоа значи дека нулата е "ненаучна". Ако е така, дали тоа значи дека дигиталните компјутери, кои работат исклучиво во рамки на единиците и нулите, би морале да бидат ограничени само на единиците кога е во прашање научната работа? Не е тешко да се сфати апсурдноста на сето тоа. Продолжи со други научни поими, еден по еден, покажувајќи како тие воопшто не би можеле да постојат независно од субјективните сфаќања. Заврши со законот за гравитација, со примерот кој го бев изнел пред Џон и Силвија и Крис првата ноќ од нашиот излет. Ако субјективноста се исфрли како неважна, рече, тогаш целиот научен систем мора да се исфрли заедно со неа.

Но побивањето на научниот материјализам како да го одведе на полето на филозофскиот идеализам - Беркли, Хјум, Кант, Фихте, Шелинг, Хегел, Бредли, Босанке - сосема добро друштво, логично до последната буква, но толку тешко за правдање со јазикот на "здравиот разум" што сите тие му изгледаа повеќе како бреме отколку како помош во неговата одбрана на Квалитетот. Тврдењето дека сиот свет е од духовна природа може да звучи логично но секако не звучи реторички. Премногу е мачен и тежок за курсот по англиска литература на прва година. Премногу е "далекусежен".

На тој степен целиот субјективен рог на дилемата изгледаше како да не инспирира ниту малку повеќе отколку објективниот рог. А тврдењето на класичниот формализам, кога почна да ги испитува, уште повеќе ја влошија работата. Тоа беа крајно насилни тврдења дека не би смееле да се однесувате во согласност со непосредните емоционални пориви не земајќи ја предвид големата рационална слика.

На децата им се вели - немојте да го трошите сиот свој џепарлак на мастики (непосреден емоционален порив) затоа што подоцна ќе сакате да ги потрошите на нешто друго (големата слика). На возрасните им се вели: - Оваа фабрика за хартија може ужасно да загадува и покрај најголемото посветено внимание (непосредни емоции), но без неа ќе пропадне стопанството на целиот град (големата слика). Со зборовите на нашата стара дихотомија, еве што всушност е кажано: - Не ги базирајте своите одлуки на романтичната површинска привлечност без да ги земете предвид класичните скриени форми. - Тоа беше нешто со што тој донекаде се согласуваше.

Преку исказот "Квалитетот е токму она што ви се допаѓа" класичните формалисти мислеа дека тој субјективен, недефиниран Квалитет кој тој го предаваше е всушност романтична површинска привлечност. Со спроведување на анкета меѓу

студентите би можело да се одреди дали некој писмен состав има непосредна привлечност, во ред, но дали тоа е Квалитет? Дали Квалитет е нешто што "го гледате" или е нешто поскриено од тоа, така што е можно воопшто да не го видите непосредно, туку само по долг временски период?
Колку подолго го испитуваше ова тврдење толку му изгледаше пострашно. Му се чинеше дека може да ја ја спаси целата теза.
Беше толку кобна поради тоа што изгледаше дека одговара на едно прашање кое често се јавуваше во училницата а тој на него секогаш мораше да одговори по малку софистички. Еве го тоа прашање: Ако секој знае што е Квалитет, зошто постои толку несогласување околу него?
Неговиот софистички одговор беше: Иако чистиот Квалитет е ист за секого, предметите за кои луѓето велат дека содржат Квалитет се менуваат од човек до човек. Се додека не го дефинираше Квалитетот, кон тоа никој не можеше да приговори, но тој знаеше и знаеше дека студентите знаат дека во тоа нешто мириса на лага. Тој всушност не одговараше на прашањето.
Сега се јави едно споредно објаснување: Луѓето не се согласуваат околу Квалитетот затоа што некои од нив ги следат непосредните емоции додека други го применуваат своето пошироко знаење. Знаеше дека во секоја анкета меѓу професорите по англиски ова последно тврдење кое го поддржува нивниот авторитет би победило со големо мнозинство.
Но тоа тврдење рушеше се. Наместо еден единствен, едноличен Квалитет, сега се јавуваа два квалитета, еден романтичен, кој го имаа студентите, и еден класичен, поширок, кој го имаа наставниците. Еден хипи квалитет и еден вкочанет квалитет. Вкочанетоста не е недостаток на квалитет; тоа е класичен квалитет. Хипи всушност не е присуство на квалитет, тоа е само романтичен квалитет. Јазот меѓу хипи светот и светот на вкочанетоста што тој го откри уште беше тука, но изгледа дека Квалитетот не клонеше на ниту една страна на јазот, како што тој претходно претпоставуваше. Наместо тоа, и самиот Квалитет се расцепи на два вида, од секоја страна на линијата на расцепот по една. Неговиот едноставен, уреден, убав, недефиниран Квалитет почна да се усложнува.
Не му се допаѓаше патот по кој тргна сето тоа. Поимот на расцепување кој имаше намера да го соедини класичниот и романтичниот начин на гледање на нештата и самиот се расцепи на два дела и не можеше повеќе ништо да го соедини. И него го зафати аналитичката машина за мелење месо. Ножот за поделба на субјективно и

објективно го пресече Квалитетот на пола и го уби како работен поим. Ако сакаше да го спаси, не смееше да допушти да дојде под тој нож.
И навистина, Квалитетот за кој тој говореше не беше ниту класичен ниту романтичен. Тој лежеше подалеку од овие две. А жими бога, не беше ни субјективен ни објективен, лежеше подалеку и од тие категории. Всушност, целата таа дилема на субјективност и објективност, дух и материја, во однос на Квалитетот не беше фер. Односот дух-материја веќе со векови претставува интелектуален камен на сопнување. Тие само го спуштаа тој камен на врвот на Квалитетот за да го потопат. Како тој можеше да каже дали Квалитетот е дух или материја, кога не постоеше логичка јасност што е дух а што материја?
И така: Го отфрли левиот рог. Квалитетот не е објективен, рече. Тој не пребива во материјалниот свет. Потоа: го отфрли и десниот рог. Квалитетот не е субјективен, рече. Тој не пребива во чистиот дух.
И конечно: Федар, одејќи по патот кој по негово мислење никој пред него во историјата на западната мисла не се обидел да го изоди, мина среде роговите на дилемата субјективност-објективност и рече дека Квалитетот не е ниту дел од духот ниту дел од материјата. Тој е трето битие кое е независно од овие два.
Го чувме како по ходниците и скалилата на универзитетот сам со себе тивко и речиси без здив пее: - Свето, свето, свето...блажено тројство.
И постои слаб, слаб исечок од сеќавањето, веројатно погрешен, можеби нешто што само го замислувам, кој вели дека ја остава целата таа структура на мислата со недели така да почива, не развивајќи ја понатаму.

Крис вика: - Кога ќе стигнеме на врвот?
- Веројатно имаме уште многу - одговарам.
- Ќе можеме ли да гледаме на сите страни?
- Се надевам. Побарај го синото небо помеѓу дрвјата. Се додека не можеме да го видиме небото знаеме дека ни останува уште доста пат. Кога ќе се приближиме на врвот низ дрвјата ќе почне да се појавува светлина.
Дождот од претходната ноќ доволно го навлажни овој мек ќилим од иглички па тој е добар за газење. Понекогаш, кога е навистина суво, на ваква стрмнина игличките стануваат лизгави и морате во нив да попречно да ги забивате обувките, во спротивно ќе се лизнете.
Му велам на Крис: - Зарем не е прекрасно кога нема грмушки?
- Зошто нема? - прашува тој.

- Мислам дека во овие краишта никогаш не е сечено. Кога шумата ќе се остави на мира со векови стеблата ги гушат грмушките.
- Личи на парк - вели Крис. - Можеш да гледаш на сите страни. - Неговото расположение изгледа многу подобро отколку вчера. Мислам дека од сега тој ќе биде добар патник. Во тишината на шумата секој станува подобар.

Светот сега, според Федар, беше составен од три нешта: од дух, материја и квалитет. Фактот дека меѓу нив тој не воспостави никакви односи отпрвин не го загрижуваше. Ако во врска со односот меѓу духот и материјата се води битка веќе со векови а уште ништо не е решено, зошто тогаш тој, во рок од неколку недели, би пронашол такво готово решение за Квалитетот? И така пушти се да тече. Го стави тоа на некој вид духовна полица каде ги ставаше сите видови прашања на кои немаше непосреден одговор. Знаеше дека метафизичкото тројство на субјектот, објектот и Квалитетот порано или подоцна мора меѓусебно да се поврзе, но не брзаше со тоа. Беше толку задоволен што се наоѓа вон опасноста од оние рогови што се опушти и уживаше во тоа колку што можеше подолго.
Па сепак, најпосле го разгледа одблизу. Иако не постои логичка забелешка кон метафизичкото тројство, кон троглавата стварност, таквите тројства не се ниту обични ниту популарни. Метафизичарот нормално бара или монизам, како што е Бог, кој ја објаснува природата на светот како манифестација на еден единствен елемент, или бара дуализам, двојство на духот и материјата, кој го објаснува светот како резултат на два елемента, или пак го третира како плурализам, кој го објаснува како манифестација на бесконечен број на нешта. Но три е неспретен број. Веднаш сакате да знаете: Зошто три? Кој е односот меѓу нив? И како што се смалуваше потребата за опуштање така Федар стануваше љубопитен и во врска со тие односи.
Забележа дека, иако вообичаено Квалитетот се поврзува со објектите, понекогаш чувството на квалитет се случува без каков било објект. Тоа најпрвин го наведе да помисли дека Квалитетот можеби е целосно субјективен. Но тој Квалитетот не го сметаше ни за субјективно задоволство. Квалитетот ја намалува субјективноста. Квалитетот ве издвојува од вас самите, ве прави свесни за светот околу вас. Квалитетот се спротивставува на субјективноста.
Не знам колку мисли протекоа додека стигна до ова, но тој најпосле сфати дека Квалитетот не може независно да се врзе ниту за субјектот ниту за објектот, туку

дека може да се најде само во меѓусебните односи на тие две нешта. Тоа е точката во која се спојуваат субјектот и објектот.
Тоа звучеше како "топло" во детската игра.
Квалитетот не е нешто. Квалитетот е настан.
Потопло.
Тоа е настан при кој субјектот станува свесен за објектот.
Со оглед на тоа што без објектот не може да постои ниту субјектот - бидејќи објектите ја создаваат свеста на субјектот за него самиот - Квалитетот е настан при кој станува можна свесноста и на објектот и на субјектот.
Жешко.
Сега знаеше дека доаѓа.
Тоа значи дека Квалитетот не е само последица на судирот меѓу субјектот и објектот. Самото постоење на субјектот и објектот е изведено од настанот со Квалитетот. Настанот со Квалитетот е причина на субјектот и објектот, за кои потоа погрешно се претпоставува дека се причина на Квалитетот!
Сега ја стегаше за врат онаа проклета дилема. Дилемата цело време во себе ја имаше таа подла претпоставка, за која немаше логичко оправдување, дека Квалитетот е производ на субјектот и објектот. А не е! Го извади својот нож.
"Сонцето на Квалитетот", пишуваше, "не се движи околу субјектот и објектот на нашето постоење. Тоа не ги осветлува пасивно. Тоа не им е подложно на ниту еден начин. Тоа ги има создадено. Тие му се потчинети нему!".
Во тој миг, кога го напиша тоа, знаеше дека достигна некој врв на мислата кон кој подсвесно тежнееше во текот на долг временски период.

- Плаво небо! - вика Крис.
Ене го, високо над нас, тесно крпче синило мегу стеблата.
Чекориме побргу и парчињата синило стануваат се поголеми и поголеми и наскоро гледаме дека стеблата се проретчуваат до моментот кога при врвот пристигнуваме на ледина. На некои педесет метри од врвот јас велам: - Одиме! - и почнувам да трчам вложувајќи ги во тој напор сите резерви на сила кои ги бев чувал.
Давам се од себе, но Крис ме престигнува. Потоа се смее. Со тежок товар и при голема висина не поставуваме никакви рекорди, но сега едноставно јуриме по стрмнината колку што не носи силата и нозете.
Крис стигнува прв, додека јас се уште се пробивам меѓу дрвјата. Ги крева рацете и вели: - Победник!

Егоист.
На пристигнување толку тешко дишам што едвај можам да зборувам. Едноставно ги спуштаме ранците од грб и легнуваме потпирајќи се на некакви камења. Горниот слој на почвата е исушен од сонцето, но под него има кал од вчерашниот дожд. Под нас и со километри зад нас се пошумените планински стрмнини а пак рамнините зад нив лежат во долината Галатин.Во еден агол на таа долина е Боземан. Скакулец скока од еден камен и лета доле далеку од нас над дрвјата.
- Успеавме - вели Крис. Многу е среќен. Јас сум уште без здив и не можам да му одговорам. Ги собувам чевлите и чорапите кои се мокри од пот и ги ставам на камен да се исушат. Зјапам во нив замислено додека пареата од нив се крева кон сонцето.

20

Очигледно дека сум спиел. Сонцето пече. На мојот часовник е речиси пладне. Гледам преку камењата на кои сум се потпрел и гледам дека Крис спие од другата страна. Високо над него шумата престанува и голите сиви карпи водат меѓу остатоците од снегот. Можеме да се качуваме по сртот на овој гребен се до горе, но блиску до врвот би било опасно. Некое време го набљудувам тој планински врв. Што рече Крис дека му велев синоќа? "Ке те видам на врвот на планината"...не..."ќе се сретнеме на врвот на планината".

Како можам да се сретнам со него на врвот на планината кога сум веќе крај него? Во тоа има нешто многу чудно. Вели дека сум му рекол уште нешто, предминатата ноќ, дека тука е самотно. Тоа му противречи на она што го мислам. Јас мислам дека тука воопшто не е самотно.

Звукот на камен кој паѓа ми го одвлекува вниманието на другата страна на планината. Ништо не се движи. Се е мирно.

Се е во ред. Ваков одрон на ситни камења се слуша цело време.

Понекогаш и не се толку ситни. Лавините почнуваат со такво мало лизгање. Ако се наоѓате над нив или на страна интересно е да се гледаат. Но ако тие се над вас - тогаш ви нема спас. Можете само да ги гледате како доаѓаат.

Луѓето кажуваат чудни нешта во соништата, но зошто би му рекол дека ќе се сретнам со него? И зошто тој би помислил дека сум бил буден? Нешто навистина не е во ред, но јас не знам што. Прво почнувате да се чувствувате лошо, потоа се обидувате да откриете зошто се чувствувате така.

Слушам дека Крис се движи и се врти, и го гледам како гледа наоколу.

- Каде сме? - прашува.
- На врвот на гребенот.
- О - вели. Се смее.

Отварам пакет швајцарско сирење, феферонки и солени бисквити. Го сечам сирењето а потоа и феферонките на многу тенки делчиња. Тишината ти овозможува секоја работа да ја направиш на правилен начин.

- Да изградиме колиба тука - вели тој.
- Оооо - мрморам - па да се качуваме до неа секој ден?
- Секако - ме буцка. Тоа не би било тешко.
Вчера е веќе далечно минато во неговото паметење. Му подавам малку сирење и неколку бисквити.
- За што размислуваш постојано? - прашува.
- За илјаду нешта - одговарам.
- Кои се тие нешта?
- Поголемиот дел од нив не би имал никаква смисла за тебе.
- Како на пример?
- Како на пример зошто сум ти рекол дека ќе се сретнам со тебе на врвот на планината.
- О - вели, и го спушта погледот.
- Рече дека гласот ми бил пијан - му велам.
- Не, не пијан - вели тој, и понатаму со спуштен поглед. Начинот на кој гледа на страна ме наведува да се запрашам дали воопшто ја говори вистината.
- Туку каков?
Тој не одговара.
- Туку каков, Крис?

- Само различен.
- Каков?
- Па, овај, не знам! Го крева погледот кон мене и во очите му се гледа трага од страв. - Онаков каков што ти беше пред долго време - вели тој, па повторно го спушта погледот.
- Кога?
- Кога живеевме тука.

Успевам да задржам прибран израз на лицето, за тој да не ја види промената на изразот на него, потоа внимателно станувам и одам до оној камен и ги превртувам чорапите. Тие одамна се исушиле. Се враќам со нив и гледам дека неговиот поглед е се уште на мене. Безгрижно велам: - Не знаев дека звучел различно.
Тој не одговара.
Ги облекувам чорапите и ги навлекувам чорапите над нив.
- Жеден сум - вели Крис.
- Мислам дека нема да мораме премногу да се симнуваме за да најдеме вода - велам станувајќи. Гледам некое време во снегот, па велам: - Спремен си за поаѓање?
Тој потврдува и ги креваме ранците.
Додека чекориме долж сртот повторно слушаме рушење на карпи, многу погласно од она прво што пред малку го бев чул. Го кревам погледот да видам каде е тоа. Пак ништо.

- Што беше тоа? - прашува Крис.
- Одрон.
Обајцата застануваме за миг и слушаме. Крис прашува: - Има ли некој горе?
- Нема. Мислам дека карпите се олабавуваат поради топењето на снегот. Кога е навистина вака топло на почетокот на летото можеш да чуеш многу ситни одрони. Понекогаш и некој голем. Тоа е дел од трошењето на планините.
- Не знаев дека планините се трошат.
- Не се трошат за да исчезнат, само се лизгаат кон долините. Стануваат заоблени и благи. Овие планини се уште не се потрошени.

Секаде околу нас сега, освен над нас, планинските стрмнини се покриени со темно зеленило од шума. Во далечината шумата изгледа како кадифе.

Велам: - Ти сега ги гледаш овие планини, и тие изгледаат толку постојани и спокојни, но цело време се менуваат и промените не се секогаш смирени. Под нас, токму под ова место на кое сме сега, постојат сили кои можат да ја разнесат во парчиња целата оваа планина.

- Се случува ли тоа некогаш?
- Што?
- Дали е можно цела планина да биде распарчена?
- Да - велам. Тогаш се присеќавам: - "Недалеку оттука има деветнаесет луѓе кои лежат мртви под милиони тони камења. Сите се чудеа што беа само деветнаесет".
- Што се случило?
- Тоа беа туристи од исток кои застанале да преноќат во еден камп. Во текот на ноќта подземните сили се ослободиле, и кога следното утро спасувачите виделе што се случило само климнале со главата. Не се ни обиделе да ги ископаат. Се што можеле да направат било да копаат низ стотина метри карпа и да ги извлечат телата кои потоа повторно требало да се закопаат. Затоа ги оставиле таму. И сега се таму.

- Како знаеле дека ги има деветнаесет?
- Соседите и роднините од нивните родни места пријавиле дека ги нема.
Крис зјапа во врвот на планината пред нас.
- Дали на некој начин биле предупредени?
- Не знам.
- Мислиш дека имало некои знаци?
- Можеби.

Му приоѓаме на местото каде гребенот на кој се наоѓаме скршнува од патот навнатре. Гледам дека можеме да се спуштиме по тој пат и најпосле да пронајдеме вода.

Почнувам да се спуштам.
Уште неколку карпи се одронуваат над нас. Одеднаш ме обзема страв.

- Крис - велам.

. Што е?
- Знаеш ли што мислам?
- Не знам. Што?
- Мислам дека би биле многу мудри ако овој пат го оставиме на раат тој планински врв и се обидеме да го освоиме идното лето.
Тој молчи. Потоа вели: - Зошто?
- Имам некое лошо претчувство.
Тој долго не вели ништо. Најпосле вели: - Какво?
- О, само мислам дека горе би можела да не фати бура или одрон или нешто слично, па би биле во вистинска невоља.

Повторно молк. Го кревам погледот и гледам вистинско разочарување на неговото лице. Мислам дека знае дека нешто премолчувам. - Зошто не размислиш за тоа - велам - па кога ќе дојдеме до водата, по ручекот, можеме да одлучиме.
Продолжуваме со спуштањето. - Добро? - велам.
Тој конечно вели: - Добро - со некој необврзен глас.

Спуштањето сега е лесно, но гледам дека наскоро ќе биде пострмно. Тука е уште отворено и сончево но наскоро повторно ќе се најдеме меѓу дрвјата.

Не знам што да заклучам околу целата таа приказна со ноќниот говор освен дека не е добра. Ниту за еден од нас. Звучи како целиот напор на ова возење и логорување и цхаутауљуа и сите овие некогашни места лошо да влијаат врз мене и дека тоа се појавува ноќе. Сакам да се тргнам оттука што побргу.

Не верувам ни дека на Крис му е како некогаш. Јас овие денови многу лесно се уплашувам, и не ми е срам тоа да го признаам. Тој не се плашеше никогаш и од ништо. Никогаш. Тоа е разликата меѓу нас. Заради тоа јас сум жив а тој не. Ако тој е горе, како некое психичко постоење, некој дух, некој двојник, што не чека таму во кој знае како облик...тој долго ќе се начека. Многу долго.

Овие проклети висини стануваат маѓепсани по некое време. Јас сакам да бидам доле, што е можно пониско доле, далеку, далеку доле.

До океанот. Така е. Каде што брановите полека се движат, каде што има врева и каде што не можеш никаде да паднеш. Затоа што си веќе тука.

Сега повторно се наоѓаме меѓу дрвјата, и погледот на врвот на планината е задскриен со гранки и тоа ми е драго.

Исто така мислам дека по федровата стаза стигнавме онолку далеку колку што би сакал да одиме во оваа шатакуа. Сега сакам да ја напуштам неговата стаза. Го искажав должното почитување кон она што тој го мислеше и она што тој го рече и го напиша, а сега сакам на своја рака да развијам некои од идеите што тој ги занемари. Насловот на оваа шатакуа е "Зен и уметност на качувањето на планина", но на врвовите на планините нема мотори, а според мене има и малку зен. Зен е "дух на долината", не на планинскиот врв. Единствениот зен кого можете да го најдете на планинските врвови е оној зен кого со себе ќе го донесете горе. Бегаме оттука.

- Убаво е чувството кога се симнуваш, нели? - велам

Нема одговор.
Ќе има битка, се плашам.

Се искачувате на планинскиот врв и се што ќе добиете е една голема тешка камена плоча со куп правила на себе.

Тоа отприлика му се случи нему.

Мислеше дека е Месија, од бога даден.

Јас сум друго, момче мое. Работното време е предолго, а платата е страшно мала. Одиме. Одиме...

Набргу почнувам да забрзувам во некој вид двотактен луд галоп...га-дамп, га-дамп, га-дамп...додека не го слушнам Крис како се дере: - Еј, полека! - и се додека не го здогледам на двесте метри зад себе меѓу дрвјата.

И така успорувам, но по некое време забележувам дека тој намерно заостанува. Разочаран е, секако.

Претпоставувам дека во оваа шатакуа би требало во сумарна форма да го објаснам правецот по кој беше тргнал Федар, без вреднување на истиот, па потоа да преминам на моите нешта. Верувајте ми, кога на светот не се гледа како на тројство на духот, материјата и Квалитетот, тогаш уметноста на одржување на моторот и сите други уметности добиваат таква димензија на значење која никогаш до тогаш не ја имале. Злиот дух на техниката од кои бегаат Сатерлендови стануваат благонаклона смешна работа. А за да го покажам тоа ме чека долг забавен пат.
Но најпрвин, за на тој нов облик на сениште да му го покажам излезот, треба да го кажам следново:

Можеби тој би тргнал во правец кон кој јас сега се подготвувам да тргнам, кога овој втор бран на кристализација, метафизичкиот бран најпосле би стигнал онаму каде и јас би сакал да стигнам, во секојдневниот свет. Мислам дека метафизиката е добра ако го подобрува секојдневниот живот: инаку отарасете се од неа. Но за жал бранот не стигна таму. Мина во трет мистичен бран на кристализација од кој тој никогаш не се извлече.

Тој размислуваше за односот на Квалитетот кон духот и материјата и за Квалитетот утврди дека е во сродство со духот и материјата, дека тој е оној настан кој раѓа и дух и материја. Овој коперникански пресврт во односите на Квалитетот и објективниот свет може да звучи таинствено ако не се објасни внимателно, но тој не сакаше да изгледа таинствен. Тој едноставно сакаше да каже дека во еден остар временски рез, пред објектот воопшто и да може да се забележи, мора да постои некоја неинтелектуална свесност која тој ја нарече свесност за Квалитетот. Не можете да бидете свесни дека сте виделе стебло туку тоа можете да го постигнете само откако сте го виделе тоа стебло, а помеѓу мигот на гледање и мигот на свесност мора да измине некое време. Понекогаш за тоа изминато време мислиме дека е неважно. Но нема оправдување за мислењето дека овој временски период е неважен - колку и да е мал.

Минатото постои само во нашето сеќавање, иднината само во нашите намери. Сегашноста е нашата единствена стварност. Стеблото за кое сте интелектуално свесни, поради оној мал временски период, секогаш е во минатото и според тоа секогаш е нестварно. Секој интелектуално спознаен објект е секогаш во минатото и според тоа е нестварен. Стварноста е секогаш миг на гледање пред да се случи интелетуалниот процес. Друга стварност нема. Таа прединтелектуална стварност е она што Федар почувствува дека е исправно да го идентификува како Квалитет. Со оглед на тоа што сите нешта кои можат интелектуално да се идентификуваат мораат да изникнат од таа прединтелектуална стварност, Квалитетот е родител, извор на сите субјекти и објекти.

Тој почувствува дека интелектуалците обично имаат ужасни тешкотии да го видат тој Квалитет, токму затоа што се толку брзи и сигурни дека се се снима во интелектуален облик. Тој Квалитет најлесно го гледаат малите деца, необразованите луѓе и културно "заостанатите". Во нив има најмалку склоност кон интелектуалност која би доаѓала од културни извори, и се најмалку формално школувани да ја вбризгуваат во себе. Поради тоа, чувствуваше тој, вкочанетоста е една таква посебна интелектуална болест. чувствуваше дека тој е случајно имун во однос на неа, или барем донекаде навинат на неа поради својот неуспех во училиштето. Бидејќи после тоа тој не чувствуваше присилно поистоветување со интелектуалноста и можеше со наклоност да ги испитува антиинтелектуалните становишта.

Вкочанетите мозоци, говореше тој, поради своите предрасуди кон интелектуалноста, обично го сметаат Квалитетот, таа прединтелектуална стварност за неважна, само за чист премин помеѓу објективната стварност и нејзината субјективна перцепција. Со оглед на тоа што тие имаат однапред создадени идеи за нејзината неважност, тие не се обидуваат да откријат дали таа е воопшто различна од нивното интелектуално поимање на истата.

Таа е навистина различна, велеше тој. Кога еднаш ќе почнете да го наслушнувате звукот на тој Квалитет, да го гледате оној корејкски зид, таа неинтелектуална стварност во нејзината чиста форма, тогаш сакате да ја заборавите сета таа вербална збрка бидејќи конечно почнувате да увидувате дека секогаш се наоѓа на некое друго место.

Сега, наоружан со своето ново временски поврзано метафизичко тројство, тој потполно го спречи оној романтично-класичен распцеп на Квалитетот, кој се закануваше дека ќе го уништи. Сега тие не можат повеќе да го уништуваат Квалитетот. Тој може, доколку сака, да ги уништи нив. Романтичниот Квалитет секогаш се согласува со моменталните впечатоци. Вкочанетиот Квалитет секогаш вклучува сложени анализи кои се протегаат низ некој временски период. Романтичниот Квалитет е сегашноста, тукашноста на нештата. Класичниот Квалитет секогаш се занимава со нешто повеќе отколку што е самата сегашност. Односот на сегашноста кон минатото и иднината постојано се земаат предвид. Ако разберете дека и минатото и иднината се содржани во сегашноста, тогаш тоа е прекрасно, вие живеете токму за сегашноста. И доколку вашиот мотор работи, тогаш зошто би се секирале за него? Но доколку мислите дека сегашноста е само миг помеѓу минатото и иднината, само минлив момент, тогаш да се занемарат минатото и иднината заради сегашноста би претставувал навистина лош Квалитет. Моторот можеби сега работи, но кога последен пат било проверен нивото на маслото? Тоа од романтичен аспект можеби е барање на влакно во јајцето, но од класичен аспект тоа е здраворазумска постапка.

Сега имаме два различни вида Квалитет, но тие не го сечат Квалитетот на две. Тие се само два различни временски аспекти на Квалитетот, краток и долг. Најпрвин би била потребна метафизичка хиерархија која изгледа вака:

СТВАРНОСТ

СУБЈЕКТИВНА (МЕНТАЛНА)
ОБЈЕКТИВНА (ФИЗИЧКА)

КЛАСИЧНА (ИНТЕЛЕКТУАЛНА)
РОМАНТИЧНА (ЕМОЦИОНАЛНА)

КВАЛИТЕТОТ КОЈ ФЕДАР ТРЕБАШЕ ДА ГО ПРЕДАВА
КВАЛИТЕТОТ КОЈ ФЕДАР ГО ПРЕДАВАШЕ

Тоа што тој им го даде за возврат беше метафизичка хиерархија која изгледаше вака:

КВАЛИТЕТ (СТВАРНОСТ)

РОМАНТИЧЕН КВАЛИТЕТ
(ПРЕДИНТЕЛЕКТУАЛНА СТВАРНОСТ)

КЛАСИЧЕН КВАЛИТЕТ
(ИНТЕЛЕКТУАЛНА СТВАРНОСТ)

СУБЈЕКТИВНА
СТВАРНОСТ
(ДУХ)

ОБЈЕКТИВНА
СТВАРНОСТ
(МАТЕРИЈА)

Квалитетот кој тој го предаваше не беше само дел од стварноста, тој беше целата стварност.

Потоа во рамките на тоа тројство тој се обиде да одговори на прашањето: Зошто сите го гледаат Квалитетот на различен начин? На тоа прашање мораше да одговори во секој момент, особен пред тоа. Сега рече: - Квалитетот е безобличен, неправилен, неописив. Да му ги видите контурите и формите значи да го интелектуализирате. Квалитетот е независен од сите такви контури и форми. Имињата, контурите и формите што ние му ги даваме на Квалитетот само делумно зависат од Квалитетот. Тие исто така делумно зависат од а приори сликите кои сме ги натрупале во паметењето. Ние постојано се обидуваме во Квалитетот да пронајдеме нешто што е аналогно на нашите претходни искуства. Да не го правиме тоа не би биле способни да дејствуваме. И сопствениот јазик го градиме во рамки на тие аналогии. Во рамките на тие аналогии ја градиме и целата култура.

Причината зошто луѓето го гледаат Квалитетот различно, рече, лежи во тоа што нему му пристапуваат со различни множества аналогии. Даде лингвистички примери, покажувајќи дека нам индијските букви да, да и дха ни звучат исто затоа што за нив немаме аналогии кои би ни помогнале да станаме свесни за разликата меѓу нив. Слично на тоа, поголемиот број Индијци кои говорат хинду не можат да ја почувствуваат разликата помеѓу да и тхе, бидејќи тие ги немаат тие аналогии. Не е необично, рече тој, што индијанците гледаат сеништа. Но ним им е ужасно тешко да го видат законот на гравитација.

Ова објаснува, рече тој, зошто една група студенти по англиски првата година дава слични оценки за квалитетот на писмените состави. Сите тие имаат релативно слично образование и слично знаење. Но кога би се довела група на странски студенти, или кога, на пример, би се обработиле некои средновековни песни кои таа група никогаш претходно не ги чула, способноста на студентите истоветно да го вреднуваат квалитетот веројатно веќе не би се совпаѓала.

Во една смисла, рече тој, изборот на студентот на Квалитетот го дефинира него. Луѓето се разликуваат кога е во прашање Квалитетот, но не затоа што Квалитетот е различен, туку затоа што сите луѓе се различни во рамките на своето искуство. Заклучи дека двајца со истоветни а приори аналогии секој пат би го согледувале истиот Квалитет. Но, не постои начин на кој истото би се испитало, па тоа мораше да остане само негов заклучок.

Одговарајќи им на своите колеги во училиштето напиша: "Кое било филозофско објаснување на Квалитетот ќе биде лажно и вистинито токму затоа што е филозофско објаснување. Процесот на филозофско објаснување е аналитички процес, процес на разбивање на нешто на субјекти и објекти. Она што јас го подразбирам (и што секој друг би го подразбирал) под зборот "квалитет" не може да се разбие на субјекти и објекти. Не затоа што Квалитетот е толку таинствен, туку затоа што Квалитетот е толку едноставен, непосреден и директен.

Наједноставната интелектуална аналогија на чистиот Квалитет која луѓето околу нас можат да ја разберат е следнава: "Квалитетот е реакција на организмот на сопствената околина" (се послужи со овој пример бидејќи неговите главни оспорувачи изгледа ги гледаа нештата во рамки на теоријата на однесување,

заснована на дразбите и реакцијата). Една амеба, ставена во некаков сад, покрај капки разредена сулфурна киселина, ќе се оддалечи од киселината (така барем мислам). Кога би можела да зборува, не знаејќи ништо за сулфурната киселина, амебата би можела да каже: "Оваа околина има слаб квалитет". Кога би имала нервна структура, таа би можела да делува на многу посложен начин за да го надвладее слабиот квалитет на околината. Таа би барала аналогии, то ест, слики и симболи од своето поранешно искуство, за да ја дефинира незгодната природа на својата нова околина, и на тој начин да ја 'разбере'.

Во својата високо сложена органска состојба ние напредните организми одговараме на својата околина пронаоѓајќи многубројни чудесни аналогии. Ние ги откриваме небото и земјата, дрвјата, камењата и океаните, боговите, музиката, науката. Ние тие аналогии ги нарекуваме стварност. И тие се стварност. Ние ги хипнотизираме нашите деца во име на вистината, за да знаат дека тие се стварност. Секој оној кој не ги прифаќа тие аналогии го затвораме во лудница. Но она што не тера да измислуваме аналогии е Квалитетот. Квалитетот е постојан поттик што ни го наметнува околината, да го создаваме светот во кој живееме. И сето она што е во него. Секој негов и најмал дел.

И сега, земањето на она што не натерало да го создадеме светот, и неговото вклучување во светот што сме го создале, е очигледно невозможно. Ете поради што Квалитетот не може да се дефинира. Доколку го дефинираме, тогаш ќе дефинираме нешто што е помало од самиот Квалитет".

Се сеќавам на овој исечок поживо отколку на било кој друг, веројатно затоа што е најважен од сите. Кога го пишуваше почувствува моментален страв и веќе сакаше да го прецрта она: "Се во него. Секој негов најмал дел". Тука е лудилото. Мислам дека го виде. Но не можеше да види никаква логичка причина за прецртување на тие зборови, а за малодушност беше предоцна. Мина преку своето предупредување и ги остави тие зборови.

Го спушти пенкалото и тогаш...почувствува како нешто попушта. Како нешто во него да било премногу натегнато а одеднаш станало лабаво. Потоа беше предоцна.

Почна да увидува дека се помрднал од своето првобитно стојалиште. Не говореше повеќе за метафизичкото единство, туку за апсолутен монизам. Квалитетот беше извор и суштина на се.

Цела нова поплава од филозофски асоцијации му наврем во мислите. Хегел говореше така, со својот апсолутен дух. И апсолутниот дух беше независен, и од објективноста и од субјективноста.

Но Хегел рече дека апсолутниот дух е извор на се, но потоа од тоа "се" го исклучи романтичното искуство. Хегеловата апсолутност беше потполно класична, потполно рационална и потполно средена.

Квалитетот не беше таков.

Федар пометеше дека Хегела го сметаа за мост помеѓу западната и источната филозофија. Хиндуистичката Веданта, таоистичкиот Пат, па дури и Буда беа опишувани како апсолутен монизам сличен на Хегеловата филозофија. Федар во тоа време сепак се сомневаше дека мистичното Едно и метафизичкиот монизам се меѓузависни, со голед на тоа што мистичното Едно не следи никакви правила, а метафизичките монизми го прават тоа. Неговиот Квалитет беше метафизичко битие, а не мистично. Или можеби не? Каде е разликата?

Си одговори самиот на себе дека разликата е во дефиницијата. Метафизичките битија се дефинираат. Мистичното Едно не се дефинира. Оттаму, Квалитетот е мистичен. Не. Таа е вушност и едното и другото. Иако за неа се до сега размислуваше во чисто филозофски рамки, како за нешто метафизичко, за сето тоа време тој одбиваше да го дефинира. Оттаму, тој стана и мистичен. Неговото својство на недефинирливост го ослободи од правилат ана метафизиката.
Потоа, одеднаш, Федар и пријде на полицата со книги и извлече една мала, модра книга со картонска корица. Тој самиот на рака ја препиша таа книга, и самиот ја вкоричи пред многу години, кога не можеше да пронајде ниту еден примерок во продавниците. Беше тоа Тао-те-кинг, напишана пред 2400 години од Лао-це. Почна да ги чита редовите кои и пред тоа многу пати ги имаше прочитано, но овој пат ги проучуваше за да види дали може да се изврши одредена замена. Почна да ги чита и истовремено да ги интерпретира.

Прочита:
Квалитетот кој не може да се дефинира не е апсолутен Квалитет.
Па тоа и самиот го кажа.
Имињата кои не можат да се дадат не се апсолутни имиња.
Тој е извор на небото и земјата.
Кога се именува, тој е мајка на сите нешта...
Точно.
Квалитетот (романтичниот квалитет) и неговите манифестации (класичен квалитет), по својата природа се едно и исто. Му се даваат различни имиња (субјекти и објекти) кога ќе стане класично очигледен.
Романтичниот квалитет и класичниот квалитет можат заедно да се наречат "мистика".
Продирањето од таинственост во подлабока таинственост, тоа се вратата на тајните на целиот живот.
Квалитетот проникнува во се.
Неговата употреба е неисцрпна.
Неизмерна.
Како извор на сите нешта...
Сепак се чини дека останува кристално јасен, како вода.
Јас не знам чие дете е тој.
Сликата која постоела пред Бога.
...Непрестано, непрекинато постои, се чини. Обрати му се, и тој со леснотија ти служи.
Тој се гледа, но не може да се види...тој се слуша но не може да се чуе...тој се стега но не може да се допре...сето тоа се измолкнува на нашите анализи и потоа се стопува и станува едно.
Нема светлост при неговото излегување.
Без престан е и непрекинат
Тој не може да се дефинира
И се враќа повторно во царството на ништотноста
Затоа се вика облик на безобличното
Слика на ништотноста
Затоа се вика недофатлив
ќе го сретнеш и не му го гледаш ликот

Го следиш, и не му го гледаш тилот
Оној кој цврсто го држи древниот Квалитет
е способен да ги спознае оние прапочетоци
Кои ја претставуваат непрекинатоста на Квалитетот.

Федар читаше ред по ред, стих по стих, набљудуваше како се сложуваат, како се поклопуваат, како си стојат на своето место. Точно. Токму ова го мислеше. Ова го говореше цело време, само кукавички, механицистички. Во оваа книга немаше ништо неодредено или неточно. Таа беше одредена и точна до совршенство. Тоа беше она штој тој го говореше, само на различен јазик, со различни корени и извори.

Тој беше од друга долина и гледаше што има во таа долина, но не повеќе како приказна која ја раскажуваат странци туку како дел од долината од која дојде. Тој го гледаше сето тоа.
Тој ја откри шифрата.
читаше и понатаму. Ред по ред. Страница по страница. Ниту едно несогласување. Она за што тој цело време говореше како за Квалитет, тука тоа беше Тао, голема централна изворна сила на сите религии, источни и западни, минати и сегашни, на целото знаење, на се.

Потоа окото на неговиот дух погледна нагоре и ја опфати неговата слика и спозна каде се наоѓа и што гледа и...јас всушност не знам што се случи...но сега она лизгање што Федар го беше осетил порано, она внатрешно раздвојување на неговиот дух, одеднаш доби во замав, како што го добиваат карпите на врвот на планината. Пред да може да го спречи, натрупаната маса на свесност одеднаш почна да расте и да расте во лавина од мисли и свест која е вон неговата власт, и секој дополнителен раст на таа маса беше следен од сто пати поголемо количество, а тоа количество пак го придвижуваше сто пати поголемо количество, и тоа новото повторно беше сто пати поголемо; и така натаму, и се пошироко и се подлабоко; се додека не остана ништо повеќе.
Немаше ништо повеќе.
Се се скрши под него.

21

- Не си премногу храбар, нели? - вели Крис.
- Не сум - одговарам и со забите го тегнам парчето салама за да го одвојам месото од кожинката. - Но би се зачудил колку сум умен.

Сега сме прилично далеку од врвот, и тука измешаните борови и листести грмушки се многу повисоки и позатворени отколку на другата страна на кањонот на истата висина. Очигледно во овој кањон паѓа повеќе дожд. Пијам големо количество вода од садот што го наполни Крис во потокот, потоа го гледам. Според неговиот израз на лицето сфаќам дека се помирил со фактот дека се спуштаме, па нема потреба да му држам предавање или да се расправаме. Го завршуваме ручекот со ќесе бомбони, го измиваме тоа со уште една шоља вода и легнуваме на грб за да се одмориме. Планинската изворска вода има најдобар вкус на светот.

По некое време Крис вели: - Сега можам да носам и поголем товар.
- Сигурен си?
- Сигурно сум сигурен - вели тој, малку од високо.

Со благодарност преместувам дел од потешката опрема во неговиот ранец, потоа ги провлекуваме рацете низ држачите додека ранците се се уште на земја и стануваме. Ја чувствувам разликата во тежината. Човек може да смета на него кога тој е добро расположен.

Од тука се чини како полека да се спуштаме. Оваа падина очигледно била соголена, па на сите страни има грмушки повисоки од нашите глави и тоа го успорува одењето. Ќе мора да ја заобиколиме.

Во оваа шатакуа би сакал да се оддалечам од интелектуалните апстракции кои имаат крајно генерална природа, и да дадам некои цврсти, практични и секојдневни информации, но не сум сигурен како да го сторам тоа.

Има една работа кога се во прашање пионерите за која никој не зборува: сите тие, без исклучок, по својата природа создаваат неред. Се пробиваат напред гледајќи ја само својата благородна, далечна цел, и никогаш не го забележуваат ѓубрето и отпадоците што ги оставаат зад себе. Некој друг мора тоа да го исчисти, а тоа не е

ниту толку славна, ниту толку интересна работа. Човек мора некое време да се присилува себеси додека почне да го прави тоа. Потоа, кога еднаш веќе ќе западне во летаргично расположение, тоа и не е толку лошо.

Да се открие метафизичкиот однос на Квалитетот и на Буда на некој врв на личното искуство, тоа е ептен спектакуларно. И многу неважно. Кога оваа шатакуа би говорела само за тоа, јас би морал да бидам отпуштен. Она што е значајно, тоа е односот на таквото откритие кон сите долини на овој свет, и кон сите глупави и здодевни работи и еднолични години коишто во нив не очекуваат сите нас.

Силвија знаеше што зборува првиот ден кога ги гледаше сите оние луѓе што минуваа од спротивниот правец. Како го нарече таа тоа? "Погребна поворка". Нашата задача сега е да и се вратиме на таа поворка со поголемо разбирање.

Пред се морам да кажам дека не знам дали е вистинито Федровото тврдење дека Квалитетот е исто што и Тао. Не знам ниту еден начин за да го испитам тоа, бидејќи единственото нешто што тој го имаше направено е едноставна споредба на неговото разбирање на еден мистичен ентитет со друг. Тој сигурно мислел дека овие две нешта се едно и исто, но можеби не разбрал во потполност што е тоа Квалитет. Но, она што е поверојатно, тој можеби не разбрал што е тоа Тао. Тој сигурно не беше мудрец. Но во таа книга има многу совети за мудри луѓе на кои ќе беше подобро да им посветеше внимание.

Понатаму, мислам дека сето негово метафизичко качување на планината воопшто не придонесе за понатамошното разбирање на тоа што е Квалитет, ниту пак на тоа што е Тао. Ни малку.

Ова звучи како отфрлање на она што тој го мислеше и говореше, но не е така. Мислам дека тој и самиот би се согласил со оваа изјава, со оглед на тоа што секој опис на Квалитетот е некој вид дефиниција па поради тоа тој мора да ја промаши својата цел. Мислам дека тој дури и би можел да каже дека изјавите кои тој ги правеше, кои ја промашуваа својата цел, се уште полоши отколку никакви изјави, со оглед на тоа што можат погрешно да се разберат како вистина и така да го спречат разбирањето на Квалитетот.

Не, тој ништо не направи ниту за Квалитетот, ниту за Тао. Она што имаше некаква корист беше разумот. Тој го покажа патот по кој разумот може да се прошири за да ги опфати елементите кои пред тоа не биле непогодни за асимилација поради што се сметаа за ирационални. Мислам дека големата присутност на таквите ирационални елементи кои чезнеат за асимилација, го создава сегашниот лош Квалитет, кој е хаотичен, неповрзан дух на дваесетиот век. Сега сакам да минам на нив, на што е можно поуреден начин.

Сега се наоѓаме на стрмна мочуришна почва која не дозволува да одржувате постојан чекор. Се фаќаме за гранки и грмушки за да не паднеме. Зачекорувам, потоа гледам каде ќе ми легне следниот чекор, го правам тој чекор, па повторно погледнувам.

Набргу грмушките стануваат стануваат толку густи што сфаќам дека ќе мораме да ги сечеме. Седнувам за миг додека Крис ја вади мачетата од мојот ранец. Ми ја пружа, а потоа, сечејќи и разделувајќи ги гранките, влегувам во грмушките. Се напредува полека. За секој чекор треба да се отсечат две-три гранки. Вака може да потрае.

Првиот чекор од Федровата изјава "Квалитетот е Буда" всушност вели дека таквото тврдење, доколку е вистинито, пружа рационална основа за соединување на трите подрачја на човечкото искуство кои се сега разединети. Тие три подрачја се Религијата, Уметноста и Науката. Ако може да се покаже дека Квалитетот е средишен поим на сите три подрачја, и дека тој Квалитет не е од повеќе, туку само од еден вид, од тоа следи дека тие три разединети подрачја имаат основа за меѓусебно проникнување.

Односот на Квалитетот кон подрачјето на Уметноста е прилично исцрпно прикажан преку описот на Федровото разбирање на Квалитетот во Уметноста на реториката. Мислам дека во тој поглед не е потребна понатамошна анализа. Уметноста е високо квалитетен потфат. Тоа е всушност се што би требало да се каже. Но, доколку се бара нешто што звучи поучено тогаш: Уметноста е Божественото во човечките дела. Односот кој го востанови Федро јасно покажува дека тие две крајно различни изјави всушност се идентични.

Во подрачјето на Религијата рационалниот однос на Квалитет и на Божественото мора да се воспостави потемелно, и се надевам дека тоа ќе го сторам многу подоцна. Засега можеме да размислуваме за фактот дека корените на зборот Буда и на зборот Квалитет во стариот англиски, Год и гоод, се истоветни.

Во непосредна иднина сакам да го насочам вниманието на подрачјето на науката, бидејќи на тоа подрачје е најнужно воспоставувањето на односи. Исказот според кој науката и нејзиното дете техниката се "лишени од вредности", то ест "лишени од Квалитет", мора да исчезне. Токму таа "лишеност од вредности" ја засилува онаа смртна сила на која и е обратено внимание порано во оваа шатакуа. Утре ќе се занимавам со неа.

Остатокот од попладнето се спуштаме преку сивите дотрајани трупци на земјата, одејќи накосо, лево-десно низ стрмната падина.

Доаѓаме до клисурата, ја заобиколуваме барајќи пат низбрдо, и најпосле се појавува тесен потез кој ни овозможува спуштање. Продолжува надолне низ каменита пукнатина со мало поточе. Грмушките и камењата и калта и корените на големите стебла кои потокот ги оголил ја исполнуваат пукнатината. Потоа слушаме звук на многу поголем поток во далечината.

Го минуваме потокот служејќи се со јаже кое го оставаме зад себе, потоа на патот на другата страна наоѓаме некои кампери кои не возат до градот.

Во Боземан е мрачно и доцна. Не сакаме да ги будиме Де Весови и да ги молиме да дојдат по нас, туку земаме соба во главниот хотел во центарот на градот. Некои туристи во предворјето на хотелот зјапаат во нас. Со мојата воена облека, стапот, дводневната брада и црната беретка сигурно им изгледам како некогашен кубански револуционер, подготвен за напад.

Во хотелската соба исцрпени фрламе се на под. Во кантата за ѓубре ги истресувам ситните камчња кои ми се фатиле на чевлите додека го газев потокот, потоа ги ставам чевлите покрај студениот прозор за полека да се сушат. Се струполуваме во креветите без збор.

22

Следниот ден заминуваме од хотелот чувствувајќи се освежени, се поздравуваме со Де Весови и тргнуваме на север по главниот пат од Боземан. Де Весови сакаа да останеме уште, но посебната желба да продолжиме на запад и да продолжам со моите мисли беше посилна. Денес ќе говорам за човекот за кој Федар никогаш не беше чул, но јас неговите книги ги проучив прилично темелно подготвувајќи се за оваа шатакуа. За разлика од Федро, тој човек стекна меѓународна слава во триесет и петата година, во педесет и осмата веќе беше жива легенда, за него Бертранд Расел напиша дека "според општото мислење е најистакнат научник на својата генерација". Беше астроном, физичар, математичар и филозоф, се во исто време. Неговото име е Поенкаре.

Отсекогаш ми се чинеше неверојатно, а мислам дека и денес ми изгледа така, тоа дека Федар патуваше по оној мисловен пат по кој никој пред него не беше минал. Некој, некаде сигурно мислел и пред него за сето ова, а Федар беше толку лош учен што би му личело да ги дуплицира познатите места од славните филозофски системи во кои воопшто и не се потрудил да sирне.

Така, јас минав повеќе од една година читајќи ја многу долгата и понекогаш многу мачната историја на филозофијата барајќи ги повторените идеи. Тоа беше фасцинантен начин да се чита историјата на филозофијата, и притоа се случи нешто за кое се уште не знам што точно значи. Филозофските системи кои би требало да се во голема мерка спротивни еден на друг изгледаа како истовремено да говорат нешто многу блиско до она што го мислеше Федар, со мали варијации. Толку пати сум посмилил дека сум сфатил кого тој копира, но секој пат, поради нешто што изгледаше како занемарлива разлика, тој поаѓаше во сосема различна насока. На пример Хегел, кого порано го цитирав, ги отфрлаше индијските филозофски системи тврдејќи дека тие воопшто не се филозофски. Федар изгледа дека ги асмилираше, или тие го асимилираа него. Не се чувствуваше никаква контрадикторност.

Најпосле стигнав до Поенкаре. И тука повторно постоеше некакво повторување, но од друг вид. Федар следи долга и кривулеста стаза која води до највисоки апстракции, за миг изгледа како да ќе се симне од таму за потоа да запре. Поенкаре почнува со најосновните научни вистини, ги разработува до истите

апстракции и потоа застанува. Обете стази застануваат едната на крајот на другата! Меѓу нив постои совршен континуитет. Кога живеете во сенката на лудилото, појавата на друг ум кој мисли и говори како вашиот е нешто многу блиску до блаженство. Како кога Робинзон Крусо ги открил стапалките во песокот.

Поенкаре живеел од 1854 до 1912, бил универзитетски професор во Париз. Неговата брада и наочари потсетуваат на Анри Тулуз - Лотрек, кој живеел во Париз во истиот период, и бил само десет години помлад.

За време на животот на Поенкаре почнала длабока криза во темелите на егзактните науки. Со години научната вистина била вон секакво сомневање; логиката на науката била непогрешлива, па и во случај научниците некогаш да грешеле се претпоставувало дека тоа било резултат на погрешната употреба на нејзините правила. Пронајдени се одговорите на сите големи прашања. Мисијата на науката сега се состоела во тоа на овие одговори едноставно да им обезбеди се поголема и поголема точност. Додуше, се уште имало необјаснети појави како што е радиоактивноста, пренесувањето на светлината низ "етер" и необичните односи на магнетските и електричните сили; но тие загатки, доколку дотогашните настани можеле да послужат како показател, морале најпосле да паднат. Речиси никој не претпоставувал дека за неколку децении веќе нема да постои апсолутен простор, апсолутно време, апсолутна материја, па дури ни апсолутна величина, дека класичната физика, таа стогодишна научна тврдина, ќе стане "приближна", дека најтрезвените и најуважените астрономи ќе му говорат на човештвото дека она што тоа би го видело, доколку доволно долго би гледало низ доволно моќен телескоп, е неговото сопствено теме!

Основата на теоријата на релативноста, која ги потресе сите темели, во тоа време ја разбираа само мал број на луѓе, а еден од нив, како најистакнат математичар на своето време, беше Поенкаре.

Во своите "Темели на науката" Поенкаре објаснил дека претходниците на кризата во темелите на науката се многу стари. Долго и залудно се правеле обиди да се докаже аксиомата позната како петиот постулат на Евклид, и тие обиди го претставуваат почетокот на кризата. Евклидовиот постулат за паралелите, кои тврди дека низ зададена точка не минува повеќе од еден правец кој е паралелен

со зададениот правец, обично се учи во прв клас гимназија. Тоа е еден од темелите на кои е изградена сета геометрија.

Сите други аксиоми изгледаа толку очигледни што никој не се сомневаше во нив, но овој не изгледаше така. Но не можеш да се отарасиш од него а притоа да не разориш голем дел од математиката, а никој не беше способен да го сведе на нешто поедноставно. Навистина е незамисливо колку труд бил вложен во таа лажна надеж, рекол Поенкаре.

Најпосле, во првата четвртина на деветнаесетиот век, еден Унгарец и еден Русин - Болјаи и Лобачевски - речиси во исто време изнеле несоборливи докази дека е невозможно да се докаже петиот Евклидов постулат. Го направиле тоа заклучувајќи дека, доколку постои било каков начин Евклидовиот постулат да се сведе на други, посигурни аксиоми, би се појавила уште една последица: промената на Евклидовиот постулат би резултирала со логички контрадикции во геометријата. И така, тие го променија Евклидовиот постулат.

Лобачевски на почетокот претпоставува дека низ зададена точка можат да се повлечат две паралели со зададен правец. Со исклучок на ова, тој ги задржува сите други Евклидови аксиоми. Од тие претпоставки тој изведува низа теореми меѓу кои е невозможно да се пронајде било каква контрадикција, и тој гради геометрија чија непогрешлива логика не е во ништо инфериорна во однос на Евклидовата.

Така со својот неуспешен обид да пронајде некаква контрадикција тој докажува дека петиот постулат е несведлив на поедноставни аксиоми.

Овој доказ не предизвика тревога. Неговиот рационален попатен производ набргу го засени и него и речиси сето останато на полето на математиката. Математиката, каменот темелник на научната сигурност, одеднаш стана несигурна.

Сега добивме две контрадикторни видувања за она што е несомнена научна вистина, вистинита за сите луѓе и сите времиња, без оглед на нивните лични ставови.

Тоа беше темелот на длабоката криза која ја сруши научната самодопадливост на Златното доба. Како можеме да знаеме која од тие геометрии е онаа вистинската? Ако нема основа за да ги разликуваме, тогаш тука се работи за тотална математика која дозволува логички контрадикции. Но математиката која допушта внатрешни логички контрадикции воопшто и не е математика. Конечниот ефект на неевклидовата геометрија е само магесничка абракадабра чија основа е единствено верата!

И се разбира, кога вратата беше отворена, човек тешко може да очекува дека бројот на контрадикторни системи на несомнени научни вистини ќе се ограничат на два. Еден Германец по име Риеман се појавува со уште еден несоборлив геометриски систем каде не се отфрла само петиот постулат туку и првиот Евклидов аксиом, кој тврди дека низ две точки може да мине само еден правец. Повторно нема внатрешна контрадикторност, само постои несогласување со геометриите на Лобачевски и Евклид.

Според теоријата на релативноста, Риемановата геометрија најдобро го опишува светот во кој живееме.

Кај градот Три Форкс патот влегува во тесен кањон полн се белузлави карпи, минувајќи покрај неколку пештери. Источно од Бут се качуваме по долга и тешка стрмина, минуваме преку Континенталната превлака, потоа се симнуваме во низината. Подоцна минуваме крај бреговите со отпадоци на Анаконда, вртиме во градот Анаконда и наоѓаме добар ресторан со бифтеци и кафе. Се возиме по долга стрмнина која води до езеро заокружено со борови шуми и минуваме покрај некои риболовци кои туркаат мал чамец во вода. Потоа патот повторно во кривини минува низ боровата шума, и јас според косината на сонцето гледам дека утрото е при крај.

Минуваме низ Филипсбург и заоѓаме во ливади. Тука во долината челниот ветер станува појак, па ја смалувам брзината на деведесет за малку да го ослабам. Минуваме низ Максвил и во моментот кога пристигнуваме во Хол чувствуваме дека е крајно време за да се одмориме.

Наидуваме на некоја црква крај патот и застануваме. Ветерот сега е жесток и студен, но сонцето е топло па ги соблекуваме блузите и ги оставаме шлемовите во сенката зад црквата на тревата за да се одмориме. Тука е многу осамено и отворено, но убаво. Кога во далечината имате планини, па дури и ридови, имате пространство. Крис се втурнува со лицето во јакната и се обидува да спие.

Сега кога ги нема Сатерландови се е различно - толку е осамено. Ако не замерувате, јас сега ќе минам на шатакуата, додека осаменоста не исчезне.

За да го решиме проблемот околку тоа што е математичка вистина, рекол Поенкаре, мораме прво да се запрашаме каква е природата на геометриските аксиоми. Дали тие се синтетички а приори судови, како што рекол Кант? То ест, дали тие постојат како постојан дел од човековата свест, независни од искуството, создадени без искуството? Поенкаре мислел дека не постојат. Доколку би постоеле, тие би се наметнале со таква сила што не би можеле да замислиме спротивна претпоставка, ниту пак врз таа претпоставка да изградиме теориска градба. Не би постоела никаква неевклидовска геометрија.

Значи дали треба да заклучим дека геометриските аксиоми се всушност експериментални вистини? Поенкаре не го мислел ниту тоа. Доколку би било така, тие би биле подлжни на трајни промени и исправки заради пристигнувањето на нови лабораториски податоци. А тоа изгледало контрадикторно на природата на самата геометрија.

Поенкаре заклучил дека геометриските аксиоми се само договори, наш избор помеѓу сите можни договори условен од експериментални факти, но слободен и ограничен само со нужноста на избегнување на сите контрадикции. На тој начин постулатите можат да останат строго вистинити и кога експерименталните закони кои ја одредиле нивната примена се само приближни. Со други зборови, геометриските аксиоми се само маскирани дефиниции.

Потоа, откако ја утврдил природата на геометриските аксиоми, тој се вратил на прашањето: Дали е вистинита Евклидовата геометрија или е вистинита Риемановата геометрија?

Одговорил: Тоа прашање нема смисла.

Исто така можете да прашате дали метричкиот систем е исправен а англо-американскиот погрешен; дали Картезијанските координати се точни а поларните координати се лажни. Една геометрија не може да биде повистинита од другата; таа може да биде само посоодветна. Геометријата не е вистинита, таа е поволна.

Поенкаре потоа минал на прикажување на конвенционалната природа на другите поими во науката, како што се просторот и времето, докажувајќи дека не постои ниту еден начин на мерење на овие ентитети кој е повистинит од некој друг; оној начин кој е генерално усвоен е само посоодветен.

Нашите поими за простор и време исто така се дефиниции, одбрани врз основа на нивната соодветност при ракувањето со фактите.

Па сепак, ова радикално разбирање на нашите најосновни научни поими се уште не е целосно. Тајната за тоа што е просторот и што е времето може да стане поразбирлива преку овие објаснувања, но сега товарот на одржувањето на редот во космосот лежи врз "фактите". Што се фактите?

Поенкаре продолжил со нивно критичко испитување. Кои факти ќе ги набљудувате?, прашал. Ги има бесконачно многу. шансите дека неселективното набљудување на фактите ќе создаде наука се еднакви со оние дека мајмун на машина за пишување ќе ја отчука Оче наш.

Истото важи и за претпоставките. Кои претпоставки? Поенкаре напишал: - Доколку некоја појава допушта некое потполно механичко објаснување, таа ќе допушти безброј други објаснувања кои подеднакво добро ќе важат за сите необичности што експериментот ги открил. - Истиот суд го беше изрекол Федар во лабораторијата; тоа го покрена прашањето кое пак го исфрли од училиштето.

Кога научникот би имал на располагање бесконечно време, рекол Поенкаре, би било потребно само да му се каже: - Гледај и внимавај; - но со оглед на тоа што

нема време за да се види се, и со оглед на тоа што е подобро да не се види отколку да се види погрешно, тој нужно мора да избира.

Поенкаре утврдил некои правила: Постои хиерархија на факти.

Колку што е некој факт поопшт, толку е поскапоцен. Оние од кои се појавуваат многукратно се подобри од оние за кои шансите дека повторно ќе се појават се мали. Биолозите, на пример, не би успеале да изградат наука доколку постоеле само единки, а не и врсти, и доколку наследувањето не создавала деца слични на родителите.

За кои факти е веројатно дека ќе се појават повторно? Едноставните факти. Како да ги препознаеме? Изберете ги оние кои изгледаат едноставно. Или таа едноставност е вистинска, или сложените елементи не можат да се одделат едни од други. Во првиот случај веројатно повторно ќе го сретнеме тој едноставен факт, или ќе го сретнеме како елемент во некој сложен факт. Вториот случај исто така е мошне веројатен, бидејќи природата не создава такви случаи без никаква причина.

Каде е едноставниот факт? Научниците го барале во две крајности, во бесконечно големото и во бесконечно малото. Биолозите, на пример, инстинктивно дошле до тоа клетката да ја сметаат за поинтересна од целото животно; а по времето на Поенкаре протеинската молекула да ја сметаат за поинтересна од клетката. Резултатите покажале дека ова е навистина умно, бидејќи клетките и молекулите кои им припаѓаат на различни организми се покажале послични отколку самите организми.

Значи како да се одбере интересниот факт, оној кој се појавува одново и одново? Методот е токму тој избор на факти; потребно е значи пред се да се позанимаваме со создавање на метод; бројни методи се веќе измислени, но ниту еден не се наметнува. Исправно е да се започне со обични факти, но откако правилото ќе се воспостави вон секакво соменние, фактите во согласност со него стануваат здодевни бидејќи веќе не не подучуваат на ништо ново. Тогаш она што станува важно се исклучоците. Веќе не бараме сличности туку разлики, ги бираме најнагласените разлики бидејќи тие се највпечатливите а истовремено и најпоучните.

Најнапред бараме такви случаи во рамки на кои постои најголема веројатност ова правило да не биде точно; одејќи многу далеку во просторот или многу далеку во времето можеме да откриеме дека нашите обични правила сосема се видоизменуваат, и тие големи промени ни овозможуваат подобро да ги видиме ситните промени кои можат да се наоѓат поблиску до нас. Но ние мораме помалку да тежнееме кон утврдувањето на сличностите и разликите, а повеќе кон кон препознавањето на сродностите кои се скриени зад привидните разијдувања. Посебните правила најпрвин изгледаат противречно, но кога ќе ги погледнеме подобро се гледа дека тие се слични едни на други; доколку се разликуваат по содржината, тогаш се слични по формата, или по структурата на нивните делови. Ако ги гледаме од овој агол ќе видиме дека тие се прошируваат и клонат кон тоа да опфатат се. И тоа е она што ја сочинува вредноста на фактите кои помагаат во пополнувањето на одреден систем, и кои покажуваат дека тој е верна слика на другите познати системи.

Не, заклучил Поенкаре, научникот не ги бира случајно фактите кои ги набљудува. Тој се обидува да го стесни мноштвото искуства и мисли и затоа некоја мала книга за физиката содржи толку многу минати искуства и илјада пати повеќе можни искуства чии резултати и пред тоа биле познати.

Потоа Поенкаре илустрирал како се открива некој факт. Претходно воопштено опишал како научниците доаѓат до фактите и теориите, но сега навлегол во сопственото искуство со математичките функции кои му донесоа слава во младоста.

Петнаесет денови се обидувал со сета сила да докаже дека не може да постои ниту една таква функција. Секој ден седнувал на својата работна маса, работел еден час или два, тестирал голем број комбинации и не постигнувал никакви резултати.

Тогаш една вечер, спротивно на својата навика, испил кафе и не можел да заспие. Почнале да му надоаѓат идеи. Почувствувал како се судираат до моментот кога почнале, така да кажеме, да се спојуваат во парови, создавајќи една постојана комбинација.

Следното утро требало само да ги стави резултатите на хартија. Она што се случило е бран на кристализација.

Опишал како бранот на кристализација, кој се раководел согласно аналогиите кои се однесуваат на утврдените математички факти, го создал она што подоцна го нарекол "Тета - Фуксови низи". Го напуштил Каен, каде живеел, и пошол на геолошка екскурзија. Патувањето го навело да ја заборави математиката. Се подготвувал да влезе во автобус, и во мигот кога стапнал на скалите, му светнала една идеја, а ништо во неговите претходни мисли не ја провоцирало, дека трансформациите кои ги употребил за дефинирање на Фуксовите функции е идентична со трансформациите во неевклидовската геометрија. Не ја проверувал идејата, туку продолжил да разговара во автобусот, но чувствувал совршена сигурност. Подоцна на мира го проверил резултатот.

Едно откритие му дошло на ум додека подоцна шетал долж некоја морска клисура. Му се јавило со потполно истите својства на краткост, изненадност и непосредна сигурност. Уште едно големо откритие се случило додека шетал по улица. Другите го беа издигнале до небо тој процес како таинствено делување на генијалноста, но Поенкаре не бил задоволен со таквите плитки објаснувања. Се обидел да навлезе подлабоко во она што се случило.

Математиката, рекол, не е само празно прашање на примена на правилата. Таа не овозможува само повеќе комбинации во согласност со одредени цврсти закони. Така добиените комбинации би биле претерано бројни, некорисни и тегобни. Вистинската работа на откривачот се состои во правењето избор помеѓу тие комбинации заради исфрлање на непотребните, или уште подобро, заради избегнување на трудот околу нивното трупање, а правилата кои мораат да го усмеруваат тој избор се извонредно истенчени и чувствителни. Речиси е невозможно точно да ги наведете, потребно е повеќе да ги почувствувате отколку да ги формулирате.

Поенкаре потоа претпоставил дека тоа одбирање го прави, како што тој го нарекол, "сублимниот" дел од нас, ентитет кој точно кореспондира со она што Федар го нарекуваше прединтелектуална свест. Тој сублимен дел, рекол Поенкаре, гледа на голем број решенија на некој проблем, но само интересните решенија продираат

во подрачјето на свеста. Математичките решенија се одбираат врз основа на "математичката убавина", складноста на броевите и формите, геометриската елеганција. "Тоа е вистинско естетско чувство кое им е познато на сите математичари", рекол Поенкаре, "но толку им е далечен на лаиците што тие често доаѓат во искушение да се насмеат". Но овој склад, оваа убавина, лежи во средиштето на се.

Поенкаре истакнал дека притоа тој не мисли на романтичната, надворешната убавина која се забележува со сетилата. Тој мислел на класичната убавина, кој произлегува од складните односи на деловите, и која може да биде дофатена од страна на чистата интелигенција, на убавината која и дава структура на романтичната убавина и без која животот би бил неодреден и минлив сон, поради што човек не би можел да ги разликува своите соништа бидејќи не би постоела основа за утврдување на разликите. Прашањето на таа посебна класична убавина, чувството за складност на космосот, не наведува на бирање на такви факти кои најсоодветно му помагаат на тој склад. Не фактите, туку односите помеѓу нештата се оние кои го произведуваат сеопштиот склад кој е единствена објективна стварност.

Она што ни ја гарантира објективноста на светот во кој живееме е дека светот ни е заеднички на нас и на другите мислечки битија. Преку комуникацијата со другите луѓе ние од нив добиваме готови хармонични размислувања. Ние знаеме дека овие размислувања не потекнуваат од нас, но истовремено во нив препознаваме, поради нивниот склад, работа на разумни битија какви што сме и ние. И со оглед на тоа што овие размислувања се покажуваат соодветни за светот на нашите сетилни искуства, ние мислиме дека можеме да заклучиме дека тие разумни суштества ги виделе истите нешта како и ние; на тој начин знаеме дека не сме сонувале. Тој склад, тој Квалитет ако сакате, ја претставува единствената основа за единствената стварност која воопшто можеме да ја спознаеме.

Современиците на Поенкаре не сакале да се согласат со тоа дека фактите се бираат однапред, бидејќи мислеле дека ако го сторат тоа ќе ја уништат валидноста на научниот метод. Тие претпоставувале дека "однапред одбраните факти" значат дека вистината е "било што што ви се допаѓа" и неговите идеи ги нарекле конвенционализам. Но истовремено тие ја игнорирале вистината дека нивниот

сопствен "принцип на објективност" самиот не е факт кој може да се набљудува...и дека оттаму во согласност со нивните критериуми тие би морале да бидат ставени во состојба на лебдење без потпорна точка.

Чувствувале дека мораат да го сторат тоа, бидејќи во спротивно целиот филозофски столб на науката би се срушил. Поенкаре не понудил никаков излез од таа слепа улица. Не навлегол доволно длабоко во метафизичките импликации на она што го говорел за да стигне до решението. Она што заборавил да каже е дека изборот на фактите пред истите да бидат "набљудувани" претставува "било што што ви се допаѓа" само во еден дуалистички, субјективно-објективно метафизички систем! Кога во игра, како трет метафизички ентитет, ќе влезе Квалитетот, бирањето на фактите однапред веќе не е произволно. Бирањето на фактите однапред не се темели на субјективниот и на каприциозниот принцип на "било што што ви се допаѓа" туку на Квалитетот, кој е стварност по себе. Така слепата улица исчезнува.

Изгледаше како Федар да работеше на некаква сложувалка дека поради недостаток на време оставил недовршена една цела страна.

Поенкаре работел на своја сложувалка. Неговиот суд дека научникот ги бира фактите, претпоставките и аксиомите врз основа на складност исто така оставил остри рабови на недовршената сложувалка. Да се остави впечаток во научниот свет дека извор на сета научна стварност се состои само во субјективен и каприциозен склад значи да се решаваат епистемолошки проблеми, притоа оставајќи ги недовршени рабовите кои граничат со метафизика, што ја чини епистемологијата неприфатлива.

Но од Федровата метафизика знаеме дека сладот за кој говори Поенкаре не е субјективен. Тој е извор на субјектот и објектот и постои во претходните односи кои тој ги има кон нив. Тој не е каприциозен, тој е сила која се противи на каприциозноста, тој е начело на утврдување на целата научна и математичка мисла која ја уништува каприциозноста, без него не може да се создаде ниту една научна мисла. Моите очи се наполнија со солзи на препознавање кога открив дека овие недовршени рабови извонредно се совпаѓат со оној вид на складност за кој говореа и Федар и Поенкаре, за да произведат таква потполна структура на

мислите која би била способна да ги соедини раздвоените јазици на природните науки и на уметноста во едно.

На другата страна планините станаа стрмни создавајќи долга тесна долина која закривува во Мисулу. Челниот ветар ме исцрпи и чувствувам замор. Крис ме удира по грбот и ми покажува висок рид на кој е напишана голема буква M. Јас само климнувам. Утринава минавме поркај таква буква кога го напуштавме Боземан. Ми се враќа епизода од сеќавањето дека секоја училишна година бруцошите се качуваат таму горе и ја бојат буквата.

На станицата каде полниме бензин еден човек со приколка влечена од два коња од расата апалоса започнува разговор. Луѓето кои се занимаваат со коњи најчесто се против моторите, но ми изгледа дека овој не е таков, напротив тој поставува многу прашања и јас одговарам на нив. Крис постојано прашува дали ќе се качиме до она М, но јас од тука гледам дека патот е стрмен, нерамен и тешко прооден. Со нашиот мотор за асфалтни патишта и тешкиот товар на него не сакам да правам глупости. Некое време ги протегнуваме нозете, се шетаме наоколу и потоа помалку уморно тргнуваме од Мисула кон местото Лоло Пас.

Одеднаш се сеќавам дека пред неколку години овој пат беше каллив и завиваше околу секоја карпа и клисура во планините. Сега е асфалтиран и кривините се многу широки. Сиот сообраќај сега очигледно оди на север за Калиспел или Цоеур Д'Алене, со оглед на тоа што сме речиси сами на патот. Вртиме на југозапад, ветерот ни дува во грб, и поради тоа се чувствуваме многу подобро. Патот почнува да се закривува низбрдо кон превојот.

Сите траги на Истокот сега исчезнуваат, барем во мојата фантазија. Тука сиот дожд доаѓа од Тивкиот океан, а сите реки и потоци повторно го враќаат во Тивкиот океан. БИ требало да стигнеме до брегот за два-три дена.

Во Лоло Пас забележуваме ресторан, вртиме и застануваме покрај еден стар мотор од марката Харли. На него од страната накнадно е направен багажник, а бројчаникот покажува шеесет илјади километри. Тоа е вистински патник.

Во ресторанот нарачуваме пица и млеко, и веднаш по јадењето продолжуваме. Остана уште малку виделина, а а барањето на места за логорување во темница е тешко и непријатно.

На тргнување го среќаваме сопственикот на стариот мотор и неговата жена и ги поздравуваме. Доаѓаат од Мисури, а опуштениот израз на лицето на жената ми говори дека имале пријатно патување.
Мажот ме прашува: - И вие ли се боревте со оној ветер пред Мисула?

Јас климнувам: - Сигурно дуваше со педесет до шеесет километри на час.

- Најмалку - вели тој.

Зборуваме некое време за логорувањето и тие забележуваат дека е студено. Не ни сонувале дека во Мисури на лето можело да биде толку студено, па ни во планините. Морале да купат малку облека и покривки.

- Ноќеска не би требало да биде престудено - велам. - Се наоѓаме само на некои илјада и петсто метри висина.
Крис вели: - Ќе логоруваме некаде по пат.
- Во некои од камповите?
- Не, било каде покрај патот - велам.
Тие не покажуваат ниту малку желба да ни се придружат, па по кратка пауза го притискам стартерот и обајцата им мавтаме.

На патот сега има долги сенки од планински дрвја. После петнаесетина километри забележуваме мали шумски патчиња и вртиме на едно од нив.

Шумскиот пат е песоклив, затоа возам со мала брзина и ги пружам нозете за да избегнам можно заглибување. Гледаме и помошни шумски патчиња но се држиме до главниот се додека по два километри не наидеме на неколку булдожери. Тоа значи дека тука се уште се сече шума. Се враќаме и вртиме на еден помошен пат. Наскоро доаѓаме до стебло кое паднало врз патот. Тоа е добро. Тоа значи дека овој пат е напуштен.

Му велам на Крис: - Тука сме, и тој се симнува. Се наоѓаме на падина која ни овозможува да ја видиме недопрената шума која се протега со километри.

Крис е расположен за истражување, но јас сум толку уморен што само сакам да се одморам. - Оди сам - велам.

- Не, ајде и ти со мене.
- Навистина сум уморен, Крис. Ќе истражуваме утре.
Ги одврзувам ранците и ги распостилам вреќите за спиење по земја. Крис заминува. Се протегнувам, а уморот ми ги исполнува рацете и нозете. Тивка, прекрасна шума...
Крис се враќа и вели дека има пролив.
- О - велам јас и станувам. - Ќе мора ли да ги менуваш гаќите?
- Да - вели посрамено.
- Гаќите се во ранецот пред моторот. Преоблечи се и земи го сапунот од ранецот па ќе се спуштиме до потокот и ќе ги испереме валканите. - Збунент е поради сето тоа и драго му е што слуша наредби.

Косината на патот не присилува на внимателен од додека се спуштаме кон потокот. Крис ми покажува некои камења кои ги собрал додека јас сум дремел. Тука е многу ниско. Тишината и заморот и сонцевиот залез малку ме растажуваат, но тоа си го задржувам за себе.
Откако Крис го испра својот веш и го исцеди, се враќаме долж шумскиот пат. Додека се качуваме нагло ме обзема чувство дека по тој шумски пат одам целиот свој живот.
- Тато?
- Молам? - Некоја птица полетува од стеблото пред нас.
- Што би морал да бидам кога ќе пораснам?
Птицата исчезнува над далечниот гребен. Не знам што да му кажам.
- Чесен човек - велам најпосле.
- Мислам, со која работа би се занимавал?
- Со која било.
- Зашто се лутиш кога те прашувам тоа?
- Не се лутам...само мислам...не знам...едноставно сум преуморен за да размислувам...не е важно што ќе правиш.

Ваквите патишта стануваат се потесни и потесни и тогаш исчезнуваат.
Подоцна забележувам дека тој заостанува.
Сонцето е под хоризонтот и паѓа квечерина. Се враќаме одвоено по шумскиот пат, доаѓаме до моторите, се вовлекуваме во вреќите и без збор се подготвуваме за спиење.

23

Ене ја при крајот на ходникот: стаклената врата. А зад неа Крис и со него од една страна неговиот помад брат и од другата страна нивната мајка. Крис ги допира рацете на стаклото. Ме препознава и ми мавта. Јас му одмавнувам и се приближувам на вратата.

Колку е тивко. Како гледање филм кога ќе се расипе апаратот за звук.

Крис го крева погледот кон мајка му и се насмевнува. Таа озгора му се смее нему, но гледам дека со тоа само ја прикрива својата тага. Таа поради нешто е многу несреќна но не сака тие да го видат тоа.

А сега сфаќам што претставува таа стаклена врата. Тоа е капак на мртовечки сандак, мојот мртовечки сандак.

Не е тоа обичен сандак, тоа е саркофаг. Се наоѓам во голема гробница, мртов, и тие ми укажуваат последна чест.

Убаво од нив што дошле и што го прават тоа. Не морале. Благодарен сум им за тоа.

Сега Крис ми дава знак да ја отворам стаклената врата на гробницата. Гледам дека сака да разговара со мене. Тој можеби сака да му кажам каква е смртта. Ме обзема желба да го сторам тоа, да му кажам. Толку е убаво од него што дошол и што ми мавта што ќе му кажам дека и не е толку лошо. Само е осамено.

Ја пружам раката да ја бутнам вратата, но некое мрачно сениште во сенката покрај вратата ми дава знак да не ја допирам. Еден прст се крева кон усните кои не ги гледам. На мртвите не им е дозволено да зборуваат.

Но тие сакаат да зборувам. Се уште им требам! Дали тој го гледа тоа? Мора да постои некаква грешка. Зарем тој не гледа дека сум им потребен? Го преколнувам сеништето, морам да зборувам со нив. Уште не е се готово. Морам да им кажам некои работи. Но сеништето во сенка изгледа дека не ја слуша мојата молба.

- КРИС! - викам низ вратата. - ЈАС ЌЕ ТЕ ЧЕКАМ!!! - Темното сениште заканувачки ми се приближува, но јас го слушам гласот на Крис, слаб и далечен: - Каде? - Ме слушна. А темното сениште, бесно навлекува перде преку вратата.

Не на планината, си мислам. Планината веќе не постои. - НА ДНОТО НА ОКЕАНОТ!!! - викам.

И сега стојам во напуштените рушевини на некој град, сосема сам. Рушевини има насекаде околу мене, се протегаат бескрајно во сите правци, и морам да минам сам низ нив.

24

Сонцето изгреа.
Некое време не сум сигурен каде се наоѓам.
Некаде сме на патот во шумата.
Грд сон. Повторно онаа стаклена врата.
Хромот на моторот сјаје покрај мене и тогаш ги гледам боровите, а потоа во свеста ми продира државата Ајдахо.
Вратата и сеништето крај нив беа само во фантазијата.
Се наоѓаме на шумскиот пат, така е...ведар ден...сјаен зрак...Еј!...Прекрасно е. Се упативме кон океанот.
Повторно се сеќавам на сонот и зборовите "ќе се сретнам со тебе на дното на океанот" и се прашувам што значат. Но боровите и сонцето се посилни од секој сон па прашањата бргу исчезнуваат. Добрата стара стварност.
Се извлекувам од вреќата за спиење. Студено е и бргу се облекувам. Крис уште спие. Го заобиколувам, минувам преку едно паднато дрво и зачекорувам по шумскиот пат. За да се загреам, ги забрзувам чекорите до затрчување и бргу напредувам. Добро, добро, добро, добро, добро. Зборовите паѓаат во ритамот на чекорите. Некои птици полетуваат од сенката на ридот кон сонцето и јас ги

набљудувам додека не ми исчезнат од видикот. Добро, добро, добро, добро, добро. Крупен чакал по патот. Добро, добро. Свелтожолт песок на патот. Добро, добро, добро. Ваквите патишта понекогаш се протегаат со километри. Добро, добро, добро.
Најпосле стигнувам до моментот кога навистина останувам без здив. Патот сега е повисок и јас со поглед да ја надвишувам шумата, километарски долга.
Добро.
Се уште задишан се враќам долж патот со остар чекор, сега газејќи понежно и забележувајќи ги младите билки и грмушките на местата каде се исечени боровите.
Кај моторот потоа бргу и тивко ги подготвувам работите. Сега тоа ми е толку познато што го правам без размислување. Најпосле ми треба вреќата за спиење на Крис. Малку го протресувам, не прегрубо, и велам: - Голем ден!
Тој гледа околу себе, не се снаоѓа. Се извлекува од вреќата и, додека јас ја подготвувам се облекува а всушност не знае што прави.
- Облечи го џемперот и блузата - велам. Не очекува прилично студено возење.
Тој слуша и седнува зад мене и потоа во прва се симнуваме долж шумскиот пат до местото каде тој се спојува со асфалтниот слој. Пред да стапнеме на него фрлам последен поглед озгора. Убаво е. Убаво место. Од тука понатаму асфалтната лента се спушта и се спушта закривувајќи.

Денес не чека долга шатакуа . Неа и се радував за време на целото патување. Втора брзина, потоа трета. Не смее да се вози пребргу на овие кривини. Прекрасно сонце над овие шуми.
До сега постоеше некаква нејасност, некаква пречка во оваа шатакуа. За грижата говорев уште во текот на првиот ден, но тогаш сфатив дека не можам да кажам ништо паметно во врска со неа додека не ја објаснам нејзината спротивна страна, Квалитетот. Мислам дека она што е сега важно е да се поврзе грижата со Квалитетот, а притоа да се истакне дека грижата и Квалитетот се внатрешен и надворешен изглед на истата работа. Личноста која го гледа Квалитетот и ја чувствува додека работи, е личност која се грижи. Личноста која се грижи за она што го гледа и што го работи е личност која мора да поседува некои својства на Квалитет.
Така, ако проблемот на технолошката безнадежност е предизвикан заради отсуство на грижа, како кај технолозите така и кај антитехнолозите, и доколку

грижата и Квалитетот се внатрешен и надворешеен изглед на едно и исто нешто, тогаш логички следи дека вистинската причина на технолошката безнадежност е отсуството на воочување на Квалитетот во технологијата, како кај технолозите, така и кај антитехнолозите. Федровото лудо прогонување на рационалното, аналитичкото и, според тоа, технолошкото значење на зборот "Квалитет" би било навистина барање на одговор на целиот проблем на технолошка безнадежност. Така барем ми се чинеше мене.
Затоа се вратив и се префрлив на класично-романтичниот јаз бидејќи мислам дека тој лежи во темелите на целиот хуманистичко-технолошки проблем. Но тоа бараше продор во значењето на Квалитетот.
Разбирањето на значењето на Квалитетот во класични рамки бараше продор во метафизиката и нејзиниот однос кон секојдневниот живот. А тоа повторно бараше уште еден продор во големото пространство кое ја поврзува метафизиката и секојдневниот живот - имено, формалниот разум. Затоа и започнав со формалниот разум и навлегов во метафизика па потоа во Квалитетот, а потоа од квалитетот појдов наназад, кон метафизиката и науката.
Сега уште повеќе се спуштаме од науката во техниката, и мислам дека конечно се наоѓаме таму каде и сакав да бидеме уште на почетокот.
Но сега со нас се и некои поимања кои во голема мера го менуваат целото разбирање на тие нешта. Квалитетот е Буда. Квалитетот е научна стварнсот. Квалитетот е цел на уметноста. Преостанува тие поими да се обработат во практични, приземни рамки, а нема ништо попрактично ниту поприземно од она за што постојано говорам - поправањето на некој стар мотор.

Патот, постојано закривувајќи, се спушта во кањонот. Насекаде околу нас се расфрлани партали на раното утринско сонце. Моторот зуи низ студениот воздух и планинските борови и минуваме крај мал знак на кој пишува дека од местото каде можеме да појадуваме не делат само два километри.
- Гладен ли си? - викам.
- Да! - ми вика Крис.
Наскоро наидуваме на нов знак на кој пишува МОТЕЛ со стрелка која не упатува на лево. Забавуваме, вртиме и се возиме по каливиот пат додека не се појават лакирани колиби под дрвјата. Застануваме под едно стебло, го гасиме моторот и влегуваме во главната колиба. Дрвениот под пријатно звони под нашите чевли.

Седнуваме на маса со чаршав и нарачуваме јајца, топли колачи, јаворов сируп, млеко, колбаси и сок од портокал. Оној студен ветер ни отвори апетит.
- Сакам да и напишам писмо на мама - вели Крис.
Тоа ми изгледа добро. Одиме до рецепција и земам малку хартија. Му го давам на Крис, и му давам и пенкало. Ова студено утро и нему му даде малку енергија. Тој го става листот пред себе, цврсто го стега пенкалото и потоа некое време се сосредоточува на белата хартија.
Го крева погледот. - Кој датум сме денес?
Му кажувам. Тој климнува и запишува.
Потоа гледам како пишува: - Драга мамо.
Па се sури во хартијата.
Го крева погледот. – Што да и кажам?
Почнувам да се смешкам. Би морал да му дадам за задача да пишува цел сат за едната страна на кованата паричка. Понекогаш го замислувам како студент, но не како студент по англиски.
Не прекинуваат топлите колачи и јас му велам да го тргне писмото настрана па дека после ќе му помогнам.
По јадењето седам и пушам со некое оловно чувство поради топлите колачи и јајцата и сето останато и забележувам низ прозорецот дека надвор под боровите тлото е ишарано од играта на светлината и сенката.
Крис повторно го зема листот. - Помогни ми сега - вели. Во ред - му велам. Му велам и дека тој почетен застој ни е заеднички проблем, на сите нас. Обично, велам мозокот ти застанува кога се обидуваш да направиш премногу работи во исто време. Мораш да се обидеш да не ги присилуваш зборовите да надоаѓаат. На тој начин само го засилуваш застојот. Сега треба да ги раздвоиш нештата и секое нешто да го решиш поединечно. Се обидуваш да смислиш што би рекол и во исто време што би рекол најпрвин, а тоа е претешко. Затоа раздвои ги нештата. Едноставно направи попис на сето она што сакаш да го кажеш по каков било ред. Потоа ќе го пронајдеме вистинскиот редослед.
- На пример како? - прашува тој.
- Па еве, што сакаш да и напишеш?
- Па за патувањето.
- Што за патувањето?
Тој малку размислува. - За планината на која се качувавме.
- Во ред, запиши го тоа.

Тој запишува.
Потоа гледам дека запишува уште нешто, па уште нешто, па уште нешто, додека јас пушам и пијам кафе. Минува на третиот лист хартија набројувајќи ги нештата кои сака да и ги напише.
- Остави го тоа другото - му велам. - На тоа ќе работиме подоцна.
- Сето ова нема да го собере во едно писмо - вели тој.
Гледа дека се смеам и се мурти.
Му велам: - Сега избери ги само најдобрите места. - Потоа излегуваме и еве не повторно на моторот.
Се спуштаме по патот во кањонот и според звукот во ушите чувствуваме непрестано смалување на надморската висина.Станува потопло а и воздухот е погуст. Ова е поздравување со висорамнината на која се наоѓавме речиси од Мајлс сити.

Застој. Ете за што сакам да говорам денес.
Ќе се сетите дека патувајќи од Мајлс сити говорев за тоа како формалниот научен метод може да се примени на поправање на моторите преку проучување на синџирот на причини и последици и примена на експерименталниот метод за да се утврди тој синџир. Тогаш целта беше да се покаже што се подразбира под класична рационалност.
Сега сакам да покажам дека тој класичен модел на рационалноста може страшно да се подобри, да се прошири и да се направи многу поделотворен низ формално препознавање на Квалитетот во неговото дејствување. Меѓутоа, пред да го сторам тоа, би морал да се позанимавам со некои негативни страни на традиционалниот модел само за да покажам во што се состојат проблемите.
Најпрвин тоа е застојот, застојот во мозокот кој го следи физичкиот застој на она на што работите. Истото тоа што му пречеше на Крис. Или оној неподвижен штраф на капакот на моторот. Проверувате во прирачникот за да видите дали можеби постои некоја посебна причина поради која тој штраф толку тешко се врти, но се што пишува во него е "Да се извади бочниот капак", со оној прекрасен концизен технички стил кој никогаш не го ви кажува она што сакате да го дознаете. Не постои никаква претходна постапка која можеби, доколку не била изведена, би предизвикала заглавување на штрафот на капакот.
Доколку сте искусни веројатно ќе употребите течност која продира помеѓу штрафовите и еден остар штрафцигер. Но да претпоставиме дека сте неискусни и

дека ќе употребите комбинирана клешта, и дека навистина силно ќе завртите, бидејќи со таквиот начин веќе еднаш сте успеале, и дека овој пат она што ќе постигнете е само да го уништите процепот на штрафот.
Вашиот мозок веќе однапред смислил што ќе направите кога ќе го симнете капакот, па сега му треба малку време за да сфати дека таа досадна и безначајна пречка на уништениот процеп на штрафот не е ниту досадна ниту безначајна. Закочени сте. Застанавте. Ја "опраивте" работата...Тоа потполно ве попречува во поправањето на моторот.
Тоа не е ретка глетка во науката или технологијата. Тоа всушност е најобична глетка. Едноставен застој. Во традиционалното одржување, тоа е најлошиот од сите мигови, толку лош што избегнувате и да размислувате за него пред тој да се случи.
Книгите сега не ви помагаат. Ниту научниот разум. Не ви треба никаков научен експеримент за да го пронајдете дефектот. Очигледно е што се расипало. Вам сега ви треба таква претпоставка која ќе ви помогне да го извлечете штрафот без процеп а научниот метод не ви пружа ниту една од тие претпоставки. Методот ви помага само кога претпоставките ви се на дофат на раката.
Ова е нулта точка на свеста. Застој. Нема одговор. Се стои. Готово. Тоа е бедно емоционално искуство. Губите време. Неспособни сте. Не знаете што правите. Би требало да се срамите од самите себеси. Би требало да го однесете моторот на првиот механичар кој знае да се снајде во такви прилики.
Во тој миг нормално е да ве обземе несовладлив гнев и да ве наведе да посакате по тој капак да удирате со чекан и длето, да го распарчите ако треба. Размислувате за тоа, и колку што повеќе размислувате толку повеќе ве фаќа желба целиот мотор да го однесете на некој висок мост и да го бутнете удоле. Неверојатно е колку може да ве совлада еден тенок малечок процеп.
Она против што се борите е голема непознаница, празнина во целата западна мисла. Ви требаат некакви идеи, некакви претпоставки. Традиционалниот научен метод, за жал, речиси никогаш не успеа точно да каже каде можат да се најдат уште некои од тие претпоставки. Традиционалниот научен метод отсекогаш имал извонредно добар увид во минатите нешта, за местата каде веќе сте биле. Добар е за испитување на вистинитоста на она што мислите дека го знаете, но не може да ви каже каде треба да одите, освен ако тоа не е продолжување на патот по кој сте оделе во минатото. Креативност, оригиналност, интуиција, имагинација - со други зборови "отстранувањето на застојот" - е потполно вон неговиот допир.

Продолжуваме да се спуштаме низ кањонот, минувајќи стрмнини од кои се слеваат потоци. Забележуваме дека реката нагло се зголемува на местото каде во неа се слеваат потоците. Кривините на патот тука се поблаги а рамните делови на патот се подолги. Префрлам во поголема брзина.
После ова дрвјата стануваат поретки и потенки, со големи тревнати делови и грмушки. Претополо е за блуза и џемпер па застанувам покрај патот за да ги соблечеме.
Крис сака да се качува долж некаков пат и јас го пуштам, а самиот пронаоѓам мала сенка да се потпрам и да починам. Мирен сум и замислен.
Во проспектот пишува дека тука пред неколку години беснеел пожар. Според информациите шумата полека се обновува но ќе минат уште многу години додека да се врати во претходната состојба.
Малку потоа тркалањето на камчињата ми говори дека Крис се враќа долж стазата. Не бил далеку. Кога ми се приближува ми вели: "одиме". Го прицврстуваме багажот кој почнал да се олабавува, па повторно излегуваме на патот. Потта од она седење нагло се лади на ветерот.

Се уште стоиме кај оној штраф и единствениот начин да го раштрафиме е да го напуштиме понатамошното испитување во согласност со традиционалниот научен метод. Тоа нема да успее. Мораме да го испитаме традиционалниот научен метод во светло на тој заглавен штраф.
Досега тој штраф го гледавме "објективно". Според доктрината на "објективноста", која е составен дел на традиционалниот научен метод, она што ни се допаѓа или што не ни се допаѓа на тој штраф нема никаква врска со нашето исправно мислење. Не смееме да го вреднуваме она што го гледаме. Потребно е мозокот да ни биде табула раза која за нас ја пополнува природата, а потоа ќе умуваме не водејќи сметка за фактите кои ги набљудуваме.
Но кога ќе застанеме и ќе почнеме да размислуваме за тоа незаинтересирано, во рамките на овој заглавен штраф, ќе почнеме да сфаќаме дека целата таа идеја за незаинтересираното набљудување е глупава. Што се тие факти? Што е тоа што ќе го набљудуваме незаинтересирано? Оштетениот процеп? Преливите на боите на штитниците? Брзинометарот? Потпирачот зад седиштето? Како што би рекол Поенкаре, постојат безброј факти во врска со моторот, а оние вистинските не ни

играат пред очи и не се претставуваат. Вистинските факти, оние кои навистина ни требаат, не се само пасивни, тие се ѓаволски недофатливи, и нема едноставно да седиме и да ги "набљудуваме". Ќе мора да влеземе внатре и да ги побараме, во спротивно ќе останеме долго тука. Засекогаш. Како што истакна Поенкаре, мора да постои сублимиран избор на факти кои ќе ги набљудуваме.
Разликата помеѓу добриот механичар и лошиот механичар, токму како и разликата помеѓу добриот математичар и лошиот математичар, се состои токму во таа вештина на разлачување на добрите факти од лошите врз основа на Квалитетот. Тој мора да се грижи! Тоа е вештина во врска со која традиционалниот научен метод нема што да каже. Веќе одамна дојде времето за одблиску да се разгледа ова квалитативно бирање на фактите однапред, кое очигледно внимателно го избегнуваат оние кои толку се расфрлаат со фактите од тој тип, затоа што тие се веќе "набљудувани". Мислам дека ќе се открие дека формалното признавање на улогата на Квалитетот во научниот процес воопшто не го разорува научното гледање на светот. Тоа него го проширува, го засилува и го приближува кон современата научна пракса.
Мислам дека главната грешка врз која почива застојот лежи во инсистирањето на традиционалната рационалност на "објективноста", на доктрината дека постои поделена стварност на субјектот и на објектот. Овие две нешта мораат строго да се разделат за да се направи место за вистинската наука. Ти си механичар. Ова е мотор. Вие сте раздвоени засекогаш. Направи го ова. Направи го она. Резултатите ќе бидат вакви.
Овој вечен дуален субјективно - објективен начин на пристапување кон моторот ни се чини исправен бидејќи сме навикнати на него. Но тој не е исправен. Тој отсекогаш претставувал вештачка интерпретација која и била наметната на стварноста. Тој никогаш не бил самата стварност. Кога тој дуализам целосно ќе се прифати, неподеленото проникнување помеѓу механичарот и моторот бива уништено. Кога традиционалната рационалност го дели светот на субјекти и објекти, таа го исклучува Квалитетот, а кога навистина ќе заглавите тогаш Квалитетот, а не субјектите, ниту пак објектите е оној кој ви говори што треба да превземете.
Земајќи го предвид Квалитетот, се надеваме дека можеме технолошки да го испитаме безгрижниот субјектино-објективен дуализам и повторно да ии се вратиме на самоизградената стварност на онаа вештина која ќе ни ги открие фактите кои би ни биле потребни кога би заглавиле.

Во мислите сега имам слика на голем, долг воз, еден од оние џинови со 120 вагони што ги пресекуваат прериите вечно превезувајќи дрво и зеленчук од запад на исток, а автомобили и друга индустриска стока од исток на запад. Овој воз сакам да го наречам "знаење" и да го поделам на два дела: класично знаење и романтично знаење.
Користејќи аналогија, класичното знаење, знаењето на кое не учи Црквата на умот, ги претставува локомотивата и вагоните. Ги претставува сите нив и сето она што е во нив. Ако возот го расчлените на делови, никаде нема да го пронајдете романтичното знаење. Па доколку не сте внимателни лесно можете да заклучите дека возот е само тоа. Не затоа што романтичното знаење не постои или затоа што тоа е неважно. Туку затоа што дефиницијата на возот е премногу статична и бесцелна. Тоа е она за што се обидував да говорам во Јужна Дакота кога ги споменав двете димензии на постоењето. Тоа се всушност два начина на гледање на возот.
Романтичниот квалитет, со зборовите на оваа аналогија, не е ниту еден "дел" од тој воз. Тоа е челниот раб на локомотивата, дводимензионална површина без вистинско значење, освен ако не сметате дека возот воопшто и не е статично битие. Возот навистина и не е воз ако не може да појде некаде. Во процесот на испитување на возот и расчелнувањето на делови ние без предупредување го сопревме, така што тоа веќе и не е возот кој го испитуваме. Ете зошто заглавуваме. Првиот воз на знаењето не е статично битие кое може да се запре и да се расчленува. Тој секогаш оди некаде. По шините кои се нарекуваат Квалитет. И таа локомотива и сите тие 120 вагони никогаш не можат да појдат некаде освен доколку Квалитетот не ги поведе, а романтичниот Квалитет, челниот раб на локомотивата, ги води долж шините.
Романтичната стварност е сечило на искуството. Таа е челниот раб на возот на знаењето којшто го држи целиот воз на пругите. Традиционалното знаење е само збирно помнење на она каде се наоѓал тој челен раб. На челниот раб нема ниту субјект ниту објект, напред постојат само шините на Квалитетот, и доколку немате формален пат на вреднување, ниту начин на признавање на тој Квалитет, тогаш целиот воз нема ниту пат ниту начин да дознае каде оди. Немате чист ум - имате чиста збрка. челниот раб е место каде се случува целото дејствие. Челниот раб ги содржи сите безбројни можности на иднината. Тој ја содржи и сета историја на минатото. Каде на друго место би можеле да се наоѓаат иднината и минатото?

Минатото не може да се сеќава на минатото. Иднината не може да ја создава иднината. Остриот раб на овој миг, токму тука и сега, не е ништо помалку од севкупност на сето она што постои.
Вредноста, тој челен раб на стварноста, не е неважен производ на оваа структура. Вредноста е претходник на структурата. Таа е прединтелектуална свест која неа ја издигнува. Нашата структурирана стварност е однапред бирана врз основа на вредноста, а разбирањето на структурираната стварност бара разбирање на изворот на вредноста од која таа произлегува.
Оттаму, рационалното разбирање на моторот се менува од минута во минута, додека оној кој работи на него согледува дека новото и различното рационално разбирање има повисоки квалитети. Тој не се држи слепо до старите, мемливи идеи бидејќи има непосредна рационална основа истите да ги отрфли. Стварноста веќе не е статична. Таа не е збир на идеи кои морате или да ги победите или да им се покорите. Таа е делумно сочинета од идеи од кои се очекува да растат додека растете и вие, и додека растеме сите ние, од столетие во столетие. Земајќи го Квалитетот како нејзин средишен недефиниран поим, стварноста по својата суштинска природа не е статична туку динамична. А кога навистина ќе ја спознаете динамичната стварност, тогаш никогаш нема да заглавите. Таа има форми, но формите можат да се менуваат.
Да го прикажеме тоа во поконкретен облик: ако сакате да изградите фабрика, или да поправите мотор, или да ја доведете во ред државата без застој, тогаш класичното, структурираното, дуалистичко субјективно-објективно знаење, иако е неопходно, не е доволно. Морате да имате некакво чувство за квалитетот на работата. Морате некако да претпоставите што е добро. Тоа ве влече напред. Тоа чувство не е само нешто со што се раѓате, иако со него сте се родиле. Тоа е исто така нешто што можете да го развиете. Тоа не е само "интуиција", не е само чиста "вештина" или "надареност". Тоа е директен производ на допирот со базичната стварност, со Квалитетот кој дуалистичкиот разум во минатото настојуваше да го прикрие.
Сето тоа звучи толку далечно и езотерично кога вака се изложува, што се вчудовидуваме кога ќе откриеме дека тоа е еден од наједноставните и најприземните погледи на стварноста кои воопшто постојат. Ми паѓа на памет, помеѓу другите, Хари Труман, и неговата изјава во врска со сопствената политичка програма: - Само ќе се обидеме со тоа...па ако не биде добро..па, ќе се обидеме со нешто друго. - Можеби ова и не е најточен цитат, но секако е приближен.

Стварноста на американската влада не е статична, вели тој, туку е динамична. Ако не ви се допаѓа ќе сториме нешто подобро. Американската влада нема да заглави на некаков грст доктринарни идеи.
Клучниот збор е "подобро", то ест Квалитетот. Некој може да приговори дека скриената форма на американската влада навистина заглавила, дека таа е неспособна да се промени и да го задоволи Квалитетот, но тој приговор не ја погодува целта. Работата е во тоа дека претседателот и сите други, од најжестокиот радикал до најжестокиот реакционер, се согласуваат во тоа дека владата треба да се менува и да го задоволи Квалитетот, дури и ако не се менува. Федровото сфаќање на променливиот Квалитет како стварност, на толку семоќната стварност што и цели влади мораат да се менуваат за да одржат чекор со неа, претставува нешто во што без збор сите ние отсекогаш еднодушно сме верувале.
А тоа што го рекол Хари Труман навистина не се разликува ни малку од практичното и прагматичното однесување на кој било лабораториски научник или инжењер или механичар кога тој не размислува "објективно" во текот на својата секојдневна работа.
Јас постојано изнесувам некаква тешка теорија, но постојано, на некој начин, се појавуваат нешта кои ги знае секој - фолклор. Овој Квалитет, ова чувство за работа, тоа е нешто што е познато во секоја работилница.
Да се вратиме конечно на оној штраф.
Да го разгледаме повторно вреднувањето на состојбата во која претпоставуваме дека застојот кој се случил, таа нула на свесноста, не е најлоша од сите можни состојби во која би можеле да се најдете. Впрочем токму тој застој е она што Зен будистите со толку напор се обидуваат да го постигнат преку коаните, длабокото дишење, мирното седење и слично. Вашиот дух е празен, вие имате "шупливо-флексибилно" држење на "почетнички дух". Се наоѓате токму на челото на возот на знаењето, на самите шини на стварноста. Замислите, за промена, дека тоа не е миг кога треба да се плашите туку миг кога треба да пораснете. Доколку духот навистина длабоко ви заглавил, тогаш можеби тоа е подобро отколку да е натоварен со идеи.
Решението на проблемот често пати отпрвин изгледа неважно или напожелно, но состојбата на застој му допушта со време да се здобие со својата вистинска важност. Тој изгледа мал бидејќи вашето претходно строго вреднување, кое и довело до застојот, го смалил.

Но сега нека го разгледаме фактот дека застојот мора да исчезне, без оглед колку упорно сакате да се задржите на него. Вашиот ум природно и слободно ќе појде кон решението. Тоа не можете да го избегнете, освен ако не сте вистински мајстор на истрајување во застојот. Стравот од застојот е непотребен, бидејќи колку што останувате подолго во него, толку повеќе ја согледувате квалитетната стварност која секој пат ве извлекува од ќорсокакот. Вистинскиот разлог на вашиот застој е трката низ вагоните на вашиот воз на знаење во потрага по решение кое се наоѓа надвор, пред возот.

Застоите не смеат да се избегнуваат. Тие психолошки му претходат на секое вистинско разбирање. Несебичното прифаќање на застојот е клуч за разбирање на Квалитетот, како во механичката работа, така и во секое друго настојување. Според тоа разбирање на Квалитетот, стекнато низ застои, самоуките механичари толку често се поспособни од школуваните луѓе кои научиле како да решат се освен непознатите дефекти.

Обично штрафовите се толку ефтини и мали и едноставни што мислите дека се неважни. Но сега, кога вашата квалитативна свест станува појака, увидувате дека тој поединечен, посебен штраф не е ниту ефтин ниту мал ниту неважен. Токму сега тој штраф вреди точно колку продажната цена на целиот мотор, бидејќи моторот нема практична вредност додека не го извадите тој штраф. Со ова ново вреднување на штрафот надоаѓа и желбата да го проширите своето знаење за него. Со проширување на знаењето ќе дојде и до ново вреднување на штрафот. Ако се сосредоточите на него, ако мислите за него, ако на него заглавите доволно долго, би рекол дека со време ќе увидите дека тој штраф е се помалку и помалку типичен објект од некој вид, а се повеќе и повеќе единствен објект за себе. Потоа со уште поголемо сосредоточување ќе почнете да го гледате тој штраф не како објект туку како збир на функции. Вашиот застој постапно ги трга на страна моделите на традиционалниот разум.

Во минатото, кога го разделувавте субјектот од објектот на траен начин, вашето размислување за нив стануваше многу вкочането. Создававте категорија наречена "штраф" која изгледаше несоборлива и постварна од стварноста која ја гледате. И не можевте да смислите како да се извлечете од застојот, бидејќи не можевте да смислите ништо ново, бидејки не можевте да видите ништо ново.

Сега, при извлекувањето на тој штраф, вас веќе не ве интересира што е тој. Она што тој е престанало да постои како категорија на мислите и претставува непрекинато директно искуство. Не се наоѓа повеќе во вагоните, туку на челото и е подложно на

промени. Вас ве интересира што тој прави и зошто тоа го прави. Ќе поставувате функционални прашања. Во врска со вашите прашања ќе се случи квалитативно разлачување истоветно со квалитативното разлачување кое го довело Поенкаре до Фуксовите равенки.
Не е важно какво е вашето конкретно решение штом тоа го содржи Квалитетот. Размислувањето за штрафот како за спој на цврстина и неговото својство на спирално навртување може природно да доведе до употреба на лемило. Тоа е еден вид квалитативна шина. Други шини би можеле да ве одведат во книжарница да разгледате каталог на механички алатки при што би можеле да налетате на извлекувач на штрафови кои би ја завршил работата. Или да повикате пријател кој по малку се разбира во механичарска работа. Или штрафот да го избушите, или да употребите заварувач. Или можете, како резултат на своето концентрирано размислување за штрафот, да откриете некој нов начин на вадење на кој никој претходно не помислил и кој е подобар од сите други и може да се патентира и да создаде од вас милионер во рок од пет години. Не може да се предвиди што лежи на шините на Квалитетот. Сите решенија се едноставни - кога еднаш ќе стигнете до нив. Но тие се едноставни само тогаш кога веќе знаете какви се.

Главниот пат број 13 ја следи притоката на нашата река но сега оди низводно крај старите градови со пилани и дремлив пејсаж. Понекогаш, доколку свртите од сојузниот на регионалниот пат, ви изгледа дека патувате назад во времето. Убави планини, убава река, нерамен но пријатен пат...стари згради, стари лица на тремовите...чудно е како старите, застарените згради и фабрики и пилани, технологијата стара педесет и стотина години, изгледаат подобро отколку многу нови нешта. Плевелот и тревата и дивото цвеќе растат во бетонските пукнатини. Уредните, правоаголните, вертикалните црти добиваат случајни закривувања. Едноличната маса на воедначената свежа боја минува во шарена, избледена мекост. Природата има своја неевклидовска геометрија која понекогаш ја смекнува намерната објективност на тие згради со некој вид случајна спонтаност чие проучување би им дошла добро на архитектите.
Наскоро ја напуштаме реката и старите заспани градби и сега се качуваме на некоја сува рамнина покриена со ливади. Патот е полн со џумки и толку нерамен и оштетен што морам да ја смалам брзината на осумдесет. Во асфалтот има грозни дупки и затоа внимателно гледам да не наидам на уште некоја.

Навистина се навикнавме на далечини. Деловите од патот кој во Дакотите би ни се чинеле долги сега изгледаат кратки и лесни. Ни изгледа порпиродно да се биде на мотор отколку на земја. Се наоѓаме во непозната околина, во предели кои не сум ги видел никогаш порано, но јас тука не се чувствувам како туѓинец.
На врвот на рамнината, кај Грангевил, Ајдахо, заради неподносливата жештина влегуваме во ресторан со климатизација. Внатре владее прекрасна свежина. Додека го чекаме чоколадниот напиток, забележувам еден средношколец кој седи на шанкот и разменува погледи со девојката покрај себе. Таа е прекрасна, и јас не сум единствен кој го забележува тоа. Девојата зад шанкот која ги послужува исто така ги гледа. Некој вид триаголник. Постојано незабележани минуваме низ кратките мигови на туѓите животи.
Повторно се враќаме на жештината и недалеку од Грангевил гледаме дека рамнината, која изгледаше речиси како прерија кога излегувавме од неа нагло минува во голем кањон. Гледам дека нашиот пат ќе се спушта се пониско и пониско преку стотици остри кривини во пустелија од испресечена земја и карпи. Го удирам Крис по коленото и му го покажувам кањонот, а кога вртиме зад една кривина од која можеме да го видиме целиот го слушам како се дере: - Ју-ху!.
На работ префрлам во трета и го исклучувам гасот. Моторот малку се опира, пука, и тргнувам низбрдо.
Додека нашиот мотор се спушта на дното на ова непознато место, висината се смалува на над илјада метри. Гледам нагоре зад себе и на врвот гледам автомобили како мравки. Сега мораме да јуриме напред низ оваа врела пустина каде и да не одведе таа.

25

Вчера дискутиравме за решавањето на проблемот на застојот, за класичната грдост што ја предивзикува традиционалниот разум. Сега е време да минеме на нејзината романтична паралела, на грдоста на техниката која ја произведе традиционалниот разум.

Патот закривува, се крева и се спушта преку пустинските ридови и допира до тесната лента зеленило која го опкружува градот Вајт Брд, а потоа не носи до големата брза река која тече помеѓу високите кањонски карпи и се вика Саламон.

Тука жештината е ужасна и одблесокот од белите карпи заслепува. Возиме долж кривините на тесниот кањон, неспокојни заради брзата промена и притеснети од жестоката жега.

Грдоста од која бегаа Сатерландови не е составен дел на техниката. Ним тоа само им изгледа така, бидејќи е многу тешко од техниката да се издвои она што би можело да биде грдо. Техниката е едноставно правење на предмети, а правењето предмети по својата природа не може да биде грдо, во спротивно не би постоела можност на создавање убавина во уметноста која исто така вклучува правење предмети. Всушност коренот на зборот техника, техне, изворно значел "уметност, вештина". Старите Грци никогаш во мислите не ја раздвојувале уметноста од занаетчиството и затоа не развиле посебни зборови за нив.

Грдост нема ниту во материјалите на модерната технологија - како што тоа може да се чуе понекогаш. Пластиката и синтетиката која се употребува во масовното производство не се самите по себе лоши нешта. Тие само предизвикуваат лоши асоцијации. Како што човекот кој проживеал дел од својот живот помеѓу камените ѕидови на една зандана веројатно засекогаш ќе го смета каменот за грд материјал, иако каменот истовремено е основен материјал за скулптури, така и човекот кој живее во занданата на грдата пластична технологија која започнува со играчките во детството а продолжува целиот живот со потрошувачка на неквалитетни производи, веројатно тој материјал ќе го смета за во суштина грд. Но вистинската грдост на современата технологија не се наоѓа во ниту еден материјал ниту во еден облик, ниту во еден чин ниту во еден производ. Тоа се само објекти во кои се чини дека пребива Квалитетот. Тој впечаток го создава нашата навика на субјектите или на објектите да им припишуваме Квалитет.
Вистинската грдост не е резултат на никакви објекти на технологијата. Ниту пак, ако се држиме до Федровата метафизика, е резултат на некакви субјекти на технологијата, на луѓето кои ја создаваат или на луѓето кои со неа се служат. Квалитетот, или неговата отсутност, не пребива ниту во објектот. Вистинската грдост лежи во односот помеѓу луѓето кои создаваат технологија и нештата кои тие ги создаваат, што се огледува во сличниот однос кој владее помеѓу луѓето кои се служат со технологијата и предметите со кои тие се служат.
Федар почувствува дека во мигот на забележувањето на чистиот Квалитет, или дури и пред забележувањето, во мигот на чистиот Квалитет, не постои субјект и не

постои објект. Постои само чувстото за Квалитет кое ја поттикнува подоцнежната свесност на субјектите и објектите. Во мигот на чистиот Квалитет, субјектот и објектот се истоветни. Тоа е вистината тат твам аси од Упанишадите, но е присутна и во модерниот уличен жаргон. "Да ти текнува", "да ги конташ нештата", “да ти сече умот” - сите овие изрази се одрази на оваа истоветност. Таа истоветност е база на мајсторството во сите технички вештини. И токму таа истоветност и недостасува на модерната, дуалистички заснована технологија. Нејзиниот креатор не чувствува некакво посебно поистоветување со неа. Нејзиниот сопственик не чувствува некакво посебно поистоветување со неа. Нејзиниот корисник не чувствува никакво посебно поистоветување со неа. Според тоа, во согласност со Федровата дефиниција, во неа нема Квалитет.

Sидот којшто Федар го виде во Кореја беше технолошки чин. Беше убав, но не поради некакво мајсторско планирање ниту пак некаков научен надзор над работата, ниту пак заради некакви дополнителни трошоци за "стилизирање". Тој беше убав затоа што луѓето кои работеле на него така гледале на нештата што дури и несвесно исправно постапувале. Тие не се одвојувале од работата за да погрешат. Тука е суштината на решението. Патот да се реши судирот помеѓу човечките вредности и технолошките потреби не е во бегањето од технологијата. Тоа е невозможно. Патот да се реши тој конфликт е во рушењето на браната на дуалистичката мисла која го спречува вистинското разбирање на она што е технологија, то ест дека таа не претставува искористување на природното, туку спојување на природата и човечкиот дух во нов вид суштество кое ги надминува обете. Кога таквото надминување ќе се случи, како на пример при настани како што е првиот лет со авион преку океан или првиот човечки чекор на Месечината, се јавува и некој вид јавно признавање на несфатливата природа на технологијата. Но таа несфатливост треба да се случува и на индивидуално ниво, на лична основа, во животот на обичниот човек, на начин кој е помалку драматичен.

Тука наидуваме на кањонски карпи кои се потполно исправени. На многу места патот низ нив морал да се пресече со минирање. Нема помошни патишта. Само во правецот на текот на реката. Можеби само ми се причинува, но би рекол дека сега реката е помала отколку пред еден час.

Се разбира, ваквото лично неразбирање на судирот со технологијата не мора да се однесува на моторот. Може да биде на толку едноставно ниво како што е брусењето на кујнскиот нож или шиењето фустан или поправањето скршена столица. Темелните проблеми се секогаш исти. Во секој од тие случаи постои убав начин тоа да се направи и грд начин тоа да се направи, потребни се и вештина да се види што "изгледа добро"и вештина да се разберат скриените методи на стигнување до тоа "добро". И класичното и романтичното поимање на Квалитет мораат да се согласуваат.

Природата на нашата култура е таква што, кога би сте sирнале во упатствата за да видите како се врши некој од тие работи, упатствата секогаш би ви дале само едно поимање на Квалитетот, класичното. Тие би ви рекле како треба да го држите сечилото кога го брусите ножот, или како се употребува машината за шиење, или како се меша и како се применува лепакот, и "доброто" би следело природно, под услов тие скриени методи веќе да биле употребени. Вештината непосредно да се види што "изгледа добро" би била занемарена.

Резултатот е прилично типичен за модерната технологија: нејзината огромна тапост која изгледа толку мачна што мора да се прекрие со "стилски" лак за да биде прифатлива. А тоа на оној кој има и малку чувство за романтичен Квалитет поради тоа му паѓа уште потешко. Сега не е само мачно и тапо, туку уште и лажно. Споите ги тапоста и лажноста и ќе добиете точен базичен опис на современата американска технологија: стилизирани автомобили и стилизирани надворешни мотори за чамци, стилизирани машини за пишување и стилизирана облека. Стилизирани фрижидери полни со стилизирана храна во стилизирани куќи. Пластични стилизирани играчки за стилизирани деца, кои го минуваат Божик и секој роденден стилски, со своите стилски родители. Морате да бидете страшно стилски настроени за да не ви се смачува од сето тоа. Стилот ве гази; технолошката грдост прелиена со сируп на романтична лажност во напорот да произведе убавина и да извлече полза од народот кој, иако целиот потонат во стил, не знае каде би почнал бидејќи никогаш никој не му рекол дека на овој свет постои нешто како што е Квалитет, и тоа вистински а не во стил. Квалитетот не е нешто што се лепи на врвот на субјектот и на објектот, како што лампион кој се закачува на новогодишната елка. Вистинскиот Квалитет мора да биде извор на субјектот и објектот, семе од кое мора да никне стеблото.

За да се стигне до овој Квалитет, потребна е малку поинаква процедура од упатствата од типот "прв чекор, втор чекор, трет чекор" кои ја следат дуалистичката технологија, и сега ќе се обидам да продрам во неа.

После многу кривини во кањонот застануваме за да се одмориме под малите јазлосани стебла и карпи. Тревата околу стеблата е изгорена и кафена и полна со отпадоци кои зад себе ги оставиле излетниците.

Се испружувам во сенка, и по некое време го кревам погледот кон небото кое не го гледав многу откако влеговме во кањонот. Над карпите на кањонот тоа е студено и модро и многу далечно.

Крис дури и не оди до работ за да ја види реката, што обично го прави. И тој е уморен како и јас, па се задоволува со тоа што само седи во малата сенка под оние дрвја.

Малку подоцна тој вели дека му се чини дека меѓу нас и реката гледа една стара железна црпка. Ми покажува со прст и јас гледам на што мисли. Заминува таму и пумпа вода во раката а потоа со неа си го полева лицето. Му приоѓам и пумпам за него за да може да ги употреби обете раце. Потоа и јас се мијам. На рацете и на лицето чувствувам колку е студена водата. После тоа се враќаме до моторот, се качуваме и се враќаме на патот кој продолжува низ кањонот.

Сега она решение. Се досега низ целата оваа шатакуа на целиот проблем на технолошката грдост се гледаше негативно. Беше речено дека романтичните ставови во однос на Квалитетот, каков што кон него имаат Сатерлендови, се сами по себе безнадежни. Не можете да живеете само од привлечни емоции. Морате да работите и со скриените вселенски облици, со природните закони кои, кога ќе се разберат, можат да ја олеснат работата, да ги намалат болестите и речиси да ја искоренат гладта. Од друга страна, технологијата заснована на чистиот дуалистички разум е исто така осудена, бидејќи ги постигнува тие материјални предности претворајќи го светот во стилизиран куп ѓубре. Сега е време да се прекине со осудувањето на нештата и да се дадат некои одговори.

Одговорот е Федровото тврдење дека класичното сфаќање не смее да и се спротивставува на романтичната убавина; класичното и романтичното сфаќање треба да се обединат на базично ниво. Во минатото нашиот заеднички свет на разумот беше во процес на отфрлање и бегање од романтичниот, ирационален свет на предисторискиот човек. Уште од предсократовско време беше потребно да се отфрлат страстите и чувствата за да се ослободи рационалниот дух за разбирање на природниот ред со повторното усвојување на оние страсти од кои претходно се бегало. Страстите, возбудувањата, чувственото подрачје на човековата свест, се исто така дел од природниот ред. Негов средишен дел.

Денес во науката сме замаени со ирационалното ширење на слепото собирање податоци, со оглед на тоа што не постои рационален формат за разбирање на научната креативност. Денес исто така сме замаени со огромно количество стилизирање во уметноста - во плитките уметности - бидејќи има многу малку усвојувања и продирања во скриените облици. Имаме уметници без научно познавање и научници без уметничко познавање и едните и другите без било какво духовно чувство за гравитација, затоа резултатот не само што е лош, тој е катастрофален. Времето за повторно вистинско соединување на уметноста и технологијата навистина е одамна дојдено.

Кај Де Весови почнав да зборувам за душевниот мир во врска со техничката работа но бев исмеан бидејќи сум го изнел вон контекст. Мислам дека токму ова е контекстот да му се навратиме на тој душевен мир и да погледнеме за што говорев тогаш.
Душевниот мир не е површна работа во техничките дејности. Во него лежи се. Она што го создава е добрата работа а она што го уништува е лошата работа. Спецификациите, мерните инструменти, контролата на квалитетот, конечната проверка, сите тие се средства чија цел е задоволување на душевниот мир на оние кои се одговорни за работата. Она што на крајот се зема предвид е нивниот душевен мир, ништо друго. Причината за тоа лежи во фактот што душевниот мир е предуслов за забележување на оној Квалитет кој се наоѓа зад романтичниот и класичниот Квалитет, кој ги соединува овие две, и кој мора да ја следи работата додека таа е во тек. Патот да се види што е тоа што изгледа добро и да се разберат причините заради кои тоа изгледа добро, и да се биде во спрега со тој добар

изглед додека работата тече, води преку внатрешниот спокој, преку душевниот мир, на начин кој ќе овозможи тоа добро својство да заблеска низ него.

Велам внатрешен душевен мир. Тој нема директна врска со надворешните прилики. Може да го почувствува свештеник при медитација, војник во жестока битка или машинец кој работи со прецизност од илјадинка од милиметарот. Тој се базира врз отсуството на самосвест, што резултира со потполно поистоветување со приликите - постојат нивоа и нивоа на тоа поистоветување и нивоа и нивоа на спокојност кои се еднакво длабоки и кои е подеднакво тешко да се достигнат како попознатите нивоа на активност. Планините на постигнувањето се Квалитет откриен само во една насока, и се релативно безначајни и често пати недостапни ако не се разгледуваат заедно со океанските длабочини на самосвесноста - толку различна од самосвеста - кои произлегуваат од внатрешниот душевен мир.

Тој внатрешен душевен мир се јавува на три нивоа на поимањето. Изгледа дека е најлесно да се постигне телесно спокојство, иако и тука постојат нивоа и нивоа, како што тоа го докажува способноста на индијските мистици да бидат со денови живи закопани. Душевната спокојност, во рамките на која човек е ослободен од немирни мисли, се чини потешка, но може да се досегне. Но вредносното спокојство, во рамки на кое човек е ослободен од секакви желби и едноставно ги извршува секојдневните работи без какви било стремежи, се чини дека е најтешко да се постигне.

Понекогаш помислувам дека тој внатрешен душевен мир, тоа спокојство, е слично ако не и исто со некоја смиреност која понекогаш ја чувствувате при рибарење, и тоа многу придонесува за популарноста на овој спорт. Да се седи само со трската и јадицата, без движење, без мислење и без никакви грижи, таа состојба понекогаш ги отстранува нашите внатрешни напнатости и фрустрации, кои ни пречеле во излегувањето на крај со проблемите кои претходно не сме можеле да ги решиме, и кои внесувале грдост и неспретност во нашите дела и во нашите мисли.

Се разбира, не морате да одите на рибарење за да поправите мотор. Шолја кафе, прошетка по улица, понекогаш едноставно прекинување на работата на пет минути молчење - тоа е доволно. Кога работите можете речиси да почувствувате како се приближувате кон оној внатрешен мир којшто го разоткрива сето тоа. Она што му

врти грб на тоа внатрешно спокојство и Квалитетот којшто тој го открива е лошото одржување. Она што му врти лице е доброто одржување. Формите на вртење грб и лице се безбројни, но целта е секогаш иста.

Мислам дека кога овој концепт на душевен мир ќе биде воведен и поставен во средиштето на техничката работа, тогаш е можен спојот на класичниот и на романтичниот Квалитет на базично ниво, во рамките на практичната работа. Реков дека кај вештите механичари и машинци од одреден тип вие навистина можете да го видите тој спој, а можете да го видите во работата кои тие ја вршат. Да се рече дека тие не се уметници значи погрешно да се разбере природата на уметноста. Во нив има трпеливост, грижа и внимателност во однос на она што тие го прават, но и повеќе од тоа - има тука некој вид внатрешен душевен мир кој не е измислен туку произлегува од некаков склад со работата во којшто нема ниту водач ниту следбеник. Материјалот и мајсторовите мисли се менуваат во низа која се состои од мазни и воедначени промени, се до оној момент кога неговиот дух ќе се смири, токму во мигот кога материјалот ќе стане таков каков што треба да биде.

Сите сме искусиле такви моменти кога сме работеле нешто што навистина сме го сакале. Само што некако сме западнале во несреќно раздвојување на тие мигови од работата. Механичарот за кој говорам не го врши тоа разделување. Човекот за него вели дека го "интересира" тоа што го работи, дека е "занесен" со својата работа. Таа вклученост создава, на работ на сечивото на свеста, одсутност на какво било чувство на разделеност на субјектот од објектот. "Влегување во филм", "занесување", "засукување на ракавите" - има многу говорни изрази за она што го подразбирам под одсутност на дуалитетот на субјектот и на објектот, бидејќи она на што мислам многу добро се сфаќа на ниво на фолклор, на ниво на секојдневно однесување во работилницата, но во научниот говор зборовите за таа отсутност на субјектот и на објектот се ретки бидејќи научните умови ги исклучиле од свеста таквите видови на разбирање, превземајќи ги формалните дуалистички научни погледи на свет.

Зен будистите говорат за "едноставното седење", за медитативната вежба во која идејата за дуалност на субјектот и на објектот не владее со свеста. Она за што јас говорам кога зборувам за одржувањето на моторот е "едноставното поправање", при кое идејата за дуалност на субјектот и на објектот не владее со свеста. Кога со

човекот не владеат чувствата на разделеност од она на што работи, тогаш за него може да се каже дека "се грижи" за она што го прави. Тоа е суштината на грижата, чувството на поистоветување со она што се работи. Кога човек го има тоа чувство, тогаш тој ја гледа и другата страна на грижата, самиот Квалитет.

Кога човек работи на моторот, како и на секоја друга задача, мора да гради душевен мир кој не го одвојува од неговата околина. Кога тоа ќе се изведе успешно, тогаш сето останато следи природно. Душевниот мир создава вистински вредности, вистинските вредности создаваат вистински мисли. Вистинските мисли создаваат вистински дејства а вистинските дејства создаваат работа која ќе биде нивен материјален одраз, за другите да ја видат ведрината која владее во центарот на сето тоа. Тоа беше работата со оној sид во Кореја. Тој беше материјален одраз на душевната стварност.

Ако сакаме да го промениме светот и да го направиме подобро место за живеење, мислам дека патот до таа цел не не води низ разговори за односи кои се од политичка природа, кои се неизбежно дуалистични, полни со субјекти и објекти и со нивните меѓусебни врски; ниту пак низ програми полни со нешта кои другите луѓе треба да го прават. Мислам дека тој вид пристап почнува на крајот и да претпоставува дека крајот е почеток. Програмите од политичка природа се важни крајни производи на општествениот Квалитет, кои можат да бидат делотворни само доколку скриената структура на општествените вредности е во ред. Општествените вредности се во ред само доколку поединечните вредности се во ред. Местото каде треба да се поправа светот најнапред лежи во сопственото срце и главата и рацете, а потоа од таму треба да се работати врз околината. Некој друг можеби може да говори за тоа како да се подобри судбината на човештвото. Јас сакам да говорам само за тоа како се поправа мотор. А мислам дека ова што морам да го кажам има потрајна вредност.

Се појавува град кој се вика Риџинс и здогледуваме многу мотели, а потоа патот се рачва вон кањонот и следи некој мал поток. Изгледа како да се упатува нагоре, во шумата.

Наскоро се возиме во сенката на високите, студени борови. Се појавуваат знаци на одмаралишта. Закривуваме се повеќе и повеќе во неочекувано пријатени, студени,

зелени ливади опкружени со борови шуми. Во градот по име Њу Медоус повторно полниме бензин и купуваме две лименки масло, уште повеќе изненадени од промената.

Но при излегувањето од Њу Медоус забележувам дека сонцето е под низок агол и дека замреноста на доцното попладне почнува да се шири. Во некое друго доба на денот овие планински ливади би ме освежиле, но се возиме предолго. Минуваме низ Тамарак и патот повторно се спушта од зелените ливади во сув песочен пејсаж.

Мислам дека тоа е се што сакам да кажам во денешната шатакуа. Беше тоа долго предавање и можеби најважно. Утре сакам да зборувам за нештата кои навидум човекот го приближуваат кон Квалитетот и кои го оддалечуваат од Квалитетот, за некои стапици и проблеми кои се јавуваат при тоа.

Од портокаловата светлина ме обзема чудно чувство, во овој песочен и сув пејсаж толку далеку од дома. Се прашувам дали и Крис го чувствува тоа. Како некој вид необјаснива тага која надоаѓа секое попладне кога новиот ден засекогаш си заминува и не останува ништо пред нас освен се поголемата темнина.

Портокаловата светлина добива темно бронзена боја и понатаму го покажува она што го покажуваше цел ден, но изгледа дека сега го покажува тоа без воодушевување. Преку тие суви ритчиња, во оние мали далечни куќи живеат луѓе кои тука го минале целиот ден, работејќи ги своите дневни работи, кои сега не наоѓаат ништо необично ниту различно во овој чуден, се помрачен пејсаж, како што тој ни изгледа нам. Да пристигнавме до нив порано можеби би ги интересирало кои сме и зошто сме дошле тука. Но сега навечер само би им било криво што сме тука. Работниот ден мина. Време е за вечерата и семејството и опуштање и грижа за својот дом. Се возиме незабележани по овој пуст пат низ оваа пуста земја која не ја бев видел никогаш порано, и сега преовладува тешко чувство на издвоеност и осаменост и моето расположение замира заедно со сонцето.

Застануваме кај некое напуштено училиште и јас под стеблото на една голема топола менувам масло на моторот. Крис се раздразнува и прашува зошто се задржуваме толку, не знаејќи можеби дека е раздразлив само поради ова доба на денот, но јас му ја давам каратата да ја проучува додека менувам масло, па кога

маслото е променето заедно ја разгледуваме картата и решаваме да вечераме во првиот добар ресторан и да се влогориме во првиот добар камп. Тоа го развеселува.

Во крадот Кембриџ одиме на вечера и додека ја привршуваме, надвор се смрачува. Следиме зракче светлина долж споредниот пат кон Орегон до еден мали знак на кој пишува "Камп Браунли", за кого сфаќаме дека се наоѓа во планински пресек. Тешко е во темницата да се каже во каква околина се наоѓаме во моментов. Го следиме земјеното патче под дрвјата и покрај грмушките до местото за логорување. Изгледа дека тука нема веќе никого. Го гасам моторот и ги распакуваме работите. Во близина се слуша шум на поток. Освен тој шум и цвркотот на понекоја птица нема никакви други звуци.
- Ми се допаѓа тука - вели Крис.
- Многу е тивко - велам.
- Каде ќе стигнеме утре?
- Во Орегон. - Му ја подавам џепната ламба за да му свети додека ги распакувам предметите.
- Дали сум бил некогаш таму?
- Можеби, не сум сигурен.
Ги распакувам вреќите за спиење, а неговата ја ставам на излетничкото столче. Се радува на тоа. Ноќеска нема да има тешкотии со спиењето. Наскоро му го слушам длабокото дишење кое ми кажува дека тој веќе спие.

Би сакал да знаев што да му кажам. Или што да го прашам. Понекогаш ми изгледа толку близок, па сепак таа блискост нема никаква врска со она што се прашува или што се говори. Во други прилики ми изгледа толку далечен и како да ме гледа од некое поповолно гледиште кое јас не го гледам. А потоа понекогаш е само детинест и не постојат никакви односи.

Понекогаш, додека размислувам за тоа, мислам дека идејата дека духот на една личност може да му биде пристапен на духот на друга личност е само разговорна заблуда, само јажична фигура, илузија поради која некој вид замена помеѓу суштински отуѓените суштества изгледа уверлива, и дека навистина било каков вистински однос на една личност со друга на крајот на краиштата и не е можен. Напорот на проникнување во она што се наоѓа во духот на другото суштество го

искривува она што се гледа. Јас се обидувам, ми се чини, да досегнам до некои состојби во кои нештата се јавуваат неискривени, што и да се тие. Но начинот на кој тој ги поставува сите тие прашања не ми е е познат.

26

Ме буди чувство на студенило. Низ отворот на вреќата за спиење гледам дека небото е темносиво. Ја вовлекувам главата и повторно ги затворам очите.

Потоа гледам дека небесното сивило станува посветло, но се уште е студено. Ја гледам пареата на сопствениот здив. Ме буди вознемирувачка мисла дека сивилото доаѓа од дождовните облаци над нас, но по извесно набљудување сфаќам дека тоа е само сива мугра. Ми се чини дека е се уште престудено и прерано за возење, па не излегувам од вреќата. Но спиење веќе нема.

Низ жиците на тркалата ја гледам вреќата за спиење на Крис на масата за пикник, целата згужвана околу него. Не се помрднува.

Моторот тивко се издигнува над мене, подготвен за движење, како цела ноќ да бдеел над нас, к'о некој тивок чувар.

Сребренкасто-сив и хромиран и црн и - правлив. Прашината од Ајдахо и од Монтана и од двете Дакоти и од Минесота. Одоздола изгледа импресивно. Нема непотребни украси. Се има своја смисла.

Мислам дека никогаш нема да го продадам. Нема некоја посебна причина за тоа, навистина. Моторите не се како автомобилите, на кои рѓата им ја нагризува каросеријата за неколку години. Внимавајте на нив, поправајте ги и ќе ви траат цел живот. Веројатно и подолго. Квалитет. До сега не возеше без проблем.

Сончевата светлина токму во моментов го допира врвот на клисурата во која се наоѓаме. Еден прамен магла се појави над поточето. Тоа значи дека ќе затопли.

Се извлекувам од вреќата за спиење, ги облекувам чевлите, подготвувам се што можам а да не го разбудам Крис, потоа одам до масичето и го тресам за да се разбуди.

Тој не одговара. Гледам наоколу и забележувам дека веќе немам избор освен да го разбудам, па се колебам, но чувствувајќи се бодар и расположен од остриот утрински воздух, се дерам "СТАНУВАЈ" и тој нагло се исправа со ококорени очи.

Се обидувам колку што можам сето ова да го проследам со уводната рубаија на Омар Хајам. Ова над нас изгледа како некоја пустинска клисура во Персија. Но Крис нема абер за што зборувам. Го крева погледот кон врвот на клисурата и потоа само седи и трепка гледајќи во мене. човек би морал да биде посебно расположен за да прифати лошо рецитирање на поезија. Особено на оваа.

Набргу повторно се наоѓаме на пат полн со кривини и превои. Се спуштаме во ужасен кањон составен од бели високи клисури од обете страни. Ветерот е леден. Патот понекогаш минува низ малку сонце кое ме грее низ блузата и џемперот, но наскоро повторно влегуваме во сенката на кањонските карпи каде ветерот е повторно леден. Овој сув пустински воздух не ја задржува топлината. Усните ми се суви и испукани од ветерот што дува во нив.

Минуваме некаква брана, го напуштаме кањонот и влегуваме во некоја висока полупустинска земја. Ова сега е Орегон. Патот закривува низ пејзаж кој ме потсетува на северен Раџастан во Индија, каде нема вистински пустини туку многу грмушки и смреки и трева, но почвата не е обработлива освен во низините и долините каде има малку повеќе вода.

Оние луди рубаи од четири стихови постојано ми се моткаат низ глава.

Нешто, нешто на меѓата на ливадата од онаа страна
што ја дели нивата и пустината солена
Тука не се знае името на робот страден
Ниту милостивиот диван на Мехмед султан.
?

Тоа го привикува сеништето на рушевините на древната могулска палата на работ на пустината каде тој со крајче на окото забележа грмушка на дива ружа...

...А тој летен месец штом јоргован цути...Како ли одеше понатаму? Не знам. Дури и не ми се допаѓа таа песна. Забележав уште од почетокот на ова патување, а посебно од Боземан дека овие епизоди изгледаат сее помалку и помалку како дел од неговото паметење а сее повеќе и повеќе како дел од моето. Не сум сигурен што значи тоа...мислам...едноставно не знам.

Веројатно постои име за ваквиот вид полупустина, но не можам да се сетам на него. На патот нема никого освен нас.

Крис се дере дека повторно има проблем. Се возиме додека не го здогледам потокот под нас, па вртиме и застануваме. Неговото лице повторно е полно со нелагодност, но јас му велам дека не ни се брза и го вадам чистиот веш и парче тоалет хартија и парче сапун и му велам темелно и внимателно да ги измие рацете кога ќе биде готов.

Седам на карпата на Омар Хајам размислувајќи за полупустината и не се чувствувам лошо...А тој летен месец штом јоргован цути...ох...сега надоаѓа...

Секое утро, велиш, сто ружи во росата;
Кој ли трендафилот вчерашен го носи?
А тој летен месец штом јоргован цути
на младиот Халил и на Фатима в коси.

И така натаму, и така натаму...

Да го оставиме Омар и да и се вратиме на шатакуата. Омаровото решение е само да се седи и да се пие вино и да се тагува што времето мине, а шатакуата во споредба со тоа ми изгледа подобро. Особено денешната шатакуа, која говори за занесот.

Го гледам Крис како се враќа. На лицето има весел израз.

Зборот "занес" ми е драг затоа што е толку убав и толку занемарен и толку демоде што изгледа како да бара пријател и како да не сака да одбие никого кој ќе наиде. Некогаш тој многу се употребувал, но пополека излегува од говорот. Го сакам и затоа што го опишува токму она што му се случува на некој кој доаѓа во допир со Квалитетот. Тогаш тој се исполнува со занес.

Грците тоа го нарекувале ентусиасмос, од каде потекнува и "ентузијазам", што буквално значи "исполнет со божество", или со Квалитет. Гледате како се се совпаѓа?

Личноста исполнета со занес не седи безработно дрдорејќи за било што. Таа е на чело на возот на сопствената свесност, гледа што има на пругите и се соочува со тоа кога истото ќе наиде. Тоа е занес.

Крис доаѓа и вели: - Сега се чувствувам подобро.
- Добро - велам јас. Го подготвуваме сапунот и тоалет хартијата а крпата и мокриот веш го ставаме така за да не ги намокри другите предмети, па се качуваме на моторите и повторно се возиме.

Процесот на полнење со занес се случува кога некој е смирен доволно долго за да го види и за да го чуе и за да го почувствува вистинскиот космос, не само своето мемливо мислење за него. Но тоа не е ништо егзотично. Затоа и ми се допаѓа тој збор.

Често го гледате тој занес на луѓето кои се враќаат од долго и мирно рибарење. често пати тие се по малку затечени од тоа колку време потрошиле "залудно" бидејќи немаат интелектуално оправдување за она што го прават. Но, кога рибарот ќе се врати дома, обично има огромно количество занес, најчесто за оние нешта од кои го фаќала сафра неколку седмици претходно. Тој не губел време. Тоа само изгледа така поради нашето ограничено културно гледиште.

Ако се подготвувате да го поправите моторот, првиот и најважен алат е соодветната залиха на занес. Доколку ја немате, можете слободно да го соберете сиот останат алат и да го оставите на страна, бидејќи тој воопшто нема да ви помогне.

Занесот е психолошки бензин кој го покренува сето останато. Ако го немате, не постои начин моторот да се поправи. Но ако го имате, и ако знаете како да го сочувате, не постои начин кој би ве спречил моторот да се поправи. Тоа мора да се случи. Според тоа занесот е она што мора постојано да се истакнува и да се чува, пред сето останато.

Таа извонредна важност на занесот решава еден исклучителен проблем на оваа шатакуа. Проблемот е во тоа како да се ослободиме од генерализирањето. Ако оваа шатакуа западне во конкретни детали на поправањето на еден посебен мотор, постои голема веројатност тоа да не биде ниту вашата марка ниту вашиот модел и информациите да ви бидат не само некорисни туку и опасни, со оглед на тоа што советот кој понекогаш може да поправи еден мотор може да уништи друг. За детални информации од објективен тип мора да се употреби посебен работилнички прирачник за одредена марка и одреден модел. Освен тоа, општиот работилнички прирачник каков што е "Авто-мото водичот" на Аудел ги пополнува празнините.

Но постои еден друг детал во кој не навлегува ниту еден работилнички прирачник, а кој е заеднички за сите мотори и кој тука можеме да го изложиме. Тоа е детал во врска со односот кон Квалитетот, во врска со занесот кој постои помеѓу моторот и механичарот, кој е подеднакво сложен колку и самиот мотор. Низ целиот процес на поправање на моторот постојано се појавуваат некои нешта, нешта со низок квалитет, од правлив зглоб до случајно оштетен "незаменлив" склоп. Тоа спласнување на занесот ви го расипува воодушевувањето и толку ве обесхрабрува што посакувате да ја заборавите целата работа. Тие нешта ги нарекувам "стапици".

Постојат стотици различни видови стапици во кои запаѓа занесот, можеби милиони. Нема начин да спознаам колкав број од нив познавам. Само знам дека ми се чини дека сум се стапнал во секоја стапица на занесот која може да се замисли. Но не можам да сфатам како сум налетал на нив бидејќи во секоја нова работа откривам се поголем број од нив. Одржувањето на моторот ви ја уништува волјата. Ве лути. Ве разбеснува. Поради тоа е и интересно.

Картата ми вели дека градот Бејкер наскоро ќе биде пред нас. Гледам дека се наоѓаме во земја со поразвиено земјоделство. Тука паѓа повеќе дожд.

Сега на ум го имам каталогот со наслов "Стапици за занесот кои ги имам запознаено". Сакам да започнам едно цело ново академско поле на работа, наука за занесот, во чии рамки ќе ги распоредам, класифицирам, структурирам во хиерархии и меѓусебно ќе ги поврзам овие стапици, за воспитување на идните генерации и за добробит на целото човештво.

Наука за занесот 101 - Испитување на афективните, когнитивните и психомоторните пречки при забележувањето на квалитативните односи - 3 цр, ВИИ; МЊФ. Би сакал да го видам тоа некаде во каталогот на Универзитетската библиотека.

Во традиционалното одржување под занес се подразбира нешто со што сте се родиле или што сте го стекнале како резултат на доброто воспитување. Тоа е трајно својство. Поради недостаток на информации за тоа како се стекнува, некој би можел да помисли дека човекот без никаков занес е безнадежен случај.

Во недуалистичкото одржување занесот не е трајно својство. Тоа е променливо својство, магацин на бодриот дух кој може да се зголемува и да се смалува. Со оглед на тоа што тоа е резултат на забележување на Квалитетот, нужно следи дека стапицата за занесот може да се дефинира како било што што доведува до тоа некој да го загуби од вид Квалитетот, и така да го загуби воодушевувањето за она што го работи. Како што може да се насети од една ваква широка дефиниција, полето е големо и тука може да се нафрли само почетната скица.

Колку што сфаќам, постојат два главни типа стапици за занес. Во првиот тип спаѓаат оние во кои сте исфрлени од пругите на Квалитетот поради околности кои се во спрега со надворешните прилики, и јас тие стапици ги нарекувам "пречки". Во другиот тип спагаат стапици во кои сте исфрлени од пругите на Квалитетот поради околности кои првенствено се наоѓаат во вас самите. За нив немам никакво заедничко име - можеби "застои". Прво ќе се позанимавам со пречките кои имаат надворешни причинители.

Кога прв пат вршите некаква поголема поправка, најмногу ве загрижува проблемот на составување на деловите на моторот по погрешниот редослед. Тоа обично се случува во моментот кога мислите дека веќе сте ја завршиле работата. После неколкудневна работа конечно се е составено освен - што е ова?!? Осовина во лежиштето на клипот. Како сум можел тоа да го превидам? Боже, ќе мора да се почне од почеток. Речиси можете да чуете како занесот издишува.

Не можете да направите ништо друго туку да се вратите и повторно се да растурите...по малку одмор од еден месец кој ви е потребен за да се привикнете на таа помисла.

Постојат две техники со кои се служам за да ја избегнам пречката на составување по погрешен редослед. Со нив се служам главно кога се впуштам во посложен зафат за кој не знам ништо.

Тука во загради би требало да се вметне дека постои школа на механичарска мисла која вели дека јас не би смеел да се впуштам во сложени зафати за кои не знам ништо. Би морал или да бидам упатен или да му ја препуштам работата на стручно лице. Тоа е школа на механичка одбраност која функционира на ниво на самопослуга која би сакал да ја видам уништена. Такво "стручно" лице еднаш скрши ребра на цилиндер на еден ваков мотор. Јас ги уредувам прирачниците пишувани за стручни лица за ИБМ компјутери, и она што тие го дознаваат откога ќе ги проучат не е нешто особено. Вие сте во неповолна позиција кога за прв пат ќе се соочите со тоа и можеби тоа повеќе ќе ве чини поради деловите кои можете случајно да ги оштетите, и тогаш без сомневање ќе потрошите многу повеќе време, но кога следниот пат ќе се сретнете со истото веќе сте во голема предност пред стручните лица. Вие во занесот сте научиле многу и со многу мака, и сега сте полни со разновидни пријатни чувства кои во нив веројатно ги нема.

Во секој случај, првата техника на спречување на стапицата на составување делови според погрешен редослед е тетратка во која го запишувам редоследот на растурањето и ги бележам необичностите кои би можеле да ми задаваат главоболка при подоцнежното составување. Таа тетратка станува многу масна и грда. Но неколку пати два-три збора кои не изгледаа значајни кога беа запишувани

ги спречија оштетувањата и ми заштедија повеќечасовна работа. Белешките мораат да посветат особено внимание на левата и на десната ориентација на деловите, на горната и долната позиција, како и да ги обележуваат боите и распоредот на жиците. Доколку поединечните делови изгледаат излижани или оштетени или олабавени, тоа е вистинско време истото да се запише за после да можете сите резервни делови да ги купите одеднаш.

Друга техника на спречување на стапицата на составување на деловите по погрешниот редослед се весниците раширени на подот на гаражата на кои ги ставам сите делови од лево на десно и од горе надоле, како што читате страница во книга. На тој начин кога ги составувате по обратниот редослед сите малечки штрафчиња и подлоги и осовинки кои лесно се забораваат ви го привлекуваат вниманието токму кога треба.

Па сепак, дури и покрај сета таа претпазливост понекогаш ви се случува да ги составите деловите по погрешен ред, а кога ќе се случи тоа морате да внимавате на занесот. чувајте се од очајот во кој диво јурите трудејќи се да го обновите занесот и надокнадувајќи го загубеното време. Со тоа се прават само нови грешки. Штом ќе видите дека мора да се вратите и повторно да растурите се, крајно време е за подолг прекин на работата.

Важно е да ги разликувате таквите случаи од грешките во составување поради недостаток на одредени информации. Често целиот процес на составување станува сувопарна техника во која морате да го растурите моторот за нешто да замените и потоа повторно да го составите за да видите дали замената успеала. Ако не успеала, тоа не е пречка бидејќи таа информација која сте ја добиле претставува вистински напредок.

Но доколку сте направиле очигледно глупава грешка при составувањето, занесот делумно може да се спаси низ спознанието дека идното растурање и составување веројатно ќе се одвива многу побргу отколку првото. Потсвесно сте запаметиле секакви нешта кои повеќе не морате да ги учите од почеток.

Од Бејкер моторот не носи нагоре низ шумите. шумскиот пат не води низ еден превој па повторно низбрдо низ нови шуми на другата страна.

Додека се спуштаме низ горската косина, забележувам дека дрвјата се се поретки, за на крај да се најдеме во пустина.

Следната препрека е испрекинатиот дефект. Во ваков случај, она што е расипано одеднаш станува исправно штом почнете да го поправате. Електричните кратки споеви често пати спаѓаат во ова множество. Краткиот спој се случува само кога моторот потскокнува. Штом ќе застанете, се е во ред. Тоа е речиси невозможно да се поправи. Се што можете да направите се состои во тоа да се обидете дефектот одново да се јави, па ако не се јави, да го заборавите.

Испрекинатите дефекти стануваат стапици кога ќе ве наведат да верувате дека моторот навистина е поправен. Секогаш и во секоја работа е добро да се причека неколку стотици километри пред донесувањето на такви заклучоци. Тие дефекти обесхрабруваат кога често се појавуваат, но во ниту еден случај не сте во полоша позиција од оној кој доаѓа кај механичар. Всушност вие сте во подобра позиција. Тие дефекти се многу поголеми стапици за сопственикот кој мора секој час да го носи моторот во работилница без никакво задовоство. На својот мотор можете да ги проучувате колку сакате, нешто што механичарот не може да го стори, и можете едноставно со себе да го носите алатот кој мислите дека ќе ви треба додека испрекинатиот дефект повторно не се појави, па тогаш, кога тој ќе се појави, да застанете и да се позанимавате со него.

Кога ќе се појават испрекинати дефекти, обидете се да ги споредите со други нешта кои му се случуваат на моторот. Дали проблемот се појавува, на пример, само кога моторот ќе налета на дупки, само на кривини, само при забрзување? Само кога е топло? Тие споредби се клуч за причинско-последичните претпоставки. Кај некои испрекинати дефекти морате да се помирите со тоа дека ве чека долга истрага, но без оглед колку е мачно, тоа не е ниту одблизу толку мачно како пет одења на професионален механичар. Доаѓам во искушение да напишам долга расправа под наслов "Испрекинатите дефекти кои ги имам запознаено" со детален опис како сум ги решил. Но тоа веќе наликува на оние рибарски приказни кои го интересираат

само рибарот кој никако не може да сфати зошто сите останати се проседаат. Тој уживаше во тоа.

После погрешното составување и испрекинатите дефекти, мислам дека следната највообичаена надворешна стапица е недостатокот на резервни делови. Тука оној кој сам си ги врши поправките може да западне во малодушност на неколку начини. Деловите се нешто што никогаш не планирате да го купите во моментот кога го купувате моторот. Претставништвата уживаат во тоа да располагаат со многу мали резерви. Продавниците за делови се бавни и секогаш имаат недостаток на продавачи на пролет кога сите купуваат резервни делови за мотори.

Цените на деловите се втор дел од оваа стапица за занес. Добро е позната индустриската политика дека цената на оригиналниот производ мора да биде конкурентна, бидејќи купувачот секогаш може да отиде на друго место, но затоа кога се во прашање резервните делови цените се набиени и продавачите ве дерат. Цената на поединечниот дел не само што е далеку над неговата првобитна цена, за вас цената е посебна бидејќи вие не сте професионален механичар. Тоа е подмолна измама која му овозможува на професионалниот механичар да се збогати, вградувајќи делови кои не се потребни.

Уште еден проблем. Делот не мора да одговара. Описите на деловите секогаш содржат грешки. Промените на сериите и на моделите внесуваат збрка. Недоволно прецизните делови понекогаш минуваат низ контрола на квалитетот бидејќи во фабриката не постои исправен апарат за проверка. Некои од деловите кои ги купувате се прават во посебни погони кои немаат увид во оригиналните податоци за да можат исправно да ги изработат. Понекогаш тие ги мешаат промените на сериите и моделите. Понекогаш кога продавачот кај кого купувате делови ќе запише погрешен број. Понекогаш вие нему нема да му дадете точен опис. Но секогаш ќе се појави една страшна стапица за занесот кога ќе се вратите дома и ќе откриете дека новиот дел не одговара.

Стапиците кои се во врска со деловите можат да се совладат со комбинирање на низа техники. Пред се, ако во градот постои повеќе од една продавница со резервни делови, секако избери ја онаа во која продавачот е најљубезен.

Настојувај со него да бидеш на "ти". Често и тој е бивш механичар па може да ти даде бројни информации кои ти се потребни.

Внимавај на оние кои ги намалуваат цените и обиди се да преговараш со нив. Со некои од нив е добро да се соработува. Магацините на автомобили и компаниите кои ја праќаат стоката преку пошта често пати имаат многу пониски цени за деловите на моторот отколку претставништвата на моторите. Можете да купите синџир од производувач на синџир по многу поефтина цена од најниската во продавниците за мотори.

Секогаш земи го стариот дел со себе за да избегнеш купување на погрешниот дел. Понеси и некаква мерка за да ги споредиш димензиите.

На крај, доколку поради резервните делови си очаен како и јас, и располагаш со малку пари кои би ги вложил, можеш да се занимаваш со навистина величенствено хоби на изработка на сопствени делови. Јас имам мала метало-преработувачка машина со димензии 6Х8 палци со вградена глодалка и целосна опрема за заварување: електричен лак, хелио-лак, нормален апарат и мини апарат на плин. Со таа опрема можете да ги заварите излижаните површини кои ќе изгледаат подобро од оригиналниот метал, а потоа да го избрусите до граница на толеранцијата. Навистина не можете да замислите колку е корисна оваа комбинација се додека самите не се послужите со неа. Ако не можете сето ова да го направите баш онака како што треба, секогаш можете да направите нешто што ќе биде од полза. Изработката на резервниот дел е многу споро, а некои делови како што се на пример кугластите лежишта нема никогаш да можете да ги изработите, но би биле вчудовидени на кој начин можете да го менувате нацртот за деловите за да бидете во состојба да ги изработите со своја опрема, а работата не е ниту приближно толку спора ниту залудна како чекањето додека некој намуртен продавач ја испрати нарачката во фабриката. И работата е создавање на занес, а не негово уништување. Возењето на мотор чии делови сте ги изработиле сами ве исполнува со посебно чувство кое никако не можете да го добиете кога се во прашање делови кои се купуваат исклучиво во продавница.

Навлеговме во пустинскиот песок и моторот почнува да кашла. Го вклучувам помошниот резервоар и ја проучувам картата. Во градот кој се нарекува Јунити полниме бензин и еве не повторно на врелиот црн пат, се возиме низ море од жалфии.

Ете, тоа се најовообичаените пречки на кои можам да се сетам: погрешно составување, испрекинати дефекти и неволји со резервни делови. Но иако пречките се најголеми стапици за занес, тие се само надворешни причини на спласнувањето на занесот. Време е да се разгледаат некои внатрешни стапици кои делуваат истовремено.

Како што е наведено во описот на науката за занесот, овој внатрешен дел на подрачјето може да се разбие на три главни типови внатрешни стапици за занес: на оние кои го спречуваат афективното разбирање, наречени "вредносни стапици", на оние кои го спречуваат когнитивното разбирање, наречени "стапици на вистината", и на оние кои го спречуваат психомоторното однесување, наречени "мускулни стапици". Вредносните стапици претставуваат најголемо и најопасно множество.

Во рамките на вредносните стапици најраширена и најпогубна е вредносната крутост. Тоа е неспособноста некој одново да го вреднува она што го гледа заради слепото држење до претходната вредност. При одржувањето на моторот морате одново да го откривате она што го правите додека го правите тоа. Крутите вредности го оневозможуваат тоа.

Ова често се јавува во преранетите дијагнози, кога сте сигурни дека знаете во што е проблемот, па кога проблемот не е во тоа, тогаш застанувате. Тогаш морате да пронајдете некои нови траги, но за да ги пронајдете најпрвин треба да ја прочистите главата од старите сфаќања. Ако сте заразени од крутост, вистинскиот одговор може да ви избега и тогаш кога ви зјапа в лице бидејќи не можете да ја видите важноста на новиот одговор.

Раѓањето на новиот факт секогаш е прекрасно искуство. Тоа дуалистички се нарекува "откритие" поради сфаќањето дека тоа поседува сопствена егзистенција

независно од било чија свест за него. Во почетокот тоа секогаш има ниска вредност. Потоа, во зависност од приемчивоста на набљудувачот, и од потенцијалниот квалитет на фактот, вредноста расте или полека или побргу, или пак вредноста опаѓа а фактот исчезнува.

Големо мнозинство факти, слики и звуци кои се наоколу на секоја секунда и односите помеѓу нив и сето она што е во нашето паметење, не содржи во себе Квалитет, всушност има негативен квалитет. Кога сите овие факти би биле одеднаш присутни, нашата свест би била толку претрупана со бесмислени податоци што би ни било невозможно да мислиме и да дејствуваме. И така, ние однапред одбираме врз основа на Квалитетот, или пак да се изразиме на федровиот начин, пругите на Квалитетот однапред одбираат за кои податоци ќе бидеме свесни, и тој избор се создава на таков начин што најдобро го ускладува она што ние сме со она што ние стануваме.

Ако се фатите во таа стапица на крутите вредности, единствено ви останува да се помирите - тоа ќе морате да го сторите во секој случај, без оглед дали тоа го сакате или не - но се помирувате привремено и повторно го минувате патот по кој сте минале претходно за да видите дали ви се навистина важни оние нешта за кои претходно сте мислеле дека се важни и...ете...едноставно зјапате во моторот. Тоа не е срамно. Зјапате како што би зјапале во тапата кога ловите риба и наскоро, јас ви гарантирам, ќе забележите дека нешто се мрда, некој ситен податок кој на срамлив и кроток начин ве прашува дали сето тоа ве интересира. На тој начин светот оди понатаму. Треба да ве интересира.

Најпрвин се обидувате да го разберете тој нов факт не толку во рамките на својот голем проблем колку поради него самиот. Тој проблем можеби не е толку голем колку што вие мислите. А тој факт можеби и не е толку ситен колку што мислите. Можеби вие тој факт не го ни сакате, но морате да бидете сигурни во тоа пред да го отфрлите. Често пати пред да го отфрлите ќе откриете дека тој има пријатели кои стојат покрај него и чекаат да видат кој е вашиот одговор. Меѓу тие пријатели може да биде токму оној факт кого го барате.

После некое време можеби ќе откриете дека тие знаци кои ги добивате се поинтересни од вашата почетна замисла да поправате мотор. Кога тоа ќе се случ

вие пристигнувате на некој вид цел. Тогаш веќе не сте исклучиво механичар за мотори, туку сте и научник за мотори, и потполно сте ја совладале стапицата на вредносна крутост.

Патот повторно води меѓу борови, но според картата гледам дека тоа нема долго да потрае. Долж патот има рекламни паноа на некое одмаралиште и некои деца под нив, речиси како дел од информацијата, кои собираат шишарки. Тие ни мавтаат и додека го прават тоа на најмалото дете му паѓаат сите шишарки.

Постојано сакам да се вратам на онаа аналогија според која фактите се ловат како риби. Веќе можам да предвидам како некој многу незадоволно прашува: - Да, но кои тоа факти сакате да ги уловите? Во тоа мора да има нешто повеќе од тоа.

Но одговорот е дека доколку знаете кои факти ги ловите вие веќе не ловите риба. Веќе сте ја уловиле. Се обидувам да се сетам на некој одреден пример...

Би можел да наведам многу примери во врска со одржувањето на моторот, но највпечатлив пример на вредносна крутост на кој можам да се сетам е старата стапица за мајмуни во Јужна Индија. Стапицата се состои од продупчен кокосов орев кој е врзан за еден кол. Во оревот има малку ориз кој може да се дофати низ дупче. Дупчето е доволно големо за раката на мајмунот да може да влезе внатре, но е премало за раката да може да излезе надвор. Мајмунот го грабнува оризот и наеднаш е фатен - поради ништо друго туку само поради својата крутост во оценувањето на вредноста. Тој не може одново да го вреднува оризот. Тој не може да сфати дека слободата без оризот е повредна од ропството со него. Селаните приоѓаат да го зграпчат и да го однесат. Тие се приближуваат се повеќе и повеќе, тука се! Каков генерален совет - не посебен совет - туку каков општ совет би му дале на еден мајмун во таква ситуација?

Мислам дека би можеле да му го кажете точно она што јас го бев рекол во врска со крутоста на вреднувањето, можеби со малку дополнителна итност. Има еден факт кој мајмунот би морал да го знае: доколку ја отвори раката ќе биде слободен. Но како ќе го открие тој факт? Со отстранување на крутоста на вреднувањето, кое

повеќе го цени оризот од слободата. Како ќе го стори тоа? Па, би требало некако да се обиде да се помири и повторно да го мине патот по кој минал порано и да види дали се навистина важни оние нешта за кои претходно мислел дека се важни и за миг да престане со потскокнувањето и само да го гледа кокосовиот орев некое време. Многу бргу би забележал еден незначителен факт кој би го прашал дали тоа навистина го интересира. Тогаш тој би требало да се обиде да го разбере тој факт не толку во рамки на својот голем проблем, колку поради него самиот. Тој проблем можеби не е толку голем колку што тој мисли. Ни тој факт можеби не е толку незначителен како што тој мисли. Тоа се отприлика сите генерални информации кои би можеле да му ги дадете.

Кај Прери Сити повторно излегуваме од планинските шуми и влегуваме во сув низински град со широка главна улица низ која се гледа центарот на градот а на другата страна преријата. Приоѓаме на еден ресторан, но тој е затворен. Ја минуваме широката улица и се обидуваме со друг ресторан. Вратата е отворена, седнуваме внатре и нарачуваме кисело млеко. Додека чекаме го вадам концептото на писмото кое Крис го подготвуваше за мајка му и му го давам. На мое изненадување тој работи на него без многу прашања. Се потпирам на оградата и не му пречам.

Постојано чувствувам дека тие факти кои ги ловам во врска со Крис се исто така пред мојот нос, но дека мојата крутост на вреднување ме спречува да ги видам. Повремено изгледа дека се движиме паралелно но не и заедно, а потоа во чудни мигови дека се судираме.

Неговите неволји дома почнуваат кога тој ме имитира настојувајќи да им заповеда на другите онака како што јас му заповедам нему, посебно на својот помлад брат. Секако, другите не ги слушаат неговите наредби, но тој не може да го сфати нивното право на истото, и тогаш се создава вистински пекол.

Изгледа дека нему не му е гајле дали другите го сакаат. Тој само сака јас да го сакам. Тоа не е воопшто здраво, кога ќе се земе предвид се. Веќе е време тој да се впушти во долг процес на одвојување. Тој прелом мора да биде што е можно

побезболен, но мора да се направи. Време е тој да застане на сопствени нозе. Што побргу тоа подобро.

И сега, кога размислив за сето тоа, не верувам повеќе во него. Не знам во што е проблемот. Оној сон што трајно ме опседнува ме вознемирува бидејќи не можам да побегнам од неговото значење: јас сум засекогаш на другата страна на стаклената врата која не ја отварам кон него. Тој сака да ја отворам, но до сега секогаш се вртев на другата страна. Но сега постои некое ново сениште кое ме спречува. Чудно.

Малку подоцна Крис вели дека се уморил од пишување. Стануваме, плаќам на касата и заминуваме.

Повторно на патот и на разговорот за стапиците.

Следната стапица е важна. Тоа е внатрешната стапица за занесот која се нарекува вообразеност. Вообразеноста не е потполно одделена од вредносната крутост, туку е еден од многуте нејзини предизвикувачи.

Ако самиот себе високо се цениш, тогаш твојата способност да ги препознаеш новите факти е ослабена. Твојата вообразеност те одвојува од квалитетната стварност. Кога фактите ќе покажат дека потполно си промашил, ти тоа нема лесно да го признаеш. Кога некој лажен податок ти ја крева цената, ти во него лесно ќе поверуваш. Кај секоја механичка поправка вообразеноста тешко се плаќа. Постојано излегуваш будала, постојано правиш грешки, и механичарот кој мора да ја брани таа голема вообразеност се наоѓа во грозна ситуација. Ако познавате довоно механичари за за нив да размислувате како за група, и доколку вашите забележувања се поклопуваат со моите, мислам дека ќе се согласите дека механичарите клонат кон тоа да бидат скромни и молчаливи. Има исклучоци, но општо гледано ако не се отпрвин скромни и молчаливи работата веројатно ќе ги направи такви. И скрептични се. Внимателни, но скептични. Но не се и самољубиви. Не можете да дрдорите глупости и да продавате магла за поправање мотори, освен на некој кој нема поим што правите.

...Сакав да кажам дека моторот не се поклопува со вашата личност, но тој со неа се поклопува. Се работи само за тоа дека личноста со која тој се поклопува е повеќе вашата вистинска личност, онаа која искрено чувствува и мисли и дејствува, а не некаква лажна и надуена слика на личноста која вашата вообразеност може да ја проектира. Тие лажни слики толку бргу и толку целосно се издишуваат што во истиот момент сигурно ќе бидете обесхрабрени доколку занесот ви потекнува од вообразеноста а не од Квалитетот.

Доколку скромноста не ви доаѓа природно и лесно, еден од излезите од таа стапица е претварањето дека сте скромни. Ако намерно сметате дека не сте добри, тогаш занесот нагло ви расте кога фактите ќе покажат дека претпоставката ви е точна. Така можете да правите се, се додека не дојде време кога фактите ќе ви покажат дека таа претпоставка е неточна.

Тегобноста, следната стапица за занесот, е некако спротивна на вообразеноста. Толку си сигурен дека се ќе направиш погрешно што ти е страв да направиш било што. Често вистинската причина не е мрзеливоста туку тоа што ти е тешко да почнеш. Таа стапица на тегобноста, која е последица на преголемата мотивација, може да доведе до секојдневни грешки на преголема загриженост. Поправаш нешта кои не треба да ги поправаш и почнуваш потера по измислени дефекти. Донесуваш набрзина нездрави заклучоци и поради својата нервоза вградуваш секакви грешки во моторот. Тие грешки, откако ќе се направат, се склони кон тоа да го потврдат твоето првобитно самопотценување. Тоа води до нови грешки, кои водат до ново самопотценување, и така натаму во магичен круг.

Мислам дека најдобриот начин да се прекине тој круг е да ги ставиш своите маки на хартија. Прочитај се што ќе ти дојде под рака за тоа прашање. Тегобноста тоа ти го олеснува и колку што повеќе читаш толку повеќе се смируваш. Мораш да се потсетиш дека си во потрага по душевен мир а не само по поправен мотор.

Кога почнуваш со поправката напиши на листови хартија што сакаш да постигнеш, а потоа ливчињата распореди ги по исправен редослед. Ќе откриеш дека додека го правиш и менуваш распоредот на ум ти паѓаат се повеќе и повеќе идеи. Времето кое притоа го губиш обично повеќекратно ти се враќа со тоа што ти заштедува

работа на моторот и со тоа што те спречува да сториш нешто трапаво што би предизвикало подоцнежни проблеми.

Својата тегобност можеш донекаде да ја смалиш соочувајќи се со фактот дека нема жив механичар кој од време на време не зафркнува некоја работа. Главната разлика помеѓу тебе и професионалните механичари е во тоа што ти не знаеш кога тоа ним им се случува - ти тоа само го плаќаш, во форма на дополнителни трошоци кои се рамномерно распоредени низ целата твоја сметка. А кога сам ќе направиш грешка, барем ја имаш таа полза нешто од неа и да научиш.

Здодевноста е следната стапица за занесот која ми паѓа на памет. Таа е спротивна на тегобноста и обично ги следи проблемите на вообразеност. Здодевноста значи дека си се лизнал од пругите на Квалитетот, дека не ги гледаш нештата со свежина, дека си го загубил својот "почетнички дух" и дека твојот мотор е во голема опасност. Здодевноста значи дека залихите на занес ти се при крај и дека тие треба да бидат обновени пред било што друго.

Кога ти е здодевно, застани! Оди на кино. Пушти го телевизорот. Кажи си дека тоа е само лош ден. Прави било што но не го поправај тој мотор. Ако не запреш на ред е голема грешка, а тогаш, еден убав ден, здодевноста и големата грешка ќе се спојат во огромен дефект кој навистина ќе те запре.

Мојот најомилен лек за здодевност е спиењето. Лесно е да се заспие кога ти е здодевно и многу е тешко да се почувствува здодевност после долг одмор. Следниот лек ми е кафето. Додека работам на моторот обично имам вклучено електричен бокал со кафе. Ако тоа не помогне, можеби се во прашање подлабоки проблеми на Квалитетот кои ве мачат и ви го одвлекуваат вниманието од она што е пред вас. Здодевноста е знак дека мораш да обрнеш внимание на тие проблеми - тоа го правиш и така и така - и да воспоставиш контрола над нив пред да продолжиш да работиш на моторот.

Мене најдосадната должност ми е чистењето на моторот. Тоа ми изгледа како вистинско губење време. БМЊ - то на Џон е секогаш "гланц". Неговиот навистина изгледа убаво, додека мојот е постојано помалку нечист. Тука во прашање е

класичниот дух: од внатре работи прекрасно, додека на површината изгледа замачкано.

Едно решение за досадата при некои видови работи, како што се подмачкување и менување масло или штелување, е претворање на овие работи во своевиден ритуал. Постои естетика на вршење познати нешта и естетика на вршење непознати нешта. Сум чул дека постојат и два вида заварувачи: индустриски заварувачи кои не сакаат сложени работи и уживаат работејќи ја по сто пати истата работа и работилничарски заварувачи на кои им се лоши кога мораат да ја направат истата работа два пати. Советот гласеше дека човек мора да знае на кој вид заварувачи им се обраќа, затоа што тоа не е сеедно. Јас спаѓам во оваа последна категорија, и затоа веројатно ги сакам посложените дефекти повеќе од било што друго, а го мразам чистењето на моторот повеќе од било што друго. Но можам да го направат и едното и другото кога тоа треба да се стои, а тоа го може и секој друг. Кога го чистам моторот го прават тоа како што луѓето одат во црква, не толку за да откријам нешто ново, иако постојано внимавам на новостите, туку за одново да се сретнам со познатите нешта. Убаво е понекогаш да се шеташ по познати стази.

Зен има што да каже во врска со досадата. Неговата главна вежба која се состои само од "седење" е веројатно најдосадното нешто на светот, но тоа сепак не е исто што и индијскиот обичај луѓето живи да се закопуваат. Тука не се прави ништо посебно - не се мрдаш, не размислуваш, не се грижиш. што би можело да биде подосадно? Но во суштината на сета таа здодевност лежи токму она што зен будизмот сака да го поучи. Што е тоа? Што е тоа што лежи во самата суштина на досадата а што ние не го гледаме?

Нестрпливоста е блиска на досадата но секогаш е последица на една причина: потценувањето на времето колку ќе трае некоја работа. Всушност вие никогаш не знаете што ќе ви се испречи на патот и многу малку работи се вршат онолку бргу колку што се планирало. Нестрпливоста е првата реакција на пречките и може набргу да се претвори во лутина ако не сте внимателни.

Нестрпливоста најдобро се избегнува ако за работата се предвиди неодредено време, особено за нови работи кои бараат непознати постапки; ако предвиденото

време се удвои кога приликите не присилуваат да го дефинираме рокот; и доколку се степенува целта на она што сакаме да го направиме. Општите цели мораат да се степенуваат така што важноста да им се смали, а непосредните цели мораат да се степенуваат така што важноста да им се зголеми. Тоа бара прилагодливо вреднување, а промената на вредноста обично е следен со некаков губиток на занесот, но тоа е жртва која мора да се поднесе. Оти таа не е ништо во споредба со губитокот на занесот која ќе се случи ако настане некаква голема грешка како резултат на нестрпливоста.

Мојата најдрага вежба на степенување надолу е чистењето на валјакот и матицата и дупките. Ме прогонуваат оштетените и излижани и зарѓани и нечисти навои заради кои запчаниците се вратат полека или тешко, и штом ќе наидам на нив земам мерка за навоите и калибраторот, ги вадам резачите и необработените матици, ги врежувам на нив новите навои, потоа ги испитувам и подмачкувам и имам пред себе чела залиха на стрпливост. Втората вежба е чистење на алатот кој бил употребен а не е среден и ја грди гаражата. Тоа е добра работа затоа што еден од првите знаци на нестрпливоста е незадоволството што алатот кој ви треба не ви се наоѓа при рака во моментот кога ви е потребен. Ако едноставно запрете и го средите алатот, ќе го пронајдете оној кој ви треба и ќе ја степенувате надолу нестрпливоста без губење време и загрозување на работата.

Влегуваме во Дејвил а газот ми изгледа како да се претвара во цемент.

Тоа е веројатно се во врска со вредносните стапици. Се разбира, ги има уште многу. Јас само ја начнав темата за да покажам што се крие тука. Речиси секој механичар би можел со часови да ви раскажува за вредносните стапици кој тој ги открил а за кои јас не знам ништо. И самите сигурно сте ги откриле при секаков вид работа. Можеби најдоброто поединечно нешто што може да се научи доколку препознаете една таква стапица кога во неа ќе упаднете е ако со неа се позанимавате пред да и се вратите на работата на моторот.

Во Дејви, крај бензинската пумпа, каде го чекаме продавачот, има стебла со широка сенка. Него го нема, а ние сме вкочанети и не би сакале да седнеме

веднаш на моторите, па ги размрдуваме нозете во ладовина. Стеблата се толку големи што го покриваат речиси целиот пат. Чудно, во ваков крај налик на пустина.

Продавачот уште го нема, но неговиот конкурент од другата страна на улицата го гледа тоа и наскоро ни приоѓа да не послужи: - Не знам каде е Џон - вели.

Кога Џон се појавува му се заблагодарува на вториот продавач и гордо вели: - Ние секогаш вака си помагаме.

Го прашувам дали постои некакво место каде би можеле да се одмориме а тој вели: - Можете да се послужите со тревникот пред мојата куќа. Покажува со прст преку патот на куќа која се наоѓа зад неколку тополи чиј размер на стеблото изнесува над еден метар.

Ленгуваме на некаква висока зелена трева, и сега гледам дека таа трева и тие стебла се наводнуваат од еден канал покрај патот во кој тече бистра вода.

Веројатно по половина час спиење слушам и гледам како Џон на столицата за лулање на тревата крај нас разговара со еден пожарникар на другата столица. Слушам. Ме интересира текот на разговорот. Тој разговор не води никаде, само го пополнува времето. Не бев чул толку истраен споротечен разговор од триесетите кога дедо ми и прадедо ми и нивните браќа знаеа да разговараат така: се подалеку и подалеку и подалеку без никаква намера или цел, освен да го пополнат времето, додека се лулаат на столиците.

Џон гледа дека сум буден па разговараме малку. Вели дека водата доаѓа од "кинескиот канал". - Белец никогаш не би можел да ископа ваков канал - вели тој. - Тие го ископаа пред осумдесет години кога мислеле дека тука има злато. Денес ваков канал не можете да пронајдете никаде. - Вели дека затоа стеблата се толку големи.

Разговараме малку за тоа од каде сме и каде одиме, а кога поаѓаме Џон вели дека му е драго што сме се запознале и дека се надева дека сме се одмориле. Додека заминуваме под високите стебла Крис ми мавта а тој се смешка и одмавнува.

Пустинскиот пат закривува низ карпестите долови и ритчиња. Ова е најсушниот крај до сега.

Сега би сакал да говорам за стапиците на вистинитоста и стапиците на мускуллите, а потоа ќе престанам со шатакуата за денес.

Стапиците на вистинитоста се однесуваат на податоци кои се разбрани и се наоѓаат во вагоните на возот. Конвенционалната дуалистичка логика и научниот метод за кои говоревме порано, веднаш по Мајлс Сити, излегуваат на крај со најголемиот број вакви податоци. Но постои една стапица со која тие не излегуваат на крај - стапицата на вистинитоста на логиката да-не.

Да и не...ова и она...еден или нула. Врз основа на ова двочлено разлачување е изградено целокупното човечко знаење. Пример за тоа е компјутерската меморија која го складира сето свое знаење во форма на бинарни информации. Таа содржи единици и нули, тоа е се.

Затоа што не сме навикнати на тоа, обично не гледаме дека постои и трет можен логички член еднаков на членовите ДА и НЕ кој е способен да го прошири нашето поимање во непознат правец. Немаме дури ни израз за него, па морам да се послужам со јапонското зборче му.

Му значи "нешто-ништо". Како и Квалитетот, му го ништи процесот на дуалистичко мислење. Му едноставно вели: "никаква категорија; ниту еден, ниту нула, ни да ни не.". Тоа вели дека контекстот на прашањето е таков што и позитивниот и негативниот одговор се погрешни и тие не смеат да се дадат. "Повлечете го тоа прашање", ете што вели тоа.

Му е соодветно кога контекстот на прашањето станува премал за вистинитоста на одговорот. Кога го прашале зен калуѓерот Џошуа дали песот има природа на Буда, тој рекол: "Му", мислејќи дека одговарајќи на било каков начин би дал неточен одговор. Природата на Буда не може да се опфати со прашањата да или не.

Очигледно е дека му постои во природниот свет што го истражува науката. Се работи само за тоа, како и обично, дека ние сме наследно научени да не го гледаме. На пример, безброј пати е повторено дека компјутерските кола покажуваат само две состојби, волтажа за "еден" и волтажа за "нула". Тоа е глупост!

Секој компјутерски техничар знае дека не е така. Обидете се да ја видите волтажата која претставува еден или нула кога ќе снема струја. Колата тогаш се во состојба на му. Не се ниту на единица, ниту на нула, се наоѓаат во неодредена состојба која нема значење во рамки на поимите единица и нула. Освен тоа, во многу случаи читањето на волтметарот ќе покаже својство на "лебдење" во кое техничарот воопшто не ги чита својствата на компјутерските кола туку својствата на самиот волтметар. Условите создадени со прекинот на струјата се дел од поширок контекст од оној во кој состојбите на единици и нули се сметаат за универзални. Прашањето на единица или нула е "повлечено". А има уште многу компјутерски состојби на прекин на струјата во кои се среќаваат одговори му поради пошироките контексти од простите единици и нули.

Дуалистичкиот ум е склон да помисли дека појавата на одговорот му во природата е попатна измама или небитност, но му се среќава низ целото научно истражување, а природата не мами, и природните одговори никогаш не се неважни. Голема грешка, некој вид нечесност, е одговорите на природата во вид на му да се сметат под тепихот. Признавањето и вреднувањето на тие одговори многу би помогнало логичката теорија да и се приближи на експерименталната пракса. Секој лабораториски научник знае дека експерименталните резултати му пружаат му одговори на прашањата да-не што тој експеримент ги поставувал. Во тие случаи тој смета дека експериментот е слабо замислен, се јаде поради својата глупост и во најдобар случај смета дека "промашениот" експеримент кој му дал му одговор ќе помогне да се избегнат грешките во планирањето на идните да-не експерименти.

Тоа ниско вреднување на експериментот кој дава му одговори не е оправдано. Одговорот му е важен одговор. Тој на научникот му вели дека контекстот на неговото прашање е претесен за одговор и дека тој мора да се прошири. Тоа е многу важен одговор! Би можело со многу оправдување да се тврди дека науката

повеќе расте низ одговори со му отколку низ одговори со да или со не. Одговорите со да или со не потврдуваат или одрекуваат некои претпоставки. Му е "појава" која го поттикнува научното истражување. Во тоа нема ништо таинствено или непристапно. Работата е само во тоа дека нашата култура толку не извитоперила што за таквите одговори донесуваме ниски вредносни судови.

При одржувањето на моторот одговорите со му што моторот ги дава на многуте дијагностички прашања се главни прчинители на губитокот на занесот. А не би требало да биде така. Кога на вашето прашање ќе добиете неодреден одговор, тоа може да значи едно од следниве две нешта: или вашиот метод на испитување не делува како што вие мислите дека делува, или вашето разбирање на контекстот на прашањето треба да се прошири. Проверете го вашиот експеримент и повторно проучете го прашањето. Не ги отфрлајте таквите му одговори! Тие во секоја смисла се важни исто како и одговорите со да или со не. Тие се и побитни од нив. Тие се одговори со помош на кои напредувате!

...Изгледа дека моторот малку прегрева...но мислам дека се работи само за жешкиот крај низ кој се возиме...ќе го оставам одговорот на тоа прашање во состојба му...додека состојбата не се влоши, или додека не се подобри...

Застануваме и пиеме чоколадно млеко во градот Мичел кој се свил под сувите ридови што ги гледаме низ прозорските стакла. Некои деца доаѓаат качени на камион, застануваат и на куп влегуваат во ресторанот и некако го освојуваат. Добро се однесуваат, само се толку бучни и разуздани што се гледа дека газдарицата на локалот е малку вознемирена поради нив.

Сува пустина, песочна земја. Повторно заоѓаме во неа. Веќе е доцна попладне и навистина минавме доста километри. Веќе чувствувам болки од толку седење на моторот. Сега сум навистина уморен. Тоа ми го кажа и Крис во ресторанот. Дури е и помалку нерасположен. Мислам дека тој можеби...но добро...да го оставиме тоа...

Проширувањето на му е единственото нешто кој овој пат сакам да го кажам во врска со стапиците на вистинитост. Време е да се мине на психомоторните стапици. Ова е подрачје на сознавање кое е најнепосредно поврзано со она што се случува на моторот.

Тука неспоредливо најтегобна стапица за занесот е несоодветниот алат. Ништо толку не го обесхрабрува човекот колку застојот поради алатот. Купете го сиот алат кој можете да го купите и нема никогаш да зажалите. Ако сакате да заштедите пари обратете внимание на огласите по весниците. Добриот алат по правило не се троши, а добриот алат од втора рака е многу подобар отколку новиот алат со послаб квалитет. Проучувајте ги каталозите на алати. Од нив можете многу да научите.

Покрај лошиот алат, лошата околина е исто така голема стапица за занесот. Обратете внимание на соодветна светлина. Вистинско чудо е колку грешки може да спречи малку светлина.

Некои телесни непогодности не можат да се спречат, но многу од нив, како што се на пример претоплата или престудена околина можат, доколку не внимавате, да ги наведат вашите проценки на погрешен пат. Ако ви е престудено ќе брзате и веројатно ќе направите некои грешки. Ако ви е претопло, прагот на лутина ќе ви биде многу низок. Избегнувајте неспретни позиции на телото секогаш кога тоа е можно. Една мала клупа покрај моторот многу ќе ја зголеми вашата стрпливост и веројатноста дека ќе ги оштетите деловите на кои работите ќе биде помала.

Постои една психомоторна стапица за занесот, неосетливоста на мускулите, која може да предизвика големи штети. Таа е делумно последица на недостаток на кинестезија, неразбирање дека во моторот се наоѓаат прецизни делови кои можат лесно да се оштетат доколку постои мускулна неосетливост, иако надворешноста на моторот е груба. Постои нешто што се нарекува "чувство за механика" и тоа му е јасно на секој кој знае што е тоа, но многу е тешко да му се опише на некој кој тоа не го знае; и кога ќе видите дека на мотор работи некој кој го нема тоа чувство, подготвени сте да страдате заедно со моторот.

Тоа чувство за механика потекнува од длабокото внатрешно чувствување на еластичноста на материјалот. Некои материјали, како керамиката, имаат многу мала еластичност и затоа при обработката на порцеланските делови треба да избегнувате големи притисоци. Други материјали, како челикот, имаат голема еластичност, многу поголема отколку гумата, но во такви размери што таа еластичност не е забележлива, освен ако не работите со големи механички сили.

Работејќи со штрафови и матици се наоѓате во подрачје на големи механички сили и морате да знаете дека во тоа подрачје материјалите се еластични. Кога заштрафувате еден штраф постои точка наречена "рачно затегнато", кога постои затегнување но не е смалена еластичноста. Потоа следи "средно затегната" состојба кога е одземено малку повеќе површинска еластичност. Потоа доаѓа "добро затегнатата" состојба кога на штрафот му е одземена сета еластичност. Силата која е потребна за да се постигнат тие три точки е различна и зависи од големината на штрафот, како и од подмачканите завртки и штрафови. Силите се различни за челик и лиено железо и бронза и алуминиум и пластика и керамика. Но човекот со чувство за механика знае кога нешто е добро затегнато и тогаш престанува. Човекот без тоа чувство оди понатаму и ги оштетува навивките или го крши штрафот.

"Чувството за механика" не го вклучува само разбирањето на еластичноста на материјалот, туку и на неговата мекост. Внатрешноста на моторот содржи површини кои се во некои случаи прецизни до илјадитиот дел од милиметарот. Ако ви паднат или ви се извалкаат или доколку ги изгребете или доколку по нив удрите со чекан, тие ќе ја загубат таа прецизност. Важно е да се сфати дека материјалот под површината може вообичаено да издржи големи удари и оптеретувања, но дека самите површини тоа не го можат. Кога ракува со прецизни делови кои заглавуваат или кои тешко се разделуваат, човекот со чувство за механика ќе ги избегне оштетувањата на површината и ќе се служи со алат на погрубите површини на тие делови секогаш кога тоа е можно. Ако баш мора да работи на прецизните површини, секогаш ќе употреби алат со помеки површини. За таква работа можат да се употребат бронзен чекан, пластичен чекан, дрвен чекан, гумен чекан и оловен чекан. Служете се со нив. Тие можат да се обложат со пластични и бакарни и оловни плочки. Служите се и со нив. Нежно постапувајте со прецизните делови. Никогаш нема да зажалите. Ако сте склони кон тоа со

предметите да постапувате грубо посветете му на тоа повеќе време и обидете се да развиете малку повеќе почитување кон достигнувањата што ги претставуваат прецизните делови.

Долгите сенки во сувиот пејсаж по кои сме тргнале ни создаваат тмурно расположение...

Можеби тоа е само обична попладневна мрза, но со оглед на тоа што денес се изнаприкажав за стапиците ми изгледа како да сум ги заобиколил. Некој би можел да праша: - Во ред, ако ги заобиколам, дали тогаш ќе успеам во тоа што го работам?

Одговорот се разбира е негативен. Уште во ништо не сте успеале. Морате истовремено и исправно да живеете. Начинот на кој живеете предодредува дали ќе ги избегнете стапиците и дали ќе ги согледате фактите. Сакате да знаете како се слика совршена слика? Лесно е. Станете совршени, а потоа само спонтано сликајте. На тој начин работат сите стручњаци. Сликањето слика или поправањето мотор не е нешто што е одвоено од остатокот на вашето постоење. Ако размислувате без врска шест дена во неделата додека не работите на својот мотор тогаш какво избегнување стапици, каква мудрост би можела одеднаш да ве снајде седмиот ден? Се си е поврзано.

Но ако шест дена сте глупави а седмиот ден во неделата навистина се обидете да бидете паметни, тогаш можеби следните шест дена нема да бидете толку глупави како претходните шест. Мислам дека преку овие стапици за занесот сакам да го покажам пократкиот пат кон исправното живеење.

Вистинскиот мотор на кој работите е моторот кој го носи вашето име. Моторот кој изгледа како да се наоѓа "таму" и личноста која изгледа како да се наоѓа "тука" не се две одвоени нешта. Тие заедно му се приближуваат на Квалитетот или пак од него заедно се оддалечуваат.

Пристигнуваме во Принвил Џанкшн, а пред нас уште само неколку часови дневна светлина. Се наоѓаме на раскрсницата со патот број 97, каде ќе свртиме на југ. Полнам бензин и потоа сум толку уморен што одам зад станицата и седнувам на

работ на жолто обоениот цемент со нозете на чакалот, додека последните сончеви зраци ми блескаат низ гранките право во очи. Доаѓа и Крис и седнува, и не велиме ништо, но ова е најлошата потиштеност до сега. Толку говорев за стапиците за занесот, а еве паѓам во една од нив. Можеби тоа е од преморе ност. Мораме да се наспиеме.

Некое време гледам како по патот минуваат автомобили. Има нешто осаменичко во врска со нив. Не осаменичко - уште полошо. Ништо. Како изразот на лицето на продавачот додека ни го полнеше резервоарот. Ништо. Ништотен рабен цемент, покрај некаков ништотен чакал, на ништотна раскрсница, која никаде не води.

И нешто во врска со возачите на автомобил. Изгледаат токму како продавачите на пумпите, додека се sурат право пред себе во некој свој приватен транс. Не сум го видел тоа од...од оној прв ден кога Силвија го забележа тоа. Сите изгледаат како да се во некоја погребна поворка.

Од време на време некој остро не погледнува а потоа безизразно го трга погледот, како да си ја гледа својата работа, како да му е незгодно што можеби сме забележиле дека не набљудува. Тоа го сфаќам дури сега бидејќи долго време бевме вон тоа. И возењето е различно. Ми се чини дека автомобилите постојано се движат со максимална брзина за градско возење, како да сакаат некаде да пристигнат, како ова што се наоѓа сега и тука да е нешто низ што само треба да се мине. Изгледа дека возачите повеќе мислат на местото каде сакаат да бидат отколку на местото каде се.

Знам што е тоа! Пристигнавме на Западниот брег. Повторно сме сите странци! Луѓето - па јас ја заборавив најголемата стапица за занесот од сите. Погребната поворка! Таа поворка во која сме сите ние. Овој обезглавен, заебан, супермодерен, вообразен стил на живеење кој мисли дека е над се. Толку долго бевме вон него што потполно го бев заборавил.

Упаѓаме во сообраќајната струја која тече на југ и веќе одблиску ја чувствувам огромната опасност. Во огледалото гледам дека некое копиле ме следи и не сака да ме мине. Забрзувам на сто дваесет а копилето е уште зад мене. Притискам на сто пеесет и се одлепуваме од него. Ова воопшто не ми се допаѓа.

Застануваме во Бенд и вечераме во модерен ресторан каде луѓето влегуваат и излегуваат без да се погледнат. Услугата е извонредна но безлична.

Нешто појужно наидуваме на шума од закржлавени дрвја разделена на смешно мали парцели. Очигледно масло на некој инвеститор-градежник. На една парцела далеку од главниот пат ги отвараме вреќите за спиење и откриваме дека боровите иглички едвај покриваат нешто што веројатно претставува неколку педи мека сунѓереста прашина. Вакво нешто не сум видел. Мораме да пазиме да не ги вознемируваме игличките затоа што прашината се крева и се покрива.

Ги распостиламе шаторските крила и на нив ги ставаме вреќите за спиење. Ќе го биде... Со Крис некое време разговараме за тоа каде се наоѓаме и каде одиме. Во самракот ја гледам мапата, а потоа малку подолго со џепната лампа. Денес сме минале 520 километри. Тоа е многу. Крис изгледа подеднакво преморен како и јас, и еднакво спремен да заспие.

ЧЕТВРТ ДЕЛ

27

Зошто не излезеш од сенката? Како изгледаш всушност? Ти се плашиш од нешто, зарем не? Од што се плашиш?

Зад сеништето во сенката се наоѓа стаклена врата. Зад нив е Крис кој ми дава знак да ја отворам. Сега тој е постар, но на неговото лице и понатаму има молежлив израз. - Што да правам сега? - прашува. - Што да правам после? - чека да му дадам упатства.

Време е нешто да се стори.

Го проучувам сеништето во сенката. Веќе не е семоќно како што беше некогаш. - Кој си ти? - прашувам. Нема одговор.

- Според кое правило оваа врата е затворена?

Се уште нема одговор. Сеништето молчи, но е исто така згрчено. Се плаши. Од мене.

- Има и полоши нешта отколку криењето во сенка. Така ли е? Заради тоа ли не зборуваш?

Изгледа дека се колеба, се повлекува, како да чувствува што се подготвувам да направам.

Чекам, потоа се приближувам. Нешто грозно, мрачно, погубно. Уште поблиску, не гледајќи во сеништето туку во стаклената врата, за да не му дадам знак. Повторно застанувам, собирам сила и потоа јурнувам!

Рацете ми тонат во нешто меко каде што би требало да биде вратот. Сеништето се витка, а јас го стегам како што се држи змија. Сега ќе изгледеме на светлина. Сега е часот! Сега ќе му го видиме лицето!

- Тато!

- Тато! - дали го слушам гласот на Крис низ вратата?

Да! За прв пат! - Тато! Тато!

- Тато! Тато! - Крис ме тегне за кошулата. - Тато! Разбуди се! тато!

Тој плаче, сега јачи. - Престани, тато! Разбуди се!

- Се е во ред, Крис.

- Тато! Разбуди се!

- Јас сум буден. - Едвај можам да му го видам лицето во светлината на муграта. Се наоѓаме некаде меѓу дрвјата. Моторот е тука. Мислам дека сме некаде во Орегон.

- Со мене е се во ред, тоа беше само кошмар.

Тој продолжува да плаче и јас седам со него некое време без збор. - Се е во ред - велам, но тој не престанува. Многу се уплашил.
Јас исто така.
- Што сонуваше?
- Се обидов да видам нечие лице.
- Викаше дека ќе ме убиеш.
- Не, не тебе.
- Туку кој?
- Човекот во сонот.
- Кој беше тој?
- Не сум сигурен.
Крис престанува да плаче, но продолжува да се тресе од студ.- Дали му го виде лицето?
- Да
- Како изгледаше?
- Беше тоа моето сопствено лице, Крис. Тогаш почнав да викам...Тоа беше само грд сон. - Му велам дека се тресе и дека би требало да се врати во вреќата за спиење. Така и прави.- Толку е студено - вели.
- Да. - при сивата светлина можам да ја видам пареата од нашите здивови. Потоа тој целосно се вовлекува во вреќата за спиење па можам да го видам само својот здив.
Не спијам.
Јас воопшто не сум оној што сонува.
Тоа е Федар.
Тој се буди.
Умот е подвоен против самиот себе...јас...јас сум она погубно сениште во сенката.
Јас сум онаа грозотија...
Отсекогаш знаев дека ќе се врати...
Сега работата е како човек да се подготви...
Небото под стеблата изгледа толку сиво и толку безнадежно.
Сиротиот Крис.

28

Сега очајот расте. Како во едно од оние филмски претопувања во кои знаеш дека не си во вистинскиот свет но сепак се изгледа стварно.

Студен ден во ноември, без снег. Ветерот нанесува прашина низ пукнатините на прозорците на стариот автомобил со зачадени стакла, а шетгодишниот Крис седи крај него; обајцата се во џемпери бидејќи грејачот не работи и низ нечистите прозорци на колата шибана од ветерот гледаат како се движат напред кон сивото небо помеѓу ѕидовите на сивите и сиво-кафените згради со фасади од цигла на кои прозорците се искршени а парчињата стакло лежат на улицата.

- Каде сме? - прашува Крис, а Федар вели: - Не знам - и тој навистина не знае, бидеќи го загубил разумот. Заталкал, се sensa низ сивите улици.
- Каде одиме? - прашува Федар.
- Да купиме кревети на спрат - вели Крис.
- А каде се купуваат? - прашува Федар.
- Не знам - вели Крис. - Можеби ќе ги видиме ако продолжиме понатаму.

И така двајцата се возат и се возат низ бескрајните улици барајќи кревети на спрат. Федар сака да запре, да ја спушти главата на воланот, и само да се одмори. Чадот и сивилото му продираааат во очите и му ја бришат свеста од мозокот. Сите сообраќајни знаци му се исти. Секоја сиво-кафена зграда му личи на следната. Се возат се подалеку и подалеку барајќи кревети на спрат. Но тие кревети на спрат, Федар го знае тоа, никогаш нема да ги најдат.

Крис почнува полека, чекор по чекор да сфаќа дека се случува нешто чудно, дека тој човек што ја вози колата всушност не ја вози повеќе, дека капетанот е мртов и дека колата нема кормилар, а тој тоа не го знае туку само така чувствува и му вели на Федар да запре и тој запира.

Колата зад нив свири, но Федар не се мрда. Уште некоја кола свири, па уште некоја и Крис во паника вели: - ВОЗИ! - и Федар полека, во агонија го турка кумплунгот и уфрлува во брзина. Споро, како да се движи во сон, колата се лизга низ улиците со најмала можна брзина.

- Каде живееме? - го прашува Федар преплашениот Крис.

Крис се сеќава на адресата, но не знае како се стигнува таму, сепак заклучува дека ќе го најде патот ако праша доволен број луѓе и затоа вели: - Запри ја колата - и излегува од неа за да праша за правецот и го гледа полудениот Федар низ бескрајните ѕидови од цигли и искршено стакло.

Неколку часови подоцна пристигнуваат и мајка му е бесна што толку задоцниле. Не може да разбере зошто не пронашле кревети на спрат: Крис вели: - Секаде баравме - но фрла остар поглед на Федар, поглед полн со страв и ужас поради нешто непознато. Тоа беше почетокот за Крис.

Тоа нема веќе да се случи...

Мислам дека ќе сторам се за да се спуштам до Сан Франциско, каде ќе го пратам Крис со автобус дома, а тогаш ќе го продадам моторот и ќе се пријавам во болница...или ова последново изгледа толку бесмислено...не знам што ќе правам.

Патувањето нема да биде потполно залудно. Барем ќе му остане некој убав спомен на мене кога ќе порасне. Тоа ми ја смалува тегобноста. Добро е да се фатам за таа помисла. Таа ќе ме држи.

Во меѓувреме ќе продолжам нормално со патувањето и ќе се надевам на некое подобрување. Немој ништо да отрфлаш. Никогаш, никогаш и ништо немој да отфрлаш.

Студено е вон вреќата! Како да е зима. Каде ли сме што може да биде толку студено? Веројатно сме на голема висина. Ѕиркам од вреќата за спиење и гледам ињето на моторот.

Резервоарот искри на раното сонце. На црното тело на моторот, на местата огреани од сонцето, ињето се превора во капки вода кои наскоро ќе се истркалаат. Престудено е да се спие под ведро небо.

Се сеќавам на прашината под боровите иглички и чекорам внимателно за да не ја вознемирам. Тргам се од моторот, ја земам долгата зимска долна облека и ја облекувам, потоа горната облека, па џемперот па блузата. Уште ми студи.

Чекорам преку сунѓерестата прашна до патот од земја кој не доведе тука и трчам меѓу боровите триесетина метри, потоа успорувам и на крај застанувам. Вака е подобро. Никаков звук. Ињето се наоѓа и на патот, но се топи и се претвора во влажни шарки кога на него ќе паднат зраците на утринското сонце. Се е така бело и тантелесто и недопрено. Ињето ги покрива и дрвјата. Се враќам тивко по патот, како да не сакам да го вознемирам излегувањето на сонцето. Ме обзема чувство на рана есен.

Крис уште спие - и така нема да можеме да тргнеме додека воздухот не се загрее. Погоден момент за штелување на моторот. Го олабавувам копчето на страничниот капак над филтерот за воздух, а од под филтерот го вадам излижаниот и нечист врзоп прирачен алат. Рацете ми се вкочанети од студенило и лактите ми се избрчкани. Тие брчки сепак не се од студенило. Во четириесетата староста веќе чука на врата. Го ставам врзопот на седиштето и го одврзувам...еве ги, тука се...како повторно да ги гледам старите пријатели.

Го слушам Крис, фрлам поглед преку седиштето и гледам дека се движи но не станува. Очигледно само се превртува во сонот. Малку подоцна сонцето почнува да грее и рацете веќе не ми се вкочанети како претходно.

Сакав малку да говорам за мудроста на поправањето на моторот, за стотици нешта што би ги научиле во минување, кои го збогатуваат она што го правите не само во практичен туку и во естетски поглед. Но тоа сега ми изгледа безначајно, иако не би смеел да зборувам така.

Туку сега би тргнал во друг правец, кој ја дополнува неговата приказна. Всушност никогаш не сум ја дополнил бидејќи не сум мислел дека тоа ќе биде потребно. Но сега мислам дека е вистинска прилика да се стори тоа, во ова време кое преостанува.

Материјалот од кои се изработени овие клучеви е исто така студен, и од нив ме болат прстите. Но тоа е добра болка. Вистинска е, не е измислена и тука е, апсолутно, во моите раце.

...Кога чекорите по некоја стаза и забележувате дека од неа се одвојува друга стаза на една страна, да речеме под агол од 30 степени, а потоа од неа се дели уште една стаза на истата страна под поголем агол, да речеме од 45 степени, па после тоа уште една стаза под 90 степени, почнувате да сфаќате дека некаде постои некоја точка кон која водат сите стази и дека многу луѓе заклучиле дека е вредно да се оди по тој пат, и почнувате од љубопитност да се прашувате дали можеби и вие би морале да одите по тој него.

Во своето прогонување на поимот на Квалитет, Федар постојано гледаше некои стазички кои водеа кон некоја надворешна точка на една страна. Мислеше дека веќе ја знае барем генералната област кон која водат тие, стара Грција, но сега се прашуваше да не случајно нешто му избегало.

Ја праша старата Сара, која одамна беше тргнала со своето бокалче за полевање и му ја уфрли идејата за Квалитетот в глава, каде во англиската литература Квалитетот се обработува како предмет.

- Боже мили, не знам. Јас не сум стручна за англиски, туку за класиката. - рече. - Моето подрачје е грчкиот.
- Дали Квалитетот е дел од грчката мисла? - праша Федар.
- Квалитетот е во секој дел од грчката мисла - рече таа, а тој размислуваше за тоа. Понекогаш под нејзиниот старечки начин на зборување мислеше дека открива тајна лукавост, како таа да е делфиското пророштво со скриени значења, но никогаш не беше сигурен во тоа.

Стара Грција. Чудно е тоа што ним Квалитетот би им бил се, а нам денес ни звучи необично дури и кога ќе се каже дека Квалитетот е стварен. Каква незабележлива промена би можело да означува тоа?

Другата стаза во стара Грција го покажа изненадувачкиот начин на кој целото прашање "Што е Квалитет?" западна во систематска филозофија. Мислеше дека би завршил со тоа подрачје. Но "Квалитетот" повторно го актуелизира.

Систематската филозофија е грчка. Старите Грци ја измислиле и правејќи го тоа и го удриле својот траен печат. Изреката на Вајтхед дека целата филозофија не е ништо друго туку "белешки кон Платон" може добро да се поткрепи. Збрката околу стварноста на Квалитетот морала да почне некаде во тоа време.

Третата стаза се појави кога тој одлучи да замине од Боземан, да докторира за да може да ја продолжи универзитетската кариера. Сакаше да продолжи со испитувањето на значењето на Квалитетот што го поттикна неговото предавање англиски јазик. Но каде? Во рамки на која дисциплина?

Беше очигледно дека поимот "Квалитет" не може да се наоѓа во ниту една дисциплина освен во филозофијата. Но знаеше од искуството со занимавање со филозофија дека понатамошното истражување ќе открие било што што се однесува на таинствениот поим во наставата по англиска литература.

Стануваше се посвесен за тоа дека не постои програма во која би можел да го проучува Квалитетот во рамки кои се слични на рамките на неговото разбирање на Квалитетот. Квалитетот не лежеше само вон сите академски дисциплини, лежеше и вон опсегот на методи на целата Црква на умот. Требаше да се пронајде таков универзитет кој би прифатил докторска дисертација во која кандидатот одбива да го дефинира својот централен поим.

Долго ги прелистуваше каталозите додека не откри нешто што му ја разбуди надежта. Постоеше еден универзитет, Универзитетот Чикаго, каде постоеше интердисциплинарна програма под наслов "Анализа на идеи и проучување на методите". Во испитниата комисија спаѓаа професор по англиски, професор по филозофија, професор по кинески и претседател кој беше професор по старогрчки! Се израдува.

На моторот е сторено се освен промената на масло. Го будам Крис, ги подготвуваме работите и поаѓаме. Уште е сонлив но студениот воздух на патот го буди.

Патот се качува нагоре меѓу боровите, и наутро на него нема многу сообраќај. Камењата помеѓу боровите се темни и вулкански. Се прашувам дали всушност сме спиеле на вулканска прашина. Дали воопшто постои вулканска прашина? Крис вели дека е гладен, а и јас сум.

Застануваме во градот Ла Пин. Му велам на Крис да нарача шунка со јајца додека јас сум надвор и го менувам маслото.

На бензинската станица до ресторанот купувам литар масло и на паркиралиштето од чакал зад ресторанот го вадам чепот, го пуштам маслото да се исцеди, го налевам новото масло и кога тоа е завршено новото масло на стапчето за мерење блеска на сонцето речиси бистро и безбојно како вода. Аххххх!

Го пакувам клучот, влегувам во ресторанот и го гледам Крис и мојот појадок на масата. Одам во тоалет, ги мијам рацете и се враќам.

- Уф, ама сум гладен! - вели Крис.
- Каква студена ноќ - велам јас. - Согоревме многу храна со самото тоа што бевме живи.

Јајцата се добри. Шунката исто така. Крис зборува за сонот и како сонот го уплашил и минуваме преку тоа. Тој изгледа како да ќе постави прашање, потоа не прашува и некое време се sури низ прозорецот, потоа повторно почнува.
- Тато?
- Молам?
- Зошто го правиме ова?
- Што тоа?
- Само се возиме, цело време.
- Само за да ја видиме татковината...празници се.

Изгледа дека тој одговор не задоволува. Но тој не знае заради што.

Ме заплиснува неочекуван бран на очај, како оној во мугрите. Јас го лажам. Затоа одговорот не чини.

- Постојано одиме напред и само напред - вели тој.
- Па да, што би сакал да правиш инаку?
Нема одговор.
Го немам ниту јас.

На патот ми се јавува одговор дека ова што го правиме е нешто кое има највисок Квалитет, но овој одговор сигурно не би го задоволил повеќе од она што му го кажав. Не знам што друго можев да му кажам. Порано или подоцна, пред да се поздравиме, ако биде така, ќе мораме малку да разговараме. Штитејќи го на ваков начин од минатото можеби му нанесувам повеќе зло отколку што му помагам. Ќе мора да дознае за Федар, иако има многу работи што никогаш не може да ги дознае. Особено крајот.

Федар пристина на Универзитетот Чикаго во еден ментален свет кој е толку различен од она што го подразбираме вие или јас, што неговото опишување би било тешко дури и кога би се сеќавал на се и во целост. Потоа, во отсуство на претседателот, го прими заменик претседателот, а врз основа на неговата работа во Боземан и очигледната способност да разговара интелигентно. Она што всушност го кажа се загуби некаде по пат. После тоа чекаше неколку недели за претседателот да се врати надевајќи се дека ќе добие стипендија, но кога тој конечно се појави се случи разговор кој во суштина се состоеше од едно прашање и ниту еден одговор.

Претседателот рече: - Кое е вашето супстанцијално подрачје?
Федар рече: - Композиција во англиски јазик.
Претседателот рикна: - Тоа е методолошко подрачје! - И тоа беше крај на разговорот за било какви практични прашања. После уште неколку неповрзани реченици Федар запна, се двоумеше и на крај се извини, за потоа да се врати во планините. Тоа беше она негово својство поради кое претходно беше исфрлен од универзитетот. Тој запна на едно прашање и не беше способен да мисли на ништо друго, додека останатите напредуваа без него. Овој пат, меѓутоа, тој пред себе имаше цело лето за да размислува околу тоа зошто неговото подрачје би морало да биде супстанцијално или методолошко, и цело лето му помина во тоа.

Во шумите на границата на појасот на дрвјата јадеше швајцарско сирење, спиеше на легла од боровина, пиеше вода од горски потоци и размислуваше за Квалитетот и за супстанцијалното и методолошкото подрачје.

Супстанцата не се менува. Методот не содржи трајност. Супстанцата се поврзува со обликот на атомот. Методот се поврзува со она што атомот го прави. Во техничкиот опис постои слично разликување помеѓу физичкиот опис и функционалниот опис. Сложениот систем најпрвин треба да се опише во рамките на неговите супстанци: неговите подсистеми и делови. Потоа се опишува во рамките на методот: неговите функции по редот по кој се случуваат. Ако ги помешате физичкиот и функционалниот опис, супстанцата и методот, целосно ќе се заплеткате, и вие и читателот.

Но да се применат овие класификации на едно цело поле на знаење како што е композиција во анлиски изгледаше арбитрарно и непрактично. Не постои академска дисциплина без супстанцијален и методолошки аспект. А Квалитетот немаше никаква видлива врска ниту со едното ниту со другото. Квалитативна супстанца. Таа не е ни метод. Таа се наоѓа вон обете. Ако некој гради куќа служејќи се со висок и либела, тој тоа го прави затоа што правите ѕидови потешко се рушат па оттаму тие имаат поголем Квалитет отколку искривените. Квалитетот не е метод. Тој е цел кон која е насочен методот.

"Супстанцата" и "супстанцијалноста" навистина одговораат на "објектот" и на "објективноста" кои тој ги отфрли за да стигне до недуалистичкиот поим на Квалитет. Кога се би се разделило на супстанца и на метод, токму како кога се би се разделило на субјект и на објект, тука всушност воопшто не би имало место за Квалитетот. Неговата дисертација не можеше да биде дел од супстанцијалното подрачје, бидејќи да се прифати расцепот на супстанцијално и не методолошко значеше да се порекне постоењето на Квалитет. Ако го задржеше Квалитетот, тогаш поимот на супстанца и метод мораше да се напуштат. Тоа би значело конфликт со одборот, нешто што тој воопшто не го сакаше. Но беше лут што целата смисла на она што го говори ќе биде уништена веќе со првото прашање. Супстанцијално подрачје? На каква ли Прокрустова постела се обидуваат да го легнат - се прашуваше.

Одлучи подетално да го проучи нивото на образование на членовите на одборот па за таа цел копаше низ библиотеката. Чувствуваше дека тој одбор се наоѓа во некој потполно туѓ ментален систем. Не можеше да види каде се допираат тој систем и системот на неговите мисли.

Посебно му пречеше квалитетот на објаснувањето на целта на одборот. Тоа изгледаше крајно нејасно. Целиот опис на работата на одборот беше еден чуден модел на прилично обични зборови сложени на најнеобичен начин, така што објаснувањето изгледаше посложено отколку она што со помош него требаше да се разбере. Тоа веќе не беше она на што отпрвин се радуваше.

Го проучи сето она што можеше да го најде а го напишал претседателот и тука повторно се сретна со оној чуден јазичен модел што го забележа во нејасниот опис на одборот. Беше тоа загадочен стил бидејќи потполно се разликуваше од она што го гледаше на самиот претседател. Во краткиот разговор претседателот му изгледаше како човек со брз дух, и подеднакво брз темперамент. Неговиот стил пак беше еден од најнеодредените и најнеодгатливите што Федар ги беше сретнал. Тоа беа енциклопедиски реченици кои ги оставаа подметот и прирокот вон доменот на изговореното. Вметнатите парчиња беа необјасниво вградени во други вметнати делови, подеднакво необјасниво вметнати во реченици чија поврзаност со претходните реченици во мозокот на читателот беше мртва и закопана и гнила долго време пред да се стигне до поентата.

Но најзначајно од се беше чудесното и необјасниво цветање на апстрактните категории кои изгледаа оптеретени со посебни неизговорени значења и чија содржина можеше само да се нагаѓа; тие се трупаа една по друга толку бргу и толку последователно што Федар знаеше дека не постои начин да го разбере она што беше пред него, уште помалку да му се спротивстави.

Отпрвин Федар претпостауваше дека сите тешкотии произлегуваат од фактот што тоа ги надминува неговите способности. Предавањата бараа одредено знаење кое тој го немаше. Меѓутоа, потоа забележа дека некои предавања се пишувани за таков тип слушатели кои никако не можеа да имаат такво знаење, па неговата првична претпоставка ослабе.

Втората претпоставка беше дека претседателот е "експерт", тој вака го нарекуваше оној автор кој има толку длабоко потонато во своето поле на работа што ја загубил способноста да комуницира со луѓето од надвор. Но ако е така, тогаш зошто на одборот му е дадено едно толку општо, нестручно име како "Анализа на идеите и проучување на методите"? А и претседателот немаше особини на експерт. Оттаму, и оваа претпоставка се покажа како слаба.

Во меѓувреме Федар се откажа од напорот да си ја крши главата заради претседателовата реторика и се обиде да открие нешто повеќе за членовите на одборот, надевајќи се дека тоа ќе му објасни за што всушност се работи. Се покажа дека тоа е правилен пристап. Почна да сфаќа што е неговиот проблем.

Изјавите на претседателот беа заштитени - заштитени со огромни лавиринтски ѕидини кои се нижеа и нижеа со толкава сложеност и масивност што беше речиси невозможно да се открие што има внатре. Мистеријата обвиткана околу сето тоа беше оној вид мистерија со која се соочувате кога одеднаш ќе влезете во просторија во која само што завршила некоја жестока кавга. Сите молчат. Никој не зборува.

Зачував еден мал исечок од сеќавањето за Федар, како тој стои во некаков ходник, во некаква зграда, очигледно во Универзитетот Чикаго, обраќајќи му се на помошник претседателот на одборот, како детектив на крај на филмот, и вели: - Во вашиот опис на одборот сте пропуштиле едно важно име.

- Да? - вели помошникот на претседателот на одборот.
- Да - вели Федар со тон на сезнајко - ... Аристотеловото.

Помошникот на претседателот отпрвин е вчудоневиден, потоа, речиси како разоткриен виновник кој не чувствува вина, се смее гласно и долго.

- О, разбирам - вели тој. - Вие не сте знаеле...ништо за...- Потоа размислува малку подобро за она што сакаше да го каже и одлучува да не каже ништо повеќе.

Пристигнуваме до свртувањето кон езерото Кратер и се качуваме по уреденият пат во Националниот парк. Се е чисто, дотерано и зачувано. Поинаку и не би смеело да биде, но ни ова не заслужува награда за Квалитет. Се претвора во музеј. Така било пред доаѓањето на белиот човек, прекрасната лава тече, насекаде ретки дрвја, никаде ниту една лименка пиво - а сега кога белиот човек е тука тоа изгледа вештачки. Можеби управата на Национаниот парк едноставно би требала да стави куп пивски лименки сред таа лава и тогаш се би оживеало. На човека му се смачува отсутноста на лименки пиво.

Застануваме крај езерото, се протегнуваме и со пријатно чувство се замешуваме меѓу групата туристи кои во рацете држат фото-апарати и викаат на децата "Не се приближувајте премногу!", и гледаме автомобили со најразлични таблички, и го гледаме езерото Кратер со чувство "Па, еве го, тука е", токму како што изгледа на разгледниците. Ги гледам другите туристи и сите ми изгледаат ако да припаѓаат тука. Не ми е жал заради тоа, само постои тоа чувство дека сето тоа е нестварно и дека Квалитетот на езерото е уништен заради фактот што на него толку се покажува. Вперувате со прст во нешто и го истакнувате Квалитетот, а Квалитетот почнува да исчезнува. Квалитетот е нешто што се гледа со крајче на окото, и така го гледам езерото под нас, но чувствувам некој посебен квалитет на студената, речиси ледена сончева светлост зад себе и речиси неподвижен ветер.

- Зошто дојдовме тука? - вели Крис.
- Да го видиме езерото.
Нему тоа не му се допаѓа. Тој ја чувствува лажноста и многу се мурти, настојувајќи да го пронајде вистинското прашање за да го искаже тоа. - Го мразам ова - вели.

Некоја постара госпоѓа го гледа изненадено, потоа со сожалување.
- Па, што да правиме Крис? - го прашувам - Мораме постојано да одиме напред додека не го откриеме она што не е во ред или додека не откриеме зошто не знаеме што не е во ред. Дали ти е јасно тоа?

Тој не одговара. Постарата госпоѓа се прави дека не слуша, но нејзината неподвижност ја издава. Заминуваме кај моторот, и јас се обидувам да смислам нешто, но ништо не ми паѓа на памет. Гледам дека тој по малку плаче и дека сега се врти на страна за да не го видам тоа.

Возиме по кривините на удолнина од паркот кон југ.

Реков дека помошникот претседател на одборот за "Анализа на идеите и проучување на методите" беше вчудоневиден. Него го вчудоневиди тоа што Федар не знаеше дека се наоѓа на почвата на она што веројатно ја претставуваше најславната академска дискусија на овој век, она што ректорот на еден калифорниски универзитет го опиша како последен обид во историјата да се промени текот на еден цел универзитет.

Читајќи, Федар ја дозна кратката историја на таа славна побуна против емпириското образование која се одвиваше во раните триесети години. Одборот за "Анализа на идеите и проучување на методите" беше остаток од тој обид. Водачите на побуната биле Роберт Мајнар Хачинс, кој станал ректор на Универзитетот Чикаго; Мортимер Адлер, чија работа врз психолошките основи на законот за доказот била донекаде слична на работата која Хачинс на Јеил; Скот Бушанан, филозоф и математичар; и најважниот од сите за Федар, тогашниот претседател на одборот, кој во тоа време бил спинозист и медијавелист на Универзитетот Колумбија.

Адлеровото проучување на доказот, оплодено со читањето на класиците на западниот свет, довело до уверување дека човечката мудрост во последно време напредувала релативно малку. Тој упорно се навраќал на свети Тома Аквински, кој го прифаќал Платон и Аристотел, и нив ги вклучил во своите средовековни синтези на грчката филозофија и христијанската вера. Работата на Тома Аквински и на старите Грци, онака како што ги интерпретираше Тома Аквински, за Адлер беа камен темелник на западното интелектуално наследство. Оттаму, тие претставуваа мерило за секого кој е во потрага по добрите книги.

Во аристотеловата традиција, онака како што ја интерпретираа средовековните схоластици, човекот се смета за разумно животно кое е способно да трага и да го дефинира добриот живот, и истиот да го постигне. Кога таквиот "прв принцип" за човечката природа беше прифатен од страна на ректорот на Универзитетот Чикаго, беше неизбежно истото да има едукативни последици. Славната програма "Големи

книги", реорганизацијата на универзитетската структура според аристотеловските принципи и основањето на "Колегиумот" во кој со читање на класиците се почнуваше со петнаесетогодишни студенти, претставуваа некакви резултати.

Хатчинс ја отфрли идејата дека емпириското научно образование може автоматски да произведува "добро" образование. Науката е "ослободена од вредности". Неспособноста на науката да го дофати Квалитетот, како објект на проучување, и оневозможува на истата да воспостави скала на вредности.

Адлер и Хачинс во основа се занимаваа со животните "потреби", со вредностите, со Квалитетот и со темелите на Квалитетот во теориската филозофија. Оттаму, тие очигледно патуваа во ист правец како и Федар, само некако заглавија со Аристотел, и тука застанаа.

Постоеше конфликт.

Дури и оние кои беа склони да ја прифатат хатчинсоновата преокупираност со Квалитетот не беа склони на аристотеловската традиција да и ја препуштат конечната одговорност таа да ги дефинира вредностите. Упорно опостојуваа на тоа дека утврдувањето на вредности е невозможно, и дека валидната современа филозофија не треба да се занимава со идеи кои се искажани во книгите од стариот и средниот век. Целата таа работа на многумина од нив им изгледаше само како нов и претенциозен жаргон на измамници.

Федар навистина не знаеше што да мисли во врска со овој судар. Сето тоа сепак делуваше како блиско на она подрачје на кое тој сакаше да работи. И тој чувствуваше дека утврдувањето на вредностите е невозможно, но чувствуваше и дека тоа не е причина за нивно занемарување или дека тоа е доказ за тоа дека вредностите не постојат како стварност. Чувствуваше одбојност кон аристотеловската традиција која го присвојува дефинирањето на вредностите, но истовремено не сметаше дека таа треба да биде неевалуирана. Одговорот на овој проблем беше длабоко запретан во самиот него, и тој сакаше да знае повеќе.

Од четворицата кои предизвикаа толкав бес преостана само тогашниот претседател на испитниот одбор. Можеби поради тоа преместување на пониска

позиција, или поради други причини, неговиот углед помеѓу лицата со кои разговараше Федар не беше углед на гение. Никој не ја потврдуваше неговата генијалност, а двајца дури и остро ја негираа, и тоа раководителот на еден од главните универзитетски одделенија кој го нарече "грозен ужас", и еден бивш студент на тој универзитет со диплома по филозофија кој рече дека претседателот е познат по тоа што потпишува дипломи само на оние кои се копии на самиот него. Ниту еден од овие двајца соговорници не беше по природа осветољубив човек, и Федар чувствуваше дека она што му го кажаа беше вистина. Потоа истото се потврди и преку едно откритие во секретаријатот на одделението. Тој сакаше да разговара со уште двајца дипломирани студенти за да дознае што е можно повеќе во врска со тој испитен одбор, и тие му рекоа дека тој одбор во целата своја историја одобрил само две докторски дисертации. За да и најде место под сонцето на стварноста на Квалитетот, тој очигледно мораше да се бори и да го победи претседателот на својот испитен одбор, чие аристотеловско гледиште му пречеше воопшто и да започне со борбата, и чиј темперамент изгледаше крајно непопустлив кон спротивните идеи. Сето тоа создаваше многу мрачна слика.

Тогаш Федар седна и му пиша на самиот претседател на испитен одбор за "Анализа на идеите и проучување на методите" на Универзитетот во Чикаго, писмо кое може да се опише единствено како предизвик за одбивање, во кое авторот одбива тивко да се провлече низ задниот излез, и наместо тоа создава сцена со такви размери што противниците се приморани да го исфрлат на главната врата, давајќи му на тој предизвик таква тежина којашто тој порано ја немал. После ова тој полека се крева од улицата, и откако уште еднаш се уверува дека вратата е цврсто затворена, и се заканува со тупаници, ја стресува прашината од оделото и вели: / Во ред, се обидов - и на тој начин ја олеснува својата совест.

Федровиот предизвик го информираше Претседателот дека неговото темелно подрачје сега претставува филозофијата, а не композицијата во англиски јазик. Но, рече, поделбата на студиите на супстанцијално и методолошко подрачје, е изданок на Аристотеловата дихотомија на формата и содржината, која на противниците на дуализмот не им значи ништо, со оглед на тоа што овие две нешта се истоветни.

Рече дека не е сигурен, но дека изгледа дека дисертацијата за Квалитетот се претвора во антиаристотеловска дисертација. Ако тоа е вистина, тогаш тој избрал

соодветно место за неа. Големите универзитети работат во хегеловски дух и секое училиште кое не може да прифати дисертација која е спротивна на неговите темелни принципи излегува од колосек. Тоа е дисертацијата која Универзитетот Чикаго ја очекуваше, истакна Федар.

Призна дека тоа барање е огромно, и дека за него е невозможно да донесе суд за неговата вредност, со оглед на тоа што никој не може да биде непристрасен судија на сопствената работа. Но кога би се појавил некој друг, со дисертација чија цел би била да претставува главен прелом помеѓу источната и западната филозофија, помеѓу религиозниот мистицизам и научниот позитивизам, тој би го сметал тоа за нешто кое има историска важност, за дисертација која би го турнала Универзитетот напред. Во секој случај, рече, оној кој бил прифатен во Чикаго успеал во тоа дури откако исфрлил некого друг. Време беше Аристотел да си го добие своето.

Баш безобразно.

Но тоа не беше ни предизвик кој лесно се одбива. Она што уште повеќе оставаше впечаток беше мегаломанијата, заблудата за големината, огромниот губиток на способноста да се разбере влијанието на она што е кажано во врска со другите. Стана таков затвореник на својот свет на метафизика на Квалитетот што не можеше да види ништо вон тој свет, а со оглед на тоа што никој не го разбираше неговиот, однапред беше осуден на пропаст.

Мислам дека тој во тоа време сигурно чувствуваше дека она што го говори е вистина и дека не е важно дал неговиот начин на искажување е безобразен или не. Толку работи зависеа од тоа што тој немаше време за разубавување. Ако Универзитетот Чикаго повеќе го интересира естетиката на она што тој го говори отколку неговата рационална содржина, тогаш тој не ја исполнува својата основна цел како Универзитет.

Се работеше токму за тоа. Тој навистина веруваше. Не беше тоа една од оние интересни идеи кои треба да се проверат преку постоечките методи. Беше тоа менување на постоечките рационални методи. Нормално е, кога треба да претставите некаква нова идеја во некоја академска средина, да се претпоставува дека притоа ќе бидете објективни и непристрасни. Но оваа идеја за Квалитетот

беше спротивна токму на таа претпостака - претпоставката за објективност и непристрасност. Тие му прилегаа само на дуалистичкиот разум. Дуалистичката изворност се постигнува со објективност, но креативната изврсност не.

Тој веруваше дека решил голема вселенска загатка, дека го пресекол гордиевиот јазол на дуалистичката мисла, со еден збор, со Квалитетот, и не беше подготвен да му дозволи на било кого овој збор повторно да го врзе во јазол. И верувајќи во тоа, тој не можеше да сфати дека неговите зборови на другите луѓе им звучат безобразно мегаломански. Па и да сфаќаше, тоа ништо не му значеше. Тоа што тој го вели е мегаломанија, но да претпоставиме дека е вистина? Ако греши, никому ништо. Но да претпоставиме дека е во право? Да си во право и да се откажеш од тоа право заради додворување на своите учители, тоа би било ужасно!

Така нему едноставно не му беше гајле за тоа дека како неговите зборови им звучат на другите. Тоа беше секако фанатична работа. Тие денови живееше во осамената вселена на своите разговори. Никој не го разбираше. И колку повеќе луѓе покажуваа дека не успеваат да го разберат и дека не им се допаѓа и она што го разбираа, толку тој стануваше пофанатичен и понепријатен.

Неговиот предизвик наиде на очекуваниот прием. Со оглед на тоа што неговото основно подрачје е филозофијата, тој требало да му се обрати на одделението по филозофија, а не на тој одбор.

Федар покорно го стори тоа, а потоа тој и неговото семејство го натоварија автомобилот и приколката со сето она што го имаа, се поздравија со пријателите и се подготвуваа да тргнат. Токму кога последниот пат ја заклучуваше вратата од куќата се појави поштар со писмо. Беше од Универзитетот во Чикаго. Во него пишуваше дека не е примен. Ништо повеќе.

Очигледно претседателот на испитниот одбор за "Анализа на идеите и проучување на методите" влијаел врз одлуката.

Федар позајми прибор за пишување од соседите и му одговори на претседателот дека со оглед на тоа што веќе беше примен на одборот за "Анализа на идеите и проучување на методите", тој ќе мора тука и да остане. Тоа беше повеќе еден

правен маневар, но Федар до тој момент во себе веќе беше развил своевидна борбена упорност. Тоа застранување, тоа брзо туркање низ вратата на филозофијата значеше дека поради некаква причина претседателот не беше во можност да го исфрли на главната врата на одборот, дури ни со она безобразно писмо во раката, и тоа му ја зајакна самодовербата на Федар. Без странични врати, Ве молам. Ќе мора да го исфрлат на главната врата или никако. Можеби тоа нема да го можат. Добро е. Сакаше неговата дисертација да не должи никому и ништо.

Патуваме по источнот брег на езерото Кламат по пат со три ленти кој сочувал многу обележја на дваесетите години. Тогаш се изградени сите тие патишта со три ленти. Застануваме да ручаме во попатното свратилиште кое исто така припаѓа на тоа време. Дрвена конструкција која копнее по боја, неонската реклама за пиво на прозорецот, чакал и дамки од моторно масло наместо тревник пред влезот.

Внатре, седиштето на шољата е скршено а умивалникот е покриен со масни линии, но на враќање кон нашата маса малку повнимателно го гледам сопственикот зад шанкот. Лице од дваесетите години на дваесетиот век. Едноставно, топло, непоколебливо. Ова е неговиот дворец. Ние сме негови гости. И ако не ни се допаѓаат неговите хамбургери подобро да си молчиме.

Кога пристигнаа, тие хамбургери со огромен сиров кромид, гледам дека се вкусни а и пивото е добро. Целиот оброк е многу поефтин отколку на оние места за стари госпоѓи со пластично цвеќе на прозорците. Додека јадеме гледам дека сме тргнале по погрешен пат и дека по друг би можеле многу побргу да стигнеме до океанот. Сега е топло, лепливата жештина на западниот брег на човека му паѓа тешко после сувата топлина на западната пустина. Навистина, ова е само пренесен Исток, целата оваа сцена, и јас би сакал што е можно поскоро да стигнеме до океанот каде што е посвежо.

Размислувам за тоа долж целиот јужен брег на езерото Кламат. Лепливата жештина и депресијата на дваесетите години...Така се чувствуваше во Чикаго она лето.

Кога Федар пристигна во Чикаго со семејството, се смести близу универзитетот и, со оглед на тоа што немаше стипендија, почна со полно работно време да предава

реторика на Универзитетот Илиноис кој тогаш беше во центарот, близу пристаништето, кое навлегуваше во езерото, миризливо и топло.

Групите беа различни од оние во Монтана. Најдобрите ученици од средните училишта беа собрани во универзитетските комплекси Шампањ и Урбана и речиси сите студенти на кои тој им предаваше спаѓаа во солиден едноличен просек. Нивните состави, кога беа јавно оценувани во класот, беше тешко човек да ги разликува. Во некакви други прилики Федар веројатно би измислил нешто за да излезе на крај со ваквата ситуација, но сега тоа беше само заработување леб за кое не можеше да одвојува креативна енергија. Неговиот интерес беше усмерен на југ, кон оној друг универзитет.

Застана во ред за упис на Универзитетот Чикаго, му го кажа своето име на професорот по филозофија кој го вршеше запишувањето, и забележа благо собирање на неговите очи. Професорот по филозофија рече дека претседателот побарал тој да биде запишан во групата "Идеи и методи", о да, група на која ќе предава самиот претседател, и му го даде распоредот на предавањата. Федар забележа дека времето на оддржување на предавањата се поклопува со неговата работа на пристаништето, па наместо таа група одбра друга, Идеи и методи 251, Реторика. Со оглед на тоа што реториката беше токму негово подрачје, тука се чувствуваше малку поудобно. А и претседателот не беше предавач по овој предмет. Предавач беше професорот по филозофија кој токму сега го запишуваше. Очите на професорот по филозофија, кои претходно беа собрани, сега се раширија.

Федар и се врати на својата работа на пристаништето и учењето за првите предавања. Сега беше апсолутно потребно да учи како никогаш претходно, за генерално да ја совлада мислата на класична Грција и еден класичен Грк посебно - Аристотела.

Од сите оние илјадници студенти на Универзитетот Чикаго кои ја проучувале класиката, се сомневам дека било кој бил поработлив од него. Главната битка на универзитетската програма "Големите книги" беше насочена против модерното верување дека класиците немаат ништо значајно да му кажат на општеството на дваесетиот век. За да можат да бидат сигурни, поголемиот број студенти кои се запишуваа мораа да се вклучат во играта на убавото однесување кон професорите,

и да прифатат, заради разбирање, едно претпоставено верување дека класиците имаат нешто значајно да кажат. Но Федар, кој не беше поборник на некакви игри, не само што ја прифаќаше оваа идеја. Тој страсно и занесено тоа и го знаеше. Почна жестоко да ги мрази и да ги напаѓа со грди зборови од секаков вид на кои можеше да се сети, не затоа што тие беа ирелевантни, туку токму заради спротивната причина. Колку повеќе ги проучуваше, толку стануваше поуверен дека уште никој не ја проценил штетата нанесена на овој свет, која произлегла од нашето несвесно прифаќање на нивната мисла.

Шетајќи се по јужниот брег на езерото Кламат минуваме низ некакви населби со обележени предградија, потоа го оставаме езерото и удираме на запад, кон морскиот брег. Патот сега се качува кон шуми со големи дрвја, кои воопшто не личат на оние шуми жедни за дожд низ кои досега минувавме. Од двете страни на патот има големи елки. Од моторот, на минување, гледаме во нивните стебла се до врвот кој се крева стотина метри над нас. Крис сака да застанеме и да проштаме меѓу нив па застануваме.

Додека тој оди на прошетка, јас се потпирам крајно внимателно со грбот на кора од елка и гледам нагоре и се обидувам да се сетам...

Деталите на она што тој го научи сега се загубени, но според настаните кои следеа подоцна знам дека тој во себе впи страшно количество податоци. Беше способен тоа да го прави со речиси фотографско паметење. За да се разбере како Федар стигна до својата осуда на класичните Грци, потребно е накратко да се изнесе концептот на "митот над логосот" кој им е добро познат на студентите по грчки јазик и е честа причина за привлечност на тоа подрачје.

Зборот логос, кој стои во корен на зборот "логика", се однесува на севкупноста на нашето разбирање на светот. Мит (mstхос), тоа е збир на раните историски и предисториски митови кои му претходат на логосот. Митовите ги вклучуваат не само грчките митови, туку и Стариот завет, ведските химни и раните легенди на сите култури кои дале свои прилог на нашето денешно поимање на светот. Концептот "мит-от над логос-от" тврди дека токму тие легенди ја обликувале нашата рационалност, дека нашето денешно знаење во однос на тие легенди е она

што е стеблото во однос на ниската грмушка која некогаш ја претставувало. Човек може да добие широк увид во сложената, општа структура на стеблото преку проучување на многу поедноставните форми на грмушки. Тука не постојат разлики во вид, ниту пак разлики во идентитет, постои само разлика во големина.

Така, во културите во чии претци спаѓа и стара Грција, човек без исклучок наидува на строго разлачување на субјектот и на објектот бидејќи граматичкото устројство на старогрчкиот мит претпоставувал строга природна разлика помеѓу субјектот и објектот. Во културите како што е кинеската, каде односите на субјектот и објектот не се толку строго граматички одредени, се среќава и соодветна отсутност на строга филозофија на субјект и објект. Таквата разлика се среќава во хебрејско-христијанската култура во која "Зборот" од Стариот завет има своја сопствена светост, па оттаму луѓето се подготвени да жртвуваат се и да живеат за зборовите и да умрат за нив. Во таа култура судијата може да го праша сведокот на суд дали ќе ја каже "вистината, целата вистина, и ништо друго освен вистината, со Божја помош", и да очекува дека навистина од него ќе ја чуе вистината. Но кога еден таков суд ќе се пренесе во Индија, како што тоа го сториле Англичаните, вистинскиот успех во однос на лажното заколнување ќе изостане, затоа што индискиот мит е различен и таа светост на зборовите не се чувствува на истиот начин. Слични проблеми се случија во САД меѓу националните малцинства со различна културна позадина. Постојат безброј примери за тоа како митските разлики ги предизвикуваат разликите во однесувањето, и сите се фасцинантни.

Тој концепт на "митот над логосот" укажува на фактот дека секое дете се раѓа без било какво знаење, како пештерски човек. Но за светот да не се врати во неандерталска состојба, во секоја генерација постои еден непрекинат мит, преобразен во логос но сепак мит, големо множество заедничко знаење кое ги обединува нашите умови како што се клетките обединети во човековото тело. Да се има чувство дека некој не е обединет на таков начин, дека некој може да го прифати или да го отфрли тој мит по своја желба, значи да не се разбере што е тоа мит.

Постои само еден вид личност која го прифаќа или го отфрла митот во којшто живее, рече Федар. А дефиницијата на таа личност, тогаш кога ќе го отфрли митот, гласи "луд", рече Федар. Да се излезе вон митот значи да се полуди...

Боже мој, тоа дури сега ми текна. Никогаш порано не го знаев тоа.

Тој знаеше! Тој мораше да знае што е тоа што мораше да се случи. Почнува да се насира.

Ги имаш сите тие исечоци, како парчиња од мозаик, и можеш да ги групираш во големи множества, но множествата не се вклопуваат кога се обидуваш да ги соединиш, и тогаш одеднаш пронаѓаш едно делче и тоа се вклопува во две различни множества и тие две големи множества стануваат едно. Однос на митот и лудилото. Тоа е клучното делче. Се сомневам дека некој го беше тоа кажал претходно. Лудилото е терра инцогнита која го покружува митот. А тој го знаеше тоа! Тој знаеше дека Квалитетот за којшто говореше лежи вон митот.

Сега се е јасно! Затоа што од Квалитетот се раѓа мит. Во тоа е работата. На тоа мислеше кога рече: "Квалитетот е траен подстрек кој не тера да го создаваме светот во којшто живееме. Се е во него. Секој негов, макар и најмал дел." Религијата не ја измислил човекот. Религијата ги измислила луѓето. Луѓето измислуваат одговори на Квалитетот, а меѓу тие одговори е и разбирањето на она кои се тие самите. Дознавате нешто и тогаш се случува поттик на Квалитетот, и тогаш се обидувате да го дефинирате поттикот на Квалитетот, но за таа цел на располагање ви стои само она што го знаете. Значи, вашата дефиниција е срочена од она што го знаете. Таа е аналогија на она што веќе го знаете. Таа едноставно мора да биде тоа. Не може да биде ништо друго. И митот расте на тој начин. Преку аналогии со она што било познато порано. Митот е зграда изградена со трупање на аналогии врз аналогии врз аналогии. Тие ги исполнуваат вагоните во возот на свеста. Секој негов најмал дел. Квалитетот е пругата која управува со возот. Она што се наоѓа вон возот, од обете страни - тоа е терра инцогнита на лудилото. Тој знаеше дека ќе мора да го напушти митот ако сака да го спознае Квалитетот. Знаеше дека нешто мора да се случи.

Сега низ стеблата го гледам Крис како се враќа. Изгледа одморено и среќно. Ми покажува парче кора и ме прашува дали може да го задржи за спомен. Не сум воодушевен од товарењето на моторот со такви парчиња и предметчиња кои тој ги

наоѓа и кои веројатно ќе ги фрли кога ќе се врати дома, но овој пат му велам дека може.

После неколку минути патот пристигнува на врвот и потоа стрмно се спушта во долината која станува се попривлечна колку повеќе се спуштаме во неа. Никогаш не сум помислил дека една долина би можела да биде наречена така - привлечна - но има нешто во целиот овој крајбрежен регион што е толку различно од секој друг планински предел во Америка, што зборот сам паѓа на ум. Малку појужно одовде се наоѓа областа од каде ни пристигнува сето наше добро вино. Ридовите се некако поинку составени и набрани - привлечно. Патот закривува и се спушта и закривува и се спушта, а ние и моторот лесно јуриме по него, следејќи го со посебна благост, речиси допирајќи го овосоченото лисје на грмушките и надвиените гранки на стеблата. Елките и карпите на повисоките места сега се претвараат во гримизно и црвено цвеќе, а нивниот мирис се меша со чадот од запалено дрво кој се крева од далечната маглина долж дното на долината и зад неа, таму до каде не допира поглед - благиот мирис на океанот...

...Како можам толку да го сакам сето ова, и да бидам луд?...
...Јас не верувам во тоа!

Мит. Митот е луд. Во тоа веруваше. Митот кој вели дека формите на овој свет се стварни а дека Квалитетот на овој свет е нестварен, тоа е лудо!

И веруваше дека во Аристотел и во старите Грци открил измамници кои така го моделирале митот што не натерале тоа лудило да го прифатиме како стварност.

Тоа. Тоа сега. Тоа ги поврзува сите нешта. Се чувствува извесно олеснување кога ќе се случи тоа. Толку е тешко понекогаш да мислиш на сето тоа, потоа следи чудна исцрпеност. Понекогаш помислувам дека сето тоа јас самиот го измислувам. Понекогаш не сум сигурен. А понекогаш знам дека не измислувам. Но митот и лудилото, и нивниот центар - за тоа сум сигурен дека доаѓа од него.

Минувајќи ги тие привлечни ридови пристигнуваме во Медфорд од каде главниот пат води кон Грантс Пас и веќе е речиси ноќ. Силниот челен ветер ни пречи и едвам го следиме останатиот сообраќај на качувањата, дури и под полн гас.

Влегувајќи во Грантс Пас слушаме застрашувачки гласна, sвeскава бучава и застануваме и откриваме дека штитникот на синџирот некако се сплеткал во синџирот и дека е целиот искршен. Ништо сериозно, но доволно да ни одземе некое време додека да го смениме. Можеби е глупаво да го заменуваме кога за неколку дена ќе го продадеме.

Градот Грант Пас изгледа доволно голем за да има продавница за мотори која би била отворена следното утро, па по пристигнувањето во него тргнуваме во потрага по мотел.

Не бевме виделе кревет од Боземан во Монтана.

Наоѓаме мотел со телевизор во боја, базен со греење, апарат за кафе за следното утро, со сапун и бели крпи и поплочен туш и чисти кревети.

Легнуваме на чистите кревети и Крис потскокнува некое време на својот. Се сеќавам од детство дека скокањето по кревети е добар лек за потиштеност.

Утре сето ова некако може да се расчисти, можеби. Не сега. Крис оди доле да се искапе во топлиот базен додека јас мирно лежам на чистиот кревет и заборавам на се.
29

Вадејќи ги работите од страничните торби и враќајќи ги назад уште од Боземан, и правејќи го истото со ранците, опремата стана ептен ветва. Се е расфрлено по подот, и на утринската светлина тоа пружа слика на вистински неред. Пластичната вреќа со замастени работи пукнала и тоалетната хартија сега е маслосана. Облеката била толку збиена што изгледа како да има трајни, вшиени набори. Меката метална туба со маст против изгореници пукнала и белата маст ја облепила футролата на мачетата, ширејќи остар мирис на сите страни. Лименката со мазиво за палење исто така се скршила. Каков неред. Во малото тефтерче кое го носам во џепот од кошулата запишувам: "Да се купи кутија со капак за згмечените работи" и додавам: "Да се испере вешот". Потоа: "Да се купат ножици за нокти на нозете, крема за изгореници, мазиво, штитник за синџир, тоалетна хартија". Тоа се многу

работи кои треба да се направат пред напуштањето на мотелот, па го будам Крис и му велам да стане. Мораме да го испереме вешот.

Во автоматската пералница го учам Крис како се ракува со машината за сушење, ја пуштам машината за перење и заминувам по други работи.

Наоѓам се освен штитникот за синџир. Продавачот ми вели дека немаат и дека нема ни да добијат. Размислувам за возењето без штитник за синџир, што подразбира дека маслото ќе прска на сите страни, што би можело да биде и опасно. Освен тоа не сакам да правам нешта кога постојат такви можности. И затоа морам да ја решам оваа работа.

На крајот на улицата наоѓам знак за заварувач и влегувам. Големите и високи дрвја и густата трева го омеѓуваат просторот од другата страна и на целото место му даваат изглед на селска ковачница. Сиот алат е обесен со многу внимание, се е уредно, но внатре нема никого. Ќе се вратам после.

Се возам назад и застанувам поради Крис, го проверувам вешот кој тој го ставил во машината за сушење и со него го продолжувам бавното лизгање низ веселите улици барајќи некој ресторан. Насекаде промет, живост, добро одржувани возила, поголемиот број од нив. Западен брег. Маглива чиста сончева светлина на градот вон подрачјето на продавачите на јаглен.

На работ од градот наоѓаме ресторан и седнуваме и чекаме на маса со црвено-бел чаршав. Крис ги отвара Мотоциклистичките новости кои ги купив во продавница за мотори и гласно чита кој победил на која трка, а потоа еден текст за трките крос-кантри. Келнерката го гледа, помалку љубопитно, ме гледа мене, моите моторџиски чевли, па ја запишува нарачката. Заминува назад во кујната па се враќа и повторно не гледа. Мислам дека ни посветуваат толкаво внимание затоа што сме тука сами. Додека чекаме таа става неколку парички во џубоксот, и заедно со појадокот кој пристигнува наскоро - пециво, сируп и колбаси, ах - имаме и музика. Со Крис разговараме за тоа што го гледа во Мотоциклистичките новости и разговорот се води со звуците на музиката од плочата на опуштен начин како што разговараат луѓе кои минале многу денови заедно на пат, а со крајот на окото гледам дека тоа некој го гледа со упорно сверење. Наскоро Крис мора некои

работи да ги прашува по втор пат затоа што тоа sверење некако ме совладува, па е тешко да се мисли на она што тој го кажува. Плочата пее за некој возач на камион низ западните прерии...Го завршувам разговорот со Крис.

Додека заминуваме и излегуваме и го палиме моторот, таа стои на вратата и гледа во нас. Осамена. Таа веројатно не разбира дека со таквото гледање нема долго да остане осамена. Го притиснувам кумплунгот и додавам гас повеќе отколку што треба, поради нешто незадоволен, и додека повторно возиме до заварувачот ми треба време за тоа да ми мине.

Заварувачот е внатре, постар човек во своите шеесети или седумдесети, кој ме гледа презриво - потполна спротивност на келнерката. Му објаснувам за штитникот на синџирот и малку потоа тој вели: - Јас нема да го вадам. Вие ќе мора да го извадите.

Го правам тоа и му го покажувам, а тој вели: - Полн е со маснотија.

Позади работилницата, под рашириниот костен, ја стругам целата маснотија во канта за отпадоци. Од таму тој ми вели: - Во онаа кутија има разредувач. - Ја гледам плитката кутија и потоа ги отстранувам остатоците од маснотија со лисја и разредувач.

Кога му го покажувам тој климнува со главата и оди до регулаторот на своите плински боци. Потоа се предомислува и им пристапува на другите боци. Не му се брза. Зема челична шипка за заварување и јас се прашувам дали со тоа ќе се обиде да го завари тој тенок метал. Јас не заварувам метален лим. Го лемам со бронзена шипка. Кога се обидувам да го заварам, пробивам дупки и потоа морам да ги исполнам со големи капки челик. - Зарем нема да ја употребите бронзената шипка? - прашувам.

- Не. - вели тој.
Муабетчија човек.

Го вклучува апаратот, мести еден многу мал модар пламен и потоа, тоа е тешко да се опише, изведува вистински танц со пламенот и шипката во одделни ритми над

тенкиот метален лим, кој целиот стана еднолична портокалово-жолта површина, спуштајќи го пламенот и шипката точно во вистинскиот час за веднаш да ги тргне. Нема дупки. Едвам можете да забележите каде е заварено. - Тоа е прекрасно - велам.

- Еден долар - вели тој, без насмевка. Потоа го фаќам смешниот прашален поглед во неговите очи. Се прашува дали наплатил премногу? Не, тоа е нешто друго...осамен е, како и келнерката. Веројатно мисли дека му се потсмевам. Кој ли го цени уште овој вид работа?

Се подготвивме и излегуваме од мотелот токму во време кога треба да го напуштиме и наскоро заоѓаме во крајбрежна шума, упатувајќи се од Орегон во Калифорнија. Сообраќајот е толку густ што немаме време да гледаме нагоре. Станува студено и сиво па застануваме и облекуваме џемпери и блузи. И понатаму е студено, нешто над 10 степени, и не обземаат зимски мисли.

Осамените луѓе во градот. Го видов тоа во супермаркетот и во пералницата и кога излегувавме од мотелот. Па тие автостопери низ шумата полна со осамени пензионери кои ги гледаат дрвјата на патот пред да го здогледаат океанот. Го гледате тоа при првото забележување на погледот кој доаѓа од ново лице - тој испитувачки поглед - потоа го снемува.

Сега забележуваме многу повеќе таква осаменост. Парадоксално е што осаменоста е најголема таму каде што има најмногу народ, во големите градови на источниот и западниот брег. А таму каде што населението е толку раштркано, во западен Орегон, во Ајдахо, во Монтана, во двете Дакоти, би помислиле дека осаменоста тука би требало да биде многу поголема, но ние не ја забележавме.

Објаснувањето изгледа лежи во тоа дека физичката оддалеченост меѓу луѓето нема врска со осаменоста. Се работи за психичка оддалеченост - во Монтана и Ајдахо физичките оддалечености се големи но психичките оддалечености помеѓу луѓето се мали, а тука е обратно.

Се наоѓаме во главната Америка. Не престигна предминатата ноќ во Принвил Џанкшн и од тогаш не следи. Еве ја таа главна Америка на автопатишта и млазни

авиони и телевизија и филмски спектакли. И луѓе кои се заробени во оваа главна Америка, кои изгледаат како да минуваат голем дел од нивните животи без особена свесност за она што непосредно ги опкружува. Масовните медиуми ги увериле дека не е важно она што непосредно ги опкружува. И затоа се осамени. Тоа им се гледа на лицата. Прво краток блесок на истражување, а потоа кога ќе ве погледнат, вие сте само некаков предмет. Не ве сметаат за жив. Вие не сте она што тие го бараат. Вие не сте на ТВ.

Но споредната Америка низ која минавме, Америка на споредни патишта, кинески канали и коњи од расата апокалоса, и пространи планински масиви, и длабоки мисли, и деца со шишарки и бумбари и отворено небо над нас километар по километар по километар, низ сето тоа владееше она што беше стварно, што беше околу нас. И затоа не сме почувствувале осаменост. Така било веројатно пред сто или пред двеста години. Едвај и да имало луѓе и едвај и да имало осаменост. Јас без сомнение премногу генерализирам, но кога би се примениле соодветните мерила, тоа би било вистинито.

Технологијата е обвинета за голем дел од оваа осаменост, со оглед на тоа што осаменоста е секако поврзана со новите технички изуми - со автопатиштата, млазните авиони, телевизорите и така натаму - но јас се надевам дека е јасно дека вистинското зло не лежи во техничките предмети туку во тенденцијата на техниката да ги дели луѓето на осамени ставови на објективност. Затоа што објективноста, тој дуалистички начин на гледање на нештата кој се крие во технологијата, раѓа зло. Затоа толку се мачев да покажам како технологијата би можела да се искористи за уништување на злото. Човекот кој знае да поправа мотори - со помош на Квалитетот - има поголема веројатност да не остане без пријатели отколку човекот кој тоа не го знае. И пријателите нема на него да гледаат како на предмет. Квалитетот сегаш ја поништува објективноста.

Или ако тој се зафати со било каква досадна работа во која заглавил - а сите работи, порано или подоцна стануваат досадни - па започна, колку за забава, да бара квалитативни решенија, и потајно да ги следи, заради нив самите, претворајќи го на тој начин она што го работи во уметност, веројатно ќе открие дека станува многу поинтересна личност и многу помалку предмет за луѓето околу него, бидејќи неговите квалитативни одлуки го менуваат и него самиот. И не само

работата и него, туку и другите, затоа што Квалитетот е склон кон тоа да се шири на сите страни во бранови. Квалитативната работа која никој не очекувал да биде забележана станува забележана, и човекот кој го гледа тоа се чувствува малку подобро, и веројатно тоа чувство ќе го пренесе и на другите - на тој начин Квалитетот е склон кон трајно ширење.

Мое лично чувство е дека понатамошното подобрување на светот ќе се случува на следниов начин: поединците ќе носат квалитативни одлуки. И тоа е се. Боже, не сакам повеќе да им се воодушевувам на големите програми за општествено планирање наменети за големи маси народ кои го изоставуваат поединечниот квалитет. Нив можеме да ги заборавиме некое време. За нив има место, но тие мораат да бидат изградени врз темелите на квалитетот кои постои внатре поединците на кои им се наменети. Таков индивидуален Квалитет имавме во минатото, го експлоатиравме како природен ресурс без да го знаеме тоа, и денес резервите се при крај. Сите се при крај со занесот. И мислам дека е крајно време да му се вратиме на повторното градење на тоа американско богатство - поединечните вредности. Има политички реакционери кои со години говорат нешто слично. Јас не сум еден од нив, но се додека говорат за вистинската поединечна вредност а не бараат оправдување за давање повеќе пари на богатите, тие се во право. Навистина ни е потребно враќање кон поединечната чесност, самодовербата и старомодниот занес. Тоа ни е навистина потребно. Се надевам дека во оваа шатакуа дава изесени насоки во тој поглед.

Федар појде по различна стаза од онаа која е во врска со идејата за поединечните, лични квалитативни одлуки. Мислам дека неговата стаза беше погрешна, но можеби и јас во негова ситуација би пошол по истиот пат. Тој чувствуваше дека решението почнува со нова филозофија - со нова духовна рационалност - во која грдоста и осаменоста и духовната празнина на дуалистичкиот технолошки разум ќе станат нелогични. Разумот веќе не може да биде "ослободен од вредности". Разумот мора да му биде логично подреден на Квалитетот, и тој беше сигурен дека ќе ја најде причината заради што тоа не беше така меѓу старите Грци, чиј мит ја проткаја нашата култура со тенденции кои лежат во основата на сето она што е зло во нашата технологија, тенденцијата да се прави она што е "разумно", дури и кога тоа не е ни најмалку добро. Тоа е коренот на целиот проблем. Токму тоа. Реков дека тој уште одамна го прогонуваше сеништето на разумот. Тогаш мислев на ова.

Разумот и Квалитетот се раздвоиле и меѓусебно се судриле, и Квалитетот беше покорен а разумот возвишен.

Почна да роси. Но не толку за да мораме да застанеме. Само слаб почеток на силен краткотраен дожд.

Патот сега води вон високите шуми во отвореното сино небо. Покрај него има многу рекламни паноа. Козметиката Шенли со топли бои трае вечно, додека човекот чувствува дека Ирма дава слаби и осредни трајни ондулации поради испуканите бои на нејзините паноа.

Повторно го читав Аристотел барајќи го она страшно зло кое се појавува во парчињата сеќавања за Федар, но не го најдов тука. Се што пронајдов кај Аристотел се главно досадни генерализации од кои голем број навидум е невозможно да се оправдаат во светлината на модерното знаење, кои се лошо конструирани и кои изгледаат примитивно како што изгледа грчката керамика во музеите. Кога би знаел многу повеќе за тоа, сигурен сум дека и би нашол многу повеќе во него, и би престанал да го сметам за примитивен. Но без познавање на сето тоа не можам да видам зошто тоа заслужува толкаво воодушевување на групата собрани околу проектот "Големите книги" или толкав гнев од страна на Федар. Јас во делата на Аристотел навистина не гледам главен извор ниту на позитивни ниту на негативните вредности. Но водушевувањето на групата "Големите книги" е добро познато и публикувано. Федровиот гнев не е, и неговото оддржување станува дел од моите обврски.

Реториката е уметност, почнува Аристотел, затоа што може да се сведе на рационален систем на поредок.

Федар напросто се вчудоневиди од оваа изјава. Го замрзна. Беше подготвен да одгатнува пораки со моќна истенченост, системи со голем степен на сложеност за подобро да ги разбере длабокото внатрешно значење на Аристотел, кого многумина го прогласуваат за најголем филозоф на сите времиња. И тогаш го погодува, без вовед, право в лице, една ваква посрана реченица! Тоа навистина го потресе.

Читаше понатаму:
Од една страна реториката може да се подели на посебни докази и теми, и на општи докази од друга. Посебните докази можат да се поделат на методи на докажување и видови докази. Методите на докажување се вештачки докази и невештачки докази. Од вештачките докази постојат етички докази, емоционални докази и логички докази. Од етичките докази постојат практичната мудрост, доблеста и добрата волја. Посебните методи кои се служат со вештачки докази од етички вид ја вклучуваат добрата волја и бараат знаење од областа на емоциите, и за оние кои заборавиле што се тие емоции, Аристотел приложува попис на истите. Тоа се лутината, презирот (делив на дрскост, пркос и навреда), благоста, љубовта или пријателството, стравот, довербата, срамот, бесрамноста, наклоноста, добронамерноста, сожалувањето, грозењето, зависта, натпреварувањето и предизвикувањето.

Се сеќавате ли на описот на моторот даден во Јужна Дакота? На она кое детално ги набројува сите делови и функции на моторот? Ја препознавате ли сличноста? Тука се наоѓа, Федар беше уверен во тоа, зачетокот на тој стил на говор. Аристотел продолжуваше така страница по страница. Како некој третокласен технички инструктор, именувајќи се, покажувајќи ги односите меѓу нештата кои ги именува, остроумно откривајќи ги случајните нови односи меѓу тие споменати нешта и потоа чекајќи да зазвони за да може да му ја повтори целата лекција и на следниот клас.

Федар не можеше да прочита никаков сомнеж, никакво чувство на страв, ниту меѓу редови, само вечна самобендисаност на професионален академик. Дали Аристотел навистина мислел дека неговите ученици ќе станат подобри говорници ако ги научат сите тие бескрајни имиња и односи? Ако не го мислел тоа, дали навистина мислел дека ги учи на реторика? Федар мислеше дека тој навистина така мислел. Во неговиот стил немаше ништо што би покажувало дека Аристотел било кога се посомневал во Аристотел. Федар го сметаше Аристотела за човек кој е страшно задоволен од тој ситен трик на општо именување и класифицирање. Неговиот свет почнува и завршува со тој трик. И доколку не беше мртов речиси повеќе од две илјади години, Федар ќе сакаше да го збрише од овој свет, затоа што во него виде прототип на милиони самозадоволни и навистина неуки учители кои дефилираа низ целата историја и кои самобендисано и сурово го убиваа

креативниот дух на своите ученици преку тој глупав ритуал на анализа, со тоа слепо, рутинско, вечно именување на нештата. Влезете во било која од стотиците илјади денешни училници и слушнете ги наставниците како ги класифицираат и подкласифицираат и поврзуваат и спротивставуваат "начелата" и како ги проучуваат "методите" и се што ќе чуете е Аристотеловиот дух кој ни говори низ столетијата - неплоден беживотен глас на дуалистичкиот разум.

Предавањата за Аристотел се оддржуваа на голема дрвена округла маса во морничавата соба наспроти болницата, каде сонцето доцна попладне едвам продираше над покривите на болницата низ нечистиот и загаден градски воздух. Безбојно и бледо и тегобно. Во текот на предавањата Федар забележа дека таа голема маса има огромна пукнатина на средината. Изгледаше како да стои тука со години, но никој не помислил да ја поправи. Сите се презафатени, нема сомневање, со поважни работи.

На крајот на предавањето конечно праша: - Може ли да се поставуваат прашања во врска со Аристотеловата реторика?

- Доколку сте го прочитале градивото - му беше кажано. Во очите на професорот по филозофија го забележа истото собирање на зениците кое го забележа првиот ден од уписот. Тоа го сфати како предупредување темелно да го проучи градивото, па така и стори.

Сега дождот е пороен па застануваме и на шлемовите ставаме штитник за лицето. Потоа продолжувам со умерена брзина. Внимателно ги следам дупките и песокот и масните дамки.

Следната недела Федар го проучи градивото и беше подготвен да ја издвои реченицата која вели дека реториката е уметност затоа што може да се сведе на рационален систем на поредок. По тој критериум фабриката Џенерал моторс произведува чиста уметност, а Пикасо не. Ако во Аристотел има подлабоки значења од оние кои можат да се забележат, ова ќе биде најдоброто место тие да станат видливи.

Но прашањето не е поставено. Федар ја крена раката за да го стори тоа, улови во дел од секундата молња злоба во окото на професорот, кога некој друг студент, речиси како да го прекинува, рече: - Мислам дека тука има изјави кои се мошне сомнителни.

Тоа беше се.
- Господине, ние не сме тука за да научиме што мислите вие - заржа професорот по филозофија. Како сулфурна киселина. - Ние сме тука за да научиме што мисли Аристотел! - Право в лице. - Кога ќе сакаме да научиме што мислите вие, ќе основаме група за тој предмет!

Тишина. Студентот е вчудоневиден. И сите други.

Но професорот по филозофија уште не завршил. Тој покажува со прст во оној студент и прашува: - Според Аристотел: кои се трите видови посебна реторика во согласност со предметот на разговорот?
Уште поголема тишина. Студентот не знае. - Значи вие тоа не сте го прочитале, нели?
И сега, со озарување кое покажува дека тоа го имал на ум цело време, професорот по филозофија кружи со прстот и го вперува во Федар.
- Вие господине, кои се трите видови посебна реторика во согласност со предметот на разговорот?
Но Федар е подготвен. - Форензична, делиберативна и епидеиктична - одговара мирно.
- Кои се епидеиктични техники?
- Техники на откривање на сличности, техниката на пофалба, техниката на величање и техниката на преувеличување.
- Дааа... - вели полека професорот по филозофија. Потоа повторно замолчува. Останатите студенти изгледаат вчудоневидени. Се прашуваат што се случило. Тоа го знае само Федар, и можеби професорот по филозофија. Невиниот студент доби удари кои му беа наменети нему.

Сега лицата на студентите стануваат сериозни како одбрана од слични видови испитувања. Професорот по филозофија направи грешка. Ја исцрпи својата

дисциплинска моќ над невиниот студент, додека Федар, вистинскиот виновник, внистиснкиот непријател, е се уште на слобода. Се понедофатлив. Со оглед на тоа што не постави никакво прашање, сега нема начин да го сосече. А со оглед на тоа што гледа како се одговара на неговите прашања, сигурно самиот нема повеќе да ги поставува.

Невиниот студент се sури во масата, со поцрвенето лице, покривајќи ги очите. Неговиот срам се претвора во федров бес. Никогаш ниту на едно свое предавање не разговарал на таков начин со некој студент. Така значи се проучуваат класиците на Универзитетот Чикаго. Сега Федар го познава професорот по филозофија. Но професорот по филозофија не го познава Федар.

Сивото дождливо небо и патот начичкан со реклами се спуштаат во Кресент Сити, Калифорнија, сив и студен и морак град, а Крис и јас во далечината, зад сивите згради ја гледаме водата - океанот. Се сеќавам дека тоа беше нашата голема цел сите овие денови. Влегуваме во ресторан со креативно црвен тепих и креативни листи на јадења со крајно високи цени. Единствени сме во него. Јадеме во тишина, плаќаме и повторно сме на патот, сега кон југ, студен и маглив.

Оној посрамен студент веќе не се појавува на предавањата. Не е ни чудо. Класот е целосно смрзнат, што е неизбежно кога ќе се случи таков немил настан. На сите предавања зборува само еден човек, професорот по филозофија и тој им говори и говори и говори на лица кои се трансформирале во неутрални маски.

Професорот по филозофија изгледа дека е потполно свесен за она што се случило. Поранешното злобно светкање во неговите очи упатено кон Федар се претвори во треперење од страв. Изгледа дека тој разбира дека во сегашната ситуација во класот, кога за тоа ќе дојде време, може да очекува потполно иста постапка каква што и самиот примени, и дека него никој нема да го сожали. Тој го отфрли своето право на човечност. Сега не постои начин да ја спречи одмаздата, освен постојано да биде на штрек.

Но за да биде на штрек, мора жестоко да запне и да говори точни и исправни нешта. И Федар тоа го разбира. Молчејќи тој сега може да учи под многу поволни услови.

Во тој период Федар учеше многу вредно, и учеше многу бргу, и постојано молчеше, но би било погрешно да се помисли дека тој беше добар студент во било кој поглед. Добриот студент го бара знаењето на чесен и непристрасен начин. Федар не го правеше тоа. Тој мораше да ја наточи својата секира, и се што бараше беа оние нешта кои би му помогнале да ја наостри и оние средства кои би му помогнале во рушење на сето она што би му се испречило на тој пат. Ниту имаше време ниту пак го интересираа туѓите "Големи книги". Тој беше тука само за да ја напише својата "Најзначајна книга". Неговиот однос кон Аристотел беше безобразно нечесен заради истата причина заради која Аристотел беше нечесен кон своите претходници. Тие го попречуваа она што тој сакал да го каже.

Аристотел го беше расипал она што Федар сакаше да го каже, ставајќи ја реториката во толку навредливо ниска категорија на својата хиерархија на поредок на нештата. За него таа беше гранка на Практичната наука, претставуваше своевидна нејасна врска со другата категорија, со Теоретската наука, која беше Аристотелова главна преокупација. Како гранка на Практичната наука таа е потполно исклучена од било какви допири со вистината и добрината и убавината, освен кога тие претставуваа средства кои можеа да се уфрлаат во расправата. Така, Квалитетот, во системот на Аристотел, е потполно раздвоен од реториката. Ваквиот презир кон реториката, споена со Аристотеловиот сопствен ужасен реторички квалитет, толку го беше отуѓил Федар, што тој не можеше да прочита ништо што го рекол Аристотел а да не побара начини истото да го презре и да го нападне.

Тоа не беше тешко. Аристотел беше секогаш извонредно напаѓан, тој и бил извонредно напаѓан низ целата историја, и соборувањето на Аристотеловите патентирани глупости, како соборувањето лименки на панаѓур, не пружаше многу задоволство. Да не беше Федар толку пристрасен, можеше да научи некои аристотеловски техники кои би го упатиле во нови подрачја на знаењето, затоа што одборот всушност заради тоа и беше именуван. Но да не беше толку пристрасен во барањето на место за лансирање на својот труд за Квалитетот, не би се ни нашол тука, па според таква можност всушност и не постоеше.

Професорот по филозофија држеше предавања, а Федар ја слушаше и класичната форма и романтичната површина на она што тој го говореше. Професорот по филозофија се чувствуваше најнепријатно кога стануваше збор за "дијалектиката". Иако Федар не можеше да сфати зошто тоа е така во рамките на класичната форма, неговата се поголема романтична чувствителност му говореше дека наишол на некаква трага - мирисаше на дивеч.

Дијалектика, а?

Аристотеловата книга почнува со неа, и тоа на многу маглив начин. Реториката е дополнување на дијалектиката, пишува во неа, како тоа да е од суштинско значење, но никаде не е објаснето зошто е толку важно. Потоа следеа неколку други нејасни ставови, кои звучеа како да е прескокнат голем дел од нив, или како материјалот да е погрешно составен, или како печатарот да испуштил нешто, бидејќи колку пати и да ги читаше, ништо со ништо не се согласуваше. Единствено беше јасно дека Аристотел многу се интересира за односот на реториката кон дијалектиката. За Федровото уво тука се појавуваше истата онаа тегобност што ја забележа кај професорот по филозофија.

Професорот по филозофија ја дефинираше дијалектиката и Федар внимателно слушаше, но дефиницијата влегуваше во едно а излегуваше од друго уво, што е својствено за филозофските искази кога нешто ќе се изостави. На второто предавање некој студент, кого изгледа го мачеше истиот проблем, го замоли професорот повторно да ја дефинира дијалектиката и тогаш професорот повторно го фрли оној страшлив поглед на Федар и стана многу раздразлив. Федар почна да се прашува дали можеби дијалектиката има некое посебно значење поради кое таа станува централен збор - збор кој може да ја наруши рамнотежата на расправата, зависно од тоа каде ќе се смести. И имаше.

Дијалектиката генерално го означува "она што се однесува на природата на дијалогот" што е всушност разговор меѓу две лица. Денес тоа се вика логична расправа. Таа ја вклучува техниката на вкрстено испитување со која се стигнува до вистината. Тоа е начинот на кој Сократ разговара во Платоновите Дијалози. Платон

верувал дека дијалектиката е единствен метод преку кој се стигнува до вистината. Еден единствен.

Ете зошто дијалектиката е клучен збор. Аристотел го нападна тоа верување, велејќи дека дијалектиката е соодветна само за некои цели - за испитување на човечките вредности, за откривање на вистините за вечните облици на нештата, познати како идеи, кои се постојани и непроменливи и кои според Платон ја сочинуваат стварноста. Аристотел признава дека постои научен метод, но "физички" метод, кој ги набљудува физичките факти и стигнува до вистините за материјата, која е подложна на промена. Тој дуализам на формата и содржината и научниот метод преку кој се стигнува до фактите за содржината се средиште на Аристотеловата филозофија. Оттаму, за него станало апсолутно битно дијалектиката да биде симната од високото место на кое ја држеа Сократ и Платон, затоа таа беше и остана централен збор.

Федар претпоставуваше дека аристотеловото сведување на дијалектиката, од тоа да биде единствениот метод за откривање на вистината, како што беше кај Платон, на некакво "дополнување на реториката", може толку да ги разгневи денешните платоновци, исто колку што тоа би го разбеснело и самиот Платон. Со оглед на тоа што професорот по филозфоија не знаеше каква е Федровата "позиција", тој стануваше раздразлив. Можеби се плашеше дека на него ќе скокне Федар-платоновецот. Ако беше така, тој не требаше да се плаши. Федар не беше навреден што дијалектиката беше спуштена на ниво на реторика. Тој беше бесен што реториката беше спуштена на ниво на дијалектика. Во тоа се состоеше забуната во тоа време.

Личноста која мораше сето тоа да го расчисти секако беше Платон и за среќа тој беше следниот по ред кој се појави на округлата маса со голема пукнатина на средината во мрачната тегобна просторија карши болничките згради во јужниот дел на Чикаго.

Сега се возиме долж брегот, студени, мокри и потиштени. Дождот привремено престана, но на небото не гледаме никаква надеж. Во еден миг здогледувам плажа и некакви луѓе што одат по мокриот песок. Уморен сум и затоа застанувам.

Симнувајќи се од моторот Крис вели: - Зошто застануваме?

- Уморен сум - велам. Од океанот дува студен ветер и на местото каде што тој подигнал песочни дни, сега мокри и темни од дождот кој веројатно тукушто престанал, легнувам во заветрина и така ми е малку потопло.

Сепак, не спијам. Едно девојче се појавува на врвот на падината и ме гледа како да сакам да дојдам и да си играм со неа. Малку подоцна заминува.

Во меѓувреме Крис се враќа и сака да одиме. Вели дека пронашол некои смешни билки на камењата кои имаат цветчиња кои се вовлекуваат кога ќе ги допреш. Поаѓам со него и меѓу кревањето и спуштањето на брановите гледам алги, кои не се билки туку животни. Му велам дека тие пипци можат да фатат мали риби. Веројатно има голема осека бидејќи во спротивно не би ги виделе, велам. Со крајчето на окото гледам дека она девојче на другата страна на камењата нашла морска ѕвезда. Нејзините родители исто така носат морски ѕвезди.

Се качуваме на моторот и поаѓаме на југ. Понекогаш дождот лие посилно, па ја ставам маската за да не ме пецка по лицето, но тоа не ми е пријатно и штом дождот ќе ослабе ја симнувам. Би требало да стигнеме до Арката пред мрак, но не сакам да возам пребргу по овој мокар пат.

Мислам дека Колериџ бил тој кој рекол дека секој е или платоновец или аристотеловец. Луѓето кои не можат да го поднесат аристотеловото бескрајно наведување на поединости се природни љубители на платоновите сирови генерализации. Луѓето кои не можат да го поднесат вечниот силен платонов идеализам ги сакаат приземните аристотелови факти. Платон во суштина е трагач по Буда, кој одново се јавува во секоја генерација, одејќи напред и горе кон "Едното". Аристотел е вечен механичар за мотори на кого му е подраго "мноштвото". И јас лично сум прилично голем аристотеловец во таа смсла, бидејќи ми е подраго да го пронаоѓам Буда во квалитетот на фактите околу мене, но Федар по природа беше чист платоновец и почувствува силно олеснување кога почнаа да го обработуваат Платон. Неговиот "Квалитет" и Платоновото "добро" беа толку слични што можеби би помислил дека се истоветни, доколку Федар не остави

некои белешки на оваа тема. Но тој тоа го негираше, и со време успеав да видам дека сум успеал да увидам колку важно било тоа негирање.

Меѓутоа, "Анализата на идеите и проучувањето на методот" воопшто не се занимаваше со Платоновиот поим за добро; се занимаваа само со Платоновиот поим за реторика. Реториката, вели Платон, не е воопшто поврзана со доброто; реториката е "лошото". Реторичарите се луѓе кои Платон ги мрази најмногу, после тираните.

Горгија беше обработуван како прв од Платоновите дијалози, и Федар чувствуваше дека конечно пристигнал. Тоа беше местото каде што сакаше да биде.

Цело време го обземаше чувство дека напред го влечат некои сили кои тој не ги разбира - месијански сили. Септември дојде и мина. Деновите стануваа нестварни и неповрзани, освен во рамките на Квалитетот. Ништо не е важно, туку само фактот дека тој носи нова и страшна и светски потресна вистина која ќе се роди наскоро, и без оглед дали го сакал тоа или не, светот е морално обврзан да ја прифати.

Во дијалогот, Горија е име на софист кого Сократ вкрстено го испрашува. Сократ знае што прави Горгија за живеачка и како работи, но тој ја започнува својата дијалектика со дваесет прашања прашувајќи го Горгија со што се занимава реториката. Горгија одговара дека таа се занимава со разговорот. Како одговор на идното прашање тој вели дека нејзината цел е да убеди. Како одговор на следното прашање тој вели дека нејзиното место е во судот и на другите собранија. А како одговор на уште едно прашање тој вели дека нејзиниот предмет е правдата и неправдата. Сетоа ова, што едноставно е опис на Горгија на она кон што тежеле софистите, сега од страна на Сократовата дијалектика е претворено во нешто сосема друго. Реториката стана објект. Објектот има делови а деловите имаат меѓусебни односи и тие односи се непроменливи. Во овој дијалог прилично јасно се гледа како сократовиот аналитички нож ја сече уметноста на Горгија на парчиња. И што е дури и поважно, се гледа дека тие парчиња се темел на Аристотеловата реторичка уметност.

Сократ беше еден од јунаците на федровото детство и сега овој дијалог го лутеше. Ги пополни маргините на текстот со свои коментари. Тие сигурно го обеспокојуваа,

бидејќи беше невозможно да се претпостави како би се развивал дијалогот доколку овие одговори можеа да бидат чуени. На едно место Сократ прашува на која категорија нешта се однесуваат зборовите со кои се служи реториката. Горгија одговара: - На најголемите и на најдобрите. - Несомнено препознавајќи го во тој одговор Квалитетот, Федар напиша на маргината на страницата "Така е!". Но Сократ одговара дека тој одговор е двосмислен. Тој е уште во мрак. "Лажливко", пишува Федар на маргината, и наведува страница од друг дијалог каде Сократ јасно вели дека не можел да "биде во мрак".

Сократ не се служи со дијалектика за да ја разбере реториката, тој со неа се служи за да ја уништи, или барем да ја обрука, и така неговите прашања воопшто не се вистински прашања - тоа се само стапици од зборови во кои упаѓаат Горгија и неговите пријатели реторичари. Заради тоа Федар е толку разгневен и жали што не бил таму, на лице место.

Професорот по филозофија, забележувајќи го федровото очигледно добро однесување и работливост, заклучува дека тој можеби на крајот на краиштата и не е лош студент. Тоа е втора грешка. Одлучи малку да си поигра со Федар прашувајќи го штој мисли за кулинарската вештина. Сократ му покажа на Горгија дека реториката и кулинарството се гранки на угодување на страстите - сводништво - затоа што повеќе делуваат на емоциите отколку на вистинското знаење.

На прашањето на професорот Федар дава сократовски одговор дека кулинарството е гранка на угодување на страстите.

Тоа предизвикува насмевка кај една студентка што на Федар не му се допаѓа бидејќи тој знае дека професорот на него го испробува дијалектички зафат сличен на оној што Сократ ги изведува на своите противници, и неговиот одговор немаше намера да биде смешен туку едноставно да го одбие дијалектичкиот зафат што професорот сакаше да го изведе. Федар е потполно подготвен од збор до збор да ги изговори сите докази што Сократ ги употребува за да го утврди тоа гледиште.

Но професорот не го сака тоа. Тој сака да води дијалектичка расправа во која Федар е реторичар кого го руши силата на дијалектиката. Професорот се мурти и се обидува уште еднаш: - Не. Сакам да кажам, дали вие навистина мислите дека

добро подготвеното јадење во најдобриот ресторан претставува нешто што би морале да го одбиеме?

Федар прашува: - Мислите на моето лично мислење? - Веќе со месеци, откако исчезна оној невин студент, во таа група не се беше чуло ниту едно лично мислење.

- Даааа - вели професорот.
Федар молчи и се обидува да го најде одговорот. Сите чекаат. Неговите мисли се движат молскавично, ја одбираат дијалектиката, ги играат едно по друго докажаните шаховски отварања и тој сфаќа дека секое отварање губи, па минува на следното; се побргу и побргу - но единственото нешто што групата го дознава е тишината. Конечно, наоѓајќи се во непријатна ситуација, професорот крева раце од прашањето и почнува со предавањето.

Не Федар не го слуша тоа предавање. Неговиот ум јури се понатаму, низ пермутациите на дијалектиката, понатаму и понатаму, рушејќи се пред себе и пронаоѓајќи нови гранки и подгранки, пукајќи од бес при секое ново откритие на расипаност и нискост и подлост на таа "уметност" која се нарекува дијалектика. Гледајќи го изразот на неговото лице професорот прилично се возбудува и го продолжува своето предавање во некој вид паника. Федровиот ум јури се понатаму и понатаму и уште понатаму, конечно гледајќи некое зло, некое зло вкопано длабоко во него самиот, кое се преправа дека се обидува да ја разбере љубовта и убавината и вистината и мудроста, но неговата вистинска цел е никогаш да не ги разбере, неговата вистинска цел е да ги сврге и самото да се качи на престол. Дијалектика - самонаречен владетел. Тоа го гледа. Скороевич, кој го напаѓа сето она што е добро и настојува се да опфати и да совлада. Зло. Професорот го завршува своето предавање порано и брзајќи ја напушта просторијата.

Студентите тивко излегуваат и Федар останува сам седејќи зад големата округла маса додека сонцето исчезнува низ пеплосаниот воздух и просторијата станува сива а потоа мрачна.

Следниот ден тој чека пред библиотеката и кога таа се отвара почнува беспомошно да чита, да го чита по прв пат она што е зад Платона, она малку што е познато за реторичарите кои тој толку ги презираше. И тоа што го открива почнува да му го потврдува она што веќе го насетуваше во своите мисли претходната вечер.

Платоновата осуда на софистите е нешто што многу научници го прифаќаа со голем сомнеж. И самиот претседател на испитниот одбор напомена дека критичарите кои не се сигурни околу она што го мислел Платон мораат подеднакво да бидат несигурни и околу она што го мислеле сократовите противници во дијалозите. Кога е познато дека Платон ги ставал своите зборови во устата на Сократ (тоа го вели Аристотел), не би смеело да постои причина да се сомневаме дека тој можел да ги стави своите зборови и во друга уста.

Искажувањата на другите древни мислители изгледаше како да водат кон поинаква проценка на софистите. Многу од старите софисти биле бирани како "делегати" на своите градови, што секако не била позиција за потценување. Името софист се употребувало дури и за Сократ и за Платон без омаловажување. Некои подоцнежни историчари дури сугерирале дека Платон ги мразел софистите затоа што не можеле да се споредат со неговиот учител, Сократ, всушност најголемиот софист од сите нив. Ова последно објаснување е многу интересно, помисли Федар, но не задоволува. Вие не ја мразите школата во која членува и вашиот учител. Што била вистинската платонова намера? Федар чита се понатаму и понатаму и за да го открие одговорот завлегува во предсократовската грчка мисла, и најпосле стигнува до гледиштето дека платоновата омраза кон реторичарите била дел од многу поголема битка во која старноста на доброто, што ја застапувале софистите, и стварноста на вистината, која ја застапувале дијалектичарите, се бореа во страшна битка за иднината на човековиот ум. Вистинитото победило, доброто загубило, и затоа нам ни е денес лесно да ја прифатиме стварноста на вистината, а ни е многу тешко кога ја прифаќаме стварноста на Квалитетот, иако во однос на првото подрачје нема повеќе согласување во споредба со второто.

За да се разбере како Федар стигна до ова, потребно е некакво објаснување: Најпрвин мора да се отфрли мислата дека временскиот период помеѓу последниот пештерски човек и првите грчки филозофи било кратко. Отсутноста на било какви историски податоци од тој период понекогаш ја создава таа заблуда. Но пред

грчките филозофи да стапнат на сцената, во период кој траел барем пет пати повеќе отколу целата наша забележана историја од грчките филозофи наваму, постоеле цивилизации на напреден степен на развој. Тие имале села и градови, возила, куќи, пазари, ограден полиња, земјоделски алатки и домашни животни и живееле богат и разновиден живот каков се живее и денес во најголемиот дел на селски подрачја во светот. И како и луѓето во тие подрачја денес и тие не гледале причина тоа да се запишува или, и ако го правеле тоа, пишувале на материјали кои никогаш не се пронајдени. И така ние не знаеме ништо за нив. И "мрачниот среден век" бил само продолжение на природниот начин на живот што Грците го беа прекинале за момент.

Раната грчка филозофија претставувала прво свесно истражување на она што е неуништливо во човечкото занимавање со нештата. До тогаш неуништливото спаѓало во областа на боговите, митовите. Но сега, како последица на се поголемата непристрасност на Грците кон светот околу нив, постоела растечка моќ на апстракција која им допуштала старите грчки митови да не ги сметаат за откриена вистина туку за фантастични уметнички остварувања. Таа свесност, која пред тоа не постоела, значела потполно ново ниво на разбирање на грчката цивилизација.

Но митот продолжува, и она што го уништило стариот мит станува нов мит, и тој нов мит кај првите јонски филозофи се преобразува во филозофија, која на нов начин ја вградува постојаноста. Постојаноста не е повеќе и исклучиво област на бесмртните богови. Тие исто така можат да се најдат внатре бесмртните принципи, меѓу кои спаѓа и нашиот сегашен закон на гравитација.

Бесмртниот принцип најпврин, од страна на Талес, бил наречен вода. Анаксимен така го нарекол воздухот. Питагорејците така го нарекле бројот и на тој начин станале први кои Бесмртниот принцип го сфатиле како нешто нематеријално. Хераклит Бесмртниот принцип го нарекол оган и ја вовел промената како дел од принципот. Тој рекол дека светот постои како судир и напнатост помеѓу спротивностите. Тој рекол дека постои Едно и дека постои Се, и дека Едното е сеопшт закон кој ги проникнува сите нешта. Анаксагора бил првиот кој го поистоветил Едното со Нус, што значи "ум".

Парменид по прв пат објаснил дека Бесмртниот принцип, Едното, Вистината, Бог, се одвоени од појавноста и од мислењето, и дека важноста на тоа разлачување и неговото влијание врз последователната историја не може доволно да се потенцира. На тоа место класичниот ум за прв пат раскинал со своето романтично потекло и рекол: - Бог и Вистината не се нужно едно и исто - и тргнал по својот засебен пат. Анаксагора и Парменид имале слушател наречен Сократ кој ги довел нивните идеи до целосна реализација.

Тука е важно да се разбере дека до тогаш не постоеше ништо што би било дух и материја, субјект и објект, форма и содржина. Тие поделби се само дијалектички изуми кои се појавија подоцна. Денешниот дух често е склон да и се спротивстави на мислата дека тие дихотомии се изуми и вели: - Поделбите постоеја за Грците да ги откријат - а вие морате да кажете: - Каде постоеја? Покажете ни ги! - И денешниот дух малку се збунува и се чуди за што всушност се работи и понатаму верува дека тие поделби постоеле.

Но не постоеја, како што тоа го рече Федар. Тие се само сеништа, бесмртни богови на денешниот мит кој ни се чини стварен бидејќи сме во тој мит. Но во стварноста тие се исто толку слични на уметнички остварувања колку и антропоморфните богови кои ги беа замениле.

Предсократовските филозофи споменати до сега сакаа Бесмртниот принцип да го пронајдат во надворешниот свет што го гледаа околу себе. Нивниот заеднички напор ги соедини во група која може да се нарече козмолози. Сите тие се согласуваа дека таков принцип постои, но нивните несогласувања околу тоа што всушност претставува тој изгледаа нерешливи. Следбениците на Хераклит упорно тврдеа дека Бесмртниот принцип е промената и движењето. Но ученикот на Парменид, Зенон, докажа преку низа парадокси дека секое движење и секоја промена е илузија. Стварноста мора да е неподвижна.

Решението на спорот помеѓу козмолозите дојде од сосема нов правец, од групата која на Федар му изгледаше како да се состои од првите хуманисти. Тие беа учители, но тие не се обидуваа да ги поучат луѓето во однос на принципите, туку во однос на човечките верувања. Нивната цел не беше некаква апсолутна вистина, туку подобрување на луѓето. Сите принципи, сите вистини се релативни, рекоа тие.

- Човекот е мерило на сите нешта. - Тоа беа славните учители на "мудроста", софистите на стара Грција.

За Федар ова појаснување на позадината на конфликтот помеѓу софистите и козмолозите им даде една цела нова димензија на Платоновите Дијалози. Сократ не ги образлага благородните идеи во вакуум. Тој се наоѓа среде битка помеѓу оние кои мислат дека вистината е апсолутна и оние кои мислат дека вистината е релативна. Тој ја бие таа битка со се што располага. Софистите се непријатели.

Сега Платоновата омраза кон софистите има смисла. Тој и Сократ го бранат бесмртниот принцип на козмолозите од она што тие го сметаат за декаденција на софистите. Вистина. Знаење. Она што е независно од она што било кој го мисли. Идеал за кој умрел Сократ. Идеал кој само Грција го поседува за прв пат во историјата на светот. Тоа е многу кршлива работа. Може потполно да исчезне. Платон ги мрази и ги осудува софистите без пардон, не затоа што тие се подли и неморални луѓе - очигледно постојат многу поподли и понеморални луѓе во Грција, кои тој потполно ги занемарува. Тој ги осудува затоа што го загрозуваат првиот почеток на проникнување во идејата за вистината во историјата на човештвото. Се се врти околу тоа.

Резултатите од сократовото маченичество и платоновата ненадминлива проза која следеше не се ништо помалку туку целиот свет на Западниот човек каков што го познаваме. Доколку на идејата на вистината би и било дозволено да се загуби неоткриена во времето на ренесансата, денес веројатно не би биле многу над нивото на предисторискиот човек. Научните и технолошките идеи и другите систематски организирани напори на човекот зависат од неа во нивната точка на мртов од. Таа е суштина на се.

Па сепак, Федар чувствува дека она што тој го говори за Квалитетот на некој начин е спротивно на сето она што е кажано досега. Изгледа дека многу подобро се согласува со софистите.

- Човекот е мерило на сите нешта. - Да, тој говори за Квалитетот. Човекот не е извор на сите нешта, како што би рекле субјективните идеалисти. Ниту пак е пасивен набљудувач на нештата, како што би рекле објективните идеалисти и

материјалисти. Квалитетот кој го создава светот изникнува од односите помеѓу човекот и неговото искуство. Тој е учесник во создавањето на сите нешта. Мерило на сите нешта - тоа се совпаѓа. И тие ја проучувале реториката - и тоа се совпаѓа.

Во она што тој го вели не се совпаѓа само едно нешто што Платон го рекол за софистите, а тоа е нивната професија на поучување на доблеста. Сите знаци покажуваат дека тоа било апсолутно средште на нивното учење, но како ќе ја проучувате доблеста ако декламирате релативност на сите етички идеи? Доблеста, ако воопшто нешто вклучува во себе, тогаш го вклучува етичкиот апсолут. На личноста чии идеи за она што е исправно се менуваат од ден на ден можеме да ии се восхитуваме заради ширината на духот, но не и заради доблеста. Барем не онака како што Федар го разбираше тој збор. И како можеа тие да ја извлечат добрината од реториката? Тоа не е објаснето никаде. Нешто недостасува.

Неговата потрага по тоа води низ бројните истории на стара Грција, кои обично ги чита на детективски начин, барајќи ги само фактите кои можат да помогнат и отфрлајќи ги сите други факти кои не се вклопуваат. И така тој ја чита книгата "Грци" која ја напишал Х. Д. Ф. Кито, плаво-бело џепно издание од педесет центи, и стигнува до делот каде се опишува "вистинската душа на хомеровскиот јунак", легендарната фигура на предекадентната, предсократовска Грција. Блесокот на светлината кој зрачи од тие страници е толку силен што тие јунаци за мене никогаш не исчезнаа - и сега можам да ги видам ако се помачам да се сетам на нив.

Илијада е приказна за опсадата на Троја, која ќе се претвори во прав, и за нејзните бранители кои ќе погинат во таа битка. Жената на Хектор му вели на мажа си, на водачот: - Твојата сила ќе биде твоја пропаст, а ти не го жалиш ниту своето нејако чедо ниту својата несреќна жена која наскоро ќе биде твоја вдовица. Затоа што наскоро Ахајците ќе те нападнат и ќе те убијат а ако те загубам тебе, подобро да умрам.

Мажот и одговара:

"Се ова, жено и јас си го сонувам, туку се срамам...
Зашто го знам ова добро во срцето свое и умот,
дека ќе дојде тој ден, кога светиот Илиј ќе падне

и копјоборецот Пријам и целиот Пријамов народ.
Туку за тројците толку јас посетне нема да жаљам,
нито за сама Хекаба и ни за господарот Пријам,
нито за моите браќе, многумина јунаци вредни,
кога ќе паднат во праот од оние душмански мажи
колку што за тебе, кога Ахајците панѕироносци
ќе ми те одведат тебе и одземат слобода слатка.
И кога в Арг ќе се најдеш, да на разбој такеш за друга,
и од Хепереја вода иљ од Месеида, да носиш
против сопствената волја, натерана в силната нужда.
Тога ќе прозбори некој гледајќи те солѕи кај рониш:
Ова е жена на Хектор, што најарен беше во бојот
сред коњокротците Тројци, за Илион кога се тепаа.
Вака ќе продума некој а ти тога нов бол ќе сетиш,
што си изгубила маж, кој од ропскиот ден ќе те бранел.
Но нека црната земја ме покрие мене и гробот,
пред да те чујам кај пискаш и разберам дека те влечат".
Рече и испружи раце кон сина си светлиот Хектор;
рулекот назад пак в гради кај младата доилка строја
исплашен солна липајќи пред татка си мил, штом го виде,
оти го преплаши тучот и коњскиот опаш на шлемот,
кога го догледа горе на вршката страшно кај мафта.
Тогаш се насмевна таткото мил и госпоѓата мајка.
Вчасокот светлиот Хектор од главата шлемот го сметна,
г'остави на земја долу, а тој се сјаеше сиот.
Откога синот свој мил си го целива и поигра в раце,
тој му се помоли потм на Ѕевс и другите бози:
"Ѕевсе и богови други, позволете син ми да стане
сосема достоен еднаш кај Тројците, ист како мене,
вака во снагата јак и да владее добро во Илиј.
Некој да рече: од татка си тој е поарен многу
кога од бој ќе се враќа..."

Кито коментира: - Грчките борци не биле поттикнати на големи дела заради чувството на должност онакво какво што ние денес го подразбираме - должноста

кон другите; тоа повеќе била должност кон самиот себе. Грчкиот воин копнее по она што ние го преведуваме како "доблест" но во грчкиот тоа е арете, односно "одличност" - таа се провлекува низ целиот грчки живот.

Ете ја, си мисли Федар, дефиницијата на Квалитетот кој постоел илјадници години пред дијалектичарите да помислат да го уловат во вербална стапица. Кој и да каже дека не може да го разбере ова значење без логичките поими Дефиниенс и Дефинендум и Дифферентиа или лаже или е толку вон секаков контакт со човечката заедница што не заслужува да му се одговори. И Федар е замелушен од описот на поттикнувањето на "должноста кон себе" што е речиси точен превод на санскритскиот збор дарма, која понекогаш, кај Индијците, се опишува како "едно". Можно ли е дарма кај Индијците и "доблест" кај старите Грци да се истоветни термини?

Така Федар чувствува дека нешто го влече повторно да го прочита оној дел, и го прави тоа и тогаш...Што е ова?!..."Она што ние го преведуваме како "доблест" во грчкиот значи "изврсност".

Блесок на молња!

Квалитет! Доблест! Дарма! Тоа е она што го подучуваа софистите! А не етички релативизам. И не "доблест". Туку арете. Изврсност. Дарма! Пред Црквата на умот. Пред содржината. Пред формата. Пред духот и материјата. Пред самата дијалектика. Квалитетот бил апсолутен. Тие првите учители на западниот свет го предавале Квалитетот, а средството кое го избрале била реториката. И тоа го правеле цело време.

Дождот престана толку колку да го видиме хоризонтот, острата линија која го дели светлото сивило она небото од темното сивило на водата.

Кито кажуваше нешто во врска со таа арете кај старите Грци. - Кај Платона наидуваме на арете - вели тој - ние тоа го преведуваме како "доблест" и заради тоа ја губиме вистинската смисла. "Доблеста" е, барем во современиот јазик, речиси

целосно морален збор, од друга страна, арете без оглед на ова се употребува во сите категории, и едноставно значи изврсност.

Така јунакот на Одисеја е голем борец, препреден лукавец, вешт говорник, човек со одважно срце и голема мудрост кој знае дека мора да го трпи без многу јадосување она што му го праќаат боговите, и тој може да направи брод и да плови со него, да заора бразда порамна од било кој друг, да го победи младиот фраер во фрлање диск, да го предизвика младиот Феачанин на буткање рака, борење или трчање; да заколе, одере, расече и да испече вол, и да биде трогнат до солзи заради некоја песна. Тој всушност е изврсен и сестран човек, тој има вишок на арете.

Арете вклучува почитување кон целовитоста или единственоста на животот и, следствено на тоа, презир кон специјализацијата. Таа вклучува потсмев кон делотворноста или, подобро кажано, вклучува многу повисока идеја за делотворноста која не постои само во еден дел од животот туку во самиот живот.

Федар се сети на еден ред од Торо: - Никогаш не добиваш нешто а да не загубиш нешто. - И сега почна по прв пат, да ја увидува неверојатната величина на она што човек го загубил, кога ја стекнал моќта да го разбира светот и да владее со него во рамките на дијалектичките вистини. Изградил царства на научни способности да ги преведува природните појави во своите сништа за моќта и богатството - но за тоа дал царство разбирање на една подеднаква величина: разбирањето на она што значи да се биде дел од светот, а не негов непријател.

Човек може да стекне малку душевен мир и само посматрајќи го хоризонтот. Таа геометриска линија, рамна, постојана и позната. Можеби тоа е изворната линија на која изникнало Евклидовото поимање на насоката; темелната линија од која се изведени изворните пресметки на првите астрономи кои ги запишале ѕвездите на карта.

Федар знаеше, со истата онаа математичка сигурност со која Поенкаре почувствувал дека ги решил Фуксовите равенки, дека грчкиот збор арете е загубениот дел кој ја пополнува сложувалката, но читаше и понатаму за во целост да ја доврши.

Ореолите околу главите на Платон и Сократ сега исчезнаа. Тој сфати дека тие доследно го прават токму она заради што ги обвинуваат софистите - се служат со емоционално уверлив јазик со повисока цел за послабиот доказ, во одбрана на дијалектиката, за тој да изгледа посилен. Секогаш кај другите најмногу го осудуваме она од што најмногу се плашиме кај себе, помисли Федар.

Но зошто?, се прашуваше. Зошто да се уништи арете? И што го постави тоа прашање одговорот сам му се појави. Платон не се обидуваше да ја уништи арете. Тој неа ја зачаури, од неа направи трајна, постојана идеја; ја претвори во строга, неподвижна, бесмртна вистина. Од арете тој го креирал доброто, највисокиот облик, највисоката идеја. Таа и била подложна само на вистината, како синтеза на сето она што претходно исчезнало.

Затоа Квалитетот, до кој Федар стигна во класот, изгледаше толку блиска на Платоновото добро. Платоновото добро било превземено од реторичарите. Федар истражуваше, но не можеше да пронајде ниту еден претходен космолог кој говорел за доброто. Тоа потекнува од софистите. Разликата беше во тоа што Платоновото добро е утврдена и вечна и неподвижна идеја, додека за реторичарите тоа воопшто не е идеја. Доброто не беше облик на стварноста. Тоа беше самата стварност, во постојана промена, најпосле непрепознатлива, на ниту еден дефиниран, строг начин.

Зошто Платон го стори тоа? Федар ја сметаше Платоновата филозофија за резултат на две синтези.

Првата синтеза се обиде да ги разреши разликите помеѓу следбениците на Хераклит и следбениците на Парменид. Обете космолошки школи ја подржуваа бесмртната вистина. За да ја добие битката за вистината после која арете би била потчинета, против своите непријатели кои би предавале арете во ситуација во која вистината би била потчинета, Платон прво мора да го разреши внатрешниот судир помеѓу верниците на вистината. За да го направи тоа тој вели дека бесмртната вистина не е само промена, како што тоа го тврдат следбениците на Хераклит. Таа не е ниту само непроменливо битие, како што тврдат следбениците на Парменид. Обете бесмртни вистини постојат заеднички како идеи, кои се непроменливи, и

како појава, која се менува. Заради тоа Платон смета дека е потребно да се раздвојат, на пример, "коњството" од "коњот" и да се рече дека тоа коњство е стварно и стабилно, и неподвижно, додека пак коњот е само празна, неважна, минлива појава. Коњството е чиста идеја. Коњот што го гледаме е збир на променливи појави, коњот може да р'жи и да јури наоколку колку што сака, па дури и да угине на место а притоа да не го вознемири ниту за миг коњството, кое е бесмртен принцип и може засекогаш да чекори по патот на некогашните богови.

Другата платонова синтеза е категоризирањето на софистичката арете во таа дихотомија на идеи и појави. Тој и го дава почесното место, таа и е подредеа само на вистината и на методот преку кого се стигнува до вистината, дијалектиката. Но во својот обид да го соедини доброто и вистината прогласувајќи го доброто за највисока од сите идеи, Платон сепак преку дијалектички одредената вистина го присвојува местото на кое се наоѓа арете. Кога доброто еднаш ќе се дефинира како дијалектичка идеја, за некој друг филозоф воопшто не е тешко да дојде и да покаже со дијалектички методи дека арете, доброто, може поуспешно да се спушти на пониска позиција внатре "вистинитиот" поредок на нештата, усогласен со внатрешното устројштво на дијалектиката. На доаѓањето на таквиот филозоф не се чекаше долго. Неговото име е Аристотел.

Аристотел почувствувал дека смртниот коњ на појавноста, кој пасе трева и ги носи луѓето и ождребува мали коњи, заслужува повеќе внимание отколку што му посветува Платон. Тој рекол дека коњот не е само едноставна појава. Појавите се стремат кон нешто што е независно од нив и што, како и идеите, е непроменливо. Тоа "нешто" кон кое стремат појавите тој го нарекол "материи". И во тој миг, дури во тој миг, се роди нашето современо научно поимање на стварноста.

Кај Аристотел "читателот", чие знаење за тројанската арете изгледа како впечатливо одсутно, формите и материјалите се натпреваруваат. Доброто е релативно споредна гранка на знаењето наречена етика а разумот, логиката, знаењето претставуваат негова основна грижа. Арете е мртва, а науката и логиката и универзитетот онаков каков што го познаваме денес ги добиваат своите темелни привилегии: пронаоѓање и измислување на бескрајно множество форми, на составни делови на светот и право истите да ги нарекуваат форми на знаење, и да ги пренесуваат тие форми на идните генрации во вид на "систем".

А реториката? Сиротата реторика, некогаш само "учење", сега се сведува на поучување на начини и форми, на аристотеловски форми, за пишување, како да е тоа нешто важно. Пет правописни грешки, или една грешка во реченицата, или три погрешно сместени атрибути, или...и така натаму, и така натаму. Било што од сето ова, се присеќаваше Федар, беше доволно да му укаже на студентот дека не ја познава реториката. Впрочем, тоа е реторика, зарем не? Секако, постои и "шуплива реторика", то ест реторика која има емоционална привлечност без вистински да е подложна на дијалектичката вистина, но ние се го сакаме тоа, нели? Според тоа би биле слични на оние лажливци и измамници и осквернувачи на стара Грција, софитите, се сеќавате ли на нив? Ќе ја научиме вистината во нашите останати академски предмети, па потоа ќе научиме малку реторика за да можеме убаво да ја напишеме таа вистина и да ги воодушевиме нашите шефови кои ќе не подбутнат на повисока позиција.

Облици и начини - најдобрите ги мразат, најлошите ги сакаат. Од година во година, од деценија во деценија, малите "читатели" од првите клупи, имитаторите со умилна насмевка и уредни моливи, се истакнуваат за да ги добијат своите аристотеловски десетки, додека оние кои поседуваат вистинска арете седат тивко на страна и се прашуваат што не е во ред со нив заради што не можат да го засакаат тој предмет.

А денес, на оние ретки универзитети каде уште се учи класична етика, студентите, следејќи го водството на Аристотел и Платон, бескрајно се занимаваат со прашањето кое во стара Грција никогаш и не требало да биде поставено: - Што е тоа добро? И како го дефинираме? Со оглед на тоа што него различни луѓе го дефинирале различно, како можеме да знаеме дека некакво добро воопшто и постои? Некои велат дека доброто се наоѓа во среќата, но како знаеме што е среќа? И како може да се дефинира среќата? Среќата и доброто не се објективни поими. Со нив не можеме да постапуваме научно. И со оглед на тоа што тие не се објективни, тие постојат само во нашето мислење, и затоа ако сакаш да бидеш среќен само промени го своето мислење. Ха-ха, ха-ха.

А коските на софистите одамна се претворија во прашина, и она што тие го рекоа се претвори во прашина заедно со нив, и прашината е закопана под рушевините на

распаднатата Атина и нејзиниот пад, под распаѓањето и падот на Македонија. Под распаѓањето и смртта на стариот Рим и Византија и Отоманското царство и на модерните држави - закопани толку длабоко и со такви церемонии и такви задушници и такво зло што само некој луд човек можел после толку столетија да го открие патот за нивното повторно откривање, и со ужас да сфати што се случило...

Патот стана веќе толку мрачен што морам да го запалам светлото за да можам да го следам низ оваа магла и низ дождот.

30

Во Арката влегуваме во мал ресторан, смрзнати и мокри, јадеме пржено месо со грав и пиеме кафе.

Потоа повторно сме на патот, сега на главниот автопат, мазен и мокар. Ќе возиме се додека не стигнеме на еднодневна оддалеченост од Сан Франциско и тогаш ќе застанеме.

На патот се гледаат чудни одрази на светлина кои доаѓаат од спротивниот правец, низ дождот, од другата страна на средната лента. Дождот удира во маската која ја прекршува светлината во чудни кружни и полукружни бранови додека фаровите ме минуваат. Дваесети век. Секаде околу нас е тој дваесети век. Време е да се заврши оваа Федрова одисеја на дваесетиот век и со неа да се престане.

При следното состанување на групата "Идеи и методи 251, Реторика" околу големата маса во јужниот дел на Чикаго, администрацијата на одделението информираше дека професорот по филозофија е болен. Беше болен и следната недела. По малку збунети, останатите членови на групата, чиј број се намали на една третина, минаа преку патот и отидоа на кафе.

Додека го пиеја кафето, еден студент, кого Федар го беше воочил како бистро момче но и како интелеткуален сноб, рече: - Сметам дека ова е најнепријатната група во која сум бил. - Изгледаше како да го гледа Федар со женска

раздразливост, како тој да е расипувач на нешто што требало да претставува пријатно доживување.

- Целосно се согласувам - рече Федар. Очекуваше некаков напад, но напад немаше.

Останатите студенти насетуваа дека Федар е причина на сето тоа но немаа со што да учествуваат. Потоа една постара жена од другата страна на масата праша зошто тој се запишал во групата.
- Токму тоа се обидувам да го откријам - рече Федар.
- Редовен студент сте?
- Не, јас сум редовен наставник на Морнаричкото пристаниште
- Што предавате?
- Реторика.

Таа замолкна и сите околу масата набљудуваа и молчеа.

Ноември беше при крај. Лисјата, кои во октомври се беа претвориле во прекрасно портокалово жолтило, паѓаа од дрвјата оставајќи ги голите гранки да ги дочекаат студените ветрови од север. Падна првиот снег, потоа се стопи, и нечистиот град ја чекаше зимата.

Во текот на отсуството на професорот по филозофија беше зададен уште еден Платонов дијалог. Насловот му беше Федар, што не му значеше ништо на нашиот Федар со оглед на тоа што тој себеси не се нарекуваше со тоа име. Гркот Федар не е софист туку млад говорник кој на Сократ му служи како позадина, во овој дијалог каде се расправа за природата на љубовта и можностите на филозофската реторика. Федар не изгледа особено бистар, и има грозно чувство во врска со реторичкиот квалитет, со оглед на тоа што на памет наведува еден навистина лош говор на говорникот Лизие. Но набргу се дознава дека тој лош говор едноставно е "стапица", подготовка за Сократ да настапи следен со многу подобар говор и потоа да продолжи со уште подобар говор, еден од најубавите во сите Платонови Дијалози.

Покрај ова, единствената значајна работа во врска со Федар е неговата личност. Платон често пати на Сократовите соговорници им дава имиња согласно

карактеристиките на нивната личност. Еден млад, глаголив, невин и добродушен соговорник во Горгија се вика Полус, што на грчки значи "ждребе". Федаровата лицност е различна. Тој не е поврзан со ниту една посебна група. Нему му е помила селската самотија отколку градот. Тој е насилен во таа мерка што е речиси опасен. Во еден момент тој му се заканува на Сократ со сила. Федар на грчки значи "волк". Во овој дијалог Сократовата дискусија го приближува кон љубовта и го скротува.

Нашиот Федар го чита дијалогот и е под силна импресија на величенствената поетска фантазија. Но таа не го скротува бидејќи мириса на лцемерие. Говорот не е цел на самиот себе, туку истиот се користи како осуда на тоа исто афективно подрачје на разбирање во кое лежи и неговата прилечност. Страстите се карактеризираат како уништувачи на разбирањето, и Федар се прашува не ли е тука почетокот на осудата на страстите кои се толку длабоко закопани во западната мисла. Веројатно не. Затегнатоста помеѓу старогрчката мисла и емоциите е опишана на друго место како темел на грчкото уредување и култура. Сепак интересно.

Професорот по филозофија не се појавува ниту следната недела, и Федар го користи тоа време за да го надокнади заостанатото на Универзитетот Илиноис.

Следната недела, во книжарницата на Универзитетот Чикаго, од другата страна на улицата од местото каде Федар се подготвува да појде на предавање, тој гледа две црни очи што упорно зјапаат во него низ книгите на полицата. Кога лицето се појавува, тој го препознава оној невин студент кој беше вербално истепан на почетокот на семестарот и кој потоа исчезна. Лицето изгледа како студентот да знае нешто што Федар не го знае. Федар се приближува за да разговара со него, но лицето се повлекува и изглегува од книжарницата, оставајќи го Федар во недоумица. Растревожен. Можеби само е преморен и нервозен. Предавањата на Мораричкото пристаниште на врвот на неговите напори да ја победи сета западна академска мисла на Универзитетот Чикаго го присилуваат да работи и да учи дваесет часови дневно без особена грижа за храна и движење. Можеби само уморот го наведува на помислата дека на тоа лице има нешто чудно.

Но додека ја минува улицата, тоа лице го следи на дваесет чекори. Нешто се случува.

Федар влегува во училницата и чека. Наскоро студентот се појавува, се враќа во училницата после толку недели. Не може да очекува дека сега ќе биде примен. Студентот го гледа Федар и се смешка со половина уста. Во ред, тој заради нешто се смее.

На влезот се слушаат чекори, и Федар одеднаш знае - колената му се тресат и рацете почнуваат да му треперат. Со блага насмевка на влезот стои никој друг туку самиот претседател на испитниот одбор за "Анализа на идеите и проучување на методот" на Универзитетот чикаго. Тој ја превзема групата.

Така е. Така тие го исфрлаат Федар на главната врата.

Љубезен, величенствен, со царска великодушност, претседателот стои на влезот за миг, потоа разговара со еден студент кого изгледа го познава. Се смешка додека се врти околу тој студент и со поглед прелетува по групата, како да бара уште едно познато лице, кимнува и малку се кикоти, чека да ѕвони.

Ете зошто момчето е тука. Му објасниле зошто го беа истепале, и за да му покажат колку им е добра душата, ќе му дадат место блиску до рингот кога ќе го тепаат Федар.

Како ли ќе го сторат тоа? Федар веќе знае. Најпрвин пред целата група дијалектички ќе го уништат неговиот углед покажувајќи му колку малку знае за Платон и Аристотел. Тоа нема да биде тешко. Очигледно тие знаат сто пати повеќе за нив отколку што тој би можел да знае. Со него се занимаваат цел живот. Потоа, кога сосема дијалектички ќе го сосечат, ќе му советуваат или да се приклучи или да се тргне. Потоа ќе му поставуваат нови прашања, а тој нема да може на нив да одговори. Тогаш ќе му споменат дека неговиот успех е толку ништотен што нема смсила залудно да се мачи, туку дека треба веднаш да ја напушти групата. Можни се варијации, но тоа е суштината. Се е толку лесно.

Но, сепак доста научи, а затоа и дојде. Својата дисертација може да ја направи и на некој поинаков начин. По таа мисла треперењето престанува и тој се смирува.

Федар, по последната средба со претседателот, пушти брада, затоа се уште не е откриен. Таа предност нема да трае долго. Претседателот ќе го пронајде доволно бргу.

Претседателот внимателно го остава капутот, зема столица од другата страна на големата округла маса, седнува и потоа го вади лулето и го полни речиси половина минута. Се гледа дека го правел тоа многу пати.

При обраќањето на студентите тој ги проучува лицата со насмеан, хипнотички поглед, испитувајќи им го распложението, но чувствувајќи дека тоа се уште не е она вистинското. Потоа уште малку го полни лулето, но без брзање.

Наскоро доаѓа тој миг, тој го пали лулето, и малу потоа во просторијата се чувствува мирис на чадот.

Наскоро вели:
- Колку што разбрав, денес ќе почнеме расправа за бесмртниот Федар. - Го набљудува секој студент посебно. - Дали е тоа точно?
Членовите на групата срамежливо му потврдуваат. Неговата личност е толку надмоќна.
Претседателот потоа се извинува поради одсутноста на претходниот професор и го опишува видот на работа кој ќе следи. Со оглед на тоа што тој веќе го познава тој дијалог, од нив ќе бара одговори кои ќе покажат колку добро тие го имаат проучено.

Тоа е најдобриот начин, размислува Федар. Така може да го запознае секој студент поединечно. За среќа Федар толку темелно го има проучено дијалогот што го знае речиси наизуст.

Претседателот има право. Тоа е бесмртен дијалог, кој е чуден и загадочен на почетокот, но кој потоа удира се посилно и посилно, како самата вистина. Она за што Федар говореше како за Квалитет, Сократ го беше опишал како душа, движење предизвикано од самото себе, извор на сите нешта. Не постои контрадикција. Не може ни да постои кога се во прашање суштинските поими на монистичките филозофии. "Едно"-то во Индија мора да биде истото "едно" во Грција. Ако не е,

тогаш имате две. Единствените несогласувања помеѓу овие монисти се однесуваат на својствата на "Едно"-то, а не на неговата суштина. Со оглед на тоа што "Едно"-то е извор на сите нешта и дека ги вклучува сите нешта во себе, тоа може да се дефинира во рамките на тие нешта, бидејќи секое нешто кое ќе го употребите за да го дефинирате секогаш дефинира нешто што е помалку од тоа "Едно". "Едно"-то може само алегориски да се опише, со употреба на аналогии, слики од фантазијата и јазикот. Сократ употребува аналогија на небото и земјата, опишувајќи како луѓето му се приближуваат на "Едно"-то на кола која ја влечат два коња...

Но претседателот сега му поставува прашање на студентот до Федар. Малку го дразни, предизвикувајќи го да нападне.

Студентот е заменет со друга личност, тој не напаѓа, и претседателот го прекинува со големо гадење и незадоволство, прекорувајќи го дека би требало подобро да го проучи градивото.

Доаѓа ред на Федар. Тој е страшно смирен. Сега тој мора да го објасни дијалогот.

- Ако ми дозволувате да почнам одново на свој начин - вели тој, делумно за да го прикрие фактот дека не чул што рекол студентот пред него.

Претседателот, гледајќи во тоа уште поголем прекор упатен кон претходниот студент, смешкајќи се навредливо вели дека тоа секако е добра замисла.

Федар продолжува. - Верувам дека во овој дијалог Федаровата личност е опишана преку својствата на волкот.

Го кажа ова прилично гласно, со призвук на лутина, и претседателот речиси потскокна. Погодок!

- Да, вели претседателот, а сјајот во неговите очи покажува дека сега препознал кој е тој брадест разбојник. - Федар на грчки навистина значи "волк". Тоа е многу остроумна забелешка. - Почнува да го враќа својот надворешен мир. - Продолжете.

- Федар се среќава со Сократ, кој го познава само градскиот начин на живот, и го води на село, каде почнува да му наведува еден говор на ораторот Лизие кому му се восхитува. Сократ го моли да му го прочита и Федар тоа и го чини.

- Застанете! - вели претседателот кој е веќе сосема прибран. - Вие само ни го раскажувате дејството, а не дијалогот. - Го прозива следниот студент.

Изгледа дека ниту еден студент не знае за што всушност се работи во дијалогот за да го задоволи претседателот. И така, тој со потсмешливо жалење вели дека сите мораат темелно да го проучат, но овој пат тој ќе им помогне преземајќи го товарот на толкување на дијалогот на своите плеќи. Тоа на мнозинството им носи големо олеснување од напнатоста што тој толку смислено ја предизвика и сега целата група му е на дланка.

Претседателот продолжува да го открива значењето на дијалогот вложувајќи го во тоа сето свое внимание. Федар го слуша, длабоко учествувајќи во кажаното.

После некое време нешто почнува да не му се вклопува. Некаква погрешна нота. Најпрвин не сфаќа што е тоа, но потоа станува свесен дека претседателот целосно го заобиколил Сократовиот опис на "Едно"-то и дека скокнал на алегоријата на кочијата и коњот.

Во таа алегорија барателот, обидувајќи се да го досегне "Едно"-то, се вози во кола која ја влечат два коња; едниот е бел и благороден и умерен, другиот е мрзоволен, тврдоглав, страстен и црн. Првиот постојано му помага во неговото искачување кон небесните двери, другиот постојано му пречи. Претседателот уште го немаше кажано тоа, но во моментот тој се наоѓа на местото каде мора да објави дека белиот коњ е умерениот разум, а црниот коњ мрачната страст, емоцијата. Се наоѓа на место каде треба да го опише тоа, но онаа лажна нота нагло се претвора во хор.

Тој се враќа и повторува дека "Сега Сократ им се колне на боговите дека ја говори вистината. Ветил дека ќе ја зборува вистината, и ако она што следи не е вистина, тој е кривоклетник во душа".

СТАПИЦА! Тој го користи дијалогот за да ја докаже светоста на разумот! Кога тоа еднаш ќе се востанови, можеме да се вратиме кон испитувањето на тоа што е разум, и потоа, како некое чудо, ете не пак на подрачјето на Аристотел!

Федар крева рака, со испружена дланка, со лакт на масата. Претходно оваа рака се тресеше, сега е мртовечки мирна. Федар чувствува дека тука сега формално ја потпишува својата смртна пресуда, но знае дека ќе потпише друг вид смртна пресуда ако ја спушти раката.

Претседателот ја гледа неговата рака, изненаден е и збунет поради неа, но му дозволува на Федар да зборува. Тогаш пораката е искажана.

Федар вели: - Сето ова е само една аналогија.
Тишина. А потоа на лицето на претседателот се појавува збунетост. - Молам? - вели тој. Магијата на неговата претстава е расипана.

- Целиот овој опис на колата и коњот е само една аналогија.
- Што? - вели претседателот, а потоа додава гласно: - Тоа е вистина! Сократ им се заколнал на боговите дека тоа е вистина!
Федро возвраќа: - Самиот Сократ вели дека тоа е аналогија.
- Ако бидете љубезни да го прочитате дијалогот, ќе видите дека Сократ изјавува дека тоа е вистина!
- Да, но пред тоа...два пасуса погоре, мислам...тој наведува дека тоа е аналогија.
Текстот се наоѓа на масата и може да се провери, но претседателот е доволно внимателен да не проверува. Ако го стори тоа, и ако Федар биде во право, неговиот углед ќе биде целосно уништен. Тој на целата група и рече дека никој не го прочитал дијалогот темелно.

Реторика-Дијалектика 1:0.
Фантастично е што се сети на тоа, си мисли Федар. Тоа едноставно ја поништува целата дијалектичка позиција. Можеби целата компликација се состои токму во тоа. Секако дека тоа е аналогија. Се е аналогија.

Но дијалектичарите не го знаат тоа. Заради тоа претседателот ја пропушти онаа Сократова изјава. Федар ја забележа и ја запамети, бидејќи да не ја наведеше, Сократ не би ја говорел "вистината".

Тоа се уште никој не го забележуваше. Претседателот на испитниот одбор за "Анализа на идеите и проучување на методот" е соборен на земја во неговата сопствена група.

Тој сега занеме. Не може да смисли ниту еден збор. Тишината која на почетокот на часот го изгради неговиот лик пред групата сега го уништува. Тој не разбира од каде дојде куршумот. Никогаш не се соочил со жив софист. Само со мртви.

Сега се обиде да се фати за нешто, но нема за што. Неговиот сопствен замав го спушта се подлабоко во бездната, и кога најпосле смогнува сили да проговори, тоа се зборови кои ги изговара личност од друг вид; ученик кој заборавил да напише домашно, кој добил лоша оценка и укор, но кој сепак би сакал да му се прости.

Се обидува да ја блефира групата со својата претходна изјава дека никој не го проучил дијалогот, но студентот кој седи десно од Федар му клима со главата. Очигледно некој го проучил.

Претседателот се колеба и се двоуми, но на него се гледа дека му е страв од групата и дека се обидува да го избегне нивното учество. Федар се прашува што ли ќе следи.

Потоа гледа дека се случува нешто грдо. Претепаниот невин студент кој пред тоа го гледаше сега веќе не е толку невин. Тој му се смее на претседателот и му поставува саркастични и подсмешливи прашања. Претседателот, кој е веќе осакатен, сега го убиваат. Но Федар сега сфаќа дека тоа му било наменето нему.

Не може да почувствува сожалување, само гадење. Кога овчарот сака да го убие волкот, па го поведува својот пес да присуствува на таа забава, мора да внимава да ги избегне грешките. Песот е во одредено сродство со волкот, нешто што овчарот можеби го заборавил.

Една девојка го спасува претседателот поставувајќи му лесни прашања. Тој овие прашања ги прима со благодарност, на секое од нив одговара на долго и на широко и постепено се опоравува.

Тогаш му поставуваат прашање: - Што е дијалектика?

Тој размислува за ова, и потоа, жими бога, се врти кон Федар и го прашува дали тој би сакал да одговори.

- Мислите на моето лично мислење? - прашува Федар.
- Не...да речеме, мислењето на Аристотел.
Сега нема трикови. Едноставно го пушта Федар да мине на своето подрачје.
- Колку што ми е познато... - вели Федар и застанува.
- Да? - претседателот целиот се претвора во насмевка. Сега се е средено.
- Колку што ми е познато, Аристотел мисли дека дијалектиката доаѓа пред сето останато.
Изразот на претседателот за половина секунда се менува од блаженство до вчудоневиденост. Доаѓа! - вели неговото лице, но јазикот молчи. Ловецот е повторно уловен. Тој не може да го убие Федар служејќи се со изјавата која е превземена од неговиот сопствен текст од Британската енциклопедија.

Реторика-Дијалектика 2:0.
- А од дијалектиката произлегуваат формите - продолжува Федар - а од...- Но претседателот го прекинува набројувањето. Гледа дека разговорот не може да тече онака како што сака, па го прекинува.

Не требаше да го прекине, размислува Федар. Доколку е вистински трагач по вистината а не пропагатор на едно посебно гледиште, не би го сторил тоа. Би можел нешто да научи. Кога еднаш ќе се изјави дека "дијалектиката доаѓа пред сето останато", таа изјава станува дијалектичко суштество, подложно на дијалектичко испитување.

Федар би додал: каков доказ имаме дека дијалектичкиот метод на прашања и одговори за стигнување до вистинта доаѓа пред сето останато? Никаков. А кога таа изјава ќе остане изолирана и самата ќе стане предмет на поблиску испитување,

станува крајно смешна. Ете ја таа дијалектика, токму како и Њутновиот закон за гравитација, како седи осамена среде пустина, а од неа се раѓа целата вселена, нели? Тоа е лудо.

Дијалектиката, која е мајка на логиката, произлегла од реториката. Реториката од своја страна е дете на митовите и поезијата на стара Грција. Тоа е така историски, и со примена на здравиот разум. Песните и митовите се одговор на предисториските луѓе на вселената околу нив, срочени врз основа на Квалитетот. Квалитетот значи, а не дијалектиката, е родител на сето наше знаење.

Часот завршува, претседателот стои покрај вратата и одговара на прашања, а Федар речиси станува да каже нешто, но се откажува. Кога луѓето целиот свој живот примаат удари, им спласнува воодушевувањето за каква било непотребна зафрканција која би им донела нови удари. До тогаш не е кажано ништо што е пријателско, дури такво нешто не е ни наговестено, а е покажано многу непријателство.

Федар е волк. Тоа се вклопува. Враќајќи се полека во својот стан тој гледа дека тоа уште повеќе се вклопува. Тој не би бил среќен доколку тие беа воодушевени од неговата дисертација. Непријателството навистина е негов елемент. Навистина е. Федар е волк, да, се симнал од планините и ги демне сиротите невини граѓани на оваа интелектуална заедница. Сето тоа совршено се вклопува.

Црквата на умот, како и сите институции на системот, се темели на индивидуалната слабост, а не на индивидуалната сила. Она што навистина се бара во Црквата на умот - тоа е неспособноста. Не смеете да бидете способни. Тогаш се смета дека тие можат да ве подучат. Вистински способната личност претставува закана. Федар сфаќа дека ја отфрлил можноста и самиот да се вклучи во организацијата преку прифаќање на сите аристотеловски нешта на кои се претпоставуваше дека мора да им се потчини. Но тој вид прилика едвај да му изгледа вредна за тоа клањање и улизување и интелектуално понижување кои се потребни за искористување на приликата. Тој живот има многу низок Квалитет.

За него Квалитетот е подобро видлив горе, на границата на појасот на шумите, отколку тука каде што е замрачена од зачадените прозорци и од океаните од

зборови, и тој сфаќа дека она што тој го говори никогаш не може да биде прифатено, бидејќи за да биде прифатено луѓето мораат да се ослободат од општествената власт, а светот е целиот во рацете на општествената власт. За овците Квалитетот е она што овчарот вели дека е Квалитет. Па ако ја земете овцата и ја ставите горе на границата на појасот на шумите, ноќе додека завива ветерот, таа смртно ќе се преплаши, и ќе блее, ќе блее, додека не дојде овчарот, или додека не дојде волкот.

Федар последен пат се обидува да биде љубезен со претседателот на идното предавање, но претседателот не го прифаќа тоа. Федар го замолува да објасни еден пасус и вели дека не можел да го разбере. Го разбра, но мисли дека би било убаво малку да се повлече.

Одговорот гласи: - Можеби сте уморни! - и изговорен е најостро што може, но тој одговор не сече. Претседателот едноставно во Федар го осудува она од што најмногу се плаши. За време на часот Федар се џари низ прозорецот и чувствува дека му е жал за тој стар овчар и неговите овци и кучиња во групата, и жал му е за самиот него што никогаш нема да стане еден од нив. Потоа, кога ѕвони, тој засекогаш ја напушта групата.

Предавањата на Морнаричкото пристаниште, напротив, се одвиваат како див пожар, студентите сега внимателно го слушаат тој брадесет чудак од планините кој им говори дека постои нешто што се вика Квалитет во овој космос и дека тие знаат што е тоа. Ним не им е јасно што да прават со ова сознание, несигурни се, а некои дури и се плашат од него. Тие сфаќаат дека тој е на некој начин опасен, но сите се воодушевени и сакаат да чујат уште.

Но Федар не е овчар и напорот да биде еден од нив го убива. Онаа чудна работа што се случуваше во групите се случува повторно, кога непокорните и диви студенти од последните редови сочувствуваат со него и му стануваат миленици, а плашливите и послушните студенти од предните редови стравуваат од него и затоа стануваат предмет на неговиот подбив, иако на крајот тие овци минуваат а неговите непокорни пријатели од задните клупи не минуваат. И Федар сфаќа, иако тоа ни сега не сака да си го признае, тој сепак интуитивно сфаќа дека и неговите

овчарски денови се при крај. И тој се повеќе и повеќе се прашува што ќе се случи потоа.

Отсекогаш се плашеше од тишината во класот, онаа тишина која го уништи и претседателот. Нему не му е во природата да зборува и зборува и зборува со часови и часови и тоа го исцрпува, па сега, кога нема кон што да се заврти, се врти кон тој страв.

Влегува во класот, ѕвончето ѕвони, а Федар седи и не зборува. Цел час молчи. Некои студенти го предизвикуваат и сакаат да го разбудат, но потоа замолкнуваат. Други пак полудуваат од внатрешна паника. На крајот на часот целата група буквално скока и јуриша на вратата. Потоа тој заминува на својот нов час и целата приказна се повторува. Следниот час исто, следниот повторно исто. Тој се повеќе и повеќе се прашува што ќе се случи потоа.

Доаѓа Денот на благодарноста.

Неговите четири часа спиење се сведоа на два а потоа на нула. Се се заврши. Тој нема повеќе да ја проучува аристотеловската реторика. Ниту пак ќе се врати да го предава тој предмет. Тоа е минато. Тој почнува да скита по улиците, а мозокот му врие.

Градот сега се затвара над него и во неговата чудна перспектива тој град станува спротивност на она во што тој верува. За него тој станува тврдина на форми и содржина а не тврдина на Квалитет. Содржината во форма на челични плочи и греди, содржина во форма на пристаништа и приоди, во форма на цигли, асфалт, автомобилски делови и стари радио-приемници, и шини во форма на мртви лешеви на животни кои некогаш паселе во прериите. Форма и содржина без Квалитет. Тоа е душата на ова место. Се е слепо, големо, страшно и нечовечно: видено при светлина од оган кој ноќе се извива од оџаците на високите печки на југ, низ тешкиот чад од јаглен, се подлабоко и подлабоко кон неонските реклами за пиво и пица и пералници, и кон непознатите и бесмислените реклами долж бесмислените улици кои непрекинато продолжуваат во други рамни бесмслени улици, кон вечноста.

Кога тие навистина би биле цигла и цемент, чисти форми на материјата, јасни и отворени, би можел да преживее. Но малиот и патетичен обид на остварување Квалитет го убиваат. Имитацијата на камин во станот направен од гипс, обликувана како да го очекува пламенот кој никогаш нема да се појави. Или огради пред стамбениот блок со некоку квадратни метри трева. Неколку квадратни метри трева, после Монтана! Да ги исфрлеле оградата и тревата, би било во ред. Сега таа трева служи само за тоа да сврти внимание на она што е загубено.

Долж улиците што водат од неговиот стан низ бетонот и циглите и неонот никогаш и ништо не се гледа, но тој знае дека зад тоа се закопани смешни и извитоперени души кои постојано се обидуваат да го направат она што би ги уверило дека поседуваат Квалитет, па ги учат чудните облици на живеење, облиците на стил и модата кои на ситно им ги нудат часописите и другите масовни медиуми, а го плаќаат уличните трговци со содржина. Ноќе кога е сам Федар размислува за нив, за нив во нивните рекламирани чевли и чорапи и долна облека, sурејќи се низ зачадените прозорци во грозните шуплини зад нив, кои се откриваат кога надуеноста ќе спласне и кога ќе искрсне вистината, единствената вистина која постои тука, и која со молежлив поглед гледа во небото, Боже, дека тука нема ништо освен мртов неон и цемент и цигла.

Почнува да го напушта чувството за време. Понекогаш мислите му се појат се повеќе и повеќе приближувајќи и се на брзината на светлината. Но кога се обидува да донесе некаква одлука која се однесува на неговата непосредна околина, изгледа дека му требаат неколку минути за да се појави една единствена мисла. Една единствена мисла почнува да расте во неговиот ум, извлечена од нешто што го прочита во дијалогот Федар.

- А што е напишано добро, и што е напишано лошо - треба ли за тоа да го прашаме Лизија или било кој друг поет или говорник кој некогаш напишал или ќе напише политички или кој било друг спис, во стих или во проза, поет или прозаист, за да не научи?

Што е добро, Федар, и што не е добро - треба ли некого да прашаме за тоа да ни го каже?

Тоа го говореше пред неколку месеци во училниците во Монтана, порака која Платон и сите дијалектичари после него ја беа превиделе, бидејќи сите тие сакале да го дефинираат доброто во неговата интелектуална врска со нештата. Но тој сега сфаќа колку се оддалечил од тоа. И тој самиот ги прави истите тие грди нешта, неговата првобитна цел беше да го сочува Квалитетот од дефинирање, но во текот на борбата со дијалектичарите тој даваше изјави и секоја од нив беше цигла во ѕидот на дефинициите што го градеше околу Квалитетот. Секој обид на развивање на организиран разум околу недефинираниот Квалитет ја побива сопствената смисла. Организацијата на разумот го побива Квалитетот. Сето она што го правеше од самиот почеток беше една луда мисија.

Третиот ден тој врти зад аголот на некоја непозната улица и пред неговите очи исчезнува се. Кога свеста му се враќа, тој лежи на тротоарот, а луѓето го минуваат и не го забележуваат. Тој станува и преуморно и немилосрдно ги цеди мислите за да се сети на патот за дома. Мислите му се се побавни. Се побавни. Тоа е отприлика времето кога Крис и тој се обидуваат да најдат каде се продаваат кревети на спрат за децата да спијат во нив. После тоа веќе не го напушта станот.

Тој ѕури во ѕидот седејќи со прекрстени нозе на покривката ставена на под во соба без кревет. Сите мостови се срушени. Нема враќање. А сега нема пат ниту напред.

Три дена и три ноќи ѕури Федар во ѕидот на спалната соба, а мислите не му се движат ни напред ни назад, туку стојат смрзнати на еден миг. Жена му го прашува дали е болен, а тој не одговара. Жена му почнува да се лути, но Федар слуша без одговор. Свесен е за она што го говори таа, но повеќе во сето тоа не може да почувствува никаква итност. Не се успоруваат само неговите мисли, и желбите му стануваат троми. И се потроми и потроми, како да пропримаат немерлива маса. Толку е тежок, толку е уморен, но сон не му иде. Се чувствува како џин, висок милион километри. Се чувствува како да се распостила низ вселена без граници.

Почнува да отфрла некои нешта, некои бремиња кои ги влечел целиот свој живот. И вели на жена си да замине и да ги однесе децата, да се смета за разведена. Стравот од ужасот и срамот исчезнува кога неговата мочка тече по подот, не намерно туку природно. Стравот од болка, од маченичка болка е надвладеана кога цигарите, не намерно, туку природно, му согоруваат до прстите се додека не бидат

угаснати од меурите кои ги создава нивниот жар. Жена му ги гледа тие изгорени прсти и мочката на подот и повикува помош.

Но пред пристигнувањето на помошта, полека, во почеток незабележлива, целата негова свест почнува да се распаѓа...да се распаѓа и да исчезнува. Потоа постапно тој веќе не се прашува што ќе се случи после тоа. Тој знае што ќе се случи, и му течат солзи поради неговото семејство и поради него и поради овој свет. Надоаѓа и трепери исечок од една стара христијанска химна. "Сега мораш да минеш низ тој премин". И тоа го носи напред. "Ти мораш низ него да минеш сам". Изгледа како западна химна која и припаѓа на Монтана.

- Не може никој друг наместо тебе - вели таа. Како да има некое претчуство кое се крие зад тоа. - Ти мораш низ него да минеш сам.

Тој минува низ пустиот премин, вон митот и изнурнува од некаков сон, и гледа дека сета негова свесност, тој мит, била сон, и тоа не нечиј туѓ туку токму негов сон, сон што сега самиот мора да го подржува со сопствени напори. Тогаш исчезнува и самиот "тој" а останува само сонот за него кој него го содржи.

А Квалитетот, арете за кој толку жестоко се бореше, за кој се жртвуваше, кого никогаш не го издаде, но кој за цело ова време ниту еднаш не го разбра, сега јасно му се покажува и неговата душа се смирува.

Автомобилите се ретчат па сега речиси и да ги нема, а патот е толку црн што изгледа дека светлината на неговиот мотор едвај допира до него, пробивајќи се низ дождот. Сешто може да се случи - неочекувана дупка, дамка од масло, мртво животно...Но ако успориш ќе те убијат од грб. Не знам поради што и понатаму јуриме вака. Одамна требаше да застанеме. Веќе не знам што правам. Барав знаци за мотел, мислам, но на нив веќе не обраќав внимание и минував крај нив. Ако продолжиме вака сите ќе се затворат.

На следниот излез вртиме од автопатот, надевајќи се дека тој излез ќе не одведе некаде, и наскоро сме на нерамен пат полн со дупки и чакал. Возам полека.

Уличните светилки одгозгора фрлаат трепкави лаци светлина низ завесите од дожд. Минувам од светлина во темнина од светлина во темнина и така постојано без никаков знак на добредојде долж патот. Се појавува сообраќаен знак СТОП од левата страна, но не пишува каде треба да свртиме. Едната страна изгледа подеднакво црна како и другата. Би можеле бескрајно да лутаме по овие улици и да не најдеме никого, а сега веќе го имаме загубено и главниот пат.

- Каде сме? - вика Крис.
- Не знам - Мозокот ми е уморен и бавен. Ми се чини дека не можам да смислам вистински одговор...ниту пак што би превзел.

Сега гледам пред нас бел сјај и блескав знак на некоја бензинска станица на дното на улицата.

Отворена е. Вртиме и влегуваме внатре. Продавачот, дечко на години колку Крис, не гледа чудно. Тој не знае за ниту еден мотел. Одам до телефонскиот именик, наоѓам некои мотели и му ги кажувам уличните адреси, и тој се обидува да се сети и да ни го покаже правецот но без успех. Се јавувам во мотелот за кој тој вели дека е најблиску, резервирам соба и ги проверувам упатствата.

По дождот и мрачните улици, дури и со упатства, за малку да го промашиме. Го изгаснале светлото, а кога го земам клучот не ми велат ништо.

Собата е остаток од јанѕата на триесетите, бедна; ја направил некој кој не се разбира во столарство; но сува е и има греење и кревети, а тоа е се што сакаме. Го вклучувам греењето и седнуваме на под и наскоро студот и треската и влагата почнуваат да ги напуштаат нашите коски.

Крис не го крева погледот, само се ѕури во ребрата на греачите на ѕидот. Потоа, малку подоцна, вели: - Кога се враќаме дома?

Неуспех.
- Кога ќе пристигнеме во Сан Франциско - велам. - Зошто?
- Толку сум уморен од самото седење и.... - Гласот му се губи.
- И што уште?

- И...не знам. Самото седење...како да не одиме никаде.
- Каде би требало да одиме?
- Не знам. Како би можел да знам?
- Не знам ни јас - велам.
- Но зошто не знаеш? - вели тој. Почнува да плаче.
- Што ти е, Крис? - го прашувам.

Не одговара. Потоа го нурнува лицето во рацете и се клати напред-назад. Според начинот на кој го прави тоа ме обзема некое чудно чувство. Малку потоа застанува и вели: - Кога бев мал, беше поинаку.
- Како?
- Не знам. Секогаш правевме нешто. Она што го сакав. А сега не правиме ништо. Продолжува да се клати напред-назад на оној чуден начин, со лицето нурнато во рацете, и јас не знам што да направам. Тоа е чудно движење вон овој свет, самозатворање на фетусот кое изгледа како да исклучува се. Враќањето за кое јас не знам ништо...на дното на океанот.

Сега знам каде сум го видел тоа претходно, на подот во болницата.

Не знам што би сторил.

По некое време легнуваме во креветите и јас се обидувам да заспијам. Потоа го прашувам Крис: - Подобро ли беше пред да го напуштиме Чикаго?
- Да.
- Како. На што се сеќаваш?
- Да, беше забавно.
- Забавно?
- Да - вели тој, па замолкнува. Потоа вели: - Се сеќаваш кога баравме кревети на спрат?
- Зарем тоа беше забавно?
- Па, да - вели тој, па молчи, прилично долго. Потоа вели: - Зарем не се сеќаваш? Ме пушташе да го барам патот за дома...Некогаш си играше со нас. Ни раскажуваше секакви приказни и се возевме и правевме секакви работи, а сега не правиш ништо.
- Па, правам нешто.

- Не, не правиш! Само седиш и се ѕуриш и ништо не правиш! Го слушам како повторно плаче.
Однадвор дождот во налети удира по прозорецот и јас чувствувам дека ме притиска некоја голема тежина. Тој плаче по него. Тој е оној кој му недостасува. За тоа се работи во сонот. Во сонот....

Ми се чини дека долго време го слушам искричавиот звук на греалката на ѕидот и ветерот и дождот што удира по покривот и по прозорецот. Потоа дождот слабее и од него не останува ништо освен неколку капки вода што повремениот удар на ветрот ги стресува на земјата.

31

Наутро застанувам покрај зелениот полжав-лигавец кого го гледам на земјата. Долг е петнаесет сантиметри, а широк речиси два и мек е и речиси млитав и покриен со слуз како некој внатрешен животински орган.

Насекаде околу мене е влажно и мокро и магловито и студено, но доволно јасно за да се види дека мотелот во кој отседнавме се наоѓа на падината меѓу јаболките и тревата под нив и некој покрив на кој се задржала роса или дожд која уште не истекла на земјата. Гледам уште еден полжав па уште еден - боже, полжавите ползат на сите страни.

Кога се појави Крис, му покажувам еден од нив. Ползи полека врз лисјата. Крис не вели ништо.

Го напуштаме мотелот и појадуваме надвор од патот кој се вика Веот. Тука забележувам дека Крис е во уште понедостапно расположение. Тоа е некакво расположение во кое тој гледа на страна и не сака да разговара, па го оставам на раат.

Малку подалеку, кај Легет, гледаме бара со патки кои се одгледуваат заради туристите, па купуваме зашеќерени пржени пуканки и им ги фрламе на патките, а тој го прави тоа потажно од секогаш. Потоа влегуваме во некаков пат полн со кривини кој води покрај брегот, низ планините и одеднаш влегуваме во магла.

Потоа температурата се намалува па знаеме дека повторно сме стигнале до океанот.

Кога маглата се крева, можеме да го видиме океанот од високите карпи, толку далечен и толку модар. Додека се возиме понтаму ми станува студено, многу студено.

Застануваме и ја вадам блузата и ја облекувам. Гледам дека Крис се движи многу блиску до работ на карпата. Има најмалку триесет метри до камењата во подножјето. Преблиску е!

- КРИС! - се дерам. Тој не ми одговара.

Се качувам по него, го грабнувам за кошулата и го тргам назад. - Немој да го правиш тоа - му велам.

Тој ме гледа и некако чудно се смешка.
Ја вадам дополнителната облека за него и му ја пружам. Тој ја зема но се влечка и не ја облекува.
Нема смисла да го побрзувам. Во вакво расположение ако сака да чека, нека чека.
Но тој чека и уште чека. Поминуваат десет минути, потоа петнаесет.
Ми се чини дека се натпреваруваме во чекање.
После триесет минути студен ветар од океанот тој прашува: - По кој пат одиме?
- На југ, долж брегот.
- Да се вратиме назад.
- Каде.
- Таму каде што е потопло.
Тоа би значело уште стотина километри. - Сега мораме да одиме на југ - велам.
- Зошто?
- Затоа што би требало да минеме премногу километри ако би се враќале сега.
- Да се вратиме назад.
- Не. Облечи потопла облека.

Тој не ја облекува туку само седи на земјата.
После следните петнаесет минути повторно вели: - Да се вратиме назад.

- Крис, ти не го возиш моторот. Јас го возам. Одиме на југ.
- Зошто?
- Затоа што е предалеку и затоа што јас велам така.
- Па, зошто едноставно не се вратиме?
Ме фаќа бес. - Ти навистина не сакаш да сфатиш, нели?
- Јас сакам да одиме назад. Само кажи ми зошто не можеме да го сториме тоа.
Сега се борам со своето трпение. - Ти всушност не сакаш да се вратиш назад. Сакаш само да ме налутиш, Крис. Ако продолжиш така, ќе успееш!

Блесок на страв. Тоа го сакаше. Тој сака да ме мрази. Затоа што јас не сум тој.

Гледа огорчено во земја и облекува потопла облека. Потоа се враќаме на моторот и повторно се возиме долж брегот.

Јас можам да го имитирам неговиот татко, кого тој го бара, но подсвесно, на ниво на Квалитет, тој го сфаќа тоа и гледа дека тука веќе го нема неговиот татко. Во целата оваа шатакуа имаше многу примеси на лицемерство. Постојано се давани совети за избегнување на делењето на стварноста на субјекти и објекти, а најголемата поделба, најголемиот дуализам од сите, дуализмот помеѓу мене и него останува, и него го заобиколувам. Умот поделен против самиот себе.

Но кој го стори тоа? Јас не. А сега нема начин тоа да се поправи...Постојано се прашувам колкава е длабочината до дното на океанот таму на хоризонтот...

Јас сум всушност кривоверник кој одамна се откажал од своето кривоверство и си ја спасил душата во очите на сите. Во очите на секој човек освен на еден кој длабоко во себе знае дека она што го спасил е само неговата гола кожа.

Преживеав главно угодувајќи им на другите. Тоа го правиме за да се спасиме. За да се спаси, човек погодува што сакаат тој да каже, па го кажува тоа со најголема можна вештина и изворност и потоа, доколку ги увери, го пуштаат на слобода. Да не бев против него, тој би бил се уште внатре, но тој остана верен на она во што веруваше. Тоа е разликата помеѓу нас, и тоа Крис го знае. И ете затоа понекогаш мислам дека тој е стварност, а јас сениште.

Сега се наоѓаме долж брегот во подрачјето Мендоцина, и се е диво и убаво и отворено. Ридовите се главно тревнати, но во заветрина на карпите и падините има чудни лелеави грмушки, моделирани од ветерот кој доаѓа од океанот, дувајќи во правец на ридот. Минуваме крај некои стари дрвени огради, посивени од времено. Во далечината се гледа стара изветвена сива фарма. Како може некој тука да се занимава со земјоделство? Оградата е скршена на многу места. Бедно.

Кога патот од клисурата се спушти на песочниот брег, застануваме да се одмориме. Додека го гасам моторот, Крив вели: - Зошто застануваме тука?
- Уморен сум.
- Но јас не сум. Одиме понатаму. - Уште е лут. И јас сум.
- Оди на брегот и трчи во круг додека јас не се одморам - му велам.
- Да одиме понатаму, вели тој, но јас го напштам и се правам дека не слушам. Тој седнува на камен блиску до моторот.

Океанскиот мирис на трула органска материја, јакиот и студен ветер не ми дозволува доволно да се одморам. Но пронаоѓам голем куп карпи меѓу кои ветерот е поблаг а топлината на сонцето може се уште да се почувствува и да се ужива. Се концентрирам на сончевата топлина и благодарен сум за тоа малку што ја има.

Повторно се возиме и сега ми паѓа на памет сознанието дека тој е друг Федар, бидејќи мисли како што мислеше тој и се однесува како што се однесуваше тој, барајќи неприлики, препуштајќи им се на силите за кои е само делумно свесен и кои не ги разбира. Прашања...истите прашања...тој мора се да дознае.

Па ако не добие одговор, тој само продолжува и продолжува додека одговорот самиот не дојде, а тоа води до друго прашање па повторно продолжува и продолжува сакајќи да добие одговор на тоа...бескрајно прогонувајќи ги прашањата, не гледајќи, не разбирајќи дека на прашањата им нема крај. Нешто недостасува, и тој знае што, и тоа ќе го убие додека се обидува да го пронајде.

Возиме низ многу остра кривина на работ на клисурата. Океанот се протега во бескрај, студен и модар, и предизвикува чудно чувство на очај. Оние кои живеат покрај морето всушност не знаат што претставува океанот за луѓето затворени во

внатрешноста - каков голем и далечен сон е тој, присутен но невиден на најдлабоките нивоа на подсвеста, но кога тие ќе пристигнат крај океанот и кога свесната слика ќе ја споредат со подсвесниот сон, се јавува чувство на пораз што се патувало толку далеку само за да се стои пред една таинственост која не може да се измери. Изворот на се.

Многу подоцна стигнуваме до градот во кој блескавата маглина, која над океанот делуваше толку природно, сега ги исполнува улиците и им дава одредена аура, некакво сончево блескање во кое се добива носталгичен изглед, како кога човек се сеќава по многу изминати години.

Застануваме во преполнетиот ресторан и ја зафаќаме последната празна маса крај прозорецот, до блескавата улица. Крис гледа пред себе и не зборува. Можеби на некој начин чувствува дека не ни преостанува уште многу пат.

- Јас не сум гладен - вели.
- Дали ќе ти пречи да причекаш додека јас јадам?
- Да одиме натаму. Јас не сум гладен.
- Е, па, јас сум.
- А јас не сум. Ме боли желудникот.
Стариот симптом.

Ручаме и среде разговорот и тропањето на тањирите и лажиците од другите маси и низ прозор гледам еден велосипед и неговиот возач како минуваат. Се чувствувам како да сме пристигнале на крајот од светот.

Го кревам погледот и гледам дека Крис плаче.
- Што е сега? - велам
- Желудникот. Ме боли.
- Тоа е се?
- Не, не е. Јас мразам се...Жал ми е што појдов...Го мразам овој излет...Мислев дека ќе биде забавно, а не е...Жал ми е што појдов. - Тој ја зборува вистината, тој е вистољубец, како и Федар. И како и Федар и тој ме гледа со се поголема и поголема омраза. Дојде време.

- Крис, размислував тука да те качам на автобус со карта до дома.

Неговото лице не реагира на ова, потоа се јавува изненадување помешано со малодушност.

Додавам: - Јас самиот ќе продолжам на мотор. Ќе се видиме за недела-две. Нема смисла да те присилувам на патување кое го мразиш.

Сега е ред на мене да се изненадам. Неговото лице не покажува никакво олеснување. Малодушноста станува се поголема и тој гледа пред себе и не вели ништо.

Изгледа како да е изваден од рамнотежа и страв му е.
Го крева погледот. - Каде ќе живеам?
- Па, можеш сега да живееш во нашата куќа, бидејќи и другите се таму. Можеш да живееш со дедо и баба.
- Не сакам со нив.
- Можеш кај тетка ти.
- Таа не ме сака. И јас не ја сакам неа.
- Можеш да живееш кај другите баба и дедо.
- Не сакам ни со нив.
Спомнувам уште некои кои би го примиле, но тој само замавнува со главата.
- Добро, со кого сакаш тогаш?
- Не знам.
- Крис, мислам дека и самиот можеш да заклучиш во што е проблемот. Ти не сакаш да бидеш на ова патување. Го мразиш. А сепак не сакаш да појдеш никаде и не сакаш со никого да живееш. Сите овие кои ги спомнав или не те сакаат тебе, или ти не ги сакаш нив.
Тој молчи но сега се собираат солзи.
Жената на соседната маса ме гледа луто. Ја отвара устата како да ќе ми каже нешто. Јас ја гледам намуртено се додека не ја затвори устата и не му се врати на својот оброк.
Сега Крис жестоко плачи и од сите страни не гледаат.
- Да излеземе на прошетка - велам и станувам не чекајќи да дојде келенрката со сметката.

Крај благајната келнерката вели: - Жал ми е што момчето не се чувствува добро. - Јас климнувам, ја плаќам сметката и излегуваме.

Во целата оваа блескавост со поглед барам клупа, но не наоѓам ни една. Наместо тоа се качуваме на моторот и полека одиме на југ гледајќи каде би било згодно да застанеме.

Патот повторно води кон океанот и се качува високо и изгледа како да сме длабоко во морето но сега сме опркужени со магла и не гледаме ништо. Во еден миг во далечината забележувам луѓе кои се одмараат на песокот, но наскоро надоаѓа нова магла и тие луѓе се губат од видот.

Го гледам Крис и гледам прашален, празен поглед во неговите очи, но штом му предлагам да седнеме, се појавува дел од утринскиот гнев и омраза.
- Зошто? - прашува.
- Мислам дека е време да разговараме.
- Па, тогаш, да разговараме, вели тој. И старата борбеност се враќа. Тоа е сликата на "нежниот татко" која тој не може да ја поднесе. Тој знае дека таа "нежност" е лажна.
- Што е со иднината/ - велам. Глупаво прашање.
- Што со неа?
- Сакав да те прашам што си планирал за иднината.
- Нека биде што ќе биде.
Ова е предизвик.
Маглата за миг се разбива, откривајќи ја клисурата во која се наоѓаме, потоа повторно се затвора, а мене ме обзема некое чувство на неизбежност на она што се случува. Несакајќи се приближувам на нешто и предметите во аголот на окото и предметите во средиштето на погледот сега се подеднакво интензивни, сите се слеваат во едно, па велам: - Крис, ти гледаш татко кој долго време беше душевно болен, и повторно е на работ на болеста.
Но не е повеќе на работ. Веќе е внатре. На дното на океанот.
- Те праќам дома не затоа што ти се лутам, туку затоа што се плашам од она што може да се случи ако и понатаму бидам одговорен за тебе.
Неговото лице не покажува никакви промени. Тој уште не разбира за што зборувам.

- И така, ова ќе биде разделба, Крис и не сум сигурен дали повторно ќе се видиме. Тука сме. Готово е. А останатото природно ќе следи.
Тој ме гледа толку чудно. Мислам дека уште не разбира...Тој поглед...Некаде сум го видел...некаде...некаде...
Во маглата на едно рано утро во мочуриштата имаше една патка, една птица која гледаше на тој начин...Мавнав кон неа и таа не можеше да полета и потрчав кон неа и ја фатив за врат и пред да ја удавам застанав и поради некакво чувство за таинственоста на вселената и погледнав во очи, а тие гледаа на таков начин...онака мирни и полни со несфаќање...а сепак толку свесни. Тогаш со рацете и ја стегнав главата и и ги затворив очите и го свиткав вратот додека тој не пукна, додека не го чув тапиот праскот под прстите.

Потоа ги отворив рацете. Очите и понатаму ме гледаа но сега се sуреа во ништо и не ги следеа повеќе моите движења.

- Крис, за тебе веќе зборуваат.
Тој гледа во мене.
- Велат дека сите проблеми доаѓаат од твојот ум.
Тој тресе со главата.
- Се прават дека се е во ред, но не е.
Неговите очи се шират. Продолжува одречно да одмавнува со главата, но почнува по малку и да сфаќа.
- Работите тргнаа од лошо на полошо. Проблеми во училиштето, проблеми со соседите, проблеми во семејството, со твоите пријатели...проблеми насекаде. Крис, единствено јас им противречев и им велев: "Со него е се во ред", но сега никого нема да има. Ме разбираш ли?

Тој се sури втренчено. Неговите очи се се уште будни, но почнуваат да се замаглуваат. Јас не му давам сила. Никогаш и не сум му ја давал. Јас го убивам.

- Тоа не е твоја грешка, Крис. Никогаш и не била. Те молам да го разбереш тоа.

Неговиот поглед одеднаш се губи во внатрешен блесок. Потоа очите му се затвораат а од устата избива чудно јачење, тажење, како звук на нешто многу далечно. Тој се врти и се тетерави и потоа паѓа на земја, се грчи и клечи, и се клати

напред назад, со главата на земја. Слабиот маглив ветер ја ниша тревата околу него. Во близината полетува еден галеб.

Низ маглата го слушам чкрипењето на менувачот на некој камион и ме фаќа страв.
- Мораш да станеш, Крис.
Неговото јачење е врескаво и нечовечко, како некаква сирена во далечината.
- Мораш да станеш.
Тој и понатаму се клати и вреска на земјата.
Не знам што да сторам. Немам појма што да сторам. Се е сторено. Сакам да отрчам до клисурата, но се опирам на таа помисла. Прво морам да го качам на автобус, потоа клисурата ќе биде решение.
Сега е се во ред, Крис.
Тоа не е мојот глас.
Јас не сум те заборавил.
Крис престанува да се лула.
Како би можел да те заборавам?
Крис ја крева главата и ме гледа. Пајажината низ која секогаш ме гледаше за миг исчезнува а потоа повторно се враќа.
Сега ќе бидеме заедно.
Завивањето на камионот доаѓа до нас.
Стани сега!
Крис полека седнува и ме гледа. Каминот пристигнува, застанува, и возачот прашува дали ни е потребен превоз. Јас одречно вртам со главата и му одмавнувам да продолжи. Тој климнува со главата, уфрла во брзина и заминува понатаму во маглата, а останuваме само Крис и јас.
Јас го покривам со мојата блуза. Главата му е повторно нурната помеѓу коленат аи тој сега плаче, но плачот му е тивок и чОвечки, не е повеќе чуден крик како порано. Моите раце се потни и чувствувам дека и челото ми е испотено.
Малку подоцна тој болно вели: - Зошто не остави?
Кога?
- Во болницата.
Немаше друг избор. Полицијата забрани.
- Зарем не би те пуштиле надвор?
Не.
- Но зошто тогаш ти не би ја отворил вратата?

Која врата?
- Онаа стаклена врата!
Некаков бавен електричен удар минува низ мене. Која е таа стаклена врата?
- Зарем не се сеќаваш? - вели тој. - Ние стоевме од едната страна а ти беше на другата страна и маја плачеше.
Јас никогаш му го немав раскажано тој сон. Како можеше да го знае сето тоа. О, не. Ние се наоѓаме во друг сон. Ете зошто мојот глас звучи толку туѓо.
Не можев да ја отворам таа врата. Ми рекоа да не ја отварам. Морав да правам се што ми наредуваа.
- Мислев дека сакаш да не видиш - вели Крис. Тој гледа во земја.
Погледот на ужас во неговите очи сите овие години.
Сега ја гледам таа врата. Тоа е во некоја болница.
Ова е последниот пат што ќе ги видам. Јас сум Федар, ете кој сум, а тие сакаат да ме уништат затоа што ја зборувам вистината.
Се се поврза.
Крис сега нежно плаче. Плаче и плаче и плаче. Ветерот од океанот дува низ високите страци трева насекаде околу нас и маглата почнува да се крева.
- Немој да плачеш, Крис. Само децата плачат.
После долго време му давам шамивче за со него да си го избрише лицето. Ги собираме предметите и ги ставаме на моторот. Сега маглата одеднаш се крева и јас гледам дека сонцето на неговото лице создава отворен израз каков што никогаш пред тоа не бев видел. Тој го става шлемот на глава, го заврзува ременот, потоа го крева погледот.
- Навистина ли беше болен?
Зошто ли го прашува тоа?
Не!
Вчудоневидување. Но очите на Крис искрат.
- Знаев - вели.
Потоа се качува на моторот и тргнуваме.

32

Додека јуриме низ Манзанита, долж брегот крај грмушките со восочни лисја, на ум ми паѓа изразот на лице на Крис. - Знаев - рече.

Моторот без напор влегува во секоја кривина, накривувајќи се на тој начин што нашето тежиште секогаш е на линија на моторот без оглед на аголот кој го завземаме во однос на почвата. Патот е полн цвеќиња и со видици кои изненадуваат, и закривува толку остро што целиот свет се врти и ротира и се крева и тоне.

- Знаев - рече. Сега тоа ми се враќа како еден од оние ситни факти кои го тегнат јажето од другата страна и велат дека не се толку мали колку што јас мислам дека се. Тоа му беше на ум долго време. Со години. Сите проблеми кои ги создаваше станаа разбирливи. - Знаев - рече.

Веројатно нешто одамна чул, и во неговата детска свест се се испомешало. Тоа го говореше Федар - јас секогаш го говорев тоа - пред многу години, а Крис сигурно веруваше во тоа, и цело време го криеше во себе.

Ние сме меѓусебно поврзани иако тоа никогаш не го бевме разбрале до крај, а можеби тоа е и онака тешко да се разбере. Тој беше вистинската причина за излегувањето од болница. Да се остави да порасне сам би било навистина погрешно. И во сонот тој беше оној кој постојано се обидуваше да ја отвори вратата.

Јас него воопшто не го носев. Тој ме носеше мене!

- Знаев - рече. Тоа постојано ме потегнува од другата страна на јажето и ми вели дека мојот проблем можеби и не е толку голем колку што мислам дека е, бидејќи одговорот се наоѓа точно пред мене. Господе, ослободи го од своето бреме. Биди повторно една личност!

Густиот воздух и чудните мириси на цвеќе од стеблата и грмушките постојано не опкружуваат. Студенилото мина и повторно се грееме на сонце. Топлината продира низ мојата блуза и облека и јас суши влагата одвнатре. Ракавците кои беа темни од влага повторно стануваат светли. Изгледа дека толку бев смрзнат, до коска, од таа океанска влага, што веќе бев заборавил каква е топлината. Почнувам да се чувствувам поспано и во малата долинка пред нас гледам паркиралиште и маса за пикник. Кога пристигнуваме до местото, вртам и го гасам моторот.

- Ми се спие - му велам на Крис. - Малку ќе дремнам.
- И јас - вели тој.

Спиеме и кога се будиме се чувствувам многу одморено, одморени сме како никогаш до сега. Ја земам блузата на Крис и својата и ги буткам под еластичните ремени што го држат багажот на моторот.

Толку е топло што сакам да возам без кација. Се сеќавам дека во оваа држава не се обврзни. Ги врзувам за багажот од страната на моторот.

- Стави ја и мојата тука - вели Крис.
- Тебе ти е потребна заради сигурност.
- Ти не ја носиш својата.
- Во ред - се согласувам па ја врзувам и неговата.

Патот продолжува да закривува помеѓу дрвјата. Се качува на врвовите на ридовите, потоа се спушта во нови пејсажи па повторно се качува, а потоа влегува во отворени простори каде можеме да видиме како кањоните се простираат далеку и доле пред нас.

- Прекрасно е! - му викам на Крис.
- Не мораш да викаш - вели тој.
- О - велам и се смеам. Кога шлемовите ви се извадени, можете да разговарате со обичен глас. После сите овие денови!
- Убаво е, во секој случај - велам.

И понатаму дрвја и грмушки и трева. станува потопло. Крис сега се потпира на моите рамења и јас малку се вртам и гледам дека стои на папучиците.

- Тоа е малку опасно - велам.
- Не, не е. Самиот си знам. - Сеедно, биди внимателен - велам.

Малку подоцна, додека остро сечеме една кривина под наведнатите дрвја, тој вели: - О - па малку подоцна: - Ах - а потоа - Ју-ху. - Некои од тие гранки висат толку ниско над патот што ако не внимава некоја ќе го удри по главата.
- Што ти е - прашувам.
- Толку е различно.
- Што?
- Се. Никогаш порано не можев да гледам преку твоите раменици.

Сонцето создава прекрасни цртежи на патот додека минува низ крошните на дрвјата. Од нив во очите ми удираат светлина и темнина. Завиваме во кривина, а потоа избиваме во полна сончева светлина.

Тоа е вистина. Никогаш не помислив на тоа. Целото ова време тој ми се ѕуреше во грбот. - Што гледа? го прашувам.
- Се е различно.
Повторно влегуваме во шума, а тој вели: - Зарем не ти е страв?
- Не. Се навикнуваш на тоа.
Малку подоцна тој вели: - Можам ли да го добијам моторот кога ќе бидам доволно стар?
- Ако се грижиш за него.
- Што треба да сторам?
- Многу нешта. Ме гледаше.
- Ќе ми покажеш ли се?
- Секако.
- Тешко ли е тоа?
- Не е, ако притоа постапуваш исправно. Но тешко е да се постапува исправно.
- О.
Малку подоцна гледам дека повторно седи. Потоа вели: - Тато?
- Молам?
- Дали јас ќе постапувам исправно?
- Мислам дека ќе псотапуваш - велам. - Мислам дека во тоа нема да имаш никакви проблеми.

И така се возиме се понатаму и понатаму, се спуштаме низ Укиа и Хоплан и Кловердејл, долу во земјата на лозјата. Километрите автопат сега изгледаат толку

лесни. Моторот кој не носеше преку половина континент зуи и зуи во својот траен заборав на се освен на својата внатрешна сила. Зад нас се нижат Асти и Санта Роса и Петалума и Новато, на автопатот кој станува поширок и пополн, преплавен со автомобили и камиони и автобуси полни со луѓе, и наскоро долж патот се појавуваат куќи и чамци и водата на заливот Сан Франциско.

Секако, искушенијата никогаш не завршуваат. Несреќите и проблемите неизбежно се случуваат се додека човек е жив, но сега постои чувство, кое до сега не постоеше, а кое е не само на површината на нештата, туку навлегува во длабочина: Победивме. Сега ќе биде подобро. Тоа човек некако го чувствува.

(превод Илина Јакимовска, издавач *Слово*, Скопје, 2003)